# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

**Извештај за самоевалуација**
**Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

**(за период 2021-2024 година)**
**- за академските години: 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 -**

**Штип, март 2025 година**

**Комисија за самоевалуација при УГД:**
проф. д-р Александра Милева, претседател
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, член
проф. д-р Борка Тушевска, член
проф. д-р Даниела Коцева, член
проф. д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова, член
доц. д-р Ристе Тимовски, член
Симона Ефремова, студент
Симона Златановска, студент
Александар Величков, студент

**Уредник на издавачка продукција на УГД**
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева

**Лектори**
проф. д-р Игор Станојоски
доц. д-р Марија Соколова
м-р Марија Иванова
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување**
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Александра Милева

**СОДРЖИНА**

I. НЕКОИ ЗБИРНИ ПОДАТОЦИ ЗА УГД ........ 5
II. ЛИНКОВИ ДО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ПО ФАКУЛТЕТИ ........ 12
III. ТЕК НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УГД ........ 13
IV. ИЗВЕШТАИ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА 2021 – 2024 ПО ФАКУЛТЕТИ ........ 14
КАМПУС 1 ........ 14
Извештај од самоевалуација на Филмска академија ........ 14
Извештај од самоевалуација на Ликовна академија ........ 65
Извештај од самоевалуација на Музичка академија ........ 115
КАМПУС 2 ........ 162
Извештај од самоевалуација на Електротехнички факултет ........ 162
Извештај од самоевалуација на Земјоделски факултет ........ 213
Извештај од самоевалуација на Машински факултет ........ 266
Извештај од самоевалуација на Технолошко-технички факултет ........ 310
Извештај од самоевалуација на Факултет за информатика ........ 360
Извештај од самоевалуација на Факултет за природни и технички науки ........ 408
КАМПУС 3 ........ 456
Извештај од самоевалуација на Факултет за медицински науки ........ 456
КАМПУС 4 ........ 509
Извештај од самоевалуација на Економски факултет ........ 509
Извештај од самоевалуација на Правен факултет ........ 555
Извештај од самоевалуација на Факултет за образовни науки ........ 615
Извештај од самоевалуација на Факултет за туризам и бизнис логистика ........ 674
Извештај од самоевалуација на Филолошки факултет ........ 719

## ПРЕДГОВОР

Во сите овие седумнаесет години постоење, Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип создаде современ пристап за менаџирање и контрола на квалитетот во сите сегменти на неговото работење. Во овој механизам на контрола на квалитетот спаѓаат и процесите на самоевалуација, кои се спроведуваат во континуитет на секои три години. Самоевалуациите даваат конкретни насоки за понатамошните активности во развојот на оваа стабилна високообразовна институција, која е креирана и функционира по мерка на младите студенти. Универзитетот ја спроведува своја шеста самоевалуација за периодот од 2021 до 2024 година.

Секој период на самоевалуација има своја одлика. Оваа самоевалуација се реализира на ниво на единици на УГД, што е во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација донесен од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност на Република Северна Македонија (Сл. весник бр.153 од 6.6.2022 година).

Универзитетот е препознатлив по својот современ пристап во високото образование со развивање на платформите за е-индекс, е-учење, е-репозиториум, е-библиотека, е-журнали, е-календар, е-распоред, интранет, а во периодот на пандемијата за реализација на онлајн наставата беше вклучена и платформата на Microsoft Teams.

Шестата самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е процес кој е спроведен на ниво на сите единици посебно, во соработка со факултетските комисии за самоевалуација, Комисијата за спроведување на самоевалуација на УГД и Одделението за обезбедување со квалитет. Постапката за шестата самоевалуација започна со посебна Одлука донесена од Универзитетскиот сенат, со број 0201-713/28 од 25.9.2024 година.

Овој извештај за периодот 2021-2024 година, кој ги опфаќа академските 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 години, претставува збирен извештај кој ги вклучува линковите до сите 15 поединечни факултетски извештаи за самоевалуација, како и некои факти, согледувања и препораки.

# I. НЕКОИ ЗБИРНИ ПОДАТОЦИ ЗА УГД

**ВРАБОТЕНИ НА УГД.** Табела 1 го прикажува вкупниот број на вработени на УГД по учебни години за периодот на самоевалуација. Во 2021/2022 г. од вкупно 530 вработени, 345 се во групата на наставно-стручен и соработнички кадар, додека 185 се во групата на административен и помошно-технички персонал. Во 2022/2023 г. од вкупно 524 вработени, 345 се во групата на наставно-стручен и соработнички кадар, додека 188 се во групата на административен и помошно-технички персонал. Во 2023/2024 од вкупно 516 вработени, 346 се во групата на наставно-стручен и соработнички кадар, додека 170 се во групата на административен и помошно-технички персонал. Табела 2 ги прикажува структурата и бројот на групата на наставно-стручен и соработнички кадар.

**Табела 1.** Вкупен број на вработени на УГД

| Учебни години | Мажи | Жени | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| 2021/2022 | 209 | 321 | **530** |
| 2022/2023 | 206 | 318 | **524** |
| 2023/2024 | 203 | 313 | **516** |

**Табела 2.** Структура и број на наставно-стручен и соработнички кадар на УГД

| | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|---|
| Редовни професори | 118 | 133 | 164 |
| Вонредни професори | 108 | 103 | 79 |
| Доценти | 54 | 45 | 54 |
| Виши лектори | 6 | 6 | 5 |
| Лектори | 3 | 1 | 1 |
| Асистенти | 23 | 19 | 17 |
| Лаборанти со ВСС | 24 | 22 | 20 |
| Виши лаборанти | 4 | 4 | 3 |
| Кореспонденти | 4 | 3 | 3 |
| Лаборанти со виша | 1 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **345** | **336** | **346** |

Во табела 3 се дадени податоци за број на лица со прекинат работен однос, по различни основи, по учебни години за периодот на самоевалуација. Досега на 240 лица им е прекинат работниот однос по различни основи, а во периодот на самоевалуација тој број изнесува 46. Во табела 4 се дадени податоци за побарани и добиени/реализирани согласности по учебни години. Интересно е што во 2021/2022 г. од 7 добиени согласности, само 2 се реализирани. Во останатите учебни години сите добиени согласности се реализирани. Само 25 лица се вработени во периодот на самоевалуација, од кои 16 со двојно вработување.

**Табела 3.** Податоци за прекинат работен однос на УГД

| Учебни години | Со отказ од страна на вработен | Со отказ од страна на работодавец | Смрт на вработен | Пензионирање | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2021/2022 | 6 | 0 | 0 | 11 | **17** |
| 2022/2023 | 7 | 5 | 1 | 6 | **19** |
| 2023/2024 | 1 | 2 | 0 | 7 | **10** |

**Табела 4.** Податоци за побарани и добиени/реализирани согласности за УГД

| | 2021/2022 | | 2022/2023 | | 2023/2024 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | побарани | добиени | побарани | добиени | побарани | добиени |
| Наставници | 47 | 3 (2 реализирани) | 24 | 16 (двојно вработување)+1 | 17 | 4 |
| Лектор | 1 | - | - | - | - | - |
| Асистенти | 76 | 4 (0 реализирани) | 8 | - | 8 | 1 |
| Лаборанти | 11 | - | 4 | - | 4 | 0 |
| Административен кадар | 16 | - | 6 | - | 10 | 1 |
| **Вкупно** | **151** | **7 (2 реализирани)** | **42** | **17** | **39** | **6** |

**СТУДЕНТИ.** Табела 5 дава податоци за вкупен број на запишани студенти на прв циклус студии, по факултети. Информациите за запишаните студенти се однесуваат на запишани студенти по објавен Конкурс на Универзитетот за дадените учебни години, странски студентите кои се запишале во дадените студиски години, студенти со префрлување од други универзитети, владини стипендисти, средно образование во странство и бранители. Вкупниот број на запишани студенти на прв циклус студии на УГД има тенденција на намалување низ учебните години од периодот на самоевалуација, и тоа: од 1749 во 2021/2022, 1616 во 2022/2023 до 1567 во 2023/2024 година.

**Табела 5.** Број на запишани студенти на прв циклус студии на УГД, по факултети

| **Факултет** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** |
|---|---|---|---|
| Економски факултет | 70 | 79 | 89 |
| Електротехнички факултет | 27 | 17 | 29 |
| Земјоделски факултет | 57 | 60 | 51 |
| Ликовна академија | 3 | 4 | 4 |
| Машински факултет | 36 | 23 | 24 |
| Музичка академија | 43 | 41 | 35 |
| Правен факултет | 67 | 83 | 90 |
| Технолошко-технички факултет | 6 | 19 | 21 |
| Факултет за информатика | 112 | 140 | 149 |
| Факултет за медицински науки | 915 | 791 | 707 |
| Факултет за образовни науки | 49 | 58 | 43 |
| Факултет за природни и технички науки | 73 | 65 | 86 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 189 | 152 | 166 |
| Филмска академија | 3 | 14 | 6 |
| Филолошки факултет | 99 | 70 | 67 |
| **Вкупно** | **1749** | **1616** | **1567** |

Табела 6 дава податоци за вкупен број на запишани студенти на втор циклус студии, по факултети. Може да се забележи дека во учебната 2023/2024 сите факултети имаат запишано студенти на втор циклус студии, за разлика од учебната 2021/2022, кога 5 факултети немале запишано студенти на втор циклус, било поради немање на акредитација за студиска програма на втор циклус било поради немање на интерес за запишување. Вкупниот број на запишани студенти на втор циклус на сите факултети на УГД има тенденција на зголемување и изнесувал 35 во 2021/2022, 147 во 2022/2023 и 198 во 2023/2024 година.

**Табела 6.** Број на запишани студенти на втор циклус студии на УГД, по факултети

| **Факултет** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** |
|---|---|---|---|
| Економски факултет | 11 | 8 | 12 |
| Електротехнички факултет | 1 | - | 6 |
| Земјоделски факултет | 2 | 1 | 11 |
| Ликовна академија | - | 3 | 6 |
| Машински факултет | - | - | 5 |
| Музичка академија | 2 | - | 7 |
| Правен факултет | 2 | 11 | 20 |
| Технолошко-технички факултет | - | 6 | 1 |
| Факултет за информатика | 1 | 4 | 13 |
| Факултет за медицински науки | 1 | 75 | 71 |
| Факултет за образовни науки | - | 11 | 8 |
| Факултет за природни и технички науки | 2 | 11 | 18 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 9 | 10 | 8 |
| Филмска академија | - | 3 | 2 |
| Филолошки факултет | 4 | 4 | 10 |
| **Вкупно** | **35** | **147** | **198** |

Во табела 7 се дадени податоци за вкупен број на запишани студенти на трет циклус студии, по факултети. Само 12 факултети имале запишано студенти на трет циклус во периодот на самоевалуација. Вкупниот број на запишани студенти во 2021/2022 година изнесувал 57, 63 во 2022/2023 година и 44 во 2023/2024 година.

**Табела 7.** Број на запишани студенти на трет циклус студии на УГД, по факултети

| **Факултет** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** |
|---|---|---|---|
| Економски факултет | 7 | 9 | 7 |
| Електротехнички факултет | 3 | - | - |
| Земјоделски факултет | 3 | 5 | 3 |
| Музичка академија | 5 | - | - |
| Правен факултет | 12 | 13 | 7 |
| Факултет за информатика | 3 | 2 | 5 |
| Факултет за медицински науки | - | 30 | 15 |
| Факултет за образовни науки | 5 | - | 1 |
| Факултет за природни и технички науки | 6 | 4 | 6 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 6 | - | - |
| Филмска академија | 2 | - | - |
| Филолошки факултет | 5 | - | - |
| **Вкупно** | **57** | **63** | **44** |

Вкупниот број на дипломирани студенти на УГД изнесува 862 во 2021/2022 година, 758 во 2022/2023 година и 823 во 2023/2024 година, а распределбата на овој број по факултети е дадена во табела 8.

**Табела 8.** Број на дипломирани студенти на прв циклус студии на УГД, по факултети

| **Факултет** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** |
|---|---|---|---|
| Економски факултет | 55 | 62 | 48 |
| Електротехнички факултет | 15 | 2 | 40 |
| Земјоделски факултет | 34 | 48 | 37 |
| Ликовна академија | 3 | 6 | 7 |
| Машински факултет | 10 | 17 | 14 |
| Музичка академија | 60 | 28 | 26 |
| Правен факултет | 30 | 27 | 29 |
| Технолошко-технички факултет | 22 | 21 | 11 |
| Факултет за информатика | 55 | 58 | 55 |
| Факултет за медицински науки | 273 | 247 | 329 |
| Факултет за образовни науки | 40 | 43 | 32 |
| Факултет за природни и технички науки | 81 | 61 | 51 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 127 | 86 | 76 |
| Филмска академија | 1 | 2 | 5 |
| Филолошки факултет | 56 | 50 | 63 |
| **Вкупно** | **862** | **758** | **823** |

Табела 9 го прикажува бројот на магистрирани студенти на УГД по факултети и по учебни години од периодот на самоевалуација. Вкупниот број на магистрирани студенти на УГД изнесува 39 во 2021/2022 година, 36 во 2022/2023 година и 93 во 2023/2024 година.

Во 2021/2022 година на ниво на УГД имало 16 нови доктори на науки, во 2022/2023 година 21 доктори на науки и само 12 во 2023/2024 година.

**Табела 9.** Број на магистрирани студенти на прв циклус студии на УГД, по факултети

| **Факултет** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** |
|---|---|---|---|
| Економски факултет | 1 | 3 | 3 |
| Електротехнички факултет | 1 | 1 | 1 |
| Земјоделски факултет | 2 | 2 | 0 |
| Ликовна академија | 0 | 0 | 0 |
| Машински факултет | 0 | 1 | 1 |
| Музичка академија | 2 | 5 | 3 |
| Правен факултет | 6 | 7 | 14 |
| Технолошко-технички факултет | 0 | 0 | 1 |
| Факултет за информатика | 0 | 1 | 5 |
| Факултет за медицински науки | 18 | 6 | 58 |
| Факултет за образовни науки | 1 | 0 | 0 |
| Факултет за природни и технички науки | 5 | 6 | 5 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 3 | 2 | 1 |
| Филмска академија | 0 | 0 | 1 |
| Филолошки факултет | 0 | 2 | 0 |
| **Вкупно** | **39** | **36** | **93** |

**Табела 10.** Број на доктори на науки на УГД, по факултети

| Факултет | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|---|
| Економски факултет | 0 | 5 | 1 |
| Машински факултет | 2 | 0 | 1 |
| Технолошко-технички факултет | 0 | 0 | 1 |
| Факултет за информатика | 2 | 1 | 0 |
| Факултет за медицински науки | 6 | 10 | 7 |
| Факултет за образовни науки | 1 | 2 | 1 |
| Факултет за природни и технички науки | 2 | 1 | 0 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 3 | 2 | 1 |
| **Вкупно** | **16** | **21** | **12** |

Вкупниот број на студенти на прв циклус студии на УГД, по факултети и по учебни години е даден во табела 11. Вкупно на УГД на прв циклус студии имало 7436 во 2021/2022 година, 6814 во 2022/2023 година и 6574 во 2023/2024 година.

**Табела 11.** Вкупен број на студенти на прв циклус студии на УГД, по факултети и учебни години

| Факултет | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|---|
| Економски факултет | 436 | 361 | 333 |
| Електротехнички факултет | 95 | 90 | 82 |
| Земјоделски факултет | 260 | 251 | 209 |
| Ликовна академија | 33 | 27 | 26 |
| Машински факултет | 126 | 120 | 99 |
| Музичка академија | 199 | 207 | 197 |
| Правен факултет | 252 | 226 | 231 |
| Технолошко-технички факултет | 97 | 59 | 54 |
| Факултет за информатика | 386 | 373 | 390 |
| Факултет за медицински науки | 2935 | 3215 | 3284 |
| Факултет за образовни науки | 365 | 302 | 320 |
| Факултет за природни и технички науки | 415 | 331 | 267 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 1037 | 821 | 672 |
| Филмска академија | 14 | 11 | 27 |
| Филолошки факултет | 786 | 420 | 383 |
| **Вкупно** | **7436** | **6814** | **6574** |

Вкупниот број на испишани студенти на прв циклус студии на УГД, по факултети и по учебни години е даден во табела 12 и тој број не е пресметуван во вкупниот број на студенти од табела 11. На ниво на УГД имало вкупно по 166 испишани студенти во 2021/2022 година и 2022/2023 година и 175 во 2023/2024 година.

**Табела 12.** Вкупен број на испишани студенти на прв циклус студии на УГД, по факултети и учебни години

| Факултет | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|---|
| Економски факултет | 7 | 10 | 6 |
| Електротехнички факултет | 2 | 1 | 4 |
| Земјоделски факултет | 6 | 8 | 4 |
| Ликовна академија | 0 | 0 | 2 |
| Машински факултет | 3 | 6 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Музичка академија | 1 | 7 | 7 |
| Правен факултет | 11 | 11 | 1 |
| Технолошко-технички факултет | 4 | 4 | 3 |
| Факултет за информатика | 16 | 16 | 15 |
| Факултет за медицински науки | 72 | 65 | 91 |
| Факултет за образовни науки | 5 | 5 | 3 |
| Факултет за природни и технички науки | 6 | 9 | 10 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 25 | 20 | 24 |
| Филмска академија | 3 | 0 | 0 |
| Филолошки факултет | 5 | 4 | 2 |
| **Вкупно** | **166** | **166** | **175** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ.** Според бројот на депонираните документи во репозиториумот на Универзитетот (http://eprints.ugd.edu.mk) во табела 13 е даден бројот на трудови, поглавја од книги, монографии, конференции, изложби, настани и композиции според календарски години.

**Табела 13.** Број на депонирани документи во Е-репозиториум според неколку категории

| **Факултет** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** |
|---|---|---|---|---|
| Трудови | 641 | 561 | 542 | 454 |
| Поглавје од книга | 38 | 22 | 15 | 19 |
| Монографии | 12 | 7 | 11 | 8 |
| Конференции | 274 | 361 | 455 | 427 |
| Изложби | 27 | 31 | 37 | 37 |
| Настани | 44 | 62 | 51 | 43 |
| Композиции | 0 | 5 | 4 | 4 |
| **Вкупно** | **1036** | **1049** | **1115** | **992** |

**ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**. Годишните планови за Издавачка дејност и нивната реализација се прикажани во табела 14.

**Табела 14.** Преглед на годишните планови за издавачка дејност на УГД

| | Годишен план на ИД (МКД) | Исплатен авторски хонорар (МКД) | Исплатен рецензентски хонорар (МКД) | Вкупно пријавени изданија | Пријавени/ реализирани учебници | Процент на реализирани учебници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 2.500.000 | 1.402.674 | 0 | 246 | 166/29 | 25% |
| 2022 | 2.500.000 | 1.287.940 | 0 | 232 | 124/31 | 25% |
| 2023 | 2.500.000 | 1.535.020 | 0 | 255 | 124/31 | 25% |
| 2024 | 2.500.000 | 1.571.218 | 97.530 | 236 | 134/38 | 28.35% |

**ФИНАНСИИ.** Табела 15 дава приказ на структурата на годишниот буџет на УГД во периодот на самоевалуација. Почнувајќи од 2023 година, Универзитетот „Гоце Делчев“ планира поединечна поддршка за наука од 30.750 денари за своите вработени. Табела 16 дава приказ на планираните и реализираните средства од овој фонд. Од табелата може да се види дека во 2023 година само 15.84% од средствата биле искористени, додека во 2024 година тој процент се зголемил на 21.26%.

**Табела 15.** Структура на годишниот буџет на УГД во периодот на самоевалуација 2021-2024

| Год. | МОН | % | Уплати од студенти | % | Научни проекти | % | Апликативни проекти | % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 327.823.976 | 45,63 | 281.199.520 | 39,14 | 32.348.986 | 4,50 | 76.911.292 | 10,70 | 718.283.774 |
| 2022 | 382.738.042 | 45,35 | 317.238.992 | 37,59 | 50.849.376 | 6,03 | 93.006.272 | 11,02 | 843.832.682 |
| 2023 | 428.329.245 | 44,03 | 369.914.601 | 38,03 | 59.641.141 | 6,13 | 114.744.737 | 11,79 | 972.629.724 |
| 2024** | 432.274.499 | 47,04 | 339.138.861 | 36,90 | 49.040.204 | 5,33 | 98.474.130 | 10,71 | 918.927.694 |
| Просек 2021-2023 | 379.630.421 | 45,00 | 322.784.371 | 38,25 | 47.613.168 | 5,55 | 94.887.434 | 11,17 | 844.915.393 |

*Сумите се изразени во денари

** Податоците за 2024 година се до месец октомври 2024 година и не се земени во просекот 2021-2023

**Табела 16.** Планирани и реализирани средства за поединечна поддршка за наука од УГД

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Планирани средства за наука од УГД | 9.440.250 | 9.655.500 |
| Реализирани средства за наука од УГД | 1.495.164 | 2.052.976 |
| Процент на реализирани средства | 15.84% | 21.26% |

## II. ЛИНКОВИ ДО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ПО ФАКУЛТЕТИ

**КАМПУС 1**

1. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Филмска академија, Одлука бр. 2502-40/3 од 28.2.2025 г. за усвојување на Извештај од самоевалуација на Филмска академија.
2. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Ликовна академија, Одлука бр. 2402-42/3 од 7.3.2025 г. за усвојување на Извештај за самоевалуација на Ликовна академија за периодот 2021-2024 година.
3. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Музичка академија, Одлука бр. 1402-44/3 од 24.2.2025 г. за усвојување на Извештај за самоевалуација на Музичка академија за периодот 2021-2024 година.

**КАМПУС 2**

4. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Електротехнички факултет, Одлука бр. 1802-41/4 од 27.2.2025 г. за усвојување на Извештај за самоевалуација на Електротехнички факултет за периодот 2021-2024 година.
5. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Земјоделски факултет, Одлука бр. 1302-38/8 од 5.2.2025 г. за усвојување на Извештај за самоевалуација на Земјоделски факултет за периодот 2021-2024 година.
6. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Машински факултет, Одлука бр. 2202-42/3 од 28.2.2025 г. за усвојување на Извештај од самоевалуација на Машински факултет.
7. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Технолошко-технички факултет, Одлука бр. 2302-49/3 од 24.2.2025 г. за усвојување на Извештај од самоевалуација на Технолошко-технички факултет.
8. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Факултет за информатика, Одлука бр. 1502-40/17 од 10.2.2025 г. за усвојување на Извештај од самоевалуација на Факултет за информатика.
9. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Факултет за природни и технички науки, Одлука бр. 1702-59/15 од 20.2.2025 за усвојување на Извештај од самоевалуација на Факултет за природни и технички науки.

**КАМПУС 3**

10. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Факултет за медицински науки, Одлука бр. 2002-50/15 од 19.2.2025 г. за усвојување на Извештај за самоевалуација на Факултет за медицински науки за периодот 2021-2024 година.

**КАМПУС 4**

11. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 на Економски факултет, Одлука бр. 1202-42/3 од 27.2.2025 г. за усвојување на Извештај за самоевалуација на Економски факултет за периодот 2021-2024 година.
12. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Правен факултет, Одлука бр. 1102-45/4 од 21.2.2025 г. за усвојување на Извештај за самоевалуација на Правен факултет за периодот 2021-2024 година.
13. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Факултет за образовни науки, Одлука бр. 1702-59/15 од 20.2.2025 г. за усвојување на Извештај од самоевалуација на Факултет за образовни науки.
14. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2102-53/3 од 4.3.2025 г. за усвојување на Извештај за самоевалуација на Факултет за туризам и бизнис логистика за периодот 2021-2024 година.
15. Извештај за самоевалуација 2021 – 2024 г. на Филолошки факултет, Одлука бр. 1902-50/5 од 19.2.2025 г. за усвојување на Извештај за самоевалуација на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

## III. ТЕК НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УГД

Процесот на самоевалуација на УГД започна со донесување на Одлука бр. 0201-713/28 од 25.9.2024 г. за започнување на постапка за спроведување на самоевалуација на Универзитетот и формирање на Комисија за спроведување на самоевалуација за периодот од 2021 до 2024 година. Оваа самоевалуација се разликуваше од сите досегашни, бидејќи според Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација донесен од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност на Република Северна Македонија (Сл. весник бр.153 од 6.6.2022 година), самоевалуација се прави на секоја единица на Универзитетот посебно, а не на Универзитетот во целина, како што беше ситуацијата до сега. Оваа самоевалуација на УГД е шеста по ред.

Факултетските комисии за самоевалуација беа изгласани на ННС на факултетите, заклучно со 5.11.2024 година.

За да се помогне на факултетските комисии за самоевалуација, пред да започне процесот на самоевалуација, во рамките на интерен проект на УГД со наслов „*Обезбедување на контрола на квалитетот во високообразовниот процес на УГД*“ беше креиран темплејт со пополнет дел од заедничките индикатори на факултетите, но и со насоки како да продолжат со работата. Дополнително, Комисијата за спроведување на самоевалуација на УГД обезбеди податоци за сите факултети од различните одделенија и центри на УГД, а беа креирани и делени фолдери на OneDrive за секој факултет посебно со веќе поставени заеднички прилози во фолдер Prilozi и со собраните податоци во фолдер Podatoci, како и темплејтот на извештајот. За подобра комуникација беше креирана и група за разговор на Microsoft Teams, каде што најбрзо што може се разрешуваа проблемите со кои се соочуваа факултетските комисии, им се одговараше на нивните прашања и им се даваа задолженија.

Постапката на самоевалуација и пишувањето на извештајот по факултети траеше за некои факултети до крајот на јануари, а за други до крајот на февруари. Заклучно со 7.3.2025 година сите факултети донесоа Одлука за усвојување на нивниот извештај за самоевалуација за периодот 2021-2024 година. Сите извештаи беа дадени на лекторирање и лекторираните верзии се закачени на веб-страниците на факултетите. Исто така, лекторираните верзии на извештаите беа пратени на преведување на англиски јазик и истите дополнително ќе бидат доставени до Одборот за евалуација при Агенцијата за квалитет во високото образование.

Овој збирен извештај со кој се затвора процесот на самоевалуација на УГД ги содржи линковите до сите 15 извештаи за самоевалуација на факултетите од УГД, заедно со податоци за одлуките за нивно усвојување.

Комисијата за спроведување на самоевалуација на УГД заклучи дека сите факултети во голема мерка ги исполнуваат стандардите од Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. Дополнително, најголем дел од факултетите подготвија и SWOT анализа за исполнетост на секој стандард посебно, истата дадена како последен прилог на соодветниот стандард. Во иднина менаџментот на факултетите треба да работи на справување со утврдените слабости и закани, заедно со менаџментот на УГД, како и на искористување на сите утврдени можности.

## IV. ИЗВЕШТАИ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА 2021 – 2024 ПО ФАКУЛТЕТИ

**КАМПУС 1**
**Извештај од самоевалуација на Филмска академија**

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
бул. Гоце Делчев б.б.
(Македонска радиотелевизија - МРТВ, 10-ти кат)
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | **Филмска академија** |
| **Седиште** | ул. „Крсте Мисирков“ бр 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| **Контакт информации** | contact.fa@ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Рисима Рисимкин, декан<br>risima.risimkin@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум: М. П. Овластено лице на установата:
(потпис)

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Филмска академија |
| Седиште | Бул. „Крсте Мисирков“ 10-А., п. фах 201<br>2000 Штип, Република Македонија |
| Веб-страница | www.ugd.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | Катедрата за современ танц на УГД ја води деканот на Филмската академија, редовен професор, д-р Рисима Рисимкин. Студиската програма на прв циклус се заснова на тригодишно студирање од прв циклус на англиски јазик, за кое студентите добиваат диплома - дипломиран современ танчер и 180 кредити. По завршувањето на првиот циклус, студентите можат да го продолжат своето образование од втор циклус на настава, изведувачки уметности, со можност за магистерски студии по Современа танцова кореографија или магистер по образование за современ танц. Студиските програми за втор циклус на студии можат да се продолжат во времетраење до една, 60 кредити или две години, 120 кредити, во зависност од претходното образование на идните студенти.<br>Студентите на Катедрата за современ танц ја добиваат својата пракса во соработка со Скопје танцовиот театар и настапуваат низ земјата и странство на престижни фестивали во Европа, САД и Кина. Одделот за танц на УГД е поврзан со неформална мрежа од девет европски академии и универзитети за танц. Наставата, од сезоната 2021/2022, се одвива во просториите на УГД во Домот на АРМ во центарот на Скопје. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Филмска академија Бр. Сл. 12 од 09.02.2007г.<br>**Прв циклус студии**<br>*АКРЕДИТАЦИЈА 2016*<br>*Современ танц (тригодишни студии) бр. 1409-48/2 од 20.6.2017*<br>*АКРЕДИТАЦИЈА 2021*<br>*Contemporary Dance Performance бр. 08-82/6 од 22.7.2021*<br>**Втор циклус студии**<br>*АКРЕДИТАЦИЈА 2021*<br>*Contemporary Dance Education 60 ЕКТС – бр. 08-89/20 од 12.7.2021*<br>*Contemporary Dance Education 120 ЕКТС – бр. 08-89/21 од 12.7.2021*<br>*Contemporary Dance Choreography 120 ЕКТС – бр. 08-89/23 од 23.8.2021*<br>*Contemporary Dance Choreography 60 ЕКТС - бр. 0801-634/2 од 14.10.2021*<br>*Балетска педагогија 2023 240 ЕКТС - бр. 0801-976/1 од 16.10.2023* |
| **Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност** | **12 ( 4+5+3)** |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус 13<br>II циклус 3 |

*Развој на единицата*

Во рамките на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“, почнувајќи од 2017 година, на потенцијалните студенти им е достапна студиската програма за изучување на современи танцови техники, која е единствена од ваков тип во државата. Дополнително, студиската програма од оваа област се изведува и на англиски јазик и тоа Изведба на современ танц на прв циклус студии (Contemporary Dance Performance) и Методологија и педагогија за современ танц (Master of Arts in Contemporary Dance Education) и Кореографија за современ танц (Master of Arts in Contempoarary Dance Choreography) во рамките на втор циклус студии на англиски јазик.

Во 2023 година се отвори и студиска програма Балетска педагогија за прв циклус студии.

Студиските програми се спроведуваат од искусни професори и професионалци, а често се остварува и соработка со професионалци и кореографи од странство, како и со танцови академии, со кои се организира и размена на студенти. Студентите добиваат широко знаење не само во делот на танцовите техники, туку и во делот на креирањето и продукцијата на танцови изведби.

*Наведете ги клучните институционални капацитети*

Студиските програми за современ танц и балетска педагогија се фокусираат на едукацијата и развојот на современиот танц и класичниот балет. Клучните институционални капацитети кои се однесуваат на оваа катедра вклучуваат:

1. Квалификуван кадар – Професорите и наставниците на катедрата имаат високи квалификации во својата стручна област, со дипломи и сертификати од признати институции во земјата и во странство. Покрај академските квалификации, многумина од нив се активни во професионалната танцова сцена, што им овозможува директно пренесување на практично знаење.
2. Истражувачки капацитети – Катедрата активно учествува во научни истражувања поврзани со танцовото уметничко изразување, педагогија и методологија на настава. Студентите се мотивирани да развиваат истражувачки способности и да придонесуваат кон напредокот на теоријата и практиките во оваа област.
3. Инфраструктура – Катедрата располага со адекватни танцови студија кои се опремени по современи технолошки и архитектонски стандарди за спроведување на часовите и подготовка на перформанси. Овие простории дозволуваат максимален развој на танцовата техничка и креативна страна на студентите.
4. Соработка со професионални институции и уметници – Катедрата има воспоставено соработка со театри, танцови компании и меѓународни организации. Оваа соработка обезбедува студентите да се вклучат во проекти и претстави, а исто така создава можности за нивни професионален развој.
5. Програма и наставни планови – Образовните програми на Катедрата се дизајнирани така што ги обединуваат класичната балетска техника со современите танцови техники и педагошки методи. Студентите имаат можност да се обучуваат во широк спектар на техники.
6. Меѓународни партнерства и мобилности – Катедрата активно учествува во европски и светски мрежи за образование и култура, што им овозможува на студентите да учествуваат во програми за размена и мобилности, со што добиваат меѓународно искуство и можности за професионален развој.
7. Културно и уметничко влијание – Катедрата има значајно влијание врз културниот живот на локалната и националната сцена, промовирајќи современ танц и балетска педагогија преку различни настапи, фестивали и проекти. Ова создава средина која ги поттикнува студентите да се вклучат во културниот живот и да придонесуваат кон развојот на танцовата уметност.

Овие институционални капацитети се основа за ефикасно функционирање на Катедрата и нејзиниот развој, кој во контекст на глобализацијата и новите уметнички трендови, продолжува да пружа значајни можности за обука и творечки развој на идните уметници и педагози.

*Наведете области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години*

- Студиски програми и наставни активности
- Културно и уметничко влијание
- Квалификуван кадар
- Соработка со професионални институции и уметници

*Најголеми предизвици и недостатоци*

Најголем предизивик е потребата од вработувања со што ќе се одржи нивото на наставата. Вооедно, покрај простор во кој веќе се работи, потребен е дополнителен простор, студентите на современ танц и балетска педагогија имаат потреба од уште една специјализирана просторија (сала за вежбање) со голема површина каде ќе можат непречено да следат настава. Доколку се обезбедат потребните вработувања и се дооформи просторот, Филмската академија со студиските програми за Современ танц и Балетска педагогија, на прв и втор циклус студии, може да прерасне во европски центар за танцова уметност. Програмата по којашто се изведува наставата е со европски квалитет и дополнителната поддршка во простор и кадри ќе помогнат оваа наша единица да биде во центарот на современата танцова уметност.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 1.1. Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб-страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т.е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на:

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научноистражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз кој е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб-страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одрживото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи(акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип за 2022 – 2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организационата поставеност на Универзитетот е прикажана во органограмот даден во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**
Прилог 1.1.А. Органограм на УГД

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб-страницата на Универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши Комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на Комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во периодот од 14.11.2024 до 30.11.2024 и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж).
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З)

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Ј). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на Универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.К.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.З. Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.Ѕ. Резултати од анкети на студенти од прв циклус на ФА<br>Прилог 1.2.И. Резултати од анкети на наставнички и соработнички кадар на ФА<br>Прилог 1.2.Ј. Резултати од анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД<br>Прилог 1.2.К. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развој и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување квалитет. |

Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб-страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.

Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:

- Научноистражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научноистражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред сè со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.

Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет.

**Прилози:**

Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани и се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитување на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поддржана од ректор, проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високообразовниот процес на УГД“. Со работната група раководи координаторот на Одделението за обезбедување квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научноистражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа на целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно-техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е -1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување квалитет и Правилник за спроведување анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA).

Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk) и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за

вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година и Наставно-научниот совет на Факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.S. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј. Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација;<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така што покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од Стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма,
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување знаење и компетенции со кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес,
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето практични вештини во соработка со стопанството и индустријата, владиниот и невладиниот сектор и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во Извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиски програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.
Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на Извештајот

за самоевалуација тој јавно се објавува на страната на Универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. весник бр. 256, 28.11.2022

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со Извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес,<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултета и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Прилог 1.6.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1.

**Прилози:**
Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)
Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1

**Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми**

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност (Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот Гоце Делчев, Штип</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои можат да бидат преносливи, што значи дека можат да влијаат врз нивниот личен развој и можат да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми ги истакнува нивната релевантност и добро осмисленост со целта за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и личен развој.<br><br>Целта на Студиската програма по Современ танц е да им овозможи на студентите да ги совладаат елементите и принципите на современите танцови техники, како дел од изведувачките уметности, со што ќе придонесат за развој на автохтон современ танцов стил, а притоа да ја развијат својата креативност и индивидуалност.<br>Дипломираниот Современ танчер, по завршувањето на тригодишните студии, ќе може да се вклучи во сите сегменти на општествениот и уметничкиот живот, кои бараат високо уметничко образование - наставни, научни и уметнички установи, јавен и приватен сектор.<br>Целта на Студиската програма по Балетска педагогија е да им овозможи ан студентите да ги совладуваат елементите и принципите на едукација од областа на балетската педагогија, како дел од изведувачките уметности, со што ќе придонесат за создавање и развој на балетски педагози, како и класични балетски танчери, при што ќе ја развиваат својата креативност и индивидуалност.<br>Дипломираниот Балетски педагог, по завршувањето на четиригодишните студии ќе може да се вклучи во сите сегменти на општествениот и уметнички живот, кои бараат високо уметничко образование - наставни, научни и уметнички установи, јавен и приватен сектор.<br>Линкови до студиски и предметни програми:<br>https://fa.ugd.edu.mk/documents/studiski/2022-24/baletska-pedagogija-2024.pdf<br>https://fa.ugd.edu.mk/documents/studiski/2020-21/1-ciklus/Study-program-in-Contemporary-Dance-Performance.pdf<br>https://fa.ugd.edu.mk/documents/studiski/2020-21/2-ciklus/Master-of-Arts-in-Contemporary-Dance-Choreography-one-year.pdf<br>https://fa.ugd.edu.mk/documents/studiski/2020-21/2-ciklus/Master-of-Arts-in-Contemporary-Dance-Choreography-two-years.pdf</td></tr>
</table>

https://fa.ugd.edu.mk/documents/studiski/2020-21/2-ciklus/Master-of-Arts-in-Contemporary-Dance-Education-%20two%20years.pdf
https://fa.ugd.edu.mk/documents/studiski/2020-21/2-ciklus/Master-of-Arts-in-Contemporary-Dance-Education-one-year.pdf

**Прилози:**
Прилог 2.2.А. Успешни приказни
Прилог 2.2.Б. Дескриптори

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештини кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество.
Следејќи ги глобалните тенденции во образованието во високите танцови едукативни институции, современите тенденции во креирањето на образовните политики во Европа и во светот, респектирајќи ги научно и искуствено дијагностицираните воспитни предизвици на ваков тип на образование кои се појавија како резултат на сè поизразени вредносни парадокси во нашето општество и глобализациските тенденции (научни, образовни, техничко-технолошки, економски), Филмската академија предлага осовремената Студиска програма Contemporary dance (180 ЕКТС) на I циклус на студии; Балетска педагогија (240 ЕКТС) на I циклус на студии; MA in Contemporary dance education (60 ЕКТС) и MA in Contemporary dance education (120 ЕКТС) на II циклус на студии; MA in Contemporary dance choreography (60 ЕКТС) и MA in Contemporary dance choreography (120 ЕКТС) на II циклус на студии; согласно организациско-педагошки стандарди за квалитет, согласно принципите на Болоњската декларација и Европскиот кредит-трансфер систем со високо ниво на препознатливост во Европскиот високообразовен простор и со надеж дека дипломираните современи танчери ќе бидат препознаени на пазарот на трудот како стручњаци кои ќе помогнат во развојот на демократско, хумано и кохезивно општество и исто така ќе имаат можност да се формираат во креативни и самостојни личности, кои врз база на основните стекнати знаења и работата, со школувањето ги имаат сите предиспозиции да прераснат во креативни и самостојни личности од уметнички профил.
Студиската програма по Contemporary dance и Балетска педагогија, заедно со MA програмите Contemporary dance education и Contemporary dance choreography, предвидуваат хоризонтална и вертикална мобилност. Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува високообразовна институција која во последните осумнаесет години успеа да излезе во пресрет на образовните потреби и интереси на младите. Во таа насока, со оглед на тоа дека во ова модерно време доминантна култура е визуелната, сметаме дека со овие студиски програми не само што ќе се збогати полето на изведувачките уметности, туку дека тие ќе придонесат во развојот на нашето културно наследство, како што е танцовата уметност, со создавање на автохтон современ танцов израз. Хоризонтална мобилност подразбира компатибилност со студиите за современ танц и балетска педагогија во земјата и странство, а вертикалната можност за упис на мастер и докторски студии.

**Прилози:**
Прилог 2.3.А Линкови од успешни приказни

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е посветен на изградба на квалитетна и транспарентна академска средина, која ќе ги вклучи сите засегнати страни во процесот на донесување одлуки и унапредување на образованието. Во таа насока, еден од клучните аспекти на управувањето е формирањето на Одборот за доверба со јавноста, кој има за цел да го унапреди дијалогот помеѓу Универзитетот и пошироката јавност, вклучувајќи ги сите кои влијаат на развојот на високото образование.
Одборот за доверба со јавноста се грижи за транспарентноста на одлуките, за зајакнување на комуникацијата со студентите, како и за решавање на евентуални прашања и предизвици кои се појавуваат во академската заедница на Филмската академија. Овој одбор е важен канал за меѓусебна доверба, која е неопходна за изградба на здрави

и функционални односи помеѓу Универзитетот и заедницата, како и за унапредување на квалитетот на образованието.
Активно учество на студентите
Студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ имаат важно место во процесот на управување со институцијата, преку активно учество во највисоките органи на Универзитетот, како што се Наставно-научниот и уметнички совет на Филмска академија (ННУС) и Сенатот на Универзитетот. Овие тела обезбедуваат платформи за студентите да ги изразат своите мислења, предлози и критики во однос на политиките и стратегиите на Универзитетот, како и да придонесат за развојот на образовните програми и научната работа.
Универзитетот „Гоце Делчев“ активно работи на вклучување на студентите во процесите на одлучување, што е клучно за нивната лична и професионална едукација. Преку ова учество, студентите не само што влијаат на идниот развој на Универзитетот, туку и се осигуруваат дека нивните потреби и интереси се претставени и уважени на највисоко ниво.
Универзитетот „Гоце Делчев“ продолжува да работи на развојот на академската и студентската заедница преку изградба на транспарентни и ефективни механизми за соработка и комуникација со јавноста, при што студентите се клучни партнери во овој процес. Одборот за доверба со јавноста и активното учество на студентите во ННУС и Сенатот се само дел од стратегијата за изградба на современ и квалитетен универзитетски систем.

**Прилози**
Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма
Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС
Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години;<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

| Ред број | Назив на институција | Назив на студиска програма со која се обезбедува споредливост | Линк до студиската програма |
|---|---|---|---|
| 1. | КОДАРТС, Холандија | Contemporary Dance | https://www.codarts.nl/onderwijs/bacheloropleidingen/dans/opleiding/ |
| 2. | Академија за убави уметности, Цирих, Швајцарија | Contemporary dance | https://www.zhdk.ch/studium/tanz |
| 3. | Антон Брукнер универзитет, Линц, Австрија | Contemporary dance | https://www.bruckneruni.at/de/studium/bachelor-und-masterstudien/tanz |

https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php

**Прилози:**
Прилог 2.5.А. Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

| | |
|---|---|
| валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | |

**Приказ на очекуваното оптоварување на студентите – Студиски и предметни програми на Катедрата за современ танц и Балетска педагогија**

Студиските и предметните програми на Катедрата за современ танц и Балетска педагогија на Универзитетот „Гоце Делчев„ се осмислени така што ги комбинираат академските знаења и практичната примена на современите танцови техники, балетската танцова техника и методиките на предавање, теоријата за танцот и уметноста, како и социокултурните и историските аспекти на перформансите на денешницата. Оптоварувањето на студентите се проектира во рамки на интерактивен и интензивен образовен процес кој ја комбинира теоријата и практиката.

1. Студиски програми и наставни активности

Катедрата за современ танц нуди различни студиски програми кои овозможуваат развој на студентите во повеќе аспекти на современиот танц, како што се:

- Додипломски студии
- Магистерски студии

Во текот на студиите, студентите се соочуваат со различни видови на оптоварување кои вклучуваат не само часови за танц и кореографија, туку и интензивна теоретска подготовка и истражувачки активности.

2. Оптоварување на студентите по години на додипломски студии

- Прва година: Студентите започнуваат со интензивни часови по танц, движење, основи на танцови техники и теоретски предмети кои го поставуваат темелот за понатамошниот развој. Во оваа година, оптоварувањето е повеќе практично, но и со значителен број теоретски часови кои помагаат да се изучи современиот танц.
- Втора година: Студентите продолжуваат со повеќе напредни танцови техники и почнуваат да се занимаваат со уметнички и креативни проекти. Оптоварувањето е поголемо, со поинтензивна изведба и учење на различни стилови.
- Трета година: Студентите ги финализираат своите кореографски проекти и се подготвуваат за дипломски проекти и теоретски истражувања. Оптоварувањето е најголемо во оваа фаза, бидејќи студентите се вклучени во комплетни уметнички процеси, подготвуваат перформанси и пишуваат дипломски тези.

3. Оптоварување на студентите по години на Магистерски студии

- Прва година: Основи и теоретски рамки:
  Воведување во напредни концепти на танц, едукација и кореографија, како и развој на теоретските и практичните вештини за истражување во оваа област.
  Проект: Зависно од одбраната програма, некои студенти можат да бидат вклучени во мали кореографски проекти или да пишуваат есеј и да истражуваат на теоретски теми и современи техники и поставување на час.
- Втора година: Продлабочување на специјализираните области
  Студентите продолжуваат да ја развиваат својата практична и теоретска компетентност во одредени области и ги усовршуваат својот истражувачки пристап и креативни способности.
  Проект: Работа на индивидуален проект (Зависно од програмата, некои студенти се фокусираат на истражување и креација на час, а други на создавање нови кореографски дела или наставна програма за одреден час, според зададена задача).

4. Оптоварување по типови активности

- Часови за танц (практични): Студентите имаат практични часови кои се во форма на часови по техника и движење, од кои некои можат да бидат интензивни и да траат по 3-4 часа, секој ден во работната недела.
- Теоретски часови: За секој предмет постојат редовни теоретски часови, кои вклучуваат предавања и групни дискусии. Овие часови, во зависност од предметот, можат да бидат 2-3 часа неделно.
- Проекти и перформанси: Студентите се вклучени во групни и индивидуални проекти, што вклучува подготовка на перформанси, изведби и работа на кореографии. Ова дополнително го зголемува оптоварувањето, бидејќи проектите и изведбите бараат интензивна работа, особено во продукциските месеци од студиите.

5. Интердисциплинарни пракси:

Професионален ангажман во Скопје танцов театар, можност за пракса како танчер и кореограф

- Студентите изучуваат нов танцов вокабулар и фокусирано работат на својата изведба на сцена
- Техники за перформанси и сцена: студентите учат како да работат со повеќе медиуми при сценско поставување на кореографија

- Технолошка интеграција во танцот: истражување на новите технологии и иновации што се користат во современите танцови перформанси.

Оптоварувањето на студентите на Катедрата за современ танц и балетска педагогија е балансирано помеѓу практичните и теоретските активности, со висок интензитет на учење и работа. Студентите се соочуваат со значителни академски и уметнички предизвици кои бараат постојан ангажман и посветеност. Но, ова оптоварување е илустрација на напорната и посветена работа која им овозможува на студентите да ги развијат своите таленти и да станат квалификувани професионалци во областа на современиот танц.

**Приказ на очекуваното оптоварување на студентите – Студиски и предметни програми на Балетска педагогија**

Студиската програма за балетска педагогија на Универзитетот „Гоце Делчев“ има за цел да ги образува студентите кои ќе станат стручни педагози и наставници во областа на класичниот балет, балетската техника, кореографијата и балетската уметност. Студиските и предметните програми се осмислени така што обезбедуваат длабоко познавање на теоретските и практичните аспекти на балетската педагогија, како и способности за работа со ученици на различни возрасти и нивоа.

Оптоварувањето на студентите во оваа област е внимателно конструирано, со акцент на интензивна практична обука, развој на педагошките способности, теоретска подготовка и истражувачки активности.

1. Студиски програми и наставни активности

Студиската програма за балетска педагогија нуди наставен план кој им овозможува на студентите да се развијат во областа на балетската педагогија и да станат квалификувани наставници и педагози:

- Додипломски студии: Студентите ги стекнуваат основите на балетската техника и педагогијата, се запознаваат со основни теоретски концепти и почнуваат да работат со деца и млади во рамките на различни балетски студија и институции.

2. Оптоварување по години

- Прва година: Во оваа година студентите имаат основни часови по балетска техника, започнуваат со теоретските предмети и се вклучуваат во практични активности како што се работа со деца или помалку напредни ученици. Оптоварувањето е умерено, со интензивна пракса во класичната балетска техника и запознавање со основите на педагогијата.
- Втора година: Студентите почнуваат да се специјализираат во балетската педагогија и методологијата на наставата. Периодот е поврзан со повеќе практични активности, како што се подготовка на индивидуални и групни балетски часови, истовремено со поголема тежина на теоретските предмети. Оптоварувањето е значително поголемо, со интензивни часови за техника и педагогика.
- Трета година: Студентите се специјализираат за методика на класичен балет и историски игри. Паралелено развиваат практично и теоретско знаење по сите предмети. Оптоварувањето е во сооднос со втората година.
- Четврта година: Студентите се фокусираат на педагошка пракса, ги проверуваат стекнатите знаења и подготовка на дипломска работа. Во оваа фаза оптоварувањето е најголемо, бидејќи студентите се активни во наставните и практичните проекти, како и во финализација на дипломскиот процес.

3. Интердисциплинарни пракси:

- Теоретски и практични аспекти на музиката во балетот: Студентите изучуваат како музиката ја обликува балетската изведба и како треба да се приспособат движењата на музички ритам.
- Методика на балетскиот час и физичка подготовка: Фокусирање на техники и методи за физичка подготовка на балетските ученици, вклучувајќи анализа на телесни потреби и повреди во балетскиот час.
- Технологија во балетската педагогија: Воведување во употреба на новите технологии во балетската настава и перформанси, како што се видео анализа на движења, виртуелни часови и интерактивни платформи.

Оптоварувањето на студентите на програмата за Балетска педагогија е висококдинамично и комбинира балансирана теоретска подготовка со интензивни практични часови и настава. Ова создава комплетни и висококвалификувани педагози кои не само што ги познаваат техниките на класичен балет, карактерните и историските танци, туку и се опремени со специфични педагошки и методолошки вештини за работа со ученици во различни возрасти и на различни нивоа. Студентите се соочуваат со големо оптоварување, но истовремено имаат можност за креативен развој и професионален напредок во областа на балетската педагогија.

Менторската улога за секоја генерација е доделена на професор кој има искуство и експертиза релевантна за наставната програма и потребите на студентите. Менторот обезбедува насоки за академски и професионален развој и организира активности за поддршка на студентите.

**Прилози:**
Прилог 2.6.А. Извештај за реализирана практична настава
Прилог 2.6.Б. Извештај за практична настава на Катедрата за современ танц и балетска педагогија

| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страница каде се објавени наведените информации.[1] |
|---|---|

https://fa.ugd.edu.mk/index.php/mk/za-fakultetot/katedri/department-of-contemporary-dance
https://fa.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus
https://fa.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus

**Магистерски студии: Педагогија и кореографија на современ танц**

Магистерските студии по Педагогија и кореографија на современ танц на Универзитетот „Гоце Делчев" нудат напредна обука која ги подготвува студентите да станат високо квалификувани педагози, кореографи и истражувачи во областа на современиот танц. Оваа програма е наменета за сите оние кои сакаат да го развијат своето уметничко или педагошко знаење, како и да се стекнат со потребните вештини за работа во професионалниот свет на танцот, од изведба до настава и кореографија.

Главната цел на магистерските програми за Педагогија и Кореографија на современ танц е да им овозможи на студентите длабинско разбирање на современите танцови техники и кореографски методологии, како и да ги подготви за професионална работа во областите на танцовата педагогија, кореографијата и уметничките изведби. Програмите комбинираат теоретски, практични и истражувачки дисциплини, кои му овозможуваат на студентот да се развие како самостоен уметник/педагог.

Програмите се специјализирани и вклучуваат иновации во танцовата педагогија и нови кореографски пристапи, со особено внимание на креирањето и изведувањето на современи танцови дела.

Кариера и можности

Студентите кои ги завршуваат магистерските програми Педагогија и Кореографија на современ танц ќе бидат подготвени да работат во различни професионални контексти, како што се:

- Педагози по танц – во културни институции, образовни установи или во балетски и танцови студија.
- Кореографи – во танцови ансамбли, театри, културни настани и фестивали.
- Креативни директори и изведувачи – на сцена и во други области поврзани со современиот танц.
- Научници и истражувачи – во академски и истражувачки институти, како и во развој на нови методи во педагогијата и танцот.
- Консултанти за културни проекти и организатори на настани.

Магистерските програми за Педагогија и кореографија на современ танц на Универзитетот „Гоце Делчев" нудат уникатна можност за студентите да се развијат како комплетни уметници или педагози. Програмата е динамична и иновативна, интегрирајќи теоретско знаење со практично искуство, ги подготвува студентите да одговорат на потребите на современата танцова сцена и образовниот систем. Програмата се стреми да ги ослободи креативните потенцијали на студентите и да ги поттикне да станат лидери во областа на танцот и неговото образование.

**Додипломски студии Балетска педагогија**

Додипломските студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се стремат да ги подготват студентите да станат висококвалификувани педагози и наставници во областа на класичниот балет. Програмата нуди соодветен академски и практичен пристап за развој на педагошките способности, уметничката компетентност и теоретското разбирање на балетската уметност.

Целта на додипломските студии по балетска педагогија е да обезбедат темелно образование кое ги вклучува сите аспекти на класичниот балет: од техника и кореографија, преку педагошки и методолошки пристапи, до разбирање на психолошките и социјалните аспекти на танцот. Катедрата ги подготвува студентите да станат наставници и педагози кои ќе бидат способни да пренесуваат знаење и вештини на идните генерации танчари и балетски уметници.

Студентите кои ја завршуваат програмата за балетска педагогија имаат широк спектар на професионални можности. Тие можат да работат како наставници по балет во училиштата, балетски студија и културни институции, како и да станат теоретичари во областа на балетската педагогија. Додека се движат напред во својата кариера, многу од нив се вклучуваат во наставата на академско ниво, истражувачки проекти или работат во водење на танцови и балетски ансамбли.

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| Додипломските студии по балетска педагогија на Универзитетот „Гоце Делчев“ ги комбинираат теоретското знаење со практичното искуство во подготовката на високо квалификувани професионалци во областа на балетот. Со своите студиски програми и динамичен пристап кон балетската уметност и педагогијата, Катедрата се посветува на воспитување на следната генерација балетски педагози кои ќе ја носат традицијата и иновациите на балетската уметност во иднината.<br>**Додипломски студии Современ танц на УГД,** се стремат да ги подготват студентите како висококвалификувани современи танчери во областа на танцовата уметност. Програмата нуди соодветен академски и практичен пристап за развој на танчерските способности, развој на индивидуална експресија и професионална обука за современ танц.<br>Целта на додипломските студии за современ танц е да обезбеди темелно образование кое ги вклучува сите аспекти на современата танцова и изведбена уметност, техники на танцување и теоретска подлога за понатамошен развој. Катедрата ги подготвува студентите да станат професионални танчери, кои со својата посебност и изразност ќе се конкурентни на домашната и светската танцова сцена.<br>Студентите кои завршуваат студии за современ танц имаат широк спектар на професионални можности. Тие можат да настапуваат на професионалната сцена, да работат во танцови студија и културни институции. Додипломските студии за современ танц ги комбинираат практичното и теоретското знаење и подготовка за висококвалификувани уметници кои ќе внесат иновативност во танцовата уметност. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената, причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Филмската академија нема реакредитирани програми.<br>Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.8.А Пример на евидентен лист од еден предмет | |
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |
| **Е-индекс** електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни потсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие потсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.<br>Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 дадени во Прилозите 2.9.А, 2.9.Б. и 2.9.В.<br>Прилог 2.9.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2 | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето заедно со причината за напуштање на студиите<br>Прилог 2.9.Б. Листа на предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за секој циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет<br>Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени студенти, број на положени студенти, како и просечна оценка на положување<br>Прилог 2.9.Г СВОТ анализа на Стандард 2 | |

**Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот**

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица.<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување квалитет во наставниот процес.

На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот, како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет.

Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот на Соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.

Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.

Понатаму, Универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус-програмата.

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20 % од финалната евалуација на студентите.

Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Филмска академија, со исклучок за преодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава на Филмска академија се практичната и теоретската настава која нуди интегриран пристап за образование на студентите кои се стремат да станат високо квалификувани педагози, кореографи и танчери. Додипломските програми за современ танц и балетска педагогија и магистерските студии за кореографија и едукација комбинираат интензивна практична настава со длабинско теоретско изучување, овозможувајќи им на студентите да стекнат широк спектар на вештини и знаења кои ќе ги подготват за успешна кариера во образованието и уметноста.

Практичната настава е еден од клучните аспекти на образованието на студентите по современ танц и балетска педагогија. Во овие области, теоријата не е доволна ако не се комбинира со непосредна примена на наученото во реални услови. Студентите се охрабруваат да работат на своите физички и креативни вештини, како и да се здобијат со практично искуство во наставата, кореографијата и изведбата.

Теоретската настава игра важна улога во формирањето на академска основа и длабоко разбирање на танцовите уметности, како и на принципите на педагогијата и методологијата на настава. Студентите се запознаваат со важноста на балетската и современата педагогија во образовниот систем.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

- Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл. од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата, каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.
- Наставата на Катедрата за современ танц и балетска педагогија постојано се развива и адаптира на новите трендови во уметноста, технологијата и педагогиката. Наставата по танц треба да биде иновативна и да вклучува нови методи кои ќе го поттикнат творештвото и личниот развој на студентите. Во оваа насока, настава по современ танц и балетска педагогија се потпира на креативни пристапи, кои комбинираат традиционални и современи техники, како и примена на нова технологија.
- Иновативни методи кои се користат во наставата по современ танц:
- 1. Интегрирање на импровизација во наставата
- Импровизацијата е основен аспект на современиот танц и се користи како метод за развивање на креативноста, слободното движење и индивидуалниот израз. Во наставата се користат различни импровизациски техники, кои им помагаат на студентите да се поврзат со своето тело и да истражуваат нови начини на движење. Овој метод вклучува:
- Импровизација заснована на теми или идеи: Студентите импровизираат во контекст на одредени концепти, чувства или визуелни стимулации.
- Импровизација со ограничувања: Упатства за импровизација кои вклучуваат одредени физички ограничувања, како што се движење во одредени правци или ограничување на брзината на движење, за да се поттикне нова композиција.
- Слободна импровизација: Студентите имаат слобода да импровизираат без никакви ограничувања, што ја поттикнува нивната уметничка слобода и инвентивност.
- 2. Метод на творечки процеси и партнерства
- Современите танцови форми често бараат соработка меѓу различни уметнички дисциплини, како што се музика, визуелни уметности и технологија. За да се поттикне креативната соработка, наставата се фокусира на:
- Крос-дисциплинарни проекти: Студентите работат во тимови со уметници од други области, како музичари, визуелни уметници или техничари, што ја збогатува нивната уметничка практика и ги поттикнува на нови начини на размислување.
- Дуетен танц: Работа со партнер која бара синхронизација и комуникација во текот на импровизацијата и кореографијата, помага во развој на доверба, координација, сила и изразување.
- 3. Примената на новите технологии во настава
- Со развојот на технологијата, современата танцова настава сè повеќе се ослободува од традиционалните физички простори и се насочува кон интегрирање на нови дигитални алатки:
- Видео анализа: Студентите ги снимаат нивните изведби, кои потоа ги анализираат за да ја подобрат техниката, изразот и интерпретацијата на движење. Ова дава можност за самооценување и побрз напредок.
- Виртуелни платформи: Во време на онлајн образование, виртуелните платформи се користат за онлајн часови, што овозможува глобална комуникација и учење.
- Мултимедијални претстави: Интеграцијата на проектирање, звуци, и видео со танцот создава нови уметнички изрази. Ова не само што ги стимулира студентите да размислуваат иновативно, туку им овозможува да создадат современи кореографии и перформанси кои комбинираат повеќе форми на уметност.
- 4. Физички и емоционален тренинг преку танц

- Современите методи во наставата на танц не се фокусираат само на физичката издржливост, туку и на развојот на емоционалната интелигенција и телесната свест:
- Сензорни вежби: Вежбите кои се фокусираат на осетот на допир, баланс, тежина и простор, ја зголемуваат свесноста за телото и неговата комуникација со околината.
- Емоционален израз: Студентите се охрабруваат да експериментираат со израз на различни емоции преку телесни движења.
- 5. Групна колаборација
- Современ танц во голема мера се фокусира на социјалната и колаборативната страна на уметноста, каде што групната динамика игра клучна улога во создавањето на современи танцови изведби:
- Групни кореографски проекти: Студентите учат како да работат во тимови/групи, со цел да креираат кореографии кои вклучуваат соработка, колективно решавање на проблеми и координација.
- Импровизација во групи: Соработката во групна импровизација ја развива способноста за комуникација без зборови и за прилагодување на движењата на другите учесници, што е есенцијално за групните перформанси.
- Иновативните методи за настава по современ танц се насочени кон развој на сите аспекти на танцувачко тело: физички, креативни, емоционални и интелектуални. Овие методи овозможуваат студентите да го истражуваат сопствениот израз, да комуницираат со други уметници и да се ангажираат во интердисциплинарни и мултимедијални проекти, што понатаму ги подготвува за професионални и уметнички предизвици во брзо менувачкиот свет на современиот танц.
- Иновативни методи на предавање балетска педагогија
- Балетската педагогија бара внимателна комбинација на теорија и пракса, техничка дисциплина и емоционално изразување. За да се одговори на потребите на современите студенти и да се постигне креативен, но и ефикасен развој на идните педагози и танчери, балетската педагогија мора да се адаптира на новите образовни и уметнички трендови. Интегрирањето на иновативни методи во наставата по балетска педагогија може да ја унапреди квалитетот на наставата, да ја подобри мотивацијата на студентите и да ја направи наставата по балет поинтересна и поефективна.
- 1. Иновативни педагошки пристапи во наставата по балет
- Во класичната балетска педагогија, акцентот е ставен на правилно изведување на техниката. Сепак, иновативниот пристап го поставува фокусот на развојот на целокупниот танчер, каде студентите не само што ги учат основните позиции и техники, туку се охрабруваат да ги истражуваат сопствените способности и стилови.
- Промоција и интеграција на технички и креативни елементи: Студентите се учат како да се изразуваат преку движење и да ги применат овие елементи во поставување на балетски час .
- Студентите се поттикнуваат да ја развијат својата способност за самооценување и самоанализирање на техниката и наставниот процес. Водењето на рефлексивни дневници, видео анализа на изведба и анализа на педагошкиот пристап им помага на студентите да ги идентификуваат своите силни страни и области за подобрување.
- 2. Интерактивни и мултимедијални методи
- Видеоанализа и видеонаставни ресурси: Користењето видеоматеријали за анализа на техники и изведби помагаат во подобрување на физичката изведба на студентите. Студентите можат да гледаат како професионални танчери изведуваат балет, а потоа да ги анализираат и споредуваат нивните движења со сопствените. Ова нуди моментален поврат на информации и визуализација која ги подобрува корекциите.
- Користење на виртуелни платформи: Во ерата на дигитализација, наставниците можат да создадат виртуелни училници или онлајн часови во кои студентите можат да учат во своето време. Ова е особено корисно за додатни објаснувања, материјали и ресурси кои ја дополнуваат директната настава.
- За време на теоретските часови, наставниците можат да користат видео, аудио, слики и анимации, кои ќе ја подобрат разбирливоста на историските и теоретските аспекти на балетската педагогија. Ова ќе им овозможи на студентите да се запознаат со традицијата и развојот на балетот преку визуелни и интерактивни методи.
- Студентите се ставаат во ситуација да раководат со балетски часови со ученици на различни нивоа. Овие симулации им овозможуваат на студентите да ги практикуваат своите знаења во реални наставни услови и да ги развиваат нивните педагошки и лидерски способности.
- Педагозите можат да користат индивидуални наставни методи кои се прилагодуваат на потребите на секој студент.
- Студентите се охрабруваат да учат преку истражување и експериментирање со нови танцови техники, кои можат да бидат комбинирани со балетската педагогија.

- Истражувачки методи во педагогијата: Студентите можат да изведуваат истражувања за нови методи на учење, со што ќе ја подобрат нивната способност да применат теоретски концепти во практика.

Прилози:
Прилог 3.2.А Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно преку распоред на часови: линк 1 и линк 2

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Во 2020 година, кога светот беше погоден од глобалната пандемија на COVID-19, многу институции беа принудени да преминат на онлајн образование, вклучувајќи ги танцовите студии и уметничките факултети. Ова беше голем предизвик за наставата по танц, која традиционално се одвива во физички простори и бара непосреден контакт и демонстрација на техники. Меѓутоа, педагозите успеаја да прилагодат нови методи на настава, комбинирајќи иновации во технологијата со потребата за одржување на техничката и креативната едукација.
Пример за онлајн настава по современ танц во 2020 година:
Во 2020 година, наставата по современ танц се одвиваше на различни онлајн платформи и алатки, како што се Zoom, Google Meet, Microsoft Teams и платформи за споделување видеа како YouTube и Vimeo. Овие платформи овозможуваа видеоповици за живо (live-streaming), што беше клучно за одржување на непосреден контакт и интеракција со студентите.
Планирање на онлајн часови

- Теоретски часови: Во текот на онлајн наставата, наставниците по современ танц често комбинираа теоретски и практични елементи. Во теоретските часови студентите се запознаваа со историјата на современиот танц, основите на различни стилови како и со теоријата на движење.
- Интерактивни елементи: Студентите учествуваа во дискусии и анкетирања за разни аспекти на танцот, што беше поддржано од онлајн алатки за анкетирање и групни разговори
- Онлајн часови по техника: За време на онлајн часовите, наставниците организираа видеодемонстрации, во кои покажуваа техники и вежби за студентите да ги следат од дома. Студентите, пак, ги изведуваа вежбите во својот простор и се јавуваа преку камера за да добијат директни повратни информации. Пример за ова е „Движење на подот“ (floor work) или балетски час.
- Видеозаписи на изведби: Често се користеле пред направени видеоматеријали, каде што наставниците демонстрираа различни стилови на движење и се фокусираа на корекција на техниките преку коментари или повратни информации.
- „Пракса во домашни услови“: Со оглед на тоа што студентите беа дома, часовите беа прилагодени за мал простор, а се користеа различни техники за работа со максимална ефикасност во ограничен простор (како што се импровизација или работа со елементи на телото што не бараат широко користење на просторот).
- Колаборација преку онлајн платформи: Студентите можеа да работат во мали групи или двојки преку онлајн платформи, каде што споделуваа идеи, видеа и кореографски концепти. Платформи како Google Drive, Dropbox и WeTransfer им овозможија на студентите да споделуваат видеа за кои понатаму се отвораа дискусии.
- Самостојна работа: Студентите беа поттикнати да создадат сопствени кореографии кои потоа ги снимаа и ги испраќаа за анализа и коментар од страна на професорот на следните онлајн часови.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.) се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.5.А) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување” (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум 7 поени и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

- 10 (А) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.
Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.
Филмската академија се придржува до регулативите за оценување и им дава можност на студентите да имаат транспарентен пристап на дигиталната платформа на Е-индекс. Студентите на овој начин имаат простор за доставување прашања и отворање дискусии.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми

| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
|---|---|

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, Прилог 3.5.А-3.5.Г);
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Д);
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѓ);
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Е);
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.Ж);
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски трудна Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.З);
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи..
Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб-страницата на Универзитетот.

**Прилози:**
Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии
Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти
Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Г. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Д. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за затворање на пријави во е-индекс
Прилог 3.5.Е. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Ж. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд
Прилог 3.5.З. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело
Прилог 3.5.Ѕ. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Наставната програма предвидува доставување на повратни информации, при полагање на испитот се разговара со секој студент одделно и се прави евалуација во која и тој треба да посочи на одредени забелешки, доколку ги има. Оценките се ставаат и се гледаат во е-индекс, секој може да реагира доколку има потреба.

Постои правилник за студирање, кој се спроведува. Доколку е потребно комисиско полагање се вклучува комисија од тројца прфоесори, кои го оценуваат студентот, според годишните залагања и постигнувања, како и завршниот испит.

На Катедрата за современ танц и балетска педагогија се применуваат иновативни пристапи во оценувањето преку следење на практичниот дел на наставата, посебно според професионалните процеси и настапи кои им се овозможуваат на студентите, преку соработката со Скопје танцовиот театар.

Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:
- Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34.
- Етички кодекс на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А).
- План за родова нееднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б).

Исто така, Универзитетот има дефинирано:
- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)

| |
|---|
| - Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)<br>- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/ 20)<br>Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.<br>Филмската академија нема досегашни пријави за корупција.<br>Прилог 3.7.Д дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3. |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22<br>Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22<br>Прилог 3.7.В. СВОТ анализа на Стандард 3 |

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |
| Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, 3.5.А-3.5.Г). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)<br>• Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/). | |
| **Прилози**<br>/ | |
| 4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите<br>Доказ дека системот е функционален |
| **Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на кој било факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) можат сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи електронскиот индекс за администрација на | |

податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г) или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д)), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).
Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.
Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**
Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти
Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар
Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА
Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)
Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)
Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години |

На Универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.
Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).
По завршување на размената, продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за Е-индекс за реализација на активностите на студентот во системот за Е-индекс.
На Единицата, во периодот на самоевалуација, нема студенти кои искористиле Еразмус+ мобилност.
Исто така, во периодот на самоевалуација, 2 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Г).

**Прилози:**
Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во Универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмскои партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи
Прилог 4.3.Г. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |

| | |
|---|---|
| статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | |

Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).
Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.
Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.
Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности,(dr.sc,PhD/dr.art)); сер
иски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.
Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ги реализира студиите доколку е различен од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.
Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите е регулиран со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).
Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).
Прилог 4.4.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4.

**Прилози:**
Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018
Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома
Прилог 4.4.В. Транскрипт на оценки
Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4

## Стандард 5 - Наставен кадар

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презиметона вработеното/ангажираното лице). |

Професорите и сите стручни соработници кои се вклучени во наставната програма имаат одлично познавање на материјалот, високото образование го стекнуваат на соодветни, престижни универзитети и како еден од најважните фактори, би кажале дека имаат огромно сценско искуство, што придонесува за нивниот квалитет во предавањата, како и работата со значајни кореографски и професорски имиња на светско ниво. **Редовен професор д-р Рисима Матевска Мијановиќ (Рисимкин),** одликувана е со Орден на Витез од редот на уметностите и книжевноста на Франција. Рисимкин има завршено докторат за „Компаративни поетики на современи танцови стилови во Европа во 20-от век“, таа е со звање балет-мајстор и балетски режисер и педагог. Рисимкин има повеќе од 40 кореографски авторски проекти, кои ги остварува со значајни светски компании, на домашната сцена со Националниот балет и Скопеј танцовиот театар, на светско ниво со Националните балети на Љубљана, Словенија, Анталија, Турција, Државната современа танцова комапнија „Танцова компанија 9“ од Пекинг, Кина и други. Како балерина има околу илјада настапи на балетската сцена, како кореограф, покрај Скопје, Велес, Битола, Штип, Куманово, Струмица, Охрид, Струга во земјава, има настапи во Њујорк, САД; Пекинг, Чуанџо и Ханџо, Кина; Париз, Франција, Хаг и Амстердам, Холандија; Верона, Италија; Љубљана, Словенија; Братислава, Словачка и др. Како професор Рисима Рисимкин држи предавања на „Антон Брукнер“ универзитетот од Линц, Австрија; Пекиншката акдемија за танц и Минџу универзитетот во Пекинг, Кина; Академија за музика и танц, Братислава, Словачка и други. **Доцент м-р Адријана Данчевска**, завршува во Скопје Танцова академија, каде и магистрира. Има повеќе авторски кореографии, кои се изведуваат во земјава и странство. Добитник е на награда - Прво место од стручно жири и Прво место од публика, на 28-от Фестивал на кореографски минијатури во Белград, Србија, 2022 година. Создава кореографии со КОДАРТС, Ротерда, Холандија и Факултетот за убави ументости, Цирих, Швајцарија. Battery Dance Festival, USA; Holland Dance Festival; Silk Road, China; Meet in Beijing; Tanec Praha; Its Festival, Amsterdam; Masdanza, Canary Islands; Tanzmesse, Cologne; San Vicente, Croatia; Ankara Solo Dance Festival; Contemporary dance week, Zagreb, Croatia и др. **Насловен доцент м-р Благој Мицевски** е еден од најплодните македонски костимографи. Завршува високо образование на Универзитетот во Загреб на Технолошкиот факултет, на престижната Виша школа за дизајн на текстил и облека. Во 2014 година, Мицевски магистрира на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во Скопје и станува магистер по театарска режија. Во периодот од 2015 до 2016 година м-р Мицевски ја врши и функцијата в.д. директор на Народниот театар во Битола. Кандидатот м-р Мицевски во наставната сезона 2009/2010 год. работи како соработник од пракса за предметот Костимографија на Одделот за костимографија при Факултетот за театарска уметност на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во Скопје. Од наставната сезона 2021/2022 година кандидатот работи како соработник од пракса за предметите Сценографија и Историја на костим, во наставната програма од втор циклус студии на Катедрата за современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“, чија настава се изведува во просториите на УГД во Скопје. М-р Мицевски за својата работа има добиени 14 награди за најдобра костимографија на Фестивалот „Војдан Чернодрински“ и една за дизајн на театарска сценографија. М-р Мицевски како костимограф соработува со голем број етаблирани светски режисери, со кои работи во престижни театарски ансамбли во земјава и во странство, меѓу другите со „Словенско младинско гледалишче“ во Љубљана, Словенија; „Националната опера“ во Љубљана, Словенија; „Националната опера“ во Братислава, Словачка; „Современиот танцов театар 9“ во Пекинг, Кина; „Народно позориште“, Белград, Србија; „Народно позориште“ во Сараево, Босна и Херцеговина; „Кралскиот театар“ во Цетиње, Црна Гора; „Београдско драмско позориште“ во Белград, Србија, Народен театар во Приштина, Косово, „Новосадско позориште“ во Нови Сад и др. **Насловен доцент м-р Анастасија Данчевска** завршува во Скопје Танцова академија, а магистрира на Филмската академија на УГД. Работи со светски професори и кореографи меѓу кои: Марио Камачо, Ан Ван То, Лоранд Захар, Сања Хасагич, Бен Бергманс, Хилдегард, Драјер, Нил Вердорн и други. Анастасија Данчевска соработува со повеќе македонски и странски кореографи, како Рисима Рисимкин, Матеа Киселичка, Адријана Данчевска, Дејан Битровски, потоа Џоан Ван Дер Маст (Холандија), Антонело Тудиско (Италија), Чао Ке (Кина), Грегор Луштек (Словенија), Тан Хао (Кина), Шимон Кубан (Чешка) и Јотам Пелед (Германија). Анастасија Данчевска настапува на повеќе реномирани сцени и фестивали, меѓу кои „Верона Шекспир Фринге Фестивал“ во 2023 година; „Laiksdejot festival“ Рига, Латвија и „Недела на модерен танц“, Загреб, Хрватска во 2022 година; „Holland Dance Festival“ Хаг, Холандија и „Battery Dance Festival“ Њујорк, САД во 2018 година „Егзодос фестивал“, Љубљана, Словенија во 2017 година; „Share festival“ Братислава, Словачка, во 2017/2019 година,„Отворена сцена“ во Хаг и Ротердам, Холандија во 2015 година. Учествува на повеќе работилници од кои, Сита Остхајмер од Компанијата Хофеш Шехтер во Солун, Грција, многубројни семинари со македонскиот кореограф Игор Киров во средното балетско училиште, Тобиас Драегер од Хамбург, Германија при Танц-Трансформатор, а работи и како асистент на работилниците на Дениз Вејл, уметнички соработник на легендарната Марта Греам Танцова компанија од Њујорк, САД на нивното гостување на Танц Фест во Скопје во 2022 година. **Насловен доцент м-р Олга Панго** е македонска балерина, кореограф и балетски педагог Член на ЦИД – УНЕСКО – Интернационален совет за танц, под покровителство на УНЕСКО. Кореограф е на повеќе авторски претстави, а настапува како танчер и кореограф во Архус, Данска; Варна, Бугарија; Подгорица, Ц.Г.; Белград, Србија; Лајпциг, Германија; Солун, Грција; Европска културна престолнина Бургас, Бугарија; ЕКСПО Лисабон, Португалија; Тајван; Есен, Германија; Саем за танц, Диселдорф, Германија; Саем за танц, Москва, Санкт Петербург Русија; Трабзон, Турција; Драч, Албанија; Истанбул, Турција; Прага, Чешка; Бијариц, Франција; Милано, Италија; Брајтон, Англија; Ринкобинк, Данска. Добитник е на

повеќе награди, како: 1989 година – Сребрена плакета на сојузен балетски натпревар во Нови Сад, Србија, 1988 - 1990 година – Бронзена плакета на сојузен балетски натпревар во Белград, Србија, 1990 година – Прва награда на Републички балетски натпревар во Скопје, Македонија, 2006 година – Прва награда за кореографско остварување за претставата „Јас Исидора“ на театарскиот фестивал во Трабзон, Турција, 2008 година – Награда за кореографија и сценски движења во претставата „Женички“ на 43. театарски фестивал „Војдан Чернодрински“, 2011 година – Награда за кореографија и сценски движења во претставата „Кабаре Оркестра“ на 46. театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ и др. **М-р Дејан Битровски** завршува во Скопје Танцова академија, а магистрира на Филмската академија на УГД. Автор е на повеќе кореографии, како танчер настапува низ земјава и странство, настапува на повеќе реномирани сцени и фестивали, меѓу кои „Верона Шекспир Фринге Фестивал“ во 2023 година; „Laiksdejot festival“ Рига, Латвија и „Недела на модерен танц“, Загреб, Хрватска во 2022 година; „Holland Dance Festival“ Хаг, Холандија и „Battery Dance Festival“ Њујорк, САД во 2018 година, „Share festival“,Братислава, Словачка, во 2017/2019 година, „Отворена сцена“ во Хаг и Ротердам, Холандија во 2015 година. **Стручен соработник**, **м-р Дафина Данилоска – Кочевска** е дел од студиската програма за Балетска педагогија при ФА, на УГД. Завршува високо образование на Академијата за музичка, танцова и ликовна уметност во Пловдив, Бугарија, каде и магистрира балетска педагогија. Од 2001 година е вработена во Националната опера и балет како солист. Работи со голем број на кореографи кои творат во областа на современиот танц, модерниот балет, мјузикл и филм и има настапено во голем број балетски куќи ширум Европа и светот. Од септември 2015 до јуни 2018 е координатор на балетот на НОБ, а од септември 2023 година е репетитор на балетскиот ансамбл во НОБ. Од септември 2006 работи како надворешен соработник во ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“, Скопје, како педагог по класичен балет. Во 2023 и 2024 година е дел од тимот на наставници на „Classical Ballet Camp“ во Измир, Турција. **Стручен соработник м-р Маја Митровска-Богојевска** е дел од студиската програма за Балетска педагогија при ФА, на УГД. Завршува високо образование на Академијата за музичка, танцова и ликовна уметност во Пловдив, Бугарија, каде и магистрира балетска педагогија. Од 2005 година е солист на балетот при Националната опера и балет каде остварува голем број на улоги и гостувања низ земјава и странство. Работи како педагог во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ по предметите Класичен балет, Репертоар и Методика на класичен балет. Има освоено повеќе награди под менторство, а учествува на голем број семинари и работилници за класичен балет. **Стручен соработник Викторија Коцева** завршува на Катедрата за современ танц при УГД, каде моментално е на магистерски студии. Настапвува во продукциите на Скопје танцовиот театар, со кој патува во земјава и во странство. **Редовен професор м-р Тони Китановски** при Музичаката академија на УГД. Музичкото образование го завршува на престижниот Музички колеџ Беркли (Berklee College of Music). За време на својата триесетгодишна професионална кариера одржал повеќе од илјада концерти во САД, во повеќе европски земји и насекаде во земјава и на Балканот. Неговото композиторско и изведувачко творештво било предмет на музиколошки истражувања и докторски дисертации (Dave Wilson, Music Making Space: Musicians, Scenes, and Belonging in the Republic of Macedonia, UCLA 2015; Julijana Zhabeva-Papazova: Toni Kitanovski and Cherkezi Orchestra – Global and Local Intercourse, European Jazz Personalities, Peter Lang 2013 ISBN:9783631697849). Неговата музика е постојано присутна на радиобрановите на речиси сите континенти. **Редовен проф. д-р Светлана Јовевска, д-р** по медицински науки. Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје. Во септември 2009 година ја одбранува докторската дисертација и се здобива со звањето доктор на медицински науки. Работи како асистент на Институтот за анатомија при Медицинскиот факултет во Скопје и е вклучена во научноистражувачката работа на Институтот за анатомија од областа на хуманата анатомија и морфологија. Како посебна област на интерес таа ги има обработено функционалната, клиничката и радиолошката анатомија на феталниот бубрег и бубрегот кај возрасната популација. Од 1.11.2012 година е избрана за доцент на ФМН при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и е во редовен работен однос на Факултетот од 1.12.2012 година. **Проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева,** при Факултет за образовни науки на УГД, завршува докторски студии во 2003 на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Има големо искуство како професор и учествува на повеќе проекти од областа на педагогијата како 2005-2008 „Creative teaching/learning“, USAID, FOSIM (учесник) „Local employment, education and training initiatives“ - „Joint Days of Lifelong Learning“ (Neighborhood Programme Bulgaria – Republic of Macedonia), Ministry of Regional Development and Public Works, Bulgaria & Europen Agency for Reconstructiuon, Skopje, Macedonia (координатор). **Професор д-р Валентина Велковска Трајковска** завршува на Факултетот за музичка уметност во Скопје каде и магистрира во областа на теоријата на оркестрацијата, а од 2009 година е на докторски студии. Композитор е на голем број дела, а има големо педагошко искуство и предава на Музичката академија при УГД.

**Прилози:**

Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми

Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на Филмската академија

Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Наставниот кадар на Катедрата за современ танц и Балетска педагогија при Филмсаката академија на УГД, има остварено голем број на уметнички дела. Деканката на ФА, **професор д-р Рисима Рисимкин** во 2021 година е автор на научниот труд „Создавање софтер за компјутерски генерирана короеографија“ кој е објавен на Научната конференција „ЕТИМА 2021“, а во последните пет години ги има остварено овие авторски кореографски проекти: „Лејди Магбет“ со Скопје танцовот театар; „Сага“ со Националната опера и балет; „Меѓусвет (Убавите жени) и Идентитети – Историја на еден растегнат сон“ со Скопје танцов театар. Таа гостува на фестивалот Охридско лето, каде одбележува 30 години јубилеј на короеграфско творештво и остварува историско гостување во Националниот театар за современ танц „Шајо“ во Париз, Франција. Добитник е на Одликување од Француската влада *Витез од редот на уметностите и книжевноста* за својата уметничка работа. **Доцент м-р Адријана Данчевска** во последните пет години е автор на проектите: „Дома“; „Не ми ги допирај очите“; „Go figure it out“; „Место, многу посебно за неа“ со Скопје танцовиот театар и е добитник на Награда за најдобра кореографија на 28-то издание на Интернационалниот фестивал на кореографски

минијатури во Белград, Србија. **Стручен соработник м-р Дејан Битровски** е автор на следниве проекти: „God Speed“; „Ѓаволска дупка“; „Блокови“; „Напуштена иднина“ и „Квартет“. Катедрата за современ танц остварува голем број настапи со студентите, преку нивната практична работа со Скопје танцовиот театар.

**Прилози:**
Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО.
Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]; Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.4), и истата се однесува за зголемен ангажман во наставата.
Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ континуирано работи во насока на константно учење и следење на светските практики во образованието. Покрај наставниот кадар кој е во постојан работен однос, дополнително за квалитетна реализација на студиските програми од прв и втор циклус академски студии вклучени се професори и соработници од други единици на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на предметните програми за современ танц и балетска педагогија. Високата стапка на ангажираност на наставно-научниот кадар за одржување активна настава во текот на неделата е резултат на недостатокот од соработнички кадар што се одразува на дополнително ангажирање на наставниците за студентите на прв и втор циклус студии, што е регулирано со Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.Г).

**Прилози:**
Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии
Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години
Прилог 5.3.В. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години. На УГД овој прилог треба да се покрие со евидентните листови од настава, но тоа е премногу обемна работа и прашање е дали сите професори ги чуваат
Прилог 5.3.Г. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно-научни звања кој сеприменува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години). Линк до Билтен во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати.

Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, кои ги вреднуваат академските квалификации и заслугите на кандидатите. Условите за работа ги истакнуваат важноста на наставната работа, а процесот нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата е усогласена со утврдените критериуми, што обезбедува фер и објективно вработување.
На Филмската академија секаде се запазени академските квалификации и закони. На објавените конкурси се јавува по еден кандидат кој е избран по закон за вработување согласно јавниот конкурс.

---

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети

| |
|---|
| **Прилози:**<br>Прилог 5.4.А.Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип<br>Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години<br>Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна |

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема воустановата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

| |
|---|
| Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој се регулира покрај другото и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар.<br>Установата има развиена постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар, со цел да се поддржи висок квалитет на наставата и научната работа. Кадарот на Филмската академија располага со современа аудио-визуелна опрема која овозможува ефективно изведување на наставни активности, како и пристап до релевантни електронски бази на податоци, што им овозможува на наставниците да користат актуелни и стручни материјали во процесот на предавање и истражување. Покрај тоа, установата обезбедува соодветни просторни услови, како што се двете балетски сали, кои се неопходни за практична работа во оваа област. Дополнително, има можност за набавка и на други ресурси кои се важни за секојдневната работа на наставниот кадар, што гарантира ефективност и поддршка во исполнувањето на академските и професионалните цели. |
| **Прилози**<br>Прилог 5.5.А. Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата<br>Прилог 5.5.В. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата<br>Прилог 5.5.Г. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми |

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

| |
|---|
| Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А.<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). Катедрата за современ танц и балетска педагогија на Факултетот има за цел да образува високообразовани професионалци кои ќе работат како наставници и уметници во областа на современиот танц и балетската педагогија. Техничките вештини на наставниот кадар се од клучно значење за обезбедување на висококвалитетно образование, како и за развој на студентите, кои ќе ги применуваат стекнатите знаења и вештини во професионалната практика.<br>Наставниот кадар на Катедрата за современ танц и балетска педагогија применува комбиниран пристап во наставата, кој вклучува теоретски и практични елементи со фокус на развој на техничките вештини, креативноста и уметничката изразливост на студентите. Основните компоненти на методологијата вклучуваат:<br>Техники на танцување: Професорите демонстрираат и применуваат различни танцови техники, вклучувајќи класичен балет, современи танцови форми, како и комбинирани техники кои вклучуваат импровизација. Техниката во современиот танц не е само физичка, туку и емоционална и интелектуална. Професорите ги поттикнуваат студентите да развиваат уникатен уметнички израз преку нивните тела, кој не само што ја пренесува техничката прецизност, туку и личната креативност и емоционална изразливост. |

Професионален развој на наставниот кадар

За да ги задржат високите стандарди во наставата, наставниците на Катедрата активно се ангажираат во континуиран професионален развој. Ова вклучува:

- Учество во професионални изведби: Многу професори активно учествуваат во професионални танцови продукции како танчари или кореографи, што им овозможува да ги применат и усовршат своите танцови и педагошки вештини.
- Меѓународна соработка и едукација: Професорите редовно учествуваат на меѓународни работилници, семинари и конференции, што им овозможува да ги следат најновите трендови во светот на современиот танц и балетот, како и да го надградат своето знаење и искуство.
- Специјализација во нови танцови форми: Со брзиот развој на танцовата сцена, важно е наставниот кадар да продолжи да се усовршува во новите танцови стилови (танцот како форма на терапија, експериментални форми на танц и слично).

**Прилози**

Прилог 5.6.А. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма

Прилог 5.6.Б. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Установата активно ангажира визитинг наставници, афирмирани уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство, како дел од реализацијата на студиската програма. Тие имаат релевантен профил кој одговара на потребите и целите на програмата и со своето искуство и знаење носат значителна додадена вредност. Присуството на овие стручњаци овозможува студентите да се запознаат со најновите тенденции и практики во својата област, како и да добијат уникатни перспективи и инспирација од врвни професионалци и академици.

2023 – Наставен план за развој на иновативни методи за настава во рамки на проектот „УГД – Чекор кон светот“ волумен 1

15 јуни
10:00 – 11:30 ч. Работилница за класичен балет со м-р Маја Митровска Богојевска, стручен соработник Анастасија Данчевска
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес на современи танцови техники со проф. д-р Рисима Рисимкин

16 јуни
10:00 – 11:30 ч. Работилница за класичен балет со м-р Дафина Данилоска, стручен соработник Дејан Битровски
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес на современи танцови техники со проф. д-р Рисима Рисимкин

17 јуни
10:00 – 11:30 ч. Работилница за класичен балет со м-р Олга Панго, стручен соработник Анастасија Данчевска
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес на современи танцови техники со проф. д-р Рисима Рисимкин

20 јуни
10:00 – 11:30 ч. Работилница за современ танц со Настја Џјубар, Ли Мун Ваи, Викторија Илиоска, стручен соработник Дејан Битровски
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес на современи танцови техники со проф. д-р Рисима Рисимкин

21 јуни
10:00 – 11:30 ч. Работилница за современ танц со Настја Џјубар, Ли Мун Ваи, Викторија Илиоска
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес на современи танцови техники со проф. д-р Рисима Рисимкин

22 јуни
11:30 – 15:00 ч. Работилница за кореографија со проф. д-р Рисима Рисимкин, асистент доцент Адријана Данчевска

24 јуни
10:00 – 13:00 ч. Работилница за кореографија со проф. д-р Рисима Рисимкин, асистент доцент Адријана Данчевска

25 јуни
10:00 – 13:00 ч. Работилница за современ танц со доцент Адријана Данчевска

16 до 21 август
10:00 – 11:30 ч. Работилница за современ танц – стручен соработник Анастасија Данчевска
12:00 – 15:00 ч. Работилница за кореографија со проф. д-р Рисима Рисимкин

22 до 26 август
10:00 – 11:30 ч. Работилница за современ танц – стручен соработник Дејан Битровски
12:00 – 15:00 ч. Работилница за кореографија со проф. д-р Рисима Рисимкин

2024 – Наставен план за развој на иновативни методи за настава во рамки на проектот „УГД – Чекор кон светот“ волумен 1

17 до 20 април 2024 – Работилници за современ танц со професор Розе Брус, од „Антон Брукнер“ Универзитет од Линц, Австрија

13 до 17 мај 2024 – Работилници со професорките: м-р Џоан ван дер Маст, професор и кореограф при Кралскиот конзерваториум во Хаг, Холандија и Џорџа Д'Амико, професор и танчер од Швајцарија и професор д-р Рисима Рисимкин од УГД

7 до 9 јуни 2024 – Работилници на професор – стручен соработник Анастасија Данчевска на фестивал во Братислава: Имплементација на класична балетска техника за обука на современи танчери.

7 до 9 јуни 2024 – Работилници со: Дарја Костскина (современ танц), Антон Брукнер Универзитет Линц, Австрија и Мијхаела Минова (Кенингем техника на движење), Академија за изведувачки уметности од Братислава, Словачка.

**Прилози**
Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години. Табелата вклучува тип на ангажман, област/предмет и период на ангажман.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Научни истражувања во современиот танц и балетската педагогија
На Катедрата за современ танц и балетска педагогија научното истражување не е насочено само на теоретски студии, туку вклучува и примена на научните резултати во наставниот процес. На пример, истражувањата во областа на телесната анатомија и педагогијата на движењето имаат директна примена во техниките на танцување, кои се предмет на наставата.
Студентите кои се обучуваат за современи и класични танцови техники се запознаваат со научни студии за телесната механика и физиологија на движењето. Со ова, се зголемува свесноста за правилната техника, превенција на повреди и оптимизација на перформансите, што е директна примена на научните истражувања во наставата.
Истражувањата за креативноста во танцот, кои се често поврзани со психологија и когнитивни науки, се користат за развој на нови наставни методи кои поттикнуваат студентите да истражуваат и да се изразуваат со поголема слобода и иновација. Ова помага во создавањето на креативни и уникатни танцови продукции.

Кореографските процеси не само што се уметнички акти, туку и области за научно истражување. Научната анализа на кореографијата, како и на перформансите, овозможува објективен увид во структурата, композицијата и техничките елементи на танцот. Истражувањата за ефектот на различни танцови стилови на емоционалната и физичката состојба на изведувачите и публиката, како и ефектите од различни наставни методи, се предмет на научно истражување.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Катедрата за современ танц и балетска педагогија активно ја следи динамиката на уметничката и педагошката сцена, интегрирајќи нови технологии и иновации во наставните методи. Со цел да ја задоволи потребата за креативно и ефективно образование, Катедрата постојано истражува нови начини на настава и учење кои го развиваат потенцијалот на студентите, ги поддржуваат различните стилови на танц и ја интегрираат новата технологија како алатка во процесот на учење и изведба.
1. Интеграција на дигитални технологии во наставата
Современата технологија овозможува нови начини на предавање, анализа и документирање на танцовите техники. Катедрата за современ танц и балетска педагогија користи дигитални платформи и алатки за подобрување на наставниот процес, што вклучува:

- Видеоанализи на движењата: Примената на видеоанализа како наставна алатка овозможува студентите да ги снимаат своите перформанси, а наставниците да ги анализираат нивните технички вештини. Овој метод помага во прецизното идентификување на грешки и подобрување на техниките.
- Платформи за учење на далечина: Катедрата го користи онлајн образованието за студентите кои не можат редовно да присуствуваат на часовите. Ова вклучува и видеопредавања, снимки на танцови техники, како и дискусии на форуми.

2. Користење на виртуелна и проширена реалност

Новите технологии, како што се виртуелната реалност (VR) и проширената реалност (AR), ги отвораат новите можности за развој на танцовата педагогија. Овие алатки дозволуваат виртуелно присуство на различни сцени, како и симулација на перформанси кои не се достапни во физичка форма.

3. Интерактивни и колаборативни платформи за учење

Платформи како Зоом, Google Classroom, Теамс и други интерактивни алатки овозможуваат директна комуникација и размена на материјали помеѓу професорите и студентите. Овие платформи дозволуваат:

- Интеракција и колаборација: Студентите можат да разменуваат идеи, да поставуваат прашања и да дебатираат за различни танцови стилови и техники.
- Поддршка на персонализиран наставен пристап: Со помош на овие алатки, професорите можат да обезбедат индивидуални задачи и да го следат напредокот на студентите во реално време.

**Прилози:**

/

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5 % од објавените публикации во последните три години). |

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 5.10.А). Во Правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците/учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД“. Редовна проверка на учебниците/учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијаризмот: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25 %.

Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува“.

Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.В).

Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција.

Секој учебник/учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијатизам, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори (Прилог 5.10.Г).

Проверката за плагијатизам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот Плагијати.

Проверката за плагијатизам на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.

**Прилози**

Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетски гласник број 60, 98-107

Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма, Универзитетски гласник број 60, 108-112

Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма, Универзитетски гласник број 60, 113-130

Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа;<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој Правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на тимови од вработените.
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научноистражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да можат да бидат индексирани во различни бази.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**
Прилог 5.11.А. ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.11.Б. ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.В. ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Г. Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Д. ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.Ѓ. ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;Релевантни извештаи или препораки |

Катедрата за современ танц и Балетска педагогија при ФА на УГД, во целост ги следи развојните цели, како и социо-економскиот контекст во општеството. Програмата имплементира високи наставни стандарди во сооднос со европските, наставната програма вклучува одличен наставен кадар, кој постојано се надградува во земјава и странство. Програмите вклучуваат различни активности, како отворени наставни денови, на кој можат да присуствуваат млади уметници и маргинални групи. Воедно, своите настапи ги изведува на ниво на целата земја, со цел да се помогне развојот на културата и во руралните и помалку развиените места. Според начинот и приемот на публиката, која присуствува на претставите кои ги изведува Катедрата за современ танц и балетска педагогија, се прават согледувања, врз кои се прават подобрувања на активностите, со цел, да се допре до поголем број на млади. Воедно, Катедрата учествуваше, во соработка со Интерарт културниот центар од Скопје, во развој на уметнички активизам, против семејното насилство и за родова еднаквост, при што се комуницираше со млади ученици во Штип, Скопје, Велес, Куманово, Битола, Охрид, Струга, Гостивар, Тетово, Струмица и Неготино.

Прилог 5.12.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5.

**Прилози**
Прилог 5.12.А СВОТ анализа на Стандард 5

**Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите**

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години<br>Финансиски извештаи од претходните три години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.

Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А), а динамиката на вкупниот буџет на Универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.

Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25 % од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55 % и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.

Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).

Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од МОН е 45 % од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2 %.

**Средства од сопствени приходи**

Средства од сопствените приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.

Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 до 2021 година изнесувала 38.71%, додека за период 2021-2024 изнесува 38.25%.

**Средства од научни проекти**

Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средства кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.

Зголемувањето и стабилноста во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напорите на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учеството на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5,5 % од буџетот на УГД.

Според податоците за просечната процентуалната застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4,1%, додека за периодот на евалуација од 2021 до 2024 година изнесуваат 5,5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**

За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.

Процентуално просечните приходите во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56 %, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17 %. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор –*
Факултетот Филмска академија располага со вкупен простор од 392 $m^2$, 2 студија за танцување со вкупна површина од 207,12 $m^2$, кои се во сопственост на Универзитетот.
Наставната програма се одвива во 2 студија за танц кои имаат вкупна површина од 207,12 $m^2$ и капацитет од 25 седишта/столици. Факултетот располага со 3 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 15,80 $m^2$ и капацитет од седишта.
*Видови опсерватори*
Списокот на простории со површина со кои располага Факултетот е даден во прилог 6.2.А.

*Видови на опрема*
Амфитеатрите на Факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Предавални се опремени со аудиоопрема и специфични опреми за определена студиска програма.
*Библиотечен фонд*
Факултетот има вкупно 60 книги од областите на студиската група од кои 5 се домашни, а 55 се странски книги.
*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://lipovdol-fs.ugd.edu.mk/
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/kalendar-vodic-prv-ciklus-2021.pdf

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот
http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd

- како и настава поддржана со Microsoft Teams.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење и
- многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1081 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 444 260 корисници, а од регистрираните корисници направени се 551 880 симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 28.11.2024 година).
Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на Факултетот е
**https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php**

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата.

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство) Е-распоредот е достапен на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
https://fa.ugd.edu.mk/images/2024/FA-raspored-2024-25.pdf

**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД и е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на Универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.
Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23 090 содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 28.11.2024 година).
http://eprints.ugd.edu.mk/
Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18 379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4711 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1100 нови наслови.

**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Филмска академија одржува пракса со физичко присуство.

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб-страницата на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:
- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf

**Настава подржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со ковид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот универзитет. При крајот на пандемијата Универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата

и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за.учење на далечина. Прилог 6.2.Ж Креирани тимови во Microsoft Teams на Факултетот.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат во предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите. Обезбедени се посебни места во предавалните за лица со посебни потреби.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (Прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научноистражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.
**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.
**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот, е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев" располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.
**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.
**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев" во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени.
**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршката на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис-заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.

Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и:
Одделение за системска и мрежна администрација;
Одделение за средства и техничка поддршка;

<table>
<tr><td colspan="2">Одделение за проектирање и одржување;<br>Центар за трансфер на технологии.<br>Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани и прикажани на органограмот во Прилог 1.1.А.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 6.2.А. Список на простории со површина со кои располага Факултетот</td></tr>
<tr><td>6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.</td><td>Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На факултетот Филмска академија во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 2 лица, од кои 2 лица извршуваат административни работи, а 0 лица извршуваат помошно-технички работи.<br>Факултетот Филмска академија во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 2 лица за извршување на административните работи, од кои 1 е со висока стручна спрема и 1 со средно образование (Прилог 6.3.А). Исто така, нема ангажирано лица за извршување на помошно-техничките работи. Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата (100), во Ректоратот (32), а само 2 се распоредени на Факултетот.<br>Листата на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите во Прилог 6.3.Б.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024</td></tr>
<tr><td>6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии.</td><td>Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студентите на Катедрата за современ танц при Филмската академија на УГД имаaат можност преку соработката со Скопје танцовиот театар (Интерарт културниот центар) да остваруваат пракса, која е круцијален фактор за нивниот уметнички развој, како и пласман на професионалната сцена во земјава и странство. Тие во овие продукции работат со различни кореографи и се стекнуваат со непроценливо искуство како млади уметници.<br><br>Во прилог 6.4.А се научноистражувачките проекти и настапи кои тие ги имаат остварено во периодот од 2021 до 2024 година, како и студиските престои на престижни европски академии.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии.</td></tr>
<tr><td>6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.</td><td>Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на</td></tr>
</table>

студентската пракса преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб-локација
https://ckr.ugd.edu.mk/
Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:
- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, релевантно работно искуство од полето на интерес;
- Искуство од учење кое што ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите;
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот;
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство кое што го бараат работодавците;
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на пракса по дипломирањето;
- Вмрежување и создавање на професионални контакти, Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо); Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо); Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години; Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб-локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17 000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област можат да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:
- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Целта на настанот беше преку предавање да се посочуваат клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.
Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; |

| | |
|---|---|
| установата функционира Студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420)
Статутот на УГД е достапен на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf
Одлука за избор на членови на ННС е дадена во Прилог 6.7.А, на Студентско собрание е дадена во Прилог 6.7.Б, а извештај од последните спроведени избори во Прилог 6.7.В.
Одлуката за избор на студентски правобранител односно негов заменик е прикажана во Прилог 6.7.Г.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени следниве активности:
*Реализација на спортски активности*
- Организација на еднодневни планинарски тури на Водно за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на еднодневни тури на Попова Шапка за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на куглање во куглана во Скопје за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
*Учество на УГД тим во улични трки*
- Wizz air маратон, октомври 2022 година – 50 учесници од УГД (студенти и вработени), од кои 6 учесници во полумаратонската трка;
- Улична трка во Кавадарци – Кавадаречки полумаратон, 12 март 2023 г. Учество на 28 учесници, студенти и вработени на УГД учествуваа на трките на 5 и 10 км.
- Авицена женска трка – организирана на 9 април 2023 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Авицена женска трка – организирана на 7 април 2024 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Поетска трка во Струга – организирана на 21 мај 2023 година на која на трките на 5 км и 10 км учествуваа 15 вработени на УГД.
*Планинарски тури организирани и поддржани од страна на УГД*
- Планинарска тура во Берово во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ – Штип и Планинарско друштво - Берово, организирана на 30 октомври 2022 година. На турата учествуваа 115 студенти и вработени на УГД.
- Еднодневна тура на Попова Шапка, организирана на 3 март 2023 година. Учествуваа 25 студенти на УГД кои имаа можност да се вклучат во различни зимски спортови.
- Планинарска тура во Михаилово – Кавадарци, организирана на 2 април 2023 година во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ - Штип и планинари од Кавадарци. На турата учествуваа 60 студенти и вработени на УГД.
- Планинарската тура на Плачковица, организирана во рамките на Outdoor festival „Ја сакам Плачковица“ во организација на ПД „Лисец“. Турата се реализираше на 9 јули 2023 година и на истата учествуваа повеќе од 20 студенти и вработени на УГД.
- Планинарски тури на Водно – организирани во рамките на наставата по Спорт и рекреација. Во истите учествуваа студенти од сите години од сите факултети на УГД. Истите се организираат еднаш во месецот во текот на летниот и зимскиот семестар.
*Универзитетски спортски лиги на УГД*
- Традиционално, по тринаесетти пат, во рамките на одбележувањето на патрониот празник на УГД се организираа Универзитетските спортски лиги за студенти на УГД. Во рамките на истите беа организирани натпревари во одбојка (мажи и жени), футсал (мажи) и пинг-понг. Во истите учествуваа повеќе од 150 студенти од сите факултети на УГД. Дополнително, за вторпат беше организирана Планинарска тура која се реализираше во Михаилово - Кавадарци. За најдобрите учесници во сите категории, од страна на УСКЦ беа обезбедени соодветни награди.
*Државни универзитетски спортски лиги*
- Како член на Универзитетската спортска федерација, во периодот од декември 2021 до мај 2023 година, студенти и екипи на УГД учествуваа во државни универзитетски натпревари во одбојка, футсал, кошарка, ракомет, куглање, стрелање и шах, организирани од Универзитетската спортска федерација на Македонија. Околу 50 студенти на различни факултети на УГД ги претставуваат екипите на УГД во различни спортови. Притоа, екипите на УГД освоија

трето место во кошарка (мажи), трето место во ракомет (жени и мажи) и индивидуално трето место мажи во куглање.
- По неколку години пауза, УГД беше домаќин на дел од натпреварите во универзитетските државни лиги, како и домаќин на финалните натпревари во одбојка.
*Други активности*
- Во септември 2022 година, УГД во соработка со ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и ISHSN мрежата беа организатори на Работилница со наслов „Одржливи универзитетски спортски кампуси“.
• Како резултат од овој настан, подготвена е книга под наслов „Planning and Managing Sport, Recreation, and Health in Higher Education: Sustainable Practices for a Sustainable Future“, која е во коедиција на ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во истата, професори од УГД се јавуваат како коедитори, автори и рецензенти.
*Учество на меѓународни проекти за спорт*
- Во рамките на програмата Еразмус+ спорт, претставници на УСКЦ учествуваа во бројни настани и активности организирани во рамките на проектите BeValueR reload, Tennis clubs for dual careers, Meaningfulness in youth sport и Balkans Fit. Во рамките на истите беа вклучени спортисти и тренери од машката и женска одбојкарска екипа, карате екипа, Боречки клуб „Киро Ристов“ – Штип, Тениски клуб „Астибо“ – Штип, Тениски клуб „Нет“ – Струмица, како и студенти и вработени на УГД во рамките на проектот Balkans Fit. Во рамките на меѓународните состаноци, УГД и членовите на УСКЦ беа домаќини на професори, тренери и спортски работници од Норвешка, Канада, Шкотска, Ирска, Бугарија, Словенија, Романија и Грција.
- Почнувајќи од август 2023 година, УГД е дел од два нови Еразмус спортски проекти:
Champions of Inclusion and Diversity using Meaningful Physical Education in Primary Schools (CHAMS- INC-MPE) и проектот Gem Set Equality (GSE).
- Првиот проект CHAMS- INC-MPE се однесува на подобрување на компетенциите на студентите – идни наставници и наставниците во тандем наставата за реализација на физичкото образование во основното образование. Во истиот покрај УГД, како проектни партнери се универзитети од Ирска, Канада, Норвешка, Шпанија, Данска.
- Вториот проект Gem Set Equality е билатерален проект меѓу Македонија и Бугарија кој работи на креирање на тренинг програма за подобрување на компетенциите на жени тренери и креирање програми за привлекување на девојчиња во спортот.
*Поддршка за настани и студенти*
- Поддршка на спортисти – студенти преку стипендии;
- Поддршка на студенти – бруцоши преку наградни ваучери;
- Учество на Европско универзитетско првенство за боречки спортови (карате). Под организација на EUSA и FISU, УГД учествуваше на Европско универзитетско првенство за боречки спортови, во спорт карате, дисциплина борби.

**Прилози**
Прилог 6.7.А. Одлука од ННС за учество на студенти во работата на ННС на единицата
Прилог 6.7.Б. Одлука за избор на членови на Факултетско студентско собрание
Прилог 6.7.В. Извештај од последните спроведени избори на членови на Факултетското студентско собрание
Прилог 6.7.Г. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страница. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентите начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и веб, а сите негови активности можат да се проследат на веб-локацијата
https://coj.ugd.edu.mk/index.html
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб-страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од Универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година и е транспарентно објавен на веб-локацијата

https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб-локацијата https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се:
- Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/
- Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)
- Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)
студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.
**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб-страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани https://fa.ugd.edu.mk/index.php/mk/
и во делот за соопштенија достапни на веб-локацијата https://fa.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija
Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб-страницата на Факултетот https://fa.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi
Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:
Информатори за студирање за секоја академска година https://fa.ugd.edu.mk/index.php/mk/za-fakultetot
Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД (1046 наслови) https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
Е-репозиториум на УГД содржи над 22 320 содржини публикувани трудови, книги, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД http://eprints.ugd.edu.mk/

Прилог 6.8.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6.

**Прилози:**
Прилог 6.8.А СВОТ анализа на Стандард 6

**Стандард 7- Управување со информации**

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален |

Универзитетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, и тоа на различни начини.
Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоеваулација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер.
Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.S – 1.2.Л).
Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е сè уште во фаза на тестирање.

Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.
Податоците од електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитрација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл.
За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научноистражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 7.2 Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и ги вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот. |

Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог-мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.
Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрвин Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти (Прилог 7.2.А), како и Централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти. На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.
Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на Комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.
Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание, а и Универзитетскиот сенат има студенти членови. На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.

**Прилози:**
Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата
Прилог 7.2.Б Одлука за избор на студенти членови на ННС
Прилог 7.2.В Извештај за структурата на студентите за учебната 2021 – 2024

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

| | |
|---|---|
| потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | |

На универзитетската веб-страница и на факултетската веб-страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.
Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб-порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).
Во периодот 2021-2024, Филмската академија учествуваше во повеќе значајни настани и активности (Прилог 7.3.А).

**Прилози:**
Прилог 7.3.А. Листа на значајни настани и активности

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практика за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).
Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.
Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.
Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.
За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник-раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.
Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.
Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.

| |
|---|
| За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.<br>Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.<br>Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб-сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.<br>Прилог 7.4.В дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7. |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци<br>Прилог 7.4.Б. Павилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/<br>Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/<br>УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно и лесно достапни и на следните социјални мрежи:<br>https://www.facebook.com/ugdstip<br>https://www.instagram.com/ugdstip/<br>https://www.youtube.com/user/UGDSTIP | |

https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA
Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и онлајн на следната веб-локација
https://coj.ugd.edu.mk/eho.html

**Прилози:**
Прилог 8.1.А линкови од вести, настани од веб-страницата на Факултетот и линкови од социјалните мрежи

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот; 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година; 8. Завршна сметка; 9. Годишен извештај; 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони; 13. Етички кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf
2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
https://fa.ugd.edu.mk/documents/БА-Contemporary-Dance-Performance-180-ECTS.pdf
https://fa.ugd.edu.mk/documents/MA-Contemporary-Dance-Education-60-ECTS.pdf
https://fa.ugd.edu.mk/documents/MA-Contemporary-Dance-Education-120-ECTS.pdf
https://fa.ugd.edu.mk/documents/MA-Contemporary-Dance-Choreography-60-ECTS.pdf
https://fa.ugd.edu.mk/documents/MA-Contemporary-Dance-choreography-120-ECTS.pdf

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 118
Изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 430
Универзитетски гласник број 36, страна 433
Универзитетски гласник број 37, страна 42
Универзитетски гласник број 38, страна 8
Универзитетски гласник број 38, страна 68
Универзитетски гласник број 39, страна 10
Универзитетски гласник број 39, страна 13
Универзитетски гласник број 39, страна 22
Универзитетски гласник број 39, страна 25
Универзитетски гласник број 39, страна 79
Универзитетски гласник број 43, страна 80
Универзитетски гласник број 49, страна 13
Универзитетски гласник број 49, страна 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com) -

4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf -

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;

Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, страна 516-528
Универзитетски гласник број 43, страна 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, страна 20-34
Универзитетски гласник број 48, страна 23-31
Универзитетски гласник број 49, страна 40-42
Универзитетски гласник број 51, страна 9-24
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со Законот за изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, страна 71-80
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование
Универзитетски гласник број 54, страна 25-35
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 55, страна 10-11
Универзитетски гласник број 58, страна 14-15
Универзитетски гласник број 59, страна 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, страна 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/338/pdf/338-2.pdf
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/350/pdf/350-12.pdf
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2020/258/pdf/258-1.pdf
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2022/308/pdf/308-2.pdf
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2022/308/pdf/308-1.pdf
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2019/239/pdf/239-5.pdf
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2020/258/pdf/258-1.pdf

7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година;
https://fa.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija/32-raspored-neparen-2024-25

8. Завршна сметка;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf -

9. Годишен извештај;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf -

10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/ -

11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/ -

12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони;
https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/ -

13. Етички кодекс.
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf -

**Прилози:**
Прилог 8.2.А Одлуки за последен избор во звање за секој наставник и соработник

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб-страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб-страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Преку Школата за докторски студии УГД ги објавува сите информации кои се однесуваат на докторските студии на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>Пред одбрана на секоја докторска дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштенија на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации можат да се проследат на линковите<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/<br><br>Прилог 8.3.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.3.А СВОТ анализа на Стандард 8 | |

**Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација**

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алиансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат пракса во некоја европска фирма и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитетот има и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб-страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите можат да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.А).<br>На Филмската академија нема студенти кои користеле мобилност во периодот на самоевалуација. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.1.А Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ECTS | |
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн) |
| Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ - Штип (2022-2025) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на | |

меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик.
Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.
На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.

**Прилози:**
Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година
Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Во периодот на 2023 и 2024 Универзитетот финансиски поддржа два уметнички проекти „УГД – Чекор кон светот“ и „УГД – Чекор кон светот (волумен 2)“.
Во рамки на овие проекти беа вклучени следните активности:
**2023 – Наставен план за развој на иновативни методи за настава во рамки на проектот „УГД – Чекор кон светот“ волумен 1**
**15 јуни**
10:00 – 11:30 ч. Работилница со м-р Маја Митровска Богојевска, стручен соработник Анастасија Данчевска
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес со проф. д-р Рисима Рисимкин
**16 јуни**
10:00 – 11:30 ч. Работилница со м-р Дафина Данилоска, стручен соработник Дејан Битровски
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес со проф. д-р Рисима Рисимкин
**17 јуни**
10:00 – 11:30 ч. Работилница со м-р Олга Панго, стручен соработник Анастасија Данчевска
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес со проф. д-р Рисима Рисимкин
**20 јуни**
10:00 – 11:30 ч. Работилница со Настја Ѕјубар, Ли Мун Ваи, Викторија Илиоска, стручен соработник Дејан Битровски
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес со проф. д-р Рисима Рисимкин
**21 јуни**
10:00 – 11:30 ч. Работилница со Настја Ѕјубар, Ли Мун Ваи, Викторија Илиоска
13:30 – 15:00 ч. Интеграциски процес со проф. д-р Рисима Рисимкин
**22 јуни**
11:30 – 15:00 ч. со проф. д-р Рисима Рисимкин, асистент доцент Адријана Данчевска
**24 јуни**
10:00 – 13:00 ч. со проф. д-р Рисима Рисимкин, асистент доцент Адријана Данчевска
**25 јуни**
10:00 – 13:00 ч. со доцент Адријана Данчевска
**16 до 21 август**
10:00 – 11:30 ч. Работилница за современ танц – стручен соработник Анастасија Данчевска
12:00 – 15:00 ч. Работилница за кореографија со проф. д-р Рисима Рисимкин
**26.06.2023 - „Лејди Магбет“ (Квартетот), Битола Шекспир фестивал, Народен театар Битола**
Кореографија и режија: Рисима Рисимкин; Музика: Тони Китановски; Костими: Благој Мицевски; Сценографија: Матеа Мијановиќ

Асистент-репетитор: Адријана Данчевска; Настапија: Лејди Магбет: Анастасија Данчевска; Магбет: Дејан Битровски;
Вештерка, алтер его на Лејди Магбет: Бобан Русески; Вештерка, алтер его на Магбет: Сара Цветковска; Вештерки, студенти на УГД, Катедра за современ танц: Моника Шолевска, Клара Христовска, Сара Димовска, Стефани Шааршмит, Јоана Благадуша, Микаела-Анџела Глигорова, Ангела Петревска, Мила Блажевска, Ева Десоска и Теона Ѓуровска
**22 до 26 август**
10:00 – 11:30 ч. Работилница за современ танц – стручен соработник Дејан Битровски
12:00 – 15:00 ч. Работилница за кореографија со проф. д-р Рисима Рисимкин
**29.08.2023 - „Лејди Магбет“ (Квартетот)**, **Верона Шекспир Фринге фестивал, Театар Камплој, Верона, Италија**
Кореографија и режија: Рисима Рисимкин; Музика: Тони Китановски; Костими: Благој Мицевски; Сценографија: Матеа Мијановиќ Асистент-репетитор: Адријана Данчевска; Настапија: Лејди Магбет: Анастасија Данчевска; Магбет: Дејан Битровски; Вештерка, алтер его на Лејди Магбет: Бобан Русески; Вештерка, алтер его на Магбет: Сара Цветковска; Вештерки, студенти на УГД, Катедра за современ танц: Викторија Коцева, Клара Христовска, Стефани Шааршмит, Јоана Благадуша

**2024 – Наставен план за развој на иновативни методи за настава во рамки на проектот „УГД – Чекор кон светот“ волумен 217 до 20 Април 2024** – Работилници за современ танц со професор Розе Брус, од „Антон Брукнер“ Универзитет од Линц, Австрија **13 до 17 мај 2024** – Работилници со професорките: м-р Џоан ван дер Маст, професор и кореограф при Кралскиот конзерваториум во Хаг, Холандија и Џорџа Д’Амико, професор и танчер од Швајцарија и професор д-р Рисима Рисимкин од УГД
**13.05.2024 – МКЦ, Скопје**
УГД – Чекор кон светот & Скопје танцов театар 2
**„Болеро“**
Кореографија и режија: Адријана Данчевска Ровчанин; Музика: Морис Равел; Сценографија: Ивана Мојсовска и Матеа Мијановиќ; Настапија: Елена Терзиева, Теона Ѓуровска, Михаела Колцунова, Надја Луканивска, Ивона Маневска, Миа Петровиќ, Марија Андовска, Елена Стојкоска
**„Квартет“ - дипломска претстава на студентите од трета година**
Кореографија и режија: Дејан Битровски; Костими: Скопје танцов театар; Настапија: Сара Димовска, Јоана Благадуша, Клара Христова, Микаела-Анџела Глигорова
**„Котел“**
Кореографија и режија: Рисима Рисимкин; Музика: Тони Китановски; Костими: Благој Мицевски; Настапија: Сара Димовска, Јоана Благадуша, Клара Христова, Микаела-Анџела Глигорова, Теона Ѓуровска, Ивона Маневска, Миа Петровиќ, Елена Стојковска, Михаела Колцункова, Сара Крковиќ, Марија Андеовска
**7 до 9 јуни 2024** - Работилници на професор – стручен соработник Анастасија Данчевска на „Share“ фестивал во Братислава: Имплементација на класична балетска техника за обука на современи танчери.

Работилници со: Дарја Костскина (современ танц), Антон Брукнер Универзитет, Линц, Австрија и Мијхаела Минова (Кенингем техника на движење), Академија за изведувачки уметности од Братислава, Словачка;

**08.06.2024 – „Share“ фестивал, Театар ЛАБ, Братислава Словачка**
**„Квартет“ (волумен 2)**
Кореограф: Дејан Битровски; Настапија: Теона Ѓуровска, Нина Петрушевска, Надја Луканова и Миа Петровиќ
**„The Remix“**
Кореограф: Адријана Данчевска; Настапија: Теона Ѓуровска, Нина Петрушевска, Надја Луканова и Миа Петровиќ

**Прилози:**
**/**

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

- Катедрата за современ танц при Универзитетот „Гоце Делчев“ е дел од неформална асоцијација на повеќе европски универзитети и академии за танц: „Академијата за изведувачки уметности“ во Братислава, Словачка; „Антон Брукнер“ Универзитетот од Линц и „Универзитетот за музика и уметност на Градот Виена“ од Австрија; Литванската „Академија за музика и театар“; Конзерваториумскиот центар „Данкан“ од Прага, Чешка; „Колеџот за циркуска уметност и

| | |
|---|---|
| современ танц“ од Будимпешта, Унгарија; „Академијата за изведувачки уметности“ од Прага, Република Чешка. Заеднички, тие го формираат фестивалот „Share“, на кој споделуваат наставни рпограми, искуства и одржуваат настапи на секој од универзитетите. Вообичаено, околу стотина студенти и професори се собираат во рамките на овој фестивал.<br>• Еразмус програма – гости од странство на Универзитетот „Гоце Делчев“, ФА – Катедра за современ танц.<br>• Соработка со Интерарт културен центар<br>Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус + во Прилог 9.4.А.<br>На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Г).<br>Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+<br>Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)<br>Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)<br>Прилог 9.4.Г. Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми<br>Прилог 9.4.Д. Потпишан меморандум меѓу BDA и УГД | |
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
| Катедрата за современ танц на Филмската акдемија при УГД, постојано ја промовира својата наставна програма, преку проекти и гостувања надвор од земјава, како и објавување на отворени повици за аудиции за наставните програми на додипломски и магистерски судии, во престижниот портал Dance oportunities. На Катедрата гостуваат странски професори, преку Еразмус програмата и преку соработката со Интерарт културниот центар и неговите меѓународни проекти.<br>Прилог 9.5.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.5.А. Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа)<br>Прилог 9.5.Б. Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови<br>Прилог 9.5.В. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години<br>Прилог 9.5.Г СВОТ анализа на Стандард 9 | |

**Факултетска комисија за самоевалуација на Филмска Академија:**

1. Проф. д-р Рисима Рисимкин
2. Проф. д-р Наташа Трбојевиќ
3. Проф. д-р Невенка Дуковска
4. Надја Лукановска – студент
5. Марија Андовска – студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј „Димитар Влахов“ бр. 4,
II-Кат, Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Ликовна академија<br>(кратенка ЛА, УГД) |
| Седиште | Ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А, П. фах. 201,<br>2000 Штип<br>Република Северна Македонија |
| Контакт - информации | Тел: +389 32 550 474<br>Интернет адреса:<br>https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>Е-пошта: contact@la.ugd.edu.mk |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Проф. д-р Петар Намичев, декан<br>petar.namicev@ugd.edu.mk |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени Контакт-информации) | / |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | **2021/2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | / |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

Место, датум

М.П.

овластено лице на установата
(потпис)

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет |
| Седиште | Ул. „Крсте Мисирков" бр. 10-А, П. фах. 201, 2000 Штип<br>Република Северна Македонија |
| Веб - страница | https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/ |
| Мисија и визија на установата | Нашата визија е да им помогнеме на студентите да ја остварат нивната визија. Не случајно зборот „визија“ има ист корен со зборот „визуелност“, а токму визуелното и ликовното се нештата на кои им обрнуваме најмногу внимание. За таа цел ги изучуваме техниките на старите мајстори, како и современите техники од областа на уметноста; зборуваме за големите имиња од светот на уметноста, за сите елементи и специфики кои се потребни да се создаде ликовно дело, а најмногу од сѐ – цртаме, сликаме и вајаме. На патот до остварување на визијата на студентите да станат самостојни квалификувани творци, помагаме на повеќе начини: како учители, ментори, но и пријатели. Бараме посветеност и одговорност, но даваме знаење и искуство. Притоа, не заборавме дека секој студент е посебна индивидуа, со различни интереси и афинитети, и максимално се трудиме поединечно да помагаме во совладувањето на оние работи кои се генерални приоритети за професијата ликовен уметник, но и во личните приоритети врзани за процесот на образование. Ликовната академија е место каде што студентите ќе почувствуваат што значи да се биде еднаков, но истовремено и различен.<br>Нашата мисија е да го приближиме професионалниот дел од светот на уметноста до жителите на источниот дел на Македонија, со цел образованието од областа на ликовните уметности да биде достапно до оние млади луѓе кои не можат да си дозволат подалечни патувања. Со отворањето на Ликовната академија во Штип, дел од таа мисија е исполнета. Наша мисија е и да работиме на зголемувањето на свесноста и знаењето од областа на ликовната уметност. Преку континуирано организирање на изложби на нашите студенти, како и со организирана посета на повеќе изложби на странски и домашни автори, двонасочно ја негуваме и јакнеме свесноста за уметноста и нејзината важност во едно општество. Нашата мисија, исто така, е да го подигнеме естетскиот критериум за уметноста, да ги осознаеме разликите помеѓу уметност и кич, да научиме да гледаме зад „убавото“, да ги вреднуваме трајните критериуми во уметноста кои ги трансцендираат вековите и епохите, да ја осознаеме естетиката на убавото, но и естетиката на грдото. Нашиот тим од професори и соработници школувани во Македонија, Русија, Украина, Романија, Бугарија е повеќе од квалификуван за овој вид на образовни предизвици. И конечно, наша мисија е да учиме заемно – студентите од нас, но и ние од нив. Не постои исцрпено знаење, не постои тема која е доистражена, не постои занает кој е усовршен, ниту уметничко дело кое е идеално. И покрај тоа, човекот се стреми да ги оствари овие идеали. Ваквиот стремеж секогаш е поинспиративен кога се споделува. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев" – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Број и датум: Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Северна Македонија: Бр. 1301-1056/1 од 29.09.2014 г.<br>**Прв циклус**<br>Класично сликарство<br>https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2024/LA%20klasicno- |

| | |
|---|---|
| | slikarstvo-strukturna.pdf<br>Вајарство<br>https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2017-2018/vajarstvo-strukturna.pdf<br>**Втор циклус**<br>https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/vtor-ciklus-studiska-prog-slikarstvo.pdf<br>**Решенија за актедитација на студиски програми од прв циклус**<br>https://la.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija-la.pdf<br>**Решенија за актедитација на студиски програми од втор циклус**<br>https://la.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija-la.pdf |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 6 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус – 26 студенти<br>II циклус – 3 студенти |

**Развој на единицата**

Ликовната академија во рамките на Универзитет „Гоце Делчев" од Штип, во годините од своето постоење, постојано се движи во насока на развој преку поголема препознатливост во нашата држава и надвор од неа, првенствено преку константно одржување на групи на студенти во прв, а од скоро и втор циклус студии. Освен тоа, главната препознатливост е преку организирање или учество на самостојни и групни изложби, ликовни манифестации, учества на ликовни колонии и симпозиуми и соработки со други факултети и институции од областа на културата и уметноста.

Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во рамките на својата наставна дејност, изведувана во матичниот наставен центар во Штип, секогаш е посветен на високообразовна, уметничка и ликовна дејност во областа на цртањето, сликањето, сликарските техники, вајањато и вајарските техники.

Академијата како институција подготвено, брзо и соодветно реагира на промените во околината, и релативно добро е прифатена од страна на пазарот на трудот, во насока со стратешките потреби на ликовната уметност и образовните потреби во конкретното поле. Како доказ на наведеното се бројните изложби на нашите активни студенти, како и на дипломираните, но и активното вклучување на дипломираните студенти како кадар за уметнички предмети во основните и средни училишта во Штип и регионот, што говори за реалните потреби од таков кадар во државата, како и за квалитетот на образованието кое го нудиме на нашите студенти.

**Клучни институционални капацитети**

Академијата има прифатено законски акти од клучните министерства - Закон за високо образование; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност и ги следи правилата според Статутот и правилниците на Универзитетот.

Универзитетот „Гоце Делчев", вклучително и Ликовната академија, е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб - страницата, во делот на соопштенија, студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти. Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Ликовната академија има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува, користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, ателјеа, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес. Во однос на просторните услови и творечките капацитети, Ликовната академија располага со вкупен простор од 541$m^2$, од кои 230$m^2$ се во сопственост на Универзитетот, а

311$m^2$ се простории кои ги користи Академијата, а се во сопственост на НУУБ „Гоце Делчев“. Во рамки на просторот во сопственост на Унивезитетот, Академијата располага со 2 ателјеа и 2 предавални со вкупна површина од 141 $m^2$ и капацитет од 100 седишта. Наставната програма се одвива во 2 предавални кои имаат вкупна површина од 75 $m^2$ и вкупен капацитет од 50 седишта. Факултетот располага со 2 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 10 $m^2$ и капацитет од 5 седишта. Наставно-научниот процес главно се одвива во ателјеата. Останатиот простор од 311 $m^2$ кој се наоѓа во НУ-УБ „Гоце Делчев“ се состои од 1 вајарско ателје со површина од 105 $m^2$, 1 ливница со површина од 28 $m^2$., тоалети со површина од 10 $m^2$, како и тераса со површина од 36 $m^2$. Останатите 132 $m^2$ отпаѓаат на ходници и скали. Предавалните на академијата се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Ателјеата се опремени штафелаи, клупи за цртање, практикабли и останати специфични опреми за студиските програми. Студентите на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев” -Штип како и сите студенти од единиците на Универзитетот ги имаат достапно сите форми за континуирано учење, усовршување и професионално реализирање. Универзитетот располага со дигитални платформи кои се достапни на студентите како е-учење, е-индекс за студенти (следење на резултатите од нивните активности), информирање за тековни и идни настани, е-библиотека (достапни електронски изданија на учебници и учебни помагала).
Структурата на наставниот кадар на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Академијата при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип систематски и континуирано ја следи, оценува и поттикнува педагошката, истражувачката, а пред се' уметничката и креативна работа на наставниот и соработничкиот кадар. Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни и уметнички собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Од 2023 година Ликовната академија го издава својот Годишен ликовен преглед, кој функционира како електронско издание кое излегува на почетокот од календарската година, во кое се сумирани сите најважни активности на кадарот и студентите од претходната календарска година. Ликовните прегледи од досегашните години можат да се разгледаат на следните линкови:
https://la.ugd.edu.mk/images/2023/12/godisen-likoven-pregled-2023.pdf
https://la.ugd.edu.mk/images/2024/godisen-likoven-pregled-2024.pdf
Ликовната академија, исто така, е организатор на Ликовниот фестивал со наслов Ликовна визија, за чие одржување, активности и содржини навремено можат да се најдат информации на веб – страницата на Академијата. Информациите објавени на веб - страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Информации за значајни настани и активности на Академијата редовно се објавуваат на веб - страницата на Академијата и Универзитетот (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси. Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб - порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).
Додатно, Ликовната академија располага и со уникатен виртуелен простор, односно виртуелна галерија хостирана од страна на УГД. На неа се поставуваат тековно разни тематски изложби. Галеријата може да се посети преку скенирање на уникатен QR код, но и преку влез на страната galerija.ugd.edu.mk

**Области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години**

Целите на студиските програми се во склад со основните задачи и цели на академијата и се јасно и недвосмислено дефинирани, конкретни и остварливи со оглед на расположливите ресурси. Со совладување на студиските програми, студентите во целина се стекнуваат со општи и специфични (по предмети) способности за интегрирање на знаењето и вештините. Континуирано и системски се следи квалитетот на студиските програми, а според можностите, континуирано се осовременуваат студиските програми. Систематското следење на квалитетот на студиските програми и примената на релевантните корективни мерки со цел нивно постојано унапредување и усогласување со стекнатите компетенции и исходи од учењето со барањата на пазарот, се мерки кои се преземаат

за унапредување на квалитетот на стандардот.
Студентите кои се запишуваат на Ликовната академија на прв циклус на студии можат да изберат една од двете активни студиски програми на кои по завршување се стекнуваат со соодветна квалификација и дипломата за стекнато високо образование. Во тек на студирањето, институцијата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. Со завршување на студиите, студентите се стекнуваат со Диплома за завршени студии од прв или втор циклус на студии која ги содржи релевантните податоци (име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во место, општина, држава; завршил/а академски/стручни - вид и назив на студиската програма и насока; ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив -академски/стручен назив, академски/стручен назив за меѓународен промет, сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв или втор циклус на студии), покрај дипломата студентите добиваат и: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“.
Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.
За потребите на квалитетно одржување на вежбите по предметите согласно акредитацијата на студиските програми, Академијата на годишно ниво ангажира стручњаци од практика од државата и странство, кои се истакнати професионалци во своите области. Заради подобрување на квалитетот и унапредување на наставниот процес, Ликовната академија преку организирање на изложби, настани и работилници со видни и истакнати уметници од земјата и регионот ги одржува контактите и оди во чекор со останатите уметнички високообразовни институции. Во моментот на самоевалуација, Ликовната академија има активни договори со институциите од областа на културата и уметноста со што широко се отвора можност студентите квалитетно да ја реализираат практичната настава. Воопштено, наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење. Наставниот кадар знае да ги користи платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знае да креира квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето. Квалитетот на наставата се обезбедува преку интерактивност и вклучување на студентите во ликовни и уметнички проекти.

**Најголеми предизвици и недостатоци**

Загрижува трендот на намалување, односно воопшто непостоење на кадар во соработнички звања што се должи на недоволниот број нови вработувања. Високата стапка на ангажираност на наставно-научниот кадар за одржување активна настава во текот на неделата е резултат на недостатокот од соработнички кадар што се одразува на дополнително ангажирање на наставниците во изведување вежби за студентите на прв и втор циклус студии. Ова донекаде може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, академијата максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека на сите Конкурси се пријавил само по еден кандидат кој ги исполнувал условите согласно Правилникот.
Постојан преглед на целите на студиската програма и усогласување со стекнатите компетенции и исходи од учењето, усогласување со барањата на пазарот, континуираното развивање на наставната и студиската програма, развивањето на нови видови интерактивна настава погодна за работа со мал број ученици, како и систематско следење на квалитетот на студиските програми и примена на релевантни корективни мерки, се дел од мерките кои се преземаат за унапредување и подобрување на квалитетот на стандардот. Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ – Штип, меѓу другото, во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, која вклучува и развивање на студиски програми на Англиски јазик, како и развивање на меѓународна научна соработка. Потребно е да се дефинираат индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација на ниво на Универзитет, како и да се следат индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка годишно во вид на извештаи.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1 Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб - страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т.е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на:

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научно-истражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз која е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот од 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб - страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи(акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Во прилог 1.1.А прикажана е Организациона поставеност на Универзитетот, а со тоа и припадноста на факултетот во организационата структура, е дадена во органограмот од 31.11.2023

**Прилози:** Прилог 1.1.А Организациона поставеност на Универзитетот, а со тоа и припадноста на факултетот во организационата структура, е дадена во органограмот од 31.11.2023

| | |
|---|---|
| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб - страницата на универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија (Прилог 1.2.В.). Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година.Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период 14.11.2024 до 30.11.2024, и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Е).
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.Ж)

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.З, Прилог 1.2.Ѕ, Прилог 1.2.И). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на универзитетот. По комплетното документирање, Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, Прилог 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Ј.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета за наставнички и соработнички кадар
Прилог 1.2.Ж Анкета за административен и помошно-технички персонал
Прилог 1.2.З. Резултати анкети на студенти од прв циклус на ЛА

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Ѕ Резултати анкети на наставнички и соработнички кадар на ЛА<br>Прилог 1.2.И Резултати анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Ј. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет | |
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на, Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А. 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб - страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.

Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот, и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност, од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:

- Научно-истражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научно-истражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред се со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.

Од Прилог 1.2.З. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет.

**Прилози:**
Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан

| | |
|---|---|
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите

работни тела е основано Одделението за обезбедување на квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување на квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В) :

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување на квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитувањето на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на Координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на Координатор се оформи работна група поддржана од Ректор, Проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД“. Со работна група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување на квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со Универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научноистражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е, 1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување на квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување на квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на

наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk), и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година, и Наставно-научниот совет на факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**

Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5 Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација.<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби, направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование, и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така што покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладин сектор, и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв и втор циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиските програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.

Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на

студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страната на универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.
Последен во низата извештаи е Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021
(https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/izvestaj_za_samoevaluacija_na_ugd_19_21.pdf).

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. Весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6 Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес,<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб- страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултети и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Во прилог Прилог 1.6.Б е дадена SWOT анализа за исполнетост на стандард 1.

**Прилози:**
Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)
Прилог 1.6.Б SWOT анализа за исполнетост на стандард 1

**Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми**

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ликовната академија во рамките на својата наставна дејност е посветена на овозможување основно академско образование, а со тоа овозможување на студентите да ги совладаат елементите и принципите на класичниот ликовен јазик, да се стекнат со знаења за сите техники и претстави во кои се појавува класичната ликовна уметност, а притоа да ја развијат својата креативност и индивидуалност. Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат пренесливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставните програми на Ликовна академија настанаа како резултат на потребата на Р.С. Македонија од ликовни уметници кои се занимаваат со класичен ликовен израз, како и од потребата на институциите кои имаат потреба од овој тип на стручен кадар, со цел да се поткрене нивото и интересот за ликовната уметност во Р.С. Македонија Целта на студиските програма на основните академски студии по Класично сликарство и Вајарство е да овозможат основно академско образование, како и формирање на знаења од областа на цртањето, сликањето, сликарските техники, вајањето и вајарските техники. Суштината на програмите е во развојот на класичнот и реалистичен ликовен израз кој се гради врз фундаментите, принципите и законите на класичната ликовна уметност.<br>Студиските програми се во функција на културно зајакнување на одредени региони во Републиката, задоволување на интересот на младите и возрасните за завршување на високо образование, како и намалување на одливот на студенти кои го реализираат својот интерес за студирање во соседните земји.<br>Студиските програми ги истакнува нивната релевантност и добра осмисленост со целта за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и лични развој.<br>Целта на студиските програми е да им овозможат на студентите да ги совладаат елементите и принципите на класичниот ликовен јазик, да се стекнат со знаења за сите техники и претстави во кои се појавува класичното сликарство и вајарство, а притоа да ја развијат својата креативност и индивидуалност. Дипломираниот ликовен уметник по завршувањето на четиригодишните студии, ќе може да се вклучи во сите сегменти на општествениот и уметничкиот живот кои бараат високо уметничко образование – наставни, научни и уметнички установи, јавен и приватен сектор.</td></tr>
</table>

Во периодот 2021-2024, на Ликовната академија на **прв циклус студии** имаме акредитирано две студиски програми, Класично сликарство и Вајарство.

1. **Класично сликарство** (https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2024/LA%20klasicno-slikarstvo-strukturna.pdf)

Студиската програма е осмислена така што содржи релевантни стручни, уметнички и теоретски предмети од областа на ликовната уметност, конкретно сликарството, особено класичното. Едновремено, содржи и изборни предмети кои можат студентите да ги дообразуваат и запознаат со посовремени и релевантни техники и практики и да го збогатат нивниот сликарски праксис. Студентите на оваа студиска програма се стекнуваат со релевантни класични и современи знаења од областа на сликарството, и се образуваат да бидат самостојни автори со практично и теоретско знаење, но исто така и теоретски, текстуално и вербално да ја образложат комплексноста на сите аспекти од нивната визуелна работа.

2. **Вајарство** (https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2017-2018/vajarstvo-strukturna.pdf)

Студиската програма е осмислена така што содржи релевантни стручни, уметнички и теоретски предмети од областа на ликовната уметност, конкретно вајарството, особено класичното. Едновремено, содржи и изборни предмети кои можат студентите да ги дообразуваат и запознаат со посовремени и релевантни техники и практики и да го збогатат нивниот вајарски праксис. Студентите на оваа студиска програма се стекнуваат со релевантни класични и современи знаења од областа на вајарството, и се образуваат да бидат самостојни автори со практично и теоретско знаење, но исто така и теоретски, текстуално и вербално да ја образложат комплексноста на сите аспекти од нивната визуелна работа.

Во периодот 2021 – 2024, на Ликовната академија на **втор циклус студии** имаме акредитирано една студиска програма, студиската програма по Сликарство

1. **Сликарство** (https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/vtor-ciklus-studiska-prog-slikarstvo.pdf)

Студиската програма е осмислена така што содржи релевантни стручни, уметнички и теоретски предмети од областа на ликовната уметност, конкретно сликарството. Се работат класични но и современи, фигуративни но и нефигуративни претстави. Програмата содржи релевантни изборни предмети кои можат студентите да ги насочат кон современи и експериментални техники и практики и да го збогатат нивниот сликарски праксис, во насока на создавање на релевантни ликовни концепти кои се конкурентни на современата ликовна сцена.

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Создавањето на кадар од областа на ликовните уметности, освен продукција на ликовни уметници и уметнички дела, подразбира и индиректно создавање на културни милјеа, односно подобрување на културната клима во општеството, создавање на публика за уметнички изложби, како и можност за отворање на важни теми и дискусии од оваа област, како во стручната, така и во пошироката јавност. Подобрувањето на општата состојба со културата и уметноста подразбира и создавање на пазар на уметнички дела, што индиректно може да влијае и на економијата. Студиските програми на Ликовната академија пред сè имаат за цел да одговорат на културните потреби на општеството. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештините кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество во контекст на културата, уметноста и работата во ликовната сфера.

Во периодот 2021 – 2024, на Ликовната академија на прв циклус студии имаме акредитирано вкупно 2 студиски програми на прв и 1 на втор циклус.

Студиските програми по структура и содржина се компатибилни на реалните потреби во јавниот и приватниот сектор во општеството. Содржината на предметните програми кореспондира со содржината на студиската програма, профилот на кадар што се едуцира, звањето и потребите на пазарот на трудот. Во концепирањето на студиската програма земени се предвид занимањата и звањата утврдени во постојната Националната класификација на занимања.

Создавање на високо квалитетни и темелно обучени ликовни уметници, чија позадина и образование е синтеза на класичните знаења и техники, но и современите сознанија и техники, со што ќе можат директно да навлезат во творечка уметничка практика и постдипломска дообразба.

Суштината на програмата е во развојот на индивидуалните способности и индивидуалниот ликовен јазик, низ призма на сите досегашни сознанија на старите и новите мајстори на класичниот ликовен израз, со што ќе се создадат генерации темелно обучени ликовни уметници.

Оваа програма настана како резултат на потребата на регионот од ликовни уметници, како и раст во интересот за уметноста во регионот, потребата од класично ликовно образование и од идејата дека културниот идентитет најдобро се промовира и одржува со уметност.

Со оглед на карактерот на студиските програма студентот стекнува знаења за поврзување на практичните и теоретските дисциплини. На студискати програми на прв и втор циклус студии на Ликовната академија студентите се оспособуваат за примена на уметничките и стручните знаења во практика, а со тоа се овозможува да допринесат за зголемување на продуцирање на висококвалитетни уметнички дела, растење на критериумите и критичноста во областа на ликовните уметности, збогатување на културното наследство на државата, како и промовирање на културниот идентитет во земјата и во странство.

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Одбор за доверба со јавност и Студентите се дел од ННС и сенат.
За остварување соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, **Ликовната академија** формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста (Прилог 2.4.А; Прилог 2.4.Б), кој брои шест членови: три членови избира наставно-научниот совет на факултетот, од кои 2 (два) члена по предлог на катедрите од редот на наставно-научниот кадар на факултетот и 1 (еден) член по предлог на студентското собрание на факултетот од редот на студентите (Прилог 2.4.В); – 1 (еден) член номинира Собранието на Република Македонија; – 1 (еден) член номинира Стопанската комора на Република Македонија; – 1 (еден) член номинира Општина Штип. По прашањата за кои одборот за соработка и доверба со јавноста расправа се усвојуваат препораки.
Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган на Универзитетот кој го сочинуваат по два претставника од единиците на Универзитетот од редот на наставно-научните работници, еден претставник од придружите членки на Универзитетот, а 10% од бројот на членовите на Сенатот се студенти (Прилог 2.4.Г), избрани од Универзитетското студентско собрание.
Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на факултетот. Во наставно-научниот совет свои претставници избира и Факултетското студентско собрание. Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10% (десет проценти) од вкупниот број членови на наставно-научниот совет и се избираат за мандатен период од 2 (две) години.

**Прилози**
Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма
Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС
Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Линкови од Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми:
https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2024/LA%20klasicno-slikarstvo-predmetna.pdf
https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2017-2018/vajarstvo-predmetna.pdf

Дел од литературата е авторски труд на наставниците на Ликовната академија, како и на други наставници од УГД и како таква е достапна на е-библиотека при УГД-Штип.
Линк до почетната страница на е-библиотеката на УГД:
http://e-biblioteka.ugd.edu.mk/
Линк до литературата на Ликовна академија на страницата:
https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=16&ugd=16120555ed9574988285e02e0162f748

Крајната цел на студиските програми е студентите да се оспособат за примена на уметничките, научните и стручните знаења од областа на ликовната уметност во практика. Теоретската настава, практичната настава и останатите методи на учење, како и начинот на оценување се потполно усогласени со целите на студиската програма. Стекнатите знаења од практичен аспект, присуството и практичната работа ќе му овозможат на студентот проширување на неговото знаење, стекнување нови искуства, давање мислење и решавање на конкретни ликовни проблеми. Студиските програми им овозможува на студентите сите стекнати теоретски знаења по предметите наведени во студиската програма да ги применат директно во практика, а со практичната настава ќе се остручат во идни ликовни уметници кои ќе влијаат на културната и уметничката сцена.
Студиската програма нуди можности за остварување и на други цели кои би се реализирале во текот на самото школување како што се: инкорпорирање на најновите сознанија во наставата; изведување на настава преку студиска програма заснована на Европскиот кредит трансфер систем (European Credits Transfer System - EKTS), приспособена во согласност со Болоњската декларација; активно вклучување на студентите, наставниот и соработничкиот кадар во програми на мобилност и размена заради стекнување и пренесување на знаења и искуство; вклучување во меѓународни образовни, научно-истражувачки и стручно-апликативни проекти, учества во уметнички проекти, соработки и ликовни изложби.
При изготвувањето на студиските програми на Ликовната академија, беа анализирани конкретни академии од светот кои се водечки во својата насоченост кон класичниот ликовен израз, со што се стремевме да се изедначиме со најдобрите странски практики и искуства. Во текот на изминатиов период, имавме ангажирано наставници и експерти од странство кои со своите методологии и искуства придонесоа во подобрување на квалитетот на нашето образование, согласно студиските програми (Прилог 2.5.А)
Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства за сите студиски програми и за сите циуклуси на студии се дадени во Прилог 2.5.Б

**Прилози:**
Прилог 2.5.А Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)
Прилог 2.5.Б. Листа на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства за сите студиски програми и за сите циклуси на студии

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните, односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Во академската 2021/22, 2022/23 и 2023/2024 година, на Ликовната академија имаме акредитирано две студиски програми, Класично сликарство и Вајарство.
Во однос на оптовареноста со број на предмети, предавања, вежби и број на кредити, состојбата е следна:
**Класично сликарство**
42 предмети 95 предавања + 62 вежби, 240 ЕКТС
**Вајарство**
42 предмети 95 предавања + 62 вежби, 240 ЕКТС

Дополнително, информациите потребни за очекуваното оптоварување на студентите, за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекуваното оптоварување на студентите е дадено во индикаторот 2.2.

Во претходни акредитации на студиските програми, студентите изведуваа практична работа што опфаќа нивна задолжителна ангажираност од 30 дена во текот на семестарот со најмалку 1, а најмногу 8 часа на ден. Практичната настава се изведуваше во капацитетите на единиците на Универзитетот ,,Гоце Делчев” во Штип, каде студентите активно учествуваа во практичната работа во доменот на студиската програма. Студентите изведуваа практична работа и во институциите од областа на студиската програма (музеи, галерии, домови на култура и сл.) по претходно склучен договор. Во текот на практичната работа студентите добиваа одредени конкретни работни задачи и истите ги извршуваа под менторство и постојана контрола од менторите на практичната настава и/или одговорните лица кои се и екстерни ментори од организациите и на тој начин стекнуваа практични знаења и

вештини за што имаат теоретска основа. Во текот на реализацијата на практичната настава, студентот беше должен да води дневник за секојдневните активности, во кој добиваше потпис за реализираната дневна активност од интерниот ментор од единицата на универзитетот, како и од екстерниот ментор од организацијата каде студентот ја изведуваше практичната настава.
Пред да започне со практичната настава, студентот добиваше документ за упатување на практика, којшто студентот го доставуваше во институцијата каде што ќе ја реализира практиката и пополнуваше дневник за практика. Секоја генерација си имаше свој ментор за практика.
Во поскоро време, според новите акредитации на студиските програми, практичната настава го има форматот на ликовна практика, што подразбира двонеделно работење во плен ер, пришто се изработуваат цртежи, слики и скулптури инспирирани од природата, руралните и градските пејзажи. По завршувањето на секој парен семестар, студентите од сите години (под водство на ментор назначен од академијата) добиваат одреден број на задачи кои треба да ги изработат во текот на претстојните две недели, со работа во природа, што подразбира сликање на отворено во природа, во град, но може и да подразбира работа во рамки на институциите од културата и уметноста со кои Академијата има потпишано меморандум за соработка, во вид на работење копии, транскрипции или самостојни дела инспирирани од трајните поставки или тековните изложби.

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб - страница каде се објавени наведените информации.[1] |

Сите универзитетски единици во рамки на УГД имаат транспарентен увид во акредитираните студиски програми од сите циклуси, каде може да се има увид во структурната и предметната програма. Секој факултет во рамките на страната на УГД има и своја страница.

**Линк до главната страна на Ликовна академија**
https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk

**Линк до сите студиски програми од прв и втор циклус на студии**
https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi

**Линкови за поединечни студиски програми**
**Прв циклус**

1. Класично сликарство

https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2024/LA%20klasicno-slikarstvo-strukturna.pdf
https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2024/LA%20klasicno-slikarstvo-predmetna.pdf

2. Вајарство

https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2017-2018/vajarstvo-strukturna.pdf
https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2017-2018/vajarstvo-predmetna.pdf

**Втор циклус**

1. Сликарство

https://la.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/vtor-ciklus-studiska-prog-slikarstvo.pdf

Истовремено, дел од литературата која се користи за наставата на нашите студиски програми е авторска литература на вработените од ЛА и УГД и е достапна на следните линкови.
Почетна страница на е-библиотека при УГД-Штип:
http://e-biblioteka.ugd.edu.mk/
Почетна страница на е-библиотека на Ликовна академија при УГД-Штип:
https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=16&ugd=16120555ed9574988285e02e0162f748
Дополнително, Ликовната академија има своја виртуелна галерија на која поставува времени виртуелни изложби, до која се пристапува со скенирање на QR код или преку линкот galerija.ugd.edu.mk

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената причините за спроведените промени |

[1] Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | и очекуваните резултати. |

Реакредитирани студиска програми:
Класично сликарство во 2019 и 2024 година. и Вајарство 2021
На секоја реакредитација, Ликовната академија ги ревидира своите студиски програми и во контекст на предмети и нивно прилагодување, т.е. структурно, како и во контекст на предметните програми, новната содржина и литература. Со оглед на тоа што станува збор за класични ликовни дисциплини и техники, прилагодувањата, ревидирањата и измените не се драстично различни, но секогаш се црпи искуство од дотогашноте резулати кај студентите, и се држи чекор со времето – релевантна литература и уметнички практики, достигнувања кои се во контекст на подобра наобразба на студентите, секако се вметнуваат во програмата онаму кадешто е возможно.

КЛАСИЧНО СЛИКАРСТВО 1 ЦИКЛУС
Во оваа студиска програма направени се следните измени во последната реакредитација:
Во 5 семестар на задолжителните предмети се додава и предметот Перспектива 1 кој дотогаш беше изборен и се нудеше како избор помеѓу него и предметот Методологија. Во новата акредитација, соодветно на тоа се отстрани една група од изборните предмети, со тоа што предметот Методологија беше отстранет од студиската програма и остана само една група на изборни предмети.

Оваа измена е во правец на трендот на ставање важност на предметите од стручната сфера, особено оние за кои Ликовната академија има своја релевантна литература издадена од кадарот, како и постепено намалување на бројката на педагошките предмети, со оглед на тоа дека студентите кои сакаат да се занимаваат со педагошка дејност во моментов секако имаат потреба од доквалификација на Факултетот за образовни науки.
Освен оваа структурна измена, останатите измени се во контекст на осовременување на програмата и вметнување понова и порелевантна литература за стручните и теоретските предмети.

ВАЈАРСТВО 1 ЦИКЛУС
Во оваа студиска програма направени се следните измени во последната реакредитација:
Во задолжителните предмети се додадени : Акт со пластична анатомија1 и Акт со пластична анатомија 2.
Предметите Вајарски технолигии 3 и Вајарски технологии 4 од задолжителни преминуваат во изборни предмети.
Во изборните предмети се воведени: Заштита при работа и Индустриски дизајн. Содржината на предметот Теорија на форма е проширена и надополнета во предметот Теорија на форма и боја. Во новата акредитација, соодветно на тоа се отстрани една група од изборните предмети заедно со педагошките предмети.
Оваа измена е во правец на трендот на ставање важност на предметите од стручната сфера, особено оние за кои Ликовната академија има своја релевантна литература издадена од кадарот.
Освен оваа структурна измена, останатите измени се во контекст на осовременување на програмата и вметнување понова и порелевантна литература за стручните и теоретските предмети.
Наставникот и соработникот по секој предмет користи евидентни листови во кои се содржат информации за тоа кои студенти ја посетувале наставата во одредените денови за тоа. Секој присутен студент го евидентира своето присуство со потпис на евидентниот лист во колоната предвидена за даденото предавање/вежби. Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

**Прилози**
Прилог 2.8.А Пример на евидентен лист од еден предмет

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

Електронскиот систем (Е-индекс) на УГД заедно со дополнителни подсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии, и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие подсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации, и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.
Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оценки на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24

| |
|---|
| дадени во Прилог 2.9.А; Прилог 2.9.Б; Прилог 2.9.В и Прилог 2.9.Г).<br>Прилог 2.9.Д ја прикажува SWOT- анализа за исполнетоста на Стандард 2. |
| **Прилози**<br>Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето<br>Прилог 2.9.Б. Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри, заедно со број на запишани студенти на тој предмет<br>Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување за прв циклус студии<br>Прилог 2.9.Г. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување за втор циклус студии<br>Прилог 2.9.Д. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2 |

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица.<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.
На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот (Прилог 1.4.А.), како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет. Статутот на Ликовната академија игра улога во истото, а е објавен на линкот: statuti-fakulteti.pdf
Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб - страницата, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.
Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 x до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 x до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 2. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | 60% успех од сите предиспитни активности, т.е. минимум 42 бода од двата колоквиуми, семинарската работа, редовноста на предавањата и вежбите | |

активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.
Понатаму, универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.
Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20% од финалната евалуација на студентите.
Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Ликовната академија, со исклучок за периодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се: предавања, дискусии, проектни задачи, индивидуална работа.

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата, каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.
Начинот на изведување на наставата на студиските програми е преку: предавања, презентации во pdf, практична настава дискусии во ателјеата, проектни задачи. Многу важен дел во процесот е секако индивидуалната работа со секој студент, која има за цел на градење на сопствен ликовен јазик.
Наставата на сите студиски програми на Ликовната академија се изведува преку предавања, ателиерски, практични вежби и практична настава. Теоретската и практичната настава и останатите методи на учење, како и начинот на оценување се потполно усогласени со целите на студиската програма. Преку систематска примена на сите методи и техники на учење и оценување, ќе се постигне општата цел на студиските програми организирани на Ликовната академија од првиот циклус на студии, а тоа е развој на професионални вештини на студентите и проучување на фундаменталните и применетите знаења од областите на ликовната уметност, конкретно класичното сликарство и вајарство. Однос на теоретските предавања и практичните вежби, но и посебните форми на практична настава е обезбеден доволен фонд на часови за практична наставата за воведување на студентите во суштината на практичната работа во нивната идна професија. Дополнителното вклучување на студентите во практика преку фонд на часови предвидени за вежби и вклучување на експерти од практиката, осигуруваат доволен број на часови за практична настава, доволен фонд на часови на престој на студентите во институциите од областа на изучување.
Реализацијата на наставата е дадена во Прилог 3.2.А.

**Прилози:**
Прилог 3.2.А. (а, б, в, г, ) Распоред на часови за сите студиски програми во сите наставни центри: (а) за зимски семестар 2022/2023; (б) за зимски семестар 2023/2024; (в) за зимски семестар 2022/2023 и (г) за летен семестар 2023/2024.

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Заради КОВИД-19 пандемијата и ублажување на последиците од истата, воедно и придржувајќи се и постапувајќи по препораките издадени од Министерството за здравство и Министерството за образование наставата во академската 2021/2022 се изведуваше хибридно, односно предавањата беа онлајн, на платформата на Microsoft Teams, а вежбите, колоквиумите и испитите се одржуваа со физичко присуство, притоа водејќи сметка за запазување на мерките за безбедност.

Апликацијата Microsoft Teams беше користена како примарен ресурс во одржувањето на наставата во текот на КОВИД-19 пандемијата. Истата овозможува интерактивен пристап во одржувањето на наставата и снимање на одржаните предавања, и задавање на проектни активности. Дополнително, дел од наставниците ги искористија погодностите на е-учење платформата (УГД Е-учење) и снимија, односно прикачија voice over PowerPoint презентации. Како технички проблеми при одржувањето на онлајн наставата можеме да ги наведеме проблемите со конекцијата, брзината на интернетот и пад на системот во случај на поголем број на вклучени хостови, односно студенти.

Практичниот дел од наставата, особено во периодот на изолација, беше изработувана самостојно од текот на студентите по насоки на наставниците и монтеорите, а корекциите беа изведувани со помош на фотографирање на вежбите кои понатаму беа дигитално корегирани од страна на професорите. Тоа се покажа како добар метод кој има примена и надвор од пандемиските околности, со оглед на тоа дека пишаните насоки и корекции остануваат за студентот, кој може потоа систематски да ги применува, детектирајќи ги понатаму и самостојно слабите страни на сопствената творечка работа.

Во академските 2022/2023 и 2023/2024 година, целокупната настава се изведуваше со физичко присуство.

Имајќи го предвид подоброто поврзување на високото образование со потребите на јавниот сектор, образовните програми ги сочинуваат часови планирани за теориска наобразба кои се реализираат од страна на факултетот и часови планирани за практична наобразба кои во идеални услови треба да се реализираат во институции од областа. Иако овој принцип на реализација на наставата се имплементира во државата, сепак недостига системско регулирање на целиот процес. Имајќи го предвид различниот пристап при реализација на наставата согласно комплексноста на образовниот степен соодветни прилагодувања на системот треба да се направат и соодветно да се регулираат.

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.5.А) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување” (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум од 7 поени, и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и потоа да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС - системот (Прилог 3.4.А), како што следи:

- 10 (А) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.

Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.

За проверката на стекнатото знаење на студентите се користи континуирано оценување и проверка преку колоквиуми и полагање на завршен испит. Во секоја предметна програма, согласно задолжителните критериуми

кои треба да ги поседуваат студиските програми, за секој наставен предмет поединечно е утврден начинот на проверката на знаењата и начинот на вреднување на реализираните активности предвидени за континуирано оценување. Дефинирани се поени со кои студентот ги обезбедува преку реализација на поединечни активности кои се дефинирани во наставниот предмет. Студентот добива конечната оценка за секој наставен предмет од оваа студиска програма врз основа на континуираното следење на знаењето и извршувањето на предвидените активности и завршно оценување. Истата се формира врз основа на вкупниот број бодови кои студентот ги стекнал од континуираното и/или завршното оценување, каде максималниот број на освоени бодови е 100. Овие методи за проверка на знаење на Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип има изготвено Правилник за прв циклус на студии, каде е дефинирана методологијата на оценување според ЕКТС. Студентот напредува и ја совладува студиската програма преку полагање на испити за коишто добива одреден број на ЕКТС кредити, во согласност со предложената структурата на студиската програма.

Табелата со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми е дадена во Прилог 3.4.А.

**Прилози:**

Прилог 3.4.А. Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, Прилог 3.5.А, Прилог 3.5.Б, Прилог 3.5.В и Прилог 3.5.Г).
- Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 3.5.Д.)
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Ѓ)
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 3.5.Е)
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Ж)
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.З)
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 3.5.Ѕ)
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.

Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб - страницата на Универзитетот.

**Прилози:**

Прилог 3.5.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии

Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти

Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 3.5.Г. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 3.5.Д. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за затворање на пријави во е-индекс

Прилог 3.5.Е. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 3.5.Ж. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд

Прилог 3.5.З. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело

Прилог 3.5.Ѕ. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот | Просечи оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето; |

| | |
|---|---|
| на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Студирањето на Ликовната академија, на двата циклуси на студии, се одвива согласно усвоени правилници:

- Правилник за студирање на прв циклус на студии (Прилог 3.5.А),
- Правилник за студирање на втор циклус на студии (Прилог 3.5.В),

Доколку во иднина се акредитира трет циклус на студии, ќе се придржуваме до правилникот на Универзитетот за трет циклус на студии:

- Правилник за студирање на трет циклус на студии (Прилог 3.5.Г).

Предмет на оценување на студентите се: посетата на предавања, успешно реализирани вежби, успешно реализирани колоквиуми и изработка на индивидуална проектна задача. За сите овие активности студентот добива поени кои се внесуваат во електронскиот индекс од страна на предметниот професор. Ако студентот освои 60% или вкупно 42 поени од предиспитните активности, добива услов за полагање завршен испит.

Информацијата за оценувањето на студентите е достапна и видлива преку е-индекс и студентот може да реагира по оценката. Дополнително, при полагање на завршен испит и внесување на оценката, Е-индекс испраќа електронско известување до студентот и професорот за резултатот од полагање. Електронското известување вклучува податоци за: студент, предмет, сесија, професор, поени од завршен испит и оценка. Ако студентот предметот го полага трипати и не го положи испитот, тогаш студентот полага пред комисија од тројца испитувачи.

Ликовната академија, како и останатите универзитетски единици на УГД, користи иновативни пристапи во оценувањето онаму каде тоа е возможно. Како конкретен пример можеме да го наведеме електронското полагање на колоквиуми и испити на е-учење. Од база на прашања, системот избира комбинација на е-прашања со повеќе понудени опции за избор на точен одговор на прашање, во комбинација со форми за проширен текстуален одговор. Во време на пандемијата, апликацијата Microsoft Teams се користеше и за реализација на завршни испити, со вклучена камера и споделен екран, при испрашување на студентот. Дополнително, е-учење се користи и за реализација на проектни задачи и активности.

Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.

Испитите се спроведуваат со физичко присуство, освен во академската 2021/2022, кога поради пандемијата со Ковид, испитите се реализираа електронски, на платформата на Microsoft Teams.

**Прилози:**

Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување.

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34.
- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А)
- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б)

Исто така, универзитетот има дефинирано:

- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)
- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)
- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/ 20)

Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.

На ниво на Ликовна академија, во периодот 2021-2024, нема пријави на корупција, ниту пак имаме жалби поднесени од студентите по кој било основ во периодот 2021-2024.

Во Прилог 3.7.В е прикажана SWOT- анализата за исполнетоста на Стандард 3.

**Прилози:**
Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22
Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22
Прилог 3.7.В. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 3

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 4.1 Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |

Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.5.1-3.5.5). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.
Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:

- Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)
- Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)
- Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)
- Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).

Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:

- Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)
- Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)
- Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/).

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите<br>Доказ дека системот е функционален |

**Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на кој било факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) може сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма, и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси, и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).
Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.

| | |
|---|---|
| Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти<br>Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар<br>Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА<br>Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)<br>Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)<br>Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018 | |
| 4.3 Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години |
| На универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но, и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.<br>Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).<br>По завршување на размената, Продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е – индекс за реализација на активностите на студентот во системот за е – индекс.<br>На Единицата, во периодот на самоевалуација, нема студенти кои искористиле Еразмус+ мобилност (Прилог 4.3.А). Исто така, во периодот на самоевалуација, нема студенти кои се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип<br>Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмскои партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.<br>Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи | |
| 4.4 По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |
| Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).<br>Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на | |

родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.
Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.
Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности,(dr.sc,PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.
Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страница содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страница ја содржи шемата на образовниот систем на Република Северна Македонија.
Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).
Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).
Во Прилог 4.4.Г е прикажана SWOT- анализата за исполнетоста на Стандард 4.

**Прилози:**

Прилог 4.4.А Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018.
Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома.
Прилог 4.4.В Транскрипт на оценки.
Прилог 4.4.Г. SWOT- анализа за исполнетоста на Стандард 4.

## Стандард 5 - Наставен кадар

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилоти концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Структурата на наставниот кадар на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Така, во моментот на спроведување на самоевалуацијата, на Академијата во редовен работен однос се 2 редовни професори и 3 вонредни професори. Во наставата се вклучени и 1 насловен доцент и 4 стручњаци од пракса (Прилог 5.1.А; Прилог 5.1.Б). Исто така, за целносно спроведување на наставата, Ликовната академија соработува со кадар од другите единици на Универзитетот. Секако, тој позитивен тренд на напредување е во согласност со зголемените потреби од квалитетен наставно-научен кадар во настава, научно-истражувачката и стручната работа на Факултетот и Универзитетот. Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Постои и тренд на заминување во пензија на дел од наставниот кадар кој ги исполнува условите за старосна пензија со што по природен тек се намалува бројот на наставен кадар. Загрижува трендот на ова опаѓање, со оглед на тоа што Ликовната академија забележува недоволен број нови вработувања. Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип систематски и континуирано ја прати, оценува и поттикнува педагошката и истражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар (Прилог 5.11.А; Прилог 5.11.Б; Прилог 5.11.В; Прилог 5.11.Г; Прилог 5.11.Д). Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научно -истражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 5.1.В).

**Прилози:**

Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Прилог 4 (со информации за последните три години

Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет

Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Со оглед на тоа што Ликовната академија пред се' се занимава со уметничка дејност, наставниците од оваа единица примарно не продуцираат научни трудови. Нивната дејност во доменот на областа се огледа во во продукција на уметнички дела – слики, скулптури, мурали, инсталации, графики, цртежи – односно одржување на самостојни и групни ликовни изложби, учества на ликовни колонии и симпозиуми, како и одржување на ликовни работилници. Исто така, во нивниот домен влегува и изработка на сценографии, монументални ликовни дела од јавен карактер, илустрирање на стручна и останата литература, модни ревии итн.

Табелата во која се наведени збирно научните трудови на кадарот е достапна во Прилог 5.2.А, а пристап до трудовите е возможен преку листата на објавени трудови прикажана во Прилог 5.2.Б

Севкупната уметничка дејност на кадарот на Ликовната академија е јавно достапна на Репозиториумот на УГД на следниот линк:

https://eprints.ugd.edu.mk/

**Прилози:**

Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три

години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа.
Категории на референтни научни публикации предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО се:

a) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование или
b) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови или
c) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или
d) книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или
e) зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји или
f) преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип континуирано се грижи наставата да ја изведува квалитетен и компетентен наставен кадар. Според анализата направена за структурата на наставниот кадар на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, бројот на наставно-научен кадар кој е во постојан работен однос одговара на потребите за акредитираните студиски програми (Прилог 5.3.А; Прилог 5.3.Б), но истите се максимално ангажирани. Дополнително, за квалитетна реализација на студиските програми од прв циклус академски студии вклучени се професори од наставници и соработници од други единици на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на предметните програми за стекнување на генерички знаења од странски јазици и информатичка технологија, хуманистички и педагошки науки. Ангажирањето на наставниците за потребите од изведување настава на прв циклус универзитетски студии по семестар изнесува просечно 11 часа активна настава во текот на неделата (Прилог 5.3.В). Ангажирањето на наставниците за потребите од изведување настава на втор циклус универзитетски студии по семестар просечно изнесува 9-10 часа активна настава во текот на неделата Високата стапка на ангажираност на наставно-научниот кадар за одржување активна настава во текот на неделата е резултира со потребата од надворешен кадар, односно ангажирањето на надворешни соработници т.е. стручњаци од праксата. Дополнителното ангажирање на наставниците е регулирано со Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.Г). За потребите на квалитетно одржување на вежбите по предметите согласно акредитацијата на студиските програми, Факултетот на ангажира моментално 1 насловен доцент и 3 стручњаци од праксата кои се истакнати во своите области. Во оваа насока Академијата има идеја понатаму да ангажира демонстратори од редовите на студентите, но главната потреба за непречено спроведување на наставата е зголемување на бројот на наставници во редовен работен однос.

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.Г), и истата се однесува за зголемен ангажман во наставата.

**Прилози:**

Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии

Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)

Прилог 5.3.В. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години. НА УГД овој прилог треба да се покрие со евидентните листови од настава, но тоа е премногу обемна работа и прашање е дали сите професори ги чуваат

Прилог 5.3.Г. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Практиката на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница. |

Универзитетот Гоце Делчев има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Од прегледот на ангажираност на наставниците во образовниот процес може да се забележи дека наставниците кои се во редовен работен однос и избрани во наставно-научни звања на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се максимално ангажирани по семестар. Ова донекаде може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, академијата максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната уметничка област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека на сите Конкурси се пријавил само по еден кандидат (Прилог 5.4.Б) кој ги исполнувал условите согласно Правилникот (Прилог 5.4.А, Прилог 5.4.В).

**Прилози:**

Прилог 5.4.А.Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години

Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој се регулира покрај другото и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар. За реализација на студиската програма се користат просториите на УГД во Штип. Со оглед на тоа дека станува збор за простор кој е во состав на веќе акредитирани високообразовни установи, потребните стандарди за реализација на наставата, што се однесува до просторот и опремата, во целост се задоволени. Анализата на просторот и опремата покажува дека реализацијата на наставата нема неповолно влијание врз редовните активности на овие установи. Ликовната академија за изведување на наставата располага со простор од 541 m2 што е сосема доволно за реалните моментални потреби, со оглед на тоа што вкупниот број на студенти планирани да се запишуваат на студиските програми Класично сликарсво и Вајарство изнесува 15 студенти по студиска програма, а во последните години квотата не се пополнува. Наставата за истите ќе се одржува во следните простории: Ателје 1 – 115 m2, Ателје 2 – 26 m2, Предавална 1 – 37 m2, Предавална 2 – 38, Ателје вајарско – 105 m2, Ливница – 28 m2. Терасата со површина од 36 m2, која се наоѓа во вајарскиот дел, е погодна за изведување на дел од практичната настава во парните семестри.(Прилог 5.5.Д.)

За изведување на студиската програма обезбедени се во потполност инфраструктурните параметри, просторни, техничко-технолошки, ателиерски и други ресурси кои се неопходни за реализација на наставата. Наставата се изведува во горенаведените ателјеа, предавални, училници и компјутерски лаборатории опремени со соодветна аудио-визуелна опрема (Прилог 5.5.Б. и Прилог 5.5.В). Се користат лиценцирани софтвери, мултимедијални презентации и други

современи алатки кои се расположливи во соодветен број за одвивање на наставата. За секој студент е обезбедено соодветно место во ателјеата и предавалните.

Библиотеката на Ликовната академија има книги, монографии и каталози од изложби, потесно и пошироко врзани со областите на студиските програми. Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има обезбедено пристап до електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation, ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог 5.5.Г).

**Прилози:**

Прилог 5.5.А Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата.

Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање).

Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата.

Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој нанаставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А. Сепак, Ликовната академија постојано бара можности за подобрување на стручните, уметничките, но и педагошките компетенции на наставниците и соработниците. Со таа цел, кадарот на Ликовната академија се поттикнува да го негува индивидуалното ликовно и уметничко творештво, кое е евидентно во биографиите на вработените преку нивните активности – самостојни и групни изложби, ликовни колонии, симпозиуми и работилници итн. Комплетниот увид на творечката активност на сите професори е достапен на е-репозиториумот на УГД кој е достапен на следниот линк.:

https://eprints.ugd.edu.mk/

Додатно на тоа, Ликовната академија организира свој ликовен фестивал кој има за цел да ги промовира и вмрежува своите вработени со останати професионалци од регионот. https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/54-likovna-vizija-festival-na-umetnosta-na-likovnata-akademija-pri-ugd

Исто така, Академијата огранизира свои годишни изложби, учествува на групни студентски и професорски манифестации, и активно ги промовира своите вработени и студенти во галериите и музеите од земјата и регионот, секогаш кога за тоа има можност. Вкупната активност е видлива на страната на Ликовната академија во делот Вести:

https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програмаи носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Политиката за обезбедување на квалитет на Ликовната академија е во согласност со мисијата, визијата и вредностите на институцијата, тесно поврзана со стратешкото управување со наставните и стручно-уметничките планирања. Една од целите е вмрежување со културни, уметнички и високообразовни институции од земјата и странство за вклучување во соработки активности и црпење на неопходните ресурси и создавање услови за професионално усовршување на наставно-научниот кадар и студентите. Заради подобрување на квалитетот и унапредување на наставниот процес, Ликовната академија постојано врши ангажирање на стручњаци од пракса во соодветната стручно-уметничка област. За потребите на акредитираните студиски програми, во текот на периодот на самоевалуација 2021-2024 година, Ликовната академија ангажирала шест стручњаци од пракса од земјата и странство за покривање на наставата по дел од стручно-уметничките предмети. Од шесте ангажирани стручњаци, за време на периодот од изминативе 3 години тројца од стручњаците од практика ја прекинаа својата соработка со Академијата и во моментов се три на број. Исто така, Ликовната академија избра насловен доцент од областа Цртање. (Прилог 5.7.А. и Прилог 5.7.Б.)

Со оглед на тоа дека дел од овој период на самоевалуација се поклопи со пандемиската изолација, Ликовната академија не успеа да ги организира сите планирани активности кои вклучуваа размени на кадар со други високообразовни институции, Еразмус размени

и гостувања на еминентни ликовни уметници со свои предавања и работилници, но изминатата 2024 година Академијата го организираше за прв пат фестивалот Ликовна визија кој има за цел да стане традиционална манифестација која ќе подразбира соработки со ликовни уметници и професори од академиите од регионот. Па така, на минатогодишното прво издание на фестивалот, гости кои одржаа предавања, изложби и работилници се следните ликовни уметници: Родољуб Анастасов и Ангел Коруновски од Македонија како и Мирослав Живковиќ од Србија.

**Прилози**

Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години. Табелата вклучува тип на ангажман, област/предмет и период на ангажман;

Прилог 5.7.Б.Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми во Europass формат.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип едуцира кадри на академски додипломски студии од прв циклус и магистерски студии од втор циклус. Квалитетот на наставата се обезбедува првенствено преку практична и теоретска настава по стручно-уметничките предмети со професионален кадар кои има долгогодишно искуство во високото образование, и сериозни творечки активности зад себе(https://eprints.ugd.edu.mk/). Додатно, квалитетот на наставата се зголемува преку интерактивност и вклучување на студентите во изложбени активности, уметнички проекти и работилници (https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/). Студентите се вклучени во работилници кои ги одржуваат нивните професори или професори гости на Академијата, учествуваат на групни изложби во својство на студенти на Ликовната академија во земјата и странство, посетуваат ликовни симпозиуми и студентски ликовни колонии, се вклучуваат во проекти и соработки со останати факултети преку изработки на визуелни решенија и дизајни за постер, илустрации и останати визуелни материјали кај кои е потребно визуелно решение, се вклучуваат во изработки на монументални ликовни дела, мурали, земаат учества на разни ликовни и уметнички фестивали. Исто така, под менторство на своите предметни професори, тие се охрабруваат кон крајот на студирањето да започнат со самостојни изложбени активности. Од изминатата 2024 година, фојато на Ликовната академија (во која како перманентна поставка се изложени графиките на еминентниот графичар Георги Чулаковски - Џото: https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/43-atelje-graficko) започнаа времени изложбени активности на студентите од вториот циклус студии на програмата Сликарство, како дел од обврзните активности врзани за постдипломските студии. Овие изложби се придружени со разговор помеѓу авторот и менторот/професорот, каде пред заинтересираната публика се разоткриваат интересни аспекти од творечкиот процес – идеен, концепциски, но и технички. Студентите од првиот циклус исто така се добредојдени со интересни проекти во овој простор.

Едновремено, Академијата има долгогодишна и плодна соработка со НУ Завод и Музеј – Штип, Домот на култура Ацо Шопов и Дом на млади Штип, каде во повеќе наврати студентите се добредојдени како учесници на работилници, за изведување на студентска музејска практика, како изложувачи, но и како публика – сите овие аспекти на партиципрање како активни и пасивни учесници во културните простори, практики и процеси се од круцијално значење за оформувањето на профилот на ликовен уметник. Дел од овие активности се достапни на линкот Вести на страната на Ликовната академија, а овде издвојуваме дел: https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/42-la-godisna-studentska-izlozba, https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/34-god-izlozba-la-2022, https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/34-god-izlozba-la-2022, https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/46-likovna-rabotilnica-na-studentite-od-klasichno-slikarstvo .

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Основна цел на студиските програми кои ги реализира Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е стекнување на практични и теоретски знаења и вештини во подрачјето на ликовната уметност, уметничките полиња сликарство и сликарски техники и вајање и вајарски техники преку примена на методите на активно учење, практична ателиерска работа, теоретска наобразба, поттикнување на креативно размислување и критичко мислење кај студентите што ќе им овозможи активно вклучување во сферата на ликовната уметност по дипломирањето. Основни цели на студиските програми се реализација на образовни, стручни и уметнички задачи и пренесување на знаењата за стекнување на практични вештини од сите области на ликовната уметност. Квалитетот на наставниот процес се обезбедува преку воведување интерактивност во наставата, професионалниот пристап на наставниците и стручњаците од пракса, редовна комуникација наставник – студент и континуирано унапредување на наставните курикулуми и согледаните недостатоци во образовниот процес. Иако наставата на оваа единица е примарно практична, Ликовната академија ги поттикнува наставниците да користат современа методологија на презентирање, практично реализирање на уметнички проекти и работилници и задолжителни теренски активности (ликовна практика), со цел да се направи

мост меѓу теоријата и праксата. Ликовната академија активно функционира преку своите web – платформи:
http://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/
https://www.facebook.com/likovna.stip
Е-УЧЕЊЕ: Сите курсеви
galerija.ugd.edu.mk

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијати. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет (Прилог 5.10.А). Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во Правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците / учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД". Редовна проверка на учебниците / учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијатот: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25%" (Прилог 5.10.Г).
Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува".
Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.В).
Проверката за плагијат КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција
Секој учебник / учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијат, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори.
Проверката за плагијат на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот:
Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk)
Проверката за плагијат на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.

**Прилози**
Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип Универзитетски гласник број 60, страница 98-107
Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 108-112
Прилог 5.10.В УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 113-130
Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научно-истражувачка работа. Индикаторите за научно- истражувачката работа се утврдении редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има донесено Правилник за за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научно-истражувачки проекти од страна на тимови од вработените,
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Проилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на

научно-истражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да може да бидат индексирани во различни бази.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**

Прилог 5.11.А ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Прилог 5.11.Б ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 5.11.В ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со важност од 29.02.2024

Прилог 5.11.Г Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024

Прилог 5.11.Д ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 5.11.Ѓ ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;Релевантни извештаи или препораки |

Работата на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип примарно корелира со културниот контекст. Кадарот на Академијата преку својата стручно-уметничка дејност е директно вклучен во создавање на уметнички дела кои се релевантни за културната и уметничката сфера во државата и пошироко. Со многубројни изложби зад себе, но и награди и признанија, вработените на академијата се активни чинители и создавачи на македонскиот современ ликовен контекст. Создавајќи нови генерации на млади автори – ликовни уметници од областа на класичното сликарство и вајарство, а од поново време и магистри по сликарство, академијата е директно вклучена во креирање на нови ликовни, културни и уметнички трендови во државата и регионот. Дипломираните студенти од Ликовната академија се членови на разни ликовни здруженија и друштва во државата, како ДЛУМ, ДЛУШ, ДЛУБ и останати. Меѓу нашите студенти има и добитници на награди и признанија за дела во своите области. Освен како автори и креатори на уметност, а со тоа индиректно и на културните трендови и политики во земјата, студентите од Ликовната академија се вклучени и во образовниот процес, како наставници во основни и средни училишта во државата, па оттаму имаат додатно влијание и во сферата на образованието, оттаму креирајќи нови потенцијални автори и потенцијална публика.

**Прилози**

Прилог 5.12.А SWOT- анализа за исполнетоста на Стандард 5

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој | Финансиски план од претходните три години<br>Финансиски извештаи од претходните три години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

| | |
|---|---|
| сеопфатен и ефикасен. | |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти, исто така, се дел од структурата на буџетот.
Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А.), а динамиката на вкупниот буџет на универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.
Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се: буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25% од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55% и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**
Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.
Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).
Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од Министерството за образовани е 45% од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2%. Констатиравме благо намалување на средствата кои Универзитетот ги добива од страна на Министерството за образование.

**Средства од сопствени приходи**
Средства од сопствените приходи се, исто така, стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.
Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 -2021 година изнесувал 38.71%, додека за период 2021-2024 изнесува 38.25%. Врз основа на добиените податоци може да констатираме благо намалување на средствата од сопствени приходи.

**Средства од научни проекти**
Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено по 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.
Зголемувањето и стабилност во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напорите на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учество на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5,5 % од буџетот на УГД.
Според податоците за просечната процентуалната застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4.1% , додека за периодот на евалуација од 2021-2024 година изнесуваат 5,.5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**
За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.
Процентуално просечните приходите во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56%, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17%. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.В. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за |

| | |
|---|---|
| и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

За реализација на студиската програма се користат просториите на УГД во Штип. Со оглед на тоа дека станува збор за простор кој е во состав на веќе акредитирани високообразовни установи, потребните стандарди за реализација на наставата, што се однесува до просторот и опремата, во целост се задоволени. Анализата на просторот и опремата покажува дека реализацијата на наставата нема неповолно влијание врз редовните активности на овие установи. Ликовната академија за изведување на наставата располага со простор од ~1800 m2 што е сосема доволно за реалните моментални потреби, со оглед на тоа што вкупниот број на студенти планирани да се запишуваат на студиските програми Класично сликарсво и Вајарство изнесува 15 студенти по студиска програма, а во последните години квотата не се пополнува. Наставата за истите ќе се одржува во следните простории: Наставата за истите ќе се одржува во следните простории: Ателје 1 – 115 m2, Ателје 2 – 26 m2, Предавална 1 – 37 m2, Предавална 2 – 38, Ателје вајарско – 105 m2, Ливница – 28 m2. Терасата со површина од 36 m2, која се наоѓа во вајарскиот дел, е погодна за изведување на дел од практичната настава во парните семестри. (Прилог 5.5.Д.)

За изведување на студиската програма обезбедени се во потполност инфраструктурните параметри, просторни, техничко-технолошки, ателиерски и други ресурси кои се неопходни за реализација на наставата. Наставата се изведува во горенаведените ателјеа, предавални, училници и компјутерски лаборатории опремени со соодветна аудио-визуелна опрема (Прилог 5.5.Б. и Прилог 5.5.В). Се користат лиценцирани софтвери, мултимедијални презентации и други современи алатки кои се расположливи во соодветен број за одвивање на наставата. За секој студент е обезбедено соодветно место во ателјеата и предавалните.

Библиотеката на Ликовната академија има книги, монографии и каталози од изложби, потесно и пошироко врзани со областите на студиските програми. Академијата има вкупно 50 книги од областите на студиските програми од кои 5 се домашни, а 45 се странски книги. Подетално, за студиската програма Класично сликарство има 35 книги, за Вајарство има 15 Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има обезбедено пристап до електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation, ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог 5.5.Г).

Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://lipovdol-fs.ugd.edu.mk/
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/kalendar-vodic-prv-ciklus-2021.pdf

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd

- како и настава подржана со Microsoft Teams.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење,
- и многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Ликовната академија е прикажан во Прилог 6.2.А.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот (Прилог 6.2.Б).
Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1081 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 444 260 корисници, а од регистрираните корисници направени се 551 880 симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 28.11.2024 година).
Вкупниот број на објавени учебници и учебни помагала во е-библиотеката, дадено по години 2021-2024 од Ликовна академија, како и 1023 симнувања, прикажан е во Прилогот 6.2.Б. Во периодот на самоевалуација објавени се 1 учебник и едно ликовно помагало. Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на факултетот е https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=16&ugd=54b5cd1ba6ed976e5e8261ad73122ceb

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата.

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство) Е-распоредот е достапен на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
https://la.ugd.edu.mk/images/2024/la-raspored-leten-semestar-2024.pdf

**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активноство научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.
Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23090* содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 28.11.202- година).
http://eprints.ugd.edu.mk/
Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18.379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4711 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1100нови наслови
Ликовната академија има депонирано 163 наслови во е-репозиториумот достапни на линкот
https://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/Art/

**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:
- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;
- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);

- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.
Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Ликовна академија за прв и втор циклус студии на платформата за е-учење е прикажано во Прилог 6.2.Д.
Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк
Sign In (ugd.edu.mk)

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб - страницата на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:
- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf

**Настава поддржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со ковид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот Универзитет. При крајот на пандемијата универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за.учење на далечина (Прилог 6.2.В )

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат во предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите. Обезбедени се посебни места во предавалните за лица со посебни потреби. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби дадени се во Прилог 6.2.Г.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научно-истражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.
**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.
**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот, е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и

без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.
**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.
**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени
**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршката на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.

Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и
Одделение за системска и мрежна администрација;
Одделение за средства и техничка поддршка;
Одделение за проектирање и одржување;
Центар за трансфер на технологии.
Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани прикажано на органограмот во Прилог 1.

**Прилози**
Прилог 6.2.А. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Земјоделски факултет
Прилог 6.2.Б. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека 2021-2024
Прилог 6.2.В. Креирани тимови во Microsoft Teams на Факултет
Прилог 6.2.Г. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби
Прилог 6.2.Д. Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Ликовна академија за прв и втор циклус студии на платформата за е-учење

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. Поради интегрираната природа на Универзитетот, како и поради малиот број на вработени и студенти на Ликовната академија, за извржување на административно-техничките работи се ангажирани лица кои таа функција ја извршуваат не само на Ликовната академија. На Ликовната академија во редовен работен однос од помошните и административните кадри распределени се вкупно 2 лица, од кои 1 лице извршува административни работи, а 1 лице ги извршува помошно-техничките работи.
Ликовната академија во периодот на самоевалуација 2021-2024 година нема ангажирано лица за извршување на административните работи (Прилог 6.3.А.). Исто така, нема ангажирано лица за извршување на помошно-техничките работи (Прилог 6.3.А.). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата, како и во Ректоратот.
Листата на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите во прилог 6.3.Б.

**Прилози**

Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024
Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Поради тоа што Ликовната академија номинално не се занимава со научноистражувачка, туку со уметничка односно ликовна работа, мора да се спомене дека и студентите соодветно на тоа немаат ангажмани во рамки на научноистражувачки проекти. За сметка на тоа, студентите се вклучени во изложбени проекти, студентски симпозиуми и работилници, изработки на дела за ликовни конкурси, изработки на мурали, уметнички акции и останати релевантни манифестации од областа на ликовната уметност. Поголем дел од овие учества се јавно достапни како информација на страната на Ликовната академија https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti За истите, исто така, редовно се објавуваат содржини и на фејсбук страницата на Академијата https://www.facebook.com/likovna.stip

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за практика и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб локација
https://ckr.ugd.edu.mk/
Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:
- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, Релевантно работно искуство од полето на интерес,
- Искуство од учење кое што ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите,
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот,
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство кое што го бараат работодавците,
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на практика по дипломирањето,
- Вмрежување и создавање на професионални контакти, Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.
За време на периодот кој го опфаќа оваа самоевалуација, студентите од Ликовната академија не следеле обуки, тренинзи или практика преку Центарот за кариера.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку |

| | |
|---|---|
| планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контакт со завршените студенти. | е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17.000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот" кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот" ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот" кои имаат стручно знаење од одредена област може да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:
- Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа" на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.
Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420)
Статутот на УГД е достапен на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf
Учеството на студентите во органите на високообразовната установа е дадено во прилог 6.7.А.
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во прилог 6.7.Б а извештај од последните спроведени избори во прилог 6.7.В.
Одлуката за избор на студентски правобранител односно негов заменик е прикажана во прилог 6.7.Г.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени следниве активности За извештајниот период се спроведени активностите прикажани во Прилог 6.7.Д.
*Реализација на спортски активности*
- Организација на еднодневни планинарски тури на Водно за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на еднодневни тури на Попова Шапка за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на куглање во куглана во Скопје за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
*Учество на УГД тим во улични трки*
- Wizz air маратон, октомври 2022 година – 50 учесници од УГД (студенти и вработени), од кои 6 учесници во полумаратонската трка;

- Улична трка во Кавадарци – Кавадаречки полумаратон, 12 март 2023 г. Учество на 28 учесници, студенти и вработени на УГД учествуваа на трките на 5 и 10 км.
- Авицена женска трка – организирана на 9 април 2023 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Авицена женска трка – организирана на 7 април 2024 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Поетска трка во Струга – организирана на 21 мај 2023 година на која на трките на 5 км и 10 км учествуваа 15 вработени на УГД.

*Планинарски тури организирани и поддржани од страна на УГД*

- Планинарска тура во Берово во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ – Штип и Планинарско друштво - Берово, организирана на 30 октомври 2022 година. На турата учествуваа 115 студенти и вработени на УГД.
- Еднодневна тура на Попова Шапка, организирана на 3 март 2023 година. Учествуваа 25 студенти на УГД кои имаа можност да се вклучат во различни зимски спортови.
- Планинарска тура во Михаилово – Кавадарци, организирана на 2 април 2023 година во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ - Штип и планинари од Кавадарци. На турата учествуваа 60 студенти и вработени на УГД.
- Планинарската тура на Плачковица, организирана во рамките на Outdoor festival „Ја сакам Плачковица“ во организација на ПД „Лисец. Турата се реализираше на 9 јули 2023 година и на истата учествуваа повеќе од 20 студенти и вработени на УГД.
- Планинарски тури на Водно – организирани во рамките на наставата по Спорт и рекреација. Во истите учествуваа студенти од сите години од сите факултети на УГД. Истите се организираат еднаш во месецот во текот на летниот и зимскиот семестар.

*Универзитетски спортски лиги на УГД*

- Традиционално, по тринаесетти пат, во рамките на одбележувањето на патрониот празник на УГД се организираа Универзитетските спортски лиги за студенти на УГД. Во рамките на истите беа организирани натпревари во одбојка (мажи и жени), футсал (мажи) и пинг-понг. Во истите учествуваа повеќе од 150 студенти од сите факултети на УГД. Дополнително, за вторпат беше организирана Планинарска тура која се реализираше во Михаилово - Кавадарци. За најдобрите учесници во сите категории, од страна на УСКЦ беа обезбедени соодветни награди.

*Државни универзитетски спортски лиги*

- Како член на Универзитетската спортска федерација, во периодот од декември 2021 до мај 2023 година, студенти и екипи на УГД учествуваа во државни универзитетски натпревари во одбојка, футсал, кошарка, ракомет, куглање, стрелање и шах, организирани од Универзитетската спортска федерација на Македонија. Околу 50 студенти на различни факултети на УГД ги претставуваат екипите на УГД во различни спортови. Притоа, екипите на УГД освоија трето место во кошарка (мажи), трето место во ракомет (жени и мажи) и индивидуално трето место мажи во куглање.
- По неколку години пауза, УГД беше домаќин на дел од натпреварите во универзитетските државни лиги, како и домаќин на финалните натпревари во одбојка.

*Други активности*

- Во септември 2022 година, УГД во соработка со ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и ISHSN мрежата беа организатори на Работилница со наслов „Одржливи универзитетски спортски кампуси“.
• Како резултат од овој настан, подготвена е книга под наслов „Planning and Managing Sport, Recreation, and Health in Higher Education: Sustainable Practices for a Sustainable Future“, која е во коедиција на ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во истата, професори од УГД се јавуваат како коедитори, автори и рецензенти.

*Учество на меѓународни проекти за спорт*

- Во рамките на програмата Еразмус+ спорт, претставници на УСКЦ учествуваа во бројни настани и активности организирани во рамките на проектите BeValueR reload, Tennis clubs for dual careers, Meaningfulness in youth sport и Balkans Fit. Во рамките на истите беа вклучени спортисти и тренери од машката и женска одбојкарска екипа, карате екипа, Боречки клуб „Киро Ристов“ – Штип, Тениски клуб „Астибо“ – Штип, Тениски клуб „Нет“ – Струмица, како и студенти и вработени на УГД во рамките на проектот Balkans Fit. Во рамките на меѓународните состаноци, УГД и членовите на УСКЦ беа домаќини на професори, тренери и спортски работници од Норвешка, Канада, Шкотска, Ирска, Бугарија, Словенија, Романија и Грција.
- Почнувајќи од август 2023 година, УГД е дел од два нови Еразмус спорт проекти:

Champions of Inclusion and Diversity using Meaningful Physical Education in Primary Schools (CHAMS- INC-MPE) и проектот Gem Set Equality (GSE).

- Првиот проект CHAMS- INC-MPE се однесува на подобрување на компетенциите на студентите – идни наставници и наставниците во тандем наставата за реализација на физичкото образование во основното образование. Во истиот покрај УГД, како проектни партнери се универзитети од Ирска, Канада, Норвешка, Шпанија, Данска.
- Вториот проект Gem Set Equality е билатерален проект меѓу Македонија и Бугарија кој работи на креирање на

тренинг програма за подобрување на компетенциите на жени тренери и креирање програми за привлекување на девојчиња во спортот.

*Поддршка за настани и студенти*

- Поддршка на спортисти – студенти преку стипендии;
- Поддршка на студенти – бруцоши преку наградни ваучери;
- Учество на Европско универзитетско првенство за боречки спортови (карате). Под организација на EUSA и FISU, УГД учествуваше на Европско универзитетско првенство за боречки спортови, во спорт карате, дисциплина борби.

**Прилози:**

Прилог 6.7.А (а, б, в, г, д). Одлука од ННС за учество на студенти во работата на ННС на единицата: (а) летен семестар 2021/22; (б) зимски семестар 2022/23; (в) летен семестар 2022/2023, (г) зимски семестар 2023/24, (д) летен семестар 2023/24.

Прилог 6.7.Б. (а, б, в, г) Одлука за избор на членови на Студентско собрание: (а) Одлука од ННС на ЛА од 2021; (б) Одлука од ННС на ЛА од 2022; (в) Одлука од ННС на ЛА од 2023; (г) Одлука од ННС на ЛА од 2024.

Прилог 6.7.В. (а, б, в) Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание: (а) Одлука за распишување на избор на членови на Факултетско студентско собрание (ФСС) на ЛА; (б) Одлука за утврдување на кандидати членови на ФСС на ЗФ; (в) Записник за утврдување на резултатите од гласањето за избор на членови во ФСС на ЛА.

Прилог 6.7.Г. (а, б) Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик: (а) Одлука од Универзитетски сенат од 2021; (б) Одлука од Универзитетски сенат од 2024.

Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани активности на студенти поддржани од Универзитетски културен и спортски центар

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб- страница. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентите начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности може да се проследат на веб локацијата
https://coj.ugd.edu.mk/index.html
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година, и е транспарентно објавен на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се:
- Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/
- Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)
- Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)

студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.

**Академијата** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани
https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/
и во делот за соопштенија достапни на веб локацијата
https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija
Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб страницата на факултетот
https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi

Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:
Информатори за студирање за секоја академска година
https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija/61-2024-25
Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД (1046 наслови)
https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
Е-репозиториум на УГД содржи над 22.320 содржини публикувани трудови, книги, мографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД
http://eprints.ugd.edu.mk/

| |
|---|
| Дополнително, Ликовната академија пошироката јавност ја запознава со својата работа преку активноста на социјалните мрежи https://www.facebook.com/likovna.stip и дел од изложбените настани ги поставува на својата виртуелна галерија galerija.ugd.edu.mk<br>Во Прилог 6.8.А е дадена SWOT анализа за исполнетоста наСтандард 6 |
| **Прилози:**<br>Прилог 6.8.А SWOT анализа за исполнетоста наСтандард 6 |

**Стандард 7- Управување со информации**

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1 Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален |
| Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевауација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер.<br>Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.Ѕ – Прилог 1.2.Л).<br>Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е сѐ уште во фаза на тестирање.<br>Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.<br>Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитрација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл. | |
| **Прилози:** | |
| 7.2 Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми, и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот |
| Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус | |

на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите, добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави SWOT-анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.

Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрво Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.

Според новиот правилник (Прилог 1.2.А), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.

Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и универзитетскиот Сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.

Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В.

**Прилози:**

Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата

Прилог 7.2.Б Одлука за избор на студенти членови на ННС

Прилог 7.2.В Извештај за структурата на студентите за учебната 2021 – 2024

| | |
|---|---|
| 7.3 Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

На универзитетската веб - страница и на факултетската веб - страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.

Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).

Во тековниот период на евалуација Ликовната академија имаше повеќе значајни настани од кои дел се наведени подолу, а подетално за активноста има во Листата на значајни настани и активности (Прилог 7.3.А)

1.Потпишан меморандум со Националната академија за уметност во Софија, Бугарија и Ликовната академија, од Универзитетот Гоце Делчев, Штип, Република Северна Македонија со цел да се промовира добра волја и во духот на постојано растечката соработка и взаемна помош во областа на образованието и поттикнати од желбата да се зајакне размената на искуства и експертиза во образованието во областа на визуелните уметности.

2.По повод Патрониот празник и 17 години од основањето на Универзитетот Гоце Делчев, организирана е уметничко дизајнерска работилница во Тренинг центарот на УГД на 14 март 2024 г. Студентите од ФПТН, Дизајн на ентериер, Ликовната академија и Машинскиот факултет работеа на проекти на тема предмети од индустрискиот дизајн. Изработените проекти беа претставени на изложбата Уметноста во функција, која се отвори во Тренинг центарот на УГД на 25 март 2024 г.

3.Исто така во рамки на патрониот празник беше промовирана Виртуелната галерија на Ликовната академија, на која во тој момент беше поставена Виртуелна изложба на дел од актуелните студенти од прв и втор циклус, селекција од дипломски трудови, но и селекција на дела од неодамна дипломирани студенти. Галеријата е достапна на веб страницата galerija.ugd.edu.mk

4.Фестивалот на уметноста Ликовна визија (15 до 17 мај 20124 год) претставува манифестација за афирмација на значењето на Ликовната академија и нејзиното делување во рамките на Универзитетот Гоце Делчев, како и приближување на уметноста на младите генерации, во градот Штип и државата. Манифестацијата претставува настан во траење од неколку дена, каде се презентира современата уметност, преку неколку предавања од еминентни уметници и професори, одржување на работилници, едукативни предавања за ученици и сл. Ликовната академија на УГД го одржа Фестивалот на уметност „Ликовна визија“, кој се состоеше од две работилници, како и отворање на три изложби - едната на реномираниот ликовен уметник Родољуб Анастасов во просториите на Академијата, а втората на тековни и дипломирани студенти во Домот на култура „Тошо Арсов“ во Виница. Третата беше виртуална изложба на изработените трудови на работилниците.

5.Во Домот на културата во Штип на 28 мај 2024 год беше отворена изложбата Сликарството на Ликовната академија во Штип. Изложбата претставува презентација на ликовни дела и дипломски трудови на досегашните студенти на академијата од периодот 2019 - 2023. Изложбата беше отворена на 18 април 2024 год во МКЦ во Софија и на 17 мај во Домот на културата во Виница. Изложбата беше отворена до 10 јуни 2024 година.

6.Традиционалната годишната студентска изложба на факултетите од визуелните уметности беше отворена на 23

maj 2024 година во Безистенот во Штип. На изложбата се презентирани одбрани студентски трудови од Ликовната академија, Класично сликарство и Вајарство, Факултетот за природни и технички науки, Катедрата за дизајн на ентериер и мебел и Технолошко-техничкиот факултет, Катедрата за дизајн и технологија на текстил и облека. Изложбата беше отворена до 15 јуни 2024 година.

**Прилози:**
Прилог 7.3.А. Листа на значајни настани и активности

| | |
|---|---|
| 7.4 Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата<br>Опис на практика за заштита на личните податоци<br>Други релевантни документи или политики на установата |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).
Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци, како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.
Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.
Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.
За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.
Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ - системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.
Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ - систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.
За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до

| |
|---|
| документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.<br>Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот<br>Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб - сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.<br>Прилог 7.4.В дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7. |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци<br>Прилог 7.4.Б. Павилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 7.4.В. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/<br>Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/<br>УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб - страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно, и лесно достапни и на следните социјалните мрежи:<br>https://www.facebook.com/ugdstip<br>https://www.instagram.com/ugdstip/<br>https://www.youtube.com/user/UGDSTIP<br>https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA<br>Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди практика во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и online на следната веб локација | |

https://coj.ugd.edu.mk/eho.html

Ликовната академија активно функционира преку своите web - платформи:
http://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/
https://www.facebook.com/likovna.stip
https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=206

Сите соопштенија и активности на Ликовната академија во текот на годината редовно се објавуваат на web-страницата на факултетот, во рубриката вести (https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti).
Освен тоа, дел од својата изложбена активност Ликовната академија ја има на виртуелната галерија до која може да се пристапи преку линкот galerija.ugd.edu.mk

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
https://la.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija-la.pdf

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 118
Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 430
Универзитетски гласник број 36, страница 433
Универзитетски гласник број 37, страница 42
Универзитетски гласник број 38, страница 8
Универзитетски гласник број 38, страница 68
Универзитетски гласник број 39, страница 10
Универзитетски гласник број 39, страница 13
Универзитетски гласник број 39, страница 22
Универзитетски гласник број 39, страница 25
Универзитетски гласник број 39, страница 79
Универзитетски гласник број 43, страница 80
Универзитетски гласник број 49, страница 13
Универзитетски гласник број 49, страница 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на Наставно-научниот, односно Научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, страница 516-528
Универзитетски гласник број 43, страница 15-25

Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, страница 20-34
Универзитетски гласник број 48, страница 23-31
Универзитетски гласник број 49, страница 40-42
Универзитетски гласник број 51, страница 9-24
Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со законот за
изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, страница 71-80
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование
Универзитетски гласник број 54, страница 25-35
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 55, страница 10-11
Универзитетски гласник број 58, страница 14-15
Универзитетски гласник број 59, страница 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, страница 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот.

7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,
https://la.ugd.edu.mk/images/2024/la-raspored-neparen-sem-2024-25.pdf

8. Завршна сметка,
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf

9. Годишен извештај,
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf

10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и
https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/

13. Етичкиот кодекс.
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб-страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Преку Школата за докторски студии при УГД ги објавува сите информации кои се однесуваат кои се однесуваат на докторските студии на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
Пред одбрана на секоја докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштија на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/,

| |
|---|
| а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации може да се проследат на линковите<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/<br><br>Имајќи предвид дека на Ликовната академија моментално нема акредитирани студии од трет циклус, горенаведените линкови се однесуваат на содржини кои се врзани со активностите на останатите универзитетски единици. Линковите подолу ги илустрираат тековните случувања на Ликовната академија и се селекција на поважни активности во периодот на самоевалуацијата.<br><br>Сликарството на Ликовна академија во Штип https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/59-slikarstvoto-na-likovnata-akademija-vo-shtip<br>Реализиран фестивалот „Ликовна визија“ https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/57-likovnata-akademija-go-realizirashe-festivalot-na-umetnosta-likovna-vizija<br>Виртуелна изложба „Ликовна визија“ https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/55-virtuelna-izlozhba-likovna-vizija<br>Изложба на Ликовната академија при УГД во МКЦ во Софија https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/53-izlozhba-na-likovnata-akademija-pri-ugd-vo-mkc-vo-sofija<br>Виртуелна изложба на Ликовната академија https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/51-virtuelna-izlozhba-na-likovnata-akademija<br>Фестивал на Ликовната академија „Ликовна визија“ https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/54-likovna-vizija-festival-na-umetnosta-na-likovnata-akademija-pri-ugd<br>Изложба „Уметност во функција“ https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/52-izlozhba-umetnost-vo-funkcija<br>Работилница на студентите на Ликовна академија на изложбата „Апостолите на македонското современо сликарство“ https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/46-likovna-rabotilnica-na-studentite-od-klasichno-slikarstvo<br>Учество на изложбата „Професори и студенти“ https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/44-izlozba-skopje-mkc-profesori-studenti<br>Ликовна работилница во НУ Завод и Музеј – Штип https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/47-likovna-rabotilnica-vo-nu-zavod-i-muzej-shtip<br>Графичко студио на Ликовна академија https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/43-atelje-graficko<br>Работилница на студентите на Ликовна академија на изложбата на Владимир Георгиевски https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/40-rab-lik-aka<br>Студентите од Ликовна академија насликаа мурал на нивниот објект https://la.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/33-naslikan-mural<br><br>Прилог 8.3.А дава SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 8. |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.3.А. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 8 |

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1 Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алијансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат практика во некоја европска фирма, и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитетот има и Одделение за меѓународна соработка, на чијашто веб- страница https://cmus.ugd.edu.mk/index.html студентите може да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ | |

| | |
|---|---|
| програмата.<br>На Ликовната академија Продеканот за настава е задолжен за одобрувањето на избраните предмети и еквиваленцијата на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.А).<br><br>Во периодот 2021-2024, нема студенти од Ликовната академија кои користеле мобилност на универзитети во други земји. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.1.А Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ECTS | |
| 9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн) |
| Во Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на Англиски јазик.<br>Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.<br>На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.2.А – Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година<br>Прилог 9.2.Б. – Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 9.2.В - Записник и мислење од Комисија за Еразмус+ | |
| 9.3 Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Номинално, во рамките на УГД главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар може да ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку Еразмус+ мобилност, како и други мрежи. Меѓутоа, во периодот на самоевалуација нема наставници кои ја искористиле оваа можност. Дополнително од 2023/24 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противредност. Од страна на Ликовната академија не се искористени средства од овој фонд за време на периодот на самоевалуација. | |
| **Прилози:** | |

| | |
|---|---|
| 9.4 Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Прилогот 9.4.А ја прикажува листата на потпишани договори за меѓународна соработка помеѓу Ликовната академија и други универзитети и институции, која изнесува 29.<br>На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Б).<br>Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+<br>Прилог 9.4.Б. Правилник за условите постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми | |
| 9.5 Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
| Во периодот 2021-2024 на Ликовната академија нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата, освен стручњаците од пракса, ниту пак има наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови.<br>Исто така, во периодот на самоевалуација нема запишано странски студенти ниту на првиот ниту на вториот циклус студии.<br><br>Прилог 9.5.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.5.А SWOT анализа за исполнетоста на стандард 9 | |

**Комисија за самоевалуација на Ликовна Академија**
проф. м-р Јордан Ефремов, член
проф. м-р Ванѓа Димитријева Кузманоска, член
вон.проф. д-р Слободан Милошевски, член
Сашка Марковска, студент
Николина Левкова, студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Музичка академија<br>(кратенка МА, УГД) |
| **Седиште** | Адреса: ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А<br>Пош. фах 201, Штип – 2000, РС Македонија |
| **Контакт информации** | Тел: +389 32 550 200<br>Интернет адреса: https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>Е-пошта: contact@ma.ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | проф. м-р Златка Митева, декан<br>zlatka.miteva@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум МП овластено лице на установата
(потпис)

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Музичка академија |
| Седиште | Адреса: ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А<br>Пош. фах 201, Штип - 2000, РС Македонија |
| Веб-страница | www.ma.ugd.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | Музичката академија со своите оддели ги интегрира музичкото минато, сегашноста и иднината, нашата богата музичка традиција, музичката класика и алтернатива, но и различните погледи на музичкиот феномен, набљудувајќи ја музиката и како уметност и како наука. Затоа, веруваме дека студентите ќе ја препознаат својата иднина токму на нашата Академија, каде што во рамките на додипломските и постдипломските студии ќе се здобијат со научна или уметничка титула, или ќе се специјализираат за некоја област што посебно ги интересира. Сметаме дека со изборот на Музичката академија тие инвестираат на вистинскиот начин и на вистинското место во својата иднина, зашто тоа ги прави конкурентни насекаде во светот. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Број и датум на Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Северна Македонија: Бр. Сл. 12 од 09.02.2007 г.<br>**ПРВ ЦИКЛУС**<br>• Музичар изведувач – Саксофон<br>• Музичар изведувач – Хармоника<br>• Музичка теорија и педагогија<br>• Пијано<br>• Џез бас<br>• Џез гитара<br>• Џез пијано<br>• Џез пеење<br>• Џез саксофон<br>• Џез труба<br>• Џез ударни<br>• Етнокореологија<br>• Музичар изведувач – Виолина<br>• Музичар изведувач – Гитара<br>• Музичар изведувач – Кларинет<br>• Музичар изведувач – Труба<br>• Музичар изведувач – Флејта<br>• Соло Пеење<br>• JAZZ Bass<br>• JAZZ Guitar<br>• JAZZ Percusions<br>• JAZZ Piano<br>• JAZZ Saxophone<br>• JAZZ Singing<br>• JAZZ Trumpet<br><br>**ВТОР ЦИКЛУС**<br>• Музичка теорија и педагогија<br>• Етнокореологија<br>• Пијано<br>• Џез музика<br>• Музичар изведувач |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 19 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус - 40<br>II циклус - 7 |

***Развој на единицата***

Музичката академија нуди разни можности за музичка наобразба и дополнителна специјализација преку низа студиски програми кои можат да ги изберат студентите за својот професионален развој: музичка теорија и педагогија, пијано, етнокореологија, џез инструменти (бас, гитара, пијано, саксофон, труба и ударни инструменти) и џез пеење како и соло пеење, и музичар изведувач на инструмент виолина, гитара, кларинет, труба и флејта. Дел од понудените програми се уметнички и со нивното изучување се стекнува уметничка титула, а дел се научни и со нивното изучување се стекнува научна титула. На Музичката академија се изучуваат и студиски програми на англиски јазик во областа на џез инструментите. Академијата е многу активна и во организација и учество на музички настани и концерти кои имаат промотивен карактер за студентите, но и претставуваат можност публиката да слушне добра музика и да се запознае одблиску со концертната сцена и иднината на македонската музика.

***Наведете ги клучните институционални капацитети***

Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства – Закон за високо образование; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност и ги следи правилата според Статутот и правилниците на Универзитетот.

Универзитетот „Гоце Делчев“, вклучително и Музичката академија, е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот и вториот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД, кои треба да информираат поголема група студенти. Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Музичката академија има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува, користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси, како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.

Клучни институционални капацитети.

Музичката академија има прифатено законски акти од клучните министерства – Закон за високо образование; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност; и ги следи правилата според Статутот и правилниците на Универзитетот.

Универзитетот „Гоце Делчев“, вклучително и Музичката академија, е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти. Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Музичката академија има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава, и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување, дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на

утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси, како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простории за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес. Во однос на просторните услови и истражувачките капацитети, Музичката академија поседува кабинети за групна настава, индивидуална настава, концертна сала, кабинети за наставниот кадар, со вкупна површина од 1058 $м^2$. Академијата располага со 7 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 200 $м^2$ и капацитет од 50 седишта. Концертната сала на Музичката академија е опремена со два полуконцертни пијана. Во предавалните постојат специфични опреми за определена студиска програма и пијанина. На студентите на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, како и на сите студенти од единиците на Универзитетот, достапни им се сите форми за континуирано учење, усовршување и професионално реализирање. Универзитетот располага со дигитални платформи, кои им се достапни на студентите, како што се: е-учење, е-индекс за студенти (следење на резултатите од нивните активности), информирање за тековни и идни настани, е-библиотека (достапни електронски изданија на учебници и учебни помала).

Структурата на наставниот кадар на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип систематски и континуирано ја следи, ја оценува и ја поттикнува педагошката и истражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар. Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми е соодветен на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), според Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка.

Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Информации за значајни настани и активности на Факултетот редовно се објавуваат на веб-страниците на Факултетот и Универзитетот (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат и сл.), а на нив може да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси. Во рамките на Универзитетот функционира и Одделението за ТВ, радио и веб, кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб-порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).

**Области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години**

Целите на студиските програми се во склад со основните задачи и цели на Факултетот и се јасно и недвосмислено дефинирани, конкретни и остварливи со оглед на расположливите ресурси. Со совладување на студиските програми студентите во целина се стекнуваат со општи и специфични (по предмети) способности за интегрирање на знаењето и вештините. Континуирано и системски се следи квалитетот на студиските програми, а според можностите, континуирано се осовременуваат студиските програми. Забележана е мала заинтересираност на одредени студенти за интерактивни методи на настава и учење, како и недоволно анализирање на повратните информации од пракса за дипломираните студенти и нивните компетенции. Но, систематското следење на квалитетот на студиските програми и примената на релевантни корективни мерки со цел нивно постојано унапредување и усогласување со стекнатите компетенции и исходи од учењето со барањата на пазарот се мерки кои се преземаат за унапредување на квалитетот на стандардот.

Студентите кои се запишуваат на Музичката академија на прв циклус на студии можат да изберат една од 18 студиски програми на македонски јазик и 7 на англиски јазик, по чиешто завршување се стекнуваат со соодветна квалификација и диплома за стекнато високо образование. Во текот на студирањето институцијата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. Со завршување на студиите, студентите се стекнуваат со Диплома за завршени студии од прв, втор циклус на студии, која ги содржи релевантните податоци (име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во место, општина, држава; завршил/а академски/стручни – вид и назив на студиската програма и насока; ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив – академски/стручен назив,

академски/стручен назив за меѓународен промет, сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв, втор или трет циклус на студии), покрај дипломата, студентите добиваат и : „Додаток на Дипломата“.
Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.

Музичката академија преку секојдневна вклученост на млади кадри од редот на студентите на додипломски студии и нивно вклучување во научно-истражувачки и апликативни проекти, врши позитивна селекција и мотивација на најдобрите студенти, да го продолжат образованието на втор циклус академски студии. Заради подобрување на квалитетот и унапредување на наставниот процес, Академијата постојано врши ангажирање на визитинг професори во соодветната научна област и истакнати стручњаци од практиката. Преку спроведување на обуки за стручњаците од практиката, Академијата се труди да ги подигне нивните компетенции и со тоа да дадат подобри резултати во подобрувањето на практичните вештини на студентите. Во моментот на самоевалуација, Музичката академија има активни 15 договори со уметничките институции и стручни училишта, со што широко се отвора можноста студентите квалитетно да ја реализираат практичната настава. Општо земено, наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење. Наставниот кадар знае да ги користи платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знае да креира квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето. Квалитетот на наставата се обезбедува преку интерактивност и вклучување на студентите во истражувачки и апликативни проекти.

*Најголеми предизвици и недостатоци (не подолго од 1 страница).*

Загрижува трендот на намалување на бројот нови вработувања. Ова донекаде може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, Музичката академија максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Развојната политика и достигнување на максимален квалитет во образовниот процес се тесно сврзани со вработувањето на институцијата.
Постојан преглед на целите на студиската програма и усогласување со стекнатите компетенции и исходи од учењето, усогласување со барањата на пазарот, континуираното развивање на наставната и студиската програма, развивањето на нови видови интерактивна настава погодна за работа со мал број ученици-индивидуални часови во инструменталниот оддел, како и систематско следење на квалитетот на студиските програми и примена на релевантни корективни мерки, се дел од мерките кои се преземаат за унапредување и подобрување на квалитетот на стандардот. Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ – Штип, меѓу другото, во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик, како и развивање на меѓународна научна соработка. Потребно е да се дефинираат индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализацијата на ниво на Универзитетот, како и да се следат индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка, годишно, во вид на извештаи.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1 Установата има политика на квалитет, која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб-страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование, каде што во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот, т.е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи, за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“.Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на :

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научно-истражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз која е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи, се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.
Согласно со имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет, уште во 2012 година извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ, кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб-страница, каде што во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот, која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.
Овие три документи(акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организационата поставеност на Универзитетот е прикажана во органограмот даден во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**
Прилог 1.1.А. Органограм на УГД

| | |
|---|---|
| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација, која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот, кои ги постави и на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација, кои се јавно достапни на веб-страницата на Универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за проценка на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс, од каде што ги добива статистичките податоци за наставни програми, предмети и сл. и кој е алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена, од кои 6 (шест) члена се од редот на наставниците и 3 (три) члена се од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/уметничкиот совет со тајно гласање, и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во периодот 14.11.2024 до 30.11.2024, и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж).
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З).

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е нивна анализа, која се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и на наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на Универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде што понатаму се развиваат, се посочуваат и се преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.З Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.Ѕ. Резултати од анкети на студентите од прв циклус на МА<br>Прилог 1.2.И Резултати од анкети на студентите од втор циклус на Кампус 4<br>Прилог 1.2.Ј Резултати од анкети на студентите од трет циклус на Кампус 4<br>Прилог 1.2.К Резултати од анкети на наставничкиот и соработничкиот кадар на МА<br>Прилог 1.2.Л Резултати од анкети на административниот и помошно-техничкиот персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет | |
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и другите релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитетот во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на, Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб-страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.

Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работата на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот, и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња, и тоа:

- Научно-истражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научно-истражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветната област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред сѐ со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.

Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет.

**Прилози:**

Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан

| | |
|---|---|
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работните места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување на квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување на квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причините за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедувањето на квалитетот, Универзитетот го разви и ги имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани, се извршуваат и се контролираат согласно со препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008, кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог е сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот, каде што секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.В). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитувањето на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл. (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поддржана од Ректор, Проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД“. Со работната група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување на квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со Универзитети од Балканот, на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научно-истражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот, на уште повисоко ниво. Работната група врз основа целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно-техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е, 1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување на квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms, со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец, кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот

образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување на квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).
Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација, која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk), и истото тоа се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде што понатаму се развиваа, се посочуваа и се преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година и Наставно-научниот совет на Факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А Статут на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 1.4.Б ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5 Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и/или препораките од самоевалуација.<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби, направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование, и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така што покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста, во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од Стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите, кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма,
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции, кои се очекуваат да се стекнат од студентите во образовниот процес,
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научно-истражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизиран степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладиниот сектор, и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на

Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиски програми, со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми, кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.

Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде што се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел за постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страницата на Универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е

Извештајот за самоевалуација на Универзитетот Гоце Делчев во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**

Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6 Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес, кој завршува со извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес,<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план, кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно со кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а прифатени се и усогласени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното свое постоење. Процесот на надворешна евалуација првпат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултети, и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што тие два факултети ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирањето на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека тој ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на другите факултети и академии.

| |
|---|
| Прилог 1.6.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1. |
| **Прилози:**<br>Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)<br>Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1 |

### Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност (Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и им овозможуваат на студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми се истакнуваат со својата релевантност и добра осмисленост во насока на целта за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што може да се применат во нивните идни кариери и личен развој.<br><br>Во периодот 2021-2024 на Музичката академија на прв циклус студии имаме акредитирано вкупно 18 студиски програми на македонски јазик и 7 студиски програми на англиски јазик:<br><br>Во прилог се општите и специфични дескриптори од студиските програми на Музичката академија.<br><br>https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/deskriptori-za-studiski-programi<br><br>Во периодот 2021-2024, на Музичката академија на втор циклус студии имаме акредитирано вкупно пет студиски програми:<br>• Музичка теорија и педагогија<br>• Етнокореологија<br>• Пијано</td></tr>
</table>

- Џез музика
- Музичар изведувач

**Прилози:**
/

| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |
|---|---|

Студиските програми се направени според примерот на студиските програми од соодветната област на реномирани европски и светски универзитети, при што е водена сметка тие да бидат во склад со нормативите, стандардите и методологијата, кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование, така што овозможуваат споредливост со програмите на високообразовните установи на тој простор. Мисијата и реализацијата за студиските програми на Музичката академија произлезе од потребата да се пополни недостатокот од вакви програми во регионот на Источна Македонија, но и пошироко на територијата на државата.

Музичката академија ја остварува својата мисија преку активности што може да се поделат во две групи:

а) квантитативни: намалување на бројот на студенти кои мораат да се дислоцираат поради непостоење на соодветно образование во нивната околина; зголемување на понудените степени на образование; создавање услови за зголемување на степенот на изборност на наставни содржини;

б) квалитативни: одржување и афирмација на духовно-уметничките вредности (нешто што долго се гради, а лесно се руши); афирмација на креативноста; постојано зголемување на квалитетот на наставниот процес и импелментација на современите образовни техники, присутни во врвните европски центри.

Студиските програми му овозможуваат на студентот да стекне знаења, вештини и квалификации коишто ќе го оспособат за самостојно конципирање, реализирање и спроведување на концертни активности од сите видови. Стекнатите специфични вештини може да ги применува за практикување на професијата на одредени стручни работни места, како концертен изведувач, камерен музичар, оркестарски музичар, наставници во основни и средни училишта, детски градинки, учесник во менаџерскиот тим на институциите од областа на културата.

**Прилози:**
/

| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се приспособува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |
|---|---|

Студиските програми по структура и содржина се компатибилни на реалните потреби во јавниот и приватниот сектор во општеството. Содржината на предметните програми кореспондира со содржината на студиските програми, профилот на кадар што се едуцира, звањето и потребите на пазарот на трудот. Во конципирањето на студиската програма земени се предвид занимањата и звањата утврдени во постојната Национална класификација на занимања, според која во студиската програма се опфатени: 609. Музички уметности и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и студиските програми (Сл. весник Р. Северна Македонија бр. 256/22).

Студиските програми се изработуваат и се ревидираат во соработка со студентите и со други релевантни носители на интереси, бидејќи секоја студиска програма мора да се одобри и од факултетски Одбор за доверба со јавноста. Овој одбор го сочинуваат 2 професори од Музичката академија, еден преставник на студентите, 1 преставник на Општина Штип и 1 преставник на Стопанската комора на РС Македонија. Изборот на членовите на овој одбор може да се види во Прилог 2.4.А. Од одржаните состаноци постојат и записници, кои се дадени во Прилог 2.4.Б. Програмите законски се реакредитираат на секои 5 години, меѓу другото и со цел да се избегне нивно застарување. Музичката академија во изработката на последните акредитации се потпираше и на идентификуваните потреби на пазарот на трудот и врз база на неформални разговори со различни институции тесно сврзани со уметничката дејност на Академијата, како и врз база на студентски коментари од претходните анкети.
За Музичката академија студентите се битен дел во неговото функционирање и се вклучени со свои преставници и во работата на ННС (Прилог 2.4.В).
Студентите имаат свои преставници и во Универзитетскиот сенат (Прилог 2.4.Г).

| |
|---|
| **Прилози**<br>Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност<br>Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма<br>Прилог 2.4.В. Одлука на Музичката академија за студент член на ННС<br>Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат |

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти, вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

При изготвувањето на студиските програми на Музичката академија, беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Џио Тонг Универзитетот од Шангај, при што особено внимание беше посветено на анализа на сите студиски програми од сите два циклуси на усогласеност на студиските програми на МА со најдобрите странски практики и искуства.

Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства за сите студиски програми и за сите циклуси на студии се дадени во Прилог 2.5.Б.

**ПРВ ЦИКЛУС**

• Музичар изведувач – Саксофон https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/2024/muzicar-izveduvac-saksofon-2024-25.pdf

• Музичар изведувач – Хармоника https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/2024/muzicar-izveduvac-%20harmonika-2024-25.pdf

• Музичка теорија и педагогија https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/muzicka-teorija-pedagogija-studiska.pdf

• Пијано https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/pijano-studiska.pdf

• Џез бас https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/djez-bas-studiska.pdf

• Џез гитара https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/djez-gitara-studiska.pdf

• Џез пијано https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/djez-pijano-studiska.pdf

• Џез пеење https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/djez-peenje-studiska.pdf

• Џез саксофон https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/djez-saksafon-studiska.pdf

• Џез труба https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/djez-truba-studiska.pdf

• Џез ударни https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/djez-udarni-studiska.pdf

• Етнокореологија https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/etnokoreologija-studiska.pdf

• Музичар изведувач – Виолина https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/muzicki-izveduvac-violina-studiska.pdf

• Музичар изведувач – Гитара https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/muzicki-izveduvac-gitara-studiska.pdf

• Музичар изведувач – Кларинет https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/muzicki-izveduvac-klarinet-studiska.pdf

• Музичар изведувач – Труба https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/muzicki-izveduvac-truba-studiska.pdf

• Музичар изведувач – Флејта https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/muzicki-izveduvac-flejta-studiska.pdf

• Соло пеење https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/solo-peenje-studiska.pdf

• JAZZ Bass https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/en/JAZZ-Bass-studiska.pdf

• JAZZ Guitar https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/en/JAZZ-Guitar-studiska.pdf

• JAZZ Percusions https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/en/JAZZ-Percusions-studiska.pdf

• JAZZ Piano https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/en/JAZZ-Piano-studiska.pdf

• JAZZ Saxophone https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/en/JAZZ-Saxophone-studiska.pdf

• JAZZ Singing https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/en/JAZZ-Singing-studiska.pdf

• JAZZ Trumpet https://ma.ugd.edu.mk/documents/1-ciklus/en/JAZZ-Trumpet-studiska.pdf

**ВТОР ЦИКЛУС**

• Музичка теорија и педагогија https://ma.ugd.edu.mk/documents/2-ciklus/2024/muzicka-teorija-i-pedagogija-2023-24.pdf

• Етнокореологија https://ma.ugd.edu.mk/documents/2-ciklus/2024/etnokoreologija-2023-24.pdf

• Пијано https://ma.ugd.edu.mk/documents/2-ciklus/2024/pijano-2024-25.pdf

• Џез музика https://ma.ugd.edu.mk/documents/2-ciklus/djez-muzika.pdf

• Музичар изведувач https://ma.ugd.edu.mk/documents/2-ciklus/maticen-instrument.pdf

**Прилози:**
Прилог 2.5.А Листа на странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на своите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните, односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Студиските програми на Музичката академија имаат за цел да го продолжат патот на младиот човек, изградувајќи го во зрела, практично и теоретски подготвена личност, која со стекнатите дипломи најсоодветно ќе го прикаже своето искуство и знаење и ќе го спроведе во институциите кои имаат потреба од овој профил.
Наставата што е доминантна на најголем дел од студиските програми застапени на Музичката академија во Штип се одликува со специфичноста изразена преку индивидуалната настава, која вклучува активен и практичен ангажман од страна на студентот и наставникот. Уметничките знаења и вештини студентите ги стекнуваат во најголем дел преку практичната настава и самостојната практична работа, како неизоставен и незаменлив начин на уметничкото образование во високообразовните установи низ целиот свет. Теоретската и практичната настава се во целост усогласени со предвидените резултати од учењето во секоја од студиските програми и со стекнувањето на соодветните квалификации.
Студиските програми нудат можности за остварување и на други цели што би се реализирале во текот на школувањето, вклучување во меѓународни образовни и уметнички проекти, стручно-апликативни проекти, пренесување на знаења и искуство.

**Прилози:**
Прилог 2.6.А Извештај за реализирана практична настава.
Прилог 2.6.Б. Листа на фирми, организации и училишта со кои Музичката академија има потпишано меморандум за соработка.

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на веб-страницата на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страница каде што се објавени наведените информации.[1] |

Информациите за студиските програми се објавени на веб-страницата на МА, на:

Студии > Додипломски студии https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus ,

Студии > Магистерски студии https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus

**Прилози:**

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| / | |
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично ги ревидира своите студиски програми, со цел тие да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената, причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Според Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми на сите ДВА циклуси се врши на секои пет години. Студиските програми на Музичката академија во поставениот период од пет години се ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, но и да се биде во тек со потребите на уметничките институции во државата и националните оркестри.<br>Наставникот и соработникот по секој предмет користи евидентни листови, во кои се содржат информации за тоа кои студенти ја посетувале наставата во деновите одредени за тоа. Секој присутен студент го евидентира своето присуство со потпис на евидентниот лист во колоната предвидена за даденото предавање/вежби. Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.8.А. Пример на евидентен лист од еден предмет | |
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |
| **Е-индекс** електронскиот систем на УГД, заедно со дополнителни потсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии, и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие потсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации, и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.<br>Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 се дадени во Прилозите 2.9.А, 2.9.Б. и 2.9.В.<br><br>Прилог 2.9.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето<br>Прилог 2.9.Б. Листа на предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри, заедно со број на запишани студенти на тој предмет<br>Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување<br>Прилог 2.9.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2 | |

**Стандард 3 – Учење, настава и вреднување насочено кон студентот**

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица. Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите, ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.

На Универзитетот „Гоце Делчев“ квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225-227, член 252, член 255, дефинирани во Статутот на Универзитетот, како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа, дефинирани на ниво на универзитет. И Статутот на Музичката академија statuti-fakulteti.pdf (стр. бр. 121-151) **во Универзитетски гласник, број 44, месец- октомври, од 2019 година)** игра улога во тоа.

Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД, кои треба да информираат поголема група студенти.

Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување, дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси, како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење, за да го олесни образовниот процес.

Понатаму, Универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал, за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20% од финалната евалуација на студентите.

Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Музичката академија, со исклучок за преодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се:

1. Групните предавања, кои се спроведуваат во предавални или училници;
2. Индивидуалните предавања се спроведуваат во индивидуални кабинети, кои се опремени со одредена звучна опрема, пијанина и друга потребна опрема каде што студентите работат врз одредени тематски единици.
3. Вежбите се спроведуваат во предавални, училници и индивидуални кабинети.
4. Проектните активности и работата во групи студентите ја спроведуваат во соработка со уметничките институции и институциите тесно сврзани со културата и неколкуте оркестри во државата, на разни концертни претставувања, натпревари и работилници.

| | |
|---|---|
| **Прилози**<br>/ | |
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде што е возможно тоа, како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Универзитетот ја почитува различноста на студентите и нивните потреби и тоа се гледа од различни нешта. Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите досега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на УГД Е-учење, инстанца на Moodle LMS платформата (https://moodle2.ugd.edu.mk), каде што се поставуваат разни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, имплементирање на квизови, како и задавање на домашни задачи. Дополнително, оваа платформа за секој предмет нуди форуми за дискусија, испраќање на соопштенија, автоматско оценување на квизовите, анкетирање на студентите, и сл. Од секој аспект, Moodle платформата е корисна алатка која помага во комуникацијата студенти-професор, но и во инклузивноста и почитувањето на различноста на студентите.<br>На сите студиски програми наставата се одржува преку групни и индивидуални предавања и вежби. Групните предавања се изведуваат во предавални опремени со табли, пијанина и опрема за слушање музика, кои се користат за изложување на презентациите на наставникот и поради специфичноста на одредени предмети. Индувидуалните предавања се одржуваат во индивидуални кабинети за секој инструмент, кои се опремени за пијана и друга потребна опрема за изведување на индивидуалниот час. Во склоп на индивидуалните часови за изучување одреден инструмент, освен наставникот по предметот, присутен е и корепетитор, кој е пијано придружба на студентот при реализација на наставата по инструмент.<br>Вежбите се изведуваат во предавална, во зависност од специфичностите и потребите на наставниот предмет. Ова може да се види од распоредите на часови, кои се прават на факултетот секој семестар, дадени во Прилог 3.2.А. | |
| **Прилози:** Прилог 3.2.А Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно преку распоред на часови | |
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | . |
| Наставата на Одделот за музичка теорија и педагогија, како и теоретските предмети на Вокално-инструменталниот оддел, Џез одделот и Катедрата за етнокореологија се одвива групно односно во групи, а изучувањето на инструментите се одвива со индивидуална настава поединечно со секој студент и ментор. Низ изучување на изведување на разни значајни дела за изучување на инструментот од зададениот репертоар, дела од разни музички епохи, како и технички вежби (скали, етиди), со водство од менторот и сериозна и посветена индивидуална работа во текот на студирањето, се доаѓа до потребното знаење за понатамошна успешна самостојна работа при подготовка на музички дела оспособени за концертна промоција, камерни и оркестарски дела потребни за изведувачката дејност, како и за педагошката дејност. Целосно осознавање и разбирање на начинот, на процесот на интерпретирање на делата од музичката уметност, на вредноста и значењето. Потребата од поспецифичен начин на работа, како и подготовката на концерти и јавни настапи, се очекува студентите да покажат продлабочен развој на музичкото слушање, развивање на способности за (музичка) комуникација преку тимска работа во различни камерни состави, развивање на интонативност и чувство за соло и камерно музицирање, индивидуалност, (само)критичност и (само)проценување, совладување на основните елементи на музиката,способност за заедничко музицирање, звучна избалансираност, тонско и динамичко нијансирање.<br><br>Преку индивидуалната настава за изучување на различни инструменти, студентите се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за професионално и висококвалитетно изведување на музичките дела на избраниот инструмент, интерпретација на дела од различни епохи, стилови и музички жанрови, со што кај нив се зајакнуваат | |

естетските критериуми и во рамките на индивидуалните способности се развиваат сите елементи од аспект на техничката и музичката подготвеност за што поуспешно интерпретирање на музиката.
Поради КОВИД-19 пандемијата и ублажување на последиците од неа, воедно и придржувајќи се и постапувајќи по препораките издадени од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, во учебната 2021/2022 година наставата се одвиваше во целост, преку апликацијата Microsoft Teams. Вкупниот број на одржани часови по студиска програма во учебната 2021/2022 изнесуваше 100% реализација преку апликацијата Microsoft Teams. Со комбиниран начин на одржување на наставата (онлајн + физичко присуство), Музичката академија започна во непарен семестар, во учебната 2022/2023. Започнувајќи од парниот семестар во учебната 2022/2023, наставата на Музичката академија започна да се изведува во целост со физичко присуство.
Апликацијата Microsoft Teams беше користена како примарен ресурс во одржувањето на наставата во текот на КОВИД-19 пандемијата. Таа овозможува интерактивен пристап во одржувањето на наставата и снимање на одржаните предавања, и задавање на вежби или проектни активности. Дополнително, дел од наставниците ги искористија погодностите на е-учење платформата (УГД Е-учење) и снимија, односно прикачија voice over PowerPoint презентации. Како технички проблеми при одржувањето на онлајн наставата можеме да ги наведеме проблемите со конекцијата, брзината на интернетот и пад на системот во случај на поголем број вклучени хостови, односно студенти.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознати со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програма со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување" (Член 34-39) и „Завршно оценување" (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавањата и вежбите и индивидуалната работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни поени, максимум 7, и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- учество на музички рецитали и концерти,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот, како што следи:

- 10 (A) - изнесува 91-100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81-90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71-80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61-70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51-60 бода, 5 (F, FX) – со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.
Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет одделно.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии

| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
|---|---|

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:
- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус, како и странски студенти (Прилог 3.5.А, Прилог 3.5.Б, Прилог 3.5.В).
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Г)
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Д)
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Ѓ)
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Е)
- Во предметните програми на секој предмет. Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.. Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб-страницата на Универзитетот.

**Прилози:**
Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти
Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Г. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Д. Процедура за затворање на пријави во е-индекс
Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Е. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд
Прилог 3.5.Ж. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело
Прилог 3.5.З. Процедура за јавна одбрана на магистерски/специјалистички/докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации, кои по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е приспособен на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде што оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
|---|---|

Студирањето на Музичката академија се одвива согласно со усвоени правилници:
- Правилник за студирање на прв циклус на студии (Прилог 3.4.А)
- Правилник за студирање на втор циклус на студии (Прилог 3.5.Б)

Информацијата за оценувањето на студентите е достапна и видлива преку Е-индекс и студентот може да реагира во врска со оценката. Дополнително, при полагање на завршен испит и внесување на оценката, Е-индекс испраќа електронско известување до студентот и професорот за резултатот од полагањето. Електронското известување вклучува податоци за: студент, предмет, сесија, професор, поени од завршен испит и оцена. Ако студентот го полага предметот три пати и не го положи испитот, тогаш студентот полага пред комисија од тројца испитувачи.
Музичката академија за испитувањето на знаењето по теоретските предмети користи иновативни пристапи во оценувањето. Како конкретен пример можеме да го наведеме **електронското полагање на колоквиуми и испити**

| |
|---|
| **на Е-учење.** Од база на прашања, системот избира комбинација на е-прашања со повеќе понудени опции за избор на точен одговор на прашање, во комбинација со форми за проширен текстуален одговор. Во време на пандемијата, апликацијата Microsoft Teams се користеше и за реализација на завршни испити, со вклучена камера и споделен екран, при испрашување на студентот. Дополнително, Е-учење се користи и за реализација на проектни задачи и активности. За испитите кои се полагаат преку практична интерпретација на инструмент, се користи комисиско полагање на испитите од најмалку трочлена комисија, а полагањето на испитот се спроведува во вид на музичко-сценски настап.<br>Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А. |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување. |

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба, вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А) во член 31-32 и член 94.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34.
- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.А)
- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б)

Исто така, Универзитетот има дефинирано:

- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)
- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени поради заштитено внатрешно пријавување, согласно со Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)
- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, согласно со Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (“ Универзитетски весник“ бр. 46/ 20)

Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во Прилог 6.1, од последната самоевалуација.
Музичката академија во академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 година нема пријави за корупција.
Во академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 година нема поднесени жалби.
Прилог 3.7.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3.

**Прилози:**
Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22
Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22
Прилог 3.7.В. Листа на поднесени жалби на студентите по учебни години
Прилог 3.7.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| **СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 4.1 Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |

| | |
|---|---|
| Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, 3.5.А-3.5.Г). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/) | |
| **Прилози**<br>/ | |
| 4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите<br>Доказ дека системот е функционален |
| **Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на кој било факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) може сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма, и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).<br>Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.<br>Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти<br>Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар<br>Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА<br>Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)<br>Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)<br>Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018 | |
| 4.3 Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и | Акт со кој се регулира ова прашање<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години |

| | |
|---|---|
| формалното учење на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | |

На Универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање испити од претходно студирање.

Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).

По завршувањето на размената, продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е-индекс за реализација на активностите на студентот во системот за Е-индекс.

На единицата, во периодот на самоевалуација, нема студенти кои искористиле Еразмус+ мобилност (Табела 4.3.Г).

Исто така, во периодот на самоевалуација, 20 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Д).

**Прилози:**
Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во Универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнерски универзитети, програмскои партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи
Прилог 4.3.Г. Листа на студенти кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години
Прилог 4.3.Д. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години

| | |
|---|---|
| 4.4 По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |

Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).

Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.

Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.

Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања

|  |
|---|
| и резултати на студиската програма, кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.; заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.<br>Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен Правилник (Прилог 4.4.Б).<br>Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).<br>Прилог 4.4.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4. |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018<br>Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома<br>Прилог 4.4.В. Транскрипт на оценки<br>Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4 |

## Стандард 5 - Наставен кадар

| **СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР** | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТ<br>АЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Структурата на наставниот кадар на Музичката Академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Во моментот на спроведување на самоевалуацијата, на Факултетот во редовен работен однос се *17 редовни професори, 2 вонредни професори, или вкупно 19 наставници. Во наставата се вклучени и 3 насловни вонредни професори и 6 насловни доценти*. Биографиите на наставниот кадар во Europass формат на англиски и македонски јазик се дадени во Прилог 5.1.А, а одлуките за нивниот последен избор во звање во Прилог 5.1.Б.<br>Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Постои тренд на заминување на наставниот кадар во странство, но уште позагрижувачки е трендот на намалување, односно воопшто непостоење на кадар во соработнички звања, што се должи на недоволниот број нови вработувања.<br>Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научната област од Фраскатиевата класификација на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година), во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања. Прилог 5.1.В дава преглед на предмети кои кадарот ги предавал во периодот на самоевалуација. | |

| |
|---|
| **Прилози:**<br>Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Europass формат<br>Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет<br>Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице |

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно со чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години, прикажан групиран по категории предвидени во чл. 3 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице, како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Вкупниот број реализирани концертни активности, како и учества на научни конференции, од страна на наставниот кадар на Музичката академија, во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО изнесува 267, од кои 246 концертни настапи и 21 учество на конференција (Прилог 5.2.) Прегледот е даден и по наставници (Прилог 5.2.).

Во учебната 2021/2022 реализирани се вкупно 45 концерти и 6 учества на конференции

Во учебната 2022/2023 реализирани се вкупно 92 концерти и 6 учества на конференции

Во учебната 2023/2024 реализирани се вкупно 109 концерти и 9 учества на конференции

**Прилози:**

Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО и по учебни години
Прилог 5.2.Б. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО и по наставници
Прилог 5.2.В. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно со законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип континуирано се грижи наставата да ја изведува квалитетен и компететен наставен кадар. Според анализата направена за структурата на наставниот кадар на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, бројот на наставно-научен кадар што е во постојан работен однос одговара на потребите за акредитираните студиски програми (Прилог 5.3.А; Прилог 5.3.Б). Дополнително, за квалитетна реализација на студиските програми од прв циклус академски студии вклучени се професори од наставници и соработници од други единици на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на предметните програми за стекнување на генерички знаења од странски јазици и информатичка технологија, педагогија и психологија. Ангажирањето на наставниците за потребите од изведување настава на прв циклус универзитетски студии по семестар изнесува просечно 11 часа активна настава во текот на неделата (Прилог 5.3.В). Ангажирањето на наставниците за потребите од изведување настава на втор циклус универзитетски студии по семестар просечно изнесува 9-10 часа активна настава во текот на неделата. Високата стапка на ангажираност на наставно-научниот кадар за одржување активна настава во текот на неделата е резултат на недостатокот од соработнички кадар, што се одразува на дополнително ангажирање на наставниците во изведување вежби за студентите на прв, втор циклус студии, што е регулирано со Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.Г). За потребите на квалитетно одржување на вежбите по предметите согласно со акредитацијата на студиските програми, Академијата ангажира надворешни наставници за одржување на наставата. Академијата преку секојдневна вклученост на млади кадри од редот на студентите на додипломски

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

студии и нивно вклучување во научно-истражувачки и апликативни проекти врши позитивна селекција и мотивација на најдобрите студенти да го продолжат образованието на втор, а наскоро и на трет циклус академски студии.

**Прилози:**
Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии)
Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)
Прилог 5.3.В. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста на наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно-научни звања кој се применува, или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани, за сите конкурси во последните три години).<br>Линк до Билтен во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.4.А), во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Од прегледот на ангажираност на наставниците во образовниот процес може да се забележи дека наставниците кои се во редовен работен однос и избрани во наставно-научни звања на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се максимално ангажирани по семестар. Ова донекаде може негативно да се одрази врз квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, Академијата максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека на овие Конкурси се пријавил само по еден кандидат (Прилог 5.4.Б), кој ги исполнувал условите согласно со Правилникот (Прилог 5.4.А).
Прилог 5.4.В дава преглед на ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД, во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница.

**Прилози:**
Прилог 5.4.А. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години
Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД, во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница.

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови, како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветниработни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А), со кој, покрај другото, се регулира и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар.
Музичката академија располага со простор од вкупно 1058 $м^{2,}$ од кои:

- 3 кабинети за групна настава со по 40 места,
- 9 кабинети за индивидуална настава со по 27 места,
- 9 кабинети за вработениот наставен кадар со по 25 места,
- 1 концертна сала со 50 места,
- 1 просторија за работа на органите и телата на високообразовната институција со 50 места,
- 1 просторија за работа на студентско собрание со 50 места,
- 1 сала за состаноци со 20 места,
- 6 хигиенски и санитарни јазли,
- 1 просторија за прием на посетители.

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има обезбедено пристап до електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation, ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог 5.5.Г).

Воспоставувањето на меѓународна мрежа и партнерство со 8 европски универзитети во рамките на меѓународната алијанса ACE2EU, овозможува подготовка и реализација на заеднички научно-истражувачки проекти и пристап до опремата што ја имаат овие универзитети за научно-истражувачка работа.

**Прилози**

Прилог 5.5.А. Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид опрема во установата
Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и друг вид опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање)
Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата
Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини. Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Музичката академија нуди можности за професионален развој на наставниот кадар, најпрво преку можноста кадарот да користи платени отсуства од неколку денови за учество на различни обуки, работилници, тренинзи, учество на конференции, семинари, фестивали, школи, мобилности за предавање, и сл. Овие отсуства мора да бидат одобрени на Наставно-научниот совет на Факултетот. Обуките и тренинзи на наставниот кадар во периодот на самоевалуација финансирани од други установи/институции/организации/програми/проекти се прикажани во Прилог 5.6.А Дополнително, наставниот кадар има право на подолги отсуства со одобрување на ННС, при што, може да се користи една година платено отсуство и следните две неплатено отсуство. Најчесто отсуство до една година се дава како сабатна година, за наставникот да продолжи стручно да се усовршува и да работи на некој друг универзитет во светот, и оваа привилегија може да се користи еднаш на секои 5 години.

Дополнително, од 2023 година, Универзитетот финансира 30750 денари годишно на наставник или соработник за публикуван труд, со плаќање на котизација или учество на конференција, се со цел да се унапреди научно-истражувачката работа на УГД.

**Прилози**

Прилог 5.6.А. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години, финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Листата на визитинг наставници преку Еразмус+ програмата, поканети научници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиските програми од прв и втор циклус е дадена во Прилог 5.7.А. Бројот не е многу голем и во иднина Музичката академија треба да поработи повеќе на вклучување на стручњаците од практиката, барем од земјата, во предавањата на студиските програми.

**Прилози**
Прилог 5.7.1. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Научно-уметничката работа на Музичката академија опфаќа истражувања и практична примена во областа на музичките науки, изучување на музичко-теоретски дисциплини, теоретска и практична музичка дејност, како и нивна примена низ различни други полиња и области. Наставниот кадар на Музичката академија учествува во повеќе меѓународни и национални проекти и нивната листа може да се види на следниот линк: Музичка академија - вести https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti

Меѓународните проекти се во рамките на бројни семинари, изведби на дела, конференции, концертни активности, работилници, мастер-класови и сл., кои исто така вклучуваат и билатерални проекти со разни држави од поблиските или подалечни подрачја, како: Р Кина, САД, Р Јапонија и сл., финансирани од страна на бројни домашни и меѓународни организации, како на пр.: МОН, Еразмус+, Здружение на декани на музичките академии од југоисточна Европа и други проекти финансирани од страна на УГД.

Музичката академија и Универзитетот „Гоце Делчев“ ја поттикнуваат научно-истражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар, како и на студентите од прв и втор циклус, на различни начини. Прво, за сите нив се доделуваат парични годишни награди и признанија за научни активности, регулирани со Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) и други акти од Индикатор 5.11.

Студентите од втор циклус дополнително се мотивираат, бидејќи спрема Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, (Прилог 3.5.Б) студентот е обврзан да публикува најмалку еден научно-истражувачки труд, се со цел да се стекне со право за одбрана на магистерски труд.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Уште од основањето на УГД, наставниот и соработничкиот кадар ја користат Moodle LMS платформата во вид на студентски сервис Е-учење, прво за студентите од прв циклус, а потоа и за оние од втор и трет циклус, како што се акредитираат новите програми. Оваа платформа овозможува креирање на курсеви; додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.); спроведување на електронски колоквиум и испит; автоматско оценување; правење анкета, работилница; календар на активности; преземање, преглед и оценување на семинарски задачи; следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето; менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања; снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии; ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки); онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви, и сл.

Од времето на Ковид-19 пандемијата, УГД започна да ја користи и Microsoft Teams платформата за спроведување тогаш (заклучно со 2021/2022) на целосна онлајн настава и полагање на колоквиуми и испити, а денес оваа платформа се користи само за хибридна настава и одржување на онлајн состаноци по потреба на наставниот кадар.

При секоја реакредитација на програмите се прави дополнително видоизменување, модернизација и доусовршување на предметите, се со цел да се остане во тек со новите истражувања, достигнувања и технологии. Понекогаш во рамките на некои предмети студентите работат на реални проблеми и задачи, а по потреба и на сервисите и апликациите потребни за функционирање на УГД (види Индикатор 3.3 и 6.4).

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување

на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат/автоплагијат на учебниците/учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД“.
Редовна проверка на учебниците/учебните помагала Комисијата за издавачка дејност изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма, каде што во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијаризмот: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25%. Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува.“
Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма.
Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција
Секој учебник/учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијаризам, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори (Прилог 5.10.Г).
Проверката за плагијаризам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот:
Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk)
Проверката за плагијаризам на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.

**Прилози**
Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип Универзитетски гласник број 60, стр. 98-107
Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, стр. 108-112
Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, стр. 113-130
Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијаризам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научно-истражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научно-истражувачки проекти од страна на тимови од вработените.
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научно-истражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д), со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и тие да може да бидат индексирани во различни бази.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**
Прилог 5.11.А ПРАВИЛНИК за доделување годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 5.11.Б ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 5.11.В ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците

на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Г Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024
Прилог 5.11.Д ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 5.11.Ѓ ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научно-истражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и со социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, и врз таа основа се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки |

Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како високообразовна уметничка институција, располага со наставно-научен, уметнички и стручен кадар, кој е профилиран и оспособен во различни научни и музичко-уметнички области. Научно-истражувачката инфраструктура на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип овозможува продлабочување на научната дејност во областа на музичката теорија и предагогија, како и во областа на етнокореологијата. И уметничката дејност игра многу значајна улога во дејноста на Музичката академија. Се профилираат млади кадри кои се стекнуваат со изведувачки способности како солистички и камерни интерпретатори. Овде влегуваат уметничките изведувачки области – инструментален, вокален, џез и народен инструменталистички кадар. Во работата и едукацијата на млади кадри во областа на музичката, науката и уметноста вклучени се признати научни и уметнички работници, како во државата, така и надвор од неа, со значајни достигнувања во уметноста и тоа се пресликува во реализираниот број научни трудови и концертни претставувања во државата и надвор од неа.
Огромен број на дипломирани кадри од Музичката академија се профилирани уметнички кадри, кои работат во речиси сите уметнички институции во државата, национални оркестри и стручни уметнички училишта.

**Прилози:**
/

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со сеопфатен и ефикасен систем за финансирање на научноистражувачка дејност. | Финансиски план од претходните три години<br>Финансиски извештаи од претходните три години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.

Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А), а динамиката на вкупниот буџет на Универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.
Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45% од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите, и тоа во просек 38,25% од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55% за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**
Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука главно се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.
Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).
Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од МОН е 45% од вкупните средства, кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2%.

**Средства од сопствени приходи**
Средствата од сопствените приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.
Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019-2021 година изнесувал 38,71%, додека за периодот 2021-2024 изнесува 38,25%.

**Средства од научни проекти**
Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено по 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.
Зголемувањето и стабилноста во средствата добиени од научни проекти се должи на зголемените напори на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учеството на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек изнесува 5,5% од буџетот на УГД.
Според податоците за просечната процентуална застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4,1% , додека за периодот на евалуација од 2021-2024 година изнесуваат 5,5%. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**
За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.
Процентуално просечните приходите во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56%, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17%. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби, имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата, како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

| | |
|---|---|
| предмет на редовен мониторинг во установата. | |

*Дидактички простор*

Музичката академија има евидентирано соодветен сопствен простор од вкупно 667 м$^{2,}$ наменет за изведување на наставните програми во текот на студиските години. Тука спаѓаат 9 кабинети за одвивање на индивидуализирана работа, 3 кабинети наменети за групна настава со вкупен капацитет од 40 седишта и опремени со современа аудиовизуелна опрема, концертна сала која е опремена со 2 полуконцертни клавири, со вкупен капацитет од 40 седишта за публиката, и 9 канцеларии наменети за наставничкиот, техничкиот и помошниот персонал.

**Видови на опрема**

Музичката академија има на располагање 7 полуконцертни пијана Yamaha (од кои 5 се наоѓаат во зградата на Музичката академија, едно во Националната галерија Безистен и едно во концертната сала на мултимедијалниот центар при Економскиот факултет), 8 вертикални пијана, 2 сета за ударни инструменти. Исто така има 2 предавални со вкупен капацитет од 20 седишта и се опремени со современа аудиовизуелна опрема, концертната сала е опремена со 2 полуконцертни клавири и со вкупен капацитет од 40 седишта за гледачите. На Музичката академија има 12 кабинета за музичка настава, кои се опремени со клавири, аудиосистеми и пултови.

**Опремененост на компјутерските лаборатории**

Музичката академија располага со 28 компјутери и 28 интернет приклучоци, 2 ЛЦД проектори, 2 скенери и 1 печатач.

**Библиотека**

На Музичката академија има библиотечен фонд со вкупно 54 книги нотен материјал за изведување на редовната настава, како и 1 672 книги, од кои 1 481 се на македонски јазик, а 191 на странски јазици.

**Информатички ресурси за учење на далечина**

Во современите информатички алатки кои помагаат во современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта, Е-репозиториум, Е-библиотека, Е-распоред, Академски календар и др.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое на студентите им овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање, вклучувајќи: електронски упис на семестар, електронска заверка на семестар, електронско пријавување на испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, перманентна електронска комуникација, електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар, електронско учење, и многу други активности и функционалност, кои ги нуди овој систем.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се збогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.

Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1 083 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 444 260 корисници, а од регистрираните корисници направени се 551 880 преземања на насловите кои се наоѓаат во Е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 28.11.2024 година).

Музичката академија има вкупно 35 наслови, од кои дел се книги, а дел се учебни помагала, како скрипти и практикуми со вежби.

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и да ја користи.

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со Ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секого, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство).

**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД. На тој начин таа е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела, како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на Универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД, е достапно и прегледувано во целиот свет.

Во Е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23 090* содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 28.11.2024 година). Од претходниот период на самоевалуацијата, кога имало депонирано 18 379 содржини во Е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4 711 наслови, со што може да се констатира дека Е-репозиториум на годишно ниво се збогатил со над 1 100 нови наслови.

**Е-учење или Moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на Е-учење е погодна за: постојана употреба на ИКТ во наставата; креирање на курсеви; додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.); спроведување на електронски колоквиум и испит; автоматско оценување; правење анкета, работилница; календар на активности; преземање, преглед и оценување на семинарски задачи; следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето; менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања; снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии; ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки); онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев" во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година повеќе од 4 400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени.

**Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата**

Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научно-истражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.

**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа се дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.

**Сектор за ИКТ**, Секторот за информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот е опремен со најсовремена информатичка, телекомуникациска и телефонска опрема, која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирањето и имплементирањето на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување, т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата, која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиумска компјутерска опрема. Благодарение на овој сектор, Универзитетот „Гоце Делчев" располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои им се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.

**Одделението за е-учење** ја менаџира и ја сервисира платформата Е-учење. Основната цел на нејзиното функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

**Ресурси достапни на лицата со посебни потреби**

Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација, како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со

| | |
|---|---|
| посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите, но главно само до просториите на приземјето. Обезбедени се посебни места на паркингот на Кампус 2. | |
| **Прилози**<br>/ | |
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |
| Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Музичката академија во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 5 лица, од кои 3 извршуваат административни работи. Помошно-техничкиот персонал на Музичката академија се води под Универзитетот.<br>Музичката академија во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 3 лица за извршување на административните работи, од кои 2 се магистри, а 1 со трет степен на студии (Прилог 6.3.А). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, целиот персонал од административниот кадар е сместен во просториите на Академијата.<br>Административниот кадар на Музичката академија во својата работа ги зема предвид потребите на различната студентска популација (вонредни и вработени студенти, студенти од странство, студенти со посебни потреби и сл.), и најчесто комуникацијата со нив се одвива преку електронска пошта, телефон или апликации како Microsoft Teams, Messenger или Viber. За студентите со посебни потреби Универзитетот има обезбедено посебни паркинг места и делумна пристапност до просториите за учење, кабинетите за индивидуализирана настава и студентската служба.<br>Во периодот на самоевалуација никој од вработените во административниот кадар на Музичката академија не посетувале обука за развој на сопствените компетенции. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024<br>Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции | |
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Во концертниот календар на активности на Музичката академија секогаш се вклучени студентите од сите оддели на Академијата од двата циклуси академски студии. Овде влегуваат концертните активности во организација на самата Академија како циклуси концерти, јавни часови, продукции, работилници и мастер-класи, како и учество на концерти во организција на уметничките институции во државата и државни натпревари.<br>Музичка академија на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип организира циклус концерти на кои настапуваат студентите од сите оддели.<br>https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/121-muzichkata-akademija-najavuva-ciklus-prednovogodishni-koncerti | |

https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/102-nov-ciklus-koncerti
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/81-17-nova-serija-koncerti-ma
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/66-nk-m
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/91-koncerti-ma-23

Изминатите години се редовни настапите на студентите од Музичката академија со Националниот џез оркестар, Македонска филхармонија, Македонска опера и балет и оркестарот Фејмс

https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/119-studentite-od-djez-oddelot-nastapija-so-nacionalniot-djez-orkestar-vo-mnt
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/114-zvukot-na-idnite-generacii-studenti-od-muzichkata-akademija-so-nastap-vo-makedonska-filharmonija
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/107-live-at-audiokultura
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/105-studenti-od-muzichkata-akademija-nastapija-zaedno-so-orkestarot-na-institutot-fejm-s
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/96-studenti-djez-natap
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/92-symphony-of-diversity
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/83-opera-studenti

Концертни претставувања на фестивали во државата и странство

https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/111-muzichkata-akademija-go-organizira-vtoroto-izdanie-na-megjunarodniot-festival-za-sovremena-muzika
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/100-studentot-david-miladinov-od-muzichkata-akademija-so-prva-nagrada-na-balkanska-romansijada
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/99-2023
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/95-dragan-djez-nagrada
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/93-clarus-ica
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/83-opera-studenti
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/82-ma-fest
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/76-flejta-ma
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/72-ma-pijano
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/62-studentite-od-muzichkata-akademija-del-od-proektot-inspirirajte-se-od-idninata
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/59-koncet-albanija-ma
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/46-jazz-factory-festival-2021

Учества на предавања и музички работилници, конференции и проекти во земјава и странство:

https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/65-profesorka-od-turcija-odrzha-serija-predavanja-na-muzichkata-akademija
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/63-predavanje-na-the-palacky-univesity
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/55-ugd-italija-muzicka
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/57-prof-saso-popovski-del-od-jazz-across-borders
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/54-struska-muzicka-esen
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/56-koncert-jaz-big-band
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/58-15-godini-muzicka-akademija
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/44-big-bend-proekt
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/69-sst-m
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/73-seminar-ma
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/74-djez-fest
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/79-ma-goran-angelov
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/80-ali-muzicko
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/94-rabotilnica-na-muzichka-akademija
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/98-china-ceec-forum-of-music-academy-deans-and-rectors
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/101-koncert-i-rabotilnica-na-jelena-poprzhan-na-muzichkata-akademija
https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/120-japonskiot-ambasador-vo-poseta-na-ugd-po-povod-djez-koncert

**Прилози**

Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии.

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка, вклучувајќи: советник за академски развој, кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб, кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку Е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб локација:
https://ckr.ugd.edu.mk/
Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:

- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, релевантно работно искуство од полето на интерес,
- Искуство од учење коешто ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите,
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот,
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство коешто го бараат работодавците,
- Поконкурентни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV. Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на пракса по дипломирањето,
- Вмрежување и создавање професионални контакти. Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

178 студенти од целиот Универзитет добиле поддршка од Центарот за кариера.
Музичката академија има потпишано меморандуми за соработка со 9 културно-образовни установи (Национален џез оркестар, Национална опера и балет, ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ – Штип, Аудио-култура „Теохаров“, Универзитет во Источно Сараево, Универзитет Хаџи Зека – Пеќ, Сојуз на композитори на Македонија-СОКОМ, Ансамбл Македонија, ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, каде што студентите реализираат пракса (2.6.Б). Во овие институции 105 студенти реализирале пракса во 2021/2022, 70 во 2022/2023 и 50 во 2023/2024 (Прилог 2.6.А).

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот, каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии,

практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб-локацијата на Алумни клубот:
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготвува и ажурира база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17 000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна е-адреса за комуникација, преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој, или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на Алумни клубот кои студираат на втор или на трет циклус на студии, преку мрежата на Алумни клубот ќе можат да стапат во контакт со други алумни, кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на Алумни клубот кои имаат стручно знаење од одредена област, може да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:
- Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса, наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика – Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.
Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител, односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка, како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител, односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420) (Прилог 1.4.А).
Учеството на студентите во ННС на Музичката академија е прикажано со Прилог 2.4.Б, а во Одборот за соработка и доверба со јавноста во Прилог 2.4.А. Студентите учествуваат и во Универзитетскиот сенат (Прилог 2.4.Г).
Одлуката за избор на членови на Студентско собрание е дадена во Прилог 6.7.А, а извештај од последните спроведени избори во Прилог 6.7.Б. Одлуката за избор на студентски правобранител, односно негов заменик, е прикажана во прилог 6.7.В.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Тој е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени активностите кои се дадени во Прилог 6.7.Г.
Музичката академија исто така одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти, кои се дадени во прилог 6.7.Д.

**Прилози**
Прилог 6.7.А. Одлука за избор на членови на Факултетско студентско собрание
Прилог 6.7.Б. Извештај од последните спроведени избори на членови на Факултетското студентско собрание
Прилог 6.7.В. Одлука за избор на студентски правобранител, односно негов заменик
Прилог 6.7.Г. Приказ на поддржани активности на студенти поддржани од Универзитетски културен и спортски центар
Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на факултетот

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознати со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им се на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страница. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентите начини на информирање е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и веб, а сите негови активности може да се следат на веб-локацијата https://coj.ugd.edu.mk/index.html.

| |
|---|
| Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/<br>Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/<br>Во делот за Конкурси од почетната веб-страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од Универзитетот, МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на:<br>https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/<br>Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/<br>Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот:<br>https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/<br>За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година, и е транспарентно објавен на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf<br>Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/<br>Преку електронските сервиси на Универзитетот, како што се: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта, и сл. студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.<br>**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата, преку својата веб-страница на следните линкови:<br>• Веб-страница –УГД - Музичка академија -https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>• Водич за прв циклус на студии –Прв циклус -https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus<br>• Водич за втор циклус на студирање -Втор циклус -https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus<br>• Школа за докторски студии - https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>• Вести и настани –Музичка академија - вести - https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti<br>• Соопштенија: -Соопштенија - https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija<br>• Контакти: -Контакти - https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/kontakti<br>Дополнително за информирање на студентите Музичката академија ги користи и своите профили на социјалните мрежи:<br>-Музичка Академија на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип \| Facebook,<br>-УГД - Музичка академија<br>Публикации од учебници и учебни помагала достапни се на УГД Е-библиотека (1 046 наслови).<br>Е-репозиториум на УГД содржи над *22 320* содржини публикувани трудови, книги, концертни активности и изведби, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД. |
| **Прилози:**<br>/ |

### Стандард 7- Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1 Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведувањето на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален |
| Универзитетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, и тоа на различни начини.<br>Универзитетот, почнувајќи од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевалуација. Дополнително, досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот, во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и | |

надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот: https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер.

Во рамките на секоја самоевалуација се собираат и се анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините на собирање податоци за студиските програми е и анкетата на студентите, која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.Ѕ – 1.2.Л).

Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот сѐ уште е во фаза на тестирање.

Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на разни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на единицата. За таа цел се грижи Секторот за е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.

Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитрација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл.

За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научно-истражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 7.2 Информациите што се прибираат се релевантни за профилот на установата, односно за студиските програми, и ги вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката, кои се достапни за студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците, како и во планирањето на активностите што произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начин на анализа на прибраните податоци<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот |

Информациите што се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка, достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментен статус на привремено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите, добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.

Во процесот на самоевалуација досега за секоја единица на Универзитетот се назначуваше најпрво Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.

Според новиот Правилник (Прилог 1.2.А), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се избираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.

Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите, избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и

| | |
|---|---|
| Универзитетскиот Сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.<br>Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата<br>Прилог 7.2.Б Одлука за избор на студенти членови на ННС<br>Прилог 7.2.В Извештај за структурата на студентите за периодот 2021-2024 | |
| 7.3 Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| На универзитетската веб-страница и на факултетската веб-страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на нив може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.<br>Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани, концерти и активности на вработените и студентите, каде што активно учество земаа и професорите и студентите од Музичката академија. Истата улога ја имаат и веб-порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).<br>Во периодот 2021-2024 Музичката академија беше домаќин на повеќе одржани состаноци, натпревари, изложби, работилници и семинари (Прилог 7.3.А). Еднаш годишно се одржува Фестивал за современа музика, составен од неколкудневни концерти, на кој активно учество земаат професори и студенти од Музичката академија. Музичката академија беше кодомаќин на натпреварот кој го организира ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ од Штип, во склоп на кој во салата при Музичката академија беше одржан натпреварот по пијано. На натпреварите по музика, одржани во 2021, 2022, 2023 и 2024 год., кои ги организира ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ од Штип, активно учество зедоа и професорите од Музичката академија, кои беа дел од стручната жири-комисија за потребите на натпреварот по разни категории. Музичката академија зеде активно учество при бројни настани и манифестации: циклус концерти „Виртуозо“, новогодишни концерти, Фестивал на перкусии, мастер-класови, музички работилници, учество на студенти на МА на концертите на МММ, МФ, концерт посветен на Коста Трпков, концерт со Националниот џез оркестар, концерти по повод патронати и патрони празници, бројни разни настапи на Академскиот хор, итн. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.3.А. Листа на значајни настани и активности | |
| 7.4 Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата<br>Опис на практика за заштита на личните податоци<br>Други релевантни документи или политики на установата |
| Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).<br>Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци, како и копирање на уред, кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци, сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library, кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард-диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.<br>Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување. | |

Со цел за заштита од најразлични вируси на серверите, инсталирана е антивирусна заштита, која автоматски се надградува кога има достапни надградби.
За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Може да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.
Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила, кој бара многу време.
Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта, кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за таа намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.
За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки, класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки, кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки, кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите кои содржат лични податоци физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија, до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.
Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа, постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.
Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.
Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика прави повремени скенирања на мрежата и веб-сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.
Прилог 7.4.В. ја дава SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 7.

**Прилози:**
Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци
Прилог 7.4.Б. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип
Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и; |

| | |
|---|---|
| медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести:
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/
Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести:
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/
УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно, и лесно се достапни и на следните социјалните мрежи:
https://www.facebook.com/ugdstip
https://www.instagram.com/ugdstip/
https://www.youtube.com/user/UGDSTIP
https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA
Студентскиот печатен весник „Студентско ехо" е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев", а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо". Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо" се публикуваат и онлајн на следната веб-локација:
https://coj.ugd.edu.mk/eho.html

Сите вести, настани, конкурси, соопштенија, контакти и сл., на Музичката академија се објавуваат на веб-страницата на следните линкови:

- Веб-страница –УГД - Музичка академија -https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/
- Водич за прв циклус на студии –Прв циклус -https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus
- Водич за втор циклус на студирање -Втор циклус -https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus
- Вести и настани –Музичка академија - вести - https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti
- Соопштенија: -Соопштенија - https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija
- Контакти: -Контакти - https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/kontakti

Дополнително за информирање на студентите Музичката академија ги користи и своите профили на социјалните мрежи:
-Музичка Академија на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип | Facebook,
-УГД - Музичка академија

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна |

| | |
|---|---|
| стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти, како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; statuti-fakulteti.pdf (стр. бр. 121-151) **во Универзитетски гласник, број 44, месец- октомври, од 2019 година)**

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
Прв циклус: resenia-za-akreditacija1.pdf
https://ma.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija1.pdf
Втор циклус: ma.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija-ma-2.pdf
https://ma.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija-ma-2.pdf

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, стр. 118
Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, стр. 430
Универзитетски гласник број 36, стр. 433
Универзитетски гласник број 37, стр. 42
Универзитетски гласник број 38, стр. 8
Универзитетски гласник број 38, стр. 68
Универзитетски гласник број 39, стр. 10
Универзитетски гласник број 39, стр. 13
Универзитетски гласник број 39, стр. 22
Универзитетски гласник број 39, стр. 25
Универзитетски гласник број 39, стр. 79
Универзитетски гласник број 43, стр. 80
Универзитетски гласник број 49, стр. 13
Универзитетски гласник број 49, стр. 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
statuti-fakulteti.pdf https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, стр. 516-528
Универзитетски гласник број 43, стр. 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, стр. 20-34
Универзитетски гласник број 48, стр. 23-31
Универзитетски гласник број 49, стр. 40-42
Универзитетски гласник број 51, стр. 9-24
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со Законот за
изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, стр. 71-80
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование
Универзитетски гласник број 54, стр. 25-35

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 55, стр. 10-11
Универзитетски гласник број 58, стр. 14-15
Универзитетски гласник број 59, стр. 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, стр. 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот
Прилог 8.2.А ги листа сите линкови.

7. Распоредот на работни задачи на Музичката академија за тековната учебна година,
ma-raspored-zimski-sem-2024-25.pdf https://ma.ugd.edu.mk/images/2024/ma-raspored-zimski-sem-2024-25.pdf
ma-2024-25.pdf https://ma.ugd.edu.mk/images/raspored/paren/ma-2024-25.pdf

8. Завршна сметка,
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf

9. Годишен извештај,
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf

10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

12. Акти кои ги носи единицата согласно со други закони,
https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/

13. Етичкиот кодекс.
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf

**Прилози:**
Прилог 8.2.А. Листа со линкови до одлуки за последен избор во звање за секој наставник и соработник на МА

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб-страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, таа задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб-страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Преку Школата за докторски студии при УГД се објавуваат сите информации кои се однесуваат на докторските студии на веб-локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
Пред одбрана на секоја докторската дисертација, таа задолжително се објавува на веб-страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштенија на веб-локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации може да се проследат на линковите:
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/

Резултатите од научно-истражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

| |
|---|
| Прилог 8.3.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8. |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.3.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8 |

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1 Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаната. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024 УГД стана дел од Алијансата на универзитети ACE2EU, каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и Алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат пракса во некоја европска фирма, и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитетот има и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб-страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите можат да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата.<br>На Музичката академија има назначено Еразмус+ координатор и тоа по должност е Продеканот за наука и меѓународна соработка. Негова должност е одобрувањето на избраните предмети и еквиваленцијата на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.Б).<br>На Музичката академија не постојат студенти кои користеле Еразмус+ мобилност за последните три академски години (Прилог 9.1.А).<br>Студентите од втор циклус не користеле мобилност.<br>Од Музичката академија нема студенти кои користеле мобилност за пракса во изминатите три академски години за сите циклуси на студии. Во иднина Факултетот треба повеќе да поработи на информирање и вклучување на студентите за користење на програмата мобилност при Еразмус+. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии<br>Прилог 9.1.Б. Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити – ECTS | |
| 9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн.). |
| Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ – Штип (2022-2025) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик. | |

| | |
|---|---|
| Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД, која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.<br>На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следењето на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2023-2025 година<br>Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+ | |
| 9.3 Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Во периодот на Самоевалуација, наставниците од Музичката академија имаат користено средства единствено по основ на проекти поддржани од Министерството за култура од ставката „меѓународна дејност“, по основ на реализирани уметнички настани (концерти, семинари, учество на фестивали за музика и слично).<br>Никој од наставниот кадар на Музичката академија нема искористено средства од буџетот на самиот Универзитет од средствата предвидени за поддршка за професионално усовршување. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).<br>Прилог 9.3.Б. Листа на Еразмус+ проекти и COST акции во кои учествувал наставничкиот кадар | |
| 9.4 Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Дел од соработките со професори и предавачи од други универзитети<br><br>Во склоп на Фестивалот за Совремема музика 2024, гостин предавач преку Еразмус програмата на Музичката академија беше турската пијанистка Ширин Акбулут Демирчи од Универзитетот во Бурска, Турција. Таа одржа концерт и работилница за студентите од Музичката академија.<br>https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/111-muzichkata-akademija-go-organizira-vtoroto-izdanie-na-megjunarodniot-festival-za-sovremena-muzika<br>Во рамките на програмата Еразмус+, на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип гостуваше д-р Али Калкан, професор на Универзитетот за музика и ликовни уметности во Анкара, Турција.<br>https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/80-ali-muzicko<br>Во рамките на програмата Еразмус+ гостин на Катедрата по флејта на Музичка академија на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип беше проф. Бахар Сарибога од Универзитетот Орду во Турција.<br>https://ma.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/65-profesorka-od-turcija-odrzha-serija-predavanja-na-muzichkata-akademija | |

| | |
|---|---|
| **Прилози:**<br>Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+<br>Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)<br>Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)<br>Прилог 9.4.Г. Број и информации за студенти од странство кои реализирале Еразмус+ мобилност на ФИ<br>Прилог 9.4.Д. Број на наставници кои искористиле Еразмус+ мобилност<br>Прилог 9.4.Ѓ Правилник за условите постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми | |
| 9.5 Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програми за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
| Во периодот на самоевалуација на Музичката академија нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата, освен професорите со Еразмус+ мобилност и поканети (Прилог 2.5.А), ниту пак има наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови.<br>На прв циклус на студии на Музичката академија во периодот 2021-2024 биле запишани 3 странски студенти, од кои 1 на програмата на англиски јазик, а останатите на програмата на македонски јазик (Прилог 9.5.А).<br>На втор циклус има 2 запишани странски студенти.<br><br>Прилог 9.5.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.5.А. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години.<br>Прилог 9.5.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9 | |

**Комисија за самоевалуација на Музичка академија**

Проф. д-р Ангеле Михајловски (редовен професор)
Проф. д-р Гоце Гавриловски (редовен професор)
Проф. м-р Златка Митева (редовен професор)
Кирил Тасев, студент
Иван Богатинов, студент

**КАМПУС 2**
**Извештај од самоевалуација на Електротехнички факултет**

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј „Димитар Влахов“ бр. 4,
II-Кат, Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | **Електротехнички факултет** |
| **Седиште** | ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| **Контакт информации** | contact-etf@ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт - информации)** | Проф. д-р Василија Шарац, декан<br>vasilija.sarac@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт - информации)** | |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>☐ Барање на Министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува Извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум М.П. овластено лице на установата
(потпис)

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Електротехнички факултет |
| Седиште | Штип |
| Веб – страница | https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/ |
| Мисија и визија на установата | Основна мисија на Електротехнички факултет при реализација на студиските програми е студентите да добијат солидно високо образование од областа електротехника, со што стануваат квалификувани во национални и меѓународни рамки и успешни во избраната мисија и професија. Факултетот е сместен во реновиран и модерно опремен објект со целокупната потребна инфраструктура: предавални, лаборатории за експериментални и практични вежби, компјутерска лабораторија, библиотека со читална, конференциска сала и сл. Во стратегискиот развој на факултетот е планирано формирање на технолошко јадро за поддршка на малите и средни бизниси и развивање на нови лаборатории за научно-истражувачка работа на факултетот како и интернационализација на работата на факултетот преку вклучување во поголем број на меѓународни научно-истражувачки проекти кои овозможуваат вмрежување на наставниот кадар и студентите, со што факултетот ќе се доближи до единствениот Европски образовен простор и ќе стане дел од него. Образување на високо квалитетен инженерски кадар од областа на електротхениката е основна мисија на факултетот со што влијае и врз технолошкиот развој на целиот регион и помага во креирањето на нови работни места преку зголемување на инвестициите во индустрискиот сектор за кои значително влијание има и обезбедување високо квалификуван инженерски кадар, едуциран во согласност со најновиот развој на технологиите.<br>Студентот за време на студиите има можност да се вклучи во научноистражувачка работа преку изработка на проектната задача по разни предмети и дипломски труд. Факултетот ги поддржува студентите на разни начини при организирање на настани (конференции, симпозиуми и сл.) и при вмрежување за размена и мобилност со други високообразовни институции во земјава и странство.<br>Факултетот ги поддржува студентите особено во Еразмус+ програмата за мобилност, како и обезбедување на стипендии за најдобрите студенти преку соодветна поддршка од домашната индустрија. Нивото на вработливост на студентите е многу високо, односно најголемиот дел студентите по завршување на факултетот се вработуваат во земјата или надвор од неа. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев" – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Електротехнички факултет има активни две студиски програми на прв и две студиски програми на втор циклус на студии.<br>Прв циклус на студии:<br>• Автоматика и системско инженерство<br>• Електроенергетика и обновливи извори на енергија<br>Втор циклус на студии:<br>• Неконвенционални извори на енергија и технологии<br>• Регулација и управување со технолошки процеси<br><br>Решенијата за акредитации се јавно достапни и истите се објавени на веб - страницата на факултетот:<br><br>https://etf.ugd.edu.mk/documents/resenija_za_akreditacija-ETF.pdf |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 8+2+16 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус- 92<br>II циклус- 13<br>III циклус- / |
| Електротехничкиот факултет е основан со Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на државен Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, (Службен весник, бр. 81/2008) од 7.7.2008 година, донесен од Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 30.6.2008 година, како единица во состав на Универзитетот со седиште во Радовиш. Во месец ноември 2019 година седиштето на факултетот е преместено во Штип. | |

На Електротехнички факултет во последните 10 години има вкупно 240 дипломирани студенти на прв циклус и 7 студенти на втор циклус на студии, што го истакнува континуираниот успех и посветеноста на факултетот во образованието и развојот на идни професионалци.
Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во периодот 2021–2024 година направи значителни чекори во развојот и унапредувањето на своите активности и капацитети. Клучен аспект на развојот беше усогласувањето на студиските програми со современите потреби на пазарот на трудот и интернационалните стандарди. Имплементирани се нови студиски програми кои вклучуваат практична настава и соработка со индустрискиот сектор.
Преку дигитализација и примена на алатки како е-индекс, е-учење и Microsoft Teams, значително се подобри пристапноста и квалитетот на наставата. Дополнително, факултетот ги интензивираше своите научноистражувачки активности преку одржувањето на меѓународна конференција, зголемено учество во меѓународни проекти, како и членства во научни одбори и рецензирање трудови за меѓународни списанија и конференции.
Соработката со странски универзитети, како дел од програмите за мобилност, ги отвори можностите за студентите и наставниот кадар да стекнат нови искуства и вештини, со што се зголеми глобалната видливост на факултетот. Факултетот во изминатиот тригодишен период во повеќе наврати беше домаќин професори и студенти од Европските универзитети во рамките на Еразмус програмата
Воспоставувањето на систем за континуирана самоевалуација и унапредување на квалитетот, заснован на европските стандарди (ENQA), дополнително придонесе за постигнување на одржливост и подобрување на сите аспекти од функционирањето на факултетот.

Електротехнички факултет располага со солидна основа за обезбедување на квалитет, која е поддржана од следниве капацитети:

1. **Одделение за обезбедување квалитет:** Клучно тело кое го следи и анализира квалитетот на наставата, научните активности и административните процеси. Ова одделение редовно спроведува самоевалуации на секои три години, користејќи алатки за анкетирање и анализирање на податоци.
2. **Сертификација според ISO 9001:2015:** Универзитетот имплементираше стандард за управување со квалитет, кој обезбедува процесна ефикасност и транспарентност.
3. **Дигитални платформи:** Е-индексот и платформите за е-учење овозможуваат поефикасна комуникација и следење на активностите на студентите и наставниот кадар.
4. **Интернационална соработка:** Преку Еразмус+ и партнерства со универзитети, се овозможуваат нови можности за размена на знаење и искуства.

Во изминатиот тригодишен период Електротехнички факултет направи значителен напредок во следниве области:

1. **Модернизација на наставните програми:** Студиските програми се ревидирани и усогласени со современите стандарди, вклучувајќи практична настава, развој на аналитички способности и дигитални компетенции кај студентите.
2. **Научно-истражувачка дејност:** Зголемен е бројот на научни трудови и проекти, особено преку соработката со локални и меѓународни партнери.
3. **Интернационализација:** Програмите за мобилност овозможија студентите и наставниците да учествуваат во академски разменувања, конференции и заеднички истражувачки активности.
4. **Дигитализација:** Со примената на Microsoft Teams и другите дигитални алатки, наставата стана пофлексибилна и достапна, особено за време на пандемијата.
5. **Подобрување на студентското искуство:** Анкетите и редовните евалуации овозможија навремено препознавање на потребите на студентите и преземање на соодветни мерки.

И покрај постигнатиот напредок, факултетот се соочува со неколку значајни предизвици:

1. **Недостаток на наставнички и соработнички кадар:** Електротехнички факултет се соочува со недостаток во однос на бројот на вработени како од наставниот, исто така и од соработничкиот кадар, што го намалува и ограничува капацитетот за имплементација на сите активности.
2. **Финансиски ограничувања:** Ограничените буџетски средства влијаат врз можностите за унапредување на инфраструктурата и спроведување на препораките од надворешните и внатрешните евалуации.
3. **Недоволна имплементација на препораките:** Дел од препораките од претходните евалуации сѐ уште не се целосно спроведени.
4. **Недоволна анализа на резултатите:** Резултатите од самоевалуациите не се целосно искористени за долгорочно планирање и подобрување на студиските програми и наставниот процес.

Препознавањето на овие предизвици е основа за дефинирање на идните стратешки приоритети, кои ќе вклучуваат посветеност на кадровското и инфраструктурното зајакнување, како и на доследна имплементација на стандардите за квалитет.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 1.1 Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк од објава на веб- страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т.е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на:

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научноистражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз која е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот од 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб - страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи(акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организациската поставеност на универзитетот е прикажана во органограмот даден во Прилог 1.1.А.

**Прилози:** Прилог 1.1.А. Органограм на универзитетот.

| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |
|---|---|

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб-страницата на универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година. Во последната самоевалуација од 2019 до 2021 година е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период 16.09.2021 до 15.10.2021, и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д)
- Анкета за студентите од втор и трет циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ и Прилог 1.2.Е)
- Анкета за наставно научен и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж).

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).
Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета студенти I циклус-2021
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета студенти II циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета студенти III циклус
Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставно- научен и соработнички кадар
Прилог 1.2.З Анкета за административен и помошно- технички персонал
Прилог 1.2.Ѕ Резултати од анкети на студенти од прв циклус на ЕТФ

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.И. Резултати од анкета на студенти од втор циклус на Кампус 2<br>Прилог 1.2.Ј. Резултати од анкети на студенти од трет циклус на Кампус 2<br>Прилог 1.2.К. Резултати од анкети на наставен и соработнички кадар на ЕТФ<br>Прилог 1.2.Л. Анкета административно помошен персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет и Системот за менаџмент на квалитет | |
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија, како и од севкупната работа на Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб - страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.<br>Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот, и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:<br>• Научно-истражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;<br>• Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;<br>• Студентски конференции;<br>• Научно-истражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;<br>• Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;<br>• Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;<br>• Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;<br>• Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.<br>Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред се со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.<br>Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД<br>Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД<br>Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на Декан | |
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

| | |
|---|---|
| имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. | |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување на квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување на квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В) :

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување на квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така, од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитувањето на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл. (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група подржана од Ректор, Проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД “. Со работна група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување на квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со Универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научно- истражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е, 1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување на квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување на квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше

од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk), и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година, и Наставно-научниот совет на факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев"-Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.S. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј Образец Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5 Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата.. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација.<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование, и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така да покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма;
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес;
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладин сектор, и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за

понудените студиските програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.
Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страницата на универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.
Последен во низата извештаи е Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за периодот 2019-2021
(https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/izvestaj_za_samoevaluacija_na_ugd_19_21.pdf).

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. Весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6 Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес,<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултети и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Прилог 1.6.Б. ја прикажува SWOT - анализата за исполнетоста на Стандард 1.

**Прилози:**

| |
|---|
| Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)<br>Прилог 1.6.Б. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 1. |

## Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Електротехнички факултет има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев”, Штип</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми ја истакнуваат нивната релевантност и добро осмисленост со целта за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и лични развој.<br><br>Студиските програми  на прв и втор циклус на студии (Прилог 2.2.А и Прилог 2.2.Б) се ориентирани кон целокупниот развој на студентите, при што им се овозможува да стекнат не само академски знаења и специфични вештини од областа, туку и практични способности што се применливи во нивните идни професионални кариери и личен развој. Дополнително, студентите се мотивирани да ги развијат своите аналитички способности, критичко размислување и вештини за решавање проблеми, што е особено важно во современиот динамичен пазар на труд.<br><br>Програмите ги охрабруваат студентите да учествуваат во проектни активности, тимска работа и практична обука, што придонесува за стекнување искуства блиски до реалните работни услови. Оваа комбинација на теоретско знаење и практична примена ги подготвува студентите за успешна интеграција во професионалниот свет.<br><br>Со посветеност кон квалитетно образование, студиските програми го стимулираат доживотното учење, професионалната етика и личната одговорност кај студентите, создавајќи темели за нивен натамошен успех и лидерство во избраните области.</td></tr>
</table>

Исто така, акцент е ставен на стекнување на дигитални вештини и адаптација кон брзите технолошки промени, што ги прави дипломираните студенти конкурентни на глобалниот пазар на труд. Преку соработка со компании и посета на истите, се обезбедува реална примена на наученото и подобра поврзаност со индустриските трендови.

Во периодот на самоевалуација на Електротехнички факултет активни се следниве студиски програми :

Прв циклус на студии :

Мехатроника и роботика 2021/2022 и 2022/2023
Автоматика и системско инженерство 2021/2022 до 2025/2026
Електроенергетика и обновливи извори на енергија 2021/2022 до 2025/2026

Втор циклус на студии:

Автоматизација и процеси 2018/2019 до 2022/2023
Неконвенционални извори на енергија и технологии 2018/2019 до 2022/2023
Регулација и управување со технолошки процеси 2023/2024 до 2027/2028
Неконвенционални извори на енергија и технологии 2023/2024 до 2027/2028

Конкретни примери и резултати од студенти се прикажани на следниве линкови :

Мојот пат кон успехот со УГД - Мартин Панајотов - Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Кристина Паунова - Електротехнички факултет - Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

https://www.youtube.com/watch?v=PAmsWjTy0mM

https://etf.ugd.edu.mk/documents/e-brosura/brosura-ETF.pdf

**Прилози:**
Прилог 2.2.А Студиски програми и дескриптори 1 циклус на студии
Прилог 2.2.Б Студиски програми и дескриптори 2 циклус на студии

| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |
|---|---|

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештините кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество.

Студиските програми се дизајнирани да поттикнат критичко размислување и иновативност, што се клучни за решавање на сложените проблеми на денешницата.

Преку изработката на проектните задачи, студентите добиваат можност да развијат широк спектар на компетенции кои се применливи во различни индустриски и општествени контексти. Студиските програмите активно промовираат лидерски способности и професионална етика, што им помага на студентите да станат одговорни и продуктивни граѓани.

Преку презентацијата на изработените проектни задачи, студентите не само што стекнуваат знаења од својата област, туку и ги развиваат своите презентациски вештини, што е од голема важност за градење на нивната кариера.

Мојот пат кон успехот со УГД - Сара Анева - Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

https://www.facebook.com/photo/?fbid=1025111479616958&set=a.791797599615015&locale=mk_MK

| **Прилози:** | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Електротехнички факултет има формирано Одбор за соработка и доверба со јавноста (Прилог 2.4.А), чија цел е унапредување на соработката со јавноста, деловната заедница, професионалните организации и други релевантни институции. Одборот дава препораки и иницијативи поврзани со развојот на академските програми, организирање јавни настани и други активности значајни за улогата на Електротехнички факултет во општеството (Прилог 2.4.Б). Членовите на Одборот за соработка и доверба со јавноста се избираат од редот на наставниот кадар, студентите и претставници на релевантни институции и организации (Прилог 2.4.В и Прилог 2,4.Г). Составот на Одборот е осмислен така што да обезбеди застапеност на различни перспективи и да придонесе кон ефективно остварување на неговите цели.

Членовите на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Електротехнички факултет се во состав:

Проф д-р Тодор Чекеровски и Доц. д-р Билјана Читкушева Димитровска од редот на наставниот кадар избрани од Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет (Прилог 2.4.А)

Далибор Јакимовски од редот на студентите избран од Факултетското студентско собрание на Електротехнички факултет (Прилог 2.4.Д)

Владимир Хилјадников, номиниран член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Електротехнички факултет од стана на Стопанска комора на Северна Македонија (Прилог 2.4.Ѓ)

Наташа Шијаков, номиран член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Електротехнички факултет од страна на Општина Штип (Прилог 2.4.Е).

За претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Електротехнички факултет е избран проф. д-р Тодор Чекеровски (Пролог 2.4.Ж)

**Прилози**

Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма
Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС
Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат
Прилог 2.4.Д. Одлука на ФСС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Ѓ. Допис од Стопанска комора на Северна Македонија за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Е. Допис од Општина Штип за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Ж. Одлука за избор на претседател на Одбор за соработка и доверба со јавност

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Студиските програми на Електротехнички факултет се целосно усогласени со меѓународно признати стандарди и при креирање на истите се следени најдобрите странски практики. Преку споредба и прилагодување на програмите со реномирани универзитети, обезбедуваме висококвалитетно образование кое ги подготвува студентите за глобалниот пазар на труд. Овој пристап гарантира стекнување на знаења и вештини што се применливи во меѓународен контекст и поддржува мобилност и конкурентност на нашите дипломирани студенти.

Линкови од странски студиски програми:

Студиската програма по Electrical and Computer Engineering на College of Electrical Engineering, University of Washington
https://www.washington.edu/students/crscat/ee.html

Студиската програма по Electrical and Computer Engineering на Electrical Engineering and Computer Science, University of Michigan
https://ece.engin.umich.edu/academics/course-information/course-descriptions/

При изготвувањето на студиските програми, исто така, беа анализирани и водечки универзитети и институции од регионот и поширокиот Европски образовен простор:

Студиска програма Electrical engineering Универзитет во Осијек:
https://www.ferit.unios.hr/study-programmes/undergraduate-university-study#branch-electrical-engineering

Студиска програма Elektrotehnika, Универзитет во Сплит:
https://data.fesb.unist.hr/documents/public/110_HRV_2024.pdf

Студиска програма Electric power systems, Технички универзитет во Атина:
https://www.ece.ntua.gr/media/630/Undergraduate_Curriculum_SchoolofECE_NTUA_2020_2021-20210220.pdf

Студиска програма Electric power engineering and electrical equipment, Технички универзитет во Софија:
https://www.tu-sofia.bg/specialties/preview/16

Студиска програма Bachelorstudium Elektrotechnik und Informationstechnik, Технички унверзитет во Виена
https://www.tuwien.at/studium/studienangebot/bachelorstudien/elektrotechnik-und-informationstechnik

Студиската програма Electrical Engineering, Технички Универзитет во Делфт, Холандија
https://www.tudelft.nl/en/onderwijs/opleidingen/bachelors/electrical-engineering/bsc-electrical-engineering/about-the-programme

Студиската програма Аутоматика и сустави, Универзитет во Сплит
https://www.fesb.unist.hr/studiji/diplomski-studij/automatika-i-sustavi/

Студиска програма Signlas, Automatic control and Robotics, Технички универзитет во Атина
https://www.ece.ntua.gr/media/628/Undergraduate_Curriculum_SchoolofECE_NTUA_2018_2019-20210220.pdf

Студиска програма Automation and Control, Технички универзитет во Литванија
https://uais.cr.ktu.lt/ktuis/STP_RPRT2.rprt1?p1=8033&m1=2024&l1=EN

Студиска програма Industrial Electronics and Automation Engineering, School of Engineering, Universidad Carlos III de Mardid, Spain
https://www.uc3m.es/bachelor-degree/electronic?fbclid=IwAR34rmw1YsMesvC5ED6OsMJLlyM9P-DtKDu-LLsCkrycawEmkEMJSH2iNCo#program

Студиска програма Electrical engineering (модул: Automation, модул: Energy and mechatronics)
https://fe.uni-lj.si/en/study/undergraduate-study-programmes/electrical-engineering/curriculum/

Линкови од студиските програми на Електротехнички факултет:

Прв циклус:

Автоматика и системско инженерство
Студиска програма
предметна програма

Мехатроника и роботика
Студиска програма
предметна програма

Електроенергетика и обновливи извори на енергија
Студиска програма
предметна програма

Втор циклус
Неконвенционали извори на енергија (акредитација 2022)
Студиска програма
предметна програма

Регулација и управување со технолошки процеси (акредитација 2022)
Студиска програма
предметна програма

Автоматизација и процеси 60 ЕКТС (акредитација 2018)
Студиска програма
предметна програма

Неконвенционални извори на енергија и технологии 60 ЕКТС (акредитација 2018)
Студиска програма
предметна програма

**Прилози:**
Прилог 2.5.А Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Во согласност со студиските и предметните програми, очекуваното оптоварување на студентите е дизајнирано да одговара на Европскиот систем за трансфер и акумулација на кредити (ЕКТС). За секој академски семестар, вкупното оптоварување на студентите е 900 часа за семестар. Бројот на часови е дефиниран во студиската програма за секој предмет поодделно и вклучува предавања, вежби и домашно учење. Во текот на еден семестар студентите собираат 30 ЕКТС кредити односно 60 ЕКТС кредити во текот на една година. За четиригодишни додипломски студии вкупниот број на кредити е 240 ЕКТС. Студирањето завршува со одбрана на дипломски труд.

На втор циклус на студии вкупната оптовареност е 60 ЕКТС во тек на една година. Студирањето завршува со одбрана на магистерски труд.

Приказот на оптовареноста на студиските програми може да се види на следните линкови:

https://etf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021/avtomatika-i-sistemsko-inzenerstvo.pdf

https://etf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021/elektroenergetika-i-obnovlivi-izvori-na-energija.pdf

https://etf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2017/mehatronika-i-robotika.pdf

https://etf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/studiski-programi-akreditirani-22/studiska-programa-nekonvencionalni-izvori.pdf

https://etf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/studiski-programi-akreditirani-22/%D0%A1%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%A0%D0%A3%D0%A2%D0%9F.pdf

https://etf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/avtomatizacija-i-procesi.pdf

https://etf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/nekonvencionalni-izvori-na-energija-i-tehnologii-1-godisni.pdf

Практичната настава е вклучена во секоја студиска програма во текот на летниот семестар студентот е обврзан да изведе практика во времетраење од 1 месец во компаниите со кои Универзитетот има склучено договор за изведување на практична настава. За успешна реализација на практичната настава која е вклучена во студиските програми како посебен предмет за кој се добиваат кредити со Одлука на ННС во покриеноста на наставата се определува предметен професор по практична настава однос ментор. Менторската улога за секоја генерација е доделена на професор кој има искуство и експертиза релевантна за наставната програма и потребите на студентите. Менторот обезбедува насоки за академски и професионален развој, учествува во советувањето за избор на компанија каде би се реализирала практичната настава, и организира активности за поддршка на студентите. Покрај тоа студентите се стекнуваат и со практични знаење и преку теренска настава која се изведува со пости на индустриските капаците или производствените капаците од областа на електроенергетиката. Примери од изведена теренска настава се дадени подолу:

https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/92-studentite-od-etf-na-terenska-nastava-vo-rek-bitola-rek-oslomej-hec-globochica-i-veteren-park-bogdanci

https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/90-terenska-nastava-vo-ad-mepso-ad-esm-i-regulatorna-komisija

https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/77-poseta-zletovica

https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/63-terenska-nastava-aktiva

https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/61-terenska-nastava-vo-hidrosistem-zletovica

Ментор на Електротехнички факултет за реализирање на практичната настава е доц. д-р. Билјана Читкушева Димитровска.

Во прилог 2.6.А е прикажан Извештај за реализирана практична настава на студентите во последните три години.

**Прилози**

Прилог 2.6.А Извештај за реализирана практична настава

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб - страница каде се објавени наведените информации.[1] |

Информациите за студиските програми се јавно достапни и истите се објавени на веб - страницата на факултетот.

https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi

**Прилози**

/

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Студиската програма од втор циклус на студии Неконвенционални извори на енергија и технологии е акредитирана 2018 година, а е реакредитирана 2022. Во ерата на брзи енергетски трансформации и зголемени потреби за одржливи решенија додавањето

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

предметотот Складирање на енергија и современи методи за енергетско претваеање- “power to x” технологии во студиската програма ќе им обезбеди на студентите знаења за складирање на електрична енергија од обновливи извори на енергија, како и иновативни технологии за батерии со висок капацитет термални системи и хемиско складирање. Друг релевантен предмет е Наменски компјутерски системи кој ќе им овозможи на студентите да се стекнат со современи вештини и знаења за проектирање на хардверски и софтвер за специфични индустриски процеси, како и развивање на IoT технологии и други напредни апликации. Овие предмети ќе ја зголемат конкурентноста на студентите на пазарот на трудот, бидејќи познавањето на овие предмети е високо цените во индустријата (енергетика, транспорт, производство). Со воведување на овие предмети, студиската програма е порелевантна, посовремена и усогласена со глобалните трендови во енергетиката.
Студиската програма Регулација и управување со технолошки процеси е акредитирана во 2023 година на местото на студиската програма на втор циклус Автоматизација и процеси (акредитирана 2018 година) при што се воведени нови предмети како: Микроелектронски кола базирани на IoT технологии и Техники на управување и интеграција на обновливите извори на енергија кои ги подготвуваат студентите за современите технологии кои подразбираат интегрирани и далечински управувани системи каде податоците се пренесуваат преку електронски компоненти поврзани во мрежа базирана на интерент технологија. Со тоа студентите се стекнуваат со потребните компетенции потребни за работа во новите индустриски опкружувања познати како Industry 4.0, но исто така, и со новите видови на извори на енергија кои придонесуваа кон енергетска одржливост и чиста животна средина.
Пример:
Студиски програми акредитирани во 2022 година

1) Неконвенционални извори на енергија и технологии
   Студиска програма
   предметна програма

2) Регулација и управување со технолошки процеси:
   Студиска програма
   предметна програма

Студиски програми акредитирани во 2018 година

1) Неконвенционални извори на енергија и технологии:
   Студиска програма
   предметна програма

2) Автоматизација и процеси-60 ЕКТС
   Студиска програма
   предметна програма

Наставата континуирано се следи преку водење на евидентни листови за изведени предавања и вежби при што на секое изведен час се врши евидентирање на присутните студенти.

**Прилози**
Прилог 2.8.А. Пример на евидентен лист од еден предмет

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оценки, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

**Е-индекс** електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни подсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/ магистрирани/ докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии, и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие потсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив. Овие анализи обезбедуваат вредни информации за тековните трендови и предизвици, овозможувајќи да се преземат соодветни мерки за унапредување на квалитетот на образованието, задоволување на потребите на студентите и подобрување на нивниот академски успех.

Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 дадени во Прилозите 2.9.А, 2.9.Б. и 2.9.В.

Прилог 2.9.Г. ја прикажува SWOT - анализата за исполнетоста на Стандард 2.

**Прилози**
Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето заедно со причината за напуштање на студиите
Прилог 2.9.Б.А Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за прв циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет
Прилог 2.9.Б.В Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за втор циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет

| |
|---|
| Прилог 2.9.В.А Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени студенти, број на положени студенти, како и просечна оценка на положување за прв циклус на студирање<br>Прилог 2.9.В.Б Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени студенти, број на положени студенти, како и просечна оценка на положување за втор циклус на студирање<br>Прилог 2.9.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2. |

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица.<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.<br>На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот (Прилог 1.4.А), како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет.<br>Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб - страницата, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.<br>Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.<br>Понатаму, универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус+ програмата.<br>Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува блиизок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20% од финалната евалуација на студентите.<br><br>Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Електотехнички факултет, со исклучок за преодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се предавања, аудиториски вежби и лабораториски вежби кои се изведуваат со помош на најразлични софтвери за симулација и виртуелни лаборатории. Студентите за секој од предметите изготвуваат проектна задача на одредена тема со што се поттикнува истражувачката работа. Исто така, студентите во групи или самостојно ја презентираат проектната задача со што се стекнуваат со презентациски вештини кој се од голема важност при градењето на самата личност и истите се од полза при вработувањето по завршување на студиите. | |
| **Прилози:** | |
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

| | |
|---|---|
| различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно, како и мноштво на педагошки методи. | |

Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата, каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.
На Електротехнички факултет, наставно-образовниот процес се реализира преку различни форми на настава кои се прилагодени на специфичните потреби на студиите и современите образовни стандарди. Основните форми на настава вклучуваат: предавања, аудиториски вежби и лабораториски вежби.
Предавањата се одржуваат во амфитеатрите и училниците, при што професорите ги презентираат теоретските концепти и воведуваат нови теми од наставната програма.
На аудиториските вежби, студентите решаваат задачи и учествуваат во интерактивни дискусии, со цел да се продлабочат знаењата и практично да се применат теоретските концепти.
Лабораториските вежби се реализираат со користење на лабораториска опрема и софтвери за симулации, што овозможува работа во реални или симулирани услови. Оваа форма на настава е особено важна за развивање практични вештини. Некои од софтверите кој се користат за изведување на лабораториските вежби се: EdrawMax, LTSpice, LabView, FEMM, PowerSim, Matlab и Simulink, C++, ELDA, Konsolidor 8, Ansys. Исто така, на Електротехнички факултет се одржува конференција ЕТИМА на којашто студентите од прв и втор циклус имаат можност да ги презентираат своите научни истражувања под менторство на професорите.
Како пример за користење на погоре наведените софтверки пакети во релизација на симулациски вежби по поголем број на предмети ги издвојуваме следните изданија на практикуми и книги во е-библиотеката на Електротехнички факултет:
https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=128&ugd=7e659408e2b5361405a4a45a960a04b2
https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=237&ugd=4a74a8bb40f2f23d3aa0bf78910822eb

По одредени предмети од областа на електротехниката се користат интернет линкови на кои се поставени виртуелни лаборатории каде студентите може практично да ги измерат одредени електрични големини и експериментираат и по лабораториски пат ги потврдуваат претходно презентираните теоретски концепти. Примери за користење на виртуелни лаборатории се дадени подолу:

https://eveee.uni-ruse.bg/index.php?option=com_content&view=category&id=10&Itemid=142&lang=en

https://digedu.uni-ruse.bg/%D0%95%D0%BB%D0%B5%D0%BA%D1%82%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%85%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%B8-%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BA%D1%82%D1%80%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%B0/

Реализацијата на наставата е дадена во Прилог 3.2.А.

**Прилози:**
Прилог 3.2.А. Распоред на часови

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Во услови на пандемијата Ковид 19 учебната 2021/2022 година наставата продолжи да се одвива онлајн преку платформата Mictosoft Teams. За секој наставен предмет се креираа тимови во Microsoft Team за реализација на онлајн настава за предавања и вежби. Електронските платформи, кои ги имаше развиено УГД и пред пандемијата, како што се: е-индекс, е-библиотека, е-репозиториум, е-пошти, е-распоред само ја засилија реализацијата на онлајн наставата, која во услови на пандемија се реализираше во целост, без прекинување и со многу брз и

ефикасен премин на настава од физичко присуство во онлајн реализација со сите достапни електронски платформи на УГД.

За дел од наставните содржини професорите подготвија и видео презентации како методологија за реализацијата на теоретскиот дел од предметите кои видео материјали беа достапни до сите заинтересирани студенти. Тоа отвори можност за следење на наставата во offline услови кога студентите не беа во можност online да ја следат наставата. Дополнително тоа им овозможи на студентите повеќекратно да можат да ги проследуваат предавањата, истите да ги преслушуваат и прегледуваат во домашни услови и во термини кои им се најповолни. Овој тип на настава се покажа како многу успешен во периодот на Ковид - криза и неможност за реална настава на факултет или online настава (недостапност на Интернет, недостапност на компјутер и сл.)

Електротехнички факултет е организатор на меѓународната конференција ЕТИМА во која што студентите од сите циклуси на студии можат под менторство на професорите да објавуваат научни трудови во доменот на нивниот интерес. Конференцијата се организира на секој две години со што студентите имаат доволен период да го утврдат своето поле на интерес и да се консултираат со соодветниот професор. На самата конференција освен тековните студенти на прв и втор циклус на студии учество земаат и веќе дипломираните студенти. Освен на конференцијата ЕТИМА студентите под менторство на професорите објавуваат научни трудови и во останати конференции и списанија.

Научните трудови во кои се вклучени студентите :

Aneva, Sara and Sarac, Vasilija (2022) *Modeling and simulation of switched reluctance motor.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 5 (1). pp. 31-42.

Aneva, Sara and Minovski, Dragan and Sarac, Vasilija (2021) *Power-to-X technologies.* In: ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, online via Zoom platform.

Bogatinov, Aleksandar and Cingoski, Vlatko (2021) *Grid-Connected Hybrid PV System with Battery Storage.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Bogatinov, Darko and Gelev, Saso (2023) *Programming a PLC controller with a Ladder Diagram.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (2). pp. 19-29. ISSN 2545-4083

Cekerovski, Todor and Serafimovski, Dalibor and Eftimova, Ana and Stojchevski, Filip (2024) *Automated processing line for efficient sorting of waste recyclable materials.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 7 (1). pp. 29-38. ISSN 2545-4803

Dimovski, Stojce and Cingoski, Vlatko (2024) *Environmental and Energy Utilization of Municiple Wast - One Product, Two Solutions.* In: 2nd International Conference on Electrical Engineering, Technology, Informatics, Machinery and Automation - ETIMA 2023, 27-29 Sept 2023, Faculty of Electrical Engineering, University Goce Delcev - Shtip.

Kocevski, Zoran and Cingoski, Vlatko and Gelev, Saso (2022) *Зголемување на енергетската ефикасност кај гасна печка преку рекуперација на топлина.* Зборник на трудови - Меѓународна конференција ЗЕМАК 2022. pp. 269-278. ISSN 978 608-4764-14-4

Majstorski, Filip and Cingoski, Vlatko (2021) *Energy-Efficient Street Lighting System of the City of Shtip Using Solar Energy and LED Technology.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Milevski, Vasko and Cingoski, Vlatko (2022) *Пловечки фотоволтаични електрани - ФЕЦ Козјак.* Зборник на трудови - Меѓународна конференција ЗЕМАК 2022. pp. 197-204. ISSN 978-608-4764-14-

Minovski, Dragan and Sterjova, Marija (2024) *Conceptual Techno-Economic Analysis of Retrofitting a 210 MW Thermal Heavy-Oil Power Plant with a Molten Salt Thermal Energy Storage System for Renewable Power: A case Analysis of TEC Negotino.* Journal of Energy Technology (JET).

Mitkovski, Mladen and Cingoski, Vlatko (2023) *Comparative Analysis Between Bifacial and Monofacial Solar Panels Using PV*SOL Software.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), 6 (2). pp. 155-169. ISSN 2545-4803 (on line)

Mitkovski, Mladen and Cingoski, Vlatko (2024) *Comparative Analysis Between Bifacial and Monofacial Solar Panels Using PV*SOL Software.* In: 2nd International Conference on Electrical Engineering, Technology, Informatics, Machinery and Automation - ETIMA 2023, 27-29 Sept 2023, Faculty of Electrical Engineering, University Goce Delcev - Shtip.

Paunova, Kristina and Cingoski, Vlatko (2022) *Perspectives for Energy Generation in Southeast Europe using Clean Coal Technologies.* In: 6th International scientific conference, 17-19 Nov 2022, Jahorina, East Sarajevo, BiH, RS.

Popovic, Nenad and Gelev, Saso (2021) *Methodology for preparing expertise in the field of electrical engineering.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics. ISSN 2545-4803 on line Vol. 4, No. 1, Year 2021

Popovic, Nenad and Gelev, Saso (2022) *Development of Expert Finding and Opinion from the Field of Electrical Sciences.* International Journal of Electrical Components and Energy Conversion, 2022 (8). pp. 9-14.

Recanoski, Stojce and Serafimovska, Simona and Serafimovski, Dalibor (2021) *Proposed model for better English language acquisition, based on wearable devices.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Serafimovski, Dalibor and Recanoski, Stojce and Krstev, Aleksandar and Serafimovska, Marija (2023) *Analysis of the usage of mobile devices as distributed tools for patient health monitoring and remote patient data acquisition.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (2). pp. 31-42. ISSN 2545-4803

Sterjova, Marija and Minovski, Dragan (2023) *Molten Salt Thermal Energy Storage for Renewable Energy: System Design, Materials, and Performance.* In: ETIMA 2023.

Sterjova, Marija and Minovski, Dragan (2023) *Techno-Economic Evaluation of Retrofitting a 210 MW Thermal Heavy-Oil Power Plant With a Photovoltaic Solar Thermal Energy Storage System using Molten Salt: A Case Study of TEC Negotino.* In: ETIMA 2023.

Sterjova, Marija and Minovski, Dragan and Sarac, Vasilija (2021) *Battery energy storage systems and technologies: a review.* In: ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, online via Zoom platform.

Sterjova, Marija and Sarac, Vasilija (2022) *Review of the scalar control strategy of an induction motor: constant V/f method for speed control.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 5 (1). pp. 57-68.

Tasevski, Velibor and Cingoski, Vlatko (2024) *Comparative Environmental Analysis Between Conventional and Cogeneration Gas-Fired Central Heating Systems.* In: 2nd International Conference on Electrical Engineering, Technology, Informatics, Machinery and Automation - ETIMA 2023, 27-29 Sept 2023, Faculty of Electrical Engineering, University Goce Delcev - Shtip.

Velkov, Toshe and Cingoski, Vlatko (2023) *Speed Control of AC Motors for Electric Vehicles Using Field Oriented Control.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), 6 (1). pp. 37-48. ISSN 2545-4803

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.5.А) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување” (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/ проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиуми носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели

дополнителни максимум 7 поени, и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

- 10 (A) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.
Секој студент во е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.

Оценувањето на Електротехнички факултет се извршува согласно правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии. Подетално објаснување за начинот на оценување за прв циклус на студии е прикажано во Прилог 3.4.А, а за втор циклус на студии во Прилог 3.4.Б.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми – прв циклус на студии
Прилог 3.4.Б Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми – втор циклус на студии

| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб - страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
|---|---|

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.5.А-3.5.Д).
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Ѓ)
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Е)
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Ж)
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.З)
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.S)
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи..
Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб - страницата на Универзитетот.

**Прилози:**
Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии
Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти
Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Г. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Д. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за затворање на пријави во е-индекс
Прилог 3.5.Е. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Ж. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд
Прилог 3.5.З. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело
Прилог 3.5.S. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Студентите ги пријавуваат предметите кои сакаат да ги слушаат и да ги полагаат во следната студиска година три недели пред почетокот на наставата во зимскиот семестар, а за првата студиска година по запишувањето на семестарот. Изборот на предметите се врши до 30 ЕКТС студиски кредити оптоварување за семестар и 60 ЕКТС студиски кредити за една студиска година. Пријавувањето на испитите е преку платформата е-индекс со што самите студенти имаат полесен пристап и немаат потреба да се пријавуваат на шалтерите за студентски прашања. Откако оцената ќе биде внесена од предметниот професор, студентот со најавување на системот е-индекс може да ја види оцената и доколку не е задоволен во рок од 24 часа може да поднесе приговор до Деканот на факултетот ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со закон, актите на Универзитетот и Статутот на единицата. Ако Деканот утврди дека се исполнети условите од став 1 на овој член, наставникот ќе ја преиспита оценката од завршното оценување. Ако наставникот не ја преиспита оценката што ја утврдил, студентот испитот го полага пред тричлена Комисија составена од наставници од исто или сродно наставно - научно подрачје, во наредните 24 часа наредниот работен ден. Комисијата ја формира Деканот на факултетот, а во негово отсуство Продеканот на факултетот. Наставникот кај кого полагал студентот не е член на Комисијата од претходниот став на овој член.
По барање, на студентот му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет во период од најмногу 4 (четири) месеца од полагањето. Доколку студентот на повтореното завршно оценување добие пониска оценка, таа е конечна и студентот нема право да го повтори завршното оценување.
Студентот кој испитот по еден наставен предмет пред предметниот наставник го полагал неуспешно најмногу 3 (трипати), четвртиот пат, по барање на студентот, испитот се изведува пред Комисија составена од 3 (три) члена од наставници од исто или сродно наставно - научно подрачје која ја формира Деканот на факултетот, а во негово отсуство Продеканот на факултетот. Наставникот кај кого полагал студентот, не е член на комисијата.
Во услови на пандемијата Ковид 19 полагањата на колоквиуми и испити се одвиваше преку платформите Microsoft Teams и преку платформата е-учење.
Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:

| |
|---|
| - Законот за високото образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94.<br>- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34.<br>- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А)<br>- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б)<br><br>Исто така, универзитетот има дефинирано:<br>- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)<br>- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)<br>- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/ 20)<br>Во периодот на Самоевалуација од учебна година 2021/2022 до 2023/2024 на Електротехнички факултет нема пријави за корупција (Прилог 3.7.В) и има поднесено една жалба (Прилог 3.7.Г).<br>Прилог 3.7.Д. Дава информации за SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 3. |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22<br>Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22<br>Прилог 3.7.В. Извештај за пријави на корупција<br>Прилог 3.7.Г. Листа на број на поднесени жалби на студентите по учебни години<br>Прилог 3.7.Д SWOT- анализа за исполнетоста на Стандард 3 |

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1 Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |
| Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.5.А-3.5.Д). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)<br>• Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/). | |
| **Прилози:** | |
| 4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите<br>Доказ дека системот е функционален |

| | |
|---|---|
| студентот и делува врз основа на добиените информации. | |

**Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на било кој факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) може сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во било која форма, и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: https://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д)), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модул за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/ и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси, и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).

Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.

Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**
Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти
Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар
Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА
Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)
Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)
Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018

| | |
|---|---|
| 4.3 Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години |

На универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но, и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.

Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).

| | |
|---|---|
| По завршување на размената, Продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е – индекс за реализација на активностите на студентот во системот за е – индекс.<br>На Електротехничкиот факултет, во периодот на самоевалуација, нема студенти кои искористиле Еразмус+ мобилност (Табела 4.3.Г).<br>Исто така, во периодот на самоевалуација, 6 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Д). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмски партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи<br>Прилог 4.3.Г. Листа на студенти кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години<br>Прилог 4.3.Д. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години | |
| 4.4 По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |
| Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).<br>Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.<br>Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.<br>Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности, (dr.sc,PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии<br>Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот | |

| |
|---|
| на студиите. Втората страница содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Северна Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страница ја содржи шемата на образовниот систем на Република Северна Македонија.<br>Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).<br>Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).<br>Прилог 4.4.Г содржи информации за SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 4. |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.4.А Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018<br>Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома<br>Прилог 4.4.В Транскрипт на оценки<br>Прилог 4.4.Г. SWOT -анализа за исполнетоста на Стандард 4 |

## Стандард 5 - Наставен кадар

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилоти концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Структурата на наставниот кадар на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставни – научни звања. Во изведување на наставата е вклучен и еден насловен доцент. Факултетот работи во рамки на интегриран универзитет при што одделни катедри со повеќе наставници се сместени на еден факултет но опслужуваат повеќе факултети каде се застапени предмети од соодветните катедри како на пример катедрата по математика или катедрите по странски јазици. На Електротехничкиот факултет во периодот на самоевалуација изведуваат настава дваесет и седум наставници и соработници од кои девет се избрани на Електротехничкиот факултет а од кои пет се редовни професори, двајца се вонредни професори, еден е доцен, еден е насловен доцент вработен во рамките на Универзитетот во служба за електронски индекс. На факултетот се избрани и двајца лаборанти за изведување на вежби, кои воедно се и студенти на втор, односно трет циклус на студии. Од другите факултет на УГД во периодот на самоевалуација се ангажирани шеснаесет наставници , еден соработник и еден насловен вонреден професор избран на Електротехничкиот факултет а вработен во стопанството.<br>Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците.<br>Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научно -истражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања. Прилог 5.1.В. дава преглед на предмети кои кадарот ги предавал во периодот на самоевалуација, додека во Прилог 5.1.Г е даден преглед на комисиите во кои учествува наставниот кадар. Биографиите на ангажираниот наставен кадар на Електротехничкиот факултет на сите студиски програми се прикажани во Прилог 5.1.А. Одлуките за избор во звање нај ангажираните наставници на Електротехничкиот факултет се прикажани во Прилог 5.1.Б. | |

| | |
|---|---|
| **Прилози:**<br>Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми (со информации за последните три години<br>Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет<br>Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице<br>Прилог 5.1.Г Табела со преглед на предмети во кои кадарот учествувал во комисиско изведување на настава во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното /ангажираното лице | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии, односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Во периодот на самоевалуација наставниот кадар на Електротехнички факултет има објавено 101 труд од кои 40 трудови се во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование, 3 се во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови, 4 се во Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 2 се во Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 2 се Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД и 52 се во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји . Податоците за објавените трудови на наставниот кадар на Електротехнички факултет во последните три години се прикажани во Прилог 5.2.А, додека во Прилог 5.2.Б е прикажана листа на трудови со линкови до самата публикација. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа.<br>Категории на референтни научни публикации предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО се:<br>a) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование или<br>b) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови или<br>c) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или<br>d) книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или<br>e) зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји или<br>f) преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.<br>Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. | |
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[2];*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| На факултетот наставниот кадар е ангажиран по предмети согласно Законот за високо образование при што ангажманот на наставниот кадар не ја надминува пропишаната законска рамка од четири предмети по семестар на | |

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети

секој циклус на студии (Прилог 5.3.А). Секој наставник потпишува и анекс договор кон вработувањето каде се дадени сите предмети на кои ги изведува настава наставникот на прв циклус на студии (Прилог 5.3.Б.). Спроведувањето на наставата се следи преку евидентни листови при што секој наставник го евидентира одржаното предавање со евидентен лист со потписи од студентите. На тој начин се следи и присуството на студентите на наставата.Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.Г), и истата се однесува за зголемен ангажман во наставата.

**Прилози:**

Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работното /ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии

Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)

Прилог 5.3.В. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (пример од еден евидентен лист).

Прилог 5.3.Г. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Практиката на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев" има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати.

Во прилог 5.4.Б е дадена табела во која се прикажани податоци за сите конкурси во последните три години за избор во наставно- научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Во табелата се содржат податоци за бројот на пријавени кандидати, број на избрани и број на лица кои не се избрани по распишаниот конкурс.

Во прилог 5.4.В е дадена табела за целиот наставен кадар кој е ангажиран на Електротехнички факултет со линк до Билтен на УГД во кои се објавени рецензиите за изборот на целиот наставен кадар.

**Прилози:**

Прилог 5.4.А.Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години

Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев" има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој се регулира покрај другото и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар.

Во прилог 5.5.Б се дадени податоци за функционална информатичка опремата која е достапна на Електротехничкиот факултет. Ова вклучува детална листа на функционална информатичка опрема, како што се компјутери, сервери и мрежна инфраструктура, лабораториска опрема за електроника, автоматизација и енергетика, како и друга вид опрема потребна за спроведување на наставата и истражувањата. Електротехничкиот факултет обезбедува пристап до релевантни електронски бази на податоци кои се користат во наставата и истражувањето.

| | |
|---|---|
| Во прилог 5.5.Г е прикажана табела со преглед на релевантни електронски бази од областа до кои е обезбеден пристап. Просторните услови со кои располага Електротехничкиот факултет за реализацијата на студиските програми се прикажани во прилог 5.5.Д. | |
| Прилози<br>Прилог 5.5.А Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип<br>Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата. Податоците се достапни во претходната самоевалуации и елаборатите за акредитација на студиски програми од соодветниот факултет.<br>Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање). Табелата се креира доколку таква опрема е обезбедена во последните 3 години.<br>Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата.<br>Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. | |
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој нанаставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А.<br>Во периодот на Самоевалуација, наставниот кадар на Електротехнички факултет нема реализирано обуки или тренинзи во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава финансирани од Електротехнички факултет.<br>Во прилог 5.6.Б е дадена листа на обуки и тренинзи кои наставниот кадар ги посетувал за развој на проактивни и иновативни методи за настава финансиран од други установи, институции или организации. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.6.А. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Прилог 5.6.Б. Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма. | |
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програмаи носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| Податоци за ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години се прикажани во Прилог 5.7.А, додека биографиите за ангажираните лица се прикажани во Прилог 5.7.Б. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години. Табелата вклучува тип на ангажман, област/ предмет и период на ангажман;<br>Прилог 5.7.Б. Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми во Europass формат. Биографиите на ангажираните лица од странство да бидат на англиски јазик. | |
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Електротехнички факултет е организатор на меѓународната конференција ЕТИМА во којашто студентите од сите циклуси на студии можат под менторство на професорите да објавуваат научни трудови во доменот на нивниот интерес. Конференцијата има издадено два Зборника со трудови достапни на следниот линк:<br><br>https://js.ugd.edu.mk/index.php/etima/issue/view/10.46763<br>https://js.ugd.edu.mk/index.php/etima<br><br>Конференцијата се организира на секој две години со што студентите имаат доволен период да го утврдат своето поле | |

на интерес и да се консултираат со соодветниот професор. Покрај тоа студентите во соработка со предметните професори објавуваат трудови и во списанија кои се издаваат на рамките Универзитетот но и надвор од него во меѓународни списанија. Листата на трудови од студенти објавени во меѓународна конференција на факултетот и меѓународни списанија е дадена во прилог 5.8.А.

Прилози:

Прилог 5.8.А. Листата на трудови од студенти објавени во меѓународна конференција на факултетот и меѓународни списанија.

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Во изведувањето на лабораториските вежби се користат виртуелни лаборатории со што значително се подобрува квалитетот на наставата и им овозможува на студентите да се стекнат со практични знаења. Преку симулации и реални сценарија овие лаборатории им овозможуваат на студентите да експериментираат, анализираат, проектираат и применуваат теоретски концепти без потреба од скапа научно-истражувачка и лабораториска опрема. Лабораториските вежби се реализираат со користење на софтвери за симулации, што овозможува работа во реални или симулирани услови.
Оваа форма на настава е особено важна за развивање практични вештини, го потикнуваат критичкото размислување и иновативноста на самите студенти. Некои од софтверите кој се користрат за изведување на лабораториските вежби се : EdrawMax, LTSpice, LabView, FEMM, PowerSim, Matlab и Simulink, C++, ELDA, Konsolidor 8, Ansys.
Како пример за користење на погоре наведените софтверки пакети во релизација на симулациски вежби по поголем број на предмети ги издвојуваме следните изданија на практикуми и книги во е-библиотеката на Електротехнички факултет:
https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=128&ugd=7e659408e2b5361405a4a45a960a04b2
https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=237&ugd=4a74a8bb40f2f23d3aa0bf78910822eb

По одредени предмети од областа на електротехниката се користат интернет линкови на кои се поставени виртуелни лаборатории каде студентите може практично да ги измерат одредени електрични големини и експериментираат и по лабораториски пат ги потврдуваат претходно презентираните теоретски концепти. Примери за користење на виртуелни лаборатории се дадени подолу:

https://eveee.uni-ruse.bg/index.php?option=com_content&view=category&id=10&Itemid=142&lang=en

https://digedu.uni-ruse.bg/%D0%95%D0%BB%D0%B5%D0%BA%D1%82%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%85%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%B8-%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BA%D1%82%D1%80%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%B0/

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијат. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 5.10.А). Во правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците / учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД". Редовна проверка на учебниците / учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијат: „ Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25%.
Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува".
Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.В).
Проверката за плагијат КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција

Секој учебник / учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијат, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори (Прилог 5.10.Г).
Проверката за плагијати на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот:
Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk)
Проверката за плагијати на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.

**Прилози**

Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип Универзитетски гласник број 60, страница 98-107
Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 108-112
Прилог 5.10.В УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 113-130
Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика/ документ/ акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научно-истражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научно-истражувачки проекти од страна на тимови од вработените.
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Проилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научно-истражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да може да бидат индексирани во различни бази.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**

Прилог 5.11.А ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.11.Б ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.В ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со важност до 29.02.2024
Прилог 5.11.Г Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Д ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.Ѓ ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;Релевантни извештаи или препораки |

Научноистражувачката работа на факултетот е поделена во неколку области кои се главен фокус на истражување и тоа: обновливи извори на енергија и зелени технологии, електроника и автоматика, роботика и електро-механичка конверзија на електрична енергија при што треба да се напомене дека најголемиот дел од објавените трудови се токму од области кои се од исклучително значење за технолошкиот развој на земјата и тоа: користење и оптимизирање на обновливите извори на енергија, автоматизација во индустријата и енергетска ефикасност кај електричните уреди. Споменатата научно-истражувачка работа ги следи современите методи за подобрување на ефикасноста преку оптимален дизајн како кај фотоволтаичните панели така и кај различни водови на електрични уреди пред се електрични мотори со чие ефикасно користење и дизајнирање може да се остварат значителни заштеди во електричната енергија. Во услови на глобална енергетска криза ваквата научно-истражувачка работа и нејзината имплементација преку дизајнирање на соодветни прототипи сигурно допринесува кон националните развојни цели. Не помалку важни се и истражувањата од областа на автоматиката и роботиката каде и студентите се инволвираат во изработка на различни видови на прототипи во текот на изработката на дипломската работа. Соодветни примери се дадени на линкот подолу каде се презентираат различни водови на студентски проекти од областа на електрониката и автоматиката:

https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/za-fakultetot/studentski-proekti

Стекнатите знаење преку ваков вид на практична работа и изработка на прототипи генерираат стручен кадар кој во голема мера е подготвен за предизвиците на новите технологии базирани на автоматика и роботика кои се дел од секој индустриски капацитет а токму врз зголеменото автоматизирано индустриско производство се базира и економскиот раст на земјата. Сублимат од научно-истражувачката работа на наставниците, соработниците и професорите претставува и меѓународната научна конференција Електротехника, Технологија, Информатика, Машинство и Автоматика-технички науки во служба на економија, образование и индустрија-ЕТИМА која се организира во рамките на факултетот со учество на поголем број на учесници како од земјата така и од странство и на која се презентираат добри практики но и оригинали научни трудови од областа на електроенергетиката, електромагнетика, автоматика и роботика. Преку организирање на стручната и научната конференција ЕТИМА, Електротехнички факултет се обидува да направи спој помеѓу науката и индустријата. Компаниите кои имаат допирни точки со темите на конференцијата се поканети да земат учество на конференцијата каде би можело да се отвори дебата за решавање на реалните проблеми со кои се соочуваат компаниите и индустријата, генерално. Според досегашното искуство компаниите не се доволно заинтересирани за присуство и учество на вакви настани, но во иднина овој тренд би требало да се промени за доброто и на индустријата и на самите високообразовни институции.
https://js.ugd.edu.mk/index.php/etima

Во прилог 5.12.А е прикажана SWOT - анализата за исполнетоста на Стандард 5.

**Прилози**
Прилог 5.12.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5.

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата, односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години<br>Финансиски извештаи од претходните три години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |
| Најголемиот извор на финансирање на Униврезитетот „Гоце Делчев" - Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.<br>Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (прилог 6.1.А.), а динамиката на вкупниот буџет на универзитетот по години е прикажан во прилог 6.1.Б. | |

Буџетот со кој располага УГД во најголема мера е обезбеден од МОН. Иако процентот на средства од МОН се намалува последниве години, сепак останува најголем извор на финансирање. Последниве години средствата од апликативните проекти бележат раст и достигнуваат над 10% од вкупните приходи на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.

Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).

Доколку се споредат буџетите од периодот на претходната самоевалуација и сегашната процентуалната застапеност на средствата од МОН се намалуваат, но се бележи раст во вкупниот буџет благодарение на средствата од апликативни и научни проекти, како и уплатите од студентите.

**Средства од сопствени приходи**

Средства од сопствените приходи се, исто така, стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.

За разлика од претходниот период на самоевалуација во периодот на сегашната самоевалуација се бележи раст на средствата од сопствени приходи од 20.6%.

**Средства од научни проекти**

Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.

Зголемувањето и стабилност во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напорите на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учество на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5.5% од буџетот на УГД.

Финансиските средства од научните проекти процентуално се зголемуваат и истите бележат пораст во вкупниот буџет на УГД за разлика од претходниот период на самоевалуација, каде што учеството на овие средства во вкупниот буџет е процентуално значително помало.

**Средства од апликативни проекти**

За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.

Финансиските средства од апликативните проекти процентуално минимално се зголемуваат и истите бележат пораст во вкупниот буџет на УГД за разлика од претходниот период на самоевалуација.

**Прилози:**

Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024

Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*

Електротехнички факултет располага со вкупен простор од 2466,44 m$^2$, 4 амфитеатри со вкупна површина од 547,64 m$^2$ и капацитет од 576 седишта, кои се во сопственост на универзитетот.

Наставната програма се одвива во 15 предавални кои имаат вкупна површина од 1080 m$^2$ и вкупен капацитет од 630 седишта од кои 3 компјутерски училници со површина од 90 m$^2$ и 60 расположливи

седишта.  Факултетот располага со 3 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 74,3 $m^2$ и капацитет од 15 седишта.
*Лаборатории*
Наставно-научниот процес се одвива во 3 лаборатории со вкупна површина од 202,5 $m^2$ и 80 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби.
*Студентски прашања*
Факултетот има студентски прашања со површина од 20 $m^2$.
Списокот на простории со површина со кои располага факултетот е даден во прилог 6.2.А.

*Видови на опрема*
Амфитеатрите на факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Предавални се опремени со аудио-вузуелна опрема специфична за определена студиска програма.
*Библиотечен фонд*
Факултетот има вкупно 4598 книги од областите на студиската група од кои 4352 се домашни, а 246 се странски книги.
Електротехничкиот факултет располага со  голем библиотечниот фонд за секоја студиска програма од прв и втор циклус на студии.
*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://www.ugd.edu.mk/#
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/kalendar-na-aktivnosti-2024-25.pdf

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот
https://www.ugd.edu.mk/#

- како и настава поддржана со Microsoft Teams.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење,
- и многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Електротехнички факултет е прикажан во прилог 6.2.Г.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 341 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 306 корисници, а од регистрираните корисници направени се 555818 симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 20.12 2024 година).
Вкупниот број на објавени учебници и учебни помагала во е-библиотеката, дадено по години 2021-2024 од Универзитетот е прикажан е во прилогот 6.2.Д.
Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на Електротехнички факултет е:
Библиотека на Електротехнички факултет

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата. Во

прилогот 6.2.Ѓ е прикажан бројот на издадени студентски е-пошти за студенти на прв, втор и трет циклус студии на Универзитетот.

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство) Е-распоредот е достапен на следниов линк:
Распоред Електротехнички факултет
**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледуван во целиот свет.
Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23184* содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 13.12.2024 година).
http://eprints.ugd.edu.mk/
Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18.379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4805 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1000 нови наслови
Електротехнички факултет има депонирано 541 наслови во е-репозиториумот достапни на линкот
Browse by Year where Division is "Faculty of Electrical Engineering" - UGD Academic Repository

**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:
- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;
- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);
- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Електротехнички факултет, за прв и втор циклус студии на платформата за е-учење е прикажано во прилог 6.2.Е.
Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк:
Sign In (ugd.edu.mk)

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб- страницата на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:
- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;

- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/kalendar-na-aktivnosti-2024-25.pdf

**Настава поддржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со кодид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот Универзитет. При крајот на пандемијата универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за учење на далечина. Прилог 6.2.Ж Креирани академски тимови во Microsoft Teams на УГД по години.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите. Обезбедени се посебни места во предавалните за лица со посебни потреби. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби дадени се во прилог 6.2.З.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (прилог 1.1.А. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научно-истражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.
**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.
**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот, е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.
**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во Република Северна Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени

**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршката на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.

Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и
Одделение за системска и мрежна администрација;
Одделение за средства и техничка поддршка;
Одделение за проектирање и одржување;
Центар за трансфер на технологии.
Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани прикажано на органограмот во Прилог 1.1.А.

**Прилози**

Прилог 6.2.А. Список на простории со површина со кои располага факултетот
Прилог 6.2.Б. Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност
Прилог 6.2.В. Список на Информатичко – технички ресурси (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност
Прилог 6.2.Г. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Електротехнички факултет
Прилог 6.2.Д. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека 2021-2024
Прилог 6.2.Ѓ. Број на издадени студентски кориснички сметки на УГД по академски години
Прилог 6.2.Е. Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Електротехнички факултет за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење
Прилог 6.2.Ж Креирани академски тимови во Microsoft Teams на УГД по години.
Прилог 6.2.З. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Електротехнички факултет во редовен работен однос од административно-технички кадри вработени се вкупно 3 лица. Помошно-техничкиот кадар се води на ниво на интегриран Универзитет распоредени преку центри и одделенија. Соодветниот приказ на распределбата на административно-техничкиот кадар и помошно-техничкиот кадар и нивниот степен на образование е дадена во Прилог 6.3.А.

Листата на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите во прилог 6.3.Б.

**Прилози**

Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024
Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, |

| | |
|---|---|
| | имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите од сите циклуси на студии имаат можност активно да се вклучуваат во голем број научноистражувачки проекти финансирани од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти. Листа на студенти кои биле ангажирани во научно-истражувачки проект на сите циклуси на студии во периодот на евалуација е прикажана во прилог 6.4.А.
Процентот на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии е прикажан во прилог 6.4.Б. Во прилог 6.4.В е дадена листа на трудови објавени од студенти на прв и втор циклус на студии на Електротехнички факултет.

**Прилози**

Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии.
Прилог 6.4.Б. Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.
Прилог 6.4.В Листа на студенти вклучени во научноистражувачки трудови

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти коиследеле обука/тренинг/практика или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Во периодот на самоевалуација вкупно 178 студенти користеле специфични форми на поддршка во последните три години во форма на обука, тренинг, практика или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера на факултетот, а приказот е даден во прилог 6.5.А.
Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку е-индекс/ издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб - локација
https://ckr.ugd.edu.mk/
Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за практика
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:
- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, Релевантно работно искуство од полето на интерес,
- Искуство од учење коешто ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите,
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот,
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство кое што го бараат работодавците,
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на практика по дипломирањето,
- Вмрежување и создавање на професионални контакти, Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

**Прилози**

<table>
<tr><td colspan="2">Прилог 6.5.А. Број на студенти кои следеле обука/тренинг/практика или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевалуација</td></tr>
<tr><td>6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.</td><td>Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб - локацијата на Алумни клубот:<br>https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html<br>Алумни клубот при УГД подготвува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17.000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.<br>Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област може да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.<br>Активности на Алумни клубот:<br>- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на практика наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.<br>- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.<br>Алумни клубот при УГД има LinkedIn и Facebook мрежи.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка, како и годишен буџет.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител, односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420)<br>Статутот на УГД е достапен на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf<br>Учеството на студентите во органите на високообразовната установа е дадено во прилог 6.7.А.<br>Прилог 6.7.Б. Записник од одржани избори за утврдување на членови на Факултетско студентско собрание<br>Прилог 6.7.В. Одлука за избор на избор на Претседател на Факултетско студентско собрание<br>Одлуката за избор на студентски правобранител, односно негов заменик е прикажана во прилог 6.7.Г.<br>Универзитетот ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.</td></tr>
</table>

Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени следниве активности:

*Реализација на спортски активности*

- Организација на еднодневни планинарски тури на Водно за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на еднодневни тури на Попова Шапка за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на куглање во куглана во Скопје за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.

*Учество на УГД тим во улични трки*

- Wizz air маратон, октомври 2022 година – 50 учесници од УГД (студенти и вработени), од кои 6 учесници во полумаратонската трка;
- Улична трка во Кавадарци – Кавадаречки полумаратон, 12 март 2023 г. Учество на 28 учесници, студенти и вработени на УГД учествуваа на трките на 5 и 10 км.
- Авицена женска трка – организирана на 9 април 2023 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Авицена женска трка – организирана на 7 април 2024 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Поетска трка во Струга – организирана на 21 мај 2023 година на која на трките на 5 км и 10 км учествуваа 15 вработени на УГД.

*Планинарски тури организирани и поддржани од страна на УГД*

- Планинарска тура во Берово во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ – Штип и Планинарско друштво - Берово, организирана на 30 октомври 2022 година. На турата учествуваа 115 студенти и вработени на УГД.
- Еднодневна тура на Попова Шапка, организирана на 3 март 2023 година. Учествуваа 25 студенти на УГД кои имаа можност да се вклучат во различни зимски спортови.
- Планинарска тура во Михаилово – Кавадарци, организирана на 2 април 2023 година во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ - Штип и планинари од Кавадарци. На турата учествуваа 60 студенти и вработени на УГД.
- Планинарската тура на Плачковица, организирана во рамките на Outdoor festival „Ја сакам Плачковица“ во организација на ПД „Лисец. Турата се реализираше на 9 јули 2023 година и на истата учествуваа повеќе од 20 студенти и вработени на УГД.
- Планинарски тури на Водно – организирани во рамките на наставата по Спорт и рекреација. Во истите учествуваа студенти од сите години од сите факултети на УГД. Истите се организираат еднаш во месецот во текот на летниот и зимскиот семестар.

*Универзитетски спортски лиги на УГД*

- Традиционално, по тринаесетти пат, во рамките на одбележувањето на патрониот празник на УГД се организираа Универзитетските спортски лиги за студенти на УГД. Во рамките на истите беа организирани натпревари во одбојка (мажи и жени), футсал (мажи) и пинг-понг. Во истите учествуваа повеќе од 150 студенти од сите факултети на УГД.

Дополнително, за вторпат беше организирана Планинарска тура која се реализираше во Михаилово - Кавадарци. За најдобрите учесници во сите категории, од страна на УСКЦ беа обезбедени соодветни награди.

*Државни универзитетски спортски лиги*

- Како член на Универзитетската спортска федерација, во периодот од декември 2021 до мај 2023 година, студенти и екипи на УГД учествуваа во државни универзитетски натпревари во одбојка, футсал, кошарка, ракомет, куглање, стрелање и шах, организирани од Универзитетската спортска федерација на Македонија. Околу 50 студенти на различни факултети на УГД ги претставуваат екипите на УГД во различни спортови. Притоа, екипите на УГД освоија трето место во кошарка (мажи), трето место во ракомет (жени и мажи) и индивидуално трето место мажи во куглање.
- По неколку години пауза, УГД беше домаќин на дел од натпреварите во универзитетските државни лиги, како и домаќин на финалните натпревари во одбојка.

*Други активности*

- Во септември 2022 година, УГД во соработка со ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и ISHSN мрежата беа организатори на Работилница со наслов „Одржливи универзитетски спортски кампуси“.

• Како резултат од овој настан, подготвена е книга под наслов „Planning and Managing Sport, Recreation, and Health in Higher Education: Sustainable Practices for a Sustainable Future“, која е во коедиција на ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во

Ниш – Србија и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во истата, професори од УГД се јавуваат како коедитори, автори и рецензенти.
*Учество на меѓународни проекти за спорт*
- Во рамките на програмата Еразмус+ спорт, претставници на УСКЦ учествуваа во бројни настани и активности организирани во рамките на проектите BeValueR reload, Tennis clubs for dual careers, Meaningfulness in youth sport и Balkans Fit. Во рамките на истите беа вклучени спортисти и тренери од машката и женска одбојкарска екипа, карате екипа, Боречки клуб „Киро Ристов“ – Штип, Тениски клуб „Астибо“ – Штип, Тениски клуб „Нет“ – Струмица, како и студенти и вработени на УГД во рамките на проектот Balkans Fit. Во рамките на меѓународните состаноци, УГД и членовите на УСКЦ беа домаќини на професори, тренери и спортски работници од Норвешка, Канада, Шкотска, Ирска, Бугарија, Словенија, Романија и Грција.
- Почнувајќи од август 2023 година, УГД е дел од два нови Еразмус спорт проекти:
Champions of Inclusion and Diversity using Meaningful Physical Education in Primary Schools (CHAMS- INC-MPE) и проектот Gem Set Equality (GSE).
- Првиот проект CHAMS- INC-MPE се однесува на подобрување на компетенциите на студентите – идни наставници и наставниците во тандем наставата за реализација на физичкото образование во основното образование. Во истиот покрај УГД, како проектни партнери се универзитети од Ирска, Канада, Норвешка, Шпанија, Данска.
- Вториот проект Gem Set Equality е билатерален проект меѓу Македонија и Бугарија кој работи на креирање на тренинг програма за подобрување на компетенциите на жени тренери и креирање програми за привлекување на девојчиња во спортот.
*Поддршка за настани и студенти*
- Поддршка на спортисти – студенти преку стипендии;
- Поддршка на студенти – бруцоши преку наградни ваучери;
- Учество на Европско универзитетско првенство за боречки спортови (карате). Под организација на EUSA и FISU, УГД учествуваше на Европско универзитетско првенство за боречки спортови, во спорт карате, дисциплина борби.
**Електротехнички факултетот,** исто така, одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти кои се е даден во прилог 6.7.Д.

**Прилози**
Прилог 6.7.А. Одлука од ННС за учество на студенти во работата на ННС на единицата
Прилог 6.7.Б. Записник од одржани избори за утврдување на членови на Факултетско студентско собрание
Прилог 6.7.В. Одлука за избор на избор на Претседател на Факултетско студентско собрание
Прилог 6.7.Г. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик
Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на факултетот

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб - страница. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентните начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности може да се проследат на веб - локацијата
https://coj.ugd.edu.mk/index.html
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година, и е транспарентно објавен на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/kalendar-na-aktivnosti-2024-25.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб- локацијата
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се:
- Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/

| |
|---|
| - Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)<br>- Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)<br>студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.<br>**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti<br>и во делот за соопштенија достапни на веб локацијата<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija<br>Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб - страницата на факултетот<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi<br><br>Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:<br>Информатори за студирање за секоја академска година<br>https://etf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2024/etf-2024-25-informator.pdf<br>Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД (1046 наслови)<br>https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php<br>Е-репозиториум на УГД содржи над 22.320 содржини публикувани трудови, книги, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД<br>http://eprints.ugd.edu.mk/<br>Во прилог 6.8.А е дадена SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 6 |
| **Прилози:**<br>Прилог 6.8.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6. |

## Стандард 7- Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1 Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален |
| Универзитетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, и тоа на различни начини.<br>Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевалуација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер.<br>Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма.<br>Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.<br>Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл. | |

| | |
|---|---|
| За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научноистражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 7.2 Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми, и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот |
| Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/ специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.<br>Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрво Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А.). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.<br>Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.<br>Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има еден член од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и во Универзитетскиот сенат има членови кои се од редот на студентите (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Електротехнички факултет<br>Прилог 7.2.Б Одлука за избор на студенти членови на ННС<br>Прилог 7.2.В Извештај за структурата на студентите | |
| 7.3 Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| На универзитетската веб страна и на факултетската веб страна постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси. | |

Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб - порталите UGD Блог (https://www.ugd.edu.mk/blog/) и Гоце.мк (https://goce.mk).
Електротехнички факултет на својата веб - страница во делот вести ги објавува сите настани кои се важни за самите студенти и за информирање на јавноста. Во делот вести може да се најдат настани кои се организирани од страна на Електротехнички факултет како: ЕТИМА, First LEGO League, презентации и предавања од Еразмус+ професори и стручњаци од пракса итн. Исто така, на веб - страницата се објавуваат информации за најразличните можности за вработување на дипломирани студенти и студенти кои ги завршуваат студиите, како и информации за стипендирање на студентите. Во делот со вести се објавуваат и теренските посети на студентите организирани од страна на Електротехнички факултет. На тој начин студентите се постојано во контакт со најновите збиднувања на факултетот и постои постојана интеракција помеѓу студентите, професорите но и раководството на факултетот.

Бидејќи социјалните медиуми се секојдневие за младата популација Електротехнички факултети има свои профили на најпопуларните социјални мрежи Facebook и Instagram. Покрај тоа постои можност за проценка на заинтересираноста на студентите кон одредени активности кои се организираат од страна на факултетот (теренска настава, учество на работилници, конференции итн) преку одзивот на одредена активност, посетеноста на одредена објава поставена на социјалните мрежи или пак бројот на нејзините споделувања. На тој начин професорите настојуваат да ги вклучуваат студентите што повеќе во настани и активности за кои покажуваат интерес, односно афинитет.

**Прилози:**
Линк до сајтот на Електротехнички факултет до делот вести Електротехнички факултет - вести.
https://www.facebook.com/ElektrotehnickiFakultetStip
https://www.instagram.com/etf_ugd/

| 7.4 Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата<br>Опис на практика за заштита на личните податоци<br>Други релевантни документи или политики на установата |
|---|---|

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).
Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци, како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.
Секој од орманите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.
Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.
За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема

| |
|---|
| привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.<br>Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ - системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.<br>Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.<br>За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.<br>Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.<br>Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.<br>Во прилог 7.4.В е дадена SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 7. |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци<br>Прилог 7.4.Б. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 7.4.В SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразованата установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се користи за | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

| | |
|---|---|
| потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | |

Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/
Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/
УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб - страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно, и лесно достапни и на следните социјалните мрежи:
https://www.facebook.com/ugdstip
https://www.instagram.com/ugdstip/
https://www.youtube.com/user/UGDSTIP
https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA
Студентскиот печатен весник „Студентско ехо" е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев", а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо". Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо" се публикуваат и online на следната веб – локација:
https://coj.ugd.edu.mk/eho.html

Електротехничкиот факултет на својата веб - страница, во делот „Вести", редовно објавува информации за сите значајни настани и активности кои се важни за студентите и пошироката јавност. Овој дел опфаќа вести за настани организирани од страна на факултетот, како што се ЕТИМА, First LEGO League, презентации и предавања од Еразмус+ професори и стручњаци од практиката. Дополнително, во делот „Вести" студентите можат да се информираат за различни можности за вработување, стипендии, како и за теренските посети организирани од страна на факултетот. За полесна достапност и брзо информирање, факултетот има отворено профили на најпопуларните социјални мрежи – Facebook и Instagram, кои се секојдневие за младата популација. Преку овие платформи се споделуваат најновите информации, настани и можности поврзани со студирањето.

**Линкови:**

- Facebook профил на Електротехнички факултет
- Instagram профил на Електротехнички факултет

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
https://etf.ugd.edu.mk/documents/resenija_za_akreditacija-ETF.pdf

Resenija-EEOIE.pdf
https://etf.ugd.edu.mk/documents/akreditacii/Resenija-ASI.pdf

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 118
Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 430
Универзитетски гласник број 36, страница 433
Универзитетски гласник број 37, страница 42
Универзитетски гласник број 38, страница 8
Универзитетски гласник број 38, страница 68
Универзитетски гласник број 39, страница 10
Универзитетски гласник број 39, страница 13
Универзитетски гласник број 39, страница 22
Универзитетски гласник број 39, страница 25
Универзитетски гласник број 39, страница 79
Универзитетски гласник број 43, страница 80
Универзитетски гласник број 49, страница 13
Универзитетски гласник број 49, страница 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на Наставно-научниот, односно Научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, страница 516-528
Универзитетски гласник број 43, страница 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, страница 20-34
Универзитетски гласник број 48, страница 23-31
Универзитетски гласник број 49, страница 40-42
Универзитетски гласник број 51, страница 9-24
Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со законот за
изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, страна 71-80
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Колективниот договор за високото образование
Универзитетски гласник број 54, страница 25-35
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 55, страница 10-11
Универзитетски гласник број 58, страница 14-15
Универзитетски гласник број 59, страница 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, страница 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,
   Прилог 8.2.А Листа на линкови со одлуки и извештај објавен во билтен.

7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,

| | |
|---|---|
| https://etf.ugd.edu.mk/images/raspored/paren/etf-2024-25.pdf<br><br>8. Завршна сметка,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf<br><br>9. Годишен извештај,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf<br><br>10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;<br>https://etf.ugd.edu.mk/documents/Temi-magisterski.pdf<br><br>11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>Факултетот нема акредитирани студии на трет циклус<br><br>12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br><br>13. Етичкиот кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf | |
| **Прилози:**<br><br>Прилог 8.2.А Листа на линкови со одлуки и извештај објавен во билтен. | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб - страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб - страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб - страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Преку Школата за докторски студии при УГД ги објавува сите информации кои се однесуваат кои се однесуваат на докторските студии на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>Пред одбрана на секоја докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб - страната на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштија на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации може да се проследат на линковите<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija/102-odbrana-na-magisterski-trud<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija/94-soopshtenie-odbrana-na-magisterski-trud<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija/80-javna-odbrana-28-6-sara-aneva<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija/59-magisterski-trud<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/etima-2021<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/95-macedonian-energy-forum-mef-2024<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>https://etf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/91-3/<br><br>Прилог 8.3.А содржи информации за SWOT анализата во однос на исполнетоста на Стандард 8. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.3.А SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 8 | |

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1 Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признатa. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+; |

| | |
|---|---|
| | Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

На Електротехнички факултет во периодот на самоевалуација нема студенти кои користеле Еразмус+ мобилност (Прилог 9.1.А). На самиот Универзитет постои правилник според кој се врши вреднување и признавање на мобилноста на студентите, правилникот може да се најде во Прилог 9.1.Б.

**Прилози:**
Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+
Прилог 9.1.Б Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ECTS

| | |
|---|---|
| 9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн) |

Во Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на Англиски јазик.
Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилноста на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.
На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.

**Прилози:**
Прилог 9.2.А – Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за 2023-2025 година
Прилог 9.2.Б. – Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 9.2.В - Записник и мислење од Комисија за Еразмус+

| | |
|---|---|
| 9.3 Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Наставниот и соработничкиот кадар на Електротехнички факултет ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата и Еразмус+ програмата како и останати можности за вклучување во проектни активности. Дополнително од 2023/24 Универзитетот ги поддржува своите вработени со

покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противвредност. 3 наставници користеле средства од овој фонд во 2023/2024.
Соработничкиот кадар на Електротехничкиот факултет е вклучен во 1 билатерален меѓународен проект, финансирани од МОН, кој започна од јануари 2024:

- Mileva, Aleksandra and Koceski, Saso and Stojanov, Done and Stojkovic, Natasa and Velinov, Aleksandar and Kukuseva, Maja and Anceva, Milka and Chibisheva Noveska, Aleksandra (01.01.2024-31.12.2025) Securing FHIR Servers: Security Evaluation and AI-Driven Medical Data Analysis and Simulations for Enhanced Healthcare Service, Билатерален проект со Австрија.

Соработничкиот кадар на Електротехнички факултет во периодот на самоевалуација бил вклучен во 1 Еразмус+ проекти (Прилог 9.3.А – за цел УГД):

- Robotics and Inclusion of Students with Disabilities in Special Education, 2023-1-FR01-KA220-SCH-000164957

Наставниот кадар на Електротехнички факултет во периодот на самоевалуација бил вклучен во COST Акции и активно учествувал во активностите на работните групи:

- CA22162 FutureMed: A transdisciplinary network to bridge climate science and impacts on society;

**Прилози:**
Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).

| | |
|---|---|
| 9.4 Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Електротехнички факултет има склучено договори за меѓународна соработка, вклучувајќи и за програмата Еразмус, со 69 Универзитети. Листата на Универзитети со кои Електротехнички факултет има склучено договор е прикажана во Прилог 9.4.А.
Дополнително наставниот кадар на Електротехнички факултет има соработка со повеќе меѓународни и домашни институции во кои што активно учествува во академски, истражувачки и индустриски проекти во областа на електроенергетика, обновливи извори на енергија и сродни дисциплини. Членства во научни одбори и рецензирање трудови за меѓународни списанија и конференции (IEEE, Elsevier, BJAMI).Исто така реализирани се и предавања на теми како енергетска ефикасност, IoT паметни броила и ФВЦ системи. Електротехнички факултет има соработка со водечки компании за практична настава, теренска настава и стипендии за студенти. Електротехнички факултет има учество и во изработка на техно-економски анализи за поставување фотоволтаични системи на јавни објекти и препораки за поддршка на домаќинствата во обновливи извори на енергија. Електротехнички факултет е организатор и учесник на едукативни и научни настани, вклучувајќи меѓународни конференции (ЕТИМА, МАКО-СИГРЕ, ЗЕМАК), панел дискусии за климатски промени и натпревари како First Lego League Challenge. Приказот на конкретни соработки на наставниот кадар на Електротехнички факултет е даден во Прилог 9.4.Б.

Во периодот на самоевалуација еден Професор има користено Еразмус+ мобилност, а информациите за конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми) се прикажани во Прилог 9.4.В.

На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Г), додека заеднички програми за студирање со странски универзитети тековно не постојат.

**Прилози:**
Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+
Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)

| | |
|---|---|
| Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)<br>Прилог 9.4.Г. Правилник за условите постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми | |
| 9.5 Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
| Во периодот на самоевалуација на Електротехнички факултет нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата, освен професорите со Еразмус+ мобилност и поканети стручњаци од пракса кои изведуваат поканети предавања релевантни за одредени предмети од студиската програма. Листата на професори кои изведуваат поканети предавања е дадена во Прилог 9.5.А. До сега нема вклучено наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски трудови.<br>Бројот на запишани странски студенти во периодот на Самоевалуација е даден во Прилог 9.5.В.<br><br>Во прилог 9.5.Г е дадена SWOT - анализата за исполнетоста на Стандард 9. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.5.А. Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа)<br>Прилог 9.5.Б. Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови<br>Прилог 9.5.В. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години.<br>Прилог 9.5.Г. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 9. | |

**Комисија за самоевалуација на Електротехнички факултет**

Проф. д-р Влатко Чингоски, член
Проф. д-р Драган Миновски, член
Вон. проф. д-р Далибор Серафимовски, член
Ивана Наунова, студент
Илија Димитриев, студент

До
Одборот за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј „Димитар Влахов“ бр. 4,
II-Кат - Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Универзитет „Гоце Делчев” – Штип<br>Земјоделски факултет<br>(кратенка ЗФ, УГД) |
| **Седиште** | Ул. „Гоце Делчев” бр.89, П. фах. 201, 2000 Штип<br>Република Северна Македонија |
| **Контакт информации** | Тел: +389 32 550 600<br>Интернет адреса:<br>https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>Е-пошта: contact@zf.ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Емилија Арсов, Декан<br>emilija.arsov@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакти, информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021/2024** (2021/22, 2022/23, 2023/24) |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор за составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум

М.П.

овластено лице на установата
(потпис)

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Земјоделски факултет |
| Седиште | Ул. „Гоце Делчев” бр. 89. П. Фах. 201, 2000 Штип, Република Северна Македонија |
| Веб – страница | https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/ |
| Мисија и визија на установата | Со својата мултидисциплинарност, Земјоделскиот факултет е отворен за сите заинтересирани студенти кои сакаат да се пронајдат во некоја од студиските програни на прв циклус студии или пак да се усовршат во некоја од студиските програми на втор односно, трет циклус студии.<br>Земјоделскиот факултет нуди модерен начин на студирање со примена на современи педагошки методи, комплетна достапност на информации и достапност на наставничкиот кадар.<br>Студирањето на Земјоделскиот факултет овозможува стекнување на многу теоретско, практично и лабораториско знаење и искуство, проследени со одлична меѓусебна дружба и нови пријателства. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев" – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Број и датум: Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Северна Македонија: Бр. Сл. 12 од 09.02.2007 г.<br>**Прв циклус**<br>Фитомедицина – заштита на растенијата fitomedicina-strukturna.pdf<br>Поледелство polodelstvo-strukturna.pdf<br>Лозарство и винарство lozarstvo-vinarstvo-strukturna.pdf<br>Квалитет и безбедност на храна kvalitet-i-bezbednos-hrana-strukturna.pdf<br>Градинарство gradinarstvo-strukturna.pdf<br>Растителна биотехнологија rastitelna-biotehnologija-studiska-programa-23-24.pdf<br>**Втор циклус**<br>СТУДИСКА ПРОГРАМА ФИТОМЕДИЦИНА-ЗАШТ. НА РАСТЕ. 2022.23.pdf<br>СТУДИСКА ПРОГРАМА ПОЛЕДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО 2022.23.pdf<br>СТУДИСКА ПРОГРАМА СЕЛЕКЦИЈА И СЕМЕПРОИЗВОДСТВО 2022.23.pdf<br>СТУДИСКА ПРОГРАМА РАСТИТЕЛНА БИОТЕХНОЛОГИЈА 2022.23.pdf<br>СТУДИСКА ПРОГРАМА ЛОЗАРСТВО 2022.23.pdf<br>СТУДИСКА ПРОГРАМА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА 2022.23.pdf<br>СТУДИСКА ПРОГРАМА ЕНОЛОГИЈА 2022.23.pdf<br>СТУДИСКА ПРОГРАМА НАУКА ЗА ЗЕМЈИШТЕТО И ХИДРОЛОГИЈА 2022.23.pdf<br>**Трет циклус**<br>Фитомедицина - заштита на растенијата.pdf<br>Растително производство.pdf<br>Генетика и селекција на растителното производство.pdf<br>Растителна биотехнологија.pdf<br>Енологија.pdf<br>Наука за земјиштето и хидрологија.pdf<br>studiska-programa-bezbednost-na-hrana-kampus2-iii-ciklus.pdf<br>studiska-programa-lozarstvo-kampus2-iii-ciklus.pdf<br>**Решенија за актедитација на студиски програми од прв циклус**<br>https://zf.ugd.edu.mk/documents/resenija-za-prv-vtor-tret-ciklus/Resenija-za-akreditacija-prv-ciklus-zf.pdf |

| | |
|---|---|
| | **Решенија за актедитација на студиски програми од втор циклус** https://zf.ugd.edu.mk/documents/resenija-za-prv-vtor-tret-ciklus/%D0%A0%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%BA%20%D1%81%D0%BE%20%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%202%20%D1%86%D0%B8%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%81%2022-23.pdf<br>**Решенија за актедитација на студиски програми од трет циклус** https://zf.ugd.edu.mk/documents/resenija-za-prv-vtor-tret-ciklus/Doktorski%20studii%20resenie%20za%20pocetok%20so%20rabota%202023_za%20web.pdf |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 21 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус = 181<br>II циклус = 23<br>III циклус = 6 |

**Развој на единицата**

Земјоделскиот факултет во рамките на Универзитет „Гоце Делчев" од Штип, во годините од своето постоење, постојано се движи во насока на развој на факултетот преку поголема препознатливост во нашата и надвор од државата, константно одржување на групи на студенти во прв и втор циклус студии, како и избор на факултетот за докторски студии (трет циклус), и апликација на тековни проектни повици.

Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во рамките на својата наставна дејност, изведувана во матичниот наставен центар во Штип, како и на дисперзираните студии во Кавадарци и Струмица, секогаш е посветен на високообразовна и научно-истражувачка дејност во областа на агротехниката, биотехнологијата, селекцијата и генетиката, заштитата на растенијата, полјоделството и градинарството, овоштарството и лозарството, сточарството, преработката на земјоделските производи и контролата на прехранбените производи.

Факултетот како институција подготвено, брзо и соодветно реагира на промените во околината, и релативно добро е прифатен од страна на пазарот на трудот, во насока со стратешките потреби на стопанството. Како доказ на наведеното се бројните понуди и неколку нови склучени договори со фирмите од агро-индустрискиот сектор за финансиска поддршка од нивна страна за партиципацијата во студирањето на најдобро рангираните студенти, како и за платена стручно-производна практика. Пазарот на трудот од агрономски високообразовни стручни кадри не е задоволен, и во текот на извештајниот период тие беа барани од страна на компаниите од агро-индустрискиот сектор.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, организационата структура на Земјоделскиот факултет е поставена со 6 катедри - основни организациони единици во функционирањето на факултетот, кои пак, од друга страна, е интегрален дел од организационата структура на Универзитетот.

**Катедрите во состав на Земјоделскиот факултет се следниве:**

1. Катедра за заштита на растенијата и животната средина;
2. Катедра за растително производство;
3. Катедра за прехранбена технологија и преработка на анималните производи;
4. Катедра за растителна биотехнологија;
5. Катедра за лозарство и овоштарство;
6. Катедра за наука на земјиштето и хидрологија.

Во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, активно функционира научно-истражувачкиот центар - лабораторијата УНИЛАБ http://unilab.ugd.edu.mk/.

Тоа е лабораторија во состав на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како посебна организациска целина, и нејзината работа е заснована на законска регулатива, подзаконски акти и стандарди,

• Закон за високо образование,
• Закон за акредитација,
• Стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006 и МКС EN ISO/IEC 17025:2017

Лабораторијата се самофинасира со давање на услуги.

Раководителот и вработените во Лабораторијата се ослободени од внатрешни, комерцијални, финансиски и други притисоци кои можат да влијаат на нивното работење.

Лабораторијата е одговорна за сите тестирања што ги извршуваат, согласно барањата на меѓународните стандарди, методи, прописи, потребите на корисниците и законската регулатива.

Со неа раководи Раководител, во функција на Технички раководител, кој има одговорност за работењето согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006 и другите прописи.
Лабораторијата има управувачки и технички персонал кој без оглед на други одговорности има овластувања и ресурси кои се потребни за спроведување на нивните должности.
Во рамките на лабораторијата постојат следниве оддели:

- Оддел за заштита на растенијата;
- Оддел за контрола на семе и саден материјал;
- Оддел за геохемија;
- Оддел за аналитичка хемија;
- Оддел за агрохемија и исхрана на растенијата;
- Оддел за контрола на квалитет на храна;
    - Одделение за контрола на квалитет на масло;
    - Одделение за контрола на квалитет на вино.

**Клучни институционални капацитети**
Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства - Закон за високо образование; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност и ги следи правилата според Статутот и правилниците на Универзитетот.
Универзитетот „Гоце Делчев“, вклучително и Земјоделскиот факултет, е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб - страницата, во делот на соопштенија, студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти. Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Земјоделскиот факултет има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува, користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес. Во однос на просторните услови и истражувачките капацитети, Земјоделскиот факултет поседува 3 простори со вкупна површина од 300 $m^2$ наменети за заштита на околината. Факултетот располага со 22 кабинети за наставно-научниот кадар со вкупна површина од 200 $m^2$ и капацитет од 32 седишта. Амфитеатарот на Земјоделски факултет е опремен со современа аудио-визуелна опрема. Во предавалните постојат специфични опреми за определена студиска програма и електронски табли. Студентите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” -Штип како и сите студенти од единиците на Универзитетот ги имаат достапно сите форми за континуирано учење, усовршување и професионално реализирање. Универзитетот располага со дигитални платформи кои се достапни на студентите како е-учење, е-индекс за студенти (следење на резултатите од нивните активности), информирање за тековни и идни настани, е-библиотека (достапни електронски изданија на учебници и учебни помагала). Во рамки на Земјоделскиот факултет функционира научно-истражувачкиот центар УНИЛАБ, во кој постојат оддели за заштита на растенијата, контрола на семе и саден материјал, геохемија, агрохемија и исхрана на растенијата, микробиологија, контрола на квалитет на храна, контрола на квалитет на масло, контрола на квалитет на вино.
Структурата на наставниот кадар на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип систематски и континуирано ја прати, оценува и поттикнува педагошката и истражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар. Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) според

Уредбата за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка.

Земјоделскиот факултет е издавач на меѓународното списание **Journal of Agriculture and Plant Sciences (JAPS)** од 2017 година. JAPS е наследник на Годишниот Зборник на трудови на Земјоделскиот факултет при УГД, кој зборник се објавуваше од 2007 до 2016, за да во 2017 година прерасне во меѓународно списание со меѓународен уредувачки одбор. JAPS е меѓународно списание кое е индексирано во EBSCO и IC датабазите, се издава двапати годишно, тоа е списание со отворен пристап, а трудовите може да се преземат бесплатно од веб-страницата на списанието. УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијат. Универзитет „Гоце Делчев” во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Земјоделскиот факултет активно функционира преку своите web - платформи.

Информациите објавени на веб - страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Информации за значајни настани и активности на Факултетот редовно се објавуваат на веб - страницата на Факултетот и Универзитетот (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси. Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб - порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).

**Области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години**

Целите на студиските програми се во склад со основните задачи и цели на факултетот и се јасно и недвосмислено дефинирани, конкретни и остварливи со оглед на расположливите ресурси. Со совладување на студиските програми, студентите во целина се стекнуваат со општи и специфични (по предмети) способности за интегрирање на знаењето и вештините. Континуирано и системски се следи квалитетот на студиските програми, а според можностите, континуирано се осовременуваат студиските програми. Забележана е мала заинтересираност на одредени студенти за интерактивни методи на настава и учење, како и недоволно анализирање на повратните информации од практиката за дипломираните студенти и нивните компетенции. Но, систематското следење на квалитетот на студиските програми и примената на релевантните корективни мерки со цел нивно постојано унапредување и усогласување со стекнатите компетенции и исходи од учењето со барањата на пазарот, се мерки кои се преземаат за унапредување на квалитетот на стандардот.

Студентите кои се запишуваат на Земјоделски факултет на прв циклус на студии можат да изберат една од 6 студиски програми на кои по завршување се стекнуваат со соодветна квалификација и дипломата за стекнато високо образование. Во тек на студирањето, институцијата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. Со завршување на студиите, студентите се стекнуваат со Диплома за завршени студии од прв, втор или трет циклус на студии која ги содржи релевантните податоци (име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во место, општина, држава; завршил/а академски/стручни - вид и назив на студиската програма и насока; ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив -академски/стручен назив, академски/стручен назив за меѓународен промет, сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв, втор или трет циклус на студии), покрај дипломата студентите добиваат и: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“.

Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.

Вкупниот број објавени трудови во периодот на самоевалуација 2021-2024 година изнесува 272, од кои 110 трудови се публикувани во научни списанија индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет и утврдена од Националниот совет за високо образование, 91 труд се публикувани во меѓународни научни списанија, а 71 труд се објавени во Зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји. Објавени се 22 книги или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД. Анализирано за периодот на самоевалуација 2021-2024 и споредено со претходната самоевалуација 2018-

2021, вкупниот број публикувани трудови во индексирани списанија со импакт фактор бележи раст за 215%. Вкупниот број публикувани трудови во меѓународни списанија, исто така, бележи раст за 145% споредено со претходната самоевалуација. Наставно-научниот кадар во перидот на самоевалуација 2021-2024 година објавил 22 книги или дел од книги рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, што споредено со периодот на самоевалуација 2018-2021 е зголемување за 215%. Сите овие показатели за објавени научни трудови и книги укажуваат на зголемена активност и видливост на наставно-научниот кадар на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. За потребите на квалитетно одржување на вежбите по предметите согласно акредитацијата на студиските програми, Факултетот на годишно ниво ангажира демонстратори од редот на студенти на втор и трет циклус студии кои покажуваат значителен напредок и успех во научната работа. Земјоделскиот факултет преку секојдневна вклученост на млади кадри од редот на студентите на додипломски студии и нивно вклучување во научно-истражувачки и апликативни проекти врши позитивна селекција и мотивација на најдобрите студенти да го продолжат образованието на втор и трет циклус академски студии. Заради подобрување на квалитетот и унапредување на наставниот процес, Земјоделскиот факултет постојано врши ангажирање на визитинг професори во соодветната научна област и истакнати стручњаци од практиката. Преку спроведување на обуки за стручњаците од практиката, Земјоделскиот факултет се труди да ги подигне нивните компетенции и со тоа да дадат подобри резултати во подобрување на практичните вештини на студентите. Во моментот на самоевалуација, Земјоделскиот факултет има активни 71 договор со компаниите од агро-секторот со што широко се отвора можност студентите квалитетно да ја реализираат практичната настава. Воопштено, наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење. Наставниот кадар знае да ги користи платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знае да креира квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето. Квалитетот на наставата се обезбедува преку интерактивност и вклучување на студентите во истражувачки и апликативни проекти.

**Најголеми предизвици и недостатоци**

Загрижува трендот на намалување, односно воопшто непостоење на кадар во соработнички звања што се должи на недоволниот број нови вработувања. Високата стапка на ангажираност на наставно-научниот кадар за одржување активна настава во текот на неделата е резултат на недостатокот од соработнички кадар што се одразува на дополнително ангажирање на наставниците во изведување вежби за студентите на прв, втор и трет циклус студии. Ова донекаде може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, факултетот максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека на сите Конкурси се пријавил само по еден кандидат кој ги исполнувал условите согласно Правилникот. Пријавата на само еден кандидат по распишан Конкурс за избор на лица во наставно-научни звања за одредена научна област се должи на ограничените ресурси на доктори на наука во соодветната област од научното подрачје 4 (Земјоделски и ветеринарни науки) на ниво на држава. Постои зголемена потреба од организирање на едукативни работилници за подигнување на педагошките компетенции на наставниците и соработниците.

Постојан преглед на целите на студиската програма и усогласување со стекнатите компетенции и исходи од учењето, усогласување со барањата на пазарот, континуираното развивање на наставната и студиската програма, развивањето на нови видови интерактивна настава погодна за работа со мал број ученици, како и систематско следење на квалитетот на студиските програми и примена на релевантнни корективни мерки, се дел од мерките кои се преземаат за унапредување и подобрување на квалитетот на стандардот. Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ – Штип, меѓу другото, во стратешките цели е планирана интернационализација на прволт, вториот и третиот циклус на студирање, која вклучува и развивање на студиски програми на Англиски јазик, како и развивање на меѓународна научна соработка. Потребно е да се дефинираат индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација на ниво на Универзитет, како и да се следат индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка годишно во вид на извештаи.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1 Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб - страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т.е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на:

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научно-истражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз која е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот од 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси, првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб- страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи(акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организационата поставеност на универзитетот, а со тоа и припадноста на факултетот во организационата структура, е дадена во органограмот од 31.11.2023 во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**

Прилог 1.1.А. Организациона поставеност на Универзитетот,

| | |
|---|---|
| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација (Прилог 1.2.Г) кои се јавно достапни на веб страницата на универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А.) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б) во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија (Прилог 1.2.В.). Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена, од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши Комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ Уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на Комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период 14.11.2024 до 30.11.2024, и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж).
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.3)

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на универзитетот. По комплетното документирање, Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, Прилог 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.З Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.Ѕ. Резултати анкети на студенти од прв циклус на ЗФ<br>Прилог 1.2.И Резултати анкети на студенти од втор циклус на Кампус 2<br>Прилог 1.2.Ј Резултати анкети на студенти од трет циклус на Кампус 2<br>Прилог 1.2.К Резултати анкети на наставнички и соработнички кадар на ЗФ<br>Прилог 1.2.Л Резултати анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет | |
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Во своите 17 години постоење, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А; Прилог 1.3.Б; Прилог 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб - страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.

Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работата на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот, и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност, од Извештајот за работа на ректорот, можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:

- Научно-истражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научно-истражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред се со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.

Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет.

**Прилози:**
Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан

| | |
|---|---|
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување на квалитет (Прилог 1.4.А.). Одделението за обезбедување на квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б., Прилог 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување на квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г.). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде што секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитувањето на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група подржана од Ректор, Проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД “. Со работна група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување на квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со Универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научно- истражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е; Прилог 1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување на квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување на квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).

Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk), и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година, и Наставно-научниот совет на факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**

Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев"-Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5 Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација.<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби, направени се измени, во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така што покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во којшто членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма;
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес;
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научно-истражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано ниво/степен на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладин сектор, и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во извештајот, по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиските програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.

Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на извештајот за самоевалуација, тој јавно се објавува на страницата на универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.
Последен во низата извештаи е Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. Весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6 Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес, Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултета, а подоцна беа избрани два факултета и тоа: Економскиот факултет и Филолошкиот факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економскиот и Филолошкиот факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Прилог 1.6.Б ја прикажува SWOT - анализата за исполнетоста на Стандард 1.

**Прилози:**
Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)
Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1

**Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми**

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Единицата има донесено акт/-и или правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Земјоделскиот факултет во рамките на својата наставна дејност е посветен на високообразовна и научноистражувачка деност во областа на заштитата на растенијата, поледелството, биотехнологијата, безбедноста на храната, селекцијата и генетиката, градинарството, како и лозарството и винарството. Особено место за изучување на Земјоделскиот факултет е и природната научна дисциплина Биологија, за сите студенти, љубители и истражувачи на природата и лабораториската работа.<br>Со својата мултидисциплинарност, Земјоделскиот факултет е отворен за сите заинтересирани стиденти кои сакаат да се пронајдат во некоја од студиските програми на прв циклус студии или пак, да се усовршат во некоја од студиските програми на втор односно, трет циклус студии.<br>Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми ја истакнуваат нивната релевантност и добра осмисленост со цел постигнување резултати од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и личен развој.<br><br>Во периодот 2021 – 2024, на Земјоделскиот факултет на прв циклус студии имаме акредитирано вкупно шест студиски програми: Фитомедицина – заштита на растенијата, Поледелство, Лозарство и винарство, Квалитет и безбедност на храна, Градинарство, Растителна биотехнологија и универзитетската студиска програма Биологија.<br>1. Фитомедицина (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/fitomedicina-strukturna.pdf)<br>2. Поледелство (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/polodelstvo-strukturna.pdf)<br>3.Лозарство и винарство (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/lozarstvo-vinarstvo-strukturna.pdf)<br>4. Квалитет и безбедност на храна (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/kvalitet-i-bezbednos-hrana-strukturna.pdf)<br>5. Градинарство (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/gradinarstvo-strukturna.pdf)</td></tr>
</table>

6. **Растителна биотехнологија** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2023-2024/rastitelna-biotehnologija-studiska-programa-23-24.pdf)
7. **Биологија** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/bilogija-studiska.pdf)

Во периодот 2021 – 2024, на Земјоделскиот факултет на **втор циклус студии** имаме акредитирано вкупно осум студиски програми: Фитомедицина – заштита на растенијата, Поледелско производство, Селекција и семепроизводство, Растителна биотехнологија, Лозарство, Безбедност на храна, Енологија, Наука за земјиштето и хидрологија.
**1. Фитомедицина – заштита на растенијата** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/2022-2023/1.pdf)
**2. Поледелско производство** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/2022-2023/2.pdf)
**3. Селекција и семепроизводство** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/2022-2023/3.pdf)
**4. Растителна биотехнологија** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/2022-2023/4.pdf)
**5. Лозарство** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/2022-2023/5.pdf)
**6. Безбедност на храна** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/2022-2023/6.pdf)
**7. Енологија** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/2022-2023/7.pdf)
**8. Наука за земјиштето и хидрологија** (https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/2-ciklus/2022-2023/8.pdf)

Во периодот 2021 – 2024, на Земјоделскиот факултет на **трет циклус студии** имаме акредитирано вкупно осум студиски програми: Фитомедицина – заштита на растенијата, Растително производство, Генетика и селекција на растителното производство, Растителна биотехнологија, Лозарство, Безбедност на храна, Енологија, Наука за земјиштето и хидрологија.
**1. Фитомедицина – заштита на растенијата** (https://www.ugd.edu.mk/documents/studiski-programi/2023/3-ciklus/kampus2.pdf)
**2. Растително производство** (https://www.ugd.edu.mk/documents/studiski-programi/2023/3-ciklus/kampus2.pdf)
**3. Генетика и селекција на растителното производство** (https://www.ugd.edu.mk/documents/studiski-programi/2023/3-ciklus/kampus2.pdf)
**4. Растителна биотехнологија** (https://www.ugd.edu.mk/documents/studiski-programi/2023/3-ciklus/kampus2.pdf)
**5. Лозарство** (https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/studiska-programa-lozarstvo-kampus2-iii-ciklus.pdf)
**6. Безбедност на храна** (https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/studiska-programa-bezbednost-na-hrana-kampus2-iii-ciklus.pdf)
**7.Енологија**(https://www.ugd.edu.mk/documents/studiski-programi/2023/3-ciklus/kampus2/%D0%95%D0%BD%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf),
**8. Наука за земјиштето и хидрологија** (https://www.ugd.edu.mk/documents/studiski-programi/2023/3-ciklus/kampus2.pdf)

Подолу се издвоени неколку успешни приказни на студентите како конкретни примери на постигнати резултати:
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/273-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-ana-golcheva
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/274-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-sandra-spasovska
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/266-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-meri-masteva
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/268-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-aleksandra-cekovska
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/256-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-sofche-deleva
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/239-mojot-pat-kon-uspehot-mila-velkova
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/240-mojot-pat-kon-uspehot-kristina-vanevska
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/173-pat-kon-uspehot

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата.

**Прв циклус студии**
Содржината на предметните програми кореспондира со содржината на студиската програма, профилот на кадар што се едуцира, звањето и потребите на пазарот на трудот. Во конципирањето на студиската програма земени се предвид занимањата и звањата утврдени во постојната Националната класификација на занимања, според која во студиските програми се опфатени квалификациите кои се групираат според секторот на кој му припаѓаат: 213. Стручњаци од областа на природните науки 2132. Агрономи, шумарски инженери, сродни стручњаци. 2132.01. Агроном за полјоделство 2132.02. Агроном за градинарство 2132.04. Агроном за лозарство 2132.05. Агроном за заштита на растенијата 2132.11. Фитосанитарен инспектор 2132.13. Земјоделски инспектор 2132.16 Истражувачи во агрономијата 2132.18 Земјоделски инженер 2145. Инженери за хемиска, прехранбена и биотехнологија 2145.01 Енолог-технолог и Дипломиран биолог.

**Втор циклус студии**

Студиската програма по **Фитомедицина – заштита на растенијата**, според Националната класификација на занимања е подготвена и усогласена според начелата на Меѓународната стандардна класификација на занимањата ISCO-08 и се темели на Класификацијата, систематизациите на работните места (на надлежните министерства, институции и деловните субјекти во РСМ), а за овој профил се однесуваат на занимањата 2132.16 Истражувачи во агрономијата.

Студиската програма по **Поледелско производство**, според Националната класификација на занимања е подготвена и усогласена според начелата на Меѓународната стандардна класификација на занимањата ISCO-08 и се темели на Класификацијата, систематизациите на работните места (на надлежните министерства, институции и деловните субјекти во РСМ), а за овој профил се однесуваат на занимањата 3142 Земјоделски техничари и 6130 Земјоделци за мешовито производство (растително).

Студиската програма по **Селекција и семепроизводство**, според Националната класификација на занимања е подготвена и усогласена според начелата на Меѓународната стандардна класификација на занимањата ISCO-08 и се темели на Класификацијата, систематизациите на работните места (на надлежните министерства, институции и деловните субјекти во РСМ), а за овој профил се однесуваат на занимањата 3142 Земјоделски техничари и 6130 Земјоделци за мешовито производство (растително).

Студиската програма по **Растителна биотехнологија**, според Националната класификација на занимања е подготвена и усогласена според начелата на Меѓународната стандардна класификација на занимањата ISCO-08 и се темели на Класификацијата, систематизациите на работните места (на надлежните министерства, институции и деловните субјекти во РСМ), а овој профил се однесуваат на занимањата на занимањата 2132.16 Истражувачи во агрономијата и 2145.34 Инженер – биотехнолог.

Студиските програми по **Безбедност на храна**, **Лозарство, Енологија и Наука за земјиштето и хидрологија**, според Националната Класификација на занимања се подготвени и усогласени според начелата на Меѓународната стандардна класификација на занимањата ISCO-08 и се темелат на Класификацијата, систематизациите на работните места (на надлежните министерства, институции и деловните субјекти во РСМ), а овие профили ги исполнуваат утврдените услови кои се содржани со Националната класификација на занимања и соодветствуваат со потребите на општеството и пазарот на трудот.

**Трет циклус студии**

Студиската програма по **Фитомедицина – заштита на растенијата** според Националната класификација на занимања се однесува на профилите 2132.13 Земјоделски инспектор; 3212.05 Лаборантски дијагностичар и 2.5.2 2132.16 Истражувачи во агрономијата.

Студиската програма по **Безбедност на храна**, според Националната класификација на занимања се однесуваат на занимањето 2320 стручњаци за универзитетско и високо образование во природните науки.

Студиската програма по **Растително производство**, **Генетика и селекција на растителното производство, Растителна биотехнологија, Лозарство, Енологија, Наука за земјиштето и хидрологија** според Националната класификација на занимања се однесува на профилите 2132.16 Истражувачи во агрономијата и 2145.34 Инженер – биотехнолог.

Земјоделскиот факултет ги усогласи содржините на сите студиски програми со реалните потреби и побарувања на пазарот на труд, за примена во реалниот земјоделски сектор во општеството. Во тој контекст можеме да наведеме конкретни успешни приказни на дипломирани студенти на сите три циклуси на студии:
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/206-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-aleksandar-piperevski
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/203-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-kristina-panev
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/283-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-dario-zdravev
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/278-mojot-pat-do-uspehot-so-ugd-izabela-kromidoski
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/280-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-kiril-arsovski-przho
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/268-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-aleksandra-cekovska
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti/256-mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-sofche-deleva

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

| | |
|---|---|
| За остварување соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, Земјоделскиот факултет формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста (Прилог 2.4.А; Прилог 2.4.Б), кој брои шест членови: три членови избира наставно-научниот совет на факултетот, од кои 2 (два) члена по предлог на катедрите од редот на наставно-научниот кадар на факултетот и 1 (еден) член по предлог на студентското собрание на факултетот од редот на студентите (Прилог 2.4.В); – 1 (еден) член номинира Собранието на Република Македонија; – 1 (еден) член номинира Стопанската комора на Република Македонија; – 1 (еден) член номинира Општина Штип. По прашањата за кои одборот за соработка и доверба со јавноста расправа се усвојуваат препораки.<br>Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган на Универзитетот кој го сочинуваат по два претставника од единиците на Универзитетот од редот на наставно-начните работници, еден претставник од придружите членки на Универзитетот, а 10% од бројот на членовите на Сенатот се студенти (Прилог 2.4.Г), избрани од Универзитетското студентско собрание.<br>Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на факултетот. Во Наставно-научниот совет свои претставници избира и Факултетското студентско собрание. Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10% (десет проценти) од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет и се избираат за мандатен период од 2 (две) години. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност<br>Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма<br>Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС<br>Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат | |
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| **Линкови до предметни програми (силабуси) за сите студиски програми:**<br>https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/fitomedicina-predmetna.pdf<br>https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/polodelstvo-predmetna.pdf<br>https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/lozarstvo-vinarstvo-predmetna.pdf<br>https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/kvalitet-i-bezbednos-hrana-predmetna.pdf<br>https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/gradinarstvo-predmetna.pdf<br>https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2023-2024/rastitelna-biotehnologija-studiska-programa-23-24.pdf<br>https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/bilogija-predmetna.pdf<br><br>При изготвувањето на студиските програми на Земјоделскиот факултет, беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Џио Тонг Универзитетот од Шангај, при што особено внимание беше посветено на анализа на сите студиски програми од сите три цикуси на усогласеност на студиските програми на ЗФ со најдобрите странски практики и искуства. Во текот на академската година, имавме ангажирано наставници и експерти од странство кои со своите методологии и искуства придонесоа во подобрување на квалитетот на нашето образование, согласно студиските програми (Прилог 2.5.А)<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства за сите студиски програми и за сите циуклуси на студии се дадени во Прилог 2.5.Б | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.5.А Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)<br>Прилог 2.5.Б. Листа на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства за сите студиски програми и за сите циклуси на студии | |
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните, односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

| | |
|---|---|
| Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | |

Во академската 2021/21 и 2022/23 година, на Земјоделскиот факултет имаме акредитирано вкупно шест студиски програми: Фитомедицина – заштита на растенијата, Поледелство, Лозарство и винарство, Квалитет и безбедност на храна, Градинарство и Биологија, а во академската 2023/24, покрај овие шест, добивме акредитација и за студиската програма Растителна биотехнологија.

Информациите потребни за очекуваното оптоварување на студентите, за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекуваното оптоварување на студентите е дадено во индикаторот 2.2.

Студентите изведуваат практична работа што опфаќа нивна задолжителна ангажираност од 30 дена во текот на семестарот со најмалку 1, а најмногу 8 часа на ден. Практичната настава се изведува во капацитетите на единиците на Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип, каде студентите активно учествуваат во практичната работа во доменот на студиската програма. Студентите изведуваат практична работа и во организациите од областа на студиската програма по претходно склучен договор (Прилог 2.6.Б). Во текот на практичната работа студентите добиваат одредени конкретни работни задачи и истите ги извршуваат под менторство и постојана контрола од менторите на практичната настава и/или одговорните лица кои се и екстерни ментори од организациите и на тој начин стекнуваат практични знаења и вештини за што имаат теоретска основа. Во текот на реализацијата на практичната настава студентот е должен да води дневник за секојдневните активности, во кој добива потпис за реализираната дневна активност од интерниот ментор од единицата на универзитетот, како и од екстерниот ментор од организацијата каде студентот ја изведува практичната настава (Прилог 2.6.А).

Пред да започне со практичната настава, студентот добива документ за упатување на практика, којшто студентот го доставува во компанијата каде што ќе ја реализира практиката и пополнува дневник за практика. Секоја генерација си има свој ментор за практика.

Секоја академска година се избираат ментори на генерацијата, за сите наставни центри, чијашто обврска е менторство на студентите за практичната настава и реализација на предметот во е-индекс.

**Прилози:**

Прилог 2.6.А. Извештај за реализирана практична настава

Прилог 2.6.Б. Листа на фирми, организации со кои ЗФ има потпишано меморандум за соработка

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страница каде се објавени наведените информации.[1] |

Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии се објавени на веб - страницата на Земјоделски факултет и Школата за докторски студии на УГД на следните линковите:

Линк: https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus

https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus

https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/studiski-programi-mentori/

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Според Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми на сите три циклуси се врши на секои пет години. Студиските програми на Земјоделскиот факултет во поставениот период од пет години се

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, но и да се биде во тек со најновите достигнувања во земјоделското производство, како и да се задоволат потребите на студентите, на агробизнисот и на заедницата. Во периодот 2021-2024 реакредитирана е студиската програма по Растителна биотехнологија. Направена е промена во студиските програми:
https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2017-2018/rastitelna-biotehnologija-studiska.pdf
https://zf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2023-2024/rastitelna-biotehnologija-studiska-programa-23-24.pdf

Наставникот и соработникот по секој предмет користи евидентни листови во кои се содржат информации за тоа кои студенти ја посетувале наставата во одредените денови за тоа. Секој присутен студент го евидентира своето присуство со потпис на евидентниот лист во колоната предвидена за даденото предавање/вежби. Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

**Прилози**

Прилог 2.8.А Бланко пример на евидентен лист од еден предмет

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оценки, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оценки по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

Електронскиот систем (Е-индекс) на УГД заедно со дополнителни подсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии, и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие подсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации, и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.
Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оценки на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 дадени во Прилог 2.9.А; Прилог 2.9.Б; Прилог 2.9.В и Прилог 2.9.Г).
Прилог 2.9.Д ја прикажува SWOT- анализа за исполнетоста на Стандард 2.

**Прилози:**

Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето

Прилог 2.9.Б. Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри, заедно со број на запишани студенти на тој предмет

Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување за прв циклус студии

Прилог 2.9.Г. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување за втор и трет циклус студии

Прилог 2.9.Д. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2

**Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот**

| **СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица.<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.<br>На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот (Прилог 1.4.А.), како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет. Статутот на Земјоделскиот факултет игра улога во истото, а е објавен на линкот: statuti-fakulteti.pdf<br>Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб - страницата, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.<br>Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.<br>Понатаму, универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус - програмата.<br>Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20% од финалната евалуација на студентите.<br>Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Земјоделски факултет, со исклучок за периодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се предавања, аудиториски вежби, лабораториски вежби, теренска настава, проектни активности и слично. | |
| **Прилози:** | |
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн-настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е- | |

| |
|---|
| библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата (https://moodle2.ugd.edu.mk), каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.<br>Наставата на сите студиски програми на Земјоделскиот факултет се изведува преку предавања, аудиториски и лабораториски вежби и теренска настава. Теоретската и практичната настава и останатите методи на учење, како и начинот на оценување се потполно усогласени со целите на студиската програма. Преку систематска примена на сите методи и техники на учење и оценување, ќе се постигне општата цел на студиските програми организирани на Земјоделски факултет од првиот циклус на студии, а тоа е развој на професионални вештини на студентите и проучување на фундаменталните и применетите знаења од областите на добрата земјоделска практика. Однос на теоретските предавања и практичните вежби, но и посебните форми на практична настава е обезбеден доволен фонд на часови за практична наставата за воведување на студентите во суштината на практичната работа во нивната идна професија. Дополнителното вклучување на студентите во практика преку фонд на часови предвидени за вежби и вклучување на експерти од практиката, осигуруваат доволен број на часови за практична настава, доволен фонд на часови на престој на студентите во фирмите од областа на изучување. Студиските програми нудат можности за остварување и на други цели кои би се реализирале во текот на самото школување како што се: инкорпорирање на најновите научно-истражувачки и стручни достигнувања во наставата; изведување на настава преку студиска програма заснована на Европскиот кредит трансфер систем (European Credit Transfer System - EKTS) приспособена во согласност со Болоњската декларација; активно вклучување на студентите во програми на мобилност и размена заради стекнување и пренесување на знаења и искуство; вклучување во меѓународни образовни, научноистражувачки и стручноапликативни проекти.<br>Реализацијата на наставата е дадена во Прилог 3.2.А. |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.2.А. (а, б, в, г, ) Распоред на часови за сите студиски програми во сите наставни центри: (а) за зимски семестар 2022/2023; (б) за зимски семестар 2023/2024; (в) за зимски семестар 2022/2023 и (г) за летен семестар 2023/2024. |

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Заради КОВИД-19 пандемијата и ублажување на последиците од истата, воедно и придржувајќи се и постапувајќи по препораките издадени од Министерството за здравство и Министерството за образование наставата во академската 2021/2022 се изведуваше хибридно, односно предавањата беа онлајн, на платформата на Microsoft Teams, а вежбите, колоквиумите и испитите се одржуваа со физичко присуство, притоа водејќи сметка за запазување на мерките за безбедност.

Апликацијата Microsoft Teams беше користена како примарен ресурс во одржувањето на наставата во текот на КОВИД-19 пандемијата. Истата овозможува интерактивен пристап во одржувањето на наставата и снимање на одржаните предавања, и задавање на проектни активности. Дополнително, дел од наставниците ги искористија погодностите на е-учење платформата (УГД Е-учење) и снимија, односно прикачија voice over PowerPoint презентации. Како технички проблеми при одржувањето на онлајн наставата можеме да ги наведеме проблемите со конекцијата, брзината на интернетот и пад на системот во случај на поголем број на вклучени хостови, односно студенти.

Во академските 2022/2023 и 2023/2024 година, целокупната настава се изведуваше со физичко присуство.

Имајќи го предвид подоброто поврзување на високото образование со потребите на приватниот сектор, образовните програми ги сочинуваат часови планирани за теориска наобразба кои се реализираат од страна на факултетот и часови планирани за практична наобразба кои во идеални услови треба да се реализираат на самото работно место, односно во компанија од областа. Иако овој принцип на реализација на наставата се имплементира во државата, сепак недостига системско регулирање на целиот процес. Со цел подобрување на квалитетот на реализација на практичната настава на работното место, потребна е едукација на компаниите кои примаат студенти на практична настава, процес кој е прилично дефиниран и соодветно регулиран во средното стручно образование. Користејќи ги искуствата од реализација на практичната настава во средното стручно образование, намерата е да се вградат во системот на високото образование. Имајќи го предвид различниот пристап при реализација на наставата согласно комплексноста на образовниот степен соодветни прилагодувања на системот треба да се направат и соодветно да се регулираат. За таа цел, Факултетот во соработка со Центарот за стручно образование и компаниите од регионот, пилотираат активност која треба да покаже на потенцијалните проблеми при реализацијата на практичната настава во компанија за студентите во високото образование. Дел од

| | |
|---|---|
| компаниите се запознати со концептот на учење преку работа, а дел од нив имаат сертифицирани ментори (согласно Законот за стручно образование и обука). Ова знаење претставува база на која ќе се надоградуваат активностите во високото образование. | |
| **Прилози**: | |
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознати со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.4.Б) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување” (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум од 7 поени, и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и потоа да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС - системот (Прилог 3.4.А), како што следи:

- 10 (А) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.
Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.

За проверката на стекнатото знаење на студентите се користи континуирано оценување и проверка преку колоквиуми и полагање на завршен испит. Во секоја предметна програма, согласно задолжителните критериуми кои треба да ги поседуваат студиските програми, за секој наставен предмет поединечно е утврден начинот на проверката на знаењата и начинот на вреднување на реализираните активности предвидени за континуирано оценување. Дефинирани се поени со кои студентот ги обезбедува преку реализација на поединечни активности кои се дефинирани во наставниот предмет. Студентот добива конечната оценка за секој наставен предмет од оваа студиска програма врз основа на континуираното следење на знаењето и извршувањето на предвидените активности и завршно оценување. Истата се формира врз основа на вкупниот број бодови кои студентот ги стекнал од континуираното и/или завршното оценување, каде максималниот број на освоени бодови е 100. Овие методи за проверка на знаење на Универзитетот ,,Гоце Делчев” во Штип има изготвено Правилник за прв циклус на студии, каде е дефинирана методологијата на оценување според ЕКТС. Студентот напредува и ја совладува студиската програма преку полагање на испити за коишто добива одреден број на ЕКТС кредити, во согласност со предложената структурата на студиската програма.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми
Прилог 3.4.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб - страница или друг документ во којштo се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

| | |
|---|---|
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:<br>- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.<br>- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;<br>- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, Прилог 3.5.А – Прилог 3.5.Г).<br>- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Д)<br>- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѓ)<br>- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Е)<br>- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.Ж)<br>- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.З)<br>- Во предметните програми на секој предмет.<br>Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб - страницата на Универзитетот. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти<br>Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Г. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Д. Процедура за затворање на пријави во е-индекс<br>Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Е. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд<br>Прилог 3.5.Ж. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело<br>Прилог 3.5.З. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Студирањето на Земјоделски факултет, на сите три циклуси на студии, се одвива согласно усвоени правилници:<br>- Правилник за студирање на прв циклус на студии (Прилог 3.4.А),<br>- Правилник за студирање на втор циклус на студии (Прилог 3.5.Б),<br>- Правилник за студирање на трет циклус на студии (Прилог 3.5.В).<br>Предмет на оценување на студентите се: посетата на предавања, успешно реализирани вежби, успешно реализирани колоквиуми и изработка на индивидуална проектна задача. За сите овие активности студентот добива поени кои се внесуваат во електронскиот индекс од страна на предметниот професор. Ако студентот освои 60% или вкупно 42 поени од предиспитните активности, добива услов за полагање завршен испит.<br>Информацијата за оценувањето на студентите е достапна и видлива преку е-индекс и студентот може да реагира по оценката. Дополнително, при полагање на завршен испит и внесување на оценката, Е-индекс испраќа електронско известување до студентот и професорот за резултатот од полагање. Електронското известување вклучува податоци за: студент, предмет, сесија, професор, поени од завршен испит и оценка. Ако студентот предметот го полага трипати и не го положи испитот, тогаш студентот полага пред комисија од тројца испитувачи. | |

| |
|---|
| Факултетот за информатика користи иновативни пристапи во оценувањето. Како конкретен пример можеме да го наведеме електронското полагање на колоквиуми и испити на е-учење. Од база на прашања, системот избира комбинација на е-прашања со повеќе понудени опции за избор на точен одговор на прашање, во комбинација со форми за проширен текстуален одговор. Во време на пандемијата, апликацијата Microsoft Teams се користеше и за реализација на завршни испити, со вклучена камера и споделен екран, при испрашување на студентот. Дополнително, е-учење се користи и за реализација на проектни задачи и активности.<br>Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.<br>Испитите се спроведуваат со физичко присуство, освен во академската 2021/2022, кога поради пандемијата со Ковид, испитите се реализираа електронски, на платформата на Microsoft Teams. |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување. |

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

| |
|---|
| Барањето од овој индикатор е регулирано со:<br>- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94.<br>- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34.<br>- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А)<br>- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б)<br>Исто така, универзитетот има дефинирано:<br>- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)<br>- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)<br>- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (“ Универзитетски весник“ бр. 46/ 20)<br>Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.<br>На ниво на Земјоделски факултет, во периодот 2021-2024, нема пријави на корупција, ниту пак имаме жалби поднесени од студентите по кој било основ во периодот 2021-2024.<br>Во Прилог 3.7.В е прикажана SWOT- анализата за исполнетоста на Стандард 3. |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22<br>Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22<br>Прилог 3.7.В. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 3 |

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |

| |
|---|
| Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, 3.5.А-3.5.Г). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/) |

- Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)
- Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)
- Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).

Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:

- Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)
- Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)
- Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/).

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите.<br>Доказ дека системот е функционален. |

**Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на било кој факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) може сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма, и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси, и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).

Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.

Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**

Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти
Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар
Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА
Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)
Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)
Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018

| | |
|---|---|
| 4.3 Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање.<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години. |

На универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но, и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот

(Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.
Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).
По завршување на размената, Продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е – индекс за реализација на активностите на студентот во системот за е – индекс.
На Единицата, во периодот на самоевалуација, нема студенти кои искористиле Еразмус+ мобилност .
Исто така, во периодот на самоевалуација, 7 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Г).

**Прилози:**
Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмскои партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи
Прилог 4.3.Г. Листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс) кои се префрлени во последните три години

| | |
|---|---|
| 4.4 По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |

Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).
Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.
Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.
Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности,(dr.sc,PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.
Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА"; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува

| |
|---|
| студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страница содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страница ја содржи шемата на образовниот систем на Република Северна Македонија.<br>Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).<br>Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).<br>Во Прилог 4.4.Г е прикажана SWOT- анализата за исполнетоста на Стандард 4. |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.4.А Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018.<br>Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома.<br>Прилог 4.4.В Транскрипт на оценки.<br>Прилог 4.4.Г. SWOT- анализа за исполнетоста на Стандард 4. |

## Стандард 5 - Наставен кадар

| **СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР** | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставенкадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презиметона вработеното/ангажираното лице). |
| Структурата на наставниот кадар на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Така, во моментот на спроведување на самоевалуацијата, на Факултетот во редовен работен однос се 16 редовни професори, 4 вонредни професори и 1 доцент (Прилог 5.1.А; Прилог 5.1.Б). Во наставата е вклучен и 1 насловен вонреден професор. Секако, тој позитивен тренд на напредување е во согласност со зголемените потреби од квалитетен наставно-научен кадар во настава, научно-истражувачката и стручната работа на Факултетот и Универзитетот. Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Постои и тренд на заминување во пензија на дел од наставниот кадар кој ги исполнува условите за старосна пензија со што по природен тек се намалува бројот на наставен кадар. Загрижува трендот на намалување, односно воопшто непостоење на кадар во соработнички звања што се должи на недоволниот број нови вработувања. Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип систематски и континуирано ја прати, оценува и поттикнува педагошката и истражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар (Прилог 5.11.А; Прилог 5.11.Б; Прилог 5.11.В; Прилог 5.11.Г; Прилог 5.11.Д). Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 5.1.В). | |

**Прилози:**

Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Прилог 4 (со информации за последните три години)

Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет

Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови нанаставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии, односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице, како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Вкупниот број објавени трудови во периодот на самоевалуација 2021-2024 година изнесува 272, од кои 110 трудови се публикувани во научни списанија индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет и утврдена од Националниот совет за високо образование, 91 трудови се публикувани во меѓународни научни списанија, а 71 трудови се објавени во Зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (Прилог 5.2.А; Прилог 5.2.Б). Од трудовите кои се публикувани во научни списанија индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови, 30 трудови се објавени во списание со фактор на влијание реферирани во базите на Thomson Reuters или Scopus, или по години, во 2021 објавени се 5 трудови во списание со фактор на влијание, во 2022 година, исто така, 5 трудови, а во 2023 и 2024 година објавени се по 10 трудови во списание со фактор на влијание. Објавени се 22 книги или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД. Анализирано за периодот на самоевалуација 2021-2024 и споредено со претходната самоевалуација 2018-2021, вкупниот број публикувани трудови во индексирани списанија бележи раст за 215% (35 трудови публикувани во периодот 2018-2021 во споредба со 110 трудови публикувани во периодот 2021-2024). Вкупниот број публикувани трудови во меѓународни списанија, исто така, бележи раст за 145% споредено со претходната самоевалуација (37 труда публикувани во периодот 2018-2021 споредено со 91 трудови публикувани во периодот 2021-2024 година). Задоволителна е и бројката од 70 трудови објавени во Зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји. Од анализата може да се забележи дека недостасуваат само трудови кои се објавени во научни списанија во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД. Наставно-научниот кадар во периодот на самоевалуација 2021-2024 година објавил 22 книги или дел од книги рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, што споредено со периодот на самоевалуација 2018-2021 е зголемување за 215%. Сите овие показатели за објавени научни трудови и книги укажуваат на зголемена активност и видливост на наставно-научниот кадар на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Прилози:**

Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа.

Категории на референтни научни публикации предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО се:

a) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование или

b) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови или

c) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или

d) книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или

e) зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји или

f) преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип континуирано се грижи наставата да ја изведува квалитетен и компететен наставен кадар. Според анализата направена за структурата на наставниот кадар на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, бројот на наставно-научен кадар кој е во постојан работен однос одговара на потребите за акредитираните студиски програми (Прилог 5.3.А; Прилог 5.3.Б). Дополнително, за квалитетна реализација на студиските програми од прв циклус академски студии вклучени се професори од наставници и соработници од други единици на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на предметните програми за стекнување на генерички знаења од странски јазици и информатичка технологија. Ангажирањето на наставниците за потребите од изведување настава на прв циклус универзитетски студии по семестар изнесува просечно 11 часа активна настава во текот на неделата (Прилог 5.3.В). Ангажирањето на наставниците за потребите од изведување настава на втор циклус универзитетски студии по семестар просечно изнесува 9-10 часа активна настава во текот на неделата и на трет циклус студии изнесува по семестар просечно 7-8 часа активна настава во текот на неделата. Високата стапка на ангажираност на наставно-научниот кадар за одржување активна настава во текот на неделата е резултат на недостатокот од соработнички кадар што се одразува на дополнително ангажирање на наставниците во изведување вежби за студентите на прв, втор и трет циклус студии, што е регулирано со Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.Г). За потребите на квалитетно одржување на вежбите по предметите согласно акредитацијата на студиските програми, Факултетот на годишно ниво ангажира демонстратори од редот на студенти на втор и трет циклус студии кои покажуваат значителен напредок и успех во научната работа. Земјоделскиот факултет преку секојдневна вклученост на млади кадри од редот на студентите на додипломски студии и нивно вклучување во научно-истражувачки и апликативни проекти врши позитивна селекција и мотивација на најдобрите студенти да го продолжат образованието на втор и трет циклус академски студии.

Заради недостатокот на наставен кадар и потребата од зголемено ангажирање на постојниот наставен кадар за потребата од квалитетно и навремено одржување на наставата и вежбите, Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.Г), и истата се однесува за зголемен ангажман во наставата.

**Прилози:**

Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии

Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)

Прилог 5.3.В. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години.

Прилог 5.3.Г. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Практиката на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој сеприменува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години).<br>Линк до Билтенот во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број настраница. |

Универзитетот „Гоце Делчев” има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети

соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Од прегледот на ангажираност на наставниците во образовниот процес може да се забележи дека наставниците кои се во редовен работен однос и избрани во наставно-научни звања на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се максимално ангажирани по семестар. Ова донекаде може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, факултетот максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека на сите Конкурси се пријавил само по еден кандидат (Прилог 5.4.Б) кој ги исполнувал условите согласно Правилникот (Прилог 5.4.А; Прилог 5.4.В). Пријавата на само еден кандидат по распишан Конкурс за избор на лица во наставно-научни звања за одредена научна област се должи на ограничените ресурси на доктори на наука во соодветната област од научното подрачје 4 (Земјоделски и ветеринарни науки) на ниво на држава, а кои воопшто не се вклучени во наставниот процес на некој од Универзитетите во Република Северна Македонија.

**Прилози:**

Прилог 5.4.А.Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години

Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови, како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветниработни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема воустановата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот Гоце Делчев има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој, покрај другото, се регулира и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кампус 2 на Факултетите за природни, технички и биотехнички науки располага со простор од вкупно 14.220 $m^2$ , 4 амфитеатри со вкупен капацитет од 576 места за седење, 15 предавални со вкупен капацитет од 630 места за седење, 54 кабинети за академскиот кадар, 15 компјутерски училници, 9 лаборатории, 1 спортски објект со вкупен капацитет од 400 седишта, 2 објекти за практична настава, книжарници, библиотеки и простори за студентски прашања. Вкупниот капацитет на седишта изнесува 2921 седиште. Земјоделскиот факултет, како дел од Кампус 2, има површина од 5.837 $m^2$, распоредени во 5 објекти во наставните центри Штип, Кавадарци, Свети Николе и Струмица, 1 амфитеатар со вкупна површина од 100 $m^2$ и капацитет од 130 седишта. На Земјоделскиот факултет има вкупно 3 компјутерски училници со површина од 172 $m^2$ и 83 расположливи седишта. Наставно-научниот процес се одвива во 2 лаборатории со вкупна површина од 90 $m^2$ и 15 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби. Земјоделскиот факултет има 2 други објекти кои се наменети за изведување на практична настава чија површина е 50 $m^2$ и вкупен капацитет од 100 седишта. Наставната програма во Штип се одвива на Кампус 2 во 2 предавални со капацитет 130 места, микроскопска лабораторија и хемиска лабораторија. Наставната програма во Струмица се одвива во предавална 1 со капацитет од 50 места, микроскопска и хемиска лабораторија. Наставната програма во наставен центар Кавадарци се одвива во 4 предавални со капацитет од 210 седишта, една компјутерска лабораторија и една лабораторија за изведување на практична настава за студентите. Факултетот има 3 опитни полиња со површини 2.700.000 $m^2$ наменети за изведување на практичната настава, 1 ген банка со површина од 20 $m^2$ и 1 стакленик со површина од 430 $m^2$. Земјоделскиот факултет поседува 3 простори со вкупна површина од 300 $m^2$ наменети за заштита на околината. Факултетот располага со 22 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 200 $m^2$ и капацитет од 32 седишта (Прилог 5.5.Д). Амфитеатарот на Земјоделски факултет е опремен со современа аудио-визуелна опрема (Прилог 5.5.Б; Прилог 5.5.В). Во предавалните постојат специфични опреми за определена студиска програма и електронски табли. Во рамки на Земјоделскиот факултет функционира научно-истражувачкиот центар УНИЛАБ, во кој постојат оддели за заштита на растенијата, контрола на семе и саден материјал, геохемија, агрохемија и исхрана на растенијата, микробиологија, контрола на квалитет на храна, контрола на квалитет на масло, контрола на квалитет на вино. Истражувачкиот центар врши агрохемиски анализи на почвата и давање на соодветни препораки за ѓубрење и прихрани на растенијата, испитување на присуство макро и микро елементи, тешки метали и елементи во

траги и резидуи од пестициди во различни медиуми, како што се: почвата, водата и растителниот материјал, утврдувањето на активните материи во пестицидите, утврдувањето на застапеноста на хранливите елементи во ѓубривата, анализа на квалитетот на семенскиот и садниот материјал, утврдување на генетски модифицирани организми, детерминација и идентификација на присуството на болести и штетници кај растенијата и складираните земјоделски производи, утврдување на биолошката ефикасност на пестицидите, квалитативно и квантитативно определување за присуство на микотоксини во растителните производи. Лабораторија за биотехнологија, микроскопска лабораторија и хемиска лабораторија функционираат во рамки на Земјоделски факултет, кампус Струмица. Библиотеката на Земјоделскиот факултет има вкупно 9807 книги од областите на студиската група. Од набавените книги домашни се 6928 книги, а 2879 се странски книги. Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има обезбедено пристап до електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation,  ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог 5.5.Г).

**Прилози:**

Прилог 5.5.А Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата.

Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање).

Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата.

Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А. Сепак, Земјоделскиот факултет во соработка со домашни и странски фондации постојано бара можности за подобрување на педагошките компетенции на наставниците и соработниците (Прилог 5.6.А; Прилог 5.6.Б). Со цел подобрување на вештините на наставниците за одржување и евалуација на практичната настава со студентите, на 24 и 25 август 2023 година се одржа обука на тема „Развој на менторска програма за високото образование во земјоделството“, организирана во соработка и поддршка од Програмата за зголемување на пазарната вработливост – ИМЕ Increasing Market Employability - IME и проектот Образование за вработување во Северна Македонија - Е4Е. Во текот на обуката на менторите од факултетот и менторите од компаниите, преку практични примери, задачи, размислувања, беа анализирани моментите од упатување на студентот на практична настава до целосна реализација на истата. Меѓу другото акцентот беше ставен и на евидентирање, следење и вреднување/оценување на студентите во реализација на практична настава кај работодавец и контрола на реализацијата на практичната настава (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/177-sorabotka-na-kompaniite-i-visokoto-obrazovanie). Дел од наставниот кадар на факултетот активно учествуваше на работилници организирани во рамки на Еразмус плус проектот „Од дигитална технологија до образовна алатка: Унапредување на квалитетот на активното учење во земјоделските научни дисциплини во услови на онлајн и хибридна настава“ (HEAL-in-ONE). Главен хоризонтален приоритет на проектот е дигиталната трансформација во високото образование, преку унапредување на дигиталните компетенци на наставниците, прилагодување на промените и развој на капацитетите во високото образование, пред сé факултетите од подрачјето на биотехничките науки. На одржаните работилници наставниот кадар ги подобри дигиталните вештини и се стекна со знаења за методите на активно учење кои се практикуваат во хибридна настава онлајн и во училница. Дополнително, наставниците научија како дигиталните алатки да ги применат во наставата и учењето на студентите. На работилниците, особено се нагласуваше размената на добрите практики во примената на методите на активно учење и објективно вреднување на постигнувањата на студентите во применетите научни дисциплини од подрачјето на биотехничките науки во услови на комбинирана настава (онлајн и со физичко присуство).

Воопштено, наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење (https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=51), да ги користат платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знаат да креираат квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето.

**Прилози:**
Прилог 5.6.А. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;
Прилог 5.6.Б. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Политиката за обезбеднување на квалитет на Земјоделскиот факултет е во согласност со мисијата, визијата и вредностите на институцијата, тесно поврзана со стратешкото управување со наставните и научните планирања. Една од целите е вмрежување со високообразовни институции од земјата и странство за вклучување во научно-истражувачки активности и црпење на неопходните човечки и материјални ресурси и создавање услови за професионално усовршување на наставно-научниот кадар на признати институции високо рангирани на светските листи за значајни достигнувања во образовниот процес и науката. Заради подобрување на квалитетот и унапредување на наставниот процес, Земјоделскиот факултет постојано врши ангажирање на визитинг професори во соодветната научна област и истакнати стручњаци од практиката (Прилог 5.7.А; Прилог 5.7.Б). За потребите на акредитираните студиски програми, во текот на периодот на самоевалуација 2021-2024 година, Земјоделскиот факултет ангажирал четири визитинг професори за покривање на наставата по предметните програми: Педологија, Селекција и семепроизводство, Физиологија на растенијата и Сточарство (Прилог 5.7.А). Преку спроведување на обуки за стручњаците од практиката, Земјоделскиот факултет се труди да ги подигне нивните компетенции и со тоа да дадат подобри резултати во подобрување на практичните вештини на студентите. Земјоделскиот факултет во изминатиот период интензивно работеше на развивање на менторска програма за практична настава на студентите, односно за реализација на практична настава во компаниите (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/177-sorabotka-na-kompaniite-i-visokoto-obrazovanie). Се направи идеален спој помеѓу компанијата, менторот – факултетот и студентите. Покрај тоа што студентите ја извршуваат задолжителната летна практика, беше направена програма за извршување на практични денови во текот на неделата и семестарот додека трае теоретската настава. Тоа значи дека во деновите кога немаат теоретска и лабораториска настава, студентите посетуваат практични денови во компаниите. Во моментот на самоевалуација, Земјоделскиот факултет има активни 71 договор со компаниите од агро-секторот со што широко се отвора можност студентите квалитетно да ја реализираат практичната настава. Ова потекнува од идејата да им се помогне на идните работодавци со кадар кој ќе биде стручен во нивната област. Тоа значи дека во трета и четврта година студентите со овие посети на компаниите ќе стекнат доволно искуство за да можат по дипломирањето и стекнувањето на звање дипломиран инженер агроном веднаш да влезат во производниот процес на компанијата. Се надеваме на успех, имаме интерес од страна на студентите, а компаниите кои работат во агросекторот, ги отворија вратите за нашите студенти за да може утре да имаат еден обучен кадар кој ќе одговори на пазарот на трудот.

**Прилози:**
Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години. Табелата вклучува тип на ангажман, област/предмет и период на ангажман;
Прилог 5.7.Б. Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми во Europass формат.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип едуцира кадри на академски додипломски студии од прв циклус, магистерски студии од втор циклус и докторски студии од трет циклус. Квалитетот на наставата се обезбедува преку интерактивност и вклучување на студентите во истражувачки и апликативни проекти (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/). Студентите секојдневно се вклучени во работата на научно-истражувачкиот центар УНИЛАБ, во кој постојат оддели за заштита на растенијата, контрола на семе и саден материјал, геохемија, агрохемија и исхрана на растенијата, микробиологија, контрола на квалитет на храна, контрола на квалитет на масло, контрола на квалитет на вино. Земјоделскиот факултет е домаќин на студенти и професори од земјоделските факултети во регионот, кои при посетата ја користат можноста заедно со колегите од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип да направат кратки истражувања а добиените резултати да ги презентираат на научни конференции. Лабораторијата УНИЛАБ, од 2012 година е сертифицирана за работа согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018, и континуирано го докажува и унапредува високиот квалитет на лабораториски активности и услуги. На овој начин УНИЛАБ при Земјоделскиот факултет, станува препознатлив систем за квалитет на национално и регионално ниво. Студентите во текот на лабораториската работа добиваат персонализирана поддршка од страна на

наставниците. Наставниците од соодветните научни области како дел од вкупната евалуација на достигнувањето на студентите ги оценуваат и нивните лабораториски вештини и управувањето со добиените резултати од направените истражувања. Преку практична имплементација на стекнатите теоретски знаења студентите се поттикнуваат на учење со разбирање и критично размислување. Соочувајќи се со реални проблеми студентите успешно ги применуваат теоретските знаења во пракса.

Земјоделскиот факултет интензивно работи на вмрежување и размена на добри практики со сродни институции од регионот и пошироко (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/190-poseta-na-germanija). Земјоделскиот факултет во текот на април и јуни 2021 г. беше домаќин на колеги од Агробиотехнолошки факултет во Осијек, Хрватска, во рамките на ЕРАЗМУС програмата. Соработката на УНИЛАБ лабораторијата со Хемиското училиште во Пардубице, Република Чешка, продолжува со студиски престои на студенти. Во септември 2021 г. 7 студенти и 1 професор беа на студиски престој од 2 недели во УНИЛАБ лабораторијата под менторство на Проф. д-р Емилија Арсов. Праксата беше спроведена како комбинирани лабораториски активности во УНИЛАБ и во ИМАКО винаријата. Лабораторијата УНИЛАБ на Земјоделски факултет од 6 март 2023 г. повторно беше институција домаќин и прв избор на студентите од Хемиското училиште во Пардубице, Република Чешка, во рамките на ЕРАЗМУС договорот за соработка. Како резултат на одличните резултати и препораки што ги има лабораторијата од страна на студентите од Чешка, продолжува изборот на Лабораторијата УНИЛАБ за пракса на студентите, сега за периодот од март до јуни. Група од четири студенти беа на практична настава во Лабораторијата УНИЛАБ, во периодот од 6 март до 4 јуни 2023 г. Во рамките на ЕРАЗМУС програмата, Земјоделскиот факултет беше домаќин на колеги истражувачи Beata Koim-Puchowska и Joanna Dróżdż-Afelt од Катедрата за биотехнологија при Универзитетот во Полска (University of Kazimierz Wielki in Poland, Bydgoszcz (Department of Biotechnology).

Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е дел од конзорциумот на партнери во научен проект од програмата HORIZON-CSA, проект со наслов CARBONICA: Carbon Initiative for Climate-resilient Agriculture (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija/158-carbonica-101087233-carbon-initiative-for-climate-resilient-agriculture-horizon-csa-horizon-widera-2022-access-04-2).

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и вокористењето нови технологии. |

Основна цел на студиските програми кои ги реализира Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е стекнување на функционални знаења и вештини во подрачјето на земјоделските и ветеринарни науки, научното поле земјоделство, шумарство и водостопанство, сточарство и млекарство, земјоделска биотехнологија и други земјоделски науки, преку примена на методите на активно учење, поттикнување на креативно размислување и критичко мислење кај студентите што ќе им овозможи активно вклучување во земјоделското производство по дипломирањето. Основни цели на студиските програми се реализација на образовни, стручни и истражувачки задачи и пренесување на научните знаења за стекнување на практични вештини од сите области на земјоделското производство. Квалитетот на наставниот процес се обезбедува преку воведување интерактивност во наставата, професионалниот пристап на наставниците и демонстраторите, редовна комуникација наставник – студент и континуирано унапредување на наставните курикулуми и согледаните недостатоци во образовниот процес. Земјоделскиот факултет ги поттикнува наставниците да користат современа методологија на презентирање, практично реализирање на експерименти и задолжителни теренски активности, со цел да се направи мост меѓу теоријата и практиката. Посебно внимание се посветува на користење на дигиталната технологија во образовниот процес. Е-системот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се покажа како многу корисна алатка и помош на студентите при нивното студирање. Ажурирањето на материјалите од предавањата и вежбите, како и списоците на препорачана литература, со цел збогатување и осовременување на наставната содржина, се активности кои во континуитет ги спроведуваат предметните наставници. Достапните дигитални платформи се трансформираат во практични алатки за унапредување на процесот на настава и учење. Наставниците практикуваат персонализирана настава за талентирани студенти со цел нивна поголема мотивација за поголеми достигнувања и вклучување во истражувачки проекти. Апликацијата Microsoft Teams и Office 365 е основа на која Факултетот го базира онлајн наставниот процес при изведување хибридна настава. Преку интегрирање на дигиталната технологија во земјоделското производство со образовниот процес се постигнуваат целите на студиските програми и посакуваните резултати од учењето. Студентите во текот на наставата по предметите предвидени со студиските програми се стекуваат со специфични компетенции и вештини за различни области од земјоделското производство. Така, студентите на терен управуваат со дронови и вршат апликација на фитофармацевтски производи, управуваат и ги обработуваат податоците кои ги собираат метеоролошките станици, користат сензорна технологија, ракуваат со дигитализирана опрема која се користи во производството на храна и воопшто стекнуваат вештини за практикување прецизно земјоделство. Многу често наставниците ги користат дигиталните алатки да креираат виртуелни лаборатории и симулации преку користење на различни софтвери. Наставниците ги користат дигиталните платформи за креирање на квизови, групни дискусии од форматот на “world

caffe", а со единствена цел поттикнување на групната соработка меѓу студентите. Пандемијата со КОВИД-19 ја забрза употребата на дигиталните алатки во наставата, а наставниците и студентите ја подобрија сопствената дигитална писменост.

Конкретен пример за реализација на практика беше вклучување на студентите во проектот „Управување на растителната генетска разновидност (ПГР) за храна и земјоделство во Македонија" поддржан од швајцарската фондација „Проспециерара". Притоа, студените добија одредена количина семе од различни автохтони популации полјоделски и градинарски култури и имаа задача истото да го размножат и да направат опис на секоја од популациите по даден дескриптор. Практиката се сметаше за реализирана доколку студентот достави најмалку ист број на семки дадени за размножување и дескрипција на популацијата.

Наставниците континуирано работат на унапредување на истражувачките компетенции на студентите и начинот на презентирање на научните резултати. Во перидот на самоевалуација, Земјоделскиот факултет ги организираше Третата и Четвртата студентска научна конференција. Студентите ги презентираа своите научни трудови, а во исто време имаа можност да се поврзат и со компаниите од бизнис - секторот со цел подобро решавање на актуелните предизвици во земјоделието и животната средина. Студентите преку своите трудови ги адресираа клучните предизвици во земјоделието и она што се случува во земјоделието во модерниот свет. Со цел вмрежување на нашите студенти со студенти од други факултети од областа на земјоделските науки и храната, студенти од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип учествуваа на 13-тата Смотра на студентски трудови, организирана на 12 декември 2022 год. на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип од 8 до 10 ноември 2023 година организираше „Денови на млади истражувачи". Во рамките на настанот беа предвидени и реализирани работилница, студентска конференција, како и бројни настани кои овозможија вмрежување на младите истражувачи од регионот.

Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип организираше настан „Запознај го својот иден работодавец", поддржан од Владата на Швајцарија. Настанот се организираше во рамките на проектната активност „Развој на менторска програма за високото образование во земјоделството" преку Програмата за зголемување на пазарната вработливост – ИМЕ и проектот „Образование за вработување во Северна Македонија". Целта на настанот беше фирмите да ги презентираат условите и можностите за практична работа во текот на студирањето на нашите студенти и да се отвори пат за идно нивно вработување. Факултетот како институција подготвено, брзо и соодветно реагира на промените во околината, и релативно добро е прифатен од страна на пазарот на трудот, во насока со стратешките потреби на стопанството. Како доказ на наведеното се бројните понуди и неколку нови склучени договори со фирмите од агро-индустрискиот сектор за финансиска поддршка од нивна страна за партиципацијата во студирањето на најдобро рангираните студенти, како и за платена стручно-производна практика. Пазарот на трудот од агрономски високообразовни стручни кадри не е задоволен, и во текот на извештајниот период тие беа барани од страна на компаниите од агро-индустрискиот сектор.

Студентите на Земјоделскиот факултет континуирано ги унапредуваат практичните вештини со посета на компании од агро-индустрискиот сектор (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/).

Студентите од насоката Растителна биотехнологија и насоката Градинарство, реализираа посета на компанијата АГРИС во Грција.

АГРИС е компанија која е основана во 1983 година и е експерт во унапредувањето на хортикултурата, преку производство на професионален расад од сертифициран семенски материјал. Посетата на студентите на овој капацитет беше во насока да се запознаат со работата на компанијата, примената на новите технологии, производството на расад од сеидба до пласман, одредување на квалитетот на семенскиот материјал и калемењето на расадот. Студентите од насоките Растителна биотехнологија и Градинарство реализираа посета на компанијата Агроуник во Р. Србија. Агроуник е компанија која е основана во 2002 година, која се занимава со истражување во областа на биотехнологија, производство, дистрибуција и продажба на микробиолошки препарати.

Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има склучено договор за практична настава со преку 100 компании од агросекторот во Република Северна Македонија.Теренска настава за студентите на Земјоделскиот факултет, со цел запознавање со сточарското производство, и посета на живинарска фарма ЖИВИНО ПРОМ – ДОО Штип, фарма за одгледување овци во околината на Штип и МИК - Свети Николе.

Во рамки на задолжителната практична настава за студентите на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на ден 05/4/2024 година со ментор од факултетот беше реализирана посета на компанијата Агросмарт од с. Врсаково, Штип. Основна дејност на компанијата е производство на житарици и подготовка на крмни смеси за исхрана на фармските животни. Притоа, студентите имаа можност да видат и да се запознаат со целокупната механизација која се користи за подготвување и обработка на површините засеани со житарици. Во млинот за сточна храна, студените беа воведени во технологијата на производство на пелетирани крмни смеси. Потоа, студентите ги посетија површините засеани со јачмен и пченка, каде беа запознати со сортите на засеан јачмен и пченка, како и агротехничките мерки кои се применуваат. Во рамки на посетата, студентите посетија и компанија во с. Врсаково, Штип,

за производство на компир и погон за собирање, класирање и чување на компир.
Студентите на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Квалитет и безбедност на храна (Штип) Поледелство (Штип), Градинарство (Струмица), Лозаро-овоштарство (Кавадарци), со менторите од факултетот, имаа можност да посетат современа фарма за одгледување молзни крави во с. Могила, Битола и да се запознаат со технологијата на производство на кравјо млеко. Студентите се запознаа со комплетно дигитализиран систем за следење на технолошкиот процес и имаа единствена можност да видат автоматизиран роботски систем за измолзување. Фармата практикува строго контролирана исхрана од програмата на САНО. Теренската настава продолжи со посета на Лабораторијата за месо и Лабораторијата за млеко при Факултетот за биотехнички науки - Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со кои Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има склучено договор за соработка. Во лабораториите студентите правеа преработки од месо (паштета) и преработки од млеко (овошен јогурт).
Земјоделскиот факултет активно функционира преку своите web - платформи:
http://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/
https://www.facebook.com/zf.ugd.edu.mk/
https://moodle2.ugd.edu.mk/mod/forum/view.php?id=8434

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијати. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет (Прилог 5.10.А). Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Во Правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците / учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД”. Редовна проверка на учебниците / учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијатот: „ Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25% (Прилог 5.10.Г).
Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува”.
Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.В).
Проверката за плагијат КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција
Секој учебник / учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијат, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори.
Проверката за плагијат на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот:
Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk)
Проверката за плагијат на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.
Земјоделскиот факултет е издавач на меѓународното списание **Journal of Agriculture and Plant Sciences (JAPS)** од 2017 година. JAPS е наследник на Годишен зборник на трудови на Земјоделскиот факултет при УГД, којшто зборник се објавуваше од 2007 до 2016, за да во 2017 година прерасне во меѓународно списание со меѓународен уредувачки одбор. JAPS е меѓународно списание кое е индексирано во EBSCO и IC датабазите, се издава двапати годишно, тоа е списание со отворен пристап, а трудовите може да се преземат бесплатно од веб-страницата на списанието.
https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFA/about
Сите доставени ракописи се предмет на двојна „слепа” рецензија од најмалку двајца рецензенти, непознати за авторите, а за рецензентите авторите на ракописот кој го рецензираат се, исто така, непознати. Рецензентите се назначуваат од уредувачкиот одбор на доброволна основа.
Ракописите освен тоа што подлежат на двојна „слепа” рецензија подлежат и на проверка на плагијат. Проверката за плагијат ја врши Уредувачкиот одбор на списанието преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција на линкот:
https://my.plag.mk/login

**Прилози:**
Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, Универзитетски гласник број 60, страница 98-107

Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма, Универзитетски гласник број 60, страница 108-112
Прилог 5.10.В УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма, Универзитетски гласник број 60, страница 113-130
Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијат за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научно-истражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој Правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научно-истражувачки проекти од страна на тимови од вработените.
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научно-истражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да може да бидат индексирани во различни бази.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози:**
Прилог 5.11.А ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.11.Б ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.В ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Г Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024
Прилог 5.11.Д ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.Ѓ ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научно-истражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели, како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;Релевантни извештаи или препораки |

Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип користејќи ги ресурсите на научно-истражувачкиот центар УНИЛАБ, во кој постојат оддели за заштита на растенијата, контрола на семе и саден материјал, геохемија, агрохемија и исхрана на растенијата, микробиологија, контрола на квалитет на храна, контрола на квалитет на масло, контрола на квалитет на вино дава допринос во реалниот земјоделски сектор со цел развој и унапредување на земјоделското производство. Земјоделскиот факултет, Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип како високообразовна и научна институција располага со наставно-научен и стручен кадар кој е профилиран и остручен во различни сегменти од земјоделското производство и безбедноста на храната. Научно-истражувачката инфраструктура на Земјоделскиот факултет, Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип овозможува продлабочување на истражувањата во областа на земјоделските науки и храната. Со користење на поставената инфраструктура се вршат научно-истражувачки активности во склоп на научни проекти и реализација на истражувања од втор и трет циклус на студии. Резултатите добиени од истражувањата овозможуваат примена на новите сознанија во земјоделското производство и квалитетот и

безбедноста на прехранбените производи. Работата во лабораториските ресурси на Земјоделскиот факултет, Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се заснова на законска регулатива, подзаконски акти и стандарди, како што се: Закон за високо образование; Закон за акредитација; Стандардот за квалитет на лабораториско тестирање МКС EN ISO/IEC 17025:2018. Многу млади научни работници се воведуваат на научно-истражувачката работа доаѓајќи до резултати кои ги менуваат тековите во современото производство на храна. Младите земјоделски инженери своите позитивни искуства и успешни приказни по дипломирањето ги споделуваат со помладите колеги и со тоа ги мотивираат да се упорни и успешни преку рубриката „Мојот пат кон успехот со УГД" (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/nasite-studenti). Со користење на референтни методи се вршат истражувања преку агрохемиски анализи на почвата и давање на соодветни препораки за ѓубрење и исхрана на растенијата; испитување на присуство макро и микро елементи, тешки метали и елементи во траги во примероци од животна средина: води, почви, седименти, геолошки примероци и отпад. Понатаму, поставената научно-истражувачка инфраструктура се користи за истражувања поврзани со контрола на безбедноста и квалитетот на достапни продукти преку одредување на мултиелементна анализа на храна и додатоци во исхраната, пијалоци, растителен материјал и екстракти, како и на суспензии и концентрати на активни материи и ексципиенти кај фармацевтски производи. Во лабораториски услови се врши утврдување застапеност на хранливите елементи во ѓубривата; анализа на квалитетот на семенскиот и садниот материјал, детерминација и идентификација на присуството на болести и штетници кај растенијата и складираните земјоделски производи. Заради методологијата и сите истражувачки активности кои веќе се имплементирани во лабораторијата, научно-истражувачката инфраструктура постојано се проширува а со тоа се зголемува опсегот на работа со цел да ги задоволи барањата на науката, истражувањата и локалната заедница. Секако, приоритет претставува продлабочување на истражувањата во широкот поле на безбедност на храната. Преку развој, оптимизација, валидација и акредитација на нови методи се проширува опсегот на анализи кои ќе дадат допринос кон подигнување на базбедноста на храната од присуство на контаминенти од тешки метали.

Согласно стратегијата за рамномерен развој на планските региони во Република Северна Македонија, Источниот и Југоисточниот плански регион ја користи научно-истражувачката мрежа воспоставена на Земјоделскиот факултет за имплементација на најновите достигнувања во земјоделското производство.

Во работата на научно-истражувачкиот центар и едукацијата на млади кадри во областа на земјоделското производство и безбедноста на храната вклучени се признати научни работници, како во државата, така и надвор од неа, со значајни достигнувања во науката што се пресликува во публикацијата на бројни научни трудови објавени во референтни научни списанија. Добиените резултати од истражувањата се презентираат на домашни и меѓународни научни собири. Со тоа се овозможува комуникација меѓу релевантните чинители во земјоделското производство и безбедноста на храната, дисеминација на нови научни сознанија и публикација на добиените резултати. Секако, не смее да се заборави и апликативната страна на лабораториските методи со што се овозможува давање на услуги кон клиенти од реалниот сектор. Услугите на УНИЛАБ се објективни, брзи и квалитетни, засновани на меѓународно признати и прифатени методи за работа, во согласност со стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018, и односите со корисниците се строго доверливи.

Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип се труди да биде центар за извонредност во примената на дигитални технологии во земјоделското производство и да им помогне на компаниите од агро-индустрискиот сектор полесно да ја направат дигиталната транзиција. Во таа насока, AgFutura Technologies во соработка со Земјоделскиот факултет и Сојузот на стопански комори на Македонија, поддржани од Green Growth Platform го иницираа формирањето на „Алијанса за дигитална транзиција во земјоделство и индустрија на храна". Идејата за оваа иницијатива потекнува од желбата да биде најважниот специјализиран дигитален иновациски хаб, клучен во дигиталната трансформација на Агропрехранбениот сектор во Северна Македонија, Западен Балкан и Балканот воопшто (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/188-memorandum-za-sorabotka).

Во Прилог 5.12.А е прикажана SWOT - анализата за исполнетоста на Стандард 5.

**Прилози:**

Прилог 5.12.А SWOT- анализа за исполнетоста на Стандард 5

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата, односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност којшто е сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години.<br>Финансиски извештаи од претходните три години.<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи којшто се издвојува за научноистражувачка работа). |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти, исто така, се дел од структурата на буџетот.
Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А.), а динамиката на вкупниот буџет на универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.
Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се: буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25% од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55% и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**
Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.
Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).
Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од Министерството за образовани е 45% од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2%. Констатиравме благо намалување на средствата кои Универзитетот ги добива од страна на Министерството за образование.

**Средства од сопствени приходи**
Средства од сопствените приходи се, исто така, стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.
Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 -2021 година изнесувал 38.71%, додека за период 2021-2024 изнесува 38.25%. Врз основа на добиените податоци може да констатираме благо намалување на средствата од сопствени приходи.

**Средства од научни проекти**
Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено по 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.
Зголемувањето и стабилност во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напорите на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учество на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5,5 % од буџетот на УГД.
Според податоците за просечната процентуалната застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4.1% , додека за периодот на

евалуација од 2021-2024 година изнесуваат 5,.5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**

За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.

Процентуално просечните приходите во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56%, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17%. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**

Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024

Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата, како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*

Земјоделски факултет  располага со вкупен простор од 5837 m$^2$, 2 амфитеатри со вкупна површина од 220 m$^2$ и капацитет од 250 седишта, кои се во сопственост на универзитетот.

Наставната програма се одвива во 10 предавални кои имаат вкупна површина од 610 m$^2$ и вкупен капацитет од 430 седишта. Факултетот располага со 22 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 200 m$^2$ и капацитет од 32 седишта. Факултетот има вкупно 3 компјутерски училници со површина од 172 m$^2$ и 83 расположливи седишта (Прилог 5.5.Д).

*Лаборатории*

Наставно-научниот процес се одвива во 6 лаборатории со вкупна површина од 310 m$^2$ и 67 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби. Лабораториите за изведување аудио-визуелни самостојни вежби има вкупен капацитет од 310 m$^2$ површина во која се распоредени 67 седишта.

*Видови опсерватори* / научно истражувачки центар

Факултетот има 1 Научно истражувачки центар УНИЛАБ со површина од 60 m$^2$.

*Студентски прашања*

Факултетот има студентски прашања со површина од 20  m$^2$.

Списокот на простории со површина со кои располага факултетот е даден во прилог 6.2.1.

*Видови на опрема*

Амфитеатрите на факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Предавални се опремени со аудио-визуелна опрема  и  потребна специфични опреми за определена студиска програма (Прилог 5.5.Б; Прилог 5.5.В).

*Библиотечен фонд*

Факултетот има вкупно 74 книги од областите на студиската група од кои 69 се домашни, а 5 се странски книги.

*Информатички ресурси за учење на далечина*

Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://lipovdol-fs.ugd.edu.mk/
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/kalendar-vodic-prv-ciklus-2021.pdf

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот:

http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd

- како и настава поддржана со Microsoft Teams.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење,
- и многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Земјоделски Факултетот 1017 е прикажан во прилог 6.2.4.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот (Прилог 6.2.Б).
Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1081 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 444 260 корисници, а од регистрираните корисници направени се 551 880 симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 28.11.2024 година).
Вкупниот број на објавени учебници и учебни помагала во е-библиотеката, дадено по години 2021-2024 од факултетот 11 прикажан е во Прилог 6.2.Б.
Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на факултетот е:
https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=3&ugd=b8783100de0f165f0918b23b4fe0d736
Link od e-biblioteka na fakultetot

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата. Во прилогот 6.2.6 е прикажан бројот на издадени студентски е-пошти за студенти на прв, втор и трет циклус студии за Факултет 1017

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава, исто така, беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство) Е-распоредот е достапен на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
https://zf.ugd.edu.mk/images/2024/zf-raspored-neparen-sem-2024-25.pdf

**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активноство научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.
Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23090* содржини, достапни на линкот: (*прочитано на ден 28.11.2024 година).
http://eprints.ugd.edu.mk/
Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18.379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4711 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1100 нови наслови.
Земјоделски факултет има депонирано 1483 наслови во е-репозиториумот достапни на линкот:

http://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/AGR/

**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:
- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;
- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);
- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на факултетот 104, за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење е прикажано во прилог 6.2.7.
Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб - страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк:
Sign In (ugd.edu.mk)

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб - страницата на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:
- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf

**Настава подржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со кодид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот Универзитет. При крајот на пандемијата универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за.учење на далечина (Прилог 6.2.В)

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат во предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите. Обезбедени се посебни места во предавалните за лица со посебни потреби. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби дадени се во Прилог 6.2.Г.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научно-истражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.
**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување.

Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс (Прилог 6.2.А). Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.

**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот, е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.

**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени

**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршката на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис - заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.

Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и
Одделение за системска и мрежна администрација;
Одделение за средства и техничка поддршка;
Одделение за проектирање и одржување;
Центар за трансфер на технологии.
Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани прикажано на органограмот во прилог 1.

**Прилози:**
Прилог 6.2.А. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Земјоделски факултет
Прилог 6.2.Б. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека 2021-2024
Прилог 6.2.В. Креирани тимови во Microsoft Teams на Факултет
Прилог 6.2.Г. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

| | |
|---|---|
| Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Земјоделски факултет во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 11 лице, од кои 5 лица извршуваат административни работи, а 6 лица извршуваат помошно-техничките работи.
На Земјоделскиот факултет во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 14 лице, од кои 5 лица извршуваат административни работи, а 6 лица извршуваат помошно-техничките работи.
Земјоделскиот факултет во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 5 лица за извршување на административните работи, и сите 5 лица се со висока стручна спрема (прилог 6.3.А.). Исто така, има ангажирано 6 лица за извршување на помошно-техничките работи, и сите 6 се со средна стручна спрема (прилог 6.3.А.). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата во Ректоратот.
Листата на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите - Прилог 6.3.Б.

**Прилози:**
Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024
Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите од сите циклуси на студии активно се вклучени во голем број научноистражувачки проекти домашни од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во периодот на евалуација е прикажана во Прилог 6.4.А.
Процентот на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии е прикажан во Прилог 6.4.Б.

**Прилози:**
Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии.
Прилог 6.4.Б. Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/практика или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Студентите на Земјоделски факултет континуирано се вклучени во активности кои ги организира Деканот и наставно - научниот кадар на факултетот. Акцент е ставен на практична настава, семинари и предавања од домашни и странски експерти, научни конференции и обуки. Активности се реализираат во земјата, но и во странство со цел подобрување на компетициите на студентите и развој на нивните способности за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд (Прилог 6.5.А.)
Во рамките на заедничките активноста на Центарот за кариера и Земјоделски факултет во периодот на Самоевалуација реализирана обука за „Развој на менторска програма за високото образование во земјоделството“, финансиски поддржана од Владата на Швајцарија преку Програмата за зголемување на пазарната вработеност - ИМЕ и проектот Образование за вработување во РС Македонија - E4E@mk, обука на тема: „СТРУЧЕН КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА НАСТАВА КАЈ РАБОТОДАВАЧИ“. Обуката се реализираше во период 24 - 25.08.2024 година. (Прилог 6.5.Б.).

**Прилози:**
Прилог 6.5.А . Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата
Прилог 6.5.Б. Број на студенти кои следеле обука/тренинг/практика или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевалуација

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо); |

| | |
|---|---|
| заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

„Алумни клубот" при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на „Алумни клубот" каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб - локацијата на „Алумни клубот":
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
„Алумни клубот" при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17.000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот" кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот" ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот" кои имаат стручно знаење од одредена област, можат да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на „Алумни клубот":
- Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на практика, наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беше организирано предавање и работилница на тема: „Симулација на интервју за работа" на 19 мај 2023 година, во Тренинг - центарот на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.
„Алумни клубот" при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози**:

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител, односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка, како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител, односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420)
Статутот на УГД е достапен на веб – локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf
Учеството на студентите во органите на високообразовната установа е дадено во Прилог 6.7.А.
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во Прилог 6.7.Б а извештај од последните спроведени избори во Прилог 6.7.В.
Одлуката за избор на студентски правобранител, односно негов заменик е прикажана во Прилог 6.7.Г.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените.
За извештајниот период се спроведени активностите прикажани во Прилог 6.7.Ѓ.
**Факултетот,** исто така, одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти кои се дадени во Прилог 6.7.Д.

**Прилози:**
Прилог 6.7.А (а, б, в). Одлука од ННС за учество на студенти во работата на ННС на единицата: (а) зимски семестар 2022/23; (б) 2023/24; (в) 2023/2024.
Прилог 6.7.Б. (а, б, в) Одлука за избор на членови на Студентско собрание: (а) Одлука од ННС на ЗФ од 2022; (б) Одлука од ННС на ЗФ од 2023; (в) Одлука од ННС на ЗФ од 2024.

Прилог 6.7.В. (а, б, в) Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание: (а) Одлука за распишување на избор на членови на Факултетско студентско собрание (ФСС) на ЗФ; (б) Одлука за утврдување на кандидати членови на ФСС на ЗФ; (в) Одлука за утврдување на кандидати членови на ФСС на ЗФ.
Прилог 6.7.Г. (а, б) Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик: (а) Одлука од Универзитетски сенат од 2021; (б) Одлука од Универзитетски сенат од 2024.
Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на факултетот
Прилог 6.7.Ѓ. Приказ на поддржани активности на студенти поддржани од Универзитетски културен и спортски центар

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознати со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб - страница. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентите начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности може да се проследат на веб – локацијата:
https://coj.ugd.edu.mk/index.html
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб – локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб – локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб - страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на:
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб – локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година, и е транспарентно објавен на веб – локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб – локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се:
- Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/
- Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)
- Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)
студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.
**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб - страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани:
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti
и во делот за соопштенија достапни на веб – локацијата:
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija
Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб - страницата на факултетот:
https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi
Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:
Информатори за студирање за секоја академска година
https://zf.ugd.edu.mk/documents/informatori/2023-2024-2.pdf
Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД (1046 наслови):
https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
Е-репозиториум на УГД содржи над 22.320 содржини публикувани трудови, книги, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД http://eprints.ugd.edu.mk/
Во Прилог 6.8.А е дадена SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 6

Прилози:
Прилог 6.8.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6

**Стандард 7- Управување со информации**

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1 Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации.<br>Акт за регулирање (доколку е применливо).<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевауација. Дополнително, досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер.<br>Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите, којашто се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.S – Прилог 1.2.Л).<br>Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е сè уште во фаза на тестирање.<br>Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.<br>Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитрација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл. | |
| **Прилози:** | |
| 7.2 Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата, односно студиските програми, и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците, како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци.<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот.<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот. |
| Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите, добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави SWOT- | |

анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.
Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрво Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.
Според новиот правилник (Прилог 1.2.А), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.
Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и универзитетскиот Сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.
Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В.

**Прилози:**
Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата
Прилог 7.2.Б (а, б, в) Одлука за избор на студенти членови на ННС: (а) за 2022 (б) за 2024 и (в) за 2024 година
Прилог 7.2.В Извештај за структурата на студентите за учебната 2021 – 2024

| | |
|---|---|
| 7.3 Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

На универзитетската веб - страница и на факултетската веб - страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.
Во рамките на Универзитетот, функционира и Одделение за ТВ, радио и веб, кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб - порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).
Периодот за извештај за работата на Земјоделскиот факултет, беше одбележан со многу активности, проектни апликации, мобилност на наставниот кадар, и на студентите, обезбедување на директни соработки со агробизнис секторот, инфо и отворени денови на факултетот, тековна годишна оценка – акредитација на лабораторијата, студентски конференции, меѓународно советување, каде нашиот факултет беше домаќин на поголем број од настаните.
Меѓу позначајните активности поврзани на наставниот кадар на факултетот и на студентите, претставено според периодот на реализирање на активностите, редоследно неколку позначајни настани во изминатиот извештаен период се дадени во Прилог 7.3.А како листа на значајни настани и активности.

**Прилози:**
Прилог 7.3.А. Листа на значајни настани и активности

| | |
|---|---|
| 7.4 Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата<br>Опис на практика за заштита на личните податоци<br>Други релевантни документи или политики на установата |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).
Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци, како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен,

неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.

Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.

Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.

За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.

Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ - системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.

Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ - систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.

Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот

Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб - сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.

Прилог 7.4.В дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7.

**Прилози:**

Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци

Прилог 7.4.Б. Павилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип

Прилог 7.4.В. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 7

**Стандард 8 - Информирање на јавноста**

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб - страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.</td><td>Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб - нстраница на УГД на локацијата за вести:<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/<br>Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести:<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/<br>УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб - страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно, и лесно достапни и на следните социјалните мрежи:<br>https://www.facebook.com/ugdstip<br>https://www.instagram.com/ugdstip/<br>https://www.youtube.com/user/UGDSTIP<br>https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA<br>Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди практика во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четирипати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и online на следната веб – локација:<br>https://coj.ugd.edu.mk/eho.html<br><br>Земјоделскиот факултет активно функционира преку своите web - платформи:<br>http://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>https://www.facebook.com/zf.ugd.edu.mk/<br>https://moodle2.ugd.edu.mk/mod/forum/view.php?id=8434<br><br>Сите соопштенија и активности на Земјоделскиот факултет во текот на годината редовно се објавуваат на web-страницата на факултетот, во рубриката вести (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:</td></tr>
<tr><td>8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење</td><td>Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на Наставно-научниот, односно Научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти, како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
https://zf.ugd.edu.mk/documents/resenija-za-prv-vtor-tret-ciklus/Resenija-za-akreditacija-prv-ciklus-zf.pdf
https://zf.ugd.edu.mk/documents/resenija-za-prv-vtor-tret-ciklus/%D0%A0%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%BA%20%D1%81%D0%BE%20%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%202%20%D1%86%D0%B8%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%81%2022-23.pdf
https://zf.ugd.edu.mk/documents/resenija-za-prv-vtor-tret-ciklus/Doktorski%20studii%20resenie%20za%20pocetok%20so%20rabota%202023_za%20web.pdf

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 118
Изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 430
Универзитетски гласник број 36, страница 433
Универзитетски гласник број 37, страница 42
Универзитетски гласник број 38, страница 8
Универзитетски гласник број 38, страница 68
Универзитетски гласник број 39, страница 10
Универзитетски гласник број 39, страница 13
Универзитетски гласник број 39, страница 22
Универзитетски гласник број 39, страница 25
Универзитетски гласник број 39, страница 79
Универзитетски гласник број 43, страница 80
Универзитетски гласник број 49, страница 13
Универзитетски гласник број 49, страница 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на Наставно-научниот, односно Научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, страница 516-528
Универзитетски гласник број 43, страница 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, страница 20-34
Универзитетски гласник број 48, страница 23-31
Универзитетски гласник број 49, страница 40-42
Универзитетски гласник број 51, страница 9-24
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со законот за
изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија,
Универзитетски гласник број 53, страница 71-80.
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование,
Универзитетски гласник број 54, страница 25-35.

| | |
|---|---|
| Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,<br>Универзитетски гласник број 55, страница 10-11,<br>Универзитетски гласник број 58, страница 14-15,<br>Универзитетски гласник број 59, страница 82-84.<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование,<br>Универзитетски гласник број 60, страница 87-98,<br>Home - УГД Интранет (sharepoint.com)<br><br>6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,<br>https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/186-linkovi-i-odluki-za-posleden-izbor-vo-zvanje-na-sekoj-nastavnik-i-sorabotnik-na-zf<br><br>7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/02/zf-raspored-paren-2024.pdf<br><br>8. Завршна сметка,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf<br><br>9. Годишен извештај,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf<br><br>10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br><br>13. Етичкиот кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf | |
| Прилози: | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб- страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб - страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Преку Школата за докторски студии при УГД ги објавува сите информации кои се однесуваат на докторските студии на веб - локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>Пред одбрана на секоја докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштија на веб – локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/,<br>а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации може да се проследат на линковите:<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/<br>Јавна одбрана на магистерски труд на Александар Пиперевски<br>https://www.facebook.com/photo/?fbid=781973310384843&set=pcb.781983123717195<br>Денови на млади истражувачи на Земјоделски факултет (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/182-den-zf-ist) | |

| |
|---|
| Работилница за промоција на активностите од проектот „Carbonica“ (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/183-zemjodelski-fakultet-odrza-rabotilnica-vo-ramkite-na-proektor-cabronica)<br>Студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина“ (https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/178-konferencija-zemjodelski)<br>Теренска настава https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/181-teren-studenti<br>Практична теренска настава за студентите на Земјоделски факултет во склоп на пилотирање на опитни површини по научен проект CARBONICA https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/193-carbonica<br><br>Прилог 8.3.А дава SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 8. |
| Прилози<br>Прилог 8.3.А. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 8 |

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1 Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и призната. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алиансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат практика во некоја европска фирма, и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитето има и Одделение за меѓународна соработка, на чијашто веб- страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите може да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата.<br>На Земјоделскиот факултет Продеканот за настава е задолжен за одобрувањето на избраните предмети и еквиваленцијата на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.А).<br><br>Во периодот 2021-2024, нема студенти од Земјоделскиот факултет кои користеле мобилност на универзитети во други земји. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.1.А Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити – ECTS | |
| 9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (Годишен план, Извештај од спроведени активности итн) |
| Во Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на Англиски јазик.<br>Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Прилог | |

9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.
На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.

**Прилози:**
Прилог 9.2.А – Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за 2023-2025 година
Прилог 9.2.Б. – Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 9.2.В - Записник и мислење од Комисија за Еразмус+

| | |
|---|---|
| 9.3 Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност, ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција - Северна Македонија, а во иднина и од Алијансата ACE2EU. Дополнително од 2023/24 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противредност. Од Земјоделскиот факултет во 2023 година, само еден наставник има користено средства од овој фонд, а во 2024 година вкупно пет наставници од Земјоделскиот факултет имаат користено средства од овој фонд (Прилог 9.3.А).

Земјоделскиот факултет е вклучен во три CEEPUS мрежи:

- RO-0202-18-2425: Teaching and Learning Bioanalysis;
- RS-1816-02-2425: Reinforcement of research, professional, and education capacities for application in sample preparation of various origins before the corresponding analysis;
- SK-1516-05-2425: BioScience, Food and Health.

Наставниот кадар на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е вклучен во повеќе COST Акции и активно учествува во активностите на работните групи:

- CA18101 - SOURDOugh biotechnology network towards novel, healthier and sustainable food and bIoproCesseS;
- CA21134: Towards zero Pesticide AGRIculture : European Network for sustainability (T0P-AGRI-Network);
- CA22161 - Future of plant-based food: Bridging the gap of new proteins and FLAVOURsome (FLAVOURsome);
- CA21124: Lifting farm animal lives – laying the foundations for positive animal welfare (LIFT);
- CA22112 - European Network on Livestock Phenomics (EU-LI-PHE);

Професори од Земјоделскиот факултет учествуваа во еден билатерален проект помеѓу Република Северна Македонија и Република Австрија финансиран од МОН:

- Oxidomics-guided development of cold-pressed oils rich in antioxidants by improving manufacturing processes (2022-2023);

Во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип има еден проект финансирам преку програмата Horizon Europe:

- CARBONICA, Carbon Initiative for Climate-resilient Agriculture, HORIZON-WIDERA-2022-ACCESS-04-01 Проект бр. 101087233 https://carbonica-hub.eu/excellence-hub/

**Прилози:**
Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во

последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).

| | |
|---|---|
| 9.4 Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Прилогот 9.4.А ја прикажува листата на потпишани договори за меѓународна соработка помеѓу Земјоделскиот факултет и други универзитети и институции, која изнесува 46.

Во периодот 2021-2024 професорите и студентите од Земјоделскиот факултет учествуваат на летни школи, конференции и симпозиуми во земјата и странство (Прилог 9.4.Б), како и во една од формите на меѓународна соработка (Прилог 9.4.В).

Професори од Универзитетот „Мендел“ во Брно, Факултет за земјоделски науки, Оддел за морфологија, физиологија и анимална генетика, Република Чешка, реализираа студиски престој на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во периодот од 6 до 10 мај 2024 г. Престојот се реализираше во рамки на CEEPUS мрежата BioScience, Food and Health (SK-1516-04-2324). Во академските 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 вкупно 23 студенти од Пардубице, Република Чешка, беа на практична лабораториска работа во Лабораторијата УНИЛАБ на Земјоделски факултет, во рамки на Еразмус + мобилноста (Прилог 9.4.Г).

Во академската 2022/2023 еден наставник ја искористил можноста за Еразмус + мобилност (Прилог 9.4.Д)

На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Ѓ).

Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат.

**Прилози:**

Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+

Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)

Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)

Прилог 9.4.Г. Број и информации за студенти и професори од странство кои реализирале мобилност на ЗФ

Прилог 9.4.Д. Број на наставници кои искористиле Еразмус+ мобилност

Прилог 9.4.Ѓ Правилник за условите постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми

| | |
|---|---|
| 9.5 Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |

Во периодот 2021-2024 на Земјоделскиот факултет нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата, освен визитинг професорите, ниту пак на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови.

На прв циклус студии, во академската 2022/23 година, имаме запишано еден странски студент,а студиската програма Фитомедицина, а во академската 2023/24 имаме запишано еден странски студент на студиската програма Квалитет и безбедност на храна (Прилог 9.5.А).

На втор циклус студии имаме запишано три странски студенти, во академската 2021/22 година, на студиските програми Безбедност на храна, Селекција и семепроизводство и Фитомедицина.

Прилог 9.5.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9.

**Прилози:**

Прилог 9.5.А. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години.

Прилог 9.5.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9

**Комисија за самоевалуација на Земјоделски факултет:**

проф. д-р Димитар Наков, член

проф. д-р Даниела Тодевска, член

доц. д-р Билјана Атанасова, член

Стефанија Костова, студент

Амди Бангов, студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј „Димитар Влахов“ бр. 4,
II-Кат, Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | **Машински факултет** |
| **Седиште** | Адреса: ул. „Гоце Делчев“ бр.89<br>Пош. фах 201, Штип - 2000, Р.Македонија |
| **Контакт информации** | contact.mf@ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Доц. д-р Сара Сребренкоска, декан<br>sara.srebrenkoska@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт- информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум М.П. овластено лице на установата
(потпис)

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Машински факултет |
| Седиште | Адреса: ул. „Гоце Делчев“ бр.89<br>Пош. фах 201, Штип - 2000, Р.Македонија |
| Веб - страница | www.mf.ugd.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | МИСИЈА<br>Машинскиот факултет е посветен на обезбедување висококвалитетно образование, спроведување на најсовремени истражувања и поттикнување на иновациите во областа на машинството. Нашата мисија е да ја едуцираме и инспирираме следната генерација машински инженери, опремувајќи ги со знаења, вештини и етички вредности неопходни за справување со сложените инженерски предизвици кои ќе можат да дадат значаен придонес во општеството. Ние се стремиме да создадеме динамична средина за учење која промовира критичко размислување, креативност и соработка, подготвувајќи ги нашите студенти да напредуваат во нивните професионални кариери и да станат глобални лидери во областа на машинското инженерство.<br><br>ВИЗИЈА<br>Нашата визија е да бидеме познат центар на извонредност во образованието и истражувањето за машинското инженерство, препознаен по нашите иновативни методи на учење, влијателни резултати од истражувањето и силни индустриски партнерства. Ние се стремиме да бидеме во првите редови на технолошкиот напредок, обликувајќи ја иднината на машинското инженерство преку интердисциплинарна соработка и фокус на одржливост и општествена одговорност. Наша цел е да негуваме енергична заедница на научници, студенти и индустриски професионалци, поттикнувајќи култура на континуирано учење, професионален раст и размена на знаење. Преку прифаќање на различноста и инклузивноста, ние имаме за цел да создадеме средина за поддршка и зајакнување каде што секој може да напредува и да придонесе за унапредување на знаењето и практиката за машинското инженерство. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев" – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Линк: resenie-pocetok-za-rabota-mf.pdf<br><br>**Прв циклус**:<br>• Машинско инженерство<br>• Мехатроника<br>• Информатичка технологија во машинство<br>• Машински дизајн и производство (почнувајќи од студиската 2024/2025)<br><br>**Втор циклус**:<br>• Мехатроника<br>• Машинско инженерство (почнувајќи од студиската 2024/2025) |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Вработени на единицата – 8 лица<br>Ангажирани – 33 лица |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус – 99 студенти<br>II циклус – 2 студенти |

Развој на единицата (не подолго од 1 страница)
Во текот на изминатите три години, Машинскиот факултет претрпе значајни трансформации, поттикнати од неговата посветеност да обезбеди висококвалитетни можности за образование и истражување на своите студенти. Примарната цел беше да се создаде стимулативна средина за учење што поттикнува иновации, креативност и критичко размислување. За постигнување на оваа цел, беше инвестиравно многу во надградба на инфраструктурата, вклучително и формирање на современа лабораторија за механички и термички тестирања на материјалите и истражувачки капацитети. Овие капацитети овозможуваат на студентите и членовите на факултетот да се вклучат во современи истражувачки проекти, да соработуваат со индустријата и други академски институции.

Беа ревидирани студиските програми се со цел осигурување дека тие остануваат релевантни за потребите на индустријата и општеството. Воведени се нови студиски програми на I и II циклус, кои се фокусираат на новите области како што се автоматика и роботика, машински дизајн и одржлива енергија. Овие промени се направени да им овозможат на нашите дипломирани студенти вештини и знаења потребни за успех на се покомплексен и конкурентен пазар на труд.
Друга клучна област е зајакнувањето на нашите индустриски партнерства. Воспоставни се соработки со водечки компании во регионот, обезбедувајќи им можности на студентите да стекнат практично искуство преку практика и учење базирано на проекти.
Дополнително, нашите членови на факултет имаат значителен раст во објавување на трудови во високо реномирани списанија и конференции.
И во иднина Машински факултет е посветен да ги продолжи напорите за подобрување на квалитетот на образованието и истражувањето. Ќе продолжиме да инвестираме во нашата инфраструктура, да ги ревидираме нашите студиски програми, да креираме 3 циклус на студии и да ги зајакнеме нашите индустриски партнерства за да се осигураме дека нашите дипломци се добро опремени да одговорат на предизвиците на 21. век.

Наведете ги клучните институционални капацитети
Клучните инстиуционални капацитети на Машинскиот факултет се важни за неговото функционирање, развој и способност да одговори на потребите на студентите, индустријата и општеството. Некои од клучните капацитети се:
1. Наставен кадар: На факултетот постои квалитетен и обучен наставен кадар со експертиза во различни области на машинството, механиката, индустриското инженерство како и сродните науки. Учеството на факултетот во истражувања и публикации е индикатор на нивната стручност.
2. Студиски програми: Модерни студиски програми, вклучувајќи додипломски и постдипломски студии, со акцент на практична и теоретска настава. Интеграција на интердисциплинарни пристапи во наставата.
3. Истражувачки капацитети: Лабораторија за механички и термички тестирања на материјалите и истражувачки центри опремени со современа технологија и алатки. Овие капацитети поддржуваат иновации и развој на нови технологии.
4. Соработка со индустријата: Мрежи на соработници и партнери од индустријата кои овозможуваат практична обука за студентите, како и реализација на заеднички проекти и истражувања.
5. Достапност на ресурси: Пристап до е-библиотека, е-индекс, е-учење и дигитална платформа Microsoft Teams, кои се важни за истражување и учење. Поддршка за развој на вештини за користење на новите технологии и алатки.
6. Меѓународна соработка: Партнерства со странски универзитети и истражувачки институции кои овозможуваат размена на студенти и академски кадар, заеднички проекти и учество во меѓународни конференции.
7. Инфраструктура: Адаптирана инфраструктура која вклучува училници, лаборатории и простории за работа, со цел да се создадат услови за квалитетно образование и истражување.
8. Поддршка за студентите: Ресурси за професионално студирање, одржување на работилници, практични настани, учество во студентски организации, Еразмус+ мобилности, поврзност со индустријата, како и поддршка во образовниот процес, вклучувајќи менторство и практична настава.
Овие институционални капацитети придонесуваат за квалитетот на образованието и истражувањето на Машинскиот факултет и помагаат во подготовка на студентите за успешна кариера во техничките и инженерските области.

Наведете области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години
Во областа на образованието, Факултетот акредитираше нови студиски програми на I циклис: Мехатроника и Машински дизајн и производство, и на II циклус: Машинско инженерство, осигурувајќи дека студентите ќе се стекнат со потребните вештини и знаења за да се натпреваруваат на глобалниот пазар. Имплементацијата на иновативни наставни методи, како што се учење базирано на работилници и онлајн курсеви, исто така придонесе за подобрување на искуството за учење. Во однос на истражувањето, Факултетот направи значителен напредок во воспоставувањето партнерства со индустријата и истражувачките институции, што резултира со развој на проекти и публикации во реномирани научни списанија. Беа активирани две катедри на факултетот и тоа: катедра за производно инженерство и механика и катедра за индустриако инженерство и менаџмент. Во рамките на катедрата за производно инженерство и механика, факултетот е во фаза на креирање на лабораторија за механичкини термички тестирања опремена со најсовремена опрема, овозможувајќи им на студентите и истражувачите да работат на проблеми од реалниот свет и да развијат практични решенија. И на крај, нашите показатели за успех вклучуваат значително зголемување на бројот на идустриски партнерства, пораст на бројот на публикации и раст на бројот на меѓународни проекти. Овие достигнувања се доказ за посветеноста на Факултетот за извонредност и неговата посветеност да обезбеди квалитетни образование за своите студенти.

Најголеми предизвици и недостатоци (не подолго од 1 страница)
Машинскиот факултет, како дел од образовниот систем, има свои предности и недостигности. Еве некои од нив:

Предности:
1. Квалитетно образование: Машинскиот факултет нуди високо квалитетно образование со акцент на теоријата и практичната примена на знаењето.
2. Современ кадар: Образован и искусен наставен кадар кој активно учествува во истражувања и иновации, што придонесува за квалитетот на наставата.
3. Инфраструктура и опрема: Достапност на техничка опрема за практична работа, што е важно за обука на студентите.
4. Соработка со индустријата: Добра воспоставена врска со индустријата, што овозможува практиканство на суденtите и апликација на заеднички научно-истражувачки проекти во соработка со компаниите.
5. Разни студиски програми: Понуда на различни студиски програми, вклучувајќи додипломски и постдипломски студии, што им овозможува на студентите да изберат области кои одговараат на нивните интереси.
6. Меѓународна соработка: Учествувањето во размена на студенти и заеднички истражувања со странски универзитети, што го шири знаењето и искуствата на студентите и академскиот кадар.

Недостатоци:
1. Недостаток на финансии: Машинскиот факултет се соочува со ограничени финансиски ресурси, што може да влијае на квалитетот на инфраструктурата и опремата.
2. Недостаток на наставен и соработнички кадар: Понекогаш, наставниот кадар е оптоварен со голем број обврски, што може да влијае на квалитетот на наставата и менторството на студентите.
3. Недостаток на практична обука: Иако постои теоретско образование, практичната обука во некои случаи може да биде ограничена поради недоволни лабораториски капацитети, што ги остава студентите помалку подготвени за реални ситуации.

Сумирано, Машинскиот факултет има свои силни страни и предизвици. Постојаното подобрување и прилагодување на потребите на индустријата и студентите е од клучно значење за напредок и успех на Машински факултет.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1 Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб- страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т.е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на :

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научно-истражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз која е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот од 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи(акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организационата поставеност на универзитетот е прикажана во органограмот даден во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**
Прилог 1.1.А. Органограм на УГД

| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |
|---|---|

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб - страницата на универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период 14.11.2024 до 30.11.2024, и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж).
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З)

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.З Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.S. Резултати анкети на студенти од прв циклус на МФ<br>Прилог 1.2.И Резултати анкети на студенти од втор циклус на Кампус 2<br>Прилог 1.2.К Резултати анкети на наставнички и соработнички кадар на МФ<br>Прилог 1.2.Л Резултати анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет | |
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на, Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб- страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.<br>Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот, и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:<br>• Научно-истражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;<br>• Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;<br>• Студентски конференции;<br>• Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;<br>• Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;<br>• Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;<br>• Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.<br>Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред се со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.<br>Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД<br>Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД<br>Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан | |
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување на квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување на квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В) :

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување на квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитувањето на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поджана од Ректор, Проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД “. Со работна група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување на квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со Универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научно- истражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е -1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување на квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување на квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).

Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk), и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за

вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година, и Наставно-научниот совет на факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5 Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација.<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование, и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така да покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научно-истражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладин сектор, и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиските програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.
Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на извештајот

за самоевалуација тој јавно се објавува на страната на универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. Весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6 Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес,<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб страната на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултети и тоа Економски Факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Прилог 1.6.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1.

**Прилози:**
Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)
Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1

**Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми**

## СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |

Машинскиот факултет во рамките на својата наставна дејност е посветен на високообразовна и научноистражувачка деност во областа на машинството. Со својата мултидисциплинарност, Машинскиот факултет е отворен за сите заинтересирани стиденти кои сакаат да се пронајдат во некоја од студиските програни на прв циклус студии или пак да се усовршат во некоја од студиските програми на втор циклус студии.
Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б).

**Прилози:**
Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност (Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.
Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Студиските програми ги истакнува нивната релевантност и добро осмисленост со целта за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и лични развој. Предметните програми меѓудругото јасно ги дефинираат целите и содржината на предметните програми, методите на учење, формите на наставни активности, начинот и критериумите на оценување, методот на следење на квалитетот на наставата, како и основната и дополнителната литература.
Машинскиот факултет нудии студии од два циклуси на студии дадени во продолжение:

**Прв циклус**:
- Машинско инженерство - студиска програма, предметна програма
- Мехатроника - нова студиска програма, нова предметна програма, стара студиска програма, стара предметна програма
- Информатичка технологија во машинство – студиска програма, предметна програма
- Индустриско инженерство – студиска програма, предметна програма
- Производно машинство – студиска програма, предметна програма
- Машински дизајн и производство– студиска програма, предметна програма

**Втор циклус**:
- Мехатроника - студиска програма, предметна програма
- Проектирање на производни системи - студиска програма, предметна програма
- Машинско инженерство – студиска програма, предметна програма

Дополнителното вклучување на студентите во пракса кои се дел од применета програма под менторство на наставничкиот кадар од факултетот. Соработка со индустријата преку меморандуми и поканети предавања на успешни стручњаци од практиката, предавања на Еразмус+ визитинг професори, учество на дел од студентите во изработка на проекти и дипломски работи кои се користат во праксата и вклучување на стручњаци од праксата во работата со студентите, осигуруваат доволен број на часови за практична настава, доволен фонд на часови на престој на студентите во фирмите и лабораториите.

| | |
|---|---|
| Линк до студиските програми: https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi<br><br>Подолу се издвоени 3 успешни приказни на студентите како конкретни примери на постигнати резултати:<br>1. Стефанија Василева<br>2. Христијан Симов<br>3. Сара Милојчевска | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.2.А - Прилози од сите акредитирани студиски програми за прв и втор циклус,со вклучени предметни програми и дескриптори | |
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Сите студиски програми на Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се создадени следејќи ги потребите на општеството и економијата, глобалните трендови во машинството и технолошкиот развој. Се гледаат и најновите трендови на машинските факултети во светот, со што студентите во целост би можеле да одговорат на потребите на македонскиот приватен и јавниот сектор, да се вклучат во економијата и бизнисот.<br>Во согласност со Законот за високо образование на Машински факултет е основан Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница. Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата. Сите студиски програми на прв циклус на студии, сите студиски програми на втор циклус на студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста.<br>Во тој контекст можеме да наведеме конкретни успешни приказни на дипломирани студенти на сите три циклуси на студии:<br>1. Стефанија Василева е дипломиран машински инженер, вработена во Adient Automotive –Strumica Plant..<br>2. м-р Виолета Крчева, во 2022 година, успешно ја одбрани магистерската теза на Машинскиот факултет, денес таа е вработена како лаборант на Машинскиот факултетот, УГД. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми се изработуваат и ревидираат во соработка со студентите и со други релевантни носители на интереси, бидејќи секоја студиска програма мора да се одобри и од факултетски Одбор за доверба со јавноста. Овој одбор го сочинуваат 2 професори од Факултетот, еден преставник на студентите, 1 преставник на Општина Штип и 1 преставник на Стопанската комора на С. Македонија. Изборот на членовите на овој одбор може да се види во Прилог 2.4.А. Од одржаните состаноци постојат и записници, кои се дадени во Прилог 2.4.Б. Програмите законски се реакредитираат на секои 5 години, меѓудругото и со цел да се избегне нивно застарување.<br>Машински факултет во изработката на последните акредитации се потпираше и на идентификуваните потреби на бизнис заедницата, врз база на неформални разговори со различни компании, како и врз база на студентски коментари од претходните анкети.<br>За Машински факултет, студентите се битен дел во неговото функционирање и истите се вклучени со свои преставници и во работата на ННС (Прилог 2.4.В).<br>Студентите имаат свои преставници и во Универзитетскиот Сенат (Прилог 2.4.Г). | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност<br>Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма<br>Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС<br>Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат | |
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

При изготвувањето на студиските програма за акредитација, се анализирани сродните водечки универзитети според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг Универзитет. Посебно внимание е посветено да бидат усогласени со студиските програми во соседните држави, односно со балканските држави. Особено се земени во предмет студиските програми од Универзитетот за наука, инженерство, технологија и техника ETHZ од Цирих, Швајцарија. Стекнатите знаења на дипломираните инженери ќе им осигура ефикасно поврзување на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма и креирањето на посакуваниот профил на инженер кој може во целост на одговори на предизвиците со кои денес се среќаваат инженерите во савремените развиени компании. За сето ова да биде реализирано и постигнато се ангазираат надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.

- Студиската програма по Mechanical Engineering на Massachusetts Institute of Technology (MIT), кој е на 6 место на Шангајска листа за 2019
    - линк: http://meche.mit.edu/education/undergraduate

- Студиската програма по Mechanical Engineering на Stanford University, кој е на 3 место на Шангајска листа за 2019
    - линк: https://me.stanford.edu/

- Студиската програма по Mechanical Engineering на University of California, Berkeley, кој е на 11 место на Шангајска листа за 2019
    - линк:https://www.seas.harvard.edu/materials-science-mechanical-engineering/undergraduate-programs

При изготвувањето на студиска програма Машинско инженерство исто така беа анализирани и водечки универзитети и институции од регионот:

- Студиската програма по Машинско инжењерство, Машински факултет, Универзитетот во Белград, Република Србија
  линк: https://www.mas.bg.ac.rs/studije/oas/start

На Машинскиот факултет во периодот на самоевалуација гостувале 3 наставници по различна основа, најмногу со Еразмус+ мобилност (Прилог 2.5.А), и тоа од Турција, Бугарија и Полска. Истите одржале најмалку едно предавање секој, на студентите од прв циклус.

Предметните програми за сите студии на прв и втор циклус на Машински факултет се дадени во Индикатор 2.2.

**Прилози:**
Прилог 2.5.А Листа на странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Сите студиски програми од прв циклус на Машински факултет планираат и очекуваат оптоварување на студентите од 30 ЕКТС по семестар со вкупно 8 семестри. Во секој семестар најчесто очекуваното оптоварување на студентот е по 6 и 8 ЕКТС за задолжителен предмет. Изборните предмети се застапени со очекувано оптоварување од 4 ЕКТС, а практичната настава во парен семестар е со очекувано оптоварување на студентот од 2 ЕКТС.
Студиските програми од втор циклус планираат и очекуваат оптоварување на студентите од 60 ЕКТС во едногодишни студии (два семестри). Во секој семестар предметите се по 6 ЕКТС.

Реализираната практична настава на студентите на Машински факултет може да се види во Прилог 2.6.А. Законското барање за реализирана практична настава на студентите е вклучено во сите студиски програми на прв циклус, на следниот начин:

- Во вториот, четвртиот и шестиот семестар во рамките на студиските програми е предвидена Практична настава која носи 2 ЕКТС и истата студентите ја реализираат во фирми, организации со кои Машински факултет има склучено меморандуми за соработка (Прилог 2.6.Б).
- Во осми семестар студиските предмети имаат Интердисциплинарен проект кој носи 4 ЕКТС.

Пред да започне со практичната настава, студентот добива документ за упатување на пракса кој студентот го доставува во компанијата каде ќе ја реализира праксата и пополнува дневник за пракса. Секоја генерација си има свој ментор за практика.

**Прилози:**
Прилог 2.6.А Извештај за реализирана практична настава
Прилог 2.6.Б. Листа на фирми, организации и школи со кои МФ има отпишано меморандум за соработка

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб - страница каде се објавени наведените информации.[1] |

Сите информации за студиските програми на сите три циклуси се објавени на сајтот на Факултетот и истите се во согласност со официјалните записи.
Линк до студиските програми: https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi

Додипломски студии (Прв циклус), Магистерски студии (Втор циклус).

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Според Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми на двата циклуси се врши на секои пет години. Студиските програми на Машинскиот факултет во поставениот период од пет години се ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, но и да се биде во тек со најновите технологии, како и да се задоволат потребите на студентите и бизнис заедницата. Во периодот на самоевалуација, една програма од прв и една програма од втор беа акредитирани.
Наставникот и соработникот по секој предмет користи евидентни листови во кои се содржат информации за тоа кои студенти ја посетувале наставата во одредените денови за тоа. Секој присутен студент го евидентира своето присуство со потпис на евидентниот лист во колоната предвидена за даденото предавање/вежби. Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

**Прилози**
Прилог 2.8.А. Пример на евидентен лист од еден предмет

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

**Е-индекс** електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни подсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии, и сл. Овоие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие подсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации, и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.
Статистичките податоци за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 дадени во Прилозите 2.9.А, 2.9.Б. и 2.9.В.

Прилог 2.9.Г дава SWOT- анализа за исполнетоста на Стандард 2.

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| |
|---|
| **Прилози**<br>Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето<br>Прилог 2.9.Б. Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри, заедно со број на запишани студенти на тој предмет<br>Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување (Прв и втор циклус)<br>Прилог 2.9.Б. Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за секој циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет<br>Прилог 2.9.Г. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 2 |

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица.<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес. На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот, како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на Универзитет.<br>Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб страната, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.<br>Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.<br>Понатаму, универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.<br>Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во | |

| | |
|---|---|
| дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20% од финалната евалуација на студентите.<br>Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Машинскиот факултет, со исклучок за периодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. | |
| **Прилози**<br>/ | |
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Универзитетот ја почитува различноста на студентите и нивните потреби и истото се гледа од различни нешта. Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на УГД Е-учење, инстанца на Moodle LMS платформата (https://moodle2.ugd.edu.mk), каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, имплементирање на квизови, како и задавање на домашни задачи. Дополнително, оваа платформа за секој предмет нуди форуми за дискусија, испраќање на соопштенија, автоматско оценување на квизовите, анкетирање на студентите, и сл. Од секој аспект, Moodle платформата е корисна алатка која помага во комуникацијата студенти-професор, но и во инклузивноста и почитувањето на различноста на студентите.<br>На сите студиски програми се одржува наставата преку предавања, аудиториски и лабораториски вежби. Предавањата се изведуваат во предавални опремени со современи телевизори кои се користат за изложување на презентациите на наставникот. Секоја предавална е опремена и со табли поради специфичноста на одредени предмети. Ова може да се види од распоредите на часови, кои се прават на факултетот секој семестар дадени во Прилог 3.2.А.<br>Доколку на одредена студиска програма има мал број на запишани студенти (помалку од 5), наставата не се реализира со распоред на часови т.е. таа се реализира менторски. Така секој наставник, наставната програма од својот предмет ја изведува преку договор со студентот/студентите. Но, сепак и тогаш се користат предавалните и компјутерските лаборатории во зависност од специфичностите и потребите на наставниот предмет. | |
| **Прилози:** Прилог 3.2.А Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно преку распоред на часови | |
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Пандемијата со кодид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво. Во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот Универзитет. На 17 март 2020 година беше реализирано последното предавање со физичко присуство. На 18 март 2020 година Владата на Република Северна Македонија прогласува вонредна состојба на територијата на целата држава, по што наставата со физичко присуство беше целосно стопирана. Првото онлајн предавање на платформата на Microsoft Teams беше реализирано веднаш по прогласување на вонредната состојба во државата на 23 март 2020 на УГД. Летниот семестар во академската 2019/2020 се креираа тимови на во Microsoft Team за реализација на онлајн настава, за скоро секој предмет за сите 15 единици на УГД.<br>Електронските платформи, кои ги имаше развиено УГД и пред пандемијата, како што се: е-индекс, е-библиотека, е-репозиториум, е-пошти, е-распоред (сите погоре детално анализирани) само ја засилија реализацијата на онлајн наставата, која во услови на пандемија се реализираше во целост, без прекинување и со многу брз и ефикасен премин на настава од физичко присуство во онлајн реализација со сите достапни електронски платформи на УГД. Мајкрософт објави студија за УГД наведувајќи: „Од март 2020 година, повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи активно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување на содржини за учење, со што Универзитетот „Гоце Делчев" стана првиот универзитет во Северна Македонија кој беспрекорно се префрли на далечинско образовно опкружување, усогласувајќи ги барањата на студентите во современ дигитализиран свет. Во текот на првите три месеци, студентите и наставниците имаа реализирано повеќе од 100.000 часа аудио | |

предавања и 50.000 часови споделени видеа во живо. Тие учествуваа во повеќе од 11.000 онлајн состаноци на Microsoft Teams”.

**Прилози**

/

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.5.1) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување” (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум 7 поени, и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

- 10 (А) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.

Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.

Методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми на машински факултет се исти како и на сите други факултети. Како главен услов за потпис е 60% од сите предиспитни активности т.е. 42 бодови од двата колоквиуми, семинарската, редовноста на предавања и вежби. Освоените бодови на двата колоквиума се вкупно 20+20 бодови додека за семинарска работа/проект, презентација писмена и усна се 10 бодови и завршен испит со 30 бодови

**Прилози:**

Прилог 3.4.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб - страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, Прилог 3.5.А-3.5.Г).
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Д)
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѓ)

| | |
|---|---|
| - Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Е)<br>- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.Ж)<br>- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.З)<br>- Во предметните програми на секој предмет.<br>Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб - страницата на Универзитетот. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти<br>Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Г. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Д. Процедура за затворање на пријави во е-индекс<br>Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Е. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд<br>Прилог 3.5.Ж. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело<br>Прилог 3.5.З. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Студирањето на Машински факултет се одвива согласно усвоени правилници:<br>- Правилник за студирање на прв циклус на студии (Прилог 3.4.А)<br>- Правилник за студирање на втор циклус на студии (Прилог 3.5.Б)<br>Информацијата за оценувањето на студентите е достапна и видлива преку е-индекс и студентот може да реагира по оценката. Дополнително, при полагање на завршен испит и внесување на оценката, Е-индекс испраќа електронско известување до студентот и професорот за резултатот од полагање. Електронското известувањето вклучува податоци за: студент, предмет, сесија, професор, поени од завршен испит и оцена. Ако студентот предметот го полага три пати и не го положи испитот, тогаш студентот полага пред комисија од три испитувачи.<br>Во време на пандемијата, апликацијата Microsoft Teams се користеше и за реализација на завршни испити, со вклучена камера и споделен екран, при испрашување на студентот. Дополнително, е-учење се користи и за реализација на проектни задачи и активности.<br>Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување | |
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |
| Барањето од овој индикатор е регулирано со:<br>- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94.<br>- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34.<br>- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А) | |

- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б)

Исто така, универзитетот има дефинирано:

- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)
- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)
- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/ 20)

Надворешни фактори

Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.

Машински факултет во академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 година нема пријави за корупција.

Во бараните академски години има вкупно две поднесени жалби (две во академската 2022/23 година). Табелата е дадена во Прилог 3.7.В и се позитивно решени.

Прилог 3.7.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3.

**Прилози:**

Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22

Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22

Прилог 3.7.В. Листа на поднесени жалби на студентите по учебни години

Прилог 3.7.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>4.1 Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, 3.5.А-3.5.Г). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)<br>• Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>/</td></tr>
<tr><td>4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите<br>Доказ дека системот е функционален</td></tr>
<tr><td colspan="2">Електронскиот индекс на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата</td></tr>
</table>

има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на било кој факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) може сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма, и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д)), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси, и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).
Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.
Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**
Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти
Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар
Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА
Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)
Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)
Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018

| 4.3 Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години |
|---|---|

На универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но, и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.
Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).
По завршување на размената, Продеканот на единицата на која што студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за Е – индекс за реализација на активностите на студентот во системот за Е – индекс.
Исто така, во периодот на самоевалуација, 8 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Д).

**Прилози:**
Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмскои партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи
Прилог 4.3.Г. Листа на студенти кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години
Прилог 4.3.Д. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години

| | |
|---|---|
| 4.4 По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |

Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).
Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.
Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.
Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА"; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страница содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страница ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.
Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).
Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).
Прилог 4.4.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4.

**Прилози:**

Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018
Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома
Прилог 4.4.В. Транскрипт на оценки
Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4

## Стандард 5 - Наставен кадар

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставенкадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Структурата на наставниот кадар на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Во моментот на спроведување на самоевалуацијата, на Факултетот во редовен работен однос се 3 редовни професори, 1 вонредни професори и 3 доценти или вкупно 7 наставници. Биографиите на наставниот кадар во Europass формат на англиски и македонски јазик се дадени во Прилог 5.1.А, а одлуките за нивниот последен избор во звање во Прилог 5.1.Б. Дополнително, на факултетот работати договорно и 1 лаборант.<br>Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Постои тренд на заминување на наставниот кадар во странство, но, уште позагрижувачки е трендот на намалување односно воопшто непостоење на кадар во соработнички звања што се должи на недоволниот број нови вработувања.<br>Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научно -истражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања. Прилог 5.1.В дава преглед на предмети кои кадарот ги предавал во периодот на самоевалуација. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Europass формат<br>Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет<br>Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице | |
| 5.2. Објавените трудови нанаставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Вкупниот број објавени трудови на Машински факултет во периодот на самоевалуација 2021-2024 година изнесува 81 (Прилог 5.2.А и Прилог 5.2.Б). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО<br>Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. | |

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип континуирано се грижи наставата да ја изведува квалитетен и компететен наставен кадар. Дополнително,а квалитетна реализација на студиските програми од прв циклус академски студии, вклучени се и наставници и соработници од други единици на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како на пример, на предметите за изучување на странски јазици, предметите од економија, спорт, и сл. Поради немање на соработнички кадар, најголем дел од наставниците сами ги одржуваат вежбите по нивните предмети.

Оптоварувањето на наставниот кадар е согласно законските одредби. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии) е даден во Прилог 5.3.А. Притоа може да се види дека е водено сметка за членот 161 од страна 9 и 10 од ЗВО и бројот на часовите на наставниот кадар на годишно ниво е соодветно за реализација на квалитетна настава.

Одлуките за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години се прикажани преку анексите на договорите за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар (Прилог 5.3.Б). Извештаите за спроведена настава се во вид на евидентни листови по предмет, каде студентите со потпис ја потврдуваат својата присутност, и истите не се задолжителни да се чуваат од страна на наставниците и соработниците. Еден примерок на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.В), и истата се однесува за зголемен ангажман во администрирањето на даден предмет, и тоа во случај кога еден предмет го слушаат голем број на студенти.

**Прилози:**

Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии

Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)

Прилог 5.3.В. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој сеприменува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница. |

Универзитетот Гоце Делчев има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Од прегледот на ангажираност на наставниците во образовниот процес може да се забележи дека наставниците кои се во редовен работен однос и избрани во наставно-научни звања на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се максимално ангажирани по семестар. Ова донекаде може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, факултетот максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети

на сите Конкурси се пријавил само по еден кандидат (Прилог 5.4.Б) кој ги исполнувал условите согласно Правилникот (Прилог 5.4.А).
Прилог 5.4.В дава преглед на ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница.

**Прилози:**
Прилог 5.4.А. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години
Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветниработни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема воустановата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот Гоце Делчев има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој, покрај другото, се регулира и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кампус 2 на Факултетите за природни, технички и биотехнички науки располага со простор од вкупно 14.220 $m^2$, 4 амфитеатри со вкупен капацитет од 576 места за седење, 15 предавални со вкупен капацитет од 630 места за седење, 54 кабинети за академскиот кадар, 15 компјутерски училници, 9 лаборатории, 1 спортски објект со вкупен капацитет од 400 седишта, 2 објекти за практична настава, книжарници, библиотеки и простори за студентски прашања. Вкупниот капацитет на седишта изнесува 2921 седиште.
Во прилог 5.5.Б се дадени податоци за опремата која е достапна на Машински факултет. Ова вклучува детална листа на функционална информатичка опрема, како што се компјутери, сервери и мрежна инфраструктура, лабораториска опрема за електроника, автоматизација и енергетика, како и друга вид опрема потребна за спроведување на наставата и истражувањата. Машински факултет обезбедува пристап до релевантни електронски бази на податоци кои се користат во наставата и истражувањето. Во прилог 5.5.Г е прикажана табела со преглед на релевантни електронски бази од областа. Просторните услови со кои располага Машински факултет за реализацијата на студиските програми се прикажани во Прилог 5.5.Д.
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип има обезбедено пристап до електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation, ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог 5.5.Г).

**Прилози**
Прилог 5.5.А. Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата.
Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање).
Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата.
Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Воопштено, наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење (https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=51), да ги користат платформите за онлајн комуникација со

студентите (Microsoft Teams), знаат да креираат квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Податоци за ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години се прикажани во Прилог 5.7.А.

**Прилози**
Прилог 5.7.А Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Машински факултет и Универзитетот „Гоце Делчев“ ја поттикнуваат научно-истражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар, како и на студентите од втор и трет циклус, на различни начини. Прво, за сите нив се доделуваат парични годишни награди и признанија за научни активности, регулирани со Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) и други акти од Индикатор 5.11.
Студентите од втор дополнително се мотивираат, бидејќи со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Б) студентот е обврзан да публикува најмалку еден научно-истражувачки труд за да се стекне со право за одбрана на магистерски труд.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Основни цели на студиските програми се реализација на образовни, стручни и истражувачки задачи и пренесување на научните знаења за стекнување на практични вештини од сите области на земјоделското производство. Квалитетот на наставниот процес се обезбедува преку воведување интерактивност во наставата, професионалниот пристап на наставниците и демонстраторите, редовна комуникација наставник – студент и континуирано унапредување на наставните курикулуми и согледаните недостатоци во образовниот процес. Посебно внимание се посветува на користење на дигиталната технологија во образовниот процес. Е-системот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се покажа како многу корисна алатка и помош на студентите при нивното студирање. Ажурирањето на материјалите од предавањата и вежбите, како и списоците на препорачана литература, со цел збогатување и осовременување на наставнта содржина, се активности кои во континуитет ги спроведуваат предметните наставници. Достапните дигитални платформи се трансформираат во практични алатки за унапредување на процесот на настава и учење.
Во изведувањето на лабораториските вежби се користат виртуелни лаборатории со што значително се подобрува квалитетот на наставата и им овозможува на студентите да се стекнат со практични знаења. Преку Компјутерско дизајнирање и симулации:

- CAD софтвер: Користење на напредни софтвери како SolidWorks, AutoCAD или CATIA за креирање на 3D модели и технички цртежи.
- Симулација на динамика и стрес: Користење на софтвери како ANSYS или MATLAB за анализа на стрес, динамички перформанси и симулација на флуидна динамика (CFD).

овие лаборатории им овозможуваат на студентите да експериментираат, анализираат, проектираат и применуваат теоретски концепти без потреби од скапа опрема. Практична обука исто така се реализира во областа на индустриски роботи. Студентите можат да работат на програмирање и управување со роботи, користејќи платформи како ROS (Robot Operating System).
Овие иновации овозможуваат подобро практично искуство, ја зголемуваат интерактивноста на наставата и ги подготвуваат студентите за современите предизвици во индустријата

**Прилози:**
/

| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |
|---|---|

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијат. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 5.10.А). Во правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците / учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД". Редовна проверка на учебниците / учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијат: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25%.

Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува".

Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.В).

Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција.

Секој учебник / учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијатизам, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори (Прилог 5.10.Г).

Проверката за плагијатизам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот Плагијати.

Проверката за плагијат на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на Уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.

**Прилози**

Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип Универзитетски гласник број 60, страница 98-107

Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 108-112

Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 113-130

Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научно-истражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
|---|---|

Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.

Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научно-истражувачки проекти од страна на тимови од вработените.

Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научно-истражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да може да бидат индексирани во различни бази.

Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**

Прилог 5.11.А ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев"

– Штип
Прилог 5.11.Б ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип
Прилог 5.11.В ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Г Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024
Прилог 5.11.Д ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 5.11.Ѓ ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научно-истражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;Релевантни извештаи или препораки |

Сите компании се секогаш поканети да земат учество на конференцијата каде би можело да се отвори дебата за решавање на реалните проблеми со кои се соочува индустријата. Досега компаниите не се доволно заинтересирани за присуство и учество на вакви настани, но во иднина овој тренд би требало да се промени за доброто и на индустријата и на самите високообразовни институции.

**Прилози:**
Прилог 5.12.А. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години<br>Финансиски извештаи од претходните три години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.
Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А), а динамиката на вкупниот буџет на универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.
Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25% од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55% и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.
Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).
Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од МОН е 45% од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2%.

**Средства од сопствени приходи**
Средства од сопствените приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.
Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 -2021 година изнесувала 38.71%, додека за период 2021-2024 изнесува 38.25%.

**Средства од научни проекти**
Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.
Зголемувањето и стабилност во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напорите на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учество на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5,5 % од буџетот на УГД.
Според податоците за просечната процентуалната застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4.1% , додека за периодот на евалуација од 2021-2024 година изнесуваат 5,.5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**
За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.
Процентуално просечните приходите во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56%, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17%. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*
Машински факултет располага со вкупен простор од 2504,44 m$^2$, 4 амфитеатри со вкупна површина од 547,64 m$^2$ и капацитет од 576 седишта, кои се во сопственост на универзитетот.
Наставната програма се одвива во 15 предавални кои имаат вкупна површина од 1080 m$^2$ и вкупен капацитет од 630 седишта. Факултетот располага со 3 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 74,3 m$^2$ и капацитет од 15 седишта. Факултетот има вкупно 3 компјутерски училници со површина од 90 m$^2$ и 60 расположливи седишта.
*Лаборатории*
Наставно-научниот процес се одвива во 3 лаборатории со вкупна површина од 202,5 m$^2$ и 80 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби. Лабораториите за изведување аудио-визуелни самостојни вежби има вкупен капацитет од 40 m$^2$ површина во која се распоредени 30 седишта.
*Студентски прашања*

Факултетот има студентски прашања со површина од 40 m$^2$.
Списокот на простории со површина со кои располага факултетот е даден во прилог 6.2.А.

*Видови на опрема*
Амфитеатрите на факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Предавални се опремени со аудио-вузуелна опрема специфична за определена студиска програма.
*Библиотечен фонд*
Факултетот има вкупно 4598 книги од областите на студиската група од кои 4352 се домашни, а 246 се странски книги. Машински факултет располага со голем библиотечниот фонд за секоја студиска програма од прв и втор циклус на студии.
*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://lipovdol-fs.ugd.edu.mk/
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/kalendar-vodic-prv-ciklus-2021.pdf

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот
http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd

- како и настава поддржана со Microsoft Teams.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење,
- и многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Машински факултет е прикажан во прилог 6.2.Г.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1085 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 306 корисници, а од регистрираните корисници направени се 555,265 симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 17.12.2024 година).
Вкупниот број на објавени учебници и учебни помагала во е-библиотеката, дадено по години 2021-2024 од Машински факултет прикажан е во прилогот 6.2.Д.
Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на факултетот е
https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=17&ugd=9263ec035cde4aa9905baef3c6513c3c

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата. Во прилогот 6.2.Ѓ е прикажан бројот на издадени студентски е-пошти за студенти на прв, втор и трет циклус студии за Машински факултет. Со што може да се виде дека вкупниот број на активни студентска е-пошта е 6350 при Машински факултет.

| **Корисници** | **Број на кориснички сметки за 2021/2022** | **Број на кориснички сметки за 2022/2023** | **Број на кориснички сметки за 2023/2024** |
|---|---|---|---|
| Студенти – I циклус | 2150 | 1840 | 1707 |
| Студенти – II циклус | 194 | 219 | 209 |
| Студенти – III циклус | 0 | 31 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 2344 | 2090 | 1916 |
| **Вкупно 2021-2024** | 6350 | | |

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава, исто така, беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство) Е-распоредот е достапен на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
https://mf.ugd.edu.mk/images/2024/mf-raspored-neparen-2024-25.pdf
**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активноство научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.
Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23184* содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 13.12.2024 година).
http://eprints.ugd.edu.mk/
Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18.379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4805 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1000 нови наслови
Машински факултет има депонирано 232 наслови во е-репозиториумот достапни на линкот
https://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/FME/
**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:
- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;
- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);
- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Машински факултет, за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење е прикажано во прилог 6.2.Е.
Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк
Sign In (ugd.edu.mk)

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб - страницата на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:
- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;

- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf

**Настава подржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со ковид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот Универзитет. При крајот на пандемијата универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за.учење на далечина. Прилог 6.2.Ж Креирани тимови во Microsoft Teams на УГД по академска година со што се гледа дека се прилагодуваме и Машински факултет кон овозможување на контунуирана настава во периодот на ковид-19 пандемијата.

| **Број на креирани тимови во Microsoft Teams** | **2021/22** | **2022/23** | **2023/24** | **2021- 2024 Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Непарен семестар** | N/A | 1090 | 1041 | 2131 |
| **Парен семестар** | N/A | 1055 | 1042 | 2097 |
| **ВКУПНО** | N/A | 2145 | 2083 | 4228 |

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*

Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат во предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите. Обезбедени се посебни места во предавалните за лица со посебни потреби. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби дадени се во прилог 6.2.3.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*

Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научно-истражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.

**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.

**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот, е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.

**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев" во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени

**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршката на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.

Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и
Одделение за системска и мрежна администрација;
Одделение за средства и техничка поддршка;
Одделение за проектирање и одржување;
Центар за трансфер на технологии.
Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани прикажано на органограмот во прилог 1.

**Прилози**

Прилог 6.2.А. Список на простории со површина со кои располага факултетот
Прилог 6.2.Б. Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност
Прилог 6.2.В. Список на Информатичко – технички ресурси (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност
Прилог 6.2.Г. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Машински факултет
Прилог 6.2.Д. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека за периодот 2021-2024
Прилог 6.2.Ѓ. Број на издадени студентски кориснички сметки на УГД по академски години
Прилог 6.2.Е. Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Машински факултет, за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење
Прилог 6.2.Ж. Креирани тимови во Microsoft Teams на УГД по академски години
Прилог 6.2.З. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Машински факултет во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 4 лица, од кои 2 лица извршуваат административни работи, а 2 лица извршуваат помошно-техничките работи.
Машински факултет во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 2 лица за извршување на административните работи, 2 се магистри (прилог 6.3.А). Исто така, има ангажирано и 2 лица за извршување на помошно-техничките работи, од кои 2 се со средна стручна спрема (прилог 6.3.А). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата (100), во Ректоратот (32), а само 2 се распоредени на факултетот.

**Прилози**

Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите од Машински факултет досега не се вклучени на  научноистражувачки проекти домашни од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Вкупно 178 студенти користеле специфични форми на поддршка во последните три години на факултетот.
Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за практика и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб локација
https://ckr.ugd.edu.mk/
Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:
- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, Релевантно работно искуство од полето на интерес,
- Искуство од учење кое што ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите,
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот,
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство кое што го бараат работодавците,
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на пракса по дипломирањето,
- Вмрежување и создавање на професионални контакти, Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

Бројот на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевауацијата е даден во прилогот 6.5.А

**Прилози**
Прилог 6.5.А  Број на студенти кои следеле обука/тренинг/практика или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевалуација

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17.000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна е-

mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област може да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:

- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.

Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420) (Прилог 1.4.А).
Учеството на студентите во ННС на Машински факултет е прикажано со Прилог 2.4.Б, а во Одборот за соработка и доверба со јавност во Прилог 2.4.А. Студентите учествуваат и во Универзитетскиот сенат (Прилог 2.4.Г).
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во Прилог 6.7.А, а извештај од последните спроведени избори во Прилог 6.7.Б. Одлуката за избор на студентски правобранител, односно негов заменик е прикажана во прилог 6.7.В.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени активностите прикажани во Прилог 6.7.Г.
**Факултетот** исто така, одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти кои се е даден во прилог 6.7.Д.

**Прилози**
Прилог 6.7.А. Одлука за избор на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.Б. Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.В. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик
Прилог 6.7.Г. Приказ на поддржани активности на студенти поддржани од Универзитетски културен и спортски центар
Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на факултетот

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентите начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности може да се проследат на веб локацијата https://coj.ugd.edu.mk/index.html.
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/

| |
|---|
| Во делот за Конкурси од почетната веб - страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/<br>Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб локацијата https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/<br>Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/<br>За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година, и е транспарентно објавен на веб локацијата https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf<br>Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб локацијата https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/<br>Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта, и сл. студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.<br>**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti<br>и во делот за соопштенија достапни на веб локацијата https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija<br>Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб - страницата на факултетот https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi<br><br>Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:<br>Информатори за студирање за секоја академска година https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus<br>Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД (1046 наслови) https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php<br>Е-репозиториум на УГД содржи над 22.320 содржини публикувани трудови, книги, мографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД http://eprints.ugd.edu.mk/<br><br>Дополнително за информирање на студентите Машински факултет ги користи и своите профили на социјалните мрежи:<br>https://www.instagram.com/masinski.ugd/<br>https://www.instagram.com/masinski.ugd/#<br><br>Публикации од учебници и учебни помагала достапни се на УГД Е-библиотека (**1046 наслови**).<br>Е-репозиториум на УГД содржи над 22.320 содржини публикувани трудови, книги, мографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД |
| **Прилози:**<br>Прилог 6.8.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6 |

### Стандард 7- Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 7.1 Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален |

Универзитетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, и тоа на различни начини.
Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевауација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер.
Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.Ѕ – 1.2.Л).
Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е се уште во фаза на тестирање.
Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.
Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл.
За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научно-истражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 7.2 Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми, и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот |

Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ-анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.
Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрво Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.

| | |
|---|---|
| Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.<br>Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и Универзитетскиот Сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.<br>Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата<br>Прилог 7.2.Б Одлука за избор на студенти членови на ННС<br>Прилог 7.2.В Извештај за структурата на студентите за учебната 2021 – 2024 | |
| 7.3 Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| На универзитетската веб - страница и на факултетската веб - страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.<br>Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).<br>Во периодот 2021-2024, Машински факултет беше домаќин на повеќе одржани состаноци, натпревар. Во партнерство со Академијата за роботика и иновации од Скопје, факултетот беше и коорганизатор на натпреварот FIRST LEGO League, кој се одржа на 24 Февруари 2024 година, која овојпат се одржа во Спортската сала „Јордан Мијалков“. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 7.4 Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата<br>Опис на практика за заштита на личните податоци<br>Други релевантни документи или политики на установата |
| Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).<br>Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.<br>Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.<br>Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата. | |

За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.
Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.
Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.
За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.
Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.
Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.
Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.
Прилог 7.4.В дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7.

**Прилози:**
Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци
Прилог 7.4.Б. Павилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип
Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

| | |
|---|---|
| достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | |

Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/
Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/
УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб - страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно, и лесно достапни и на следните социјалните мрежи:
https://www.facebook.com/ugdstip
https://www.instagram.com/ugdstip/
https://www.youtube.com/user/UGDSTIP
https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA
Студентскиот печатен весник „Студентско ехо" е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев", а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо". Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо" се публикуваат и online на следната веб локација
https://coj.ugd.edu.mk/eho.html

Сите вести, настани и слично на Машински факултет се објавуваат на веб- страницата на Машински факултет на следните линкови:

- Вести – https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti
- Соопштенија – https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija

Дополнително за информирање на студентите Машински факултет ги користи и своите профили на социјалните мрежи:
https://www.facebook.com/masinski.ugd/
https://www.instagram.com/masinski.ugd/#

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на Наставно-научниот, односно Научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://mf.ugd.edu.mk/documents/statut-mf.pdf

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
Прв циклус: https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus

Втор циклус:https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 118
Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 430
Универзитетски гласник број 36, страница 433
Универзитетски гласник број 37, страница 42
Универзитетски гласник број 38, страница 8
Универзитетски гласник број 38, страница 68
Универзитетски гласник број 39, страница 10
Универзитетски гласник број 39, страница 13
Универзитетски гласник број 39, страница 22
Универзитетски гласник број 39, страница 25
Универзитетски гласник број 39, страница 79
Универзитетски гласник број 43, страница 80
Универзитетски гласник број 49, страница 13
Универзитетски гласник број 49, страница 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на наставно-научниот на Машински факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип; https://mf.ugd.edu.mk/documents/statut-mf.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, страница 516-528
Универзитетски гласник број 43, страница 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, страница 20-34
Универзитетски гласник број 48, страница 23-31
Универзитетски гласник број 49, страница 40-42
Универзитетски гласник број 51, страница 9-24
Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со законот за изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, страница 71-80
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование
Универзитетски гласник број 54, страница 25-35
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 55, страница 10-11
Универзитетски гласник број 58, страница 14-15
Универзитетски гласник број 59, страница 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, страница 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/43-odluki-izbor-za-zvanje

7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/

| |
|---|
| 8. Завршна сметка,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf<br><br>9. Годишен извештај,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf<br><br>10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>11. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br><br>12. Етичкиот кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf |
| **Прилози:**<br>/ |

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

| |
|---|
| Во продолжение се дадени објави линк до релевантни објави на веб - страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа<br>Отворен ден на Машински за предизвиците и можностите на машинските инженери https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/52-mashinskiot-fakultet-gi-otvori-vratite-za-srednoshkolcite<br><br>Работилница на тема „Уметност во функција" https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/49-rabotilnica-na-tema-umetnost-vo-funkcija<br><br>Работилницата на тема „Од идеја до полупроизвод“ https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/45-rabotilnica-na-tema-od-ideja-do-poluproizvod<br><br>Теренска настава<br>- компанија Џонсон Мети https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/56-poseta-na-kompanijata-djonson-meti<br>- Микросам https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/55-poseta-na-kompanijata-mikrosam<br><br>Презентација на проектните ефективни решенија за проблемите на компаниите https://mf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/53-praktichna-nastava-za-studentite-na-mashinski-fakultet |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.3.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8 |

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1 Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии); |

| | |
|---|---|
| | Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алијансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат пракса во некоја европска фирма, и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитето има и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб - страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите може да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата.
На Машински факултет има назначено Еразмус+ координатор и тоа по должност е Продеканот за наука и меѓународна соработка. Негова должност е одобрувањето на избраните предмети и еквиваленцијата на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.Б).
Студентите од Машински факултет не користеле мобилност за практика во изминатите три академски години за сите циклуси на студии.

**Прилози:**
Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии
Прилог 9.1.Б. Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити – ECTS

| | |
|---|---|
| 9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн) |

Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик.
Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.
На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.

**Прилози:**
Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година
Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип
Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+

| | |
|---|---|
| 9.3 Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

| донатори и програми, локалната самоуправа итн. | |
|---|---|

Главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност и слично, а во иднина и од Алијансата ACE2EU. Дополнително од 2023/24 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противвредност. 5 наставници и соработници користеле средства од овој фонд во 2023/2024.

Наставниот кадар на Машински факултет во периодот на самоевалуација бил вклучен во повеќе COST Акции и активно учествувал во активностите на работните групи:

- COST Action CA22132, Open Network on DEM Simulations (ON-DEM). [Project] (In Press)
- COST Action CA21155 Advanced Composites under HIgh STRAin raTEs loading: a route to certification-by-analysis (HISTRATE). [Project] (In Press)
- CA20101 - Plastics monitoRIng detectiOn RemedIaTion recoverY (PRIORITY). [Project] (In Press)

**Прилози:**
Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).

| 9.4 Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
|---|---|

Прилог 9.4.А ја прикажува листата на потпишани договори за меѓународна соработка помеѓу Машински факултетот и други универзитети и институции, со вкупно 27 договори.
Во периодот 2021-2024, двајца наставници од Машински факултетот реализирале мобилност преку програмата ERASMUS+ на друг европски универзитет (Прилог 9.4.Б), а факултетот беше домаќин на три наставници од странство (Прилог 2.5.А).
На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.В).

Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат.

**Прилози:**
Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+
Прилог 9.4.Б. Број на наставници кои искористиле Еразмус+ мобилност
Прилог 9.4.В Правилник за условите постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми

| 9.5 Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
|---|---|

Во периодот на самоевалуација на Машински факултет нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата, освен професорите со Еразмус+ мобилност и поканети (Прилог 2.5.А), ниту пак има наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски трудови.
На прв циклус на студии во периодот 2021-2024 странски студенти запишани на Машински факултет се дадени во Прилог 9.5.А. На втор циклус нема запишани странски студенти.

Прилог 9.5.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9.

**Прилози:**

Прилог 9.5.А. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години.
Прилог 9.5.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9

**Комисија за самоевалуација на Машински факултет**

Проф. д-р Марија Чекеровска, член
Проф. д-р Зоран Димитровски, член
Доц. д-р Дејан Крстев, член
Ромео Додевски, студент
Бојана Стојанова, студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Технолошко-технички факултет<br>(кратенка ТТФ, УГД) |
| Седиште | Ул. „Гоце Делчев“ бр. 89, П. фах 201, 2000 Штип<br>Република Северна Македонија |
| Контакт информации | Тел: +389 32 550 900<br>Интернет адреса: https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>Е-пошта: darko.andronikov@ugd.edu.mk<br>elvira.pavlova@ugd.edu.mk |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Проф. д-р Ацо Јаневски, декан<br><br>aco.janevski@ugd.edu.mk |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | / |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | **2021/2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | / |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

Место, датум: М. П. Овластено лице на установата:
(потпис)

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Технолошко-технички факултет |
| Седиште | Адреса: ул. „Гоце Делчев“ бр. 89<br>Поштенски фах 201, 2000 Штип, РС Македонија |
| Веб-страница | https://ttf.ugd.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Основната мисија на Универзитетот е наставата, истражувањето и јавниот сервис, со студентот во центарот на вниманието, секогаш стремејќи се кон примена на индивидуален пристап кон студентот.<br>„Избери мудро, делувај храбро“ е нашето мото, во кое се инкорпорирани личниот избор и храброста да се зачекори кон позитивна промена, којашто ќе започне во секого од нас. Заедно со сите релевантни чинители продолжуваме да го градиме УГД, како место на компетентни и силно мотивирани студенти, исполнителни и вреднувани професори и вработени, но и да изградиме универзитет што ќе негува и наградува највисоки хумани вредности, кон кои се стреми цивилизираниот човек.<br>Подобар, посилен и хуман УГД, тоа е нашата визија, во која силно веруваме и која тежнееме да ја оствариме. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Број и датум на Решение за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија: Бр. Сл. 81 од 07.07.2008 г.<br>**Прв циклус**<br>Дизајн и технологија на текстил и облека<br>Прехранбена технологија<br>Технологија на материјали<br>**Втор циклус**<br>Менаџмент и контрола на квалитет<br>Технологија на дизајн и текстил<br>Дизајн и технологија на текстил и облека<br>**Трет циклус**<br>Наука и технологија за композитни материјали<br><br>**Решенија за акредитација на студиски програми од прв, втор и трет циклус на студии**<br>https://ttf.ugd.edu.mk/documents/resenija-za-akreditacija-ttf.pdf |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања кои вршат високообразовна дејност | **11** |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус = 54<br>II циклус = 6<br>III циклус = -- |

**Развој на единицата**

Во текот на изминатите три години, Технолошко-техничкиот факултет понуди високо квалитетни студиски програми за додипломски, постдипломски и докторски студии, ревидирани се програмите на прв и трет циклус на студии, а на втор циклус на студии се воведени три нови студиски програми. Ова е направено во координација со водечките компании во регионот за полесно вклучување на завршените студенти во производните процеси во текстилната, прехранбената и индустријата за производство на материјали. Опремена е текстилна лабораторија која овозможува добивање на поголеми практични знаења на студентите, како и изразување на нивните креативни способности, така што нивните креации и изработки беа дел од бројни ревии и изложби. Во фокусот на вниманието

беше практичната настава во капацитетите на компаниите и за таа цел беа потпишани бројни договори за соработа што резултираше со полесно вработување и вклопување на диломираните студенти во производните процеси. Во наставните програми се воведени содржини кои обезбедуваат познавања на стандардите за квалитет и менаџирање на производните процеси.
Подобрувањето на квалитетот и ефикасноста на наставата се приоритет на факултет, а преку континуиран професионален развој на наставниците, воведување и развој на нови форми на учење, како и преку поголема ангажираност на наставниците и подобрување на односот наставник-студент, даде силна поддршка во постигнувањето на својот максимум. Технолошко-техничкиот факултет креира академска атмосфера, во која нашите студенти од земјава и од странство се континуирано поттикнати и инспирирани да покажат што знаат и умеат. Денес со гордост можеме на кажеме дека голем процент од дипломираните студентите на Технолошко-технички факултет работат како инженери во областа на текстилната технологија, технологијата на облека, дизајнери на облека во 3D софтвер, модни дизајнери, инженери во прехранбената индустрија, консултанти за правилна исхрана и претпријатија кои работат на развивање и производство на современи материјали.
Технолошко-техничкиот факултет во фокусот ги става студентите и нивните потреби и студирањето на Технолошко-техничкиот факултет е поддржано преку различни програми на стипендирање и пракса во реномирани индустриски претпријатија. Студентите се активно вклучени во научноистражувачки и стручно-апликативни проекти, кои им даваат можност да стекнат истражувачко искуство надвор од наставниот процес. Понатамошниот развој на Факултетот и неговата модернизација, стратешки се заснова на посветено работење на сите вработени во корист на нашите студенти, партнери, општеството во целина и создавајќи високо квалитететен кадар кој ќе одговори на предизвиците на новото време.
Во текот на изминатите три години, Технолошко-техничкиот факултет со неговата посветеност обезбеди висококвалитетни можности за образование и истражување на своите студенти. Примарната цел беше да се создаде стимулативна средина за учење што поттикнува иновации, креативност и критичко размислување. За постигнување на оваа цел, беше инвестирано во надградба на инфраструктурата, вклучително и опремување на современа лабораторија за дизајн на текстил и облека, како и олеснет пристап до истражувачката опрема на Универзитетот. Ова овозможи студентите и членовите на Факултетот да се вклучат во современи истражувачки проекти, да соработуваат со индустријата и други академски институции. Во текот на изминатите три години беа акредитирани студиските програми сè со цел осигурување дека тие остануваат релевантни за потребите на индустријата во Источниот Регион и целокупното општество.
Нашиот наставен кадар има значителен раст во објавување на трудови во високо реномирани списанија и учество во конференции кои придонесуваат за зголемување на видливоста на Факултетот.
Технолошко-техничкиот факултет во целост е посветен да ги продолжи напорите за подобрување на квалитетот на образованието и истражувањето. Продолжува да инвестира во својата инфраструктура, да ги следи потребите на новото време обезбедувајќи модерни студиски програми, да го зголеми бројот на студиски програми од втор и трет циклус на студии и да ги зајакне индустриските партнерства за да се обезбеди соодветен кадар кој ќе одговори на предизвиците на новото време.

**Клучните институционални капацитети**

Институционални капацитети на Технолошко-технички факултет се важни за неговото функционирање, развој и способност да одговори на потребите на студентите, индустријата и општеството. Некои од клучните капацитети се:

1. Наставен кадар: На Факултетот постои квалитетен и компетентен наставен кадар со експертиза во различни области на прехранбената технологија, текстилна технологија и технологија на материјали. Учеството на Факултетот во истражувања и публикување во реномирани часописи е важен индикатор за нивната стручност и компетентност.
2. Студиски програми: Модерни студиски програми, вклучувајќи додипломски, постдипломски студии и докторски студии, со акцент на практична и теоретска настава. Студиските програми се засновани на интердисциплинарност, на позитивните искуства од развиените земји и потребните производни компании.
3. Истражувачки капацитети: Лабораторија за дизајн и технологија на текстил и облека и истражувачки центри на Универзитетот, како и капацитетите на бројни институции и компании со кои Факултетот реализира соработка. Овие капацитети поддржуваат иновации и развој на нови технологии.
4. Соработка со индустријата: Мрежи на соработници и партнери од индустријата кои овозможуваат практична обука за студентите, како и реализација на заеднички проекти и истражувања.
5. Достапност на ресурси: Пристап до е-библиотека, е-индекс, е-учење и дигитална платформа Microsoft Teams, кои се важни за истражување и учење. Поддршка за развој на вештини за користење на новите технологии и алатки.
6. Меѓународна соработка: Партнерства со странски универзитети и истражувачки институции кои овозможуваат размена на студенти и академски кадар, заеднички проекти и учество во меѓународни конференции.
7. Инфраструктура: Адаптирана инфраструктура која вклучува училници, лаборатории и простории за работа, со цел да се создадат услови за квалитетно образование и истражување.

**Наведете области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години**

Во областа на образованието и студиските програми, Факултетот во изминатите три години акредитираше студиски програми на I циклус: Прехранбена технологија, Дизајн и технологија на текстил и облека и Технологија на материјали, на II циклус: Контрола на квалитет и на III циклус на студии: Наука и технологија на композитни материјали осигурувајќи дека студентите ќе се стекнат со потребните вештини и знаења за да се вклопат и натпреваруваат на глобалниот пазар.
Имплементацијата на иновативни наставни методи, како што се учење базирано на работилници и онлајн курсеви, исто така придонесе за подобрување на искуството за учење. Во однос на истражувањето, Технолошко-техничкиот факултет направи значителен напредок во воспоставувањето партнерства со индустријата и истражувачките институции, што резултира со развој на проекти и публикации во реномирани научни списанија.
Преку учество во проекти набавена е опрема со која е поставена основа за развој на лабораторија за дизајн и технологија на текстил и облека што им овозможи на студентите и истражувачите да работат на проблеми од реалниот свет и да развијат практични решенија. Студентите во рамките на проектните активности се обучуваа во развој, изработка и пласман на производи добиени од рециклирани материјали, тродимензионално дизајнирање и директна примена во индустриските процеси и слични активности кои ги следат трендовите во периодот во кој егзистираме.
Овие достигнувања се доказ за посветеноста на Факултетот за извонредност и неговата посветеност да обезбеди квалитетно образование за своите студенти.

**Најголеми предизвици и недостатоци**

Технолошко-техничкиот факултет, како дел од образовниот систем, има свои предности и недостатоци. Еве некои од нив:

Предности:
1. Квалитетно образование: Технолошко-техничкиот факултет нуди високо квалитетно образование со акцент на теоријата и практичната примена на знаењето.
2. Современ кадар: Образован и искусен наставен кадар кој активно учествува во истражувања и иновации, што придонесува за квалитетот на наставата.
3. Инфраструктура и опрема: Достапност на техничка опрема за практична работа, што е важно за обука на студентите.
4. Соработка со индустријата: Добра воспоставена врска со индустријата, што овозможува практиканство на студентите и апликација на заеднички научноистражувачки проекти во соработка со компаниите.
5. Разни студиски програми: Понуда на различни студиски програми, вклучувајќи додипломски, постдипломски студии и докторски студии, што им овозможува на студентите да изберат области кои одговараат на нивните интереси.
6. Меѓународна соработка: Учествување во размена на студенти и заеднички истражувања со странски универзитети, што го шири знаењето и искуствата на студентите и академскиот кадар.

Недостатоци:
1. Недостаток на материјални и финансиски ресурси: Технолошко-техничкиот факултет се соочува со ограничени материјални и финансиски ресурси, што може да влијае на квалитетот на наставата, инфраструктурата и опремата.
2. Недостаток на наставен и соработнички кадар: Потребата од подмладување и ангажирање на соработнички кадар е неопходна, што би овозможило континуитет во квалитетот на наставата, како и полесно влучување во процесите на интеграција во меѓународните трендови.
3. Недостаток на практична обука: Иако постои теоретско образование, и покрај добрата соработка со индустријата, практичната обука во некои случаи може да биде ограничена поради недоволни сопствени лабораториски капацитети, што ги остава студентите помалку подготвени за нивна надградба и снаоѓање во реални ситуации.

Сумирано, Технолошко-техничкиот факултет има свои силни страни и предизвици. Постојаното подобрување и прилагодување на потребите на индустријата и студентите се од клучно значење за напредок и успех на Технолошко-техничкиот факултет.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб-страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т. е. „да образова студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на :

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научноистражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз кој е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.
Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб-страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.
Овие три документи (акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ – Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на Стратегијата за работа на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf)

Организационата поставеност на Универзитетот, а со тоа и припадноста на Факултетот во организационата структура е дадена во органограмот од 31.11.2023 во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**
Прилог 1.1.А. Организациона поставеност на Универзитетот

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација (Прилог 1.2.Г) кои се јавно достапни на веб-страницата на Универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија (Прилог 1.2.В). Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши Комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на Комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период од 14.11.2024 до 30.11.2024 и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж),
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З).

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на Универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, Прилог 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.З. Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.S. Резултати од анкети на студенти од прв циклус на ТТФ<br>Прилог 1.2.И. Резултати од анкети на студенти од втор циклус на Кампус 2<br>Прилог 1.2.Ј. Резултати од анкети на студенти од трет циклус на Кампус 2<br>Прилог 1.2.К. Резултати од анкети на наставнички и соработнички кадар на ТТФ<br>Прилог 1.2.Л. Резултати од анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување квалитет | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување квалитет. |

Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија, како и од севкупната работа на Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб-страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.
Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:

- Научноистражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научноистражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред сè со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.
Од (Прилог 1.2.В.) дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување квалитет.

**Прилози:**
Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани и се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.6.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, (Прилог 1.4.Г.)). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж.) и врз основа на извршената внатрешна проверка - преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З.). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитување на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл. (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поддржана од ректор, проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високообразовниот процес на УГД“. Со работната група раководи координаторот на Одделението за обезбедување квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научноистражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа на целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработничкиот кадар, евалуација на административниот и помошно-техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е., 1.4.И.). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA).

Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk) и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година и Наставно-научниот совет на факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**

Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на Одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 Преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј. Образец 1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата.. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација;<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така што покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од Стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма,
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции со кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес,
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладиниот сектор и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во Извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиски програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови

студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.

Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на Извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страната на Универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021.

Извештај за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**

Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со Извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес;<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на Годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б.), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А.).

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен Извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен Извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД 2017 е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултета и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.

Прилог 1.6.Б. ја прикажува SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 1.

**Прилози:**

Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)

Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1

**Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми**

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Технолошко-техничкиот факултет нуди едукација на прв, втор и трет циклус на академски студии, со студиски програми кои се усогласени со потребите на пазарот на трудот и општеството. Концепирањето на студиските програми се темели на позитивните искуства од развиените земји и соработката со научни истражувачи кои се работно ангажирани на универзитетите, институтите и производните компании ширум светот. Студентите се стекнуваат со диплома која е меѓународно призната и им овозможува на дипломираните инженери – технолози широки можности за вработување.<br>Со својата мултидисциплинарност, Технолошко-техничкиот факултет е отворен за сите заинтересирани страни кои сакаат да студираат на некоја од студиските програми на прв циклус студии и доколку сакаат да се усовршат на некоја од студиските програми од втор и трет циклус на студии.<br>Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства: Закон за високо образование (Прилог 1.2.А.); Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми (Прилог 1.5.А.); Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Прилог 2.1.А.) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А.) и Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот Гоце Делчев, Штип на Универзитетот (Прилог 2.1.Б).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност (Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот Гоце Делчев, Штип</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои можат да бидат пренсливи, што значи дека можат да влијаат врз нивниот личен развој и можат да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми ги истакнува нивната релевантност и добра осмисленост со цел за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и лични развој.<br>Во периодот 2021-2024 година на Технолошко-техничкиот факултет на прв циклус на студии се акредитирани вкупно 3 студиски програми:<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus</td></tr>
</table>

1. Дизајн и технологија на текстил и облека
2. Прехранбена технологија
3. Технологија на материјали

Крајната цел на студиската програма **Прехранбена технологија** е студентите да се оспособат за примена на научните и стручните знаења од областа на прехранбеното инжинерство каде припаѓа храната и исхраната, изборот на суровините, нивната употреба како сурова или преработена храна, создавањето на прехранбен производ, пакувањето и дизајнот. Стекнатите знаења од практичен аспект, присуството и практичната работа во прехранбените индустрии ќе му овозможат на студентот проширување на неговото знаење, стекнување нови искуства, давање мислење и решавање на конкретни проблеми. Студиската програма **Прехранбена технологија** им овозможува на студентите сите стекнати теоретски знаења по предметите наведени во студиската програма да ги применат директно во пракса, а со практичната настава во прехранбените индустрии ќе се остручат во идни инженери технолози кои ќе влијаат на добивање на подобро и поквалитетно производство.
Општествена оправданост на студиската програма **Дизајн и технологија на текстил и облека** се гледа преку повеќе критериуми меѓу кои една е и редовното објавување на информации за студиски програми и знаења што ги нуди единицата на Универзитетот. Наставниот и соработничкиот кадар на популарен начин преку промоции, медиумски претставувања, работилници, предавања и сл. ги презентира на јавноста своите научни достигнувања. Интернет страницата на Универзитетот го помага ова и содржи доволно информации за информирање на јавноста и на македонски и на англиски јазик. За сето ова да се одвива на повисоко ниво, постои Одделение за радио ТВ и веб, кое на најразлични начини споделува информации со пошироката јавност.
Студиската програма **Технологија на материјали** нуди можности за остварување и на други цели кои би се реализирале во текот на самото школување како што се: инкорпорирање на најновите научноистражувачки и стручни достигнувања во наставата; изведување на настава преку студиска програма заснована на Европскиот кредит трансфер систем (European Credit Transfer System - EKTS) приспособена во согласност со Болоњската декларација; активно вклучување на студентите, наставниот и соработничкиот кадар во програми на мобилност и размена заради стекнување и пренесување на знаења и искуство; вклучување во меѓународни образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни проекти.
Во периодот 2021-2024, на Технолошко-техничкиот факултет на втор циклус на студии има акредитирано вкупно три студиски програми: https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus

1. Менаџмент и контрола на квалитет
2. Технологија и дизајн на текстил
3. Дизајн и технологија на модна облека

Во периодот 2021-2024, на Технолошко-техничкиот факултет на трет циклус на студии има акредитирано една студиска програма:

1. Наука и технологија за композитни материјали

https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/

Подолу се наведени неколку успешни приказни на студенти како конкретни примери на постигнати резултати:
Цветанка Гаревска 1. циклус: https://www.facebook.com/100086512216050/videos/3322672191381610
„Почетоците на мојата кариера и професионален развој започнуваат со Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со избирање на насоката Дизајн на текстил и облека при Технолошко-техничкиот факултет. Целото студирање е поддржано со материјали во електронска форма, практична настава и посветен наставен кадар, што дополнително го носи студирањето на повисоко ниво и отвора пат за професионален успех. Факултетот ми овозможи практично да се надградам со најновите технологии што се користат во модниот свет, изучување на комбинираните 2D/3D софтвери за визуализација на облека, што воедно претставува најодржливо решение за текстилните компании во денешно време. Подоцна тоа ми донесе бројни сертификати и можност да се претставам како ментор-обучувач за она што го работам, за надградување на млади и амбициозни кадри. Денес, зборувам во име на дипломиран инженер-технолог од областа на дизајнот, текстилот и облеката и изјавувам дека студиите на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ се скалата којашто ме издигна од почетно знаење до професионален раст и развој во својата област“.
Сашко Атанасов 1. циклус: https://www.facebook.com/profile.php?id=100086512216050
„Мојот почеток кон професионален развој и професионална надградба го започнав со изборот на насоката Прехранбена технологија на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Достапноста на наставниот кадар, пристапот до електронските платформи, студентска мобилност со Erasmus+

програмата, стекнатото знаење и правилното насочување кон вистинскиот пат вечно ќе го обележат моето сеќавање за УГД. Денес работам како технолог за подобрување, иновации и развој на производи во една од водечките компании за производство на кондиторски производи во Југоисточна Европа – Макпрогрес. Мојата приказна со оваа компанија започна уште во студентските денови со извршување на мојата практиканска и дипломска работа, а потоа благодарение на тоа и со вработување во истата. Од денешна гледна точка апсолвираните студии на Технолошко-техничкиот факултет беа отскочна даска за етаблирањето во сегашната работна позиција".
https://ttf.ugd.edu.mk/images/brosura-2024.pdf

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештини кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество.

**Прв циклус на студии**

Студиската програма **Дизајн и технологија на текстил и облека** ги опфаќа сите гранки и сегменти на производство на текстилни материјали од влакно до финален дводимензионален текстилен производ, потоа ги опфаќа сите делови од процесот на конфекционирање на тие текстилни материјали во облека и на крај е менаџирањето на квалитетот на процесите и производот. Со совладувањето на студиската програма студентот се стекнува со академски вредности и гради етички ставови во однос на себе, колегите, средината и заедницата.

Студиската програма по структура и содржина е компатибилна на реалните потреби во јавниот и приватниот сектор во општеството. Содржината на предметните програми кореспондира со содржината на студиската програма, профилот на кадар што се едуцира, звањето и потребите на пазарот на трудот. Во концепирањето на студиската програма земени се предвид занимањата и звањата утврдени во постојната Национална класификација на занимања според која во студиската програма се опфатени: 214. Стручњаци за инженеринг; 2141. Индустриски и производни инженери; 2149. Стручњаци за инженеринг, некласифицирани на друго место.

Студиската програма **Прехранбена технологија** овозможува стекнување знаења од областа на прехранбена технологија, биотехнологија и биоинженерство, а истовремено се овозможува и стекнување вештина за развивање и производство на нови производни технологии. Со оваа студиска програма се овозможува и стекнување со основните знаења за раководење на технолошки процеси  во поголем дел од прехранбените индустрии. Основна цел од организирање на студиска програма по прехранбена технологија е да се продуцира кадар кој би бил во подрачјето на прехранбената технологија, а особено во областите на прехранбеното инжинерство и биоинжинерство, ќе биде оспособен да го аплицира своето знаење во прехранбената индустрија и ќе придонесе за развој на сите гранки и сегменти од прехранбените технологии и производство, нивна доработка, создавање на дизајнот и пакувањето. Во конципирањето на студиската програма земени се предвид занимањата и звањата утврдени во постојната Национална класификација на занимања според која во студиската програма се опфатени: 214. Стручњаци за инженеринг, 2145. Инженери за хемиска, прехранбена и биотехнологија.

Со студиската програма **Технологија на материјали** се овозможува и стекнување со основните знаења за успешно менаџирање на производниот процес. Студиската програма настана како резултат на потребата на регионот од инженери технолози од областа на технологија и инженерство на материјалите. Таа треба да едуцира кадри за композитните и нано технологии и материјали кои се јавуваа како конструктивни материјали на поблиската и подалечната иднина. Со оваа програма УГД ќе го докомплетира профилот на кадри од техничките науки кои ги продуцира со една современа и секогаш актуелна програма. Во конципирањето на студиската програма земени се предвид занимањата и звањата утврдени во постојната Национална класификација на занимања според која во студиската програма се опфатени: 214. Стручњаци за инженеринг; 2141. Индустриски и производни инженери; 2149. Стручњаци за инженеринг, некласифицирани на друго место.

**Втор циклус студии**

Студиската програма **Менаџмент и контрола на квалитет**, според Националната класификација на занимања е подготвена и усогласена според начелата на Меѓународаната (Фраскатиева класификација) и за овој профил се однесуваат занимања 2141.01 Инженер за организација на производството; 2141.02 Инженер за организација на работата; 2141.06 Организатор на работа во претпријатие; 2141.10 Инженер по индустриски менаџмент.

Студиската програма **Дизајн и технологија на облека** според Националната класификација на занимања е подготвена и усогласена според начелата на Меѓународната стандардна класификација (на занимањата ISCO-08 и која се темели на Класификацијата, систематизациите на работните места на надлежните министерства,

институции и деловните субјекти во РСМ), а овој профил се однесува на занимања од областа на 223.00 Текстилни и технички влакна, 22303 Технологија на облека, 22304 Дизајнирање на текстил и облека, 22305 Технологија на конфекција.
Во концилирањето на студиската програма **Технологија и дизајн на текстил** земени се предвид занимањата и звањата утврдени во постојната Национална класификација на занимања, според која во студиската програма се опфатени: 214. Стручњаци за инженеринг, 2141. Индустриски и производни инженери 2141.01 Инженер за организација на производството 2141.02 Инженер за организација на работата и 2141.06 Организатор на работа во претпријатие.

**Трет циклус студии**
Студиската програма Наука и технологија за композитни материјали земени се предвид занимањата и звањата утврдени во постојната Национална класификација на занимања, според која во студиската програма се опфатени научни полиња од материјали 215 и научна област од трето ниво Композитни материјали 21503.
Технолошко-техничкиот факултет ги усогласи содржините на сите студиски програми со реалните побарувања на пазарот на труд за развојните потреби на индустријата во општеството. За таа цел можеме да наведеме конкретни успешни приказни на дипломирани студенти на Технолошко-техничкиот факултет:
https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-lolita-spirova/

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |

За остварување соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, Технолошко-техничкиот факултет формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста (Прилог 2.4.А; Прилог 2.4.Б), кој брои пет члена: три члена избира Наставно-научниот совет на факултетот, од кои 2 (два) члена по предлог на наставно-научниот кадар на факултетот и 1 (еден) член по предлог на Студентското собрание на факултетот од редот на студентите (Прилог 2.4.В); 1 (еден) член номинира Стопанската комора на Република Македонија; 1 (еден) член номинира Општина Штип. По прашањата за кои одборот за соработка и доверба со јавноста расправа се усвојуваат препораки.
Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган на Универзитетот кој го сочинуваат по два претставника од единиците на Универзитетот од редот на наставно-научните работници, еден претставник од придружните членки на Универзитетот, а 10 % од бројот на членовите на Сенатот се студенти (Прилог 2.4.Г), избрани од Универзитетското студентско собрание.
Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на Факултетот. Во наставно-научниот совет свои претставници избира и Факултетското студентско собрание. Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10 % (десет проценти) од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет и се избираат за мандатен период од 2 (две) години.
На Технолошко-техничкиот факултет при УГД Штип постои Одбор за доверба со јавност каде претседател е проф. д-р Соња Јордева, член проф. д-р Сашка Голомеова Лонгурова. Студентите се дел од Наставно-научниот совет и нејзин член е Цветанка Гаревска.

**Прилози**
Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма
Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС
Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература); |

| | |
|---|---|
| Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години;<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

**Линкови до предметни програми (силабуси) за сите студиски програми:**

1. Дизајн на текстил и облека
2. Прехранбена технологија
3. Технологија на материјали

Конкретни примери на усогласеност има од елаборатите.

Студиската програма по **Прехранбена технологија** на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" од Штип во голем дел е компатибилна со современите додипломски студиски програми во регионот (Технолошкиот факултет во Белград и Загреб, Биотехничкиот факултет во Љубљана), во Европа (Vienna University of Technology, Lodz University of Technology, Università degli Studi di Torino, Katholieke Universiteit Leuven, Helsinki University of Technology и др.), како и пошироко.

Студиската програма по **Дизајн и технологија на текстил и облека** на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" од Штип во голем дел е компатибилна со современите додипломски студиски програми во регионот (Tekstilno-tehnoloski fakultet, Sveuciliste u Zagreb Hrvatska - Tekstilna tehnologija i inženjerstvo, Fakulteta za strojnistvo, Univerza v Mariboru Slovenia - Oblikovanje in tekstilni materiali, Albstadt Sigmaringen University Germany - Textile and clothung technology, Hof University, University of applied science Germany - Textile design, Технолошки факултет, Универзитет у Нишу Srbija - Индустријски дизајн текстила и одеће).

При изготвувањето на студиската програма **Технологија на материјали** исто така беа анализирани и водечки универзитети и институции од регионот: Студиската програма по Inženjerstvo materijala на Tehnoloski fakultet, Univerzitet u Novom Sadu линк: http://www.uns.ac.rs/, Студиската програма по Инжењерство материјала на Технолошко-металуршки факултет, Београд, Универзитет у Београду линк: http://www.bg.ac.rs, Студиската програма по Kemija i inženjerstvo materijala на Fakultet kemijskog inženjerstva i tehnologije, Sveučilište u Zagrebu линк: https://www.fkit.unizg.hr

**Прилози:**

Прилог 2.5.А. Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

Прилог 2.5.Б. Листа на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства за сите студиски програми и за сите циклуси на студии

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Во периодот на самоевалуација 2021/2024 година на Технолошко-техничкиот факултет има акредитирано три студиски програми од прв циклус на студии. Детални информации за очекуваното оптоварување на студентите се дадени во индикаторот 2.2.

Краток приказ на очекувано оптоварување на студентите со број на предмети, број на предавања и број на вежби по студиска програма:

**Дизајн и технологија на текстил и облека**

46 предмети, 87 предавања + 65 вежби, 240 ЕКТС

**Технологија на материјали**

46 предмети, 87 предавања + 65 вежби, 240 ЕКТС

**Прехранбена технологија**

46 предмети, 87 предавања + 65 вежби, 240 ЕКТС

Студентите на Технолошко-техничкиот факултет имаат практична настава во сите парни семестри од прва до четврта година и во последниот парен семестар имаат интердисциплинарен проект (3 години со по 2 ЕКТС вкупно 6 и ИП со 4 ЕКТС = 10ЕКТС). Студентите имаат обврска да реализираат практична настава во организации од областа на студиската програма по претходно склучен договор (Прилог 2.6.Б). Во текот на практичната работа студентите добиваат одредени конкретни работни задачи и истите ги извршуваат под менторство и постојана контрола од менторите на практичната настава или одговорните лица кои се и екстерни ментори од организациите и на тој начин стекнуваат практични знаења и вештини за што имаат теоретска основа. Во текот на реализацијата на практичната настава студентот е должен да води дневник за секојдневните активности, во кој добива потпис за реализираната дневна активност од интерниот ментор од единицата на Универзитетот, како и од екстерниот ментор од организацијата каде студентот ја изведува практичната настава (Прилог 2.6.А).
Пред да започне со практичната настава, студентот добива документ за упатување на пракса кој студентот го доставува во компанијата каде ќе ја реализира праксата и пополнува дневник за пракса.
Интерниот ментор врши реализација на предметот практична настава во е-индекс.

**Прилози:**
Прилог 2.6.А. Извештај за реализирана практична настава – од е-индекс за реализирана пракса
Прилог 2.6.Б. Листа на фирми, организации со кои ТТФ има потпишано меморандум за соработка

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страница каде се објавени наведените информации.[1] |

Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии се објавени на веб-страницата на Технолошко-техничкиот факултет и Школата за докторски студии на УГД на следните линкови:
https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus
https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/studiski-programi-mentori/

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената, причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Според Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми на сите три циклуси се врши на секои пет години. Студиските програми на Технолошко-технички факултет во поставениот период од пет години се ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, како и да се задоволат потребите на студентите и индустријата.
Во периодот 2021-2024 реакредитирана е студиската програма Прехранбена технологија. Направена е промена во студиските програми.
Приказ на ревидирани студиски програми.
Реакредитирана студиска програма Прехранбена технологија 2019 и 2024 година.
Додадени се предметите:

1. Сензорна анализа 6. семестар 2+1 (п+в) со 4 ЕКТС
2. Анализа на храна 7. семестар 2+1 (п+в) со 6 ЕКТС

Заменети се предметите:

1. Анализа на трудот 3. семестар 2+1 (п+в) со 4 ЕКТС со предметот Право на интелектуална сопственост 3. семестар 2+1 (п+в) со 4 ЕКТС
2. Заштита при работа во лабораторија 1. семестар 2+1 (п+в) со 4 ЕКТС со предметот Вовед во лабораториска пракса 1. семестар 2+1 (п+в) со 4 ЕКТС
3. Еден од изборните предмети во 1. година во 1 и 2. семестар е заменет со јазиците

| | |
|---|---|
| https://ttf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2023/Студиска%20програма%20ПТ%202023.pdf<br>https://ttf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/Prehranbena-tehnologija-studiska.pdf | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.8.А Бланко пример од евидентен лист од еден предмет | |
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |
| **Е-индекс** електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни потсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие потсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.<br>Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 дадени во Прилог 2.9.А; Прилог 2.9.Б; Прилог 2.9.В и Прилог 2.9.Г.<br>Прилог 2.9.Д прикажува SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето<br>Прилог 2.9.Б. Листа на предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри, заедно со број на запишани студенти на тој предмет<br>Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување за прв циклус студии<br>Прилог 2.9.Г. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување за втор и трет циклус студии<br>Прилог 2.9.Д. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2 | |

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.<br>На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот (Прилог 1.4.А.), како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет.Статутот на Технолошко-технички факултет игра улога во истото, а е објавен на линкот https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf.<br>Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот на Соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации | |

се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.

Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.

Понатаму, Универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20 % од финалната евалуација на студентите.

Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Технолошко-техничкиот факултет, со исклучок за преодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се предавања, вежби, проектни активности и работа во групи и слично.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл. од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата (https://moodle2.ugd.edu.mk), каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.

Наставата на сите студиски програми на Технолошко-техничкиот факултет се изведува преку предавања, аудиториски и лабораториски вежби и теренска настава. Теоретската и практичната настава и останатите методи на учење, како и начинот на оценување се потполно усогласени со целите на студиската програма. Преку систематска примена на сите методи и техники на учење и оценување ќе се постигне општата цел на студиските програми организирани на Технолошко-техничкиот факултет од првиот циклус на студии, а тоа е развој на професионални вештини на студентите и проучување на фундаменталните и применетите знаења од областите на добрата технолошка пракса. Однос на теоретските предавања и практичните вежби, но и посебните форми на практична настава е обезбеден доволен фонд на часови за практична настава за воведување на студентите во суштината на практичната работа во нивната идна професија. Дополнителното вклучување на студентите во пракса преку фонд на часови предвидени за вежби и вклучување на експерти од праксата, осигуруваат доволен број на часови за практична настава, доволен фонд на часови на престој на студентите во фирмите од областа на изучување. Студиските програми нудат можности за остварување и на други цели кои би се реализирале во текот на самото школување како што се: инкорпорирање на најновите научноистражувачки и стручни достигнувања во наставата; изведување на настава преку студиска програма заснована на Европскиот кредит трансфер систем (European Credit Transfer System - EKTS) приспособена во согласност со Болоњската декларација; активно вклучување на студентите во програми на мобилност и размена заради стекнување и пренесување на знаења и искуство; вклучување во меѓународни образовни, научноистражувачки и стручноапликативни проекти.

Реализација на наставата во наставните центри во Штип и Струмица е дадена во (Прилог 3.2.А).

| | |
|---|---|
| Линк: https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija/37-raspored-paren-2024 | |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.2.А. Распоред на часови за сите студиски програми во сите наставни центри (летен семестар 2023/2024). | |
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Поради ковид-19 пандемијата и ублажување на последиците од истата, воедно и придржувајќи се и постапувајќи по препораките издадени од Министерството за здравство и Министерството за образование наставата во академската 2021/2022 се изведуваше хибридно, односно предавањата беа онлајн, на платформата на Microsoft Teams, а вежбите, колоквиумите и испитите се одржуваа со физичко присуство, притоа водејќи сметка за запазување на мерките за безбедност.<br>Апликацијата Microsoft Teams беше користена како примарен ресурс во одржувањето на наставата во текот на ковид-19 пандемијата. Истата овозможува интерактивен пристап во одржувањето на наставата и снимање на одржаните предавања и задавање на проектни активности. Дополнително, дел од наставниците ги искористија погодностите на е-учење платформата (УГД Е-учење) и снимија, односно прикачија voice over PowerPoint презентации. Како технички проблеми при одржувањето на онлајн наставата можеме да ги наведеме проблемите со конекцијата, брзината на интернетот и пад на системот во случај на поголем број вклучени хостови, односно студенти.<br>Во академските 2022/2023 и 2023/2024 година, целокупната настава се изведуваше со физичко присуство.<br>Имајќи го предвид подоброто поврзување на високото образование со потребите на приватниот сектор, образовните програми ги сочинуваат часови планирани за теориска наобразба кои се реализираат од страна на факултетот и часови планирани за практична наобразба кои во идеални услови треба да се реализираат на самото работно место, односно во компанија од областа. Иако овој принцип на реализација на наставата се имплементира во државата, сепак недостига системско регулирање на целиот процес. Со цел подобрување на квалитетот на реализација на практичната настава на работното место, потребна е едукација на компаниите кои примаат студенти на практична настава, процес кој е прилично дефиниран и соодветно регулиран во средното стручно образование. Користејќи ги искуствата од реализација на практичната настава во средното стручно образование, намерата е да се вградат во системот на високото образование. Имајќи го предвид различниот пристап при реализација на наставата согласно комплексноста на образовниот степен, соодветни прилагодувања на системот треба да се направат и соодветно да се регулираат. За таа цел, Факултетот во соработка со Центарот за стручно образование и компаниите од регионот, пилотираат активност која треба да покаже на потенцијалните проблеми при реализацијата на практичната настава во компанија за студентите во високото образование. Дел од компаниите се запознаени со концептот на учење преку работа, а дел од нив имаат сертифицирани ментори (согласно Законот за стручно образование и обука). Ова знаење претставува база на која ќе се надоградуваат активностите во високото образование. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.) се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.4.Б) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување“ (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи | |

и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум 7 поени и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит.
Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

- 10 (A) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.
Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.
За проверката на стекнатото знаење на студентите се користи континуирано оценување и проверка преку колоквиуми и полагање на завршен испит. Во секоја предметна програма, согласно задолжителните критериуми кои треба да ги поседуваат студиските програми, за секој наставен предмет поединечно е утврден начинот на проверката на знаењата и начинот на вреднување на реализираните активности предвидени за континуирано оценување. Дефинирани се поени со кои студентот ги обезбедува преку реализација на поединечни активности кои се дефинирани во наставниот предмет. Студентот добива конечната оценка за секој наставен предмет од оваа студиска програма врз основа на континуираното следење на знаењето и извршувањето на предвидените активности и завршно оценување. Истата се формира врз основа на вкупниот број бодови кои студентот ги стекнал од континуираното и/или завршното оценување, каде максималниот број на освоени бодови е 100. За овие методи за проверка на знаење Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има изготвено Правилник за прв циклус на студии, каде е дефинирана методологијата на оценување според ЕКТС. Студентот напредува и ја совладува студиската програма преку полагање на испити за коишто добива одреден број на ЕКТС кредити, во согласност со предложената структурата на студиската програма.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А. Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми
Прилог 3.4.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии

| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценувањe на студентите се однапред објавени и познати. | *Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување.* |
|---|---|

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А., Прилог 3.5.А. и Прилог 3.5.Г.);
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Д);
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѓ.);
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Е.);
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.Ж.);

- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.З);
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.
Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб-страницата на Универзитетот.

**Прилози:**
Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти
Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Г. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Д. Процедура за затворање на пријави во е-индекс
Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Е. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд
Прилог 3.5.Ж. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело
Прилог 3.5.З. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба, се поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Студирањето на Технолошко-техничкиот факултет, на сите три циклуси на студии се одвива согласно усвоени правилници:
Правилник за студирање на прв циклус на студии (Прилог 3.4.А),
Правилник за студирање на втор циклус на студии (Прилог 3.5.Б),
Правилник за студирање на трет циклус на студии (Прилог 3.5.В).
Предмет на оценување на студентите се: посетата на предавања, успешно реализирани вежби, успешно реализирани колоквиуми и изработка на индивидуална проектна задача. За сите овие активности студентот добива поени кои се внесуваат во електронскиот индекс од страна на предметниот професор. Ако студентот освои 60 % или вкупно 42 поени од предиспитните активности, добива услов за полагање завршен испит.
Информацијата за оценувањето на студентите е достапна и видлива преку е-индекс и студентот може да реагира по оценката. Дополнително, при полагање на завршен испит и внесување на оценката, Е-индекс испраќа електронско известување до студентот и професорот за резултатот од полагање. Електронското известување вклучува податоци за: студент, предмет, сесија, професор, поени од завршен испит и оцена. Ако студентот предметот го полага три пати и не го положи испитот, тогаш студентот полага пред комисија од три испитувачи.
Факултетот за информатика користи иновативни пристапи во оценувањето. Како конкретен пример можеме да го наведеме електронското полагање на колоквиуми и испити на е-учење. Од база на прашања, системот избира комбинација на е-прашања со повеќе понудени опции за избор на точен одговор на прашање, во комбинација со форми за проширен текстуален одговор. Во време на пандемијата, апликацијата Microsoft Teams се користеше и за реализација на завршни испити, со вклучена камера и споделен екран, при испрашување на студентот. Дополнително, е-учење се користи и за реализација на проектни задачи и активности.
Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.
Испитите се спроведуваат со физичко присуство, освен во академската 2021/2022, кога поради пандемијата со ковид, испитите се реализираа електронски, на платформата на Microsoft Teams.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |
| Барањето од овој индикатор е регулирано со:<br>- Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94;<br>- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34;<br>- Етички кодекс на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А);<br>- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б).<br>Исто така, Универзитетот има дефинирано:<br>- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15);<br>- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20);<br>- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/ 20).<br>Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.<br>На Технолошко-техничкиот факултет во периодот 2021-2024, нема пријави за корупција ниту пак има жалби поднесени од студентите по каква било основа во периодот 2021-2024.<br>Во прилог 3.7.В. е прикажана SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22<br>Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22<br>Прилог 3.7.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3 | |

Надворешни фактори

### Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 4.1. Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т. е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |
| Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А., Прилог 3.5.А и Прилог 3.5.Г.). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)<br>Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/). | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите; |

| | |
|---|---|
| следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Доказ дека системот е функционален. |

**Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на кој било факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) можат сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г) или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).

Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.

Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**

Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти
Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар
Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА
Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)
Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)
Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање;<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години. |

На Универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.

Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).

По завршување на размената, продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+

| | |
|---|---|
| мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е-индекс за реализација на активностите на студентот во системот за е-индекс.<br>На Единицата, во периодот на самоевалуација, нема студенти кои искористиле Еразмус+ мобилност.<br>Исто така, во периодот на самоевалуација, 3 (тројца) студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Г). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во Универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмски партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи<br>Прилог 4.3.Г. Листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс) кои се префрлени во последните три години | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома. |
| Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).<br>Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.<br>Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.<br>Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности, (dr.sc,PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.<br>Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ги реализира студиите доколку е различен од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни | |

| |
|---|
| студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на Република Северна Македонија.<br>Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б.).<br>Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).<br>Во Прилог 4.4.Г е прикажана SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 4. |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018<br>Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома<br>Прилог 4.4.В. Транскрипт на оценки<br>Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4 |

## Стандард 5 - Наставен кадар

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилoти концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Во периодот на самоевалуација 2021-2024 година наставата ја изведувале 42 професори од кои 23 се редовни професори, 11 вонредни професори, 3 доценти, 1 насловен доцент, 3 виши лектори и 1 лектор.<br>Наставниот кадар е со полно работно време освен насловниот доцент, воедно 37 наставници кои ја реализираат наставата имаат звање доктор на науки од соодветната област. Во периодот на самоевалуација 7 наставници од Технолошко-технички факултет се здобиле во повисоко звање. Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ги применува највисоките стандарди во процесот на ангажирање на наставниот кадар со цел да овозможи и продуцира студенти кои соодветно ќе одговарат на потребите на индустријата и општеството.<br>Дополнителни информации за ангажираниот наставен кадар се презентирани во биографиите на наставниот кадар за сите студиски програми со (Eurooass-CV) во Прилог 5.1.А. Исто така за секој ангажиран наставник се приложени Одлуки за избор во звања (Прилог 5.1.Б). Во (Прилог 5.1 В) е прикажан преглед на предмети кои наставниот кадар ги предавал изминатите три студиски години на сите три циклуси на студии.<br>Со сите овие приложени документи во кои се презентирани и верифицирани звањата и квалитетот кој го поседува наставниот кадар можат да се согледаат активноста, ангажманот, знаењето и способностите кои ги поседува наставниот кадар при изведување на соодветните студиски програми. Ангажманот на наставниот кадар за реализација на студиските програми е соодветен на научно подрачје, научно поле, научно потполе и научна област за изборите во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Технолошко-техничкиот факултет во согласност со Уредбата за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) „Службен весник на Република Северна Македнија“ бр. 91 од 19.04.2024. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Прилог 4 (со информации за последните три години<br>Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет<br>Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице | |
| **5.2.** Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО;<br>За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Во периодот од три години на кој се однесува извештајот од 2021 до 2024 биле објавени 154 труда. Од вкупниот број на трудови и табелата 5.2.А се презентирани сите резултати по ред на секој вработен на Технолошко-технички факултет.
Во категоријата - Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование) се објавени 121 научен труд.
Во категоријата - Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови има објавено 22 научни труда.
Во категоријата - Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД нема објавено научни трудови.
Во категоријата Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД има објавено 11 труда.
Во категоријата - Зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји нема објавено научни трудови.
Во категоријата Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност нема објавено научни трудови. Во изминатиот период на самоевалуација е забележано зголемување на објавени научни трудови т. е. во периодот на претходната самоевалуација се објавени 134 труда што претставува зголемување од 14,93 %, при што овој процент на зголемување укажува на зголемена активност и видливост на наставно-научниот кадар на Технолошко-техничкиот факултет.
Во Прилог 5.2.Б Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

**Прилози:**
Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО
Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл. 161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Сите наставници кои се ангажирани со полно работно време не го надминуваат лимитот од 4 предмети семестрално со што прецизно се води грижа за оптовареноста на наставниот кадар во согласност со Законот за високо образование член 161, при што ниту еден наставник не го надминува лимитот од 4 предмети во текот на семестарот сметано за прв и втор циклус на студии заедно. Според анализата која е направена за структурата на наставниот кадар кој одговара на студиските програми и за квалитетна реализација на истите се вклучуваат и ангажираат професори од други единици на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. (Во Прилог 5.3.А) точно е даден прегледот на бројот на одржани часови на предметите кои ги предавал наставниот кадар согласно колективниот договор за високо образование и наука од 180 часа годишно наведени во член 34. Истовремено во (Прилог 5.3.Б ) се содржани Анекс договорите за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар. Во периодот од 2021 до 2024 година е направено усогласување на оптовареноста на наставниот кадар со цел на подигнување на квалитетот на настава и нејзино прилагодување според потребите на стопанството и пазарот на труд. Согласно реализираните наставни активности секој наставник доставува евидентен лист за спроведена настава со што може да се види следственост на наставниот процес.
Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.Г) и истата се однесува за зголемен ангажман во наставата. Во процесот на самоевалуација наставниот кадар на Технолошко-техничкиот факултет нема зголемен ангажман во наставата и при тоа не добива дополнителен надоместок.

**Прилози:**
Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии

Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)
Прилог 5.3.В. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години. НА УГД овој прилог треба да се покрие со евидентните листови од настава, но тоа е премногу обемна работа и прашање е дали сите професори ги чуваат
Прилог 5.3.Г. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно-научни звања кој се применува или друг акт во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години)<br>Линк до Билтен во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати.
При поведување на постапка за избор, реизбор на наставниците и соработниците Универзитетот, а воедно и Факултетот како негова интегрирана единица, во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високо образование (Прилог 1.2.А ) и Статутот на Универзитетот (Прилог 1.4.А) спроведувајќи ги усвоените критериуми за избор во наставно-научни звања. Како резултат на спроведените избори и реизбори говори и фактот што во спроведените избори нема приговори и жалби на објективноста и критериумите во оценувањето на наставно-научните достигнувања на избраните кандидати кои аплицирале на истиот конкурс. Во (Прилог 5.4.Б.) е дадена табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати при што може да се утврди дека поголем број од конкурсите за избор се сведуваат на еден кандидат кој аплицира за исто работно место. Доколку во постапката имало преставки или приговор од останати кандидати, на истите им е соодветно и транспарентно даден соодветен одговор и постапка согласно законските норми. Сите рецензентски извештаи се јавно достапни и објавени во Универзитетски билтен кој е јавно достапен на веб-страницата на Универзитетот. Во извештаите на рецензентската комисија е елаборирана целата постапка за избор, како и аргументите според кои е избран одреден наставник во одредено звање. Во (Прилог 5.4.В.) се дадени податоците за наставниот кадар, линк за соодветниот избор и број на страна.

**Прилози:**
Прилог 5.4.А. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години
Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој, покрај другото, се регулира и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар. Технолошко-технички факултет е дел од Кампус 2 заедно со Факултет за природни и технички науки, Факултет за информатика, Земјоделски факултет, Машински факултет и Електротехнички факултет. Кампус 2 располага со простор од вкупно 14 220 m$^2$, 4 амфитеатри со вкупен капацитет од 576 места за седење, 15 предавални со вкупен капацитет од 630 места за седење, 54 кабинети за академскиот кадар, 15 компјутерски училници, 9 лаборатории, 1 спортски објект со вкупен капацитет од 400 седишта, 2 објекти за практична настава, книжарници, библиотеки и простори за студентски прашања. Вкупниот капацитет на седишта изнесува 2921 седиште. Во процесот на изведување на наставата која редовно се одвива на Технолошко-техничкиот факултет на располагање има 910 м$^2$ со 2 амфитеатри, 6 предавални, 4 лаборатории, 15 кабинети на наставниот кадар, како библиотека и читална со простор од 90 м$^2$.

| |
|---|
| Целосна информација со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми е дадена во табела 5.5.Д. Примената на проектори, паметни табли, компјутери со софтверска поддршка, интернет пристап, бежичен интернет се достапни во сите амфитеатри, предавални и лаборатории. Пристапот до EDUROAM мрежата обезбедува лесен пристап до интернет давајќи можност на наставниот кадар кога оди на странски универзитети, а воедно и професорите кои пристигнуваат од странските универзитети да имаат интернет пристап. Податоци со попис и опис на функционалната информатичка и лабораториска и друг вид на опрема која ја поседува Технолошко-техничкиот факултет е приложена во табела 5.5.В. Библиотеката на Технолошко-техничкиот факултет има вкупно 2347 книги од областите на студиските програми. Од набавените книги домашни се 2333 книги, а 14 се странски книги. Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има обезбедено пристап до електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation, ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог 5.5.Г). |
| **Прилози**<br>Прилог 5.5.А Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делче“" во Штип<br>Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата. Податоците се достапни во претходната самоевалуација и елаборатите за акредитација на студиски програми од соодветниот факултет.<br>Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање). Табелата се креира доколку таква опрема е обезбедена во последните 3 години.<br>Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата. Табелата да се креира на ниво на УГД и да се назначи лице кое ќе ја креира табелата.<br>Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. Податоците се достапни во претходната самоевалуација на УГД и елаборатите за акредитација на студиски програми од соодветниот факултет. |

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар;<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А. Професорите на Технолошко-технички факултет во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење (https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=51), да ги користат платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знаат да креираат квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Согласно мисијата и визијата на Универзитетот една од целите на Технолошко-технички факултет е вмрежување со други високообразовни институции од земјата и странство за вклучување во научноистражувачки активности и користење на сите човечки и материјални ресурси за усовршување на наставниот кадар во високо признати и рангирани институции. Со цел да се подобри квалитетот и унапредување на наставниот процес, Технолошко–техничкиот факултет врши ангажирање на визитинг професори во соодветна научна област и истакнати стручњаци од пракса за реализација на студиските програми.

Присуството на афирмирани професори во наставата по иницијатива на наставниот кадар во периодот од 2021 до 2024 е видлив во приложениот (Прилог 5.7.А.). Во листата на предавачи се искусни професори од други универзитети и институти кои имаат соодветно искуство и даваат одлични резултати во наставниот процес. Преку ангажирање на овие професори во наставниот процес се обезбедуваат соодветни знаења на студентите што носи посебна додадена вредност.

Во рамките на Еразмус+ престојот од 12.12 до 16.12.2022 на Технолошко-техничкиот факултет проф. Марија Онтева и проф. д-р Татјана Христова Поповска од Југозападниот Универзитет „Неофит Рилски“, Факултет за уметност, Благоевград одржаа предавања пред студентите на повеќе теми и тоа: „Светски модни трендови 2023 година – од модна сцена до улична мода“; „Бугарски дизајнери во светската мода“; „Ера на интелегентниот текстил“; „Супкултурна мода“;

„Интеракцијата помеѓу уметноста и модата". Студентите на Технолошко-техничкиот факултет имаа можност да се запознаат со најновите модни трендови и современите достигнувања во областа на интелегентниот текстил. http://www.facebook.com/photo/?fbid=142122648681475&set=pcb.142122785348128

Исто така во 2023/2024 година во рамките на Еразмус програмата со дојдовна мобилност гостин на Технолошко-техничкиот факултет беше визитинг професорката од Португалија Селија Фигуредо каде во (Прилог 5.7.Б.) може да се направи увид во нејзината биографија која е истакнат професор на Универзитетот Евора во Португалија на Катедрата за визуелни уметности и дизајн и воедно е и претседател на Педагошкиот совет на Факултетот за уметности на Универзитетот во Евора .

Со самото ангажирање на наставен кадар од земјата и странство и соодветни стручњаци од пракса, Технолошко-технички факултет на своите студенти им овозможува да се стекнат со соодветни знаења со кои лесно ќе се доближат до индустријата поседувајќи компетенции и знаење со кои како дипломирани инженери од областа на текстилната индустрија, прехранбената индустрија и индустријата на нови материјали ќе одговорат на пазарот на труд.

**Прилози**

Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години. Табелата вклучува тип на ангажман, област/предмет и период на ангажман.

Прилог 5.7.Б. Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми во Europass формат. Биографиите на ангажираните лица од странство да бидат на англиски јазик.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Во насока на развој на научноистражувачката работа во институцијата се извршени повеќе активности. Во периодот на самоевалуација 2021/2024 се организирани три работилници на тема **„Одржливост, одржлива мода, одржлив дизајн, одржливо производство и социјална и корпоративна одговорност во индустријата за текстил и облека" во соработка со** Текстилниот кластер, Македонското модно здружение - Концепт моден кластер и Weis Consulting Asoc од Дизелдорф.

Во агендата за одржлив развој до 2030 година Обидинетите нации дефинираат глобален акционен план. Основата за ова е формирање на 17 одржливи развојни цели, со нивните 169 потцели. Политиката, бизнисот и граѓанското општество се подеднакво повикани да дадат свој придонес во остварувањето на целите.

На првата работилница беа презентирани основни начела за општествената одговорност на претпријатијата со цел да се препознаат вредностите на социјалната и еколошката заштита, како и економските цели на одржлив развој, да се идентификуваат можностите во делот на одржлив развој кои произлегуваат од текстилната индустија, како и да се препознаат претприемачките модели во општествените промени. По презентацијата на етичките вредности и социјалните стандарди во синџирот на снабдување во текстилната индустрија беше пристапено кон имплементација на целите на одржлив развој во фиктивен процес на развој и производство на производи.

На втората работилница учесниците се запознаа со проблемите во целиот синџир на снабдување на облека, со техниките за иновации и интеграција, а крајниот резултат е применување на синџирот на вредности во пракса.

На третата работилница беше презентиран метасертификатот „Зелено копче" што дефинира 26 социјални и еколошки минимални стандарди за производи и компании. Усогласеноста на сертификатот се докажува со признаени и веродостојни етикети. Секоја компанија исто така мора да ја покаже својата должност за грижа врз основа на 20 критериуми. Етикетата Зелено копче станува сè поважна за брендовите, но и за потрошувачите од цел свет.

Учесниците на работилниците се здобија со знаење за најновите техники кои се потребни не само за користење на креативност во дизајнот, туку и за целосно нови материјали и производствени процеси со цел затворање на циклусот на користење на материјалите. Овие иновативни и практично ориентирани работилнице беа наменети за македонските дизајнери од индустријата, универзитетите и асоцијацијата на дизајнери, а ги опфаќаат областите на екодизајн – одржливост, одржлива мода, одржлив дизајн, одржливо производство земајќи ги предвид барањата на БСЦИ, ЦСР и Зелено копче. Работилниците посочија дека треба да се применат барањата на странските брендови од конфекциите во Северна Македонија во наредните години, доколку македонските конфекциски претпријатија сакаат да бидат видливи на пазарот. Работилниците имаа за цел да ги поставаат темелите за подготовка на нашата текстилна индустрија кон голема промена во модната индустрија.

**Прилози:**

/

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Основна цел на студиските програми кои ги реализира Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е технологијата која ја обединува науката и инженерството. Може да се дефинира како решение за реалните човекови проблеми преку развојот и примената на алатки, материјали, информации во форма на вештини, знаења, инженерски дизајни, спецификации или инструкции. Технолошко-техничкиот факултет нуди студиски програми од полето на текстилната технологија, прехранбената технологија и технологијата на материјали, кои се неопходни за опстанокот на човековото битие. Текстилната технологија е наука која се занимава со целокупниот процес на производство на облека, од влакна како суровина до краен конфекциски производ. Прехранбената технологија е наука која се занимава со производство на храна и развој на прехранбени производи. Технологијата за материјали е наука која се занимава со производство на материјали за различна намена (керамика, пластика, биоматеријали, композитни материјали), како и испитување на нивната структура и својства. Изучувањето на некоја од погоре наведените технолошки науки отвара многу можности за кариера и напредок во:

- текстилната индустија: претпријатија кои произведуваат текстил, облека и други конфекциски производи, модни куќи и ателјеа, научноистражувачки центри и лаборатории, научнообразовни институции;
- прехранбената индустија: претпријатија кои произведуваат прехранбени производи, прехранбени дистрибутивни центри, лабораториски единици, научноистражувачки институции, научнообразовни институции;
- технологијата на материјали: претпријатија кои произведуваат материјали за различна намена (композити, биоматеријали, наноматеријали, високоперформансни влакна), лабораториски единици, научноистражувачки центри, научнообразовни институции.

Текстилната технологија, прехранбената технологија и технологијата на материјали им овозможуваат на младите луѓе стекнување со специфични вештини, потребни и барани на пазарот на трудот. Овие вештини ќе придонесат за сигурен и перспективен кариерен развој во овие полиња, кои се дефицитарни со кадри на пазарот на трудот. Квалитетот на наставниот процес се обезбедува преку примена на методи на активно учење, воведување интерактивност во наставата, професионалниот пристап на наставниците, редовна комуникација наставник – студент, поттикнување на креативно размислување и критичко мислење кај студентите што ќе им овозможи активно вклучување во сите области на технологијата.

Технолошко-техничкиот факултет ги поттикнува наставниците да користат современа методологија на презентирање, практично реализирање на експерименти и задолжителна практична настава, со цел да се направи мост меѓу теоријата и праксата. Посебно внимание се посветува на користење на дигиталната технологија во образовниот процес. Е-системот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се покажа како многу корисна алатка и помош на студентите при нивното студирање. Ажурирањето на материјалите од предавањата и вежбите, како и списоците на препорачана литература, со цел збогатување и осовременување на наставната содржина, се активности кои во континуитет ги спроведуваат предметните наставници. Достапните дигитални платформи се трансформираат во практични алатки за унапредување на процесот на настава и учење. Наставниците практикуваат персонализирана настава за талентирани студенти со цел нивна поголема мотивација за поголеми достигнувања и вклучување во истражувачки проекти. Апликацијата Microsoft Teams и Office 365 е основа на која Факултетот го базира онлајн наставниот процес при изведување хибридна настава. Преку интегрирање на наставата и праката со образовниот процес се постигнуваат целите на студиските програми и посакуваните резултати од учењето. Студентите во текот на наставата по предметите предвидени со студиските програми се стекнуваат со специфични компетенции и вештини за различни области од технологијата.

Конкретен пример за реализација на студиска пракса беше вклучување на студентите на Технолошко-технички факултет при УГД во студиска посета во Солун, Грција, во рамките на проектот „Fashion Employment hub“. Учеството на оваа студиска посета беше во координација со Текстилното трговско здружение „Текстилен кластер“ - Штип. Целта на оваа студиска пракса беше запознавање и обука на студентите за CAD/CAM системите и Fashion snoops платформата. Платформата Fashion Snoops Trend обединува креативци од дизајн, развој на производи, трговија, маркетинг и купување. Оваа платформа ги поврзува точките од културното влијание до иновациите на производите. Преку Fashion snoops платформата студентите работеа на креативноста, истражуваа за тековните и идните модни трендови, како во областа на материјалите така и во делот за дизајн. Проектот имаше за цел да ги подобри вештините на младите модни дизајнери, текстилни и конфекциски инженери во прекуграничната област и развој на моден центар за вработување. Имплементатори на проектот се Центарот за доживотно учење на регионот Централна Македонија (Seers), Грчката асоцијација за модна индустрија (SEPEE), здружението Центар за развој и промоција ПРОМО ИДЕЈА - Струмица и Текстилно трговско здружение „Текстилен кластер“ - Штип. На крајот од ова студиско патување, студентите се стекнаа со знаења и вештини кои им помогнаа за подобро разбирање за актуелните модни трендови, како и CAD/CAM системите кои можат да им помогнат во подобрувањето на продуктивноста при работа. Преку обуката за Fashion Snoops платформата се стекнаа со вештини за развивање на креативноста, добивање на идеи, креирање на нови модели врз основа на направените анализи и реализираа дизајни следејќи ги актуелните идни трендови.

Друг конкретен пример е учеството на студенти од Технолошко-техничкиот факултет во Летната школа на престижниот Универзитет во Марибор, Словенија во рамки на програмата CEEPUS (Централноевропска програма за размена на

универзитетски студии). Оваа летна школа на нашите студенти им овозможи академски и личен развој. Преку ова искуство не само што им ги продлабочи сопствените знаења и истражувачки вештини туку им овозможи остварување на меѓународни контакти кои ќе бидат корисни во нивната понатамошна кариера. Искусувањето на светот преку образованието и културната размена е привилегија што малкумина ја имаат. Учеството во програмата CEEPUS е токму таква привилегија, претворајќи го секое академско патување во незаборавно животно искуство. CEEPUS програмата претставува одличен пример за тоа како академската мобилност и интеркултурната размена можат да придонесат за градење на меѓусебно разбирање и глобална соработка. Преку вакви иницијативи, студентите добиваат можност да излезат од локалните рамки, да стекнат нови перспективи и да се приспособат на мултикултурни средини – вештини кои се од суштинско значење во денешниот глобален свет.

Технолошко-техничкиот факултет активно функционира преку своите web платформи:

https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/
https://www.facebook.com/people/Технолошко-технички-факултет-Штип/100086512216050/
https://www.instagram.com/ugd_ttf/
https://moodle2.ugd.edu.mk/mod/forum/view.php?id=6650

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5 % од објавените публикации во последните три години). |

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет (Прилог 5.10.А). Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Во Правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците/учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД“.
Редовна проверка на учебниците/учебните помагала Комисијата за издавачка дејност изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијаризмот: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25 % (Прилог 5.10.Г).
Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува”.
Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма.
Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција
Секој учебник/учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијатизам, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори.
Проверката за плагијатизам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот
Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk)
Проверката за плагијатизам на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.
Технолошко-технички факултет е коорганизатор на меѓународната научна конференција „Современи трендови и иновации во текстилната индустрија“ („International Scientific Trends and Inovations in Textile Industry“) - CT&ITI во Белград заедно со Сојузот на инженери и текстилни техничари на Р Србија од каде произлегуваат и се објавуваат апстракти и трудови во научното списание „Tekstilna industrija“.

**Прилози**
Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип Универзитетски гласник број 60, 98-107
Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, 108-112
Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, 113-130
Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа;<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А.) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.

Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б.) за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на тимови од вработените.

Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.11.В.) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г.) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научноистражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да можат да бидат индексирани во различни бази.

Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ.).

**Прилози**

Прилог 5.11.А. ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

Прилог 5.11.Б. ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

Прилог 5.11.В. ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, со важност од 29.02.2024

Прилог 5.11.Г. Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024

Прилог 5.11.Д. ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

Прилог 5.11.Ѓ. ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |

Согласно стратегијата за рамномерен развој на планските региони во Република Северна Македонија, Источниот и Југоисточниот плански регион ја користи научноистражувачката работа воспоставена на Технолошко-технички факултет за имплементација на најновите достигнувања во текстилната, прехранбената и технологијата на материјали Иновацијата е најважна, бидејќи им дава на компаниите конкуретнтна предност што ќе овозможи побрз пробив до нови пазари и пристап до поголеми можности. Затоа Технолошко-технички факултет се залага за воведување иновативни решенија што компаниите ќе можат да ги усвојат на патот кон раст и одржлив развој. Земајќи предвид дека текстилната индустрија во земјава вработува 35 000 лица неопходно е стекнување на нови вештини и знаења во текстилната индустрија, индустријата на композитни материјали и прехранбената индустрија. Она што јасно се гледа е дека развивањето на вештини и соодветни компетенции кои може да ги даде само научноистражувачката работа и наставно-образовнот процес се неопходни за поддршка на модернизацијата и дигиталната трансформација на овие индустрии за да останат конкуренти на пазарот на трудот. Република Северна Македонија природно има низа поволни околности кои можат да обезбедат продуктивен развој на домашната текстилна индустрија и прехранбена индустрија, иако во изминатите години тие се едни од инфлаторски најпогодените индустрии.

| **Прилози:** |
|---|
| / |

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој е сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години;<br>Финансиски извештаи од претходните три години;<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа). |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.
Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А.), а динамиката на вкупниот буџет на Универзитетот е прикажан во (Прилог 6.1.Б.).
Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25 % од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55 % и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**
Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.
Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).
Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од Министерството за образование е 45 % од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2 %. Констатиравме благо намалување на средствата кои Универзитетот ги добива од страна на Министерството за образование.

**Средства од сопствени приходи**
Средствата од сопствени приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуација. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.
Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 до 2021 година изнесувала 38.71 %, додека за период 2021-2024 изнесува 38.25 %. Врз основа на добиените податоци можеме да констатираме благо намалување на средствата од сопствени приходи.

**Средства од научни проекти**
Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средства кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.
Зголемувањето и стабилноста во средствата добиени од научни проекти се должи на зголемените напори на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и

меѓународно препознатлива научна работа. Учество на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5,5 % од буџетот на УГД.
Според податоците за просечната процентуална застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесува 4,1 %, додека за периодот на евалуација од 2021 до 2024 година изнесува 5,5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**
За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.
Процентуално просечните приходи во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56 %, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17 %. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*
Факултетот е интегрирана единица на Универзитетот и е функционален дел од Кампус 2, природни, технички и биотехнички науки и располага со вкупен простор од 14 220 m², 4 амфитеатри со вкупна површина од 547,64 m² и капацитет од 576 седишта, кои се во сопственост на Универзитетот. Во процесот на изведување на наставата која редовно се одвива на Технолошко-техничкиот факултет на располагање има 910 м², со 2 амфитеатри, 6 предавални, 4 лаборатории, 15 кабинети на наставниот кадар, како и библиотека и читална со простор од 90 м².
Наставната програма се одвива во 6 предавални кои имаат вкупна површина од 180 m² и вкупен капацитет од 240 седишта. Факултетот располага со 15 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 150 m² и капацитет од 25 седишта.
*Лаборатории*
Наставно-научниот процес се одвива во 4 лаборатории со вкупна површина од 215 m² и 99 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби.
*Студентски прашања*
Факултетот има студентски прашања со површина од 15 m².
Списокот на простории со површина со кои располага Факултетот е даден во Прилог 5.5.Д.

*Видови опрема*
Амфитеатрите на Факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Предавални се опремени со аудио и визуелна опрема потребни за определена студиска програма.
*Библиотечен фонд*
Факултетот има вкупно 50 домашни книги од областите на студиските програми.
*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:
*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:
- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://lipovdol-fs.ugd.edu.mk/
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/kalendar-vodic-prv-ciklus-2021.pdf

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот

http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd
- како и настава поддржана со Microsoft Teams.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење и
- многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Факултетот 404 е прикажан во Прилог 6.2.Г.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1090 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 451 825 корисници, а од регистрираните корисници направени се 561 294 симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php, прочитано на 31.01.2025 година).
Вкупниот број на објавени учебници и учебни помагала во е-библиотеката, даден по години 2021-2024 од Факултетот 15 прикажан е во Прилогот 6.2.Б.
Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на Факултетот
https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=18&ugd=7b0c0edc7971f55d2022f78815786e50

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата. Во Прилогот 6.2.А е прикажан бројот на издадени студентски е-пошти за студенти на прв, втор и трет циклус студии за Факултет 404.

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство). Е-распоредот е достапен на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
https://ttf.ugd.edu.mk/images/2024/Raspored-TTF-neparen-sem-2024-25.pdf

**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД и е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на Универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.
Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23 588* содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 05.02.2025 година).
http://eprints.ugd.edu.mk/

Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18 379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 5209 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1200 нови наслови.
Технолошко-техничкиот факултет има депонирано **656** наслови во е-репозиториумот достапни на линкот
http://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/FT/

**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:
- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;
- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);
- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Факултетот 98, за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење се прикажани во прилог 6.2.Г.
Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб-страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк
Sign In (ugd.edu.mk)

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб-страницата на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:
- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf

**Настава поддржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со ковид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот универзитет. При крајот на пандемијата Универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за.учење на далечина. Прилог 6.2.Д. Креирани тимови во Microsoft Teams на Универзитетот 4228.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите. Обезбедени се посебни места во предавалните за лица со посебни потреби. Услови кои Факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби дадени се во Прилог 6.2.Ѓ.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (прилог 1.1.А. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се

формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научноистражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.

**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементацтија за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.
**Сектор за ИКТ**, Секторот за информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испити и електронско оценување т. е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.
**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.
**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени.
**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршка на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис-заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.
Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и
Одделение за системска и мрежна администрација;
Одделение за средства и техничка поддршка;
Одделение за проектирање и одржување;
Центар за трансфер на технологии.
Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани и прикажани на органограмот во Прилог 1.1.А.

**Прилози**
Прилог 6.2.А. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Технолошко-технички факултет
Прилог 6.2.Б. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека 2021-2024
Прилог 6.2.В. Број на издадени студентски кориснички сметки Технолошко-технички факултет
Прилог 6.2.Г. Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење на Технолошко-технички факултет
Прилог 6.2.Д. Креирани тимови во Microsoft Teams на Универзитетот
Прилог 6.2.Ѓ. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби; |

| | |
|---|---|
| студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Технолошко-техничкиот факултет во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 4 лица, од кои 3 лица извршуваат административни работи, а 1 лице извршува помошно-технички работи.
Технолошко-техничкиот факултет во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 2 лица за извршување на административните работи, од кои 2 (двајца) се магистри и 1 (еден) со високо образование (Прилог 6.3.А.). Исто така има ангажирано и 1 (едно) лице за извршување на помошно-техничките работи, со средна стручна спрема (Прилог 6.3.А.). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата, во Ректоратот, а само 3 (тројца) се распоредени на факултетот.
Во Прилог 6.3.Б. е прикажана листата на вработени во административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции.

**Прилози**
Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024
Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите од сите циклуси на студии активно се вклучени во голем број научноистражувачки проекти домашни од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во периодот на евалуација е прикажана во Прилог 6.4.А.
Процентот на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии е прикажан во Прилог 6.4.Б.

**Прилози**
Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии
Прилог 6.4.Б. Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб-локација
https://ckr.ugd.edu.mk/

Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:
- Кариерно истражување и олеснување при донесување одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација; Релевантно работно искуство од полето на интерес;
- Искуство од учење коешто ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите;
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот;
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство коешто го бараат работодавците;
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV; Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на пракса по дипломирањето;
- Вмрежување и создавање на професионални контакти; Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

Сите студиски програми од прв циклус на студии во студиската програма имаат предвидено практична настава во парните семестри втор, четврти и шести семестар која практична настава носи два ЕКТС кредити. Оваа практична настава е задолжителна за сите суденти без разика дали станува збор за редовни или вонредни студенти. Практична настава се реализира со помош на Центарат за кариера кој максимално помага и го нуди својот потенцијал и интерес за развој на професионален кадар во зависност со склучените договори за соработка со бизнис-заедницата. Согласно со остварените соработки со стопанскиот и општествениот сектор, Центарот за кариера овозможува на сите студенти да ја реализираат практичната настава и нуди помош во постапката за креирање на физички дневник и електронска упатница.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување на Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб-локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17 000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои можат да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област можат да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:
- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на

клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.
Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420).
Статутот на УГД е достапен на веб-локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf
Учеството на студентите во органите на високообразовната установа е дадено во Прилог 6.7.А.
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во Прилог 6.7.Б, а извештај од последните спроведени избори во Прилог 6.7.В.
Одлуката за избор на студентски правобранител односно негов заменик е прикажана во Прилог 6.7.Г.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени следниве активности во Прилог 6.7.Ѓ.

**Прилози**
Прилог 6.7.А. Одлука од ННС за учество на студенти во работата на ННС на единицата
Прилог 6.7.Б. Одлука за избор на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.В. Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.Г. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик
Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на Универзитетот - факултетот, Универзитетски културен и спортски центар

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страница. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентите начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности можат да се проследат на веб-локацијата
https://coj.ugd.edu.mk/index.html
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб-страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од Универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторски студии на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година и е транспарентно објавен на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се:
- Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/
- Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)

| |
|---|
| - Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)<br>студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.<br>**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб-страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti<br>и во делот за соопштенија достапни на веб-локацијата<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija<br>Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб-страната на Факултетот<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi<br>Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:<br>Информатори за студирање за секоја академска година<br>https://ttf.ugd.edu.mk/images/brosura-2024.pdf<br>Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД (1090 наслови)<br>https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php<br>Е-репозиториум на УГД содржи над 23 433 содржини публикувани трудови, книги, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД.<br>http://eprints.ugd.edu.mk/<br>Во прилог 6.8.А е дадена SWOT анализа на исполнетоста на Стандард 6. |
| **Прилози:**<br>Прилог 6.8.А. SWOT анализа на исполнетоста на Стандард 6 |

## Стандард 7 - Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации;<br>Акт за регулирање (доколку е применливо);<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевалуација. Дополнително, досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter**, во Листа на информации од јавен карактер.<br>Во рамките на секоја самоевалуација се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.Ѕ – Прилог 1.2.Л).<br>Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е сè уште во фаза на тестирање.<br>Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.<br>Податоците од електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл. | |
| **Прилози:** | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и ги | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци; |

<table>
<tr><td>вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.</td><td>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.<br>Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрвин Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и Централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А.). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.<br>Според новиот правилник (Прилог 1.2.А.), членовите на Комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.<br>Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б.), а и Универзитетскиот сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.<br>Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 7.2.А. Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата<br>Прилог 7.2.Б. Одлука за избор на студенти членови на ННС ( за 2022-2024)<br>Прилог 7.2.В. Извештај за структурата на студентите за учебната 2021 – 2024</td></tr>
<tr><td>7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на установата.</td><td>Информација за значајни настани, активности и процеси.</td></tr>
<tr><td colspan="2">На универзитетската веб-страница и на факултетската веб-страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување дипломи, патронат и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.<br>Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб-порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).<br>Во изминатиот период во извештајот за работа на Технолошко-техничкиот факултет се забележани многу активности на наставниот кадар и студентите и како пример би издвоиле само неколку од нив, а во Прилог 7.3.А е креирана листата на позначајни настани:<br>1. ECO-PRINT training – Project Eco print in nature (5.04.2024 -20.04.2024)<br>2. Реализација на костими за театарската претстава „Роденден“ (03.06.2024)<br>3. Студентска годишна изложба (23.05.2024)<br>5. Четиридневна студиска посета во Солун, Грција во рамките на проектот „Fashion Employment hub“ (3.10.2023 - 7.10.2023)<br>6. Студентска годишна изложба (16.05.2023)</td></tr>
</table>

| |
|---|
| 7. Работилница „Од текстилен отпад до готов производ - Работилница во рамки на проектот 4Р“ (01.11.2022) |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.3.А. Листа на значајни настани и активности |

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практика за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).

Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.

Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.

Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.

За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.

Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.

Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци,

| |
|---|
| физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.<br>Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.<br>Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика прави повремени скенирања на мрежата и веб-сервисите на Универзитетот и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.<br>Прилог 7.4.В дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7. |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци<br>Прилог 7.4.Б. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/<br>Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/<br>УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно и лесно достапни и на следните социјални мрежи:<br>https://www.facebook.com/ugdstip<br>https://www.instagram.com/ugdstip/<br>https://www.youtube.com/user/UGDSTIP<br>Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата | |

| | |
|---|---|
| на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и online на следната веб локација<br>https://coj.ugd.edu.mk/eho.html<br>Технолошко-техничкиот факултет транспарентно ги објавува сите настани кои се одвиваат на единицата преку својата веб-страница каде во делот на вести се споделуваат секојдневните настани<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti<br>додека во делот за соопштенија се објавуваат најзначајните информации кои се од посебна важност за студентите<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija<br>Студиските програми од сите три циклуси се објавени на веб-страницата на Факултетот каде детални информации можат да се добијат за секоја студиска и предметна програма:<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi<br>Технолошко-техничкиот факултет редовно објавува и споделува податоци за своите активности, за своите студиски програми и на следните социјални мрежи и платформа:<br>https://www.facebook.com/people/Технолошко-технички-факултет-Штип/100086512216050/<br>https://www.instagram.com/ugd_ttf/<br>https://moodle2.ugd.edu.mk/mod/forum/view.php?id=6650 | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти, како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот; 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година; 8. Завршна сметка; 9. Годишен извештај; 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |
| 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf<br><br>2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;<br>https://ttf.ugd.edu.mk/documents/resenija-za-akreditacija-ttf.pdf<br>за сите три циклуси на студии<br><br>3. Актот за систематизација;<br>Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Универзитетски гласник број 36, страна 118<br>Изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Универзитетски гласник број 36, страна 430<br>Универзитетски гласник број 36, страна 433<br>Универзитетски гласник број 37, страна 42<br>Универзитетски гласник број 38, страна 8<br>Универзитетски гласник број 38, страна 68<br>Универзитетски гласник број 39, страна 10<br>Универзитетски гласник број 39, страна 13<br>Универзитетски гласник број 39, страна 22<br>Универзитетски гласник број 39, страна 25<br>Универзитетски гласник број 39, страна 79<br>Универзитетски гласник број 43, страна 80<br>Универзитетски гласник број 49, страна 13 | |

Универзитетски гласник број 49, страна 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Универзитетски гласник број 42, страна 516-528
Универзитетски гласник број 43, страна 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Универзитетски гласник број 47, страна 20-34
Универзитетски гласник број 48, страна 23-31
Универзитетски гласник број 49, страна 40-42
Универзитетски гласник број 51, страна 9-24
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за усогласување со Законот за изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, страна 71-80
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високо образование
Универзитетски гласник број 54, страна 25-35
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип
Универзитетски гласник број 55, страна 10-11
Универзитетски гласник број 58, страна 14-15
Универзитетски гласник број 59, страна 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, страна 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2022/304/pdf/304-5.pdf**
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2022/304/pdf/304-4.pdf**
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2017/195/pdf/195-4.pdf**
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2021/284/pdf/284-1.pdf**
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2023/330/pdf/330-1.pdf**
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2023/330/pdf/330-4.pdf**
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2021/285/pdf/285-1.pdf**
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/347/pdf/347-1.pdf**
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2022/294/pdf/294-1.pdf**
**https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2023/320/pdf/320-2.pdf**

7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година;
https://ttf.ugd.edu.mk/images/2024/Raspored-TTF-neparen-sem-2024-25.pdf

8. Завршна сметка;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf

9. Годишен извештај;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf

10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

| | |
|---|---|
| 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони;<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br><br>13. Етички кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf | |
| **Прилози:** | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб-страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб-страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е применливо). |
| Преку Школата за докторски студии при УГД се објавуваат сите информации кои се однесуваат на докторските студии на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>Пред одбрана на секоја докторска дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштенија на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации можат да се проследат на линковите<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/<br><br>Во периодот на самоевалуација 2021-2024 година студентите од Технолошко-техничкиот факултет покажаа солидни исходи од учењето и во научноистражувачката работа, земајќи учество во летни школи, работилници, проекти, модни изложби и слично.<br>Студенти од Технолошко-техничкиот факултет (ТТФ) беа избрани да бидат дел од Летната школа на престижниот Универзитет во Марибор, Словенија, во рамки на програмата CEEPUS (Централноевропска програма за размена за универзитетски студии)<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/39-ucestvo-na-studenti-na-ceepus-programata<br>Студентите на Технолошко-технички факултет при УГД во изминатиот период беа на студиска посета во Солун, Грција, во рамките на проектот „Fashion Employment hub“.<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/35-studenti-na-ttf-na-studiska-poseta-vo-solun<br>Студентите при Технолошко-техничкиот факултет, УГД учествуваа со детска модна ревија на „Меѓународни денови на модата“ во Бугарија. Настанот беше организиран од Факултетот за уметности при Југозападниот Универзитет ,,Неофит Рилски", Благоевград.<br>https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/30-studenti-od-ttf-na-izlozba-vo-bugarija<br>Јавната одбрана на докторскиот труд со наслов: „Развој на математички модели за дизајн на симетрични и асиметрични композитни делови“ „Development of mathematical models for the design of symmetric and asymmetric composite parts“, од Филип Кочоски<br>https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Kochoski=3AFilip=3A=3A.html#group_thesis<br><br>Прилог 8.3.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.3.А. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8 | |

**Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација**

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |

| | |
|---|---|
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и призната. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алијансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и Алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат пракса во некоја европска фирма и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитетот има и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб-страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите можат да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата.

На Технолошко-техничкиот факултет продеканот за настава е задолжен за одобрувањето на избраните предмети и еквиваленцијата на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.А).

Во периодот на самоевалуација 2021-2024, нема студенти од Технолошко-технички факултет кои користеле Еразмус+ мобилност на универзитети во други земји.

**Прилози:**
Прилог 9.1.А Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити – ECTS

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација ворамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ - Штип (2022-2025), https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик.

Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 9.2.Б.) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД кој е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.

На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународна соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.

**Прилози:**
Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година
Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност, ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција - Северна Македонија, а во иднина и од Алијансата ACE2EU. Дополнително од 2023/24 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противредност. Четири наставници и соработници користеле средства од овој фонд во 2023/2024.

Технолошко-техничкиот факултет е вклучен во една CEEPUS мрежа:

1. CEEPUS Network: BG-1103-09-2425 Modelling, Simulation and Computer-aided Design in Engineering and Management
   BG-1103 опфаќа 48 академски партнерски високообразовни институции и 5 компании. Оваа мрежа главно е ориентирана кон организирање на настани и студиски активности кои се планираат и организираат во партнерските институции. CEEPUS доделува поддршка за наставниците и студентите.

Наставниот кадар на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е вклучен во повеќе COST Акции и активно учествува во активностите на работните групи:

1. COST Action CA18125: "Advanced Engineering and Research of aeroGels for Environment and Life Sciences"
   AERoGELS COST Action има цел да ги поврзе разните истражувања и технологија за аерогелови на европско ниво од академските институции, индустријата и регулаторните експерти. Аерогеловите се посебна класа на мезопорозни материјали со многу висока порозност и прилагодливи физичко-хемиски својства.
2. COST Action CA21155 - Advanced Composites under HIgh STRAin raTEs loading: a route to certification-by-analysis (HISTRATE)
   HISTRATE акцијата има за цел да воспостави научни и технолошки основи за создавање и имплементација на сигурна и цврста рамка за сертификација на современи композитни носечки конструкции кои подлежат на оптоварување со висока стапка на напрегање.
3. COST Action CA22143 - European Materials Informatics Network (EuMINe)
   Акцијата EuMINe COST има за цел да обезбеди и промовира меѓународна, интердисциплинарна и меѓусекторска соработка фокусирана на примена на информатика на материјалите за развој и инженерство на современи композитни материјали.
4. COST Action CA19124 - RETHINKING PACKAGING FOR CIRCULAR AND SUSTAINABLE FOOD SUPPLY CHAINS oF THE FUTURE (CIRCUL-A-BILITY)
   CIRCUL-A-BILITY организира меѓународна мрежа на истражувачи вклучени во сите аспекти на пакувањето на храната: научници за материјали, научници за храна, крајни корисници во индустријата, научници за потрошувачи и креатори на политики.
5. COST ACTION CA20101: Plastics Monitoring Detection Remediation Recovery (PRIORITY)

Основната цел на PRIORITY е да се создаде и координира транснационален и мултидисциплинарен тим од научници и експерти за справување со предизвиците во областа на загадувањето на животната средина со нано и микропластика.

**Прилози:**
Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.)

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

| |
|---|
| Технолошко-техничкиот факултет има склучено договори за меѓународна соработка со 19 универзитети. Листата на Универзитети со кои Технолошко-технички факултет има склучено договор е прикажана во Прилог 9.4.А.<br>Дополнително наставниот кадар на Технолошко-технички факултет има соработка со повеќе меѓународни и домашни институции во коишто активно учествува во академски, истражувачки и индустриски проекти. Голем дел од професорите се членови на научни одбори во меѓународни списанија и конференции, како и рецензенти на трудови. Технолошко-технички факултет исто така има соработка со водечки компании за практична настава, теренска настава и стипендии за студенти. Приказот на конкретни соработки на наставниот кадар на Технолошко-технички факултет е даден во (Прилог 9.4.Б.).<br>На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Д).<br>Во периодот на самоевалуација двајца професори имаат користено Еразмус+ мобилност (информациите за мобилноста се прикажани во (Прилог 9.4.В.).<br>Во тековниот период на самоевалуација заеднички програми со странски универзитети не постојат. |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+<br>Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)<br>Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)<br>Прилог 9.4.Г. Број на наставници кои искористиле Еразмус+ мобилност<br>Прилог 9.4.Д. Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми |

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
| Во периодот 2021-2024 на Технолошко-техничкиот факултет нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата, освен визитинг професорите, ниту пак на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови.<br>На прв циклус студии, во периодот на самоевалуација нема запишано странски студенти, а исто така немаме запишано и странски студенти и на преостанатите два циклуса на студии.<br>Прилог 9.5.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.5.А. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9 | |

**Факултетска комисија за самоевалуација на Технолошко-технички факултет:**

1. Проф. д-р Киро Мојсов
2. Проф. д-р Дарко Андроников
3. Проф. д-р Сашка Голомеова Лонгурова
4. Виолета Петрушеска – студент
5. Даниела Караманолева - студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | **Факултет за информатика** |
| **Седиште** | ул. „Крсте Мисирков“ бр 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| **Контакт информации** | contact.fi@ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Сашо Коцески, декан<br>saso.koceski@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум: М. П. Овластено лице на установата:
(потпис)

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет за информатика |
| Седиште | ул. „Крсте Мисирков“ бр 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| Веб-страница | www.fi.ugd.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | Мисијата на Факултетот за информатика е да им обезбеди на студентите врвно образование во областа на математиката, компјутерските науки и технологии, поттикнувајќи ја нивната креативност, одговорност, истражувачки дух и тимска работа. Исто така, на стопанството и нестопанските дејности да им обезбеди квалитетни инженери, кои ќе бидат во состојба да ја зголемат нивната продуктивност, иновативност и конкурентност на пазарот во земјата и надвор од неа. Со својата научноистражувачка работа Факултетот за информатика ја има обврската да биде носител на постојан техничко-технолошки напредок, информатизација и севкупен развој на земјата.<br>Покрај редовното образование, Факултетот за информатика може да обезбедува дополнителна едукација за компјутерски експерти и експерти од други области, кои бараат соодветни математички и ИТ вештини. Едукацијата на младите истражувачи на постдипломско ниво е особено специфична и индивидуална, а тие треба да се воведуваат во истражувачката и научната работа под менторство на реномирани универзитетски професори.<br>Визија на Факултетот за информатика е да биде препознатлива високообразовна установа во областа на математиката, компјутерските науки и инженерство во земјата и пошироко во регионот, спроведувајќи ги највисоките стандарди во наставата, науката и применетите истражувања. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Факултетот за информатика ја започнува својата работа со Законот за основање на Државниот универзитет „Гоце Делчев“, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.40 од 30.03.2007 година.<br><br>**Прв циклус**:<br>• Компјутерски науки<br>• Компјутерско инженерство и технологии<br>• Применета математика<br>• Математика наставна<br>• Computer engineering and Technologies<br><br>**Втор циклус**:<br>• Софтверско инженерство<br>• Роботика и интелигентни системи<br>• Интелигентни веб-технологии<br>• Компјутерска безбедност и дигитална форензика<br>• Биоинформатика<br>• Финансиска и актуарска математика<br>• Математика<br>• Математичко-информатичко образование<br>• Пресметковно инженерство<br>• Информациски системи и технологии<br><br>**Трет циклус**:<br>• Компјутерски науки и инженерство |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 23 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус - **390**<br>II циклус - **5**<br>III циклус - **2** |

*Развој на единицата*
Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е основан во 2007 година врз основа на идеалите за инклузивност, различност и соработка. Уште од почетокот, целта на Универзитетот е да придонесе за развој на Југоисточниот Регион и на државата воопшто, обезбедувајќи квалитетно образование и развој на интелектуалниот потенцијал.
При основањето Универзитетот започна да функционира со 7 факултети и една висока школа: Правен факултет, Економски факултет, Педагошки факултет, Факултет за рударство, геологија и политехника, Земјоделски факултет, Факултет за информатика, Факултет за музичка уметност и Висока здравствена школа.
Од своето основање во 2007 година, Факултетот за информатика постојано расте и се развива, при што, главниот фокус низ годините е насочен кон зголемување и подобрување на квалитетот на образованието и научноистражувачката дејност, воведување иновации и воспоставување соработка со локални и меѓународни институции и со бизнис-заедницата.

*Клучни институционални капацитети*
Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип поседува мошне развиени институционални капацитети кои го издигаат на ниво на врвна образовна и истражувачка институција во областа на информатичките технологии:

- Еден од фундаменталните ресурси на Факултетот претставува неговиот академски кадар кој е посветен на наставно-научниот процес. Академскиот кадар е составен од врвни експерти со значително меѓународно искуство, кои континуирано ги надградуваат своите компетенции преку учество во престижни меѓународни научни проекти, истражувања и конференции.
- Современо опремените компјутерски лаборатории, опремени со современа хардверска и софтверска инфраструктура, овозможуваат практична настава и истражувања кои ги следат светските технолошки трендови и реализација на целите во акредитираните студиски програми на сите три циклуси на студии - додипломски, магистерски и докторски, овозможувајќи сеопфатно и напредно образование во доменот на информатиката и компјутерските науки.
- Со воспоставувањето на високотехнолошката лабораторија УГД Мејкерспејс академскиот кадар и студентите добија вистински технолошки центар каде може да се развиваат иновативни решенија, да се имплементираат научноистражувачки проекти кои покриваат широк спектар на современи технолошки предизвици - од вештачка интелигенција и роботика до кибербезбедност и информациски системи. Пристапот до напредни технологии и софтверски алатки им овозможува на студентите да стекнат практични вештини директно применливи во индустријата.
- Воспоставувањето на меѓународна мрежа и партнерство со голем број институции, во рамките на меѓународната алијанса ACE2EU, овозможува размена на студенти и наставници и стекнување на интернационално искуство и размена на знаења. Воспоставената мрежа овозможува подготовка и реализација на заеднички научноистражувачки проекти со реномирани универзитети од Европа, интердисциплинарни истражувања и пристап кон меѓународни научни текови. Воспоставените партнерства отвораат можности за стипендии, заеднички публикации и истражувачки иницијативи.
- Воспоставувањето на Бизнис акцелераторот на Факултетот за информатика и учеството во рамките на проектот EDIH Innofeit факултетот прави клучен чекор кон изградба на инфраструктура која ќе овозможи поврзување со стопанството и поддршка на бизнисот, а на своите студенти да им даде можност за дополнителна обука за меки вештини и поддршка за реализација на нивните претприемнички вештини.
- Факултетот спроведува политики кои обезбедуваат еднакви можности за сите студенти и градат култура на заемно почитување и соработка.

Преку овие мултидимензионални институционални капацитети, Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ создава високо стручни кадри подготвени да одговорат на најсложените технолошки предизвици на современото општество, истовремено придонесувајќи кон научниот и технолошкиот развој во национални и меѓународни рамки.

*Области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години*
- Можеби најголемиот напредок што Факултетот за информатика заедно со УГД го направија, произлезе од формирањето и учеството во Алијансата ACE2EU, со што ФИ и УГД остварија меѓународна соработка со уште 8 други европски универзитети и добија пристап кон голем број на мобилности за студенти и наставен и соработнички кадар, можности за заеднички идни научноистражувачки проекти и публикации, пристап до различни програми, курсеви и обуки, можност за креирање на joint и double degree магистерски и докторски програми, користење на научноистражувачка инфраструктура и опрема од партнерските универзитети, можност за размена на студенти, можност за дополнително промовирање на наставничкиот и соработничкиот кадар надвор од земјата и сл.

- Креирањето на студиската програма на прв циклус на англиски јазик придонесува за интернационализација на Факултетот, запишување на поголем број странски студенти, пред сè од Турција, како и за економски раст и развој на Факултетот.
- Дигитализацијата на Универзитетот, а со тоа и на Факултетот е уште еден заштитен знак по кој УГД е препознатлив и со кој се овозможуваат повеќе електронски сервиси за студентите и вработените, како Е-индекс, Е-учење, Е-репозиториум, УГД Журнали, Е-библиотека и сл.
- Подобрување на инфраструктурата за научноистражувачка и апликативна работа на Факултетот со добивање на новата опрема во рамките на УГД Makerspace проектот, финансиран од ФИТР.

*Најголеми предизвици и недостатоци*

- Рапидното зголемување на бројот на странски студенти носи со себе и големи предизвици од аспект на организација на наставниот процес. Во тој контекст просторните и кадровските ограничувања претставуваат голем предизвик за Факултетот и за Универзитетот во целост.
- Адаптација на образовниот процес и научноистражувачката работа во согласност со развојот во полето на вештачката интелигенција и воспоставување на соодветни институционални етички кодекси и рамка за употреба на вештачката интелигенција.
- Зајакнување на институционалната поддршка за зголемување на кариерните услуги и кариерниот развој на студентите.
- Креирање на силни интердисциплинарни научни јадра.
- Континуирана адаптација на студиските програми во согласност со рапидниот развој на технологијата и барањата на индустрискиот сектор.
- И покрај обезбедениот пристап до научната база Scopus од страна на Универзитетот, како еден од клучните предизвици за реализација на научноистражувачката работа претставува обезбедување пристап до базата на податоци на Web of Science.
- Недостатокот од академски кадар претставува континуиран предизвик во процесот на реализација на наставниот процес и имплементација на научноистражувачката работа.
- Континуираната потреба од финансиски средства за поддршка на истражувачките проекти и иновациите е клучна. Зголемувањето на поддршката на национално ниво би овозможило повисок квалитет на истражувања, вклучување на врвни експерти и развој на напредни технологии кои ќе придонесат за општествениот и економскиот напредок.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 1.1. Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб-страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т. е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на:

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научноистражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз кој е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб-страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи (акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (2022 – 2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на Стратегијата за работа на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за 2022 – 2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организационата поставеност на Универзитетот е прикажана во органограмот даден во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**
Прилог 1.1.А. Органограм на УГД

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање, Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб-страницата на Универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши Комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на Комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во периодот од 14.11.2024 до 30.11.2024 и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж),
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З).

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на Универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.З. Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.S. Резултати од анкети на студенти од прв циклус на ФИ<br>Прилог 1.2.И. Резултати од анкети на студенти од втор циклус на Кампус 2<br>Прилог 1.2.Ј. Резултати од анкети на студенти од трет циклус на Кампус 2<br>Прилог 1.2.К. Резултати од анкети на наставнички и соработнички кадар на ФИ<br>Прилог 1.2.Л. Резултати од анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развој и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување квалитет. |
| Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб-страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.<br>Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:<br>• Научноистражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;<br>• Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;<br>• Студентски конференции;<br>• Научноистражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;<br>• Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;<br>• Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;<br>• Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;<br>• Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.<br>Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред сè со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.<br>Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД<br>Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД<br>Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан | |
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

| | |
|---|---|
| имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани и се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитување на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл. (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.S).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поддржана од ректор, проректори, Ректорска управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високообразовниот процес на УГД“. Со работната група раководи координаторот на Одделението за обезбедување квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научноистражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа на целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е - 1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување квалитет и Правилник за спроведување анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA).

Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на

студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk) и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година и Наставно-научниот совет на Факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација;<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така да покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од Стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма,
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување знаење и компетенции со кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес,
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето практични вештини во соработка со стопанството и индустријата, владиниот и невладиниот сектор и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во Извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиски програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.

Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на Извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страната на Универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со Извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес,<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на Годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултета и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Прилог 1.6.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1.

**Прилози:**
Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)
Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1

**Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми**

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето. |
| Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност (Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22). Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот Гоце Делчев, Штип | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои можат да бидат преносливи, што значи дека можат да влијаат врз нивниот личен развој и можат да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Факултетот за информатика нуди студии на сите три циклуси: четиригодишни додипломски студии на прв циклус со 4 програми на македонски јазик и една на англиски јазик, едногодишни магистерски студии на втор циклус и тригодишни докторски студии на трет циклус.
Студиските програми ги истакнува нивната релевантност и добра структурираност и осмисленост за остварување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и личен развој. Предметните програми меѓу другото јасно ги дефинираат целите и содржината на предметните програми, методите на учење, формите на наставни активности, начинот и критериумите на оценување, методот на следење на квалитетот на наставата, како и основната и дополнителната литература.
На линковите на студиските програми од прв и втор циклус можат да се најдат содржините на студиските програми, предметните програми и општите и специфичните дескриптори како исходи на образовниот процес.

**Прв циклус на студии (2021/2022 – 2025/2026)**

1. Компјутерско инженерство и технологии, 4 години, 240 ЕКТС
2. Компјутерски науки, 4 години, 240 ЕКТС
3. Математика наставна, 4 години, 240 ЕКТС
4. Применета математика, 4 години, 240 ЕКТС

**Прв циклус на студии на англиски јазик (2023/2024 – 2027/2028)**

5. Computer engineering and technologies, 4 years, 240 ECTS

**Втор циклус на студии (2023/2024 – 2027/2028)**

1. Роботика и интелигентни системи, 1 година, 60 ECTS

2. Софтверско инженерство, 1 година, 60 ECTS
3. Интелигентни веб-технологии, 1 година, 60 ECTS
4. Компјутерска безбедност и дигитална форензика, 1 година, 60 ECTS
5. Биоинформатика, 1 година, 60 ECTS
6. Информациски системи и технологии, 1 година, 60 ECTS
7. Финансиска и актуарска математика, 1 година, 60 ECTS
8. Математика, 1 година, 60 ECTS
9. Математичко-информатичко образование, 1 година, 60 ECTS
10. Пресметковно инженерство, 1 година, 60 ECTS

**Трет циклус на студии (2021/2022 – 2025/2026)**

1. Компјутерски науки и инженерство
   Студиска програма и дескриптори: https://fi.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/12/ZaWebStudiskaProgramaIDeskriptori.pdf
   Предметни програми: https://fi.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/12/ZaWebPredmetnaPrograma.pdf

Старите програми на прв, втор и трет циклус се дадени на следните линкови:
Прв циклус - https://fi.ugd.edu.mk/first-cycle-mk/#previous
Втор циклус - https://fi.ugd.edu.mk/second-cycle-mk/#previous
Трет циклус - https://fi.ugd.edu.mk/third-cycle-mk/#previous

Факултетот за информатика во текот на наставниот процес вклучува најдобри практики, како соработка со индустријата преку меморандуми и поканети предавања на успешни стручњаци од практиката, предавања на Еразмус+ визитинг професори, учество на дел од студентите во изработка на проекти и дипломски работи кои се користат во праксата и сл. На пример, од наши студенти се изработени старата и новата веб-страница на Факултетот (https://fi.ugd.edu.mk), системот за анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците (https://anketi.ugd.edu.mk), веб-страницата на УГД Makerspace која сè уште не е хостирана и сл.

Подолу се издвоени 3 успешни приказни на студентите како конкретни примери на постигнати резултати:
1. Симона Атанасова
   https://fi.ugd.edu.mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-simona/
2. Дејан Порјазовски
   https://fi.ugd.edu.mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-uhd-dejan/
3. Валерија Димкова
   https://fi.ugd.edu.mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-valerija/

**Прилози:**
/

| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |
|---|---|

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештини кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество.
Дополнително, студиските програми од последните акредитации беа работени според препораките за наставни содржини од Association for Computing Machinery (ACM) и IEEE Computer Society.
Во документот за Индустриска стратегија на РС Македонија 2018-2027, информациско-комуникациската технологија е проектирана како клучна технологија, неопходна за остварување на проекциите за планираниот економски пораст во периодот 2018-2027. Според последниот извештај на Државниот завод за статистика, дејноста информациски-комуникациски технологии е втора по големина по стапка на слободни места од 3,53 %, веднаш после секторот транспорт и складирање (3,84 %). Водејќи се од проекциите и стратегиите за индустриско-технолошки развој на државата, Факултетот за информатика ги усогласи содржините на сите студиски програми со реалните потреби и побарувања на пазарот на труд, за примена во реални сектори во општеството. Во тој контекст можеме да наведеме успешни приказни на дипломирани студенти на сите три циклуси на студии:
1. Многу наши дипломирани студенти отворија свои ИТ фирми во Македонија. На пример, Дејан Коцев дипломира на насоката Компјутерски науки во 2013 година. Денес е сопственик на фирма Adeptcode.io, која веќе 7 години успешно опстојува на пазарот.
2. М-р Ратко Иванов, во 2021 година успешно ја одбрани магистерската работа со наслов „Изработка и контрола на модел на енергетски ефикасен паметен дом со техники на вештачка интелигенција“, под

менторство на проф. д-р Цвета Мартиновска Банде. Денес, м-р Ратко Иванов работи на положба сениор софтверски инженер, водач на тим, во компанијата ICT Software Center.

3. Д-р Александар Велинов, во 2021 година успешно ја одбрани докторската дисертација со наслов „Подобрување на безбедноста на IoT-комуникацијата со анализа на мрежни скриени канали". Научноистражувачкиот потенцијал на кандидатот и високите критериуми и барања за одбрана на докторска дисертација кои ги налага Факултетот за информатика, беа потврдени со публикација на повеќе научноистражувачки трудови во меѓународни списанија со фактор на влијание:
   [1] Velinov, Aleksandar and Mileva, Aleksandra and Wendzel, Steffen and Mazurczyk, Wojciech (2019) Covert Channels in the MQTT-based Internet of Things. IEEE Access, 7. pp. 161899-161915. ISSN 2169-3536, IF=3.745.
   [2] Mileva, Aleksandra and Velinov, Aleksandar and Hartmann, Laura and Wendzel, Steffen and Mazurczyk, Wojciech (2021) Comprehensive analysis of MQTT 5.0 susceptibility to network covert channels. Computers & Security, 104 (102207). ISSN 0167-4048, IF=3.579.
   Денес, д-р Александар Велинов е вработен како доцент на Факултетот за информатика, УГД.

Досега на Факултетот за информатика од 2011 година дипломирале 943 студенти на прв циклус.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |

Студиските програми се изработуваат и ревидираат во соработка со студентите и со други релевантни носители на интереси, бидејќи секоја студиска програма мора да се одобри и од факултетски Одбор за доверба со јавноста. Овој одбор го сочинуваат 2 професори од Факултетот, еден претставник на студентите, 1 претставник на Општина Штип и 1 претставник на Стопанската комора на РС Македонија. Изборот на членовите на овој одбор може да се види во Прилог 2.4.А. Од одржаните состаноци постојат и записници, кои се дадени во Прилог 2.4.Б. Програмите законски се реакредитираат на секои 5 години, меѓудругото и со цел да се избегне нивно застарување.
Факултетот за информатика во изработката на последните акредитации се потпираше и на идентификуваните потреби на бизнис-заедницата и најновите трендови во ИТ светот, врз база на неформални разговори со различни компании, како и врз база на студентски коментари од претходните анкети.
За Факултетот за информатика, студентите се битен дел во неговото функционирање и истите се вклучени со свои претставници и во работата на ННС (Прилог 2.4.В).
Студентите имаат свои претставници и во Универзитетскиот сенат (Прилог 2.4.Г).

**Прилози**
Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма
Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС
Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Линковите до предметните програми за сите студиски програми со прикажана основна и дополнителна литература се дадени во Индикатор 2.2.

Студиските програми на Факултетот за информатика се усогласени со најдобрите странски практики и искуства. Програмите за додипломски студии од областа на компјутерските науки се изготвени согласно препораките за наставни содржини од ACM и IEEE Computer Society. При изготвување на содржината на студиските програми од втор и трет циклус на студии беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Џио Тонг Универзитетот од Шангај и

споредбата е прикажана во соодветните елаборати. Како пример, можеме да ја наведеме студиската програма по Роботика и интелигентни системи, која е усогласена и компатибилна со студиските програми по:

- Роботика на University of Michigan – Ann Arbor, кој е на 28. место на Шангајската листа. https://masters.engin.umich.edu/degree/robotics-ms/
- Студиската програма по Системи, контрола и роботика на KTH Royal Institute of Technology, кој е на 200-300. место на Шангајската листа. https://www.kth.se/en/studies/master/systems-control-robotics/

Истиот пример го следи и студиската програма по Биоинформатика, која е усогласена и компатибилна со студиските програми по:

- Биоинформатика и теоретска системска биологија на Imperial College London, која е на 23. место на Шангајската листа. http://www.imperial.ac.uk/life-sciences/postgraduate/masters-courses/msc-in-bioinformatics-and-theoretical-systems-biology/
- Студиската програма по Биоинформатика на University of Copenhagen, која е на 39. место на Шангајската листа. http://studies.ku.dk/masters/bioinformatics/

На Факултетот за информатика во периодот на самоевалуација гостувале 16 наставници по различна основа, најмногу со Еразмус+ мобилност (Прилог 2.5.А) и тоа од Австрија, Бугарија, Полска, Словачка и Франција. Истите одржале најмалку едно предавање секој на студентите од прв циклус.

**Прилози:**

Прилог 2.5.А. Листа на странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Сите студиски програми од прв циклус на Факултетот за информатика планираат и очекуваат оптоварување на студентите од 30 ЕКТС по семестар со вкупно 8 семестри. Во секој семестар најчесто очекуваното оптоварување на студентот е по 6 ЕКТС за задолжителен предмет, но во непарни семестри може да се видат и задолжителни предмети со очекувано оптоварување од 8 ЕКТС. Изборните предмети се застапени со очекувано оптоварување од 4 ЕКТС, а практичната настава во парен семестар е со очекувано оптоварување на студентот од 2 ЕКТС. За овој дел можат да се погледнат последните акредитации на нашата веб-страница на следниот ЛИНК.

Студиските програми од втор циклус на Факултетот за информатика планираат и очекуваат оптоварување на студентите од 60 ЕКТС во едногодишни студии (два семестра). Во секој семестар најчесто очекуваното оптоварување на студентот е по 6 ЕКТС од предмет, но можат да се видат и предмети со очекувано оптоварување од 8 ЕКТС за академските 2021/22 и 2022/23. Во академската 2023/24 (по новите акредитации) предметите се по 6 ЕКТС. Во академските 2021/22 и 2022/23 имавме акредитирано и двегодишни студии (четири семестри) со очекувано оптоварување од 120 ЕКТС, каде наставните предмети беа најчесто со 6 ЕКТС, но имаше наставни предмети со 8 ЕКТС. За овој дел можат да се погледнат последните акредитации на нашата веб-страница на следниот ЛИНК.

Студиската програма од трет циклус со акредитација од академската 2021/22 година има очекувано оптоварување на студентите од 30 ЕКТС по семестар со вкупно 6 семестри (три години). Во првиот семестар двата задолжителни предмети се со очекувано оптоварување за студентите по 5 ЕКТС, додека изборните се по 10 ЕКТС. Во вториот семестар предметите се изборни со очекувано оптоварување по 10 ЕКТС, а во третиот семестар е застапен само пилот истражувачкиот проект со 30 ЕКТС. Последните три семестри се посветени на изработка на докторскиот труд со соодветни очекувани оптоварувања за студентите од 30 ЕКТС по семестар. За овој дел можат да се погледнат последните акредитации на нашата веб-страница на следниот ЛИНК.

Реализираната практична настава на студентите на ФИ може да се види во Прилог 2.6.А. Законското барање за реализирана практична настава на студентите е вклучено во сите студиски програми на прв циклус, на следниот начин:

- Во вториот, четвртиот и шестиот семестар во рамките на студиските програми е предвидена Практична настава која носи 2 ECTS и истата студентите ја реализираат во фирми, организации, основни и средни школи со кои ФИ има склучено меморандуми за соработка (Прилог 2.6.Б), како и во Одделенијата на УГД и на самиот Факултет за информатика.
- Во осми семестар на програмата Математика наставна насока студентите имаат Педагошки стаж кој носи 4 ECTS и за истиот студентите реализираат пракса од 45 дена во основно или средно училиште, додека сите останати програми имаат Интердисциплинарен проект кој носи 4 ECTS.

Пред да започне со практичната настава, студентот по електронски пат се здобива со Упатница (документ за упатување на пракса) која студентот ја доставува до компанијата/училиштето каде ќе ја реализира праксата. Студентот е задолжен секојдневно да пополнува дневник за пракса, кој по завршувањето на праксата го доставува до менторот за пракса (од ФИ). Секоја генерација си има свој ментор за пракса. Ментор за генерациите 2021/22, 2022/23 и 2023/24 запишани на информатичките насоки е проф. д-р Владо Гичев. Ментор за Наставна математика за генерацијата 2021/22 е вонр. проф. д-р Елена Карамазова Гелова, а за генерациите 2022/23 и 2023/24 е доц. д-р Јасмина Вета Буралиева. Како ментор за педагошки стаж во осми семестар од Наставна математика е проф. д-р Татјана Атанасова Пачемска. Менторите се потпишуваат во дневникот за пракса и истиот се додава во студентското досие.
Во време на ковид-19 пандемијата, наместо реализирање на пракса во фирми/училишта, на студентите им беше овозможено праксата да ја реализираат со помош на проектна работа.
Факултетот за информатика досега има потпишано меморандуми за соработка за пракса со 683 фирми/училишта и за научна и професионална соработка со 15 фирми.

**Прилози:**
Прилог 2.6.А. Извештај за реализирана практична настава
Прилог 2.6.Б. Листа на фирми, организации и училишта со кои ФИ има потпишано меморандум за соработка

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страница каде се објавени наведените информации.[1] |

Информациите за студиските програми се објавени на веб-страницата на ФИ - https://fi.ugd.edu.mk, на Студии -> Додипломски студии (https://fi.ugd.edu.mk/додипломски-студии/), Студии -> Магистерски студии (https://fi.ugd.edu.mk/магистерски-студии/) и Студии -> Докторски студии (https://fi.ugd.edu.mk/докторски-студии/).

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената, причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Според Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми на сите три циклуси се врши на секои пет години. Студиските програми на Факултетот за информатика во поставениот период од пет години се ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, но и да се биде во тек со најновите технологии, како и да се задоволат потребите на студентите и бизнис-заедницата. Во периодот на самоевалуација, само програмите за втор циклус беа реакредитирани.
Наставникот и соработникот по секој предмет користат евидентни листови во кои се содржат информации за тоа кои студенти ја посетувале наставата во одредените денови за тоа. Секој присутен студент го евидентира своето присуство со потпис на евидентниот лист во колоната предвидена за даденото предавање/вежби. Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

**Прилози**

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| |
|---|
| Прилог 2.8.А. Пример на евидентен лист од еден предмет |

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

**Е-индекс** електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни потсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие потсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации, и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.
Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 се дадени во Прилозите 2.9.А, 2.9.Б. и 2.9.В.

Прилог 2.9.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2.

**Прилози**
Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето
Прилог 2.9.Б. Листа на предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри, заедно со број на запишани студенти на тој предмет
Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување
Прилог 2.9.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица.<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување квалитет во наставниот процес.
На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот (Прилог 1.4.А), како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет. И Статутот на Факултетот за информатика игра улога во истото.
Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот на Соопштенија, студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.
Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите

од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се: училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.

Понатаму, Универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус-програмата.

Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20 % од финалната евалуација на студентите.

Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Факултетот, со исклучок за преодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се:

1. Предавања, кои се спроведуваат во предавални или во двата амфитеатри (Амфитеатар 1 и Амфитеатар 2) опремени со зелени и паметни табли и ТВ за презентации;
2. Компјутерски лаборатории наменети за аудиториски и лабораториски вежби, кои се опремени со компјутерска опрема на која студентите работат.

Проектните активности и работата во групи, студентите ја спроведуваат во компјутерските лаборатории заради потреба од компјутерска опрема.

Работата со проекти во кои многу често се вклучени и студенти, освен наставниот кадар, се одвиваат во предавалните или компјутерските лаборатории во зависност од потребите на проектот.

**Прилози**

/

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Универзитетот ја почитува различноста на студентите и нивните потреби и истото се гледа од различни нешта. Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на УГД Е-учење, инстанца на Moodle LMS платформата (https://moodle2.ugd.edu.mk), каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, имплементирање на квизови, како и задавање на домашни задачи. Дополнително, оваа платформа за секој предмет нуди форуми за дискусија, испраќање на соопштенија, автоматско оценување на квизовите, анкетирање на студентите и сл. Од секој аспект, Moodle платформата е корисна алатка која помага во комуникацијата студенти-професор, но и во инклузивноста и почитувањето на различноста на студентите.

На сите студиски програми се одржува наставата преку предавања, аудиториски и лабораториски вежби. Предавањата се изведуваат во предавални опремени со современи телевизори кои се користат за изложување на презентациите на наставникот. Секоја предавална е опремена и со табли поради специфичноста на одредени предмети. Аудиториските вежби се изведуваат или во предавална или во компјутерска лабораторија во зависност од специфичностите и потребите на наставниот предмет. Лабораториските вежби се изведуваат главно во компјутерски лаборатории, каде се користат најсовремени софтвери достапни во тој момент за Универзитетот. Ова може да се види од распоредите на часови, кои се прават на Факултетот секој семестар дадени во Прилог 3.2.А.

Доколку на одредена студиска програма има мал број на запишани студенти (помалку од 5), наставата не се реализира со распоред на часови т. е. таа се реализира менторски. Така секој наставник, наставната програма од својот предмет ја изведува преку договор со студентот/студентите. Но, сепак и тогаш се користат предавалните и компјутерските лаборатории во зависност од специфичностите и потребите на наставниот предмет. Најчесто менторската настава е застапена на студиската програма Наставна математика од прв циклус и на изборните предмети од втор и трет циклус.

| | |
|---|---|
| Доколку во Прилог 3.2. нема распоред по семестри за одредена акредитирана студиска програма од прв, втор или трет циклус, тоа значи дека наставата се изведувала менторски или немало запишано студенти. | |
| **Прилози:** Прилог 3.2.А. Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно преку распоред на часови | |
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Досегашните извештаи за самоевалуација на УГД имаа посебно поглавје Консултации и препораки кои се користеа при процесите на реакредитација на програмите за коригирање на нотираните недостатоци и слабости.<br>Наставата на Факултетот за информатика е базирана на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот, со цел стекнување нови знаења, но и развој на вештини и компетенции на студентите. Најголем дел од информатичките предмети на Факултетот вклучуваат учење базирано на проекти, каде студентите, самостојно или тимски, изработуваат проекти и се стекнуваат со практични вештини од различни ИТ технологии. Дополнително во наставата се канат и предавања на стручњаци од праксата, кои исто така ги запознаваат студентите со новите технологии. Дел од проектите имаат реална примена, па дури се добиваат и нови научни резултати. На пример, по предметот Безбедност на компјутерски системи, две студентки имаа проект да ја испитаат употребата на безбедносните HTTP заглавја кај повеќе категории македонски веб-страници, што резултираше во презентација на конференција (Taseva, Bojana and Brashnarova, Aleksandra and Mileva, Aleksandra and Bikov, Dusan (2024) HTTP Security Headers Analysis of Several Categories Macedonian Websites. In: International Conference on Computer Science and Mathematics Dedicated to prof. Smile Markovski, 21-23 May 2024, Ohrid, Macedonia) и научен труд поднесен за објавување. Или, на пример, по предметот Основи на роботика, студентите изработија игри за деца со посебни образовни потреби, кои беа предадени на Здружението „Сплотени срца“ за децата со аутизам и посебни потреби. Магистерскиот труд на Стојанче Спасов резултираше во веб-апликација за транслитерација на текст од латиница во кирилица (https://drop.ugd.edu.mk/trans). Дополнително, надвор од редовната настава, наши студенти учествуваа во интерни проекти како платена пракса, кои резултираа во изработка на следните системи: Апликација за превоз на вработени, Е-репозиториум, Е-библиотека, УГД Scholar, УГД Журнали, Модул за електронско пријавување на студенти на втор и трет циклус активен за време на уписите итн.<br><br>Заради ковид-19 пандемијата и ублажување на последиците од истата, воедно и придржувајќи се и постапувајќи по препораките издадени од Министерството за здравство и Министерството за образование, во учебната 2021/2022 година наставата се одвиваше во целост, преку апликацијата на Microsoft Teams. Вкупниот број на одржани часови по студиска програма во учебната 2021/2022 изнесуваше 7020, со 100 % реализација на истите преку апликацијата Microsoft Teams. Со комбиниран начин на одржување на наставата (онлајн + физичко присуство), Факултетот за информатика започна во непарен семестар, во учебната 2022/2023. Започнувајќи од парниот семестар во учебната 2022/2023, наставата на Факултетот за информатика започна да се изведува во целост со физичко присуство.<br>Апликацијата Microsoft Teams беше користена како примарен ресурс во одржувањето на наставата во текот на ковид-19 пандемијата. Истата овозможува интерактивен пристап во одржувањето на наставата и снимање на одржаните предавања и задавање на проектни активности. Поради специфичноста на материјалот, при одржување на предавањата на Teams беа користени и електронски табли, набавени од Одделот за е-учење. Софтверот Microsoft whiteboard беше користен како интерфејс за електронските табли. Дополнително, дел од наставниците ги искористија погодностите на е-учење платформата (УГД Е-учење) и снимија, односно прикачија voice over PowerPoint презентации. Како технички проблеми при одржувањето на онлајн наставата можеме да ги наведеме проблемите со конекцијата, брзината на интернетот и пад на системот во случај на поголем број вклучени хостови, односно студенти. | |
| **Прилози**<br>/ | |
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.) се запознаени со постојните методи на | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

| | |
|---|---|
| тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.4.А) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување” (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум 7 поени и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

- 10 (A) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.
Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, Прилог 3.5.А-3.5.Г);
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Д);
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѓ);
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Е);
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.Ж);
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.З);
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.
Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб-страницата на Универзитетот.

| |
|---|
| **Прилози:**<br>Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти<br>Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Г. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Д. Процедура за затворање на пријави во е-индекс<br>Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Е. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд<br>Прилог 3.5.Ж. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело<br>Прилог 3.5.З. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип |

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Студирањето на Факултетот за информатика на сите три циклуси на студии се одвива согласно усвоени правилници:

- Правилник за студирање на прв циклус на студии (Прилог 3.4.А)
- Правилник за студирање на втор циклус на студии (Прилог 3.5.Б)
- Правилник за студирање на трет циклус на студии (Прилог 3.5.В)

Информацијата за оценувањето на студентите е достапна и видлива преку е-индекс и студентот може да реагира по оценката. Дополнително, при полагање на завршен испит и внесување на оценката, Е-индекс испраќа електронско известување до студентот и професорот за резултатот од полагање. Електронското известување вклучува податоци за: студент, предмет, сесија, професор, поени од завршен испит и оцена. Ако студентот предметот го полага три пати и не го положи испитот, тогаш студентот полага пред комисија од три испитувачи.
Факултетот за информатика користи иновативни пристапи во оценувањето. Како конкретен пример можеме да го наведеме **електронското полагање на колоквиуми и испити на е-учење**. Од база на прашања, системот избира комбинација на е-прашања со повеќе понудени опции за избор на точен одговор на прашање, во комбинација со форми за проширен текстуален одговор. Во време на пандемијата, апликацијата Microsoft Teams се користеше и за реализација на завршни испити, со вклучена камера и споделен екран, при испрашување на студентот. Дополнително, е-учење се користи и за реализација на проектни задачи и активности.
Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34.
- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А)

- План за родова нееднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б)

Исто така, Универзитетот има дефинирано:

- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15).
- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20).
- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/20).




Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.

Факултетот за информатика во академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 година нема пријави за корупција.

Во бараните академски години има вкупно три поднесени жалби (две во академската 2021/22 година и една во академската 2023/24 година). Табелата е дадена во Прилог 3.7.В и сите три се позитивно решени.

Прилог 3.7.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3.

**Прилози:**

Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22
Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22
Прилог 3.7.В. Листа на поднесени жалби на студентите по учебни години
Прилог 3.7.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>4.1 Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, 3.5.А-3.5.Г). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)<br>• Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>/</td></tr>
<tr><td>4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Електронскиот индекс на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на кој било факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) можат сами да ги реализираат сите</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г) или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д)), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).<br>Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.<br>Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти<br>Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар<br>Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА<br>Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)<br>Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)<br>Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018 | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање;<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години |
| На Универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.<br>Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).<br>По завршување на размената, продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за Е-индекс за реализација на активностите на студентот во системот за Е-индекс.<br>На Единицата, во периодот на самоевалуација, 5 студенти искористиле Еразмус+ мобилност (Табела 4.3.Г).<br>Исто така, во периодот на самоевалуација, 14 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Д). | |
| **Прилози:** | |

Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во Универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмски партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи
Прилог 4.3.Г. Листа на студенти кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години
Прилог 4.3.Д. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |

Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).
Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.
Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.
Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности,(dr.sc, PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.
Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА"; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.
Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите е регулиран со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).

| |
|---|
| Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).<br>Прилог 4.4.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4. |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018<br>Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома<br>Прилог 4.4.В. Транскрипт на оценки<br>Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4 |

## Стандард 5 - Наставен кадар

| **СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР** | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Структурата на наставниот кадар на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Во моментот на спроведување на самоевалуацијата, на Факултетот во редовен работен однос се **10 редовни професори, 8 вонредни професори и 5 доценти или вкупно 23 наставници**. Во наставата е вклучен и **1 насловен доцент**. Биографиите на наставниот кадар во Europass формат на англиски и македонски јазик се дадени во Прилог 5.1.А, а одлуките за нивниот последен избор во звање во Прилог 5.1.Б. Дополнително, на Факултетот работат договорно и **3 лаборанти**.<br>Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научноистражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Постои тренд на заминување на наставниот кадар во странство, но уште позагрижувачки е трендот на намалување односно воопшто непостоење на кадар во соработнички звања што се должи на недоволниот број нови вработувања.<br>Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми е соодветен на научното потполе и научната област од Фраскатиевата класификација на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања. Прилог 5.1.В дава преглед на предмети кои кадарот ги предавал во периодот на самоевалуација. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Europass формат<br>Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет<br>Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл.3 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Вкупниот број објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар на Факултетот за информатика, во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО изнесува **155** (Прилог 5.2.А). Прегледот е даден и по наставници (Прилог 5.2.Б).
Во учебната 2021/2022 објавени се вкупно 31 труд, од кои 7 во списанија индексирани во најмалку една електронска база, 14 во списанија со меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји, 5 книги или поглавја на книги и 5 трудови во зборници од меѓународни академски собири.
Во учебната 2022/2023 објавени се вкупно 72 трудови, од кои 19 во списанија индексирани во најмалку една електронска база, 21 во списанија со меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји, 6 книги или поглавја на книги и 26 трудови во зборници од меѓународни академски собири.
Во учебната 2023/2024 објавени се вкупно 52 трудови, од кои 20 во списанија индексирани во најмалку една електронска база, 10 во списанија со меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји, 6 книги или поглавја на книги и 16 трудови во зборници од меѓународни академски собири.
Листата на сите објавени трудови во периодот на самоевалуација е дадена во Прилог 5.2.В.

**Прилози:**
Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО и по учебни години
Прилог 5.2.Б. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО и по наставници
Прилог 5.2.В. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Факултетот за информатика има **23 наставници ангажирани во редовен работен однос** и еден насловен доцент. Дополнително, за квалитетна реализација на студиските програми од прв циклус академски студии, вклучени се и наставници и соработници од други единици на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како на пример, на предметите за изучување на странски јазици, предметите од економија, спорт и сл. Поради немање на соработнички кадар, најголем дел од наставниците сами ги одржуваат вежбите по нивните предмети. Дополнително, за потребите на квалитетно одржување на лабораториските вежби, пред сѐ по предметите од областа на програмирањето, Факултетот на годишно ниво ангажира демонстратори од редот на студенти на втор и трет циклус студии.
Оптоварувањето на наставниот кадар е согласно законските одредби. Преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии) е даден во Прилог 5.3.А. Притоа може да се види дека е водено сметка за членот 161 од страна 9 и 10 од ЗВО и бројот на часовите на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.
Одлуките за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години се прикажани преку анексите на договорите за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар (Прилог 5.3.Б). Извештаите за спроведена настава се во вид на евидентни листови по предмет, каде студентите со потпис ја потврдуваат својата присутност и истите не се задолжителни да се чуваат од страна на наставниците и соработниците. Еден примерок на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.
Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.В) и истата се однесува за зголемен ангажман во администрирањето на даден предмет и тоа во случај кога еден предмет го слушаат голем број студенти.

**Прилози:**
Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии
Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)
Прилог 5.3.В. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно-научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години);<br>Линк до Билтен во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Од прегледот на ангажираност на наставниците во образовниот процес може да се забележи дека наставниците кои се во редовен работен однос и избрани во наставно-научни звања на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се максимално ангажирани по семестар. Ова донекаде може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, Факултетот максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека на сите Конкурси се пријавил само по еден кандидат (Прилог 5.4.Б) кој ги исполнувал условите согласно Правилникот (Прилог 5.4.А).

Прилог 5.4.В дава преглед на ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.

**Прилози:**

Прилог 5.4.А. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години

Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој, покрај другото, се регулира и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кампус 2 на Факултетите за природни, технички и биотехнички науки располага со простор од вкупно 14.220 $m^2$, 4 амфитеатри со вкупен капацитет од 576 места за седење, 15 предавални со вкупен капацитет од 630 места за седење, 54 кабинети за академскиот кадар, 15 компјутерски училници, 9 лаборатории, 1 спортски објект со вкупен капацитет од 400 седишта, 2 објекти за практична настава, книжарници, библиотеки и простории за студентски прашања. Вкупниот капацитет на седишта изнесува 2921 седиште.

На Факултетот за информатика има вкупно 3 компјутерски училници, секоја со површина од 60.2 $m^2$ и 30 расположливи седишта. Наставната програма во Штип се одвива на Кампус 2 во 2 амфитеатри со вкупна површина од 179.1 $m^2$ и 155 расположливи седишта, 3 предавални, секоја со 48 расположиви седишта и вкупна површина на сите три од 150.6 $m^2$ и една просторија за Институтот за информатика со 56.1 $m^2$ и 30 расположливи седишта (Прилог 5.5.Д). Факултетот располага со 11 кабинети за наставно-научен и соработнички кадар. Во рамките на Факултетот и Кампус 2 почна да

функционира УГД Makerspace лабораторија сместена во две простории со вкупна површина од 70 $m^2$.
Во последните 3 години набавена е нова опрема, пред сè за потребите на УГД Makerspace, преку Фондот за иновации и технолошки развој (Прилог 5.5.В), додека постарата функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема на Факултетот е наведена во Прилог 5.5.Б.
Во рамките на Факултетот функционираат и 6 лаборатории и 1 институт кои се занимаваат со научна и апликативна дејност:

- Лабораторија за дигитални ресурси и отворен пристап
- Лабораторија за роботика и интелигентни системи
- Лабораторија за компјутерска безбедност и дигитална форензика
- Лабораторија за статистика, квантитивни истражувања и примени
- Лабораторија за сеизмологија и земјотресно инженерство
- Лабораторија за геоматика
- Институт за информатика

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има обезбедено пристап до електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation,  ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог 5.5.Г).
Воспоставувањето на меѓународна мрежа и партнерство со 8 европски универзитети во рамките на меѓународната алијанса ACE2EU, овозможува подготовка и реализација на заеднички научноистражувачки проекти и пристап до опремата што ја имаат овие универзитети за научноистражувачка работа.

**Прилози**
Прилог 5.5.А. Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип
Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата
Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање)
Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата
Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини. Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар;<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Факултетот за информатика нуди можност за професионален развој на наставниот кадар, најпрвин преку можноста кадарот да користи платени отсуства од неколку денови за учество на различни обуки, работилници, тренинзи, учество на конференции, школи, мобилности за предавање и сл. Овие отсуства мора да бидат одобрени на Наставно-научниот совет на Факултетот. Обуките и тренинзите на наставниот кадар во периодот на самоевалуација финансирани од други установи/институции/организации/програми/проекти се прикажани во Прилог 5.6.А. Дополнително наставниот кадар има право на подолги отсуства со одобрување на ННС, при што може да се користи една година платено отсуство и следните две неплатено отсуство. Најчесто отсуство до една година се дава како работна година за наставникот да продолжи стручно да се усовршува и да работи на некој друг универзитет во светот и оваа привилегија може да се користи еднаш на секои 5 години.
Дополнително, од 2023 година Универзитетот финансира 30750 денари годишно на наставник или соработник за публикуван труд, со плаќање на котизација или учество на конференција, сè со цел да се унапреди научноистражувачката работа на УГД.

**Прилози**
Прилог 5.6.А. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Листата на визитинг наставници преку Еразмус+ програмата, поканети научници и стручњаци од практика од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиските програми од сите три циклуси е дадена во Прилог 5.7.А. Бројот не е многу голем и во иднина Факултетот треба да поработи повеќе на вклучување на стручњаци од праксата, барем од земјата во предавањата на студиските програми.

**Прилози**

Прилог 5.7.1. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Научноистражувачката работа на Факултетот за информатика опфаќа истражувања од областа на компјутерските науки, компјутерското инженерство, теоретска и применета математика, како и примена на истите во различни други области. Наставниот кадар на Факултетот за информатика учествува во повеќе меѓународни и национални проекти и нивната листа може да се види на следниот ЛИНК. Меѓународните проекти се во рамките на следните програми: Horizon, NATO SPS, билатерални проекти со Австрија, Кина и сл. финансирани од МОН, IAEA, Erasmus+, COST акции, TEMPUS и проекти финансирани од УГД.

Факултетот за информатика и Универзитетот „Гоце Делчев“ ја поттикнуваат научноистражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар, како и на студентите од втор и трет циклус, на различни начини. Прво, за сите нив се доделуваат парични годишни награди и признанија за научни активности, регулирани со Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) и други акти од Индикатор 5.11.

Студентите од втор и трет циклус дополнително се мотивираат, бидејќи со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Б) студентот е обврзан да публикува најмалку еден научноистражувачки труд за да се стекне со право за одбрана на магистерски труд. Студентите на трет циклус во трет семестар (Компјутерски науки и инженерство) имаат Пилот истражувачки проект од 30 кредити за кој кредитите се стекнуваат преку дополнителни активности на следниот начин:

- Објавување на труд во списание со фактор на влијание (Web of Science) – 30 ECTS
- Објавување на труд во реномирано научно списание и конференција, индексирани во SCOPUS, DBLP, MathZentralBlatt, MatSciNet - 15 ECTS
- Објавување на труд во реномирано научно списание, индексирано во Ebsco, Emerald, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank - 10 ECTS
- Објавување на труд во зборник на меѓународна научна конференција во земјата и странство – 5
- Објавување на труд во научно списание – 5 ECTS
- Меѓународна мобилност најмалку еднонеделен престој (задолжителна) – 10 ECTS.

**Прилози:**

/

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Уште од основањето на УГД, наставниот и соработничкиот кадар ја користат Moodle LMS платформата во вид на студентски сервис Е-учење, прв за студентите од прв циклус, а потоа и за оние од втор и трет циклус, како што се акредитираа новите програми. Оваа платформа овозможува креирање на курсеви; додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.); спроведување на електронски колоквиум и испит; автоматско оценување; правење анкета, работилница; календар на активности; преземање, преглед и оценување на семинарски задачи; следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето; менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања; снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии; ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки); онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до

соодветните курсеви и сл.
Од ковид-1 пандемијата, УГД започна да ја користи и Microsoft Teams платформата за спроведување тогаш (заклучно со 2021/2022) на целосна онлајн настава и полагање на колоквиуми и испити, а денес само за хибридна настава и одржување на онлајн состаноци по потреба на наставниот кадар. Дополнително на ФИ од 2024 година постои УГД Makerspace лабораторија (опрема во Прилог 5.5.В) која се планира да се стави во служба и на наставата, а не само на науката.
Програмерските предмети користат најразличен тип на софтвер и нови технологии, а и при секоја реакредитација на програмите се прави модернизирање на предметите за да се остане во тек со новите технологии. Понекогаш во рамките на некои предмети студентите работат на реални проблеми и задачи, а по потреба и на сервисите и апликациите потребни за функционирање на УГД (види Индикатор 3.3 и 6.4). Еве уште еден пример: по предметот Мултимедија група студенти направија целосно брендирање на УГД Makerspace и изработка на флаери, банери, веб-страница и сл., која дополнително ќе биде пуштена во употреба.

**Прилози:**
/

| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5 % од објавените публикации во последните три години). |
|---|---|

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 5.10.А). Во Правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците / учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД".
Редовна проверка на учебниците / учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијаризмот: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25 %.
Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува".
Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.В).
Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција.
Секој учебник / учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијатизам, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори (Прилог 5.10.Г).
Проверката за плагијатизам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови на линкот Плагијати.
Проверката за плагијатизам на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.
Во рамките на Факултетот за информатика се објавува научното списание Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI) со меѓународен уредувачки одбор. Списанието е наследник на Годишниот зборник на трудови на Факултетот за информатика при УГД, кој се објавуваше од 2012 до 2017, за во 2018 година да прерасне во меѓународно списание со меѓународен уредувачки одбор. Списанието се издава двапати годишно и е со отворен пристап, индексирано во EBSCO базата на податоци.
Сите доставени ракописи се предмет на двојна „слепа" рецензија од најмалку двајца рецензенти, непознати за авторите, а за рецензентите авторите на ракописот кој го рецензираат се исто така непознати. Рецензентите се назначуваат од уредувачкиот одбор на доброволна основа.

**Прилози**
Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип; Универзитетски гласник број 60, 98-107
Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма; Универзитетски гласник број 60, 108-112
Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма; Универзитетски гласник број 60, 113-130
Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научно-истражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој Правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на тимови од вработените.
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научноистражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да можат да бидат индексирани во различни бази.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**
Прилог 5.11.А. ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 5.11.Б. ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип
Прилог 5.11.В. ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Г. Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024
Прилог 5.11.Д. ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 5.11.Ѓ. ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |

Усогласеноста на научноистражувачката работа со локалните, регионалните и националните развојни цели се гледа и од работата на наставно-научниот кадар во многу меѓународни и национални проекти, од објавените трудови во релевантни научни списанија и конференции, дадени во Индикаторот 5.2. Во рамките на Годишните награди што ги доделува УГД на Денот на науката, можат да се издвојат следните добитници: Лимонка Коцева Лазарова со Награда за научна продуктивност од областа на Природни науки за 2022 година и Александра Стојанова Илиевска со Награда за научна продуктивност од областа на Технички науки за 2022 година. Дополнително секоја година наставници од ФИ добиваат финансирање од МОН за научноистражувачки трудови објавени во списанија со импакт фактор (на пример, ЛИНК).
Покрај наградите, нашиот насловен доцент Светлана Кордумова Трајанова својата научноистражувачка работа ја претвори во призната AI фирма Pixyle.ai која е успешна и во регионални рамки.
Веќе две години по ред Факултетот за информатика е коорганизатор на „Entrepreneurship Booster Week for Startups“ во

| |
|---|
| Штип во соработка со Универзитетот во Луцерн, Швајцарија, за помагање на фирмите и старт-апите од Источна Македонија со различна експертиза поврзана со брендирање, изработка на бизнис план, дигитален маркетинг, умрежување и слично.<br>На почетокот на 2025 година на ФИ се воспоставува и Бизнис акцелератор, а со учеството во рамките на проектот EDIH Innofeit (2025-) Факултетот прави клучен чекор кон изградба на инфраструктура која ќе овозможи поврзување со стопанството и поддршка на бизнисот, а на своите студенти да им даде можност за дополнителна обука за меки вештини и поддршка за реализација на нивните претприемнички вештини.<br>И на крај, со интернационализацијата на Факултетот и УГД, и со воспоставувањето на меѓународната алијанса ACE2EU во декември 2024 година, градот Штип станува дом на многу интернационални студенти кои ќе придонесуваат кон економскиот раст на градот, но и кон научноистражувачката работа на УГД. Можностите за развој на joint и double degree магистерски и докторски програми во рамките на Алијансата, дополнително ќе придонесе за универзитетски, локален, регионален и национален економски и научен развој. |
| **Прилози:**<br>/ |

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој е сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години;<br>Финансиски извештаи од претходните три години;<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа). |
| Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.<br>Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А), а динамиката на вкупниот буџет на Универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.<br>Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25 % од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55 % и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.<br><br>**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**<br>Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.<br>Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).<br>Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од МОН е 45 % од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2 %.<br><br>**Средства од сопствени приходи**<br>Средствата од сопствените приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава. | |

Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 до 2021 година изнесувала 38.71 %, додека за период 2021-2024 изнесува 38.25 %.

**Средства од научни проекти**

Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средства кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.

Зголемувањето и стабилноста во средствата добиени од научни проекти се должи на зголемените напори на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учеството на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек е 5,5 % од буџетот на УГД.

Според податоците за просечната процентуална застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4,1 %, додека за периодот на евалуација 2021-2024 година изнесуваат 5,5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**

За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.

Процентуално просечните приходи во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56 %, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17 %. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**

Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024

Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*

Факултетот за информатика располага со вкупен простор од 636.4 m$^2$, 2 амфитеатри со вкупна површина од 179.1 m$^2$ и капацитет од 250 седишта, кои се во сопственост на Универзитетот (Прилог 5.5.Д). Наставната програма се одвива во 3 предавални и просторијата на Институтот за информатика кои имаат вкупна површина од 206.7 m$^2$ и вкупен капацитет од 174 седишта. Факултетот има вкупно 3 компјутерски училници со површина од 180.6 m$^2$ и 90 седишта расположливи седишта. Во рамките на Факултетот и Кампус 2 почна да функционира УГД Makerspace лабораторија сместена во две простории со вкупна површина од 70 m$^2$.

*Студентски прашања и кабинети*

Факултетот има студентски прашања со површина од 20 m$^2$. Факултетот располага со 11 кабинети за наставно-научен кадар.

*Видови опрема*

Во последните 3 години набавена е нова опрема, пред сè за потребите на УГД Makerspace, преку Фондот за иновации и технолошки развој (Прилог 5.5.В), додека постарата функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема на Факултетот е излистана во Прилог 5.5.Б.

*Информатички ресурси за учење на далечина*

Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетната реализација на студиските програми спаѓаат: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта, Е-репозиториум, Е-библиотека, Е-распоред, Академски календар и др.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи: електронски упис на семестар, електронска заверка на семестар, електронско пријавување на испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати,

електронска огласна табла, перманентна електронска комуникација, електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар, електронско учење и многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.
**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во Е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1081 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 444 260 корисници, а од регистрираните корисници направени се 551 880 симнувања на насловите кои се наоѓаат во Е-библиотеката (прочитано на 28.11.2024 година). Факултетот има вкупно 59 наслови од кои дел се книги, а дел учебни помагала како скрипти и збирки со задачи.
**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата.
**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство).
**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела, како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на Универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет. Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23090* содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 28.11.2024 година). Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18.379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4711 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатил со над 1100 нови наслови.
**Е-учење или Moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за: постојана употреба на ИКТ во наставата; креирање на курсеви; додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.); спроведување на електронски колоквиум и испит; автоматско оценување; правење анкета, работилница; календар на активности; преземање, преглед и оценување на семинарски задачи; следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето; менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања; снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии; ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки); онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.
**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научноистражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.
**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите

административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.
**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.
**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите, но главно само до просториите на приземјето. Обезбедени се посебни места на паркингот на Кампус 2.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/ административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Факултетот за информатика во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 3 лица, од кои сите извршуваат административни работи. Помошно-техничкиот персонал на Факултетот се води под Универзитетот.
Факултетот за информатика во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 3 лица за извршување на административните работи, од кои 1 е магистер, а 2 се со висока стручна спрема (Прилог 6.3.А). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата, во Ректоратот, а само 3 се распоредени на Факултетот.

Административниот кадар на ФИ во својата работа ги земаат предвид потребите на различната студентска популација (вонредни и вработени студенти, студенти од странство, студенти со посебни потреби и сл.) и најчесто комуникацијата со нив се одвива преку електронска пошта, телефон или апликации како Microsoft Teams, Messenger или Viber. За студентите со посебни потреби Универзитетот има обезбедено посебни паркинг места и делумна пристапност до просториите за учење, лабораториите и службите лоцирани на приземјето на Кампус 2.
Листата на вработени во административниот кадар на ФИ кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите во Прилог 6.3.Б и нивниот број е 1 во периодот на самоевалуација.

**Прилози**
Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024
Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

На Факултетот за информатика студентите од сите циклуси на студии активно се вклучени во голем број научноистражувачки проекти, како меѓународни и билатерални, но и во интерни и апликативни проекти. Во периодот на самоевалуација до 2019 функционираше и фондот на наука на УГД. Правило е за сите проекти од фондот за наука, но и за билатералните проекти од МОН, да има вклучено барем еден докторант и еден студент на втор циклус. Во рамките на интерните проекти (апликативни), студентите беа вклучени во изработка на следните системи на УГД: Апликација за превоз на вработени, Е-репозиториум, Е-библиотека, УГД scholar, УГД Журнали, Модул за електронско пријавување на студенти на втор и трет циклус активен за време на уписите итн.
Во текот на **2021/2022** на Факултетот за информатика има 14 научноистражувачки трудови објавени во списание или презентирани на конференции во кои како коавтори учествувале студенти на ФИ. Изразено во проценти научноистражувачки трудови објавиле 1.81 % (7 од 386) на прв циклус, 20 % (2 од 10) на втор циклус и 100 % (2 од 2) на трет циклус.
Во текот на **2022/2023** на Факултетот за информатика објавени се 12 научноистражувачки трудови со студенти како коавтори. Изразено во проценти биле ангажирани 0.80 % (3 од 373) на прв циклус, 33.33 % (3 од 9) на втор циклус и 50 % (2 од 4) на трет циклус.
Во текот на **2023/2024** на Факултетот за информатика се реализирани 3 научноистражувачки проекти, од кои 2 билатерални финансирани од МОН и 1 интерен на Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика. Во овие проекти биле вклучени 2 студенти на прв циклус, 2 на втор и 1 на трет циклус. Во научноистражувачки трудови објавени во списание или презентирани на конференции учествувале 7 студенти. Изразено во проценти биле ангажирани 0.51 % (2 од 390) на прв циклус, 100 % (3 од 3) на втор циклус и 33.33 % (2 од 6) на трет циклус.
Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во периодот на евалуација е прикажана во Прилог 6.4.А, а во Прилог 6.4.Б е дадена листа на студенти ангажирани на интерни и апликативни проекти.

**Прилози**
Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии
Прилог 6.4.Б. Листа на студенти кои биле ангажирани во интерни и апликативни проекти од сите циклуси на студии

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку Е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на

практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб-локација
https://ckr.ugd.edu.mk/
Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:

- Кариерно истражување и олеснување при донесување одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, релевантно работно искуство од полето на интерес;
- Искуство од учење коешто ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите;
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот;
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство коешто го бараат работодавците;
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV; Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на пракса по дипломирањето;
- Вмрежување и создавање на професионални контакти; Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

178 студенти од цел универзитет добиле поддршка од Центарот за кариера.
Факултетот за информатика има потпишано меморандуми за соработка со 683 фирми, организации и школи, каде студентите реализираат пракса (2.6.Б). Во овие фирми **117** студенти реализирале пракса во 2021/2022, **249** во 2022/2023 и **165** во 2023/2024 (Прилог 2.6.А).

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб-локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17 000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област можат да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:

- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.

- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Целта на настанот беше преку предавање да се посочуваат клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.

Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози**
/

| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира Студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка, како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |
|---|---|

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420) (Прилог 1.4.А).
Учеството на студентите во ННС на Факултетот за информатика е прикажано со Прилог 2.4.Б, а во Одборот за соработка и доверба со јавност во Прилог 2.4.А. Студентите учествуваат и во Универзитетскиот сенат (Прилог 2.4.Г).
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во Прилог 6.7.А, а извештај од последните спроведени избори во Прилог 6.7.Б. Одлуката за избор на студентски правобранител односно негов заменик е прикажана во Прилог 6.7.В.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени активностите прикажани во Прилог 6.7.Г.
**Факултетот** исто така одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти кои се дадени во прилог 6.7.Д.

**Прилози**
Прилог 6.7.А. Одлука за избор на членови на Факултетско студентско собрание
Прилог 6.7.Б. Извештај од последните спроведени избори на членови на Факултетското студентско собрание
Прилог 6.7.В. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик
Прилог 6.7.Г. Приказ на поддржани активности на студенти поддржани од Универзитетски културен и спортски центар
Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на Факултетот

| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страница. |
|---|---|

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентните начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и веб, а сите негови активности можат да се проследат на веб-локацијата https://coj.ugd.edu.mk/index.html.
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб-страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од Универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година и е транспарентно објавен на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/

Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта и сл. студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.
**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб-страница на следните линкови:

- Веб-страница – https://fi.ugd.edu.mk
- Водич за прв циклус на студии – https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic
- Водич за втор циклус на студии – https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/
- Школа за докторски студии – https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
- Вести и настани – https://fi.ugd.edu.mk/вести/
- Конкурси – https://fi.ugd.edu.mk/интерни-конкурси/
- Стипендии – https://fi.ugd.edu.mk/стипендии/
- Пракса и вработување – https://fi.ugd.edu.mk/пракса-и-вработување/
- Информатори – https://fi.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Informator-2024-WEB-Informatika.pdf

Дополнително за информирање на студентите Факултетот за информатика ги користи и своите профили на социјалните мрежи:
https://www.facebook.com/fi.ugd/
https://www.instagram.com/fi.ugd/

Публикации од учебници и учебни помагала достапни се на УГД Е-библиотека (**1046 наслови**).
Е-репозиториум на УГД содржи над 22 320 содржини публикувани трудови, книги, мографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД.

**Прилози:**
/

## Стандард 7- Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации;<br>Акт за регулирање (доколку е применливо);<br>Доказ дека системот е функционален. |

Универзитетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, и тоа на различни начини.
Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевалуација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер.
Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.Ѕ – 1.2.Л).
Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е сè уште во фаза на тестирање.
Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот

| | |
|---|---|
| или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.<br>Податоците од електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл.<br>За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научноистражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и ги вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците, како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот. |
| Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог-мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.<br>Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрвин Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и Централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.<br>Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на Комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.<br>Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и Универзитетскиот сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.<br>Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.2.А. Одлука за избор на Комисија за самоевалуација на единицата<br>Прилог 7.2.Б. Одлука за избор на студенти членови на ННС<br>Прилог 7.2.В. Извештај за структурата на студентите за учебната 2021–2024 | |
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

На универзитетската веб-страница и на факултетската веб-страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.
Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб-порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).
Во периодот 2021-2024, Факултетот за информатика беше домаќин на повеќе одржани состаноци, натпревари и семинари (Прилог 7.3.А). Еднаш годишно се одржува семинарот „Ден на диференцијалните равенки“, во чест на академик Благој Попов, кој прв во 1952 година одбранил докторска дисертација од областа на диференцијалните равенки. Во партнерство со Академијата за роботика и иновации од Скопје, Факултетот беше и коорганизатор на натпреварот FIRST LEGO League, кој се одржа на 26 февруари 2022 година, во СОУ „Гошо Викентиев“ во Кочани.

**Прилози:**
Прилог 7.3.А. Листа на значајни настани и активности

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практика за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).
Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци, како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.
Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.
Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.
За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник-раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.
Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.
Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за

| |
|---|
| електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.<br>За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво.<br>Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.<br>Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.<br>Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика прави повремени скенирања на мрежата и веб-сервисите на Универзитетот и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.<br>Прилог 7.4.В дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7. |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци<br>Прилог 7.4.Б. Павилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/<br>Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/ | |

УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно и лесно достапни и на следните социјални мрежи:
https://www.facebook.com/ugdstip
https://www.instagram.com/ugdstip/
https://www.youtube.com/user/UGDSTIP
https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA
Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и онлајн на следната веб-локација
https://coj.ugd.edu.mk/eho.html

Сите вести, настани, конкурси и слично на Факултетот за информатика се објавуваат на веб-страницата на ФИ на следните линкови:

- Вести и настани – https://fi.ugd.edu.mk/вести/
- Конкурси – https://fi.ugd.edu.mk/интерни-конкурси/
- Стипендии – https://fi.ugd.edu.mk/стипендии/
- Пракса и вработување – https://fi.ugd.edu.mk/пракса-и-вработување/

Дополнително за информирање на студентите Факултетот за информатика ги користи и своите профили на социјалните мрежи:
https://www.facebook.com/fi.ugd/
https://www.instagram.com/fi.ugd/

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти, како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот; 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година; 8. Завршна сметка; 9. Годишен извештај; 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони; 13. Етички кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://fi.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/Statut_FI_UGD.pdf

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
Прв циклус: https://fi.ugd.edu.mk/first-cycle-mk/
Втор циклус: https://fi.ugd.edu.mk/second-cycle-mk/
Трет циклус: https://fi.ugd.edu.mk/third-cycle-mk/

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 118

Изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 430
Универзитетски гласник број 36, страна 433
Универзитетски гласник број 37, страна 42
Универзитетски гласник број 38, страна 8
Универзитетски гласник број 38, страна 68
Универзитетски гласник број 39, страна 10
Универзитетски гласник број 39, страна 13
Универзитетски гласник број 39, страна 22
Универзитетски гласник број 39, страна 25
Универзитетски гласник број 39, страна 79
Универзитетски гласник број 43, страна 80
Универзитетски гласник број 49, страна 13
Универзитетски гласник број 49, страна 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
https://fi.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/DelovnikFI.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, страна 516-528
Универзитетски гласник број 43, страна 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, страна 20-34
Универзитетски гласник број 48, страна 23-31
Универзитетски гласник број 49, страна 40-42
Универзитетски гласник број 51, страна 9-24
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со Законот за изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, страна 71-80
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование
Универзитетски гласник број 54, страна 25-35
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 55, страна 10-11
Универзитетски гласник број 58, страна 14-15
Универзитетски гласник број 59, страна 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, страна 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот
Прилог 8.2.А ги листа сите линкови;

7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/raspored-fi-neparen-2024-25.pdf

8. Завршна сметка;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf

9. Годишен извештај;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf

10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони;
https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/

13. Етички кодекс.
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf

**Прилози:**
Прилог 8.2.А. Листа со линкови до одлуки за последен избор во звање за секој наставник и соработник на ФИ

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб-страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб-страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Преку Школата за докторски студии при УГД ги објавува сите информации кои се однесуваат на докторските студии на веб-локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
Пред одбрана на секоја докторска дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за Соопштенија на веб-локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации можат да се проследат на линковите:
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/

Резултатите од научноистражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

Известување за одбрана на докторска дисертација на Лавдим Бекири:
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/230303-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/
Работен состанок за проектот „Роботика и инклузија на ученици со попреченост во специјалното образование":
https://fi.ugd.edu.mk/роботиката-во-функција-на-инклузија-н/
Подигање на свеста за сајбербезбедност на новозапишаните студенти на Факултет за информатика:
https://fi.ugd.edu.mk/подигање-на-свеста-за-сајбер-безбедно/
Ден на диференцијалните равенки:
https://arhiva.ugd.edu.mk/index.php/nauka-life/item/1702-den-na-diferencijalnite-ravenki

Прилог 8.3.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8.

**Прилози:**
Прилог 8.3.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алиансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат пракса во некоја европска фирма и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитето има и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб-страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите можат да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата.

На Факултетот за информатика има назначено Еразмус+ координатор и тоа по должност е продеканот за наука и меѓународна соработка. Негова должност е одобрувањето на избраните предмети и еквиваленцијата на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.Б).

Десет студенти на прв циклус на Факултетот за информатика користеле Еразмус+ мобилност за последните три академски години (Прилог 9.1.А). Во 2021/2022 6 студенти (од 386 студенти) или 1.55 %, а во 4 (од 373) во 2022/2023 или 1.07 % користеле Еразмус+ мобилност. Студентите од втор и трет циклус не користеле мобилност.

Од Факултетот за информатика нема студенти кои користеле мобилност за пракса во изминатите три академски години за сите циклуси на студии.

**Прилози:**

Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии

Прилог 9.1.Б. Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ECTS

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн.) |

Во Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (2022-2025) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик.

Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и проректор за меѓународна

соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.
На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.

**Прилози:**
Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година
Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност и слично, а во иднина и од Алијансата ACE2EU. Дополнително од 2022/23 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 30750 денари годишно (основен услов е публикуван труд). Девет наставници користеле средства од овој фонд во 2022/23 и 17 наставници во 2023/24.
Наставниот кадар на Факултетот за информатика е вклучен во 2 билатерални меѓународни проекти, финансирани од МОН, кои започнаа од јануари 2024:
1. Mileva, Aleksandra and Koceski, Saso and Stojanov, Done and Stojkovic, Natasa and Velinov, Aleksandar and Kukuseva, Maja and Anceva, Milka and Chibisheva Noveska, Aleksandra (01.01.2024-31.12.2025) Securing FHIR Servers: Security Evaluation and AI-Driven Medical Data Analysis and Simulations for Enhanced Healthcare Service, Билатерален проект со Австрија.
2. Lukarevski, Martin and Trencevski, Kostadin and Gorgiev, Stevo and Huseini, Admir (01.01.2024-31.12.2025) ESTIMATES FOR ELLIPSOIDS IN CLASSICAL AND NON-EUCLIDEAN GEOMETRIES, Билатерален проект со Австрија.

Во периодот на самоевалуација, наставниот кадар поединечно дополнително бил вклучен и во следните научноистражувачки проекти:
1. Information Hiding Patterns Project
2. Computer methods for study and construction of the combinatorial objects, Bulgarian Science Fund under Contract KP-06-H62/2/13.12.2022, Bulgaria.
3. LBMC-4: un microcontrôleur multicoeurs parallélisant, Financement CNRS Innovation (2021-2023), France.
4. Meassurement, Processing and Interpretation of ambient vibrations on several bridges in Belgrade, Serbia. Cooperative research Univ. Goce Delcev Stip and Faculty of Technical Sciences at Univ. of Novi Sad. Principal co-researchers Vlado Gicev and Borko Bulajic
5. The Role of Foundation Flexibility in the Earthquake Response of a Modern Tall Building. Collaborative project with M.D. Trifunac, Strong Ground Motion group at University of Southern California, Los Angeles and Maria Todorovska, Civil Engineering Dept at Tianjin University, Tianjin, China

Наставниот кадар на Факултетот за информатика во периодот на самоевалуација бил вклучен во 14 Еразмус+ проекти и во 14 COST Акции (Прилог 9.3.Б).

**Прилози:**
Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.)
Прилог 9.3.Б. Листа на Еразмус+ проекти и COST акции во кои учествувал наставничкиот кадар на ФИ

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми); |

| | |
|---|---|
| | Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Прилог 9.4.А ја прикажува листата на потпишани договори за меѓународна соработка помеѓу Факултетот за информатика и други универзитети и институции, со вкупно 134 договори.

Факултетот за информатика е традиционален коорганизатор на меѓународната конференција со интернационално учество „Интернационална конференција за информациска технологија и развој во образованието (ИТРО)“. Партнер институција е техничкиот факултет „Михајло Пупин“ од Зрењанин, Република Србија. Во период 2021-2024, организирани се 3 (три) конференции (Прилог 9.4.Б):

- 12-та ИТРО конференција, одржана во ноември, 2021, во просториите на Техничкиот факултет „Михајло Пупин“, Зрењанин, Р Србија.
- 13-та ИТРО конференција, одржана во ноември, 2022, во просториите на Техничкиот факултет „Михајло Пупин“, Зрењанин, Р Србија.
- 14-та ИТРО конференција, одржана во ноември 2023, во просториите на Техничкиот факултет „Михајло Пупин“, Зрењанин, Р Србија.

Веќе две години по ред Факултетот за информатика е коорганизатор на „Entrepreneurship Booster Week for Startups“ во Штип во соработка со Универзитетот во Луцерн, Швајцарија, за помагање на фирмите и старт-апите од Источна Македонија со различна експертиза поврзана со брендирање, изработка на бизнис-план, дигитален маркетинг, умрежување и слично.

Факулетотот за информатика исто така беше коорганизатор на:

- „Меѓународната конференција за информатика и математика“, посветена на проф. д-р Смиле Маркоски, која се одржа од 21 до 23 мај, 2024 во Охрид, РС Македонија, Прилог 9.4.Б и Прилог 9.4.В.

Дел од наставниците на Факултетот за информатика зедоа активно учество на формите на меѓународна соработка (Прилог 9.4.В).

Факултетот за информатика е вклучен во шест CEEPUS мрежи:

- HU-0028-18-2425: Active Methods in Teaching and Learning Mathematics, Informatics and their Applications;
- BG-1103-08-2324: Modelling, Simulation and Computer-aided Design in Engineering and Management;
- PL-1509-04-2324: (Umbrella) Internet of Things and Teleinformatics - ITT network;
- RO-0202-17-2324: Implementation and utilization of e-learning systems in study area of production engineering in Central European Region
- RS-0065-18-2324: Intelligent Automation for Competitive Advantage
- RS-1815-01-2324: Greening Project Management for a Sustainable World: Developing and Empowering a New Generation of Changemaker

Во перидот 2021-2024, Факултетот за информатика зема активно учество на полето на мобилност и размена на наставници/соработници преку ERASMUS+ програмата (Прилог 9.4.Б и Прилог 9.4.В). Вкупно 10 студенти од странство реализирале мобилност на Факултетот за информатика (Прилог 9.4.Г). Во периодот 2021-2024, четири наставници од Факулетот за информатика реализирале мобилност преку програмата ERASMUS+ на друг европски универзитет (Прилог 9.4.Д), а Факултетот беше домаќин на вкупно четиринаесет наставници од странство (Прилог 2.5.А).

На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Ѓ).

Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат.

**Прилози:**

Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+

Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)

Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)

Прилог 9.4.Г. Број и информации за студенти од странство кои реализирале Еразмус+ мобилност на ФИ

Прилог 9.4.Д. Број на наставници кои искористиле Еразмус+ мобилност

Прилог 9.4.Ѓ. Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови; |

| | Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
|---|---|

Во периодот на самоевалуација на Факултетот за информатика нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата, освен професорите со Еразмус+ мобилност и поканети (Прилог 2.5.А), ниту пак има наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови.
На прв циклус на студии на ФИ во периодот 2021-2024 биле запишани 97 странски студенти, од кои 43 на програмата на англиски јазик, а останатите на програмата на македонски јазик (Прилог 9.5.А). На втор циклус нема запишани странски студенти.

Прилог 9.5.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9.

**Прилози:**
Прилог 9.5.А. Број на запишани странски студенти по студиска програма за сите циклуси на студии во изминатите три години
Прилог 9.5.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9

**Факултетска комисија за самоевалуација:**

1. Вонр. проф. д-р Билјана Златановска
2. Вонр. проф. д-р Доне Стојанов
3. Вонр. проф. д-р Мартин Лукаревски
4. Александар Богатинов – студент
5. Тамара Ристова – студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј „Димитар Влахов“ бр. 4,
II-Кат, Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | **Факултет за природни и технички науки** |
| **Седиште** | ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| **Контакт информации** | contact.fptn@ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт - информации)** | Проф. д-р Ѓорги Димов, декан<br>gorgi.dimov@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт - информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на Министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум　　　　　　　　М.П.　　　　　　　　овластено лице на установата
(потпис)

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет за природни и технички науки |
| Седиште | ул. „Крсте Мисирков“ бр 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| Веб - страница | https://fptn.ugd.edu.mk/index.php/mk/ |
| Мисија и визија на установата | Факултетот за природни и технички науки е научно-образовно институција во составот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Едуцира кадри на додипломски, магистерски и докторски студии. Тој е единствениот факултет во Република Северна Македонија кој образува кадри од областа на рударството и геологијата, и еден од ретките факултети кој едуцира инженери и од други области, и тоа: пејзажна архитектура, дизајн на ентериер и мебел, индустриска логистика, инженерство за заштита на животна средина. Мисијата на факултетот е да го поттикнува развојот на когнитивни и трансфера билни вештини кај студентите, потребни за поголема продуктивност и долгорочен професионален развој. Студиските програми овозможуваат усвојување на специјалистички знаења во соодветната струка преку теориска и практична настава која се реализира низ теренски, кабинетски и лабораториски вежби. Студиите се мултидисциплинарни, но и конкретни - тие ги подготвуваат младите кадри за решавање на најразлични проблеми во практиката.<br>Визија на Факултетот за природни и технички науки е да биде препознатлива високообразовна установа во областа инженерството и дизајнот во земјата и пошироко во регионот, спроведувајќи ги највисоките стандарди во наставата, науката и применетите истражувања. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев" – Штип<br>Јавна установа<br>Матичен број: 4064682<br>Шифра на дејност: 85.42 - високо образование |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Факултетот ја започна својата работа во 1977 година со Закон за основање Рударско – геолошки факултет објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 30 – страница 599.<br>На 07.06.2007 година е донесена Одлука бр. 862 за спојување на Факултетот за Рударство, геологија и политехника „Св. Гаврил Лесновски” во Штип со Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.<br>На 12.12.2008 година е донесена одлука бр 0210-145/166 за промена на називот на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во назив: **Факултет за природни и технички науки.**<br><br>**Прв циклус**:<br>• Геологија<br>• Рударство<br>• Инженерство за заштита на животна средина<br>• Индустриска логистика<br>• Дизајн на ентериер и мебел<br><br>**Втор циклус**:<br>• Дизајн на ентериер и мебел<br>• Геологија и геофизика<br>• Хидрогеологија<br>• Инженерство за заштита на работна средина<br>• Инженерство за заштита на животна средина<br>• Наоѓалишта на минерални суровини<br>• Петрологија, минералогија и геохемија<br>• Подготовка на минерални суровини<br>• Подземна експлоатација<br>• Површинска експлоатација<br>• Пејзажна архитектура |

| | |
|---|---|
| | **Трет циклус**:<br>• Хидрологија и геотехника<br>• Инженерство за заштита на животна средина<br>• Инженерство за заштита на работна средина<br>• Подземна експлоатација<br>• Подготовка на минерални суровини<br>• Наоѓалишта на минерални суровини<br>• Петрологија, минералогија и геохемија<br>• Површинска експлоатација<br>• Геологија и геофизика |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 27 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус - 89<br>II циклус - 17<br>III циклус - 5 |

*Развој на единицата*

Факултетот за природни и технички науки е научно-образовно институција во составот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Едуцира кадри на додипломски, магистерски и докторски студии. Тој е единствениот факултет во Република Македонија кој образува кадри од областа на рударството и геологијата, и еден од ретките факултети кој едуцира инженери и од други области, и тоа: дизајн на мебел и ентериер, индустриска логистика, инженерство на животна средина, како и идни по географија.

Студиските програми овозможуваат усвојување на специјалистички знаења во соодветната струка преку теориска и практична настава која се реализира низ теренски, кабинетски и лабораториски вежби. Студиите се мултидисциплинарни, но и конкретни - тие ги подготвуваат младите кадри за решавање на најразлични проблеми во практиката.

Факултет е најстарата институција на Универзитетот „Гоце Делчев" која има традиција од 47 години. Формиран е во далечната 1977 година под името Рударско - геолошки факултет. Основна цел на неговото формирање била создавање на кадри од областа на рударството и геологијата во Р. Македонија кои ќе бидат носители на идниот развој на оваа индустриска гранка. Факултетот покрај основната дејност, создавање на високостручни кадри, го дава и својот придонес во развој на научноистражувачката дејност во областа на геологијата и рударството. Во таа насока, покрај студиите од прв (инженерски) степен, набргу се отворија и студиите од втор (магистерски) степен, понатаму се изработија и успешно се одбранија повеќе докторски дисертации од областа на рударството и геологијата, и изработија голем број на научно-истражувачки и развојни проекти.

Имајќи го сето ова предвид, Факултетот за природни и технички науки, проширен со повеќе студиски програми од областа на природните и техничките науки, и понатаму ќе претставува препознатлива високообразовна институција, која успешно ќе ја исполнува својата примарна дејност - формирање на квалитетни инженери способни да се носат со идните предизвици.

Факултетот покрај основната дејност, создавање на високостручни кадри, го дава и својот придонес во развој на научноистражувачката дејност во областа на дизајн, пејзажна архитектура, животна средина, геологијата и рударството. Во таа насока, покрај студиите од прв (инженерски) степен, набргу се отворија и студиите од втор (магистерски) степен, понатаму се изработија и успешно се одбранија повеќе докторски дисертации од областа на рударството и геологијата, и изработија голем број на научно-истражувачки и развојни проекти. Денес на Факултетот постојат шест студиски програми на прв циклус, единаесет студиски програми на втор и девет студиски програми на трет циклус.

Во рамките на Факултетот за природни и технички науки, активно функционира научно-истражувачкиот центар - лабораторијата АМБИКОН. Лабораторијата АМБИКОН посебен акцент става на научните истражувања, како и на сервисирање на потребите на индустриските компании. Комплетно е ставена на располагање на студентите од прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за природни и технички науки, за научни истражувања во рамките на изработката на нивните дипломски и магистерски трудови, како и за изработка на докторски дисертации. Отворена е за соработка со сите заинтересирани страни, универзитетски и други научно-образовни институции, медицински установи, правни и физички лица, индустриски компании за контрола на квалитетот на работната и животната средина, како и за државните институции и тела чијашто надлежност е контрола на квалитетот на работната и животната средина.

*Клучни институционални капацитети*

- Како единица којашто работи повеќе од 45 години, ФПТН има изградено човечки инфраструктурни капацитети кои соодветствуваат и го следат развојот на трите столба на универзитетот, настава, наука и апликација.
- Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства - Закон за високо образование; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност и ги следи правилата според Статутот и правилниците на Универзитетот.
- Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата.

*Области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години*

- Целите на студиските програми се во склад со основните задачи и цели на факултетот и се јасно и недвосмислено дефинирани;
- Наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење. Наставниот кадар знае да ги користи платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знае да креира квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето. Квалитетот на наставата се обезбедува преку интерактивност и вклучување на студентите во истражувачки и апликативни проекти.
- Образовниот процес се одвива според јасно дефинирани нормативи;
- Транспарентни е-механизми за оценување на студентите.

*Најголеми предизвици и недостатоци*

- Отварањето на голем број на високо образовни институти на територијата на РСМ со звучни имиња и звања, најмногу наштетија на институциите кој што традиционално образуваат високо квалификувани инженерски кадри кое го сметаме како најголем недостаток. Предизвик е да ги вратиме студентите во процесите на индустриското работење со што ќе дадеме придонес во индустрализацијата во државата, што воедно претставува и основна определба на секоја држава која има Европски аспирации (индустриско производство минимум 30%).
- Зајакнување на институционалната поддршка за зголемување на кариерните услуги и кариерниот развој на студентите.
- И покрај обезбедениот пристап до научната база Scopus од страна на Универзитетот, како еден од клучните предизвици за реализација на научно-истражувачката работа претставува обезбедување пристап до базата на податоци на Web of Science.
- Континуираната потреба од финансиски средства за поддршка на истражувачките проекти и иновациите е клучна. Зголемувањето на поддршката на национално ниво би овозможило повисок квалитет на истражувања, вклучување на врвни експерти и развој на напредни технологии кои ќе придонесат за општествениот и економскиот напредок.
- Постојан преглед на целите на студиската програма и усогласување со стекнатите компетенции и исходи од учењето, усогласување со барањата на пазарот, континуираното развивање на наставната и студиската програма, развивањето на нови видови интерактивна настава погодна за работа со мал број ученици, како и систематско следење на квалитетот на студиските програми и примена на релевантни корективни мерки, се дел од мерките кои се преземаат за унапредување и подобрување на квалитетот на стандардот.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 1.1 Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб - страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т.е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на :

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научно-истражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз која е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот од 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи(акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организационата поставеност на универзитетот е прикажана во органограмот даден во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**

Прилог 1.1.А. Организациона поставеност на Универзитетот,

| | |
|---|---|
| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб страницата на универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период 14.11.2024 до 30.11.2024, и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж).
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З)

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование („Службен весник на РМ“ бр.82/22 од 8 мај 2018)

Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.153/22 од 6 јули 2022)

Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација

Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација

Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус

Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус

Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус
Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар
Прилог 1.2.З Анкета за административен и помошно-технички персонал
Прилог 1.2.Ѕ. Резултати анкети на студенти од прв циклус на ФПТН
Прилог 1.2.И Резултати анкети на студенти од втор циклус на Кампус 2
Прилог 1.2.Ј Резултати анкети на студенти од трет циклус на Кампус 2
Прилог 1.2.К Резултати анкети на наставнички и соработнички кадар на ФПТН
Прилог 1.2.Л Резултати анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД
Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет

| | |
|---|---|
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на, Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб - страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.
Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот, и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:

- Научно-истражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научно-истражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред сè со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.
Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет.

**Прилози:**
Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан

| | |
|---|---|
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување на квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување на квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување на квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така, од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитувањето на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поддржана од Ректор, Проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД “. Со работна група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување на квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со Универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научноистражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е -1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување на квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување на квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).

Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk), и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година, и Наставно-научниот совет на факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**

Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5 Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација.<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование, и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така да покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

– за акредитација/реакредитација на студиската програма
– континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес
– даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладин сектор, и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од

претходната самоевалуација. Во извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиските програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.
Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страницата на универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.
Последен во низата извештаи е
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот Гоце Делчев во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. Весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6 Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес,<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб- страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација првпат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб - страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултета и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Прилог 1.6.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1.

**Прилози:**
Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)
Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1

**Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми**

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Со својата мултидисциплинарност, факултетот за природни и технички науки е отворен за сите заинтересирани стиденти кои сакаат да се пронајдат во некоја од студиските програни на прв циклус студии или пак да се усовршат во некоја од студиските програми на втор односно, трет циклус студии.<br>Факултетот за природни и технички науки во рамките на својата наставна дејност е посветен на високообразовна и научноистражувачка дејност во областа на рударството, геологијата, инженерство за заштита на животната средина, индустриската логистика и дизајн и ентериер на мебел.<br>Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Факултетот за природни и технички науки вклучува голем број на атрактивни студиски програми и тоа Рударство, Геологија, Инжинерство за заштита на животна средина, Индустриска логистика, Дизајн на ентериер и мебел во сите три циклуси на студии. Преку избор на една од понудените програми, студентите почнуваат со своето образование за да станат професионалци во полето на техничките дисциплини и природните науки.<br>Студиските програми ги истакнуваат нивната релевантност и добро структурираност и осмисленост за остварување на резултатите од учењето. Целите на предметите и предметните програми се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој кои им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештините што можат да се применат во нивните идни кариери и лични развој.<br>Во периодот 2021 – 2024 на ФПТН на прв циклус има акредитирано пет студиски програми (4 години, 240 ЕКТС): Геологија, Рударство, Инженерство за заштита на животна средина, Индустриска логистика, Дизајн на ентериер и мебел.<br>1. Геологија<br>2. Рударство<br>3. Инженерство за заштита на животна средина | |

4. Индустриска логистика
5. Дизајн на ентериер и мебел

Во периодот 2021 – 2024 на втор циклус студии има акредитирано 11 студиски програми (1 година, 60 ECTS): Дизајн на ентериер и мебел, Геологија и геофизика, Хидрогеологија, Инженерство за заштита на работна средина, Инженерство за заштита на животна средина, Наоѓалишта на минерални суровини, Петрологија, минералогија и геохемија, Подготовка на минерални суровини, Подземна експлоатација, Површинска експлоатација, Пејзажна архитектура.

1. Дизајн на ентериер и мебел
2. Геологија и геофизика
3. Хидрогеологија
4. Инженерство за заштита на работна средина
5. Инженерство за заштита на животна средина
6. Наоѓалишта на минерални суровини
7. Петрологија, минералогија и геохемија
8. Подготовка на минерални суровини
9. Подземна експлоатација
10. Површинска експлоатација
11. Пејзажна архитектура

Во периодот 2021 – 2024 на трет циклус студии има акредитирано 9 студиски програми (3 година, 180 ECTS): Хидрологија и геотехника, Инженерство за заштита на животна средина, Подземна експлоатација, Подготовка на минерални суровини, Наоѓалишта на минерални суровини, Петрологија, минералогија и геохемија, Површинска експлоатација, Геологија и геофизика.

1. Хидрологија и геотехника
2. Инженерство за заштита на животна средина
3. Инженерство за заштита на работна средина
4. Подземна експлоатација
5. Подготовка на минерални суровини
6. Наоѓалишта на минерални суровини
7. Петрологија, минералогија и геохемија
8. Површинска експлоатација
9. Геологија и геофизика

Студентите кои студираат на Факултетот за природни и технички науки се стекнуваат со високи компетенции, заења и вештини кои се бараат во современите компании. Практичната работа во текот на студиите, соработката со стопанството и искусниот наставнички кадар се трите основни елементи кои со сигурност придонесуваат за стекнување на високи компетенции релеватни не само на домашниот, туку и на меѓународниот пазар на трудот.

Подолу се издвоени неколку успешни приказни на студентите од прв циклус како конкретни примери на постигнати резултати:
https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-blagica-todorova/
https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-ljupce-efnusev/
https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-marija-grujoska/
https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-denis-gjorgievski/
https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-ana-mihailovska/

**Прилози:**

Прилог 2.2.А. Предметни програми и дескриптори на студиските програми за прв циклус ФПТН
Прилог 2.2.Б. Предметни програми и дескриптори за втор циклус ФПТН
Прилог 2.2.В. Предметни програми и дескриптори за трет циклус ФПТН
Прилог 2.2.Г. Линк – предметните програми и дескриптори за прв, втор и трет циклус ФПТН

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата.

Факултетот за природни и технички науки ги усогласи содржините на сите студиски програми со реалните потреби и побарувања на пазарот на труд, за примена во реални сектори во општеството. Факултетот за природни и технички науки во студиските програми од прв циклус, едуцира високостручни кадри од областа на: рударството, геологијата, индустриската логистика, инженерството за заштита на животната средина и архитектурата и дизајнот. Мисијата на факултетот е да го поттикнува развојот на когнитивни и трансферабилни вештини кај студентите, потребни за поголема продуктивност и долгорочен професионален развој, односно нивна оспособеност за решавање на проблеми од соодветната струка и примена на информациските технологии, поттикнување на самостојната работа и соработка со стручни лица од други области. Ова се постигнува со квалитетно студирање преку перманентно унапредување на организирањето на студиите и концептот на наставата, но и на

научноистражувачките и апликативните активности на Факултет за природни и технички науки во изминатите години.

Во тој контекст можеме да наведеме конкретни успешни приказни на дипломирани студенти на сите три циклуси на студии:

Како успешни приказни на студентите од прв циклус како примери на постигнати резултати се дадени во Прилог 2.2.

Додека како успешни приказни на дипломирани студенти од втор и трет циклус на студии се издвоени:

М-р Ана Михаиловска во 2024 година, успешно ја одбрани магистерската работа со наслов „Параметри на квалитет во внатрешен воздух во основни училишта во Република Северна Македонија", под менторство на проф. д-р Дејан Мираковски. Научно-истражувачкиот потенцијал на кандидатката, беше потврдено со публикација на научноистражувачки труд во меѓународно списанија со фактор на влијание:

[1] Mirakovski, D., Zendelska, A., Boev, B., Hadzi-Nikolova, M., Sijakova-Ivanova, T., Doneva, N., Boev, I., Dimov, G., Doneva, E., Mihailovska,A., (2024) Evaluation of PM2.5 Sources in Skopje Urban Area Using Positive Matrix Factorization. Environmental Modeling & Assessment. ISSN 1420-2026 / e-ISSN:1573-2967

Денес, м-р Ана Михаиловска работи како асистент на Факултетот за природни и технички науки, УГД.

Д-р Лазар Георгиев, во декември 2020 година, успешно ја одбрани докторската дисертација со наслов „Повеќефазно моделирање на оруднувањето во Боровдолскиот бакарен порфирски систем " под менторство на проф. д-р Тодор Серафимовски. Научно-истражувачкиот потенцијал на кандидатот и високите критериуми и барања за одбрана на докторска дисертација кои ги налага Факултетот за природни и технички науки, беа потврдени со публикација на повеќе научно-истражувачки трудови во меѓународни списанија:

[1] Gjorgiev, L., (2022): Typization of hydrothermal alterations in the Borov Dol deposit. Geologica Macedonica, 36(2), 177–195.

[2] Tasev, G., Serafimovski, T., Boev, B., & Gjorgiev, L. (2022): Radon and radium concentration in self-bottled mineral spring water from the public fountain "Elixir" at the Moklište area, Republic of North Macedonia. Geologica Macedonica, 36(1), 55–72.

Денес, д-р Лазар Георгиев е вработен како доцент на Факултетот за природни и технички науки, УГД.

**Прилози:**

Прилог 2.3.А. Успешни приказни на студентите како конкретни примери и резултати

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Студиските програми се изработуваат и ревидираат во соработка со студентите, во соработка со други релевантни научноистражувачки носители, а каде секоја студиска програма мора да се одобри и од факултетски Одбор за доверба со јавноста. Факултетот за природни и технички науки формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста (Прилог 2.4.А, Прилог 2.4.Б). Овој одбор го сочинуваат 2 професори од Факултетот, еден претставник на студентите, 1 претставник на Општина Штип и 1 претставник на Стопанската комора на С. Македонија. Изборот на членовите на овој одбор може да се види во Прилог 2.4.А. Од одржаните состаноци постојат и записници, кои се дадени во Прилог 2.4.Б. Програмите законски се врши реакредитација на секои 5 години, се со цел да се избегне нивно застарување.

За Факултетот за природни и технички науки, студентите се битен дел во неговото функционирање и истите се вклучени со свои претставници и во работата на ННС (Прилог 2.4.В).

Студентите имаат свои претставници и во Универзитетскиот сенат (Прилог 2.4.Г).

**Прилози**

Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност

Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма

Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС

Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/predmetni-programi/geologija.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/predmetni-programi/rudarstvo.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/predmetni-programi/inzenerstvo-zastita-zivotna-sredina.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/predmetni-programi/industriska-logistika.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/predmetni-programi/dizajn-enterier-mebel.pdf

При изготвувањето на студиските програми на Факултетот за природни и технички науки, беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Цио Тонг Универзитетот од Шангај, при што особено внимание беше посветено на анализа на сите студиски програми од сите три циклуси на усогласеност на студиските програми на ФПТН со најдобрите странски практики и искуства.

Додека линковите до предметните програми за втор и трет циклус на студиски програми со прикажана основна и дополнителна литература се дадени во Индикатор 2.2.

Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства за сите студиски програми и за сите циклуси на студии се дадени во Прилог 2.5.А

На Факултетот за природни и технички науки во периодот на самоевалуација гостувал еден наставник со Еразмус+ мобилност и избран еден насловен професор кои се дадени во Прилог 2.5.А.

Соработката со стопанството вклучува и истакнати научни експерти од стопанството кои учествуваат во наставниот и научноистражувачкиот процес.

Прилог 2.5 А. Листа на странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни.)

**Прилози:**

Прилог 2.5.А. Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните, односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Информациите потребни за очекуваното оптоварување на студентите, за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекуваното оптоварување на студентите е дадениот индикаторот 2.2.

Реализираната практична настава на студентите на ФПТН може да се види во Прилог 2.6.А. Законското барање за реализирана практична настава на студентите е вклучено во сите студиски програми на прв циклус, на следниот начин:

Во вториот, четвртиот, шесттитот и осмиот семестар во рамките на студиските програми е предвидена Практична настава кои носи 2 ECTS и 4 ECTS (осми семестар), и истата студентите ја реализираат во фирми, организации, индустриски капацитети со кој претходно ФПТН има потпишано договор за прифаќање на студенти за изведување на задолжителна практична настава (со кои ФПТН има склучено меморандуми за соработка) и на самиот Факултет.

Студиските програми од втор циклус на Факултетот за природни и технички науки планираат и очекуваат оптоварување на студентите од 60 ЕКТС во едногодишни студии (два семестри). Во секој семестар најчесто очекуваното оптоварување на студентот е по 8 ЕКТС, 6 ЕКТС и 4 ЕКТС за академската 2023/24 (по новите акредитации). За овој дел може да се погледнат последните акредитации дадени во **Прилог 2.7.**

Студиската програма Хидрологија и геотехника од трет циклус со акредитација од академската 2021/22 година има очекувано оптоварување на студентите од 30 ЕКТС по семестар со вкупно 6 семестри (три години). Во првиот и вториот семестар двата задолжителни предмети се со очекувано оптоварување за студентите по 9 ЕКТС, додека изборните се по 6 ЕКТС. Во третиот семестар е застапен само пилот истражувачкиот проект со 30 ЕКТС. Последните три семестри се посветени на изработка на докторскиот труд со соодветни очекувани оптоварувања за студентите од 30 ЕКТС по семестар. Додека останатите студиските програми од трет циклус со акредитација од академската 2023/24 и 2024/2025 година има очекувано оптоварување на студентите од 30 ЕКТС по семестар со вкупно 6 семестри (три години). Во првиот и вториот семестар задолжителни предмети се со очекувано

оптоварување за студентите по 10 ЕКТС, додека изборните се по 5 ЕКТС. Третиот четвртиот и петиот семестар се со очекувано оптоварување за студентите од 30 ЕКТС по семестар, а во шестиот семестар изработка на докторски труд од 30 ЕКТС.

Студентите изведуваат практична работа што опфаќа нивна задолжителна ангажираност од 30 дена во текот на семестарот со најмалку 1, а најмногу 8 часа на ден. Во текот на практичната работа студентите добиваат одредени конкретни работни задачи и истите ги извршуваат под менторство и постојана контрола од менторите на практичната настава и/или одговорните лица од организациите, и на тој начин стекнуваат практични знаења и вештини за што имаат теоретска основа. Во текот на реализацијата на практичната настава студентот е должен да води дневник за секојдневните активности, во кој добива потпис за реализираната дневна активност од интерниот ментор од единицата на универзитетот, како и од менторот од организацијата каде студентот ја изведува практичната настава (Прилог 2.6.А). Пред да започне со практичната настава, студентот добива документ за упатување на практика кој студентот го доставува во компанијата каде ќе ја реализира практиката и пополнува дневник за практика. Секоја генерација си има свој ментор за практика.

Ментор за генерациите 2021/22, 2022/23 и 2023/24 запишани на Факултетот за природни и технички науки за студиските програми Рударство и Геологија е вон. проф. д-р Ванчо Аџиски. Ментор за студиската програма Инжинерство за заштита на животна средина е вон. проф. Горги Димов. Ментор за студиската програма Индустриска логистика е вон. проф. Иван Боев. Како ментор за студиската програма Дизајн на ентериер и мебел е проф. д-р Васка Сандева.

**Прилози:**

Прилог 2.6.А Извештај за реализирана практична настава

Прилог 2.6.Б. Листа на фирми, организации со кои ФПТН има потпишано меморандум за соработка

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб - страница каде се објавени наведените информации.[1] |

Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии се објавени на веб - страницата на Факултетот за природни и технички науки и Школата за докторски студии на УГД на следните линковите:

https://fptn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus

https://fptn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus

https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/studiski-programi-mentori/

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Според Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми на сите три циклуси се врши на секои пет години. Студиските програми на Факултетот за природни и технички науки во поставениот период од пет години се ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, но и да се биде во тек со најновите технологии, како и да се задоволат потребите на студентите и бизнис заедницата. Во периодот на самоевалуација, само програмите за втор циклус беа реакредитирани.

Наставникот и соработникот по секој предмет користи евидентни листови во кои се содржат информации за тоа кои студенти ја посетувале наставата во одредените денови за тоа. Секој присутен студент го евидентира своето присуство со потпис на евидентниот лист во колоната предвидена за даденото предавање/вежби.

Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

**Прилози**

Прилог 2.8.А Пример на евидентен лист од еден предмет

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | |

**Е-индекс** електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни подсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани /магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии, и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие подсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации, и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.
Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 дадени во Прилог 2.9.А; Прилог 2.9.Б; Прилог 2.9.В и Прилог 2.9.Г).
Прилог 2.9.Д ја прикажува SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2.

**Прилози**

Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето

Прилог 2.9.Б. Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри, заедно со број на запишани студенти на тој предмет

Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување

Прилог 2.9.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица. Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.
На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот (Прилог 1.4.А.), како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет. Статутот на Факултетот за природни и технички науки игра улога во истото, а е објавен на линкот: statuti-fakulteti.pdf
Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб страната, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.
Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни

ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.
Понатаму, универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.
Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20% од финалната евалуација на студентите.
Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Земјоделски факултет, со исклучок за преодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се предавања, аудиториски вежби, лабораториски вежби, теренска настава, проектни активности и слично.

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата (https://moodle2.ugd.edu.mk), каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.
Наставата на сите студиски програми на Факултетот за природни и технички науки се изведува преку предавања, аудиториски и лабораториски вежби и теренска настава. Теоретската и практичната настава и останатите методи на учење, како и начинот на оценување се потполно усогласени со целите на студиската програма. Преку систематска примена на сите методи и техники на учење и оценување ќе се постигне општата цел на студиските програми организирани на ФПТН од првиот циклус на студии, а тоа е развој на професионални вештини на студентите и проучување на фундаменталните и применетите знаења од областите на добрата пракса. Однос на теоретските предавања и практичните вежби, но и посебните форми на практична настава е обезбеден доволен фонд на часови за практична наставата за воведување на студентите во суштината на практичната работа во нивната идна професија. Дополнителното вклучување на студентите во пракса преку фонд на часови предвидени за вежби и вклучување на експерти од практиката, осигуруваат доволен број на часови за практична настава, доволен фонд на часови на престој на студентите во фирмите од областа на изучување.
Предавањата се изведуваат во предавални опремени со современи телевизори кои се користат за изложување на презентациите на наставникот. Секоја предавална е опремена и со табли поради специфичноста на одредени предмети. Аудиториските вежби се изведуваат или во предавална или во компјутерска лабораторија во зависност од специфичностите и потребите на наставниот предмет. Лабораториските вежби се изведуваат главно во компјутерски лаборатории, каде се користат најсовремени софтвери достапни во тој момент за универзитетот или во лаборатории со најсовремена опрема за истражувања во насока на инженерството за заштита на животната средина. Ова може да се види од распоредите на часови, кои се прават на факултетот секој семестар дадени во Прилог 3.2.А.
Доколку на одредена студиска програма има мал број на запишани студенти (помалку од 5), наставата не се реализира со распоред на часови т.е. таа се реализира менторски. Така секој наставник, наставната програма од својот предмет ја изведува преку договор со студентот/студентите. Но, сепак и тогаш се користат предавалните, лабораториите и компјутерските лаборатории во зависност од специфичностите и потребите на наставниот предмет. Најчесто менторската настава е застапена на студиските програми Рударство и Геологија од прв циклус и на изборните предмети од втор и трет циклус.
Доколку во Прилог 3.2.А нема распоред по семестри за одредена акредитирана студиска програма од прв, втор или трет циклус, тоа значи дека наставата се изведувала менторски или немало запишано студенти.

**Прилози:**
Прилог 3.2.А. Распоред на часови за сите студиски програми во сите наставни центри (за зимски семестар 2022/2023; за зимски семестар 2023/2024; за летен семестар 2022/2023 и за летен семестар 2023/2024).

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; |

| | |
|---|---|
| ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Заради КОВИД-19 пандемијата и ублажување на последиците од истата, воедно и придржувајќи се и постапувајќи по препораките издадени од Министерството за здравство и Министерството за образование наставата во академската 2021/2022 се изведуваше хибридно, односно предавањата беа онлајн, на платформата на Microsoft Teams, а вежбите, колоквиумите и испитите се одржуваа со физичко присуство, притоа водејќи сметка за запазување на мерките за безбедност.
Досегашните извештаи за самоевалуација на УГД имаа посебно поглавје Консултации и препораки кои се користеа при процесите на реакредитација на програмите за коригирање на нотираните недостатоци и слабости.
Наставата на Факултет за природни и технички науки е базирана на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот, со цел стекнување на нови знаења, но и развој на вештини и компетенции на студентите. Најголем дел од стручните предмети на факултетот вклучуваат учење базирано на проекти, каде студентите, самостојно или тимски, се вклучени во изработка на проекти и се стекнуваат со практични вештини од областа на студиската програма. Дополнително во наставата се канат и предавања на стручњаци од практиката, кои, исто така, ги запознаваат студентите со новите технологии. Исто така, се вклучуваат предавања и презентации од професионалци кои се бават со одредена активност и придонесуваат кон практично усовршување на студентите. Дел проектите имаат реална примена, па дури се добиваат и нови научни резултати.
Заради КОВИД-19 пандемијата и ублажување на последиците од истата, воедно и придржувајќи се и постапувајќи по препораките издадени од Министерството за здравство и Министерството за образование, во учебната 2021/2022 година, наставата се одвиваше во целост, преку апликацијата на Microsoft Teams. Вкупниот број на одржани часови по студиска програма во учебната 2021/2022 изнесуваше 7020, со 100% реализација на истите преку апликацијата Microsoft Teams. Со комбиниран начин на одржување на наставата (онлајн + физичко присуство), Факултетот за природни и технички науки започна во непарен семестар, во учебната 2022/2023. Започнувајќи од парниот семестар во учебната 2022/2023, наставата на Факултетот за природни и технички науки започна да се изведува во целост со физичко присуство.
Апликацијата Microsoft Teams беше користена како примарен ресурс во одржувањето на наставата во текот на КОВИД-19 пандемијата. Истата овозможува интерактивен пристап во одржувањето на наставата и снимање на одржаните предавања, и задавање на проектни активности. Поради специфичноста на материјалот, при одржување на предавањата на Teams беа користени и електронски табли, набавени од одделот за е-учење. Исто така, онлајн се оддржуваа сите Наставно-научните состаноци, состаноци за изработка на апликативни и научни проекти итн.
Во академските 2022/2023 и 2023/2024 година, целокупната настава се изведуваше со физичко присуство.

**Прилози:/**

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.4.Б) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување” (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум од 7 поени, и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и потоа да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,

- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот (Прилог 3.4.А), како што следи:

- 10 (А) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (В) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (С) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (Е) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.

Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.

За проверката на стекнатото знаење на студентите се користи континуирано оценување и проверка преку колоквиуми и полагање на завршен испит. Во секоја предметна програма, согласно задолжителните критериуми кои треба да ги поседуваат студиските програми, за секој наставен предмет поединечно е утврден начинот на проверката на знаењата и начинот на вреднување на реализираните активности предвидени за континуирано оценување. Дефинирани се поени со кои студентот ги обезбедува преку реализација на поединечни активности кои се дефинирани во наставниот предмет. Студентот добива конечната оценка за секој наставен предмет од оваа студиска програма врз основа на континуираното следење на знаењето и извршувањето на предвидените активности и завршно оценување. Истата се формира врз основа на вкупниот број бодови кои студентот ги стекнал од континуираното и/или завршното оценување, каде максималниот број на освоени бодови е 100. Овие методи за проверка на знаење на Универзитетот ,,Гоце Делчев” во Штип има изготвено Правилник за прв циклус на студии, каде е дефинирана методологијата на оценување според ЕКТС. Студентот напредува и ја совладува студиската програма преку полагање на испити за кои што добива одреден број на ЕКТС кредити, во согласност со предложената структурата на студиската програма.

**Прилози:**

Прилог 3.4.А Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми

Прилог 3.4.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии

| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб - страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
|---|---|

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, Прилог 3.5.А – Прилог 3.5.Г).
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Д)
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѓ)
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Е)
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.Ж)
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.З)
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи..

Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб - страницата на Универзитетот.

**Прилози:**

Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти

Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

Прилог 3.5.Г. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Д. Процедура за затворање на пријави во е-индекс
Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Е. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд
Прилог 3.5.Ж. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело
Прилог 3.5.З. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Студирањето и оценувањето на студентите се врши според посебен правилник за студирање на сите три циклуси на студии и тоа:

- Правилник за студирање на прв циклус на студии (Прилог 3.4.А)
- Правилник за студирање на втор циклус на студии (Прилог 3.5.Б)
- Правилник за студирање на трет циклус на студии (Прилог 3.5.В)

Информацијата за оценувањето на студентите е достапна и видлива преку е-индекс и студентот може да реагира по внесената оценка. Дополнително, при полагање на завршен испит и внесување на оценката, Е-индекс испраќа електронско известување до студентот и професорот за резултатот од полагање. Електронското известувањето вклучува податоци за: студент, предмет, сесија, професор, поени од завршен испит и оцена Доколку студентите полагаат еден испит повеќе од трипати, тогаш се формира комисија и се врши комисиско полагање на тој испит.
Оценувањето на испитот се врши, врз основа на бодирањата кои ги добива студентот од редовноста на предавањата и вежбите, самостојното истражување и изработката на семинарска работа (индивидуална работа), полагање на два колоквиуми и на крајот се реализира усмен завршен испит, со што се внесува оценката во е-индекс.
Во периодот на пандемијата, реализирањето на наставата и полагањето на испитите се вршеше онлајн, односно со користење на платформата Microsoft Teams, со вклучена камера и споделен екран, при испрашување на студентот.
Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за поселдните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.1) во член 31 - 32 и член 94.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.1) во член 297 и член 34.
- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.1)
- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.2)

Исто така, универзитетот има дефинирано:

| |
|---|
| - За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)<br>- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)<br>- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (“ Универзитетски весник“ бр. 46/ 20)<br>Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.<br>На Факултетот за природни и технички науки нема жалби и пријави за постоење на корупција. |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22<br>Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22<br>Прилог 3.7.В. Извештај за пријави на корупција<br>Прилог 3.7.Г. Листа со број на  поднесени  жалби на студентите по учебни години<br>Прилог 3.7.Д. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 3 |




**Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати**

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 4.1 Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |
| Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, 3.5.А-3.5.Г). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)<br>• Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/). | |
| **Прилози:** | |
| 4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите<br>Доказ дека системот е функционален |
| **Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на било кој факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) може сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации | |

(Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во било која форма, и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси, и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).

Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.

Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**

Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти
Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар
Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА
Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)
Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)
Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018

| | |
|---|---|
| 4.3 Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години |

На универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но, и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.

Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).

По завршување на размената, Продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е – индекс за реализација на активностите на студентот во системот за е – индекс.

На Единицата, во периодот на самоевалуација, нема студенти кои искористиле Еразмус+ мобилност .

Исто така, во периодот на самоевалуација, 7 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Г).

**Прилози:**

Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип

| | |
|---|---|
| Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмскои партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи<br>Прилог 4.3.Г. Листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс) кои се префрлени во последните три години | |
| 4.4 По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |
| Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).<br>Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.<br>Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.<br>Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности,(dr.sc,PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии<br>Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страница ја содржи шемата на образовниот систем на Република Северна Македонија.<br>Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).<br>Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В). | |

| |
|---|
| Во Прилог 4.4.Г е прикажана SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 4. |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.4.А Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018<br>Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома<br>Прилог 4.4.В Транскрипт на оценки<br>Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4 |

## Стандард 5 - Наставен кадар

| **СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР** | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилоти концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Структурата на наставниот кадар на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Во моментот на спроведување на самоевалуацијата, на Факултетот во редовен работен однос се **19 редовни професори, 7 вонредни професори и 1 доцент или вкупно 27 наставници**. Во наставата е вклучен и **1 насловен вонреден професор**. Биографиите на наставниот кадар во Europass формат на англиски и македонски јазик се дадени во Прилог 5.1.А, а одлуките за нивниот последен избор во звање во Прилог 5.1.Б. Дополнително, на факултетот работат договорно и **3 лаборанти**.<br>Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Постои тренд на заминување на наставниот кадар во странство, но, уште позагрижувачки е трндот на намалување односно воопшто непостоење на кадар во соработнички звања што се должи на недоволниот број нови вработувања.<br>Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научно -истражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања. Прилог 5.1.В дава преглед на предмети кои кадарот ги предавал во периодот на самоевалуација. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Прилог 4 (со информации за последните три години<br>Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет<br>Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Вкупниот број објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар на Факултет за природни и технички науки, во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО изнесува приближно 190 (Прилог 5.2.А). | |

**Прилози:**

Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа.

Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]; <br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години; <br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо); <br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Факултетот за природни и технички науки има **27 наставници ангажирани во редовен работен однос** и еден насловен професор. Дополнително, за квалитетна реализација на студиските програми од прв циклус академски студии, вклучени се и наставници и соработници од други единици на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како на пример, на предметите за изучување на странски јазици, предметите од економија, спорт, и сл. Поради немање на соработнички кадар, најголем дел од наставниците сами ги одржуваат вежбите по нивните предмети. Дополнително, за потребите на квалитетно одржување на лабораториските вежби пред се по програмерските предмети, Факултетот на годишно ниво ангажира демонстратори од редот на студенти на втор и трет циклус студии.

Оптоварувањето на наставниот кадар е согласно законските одредби. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии) е даден во Прилог 5.3.А. Притоа може да се види дека е водено сметка за членот 161 од страна 9 и 10 од ЗВО и бројот на часовите на наставниот кадар на годишно ниво е соодветно за реализација на квалитетна настава.

Одлуките за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години се прикажани преку анексите на договорите за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар (Прилог 5.3.Б).

Извештаите за спроведена настава се во вид на евидентни листови по предмет, каде студентите со потпис ја потврдуваат својата присутност, и истите не се задолжителни да се чуваат од страна на наставниците и соработниците. Еден примерок на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.В), и истата се однесува за зголемен ангажман во администрирањето на даден предмет, и тоа во случај кога еден предмет го слушаат голем број на студенти.

**Прилози:**

Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии)

Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)

Прилог 5.3.В. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години. НА УГД овој прилог треба да се покрие со евидентните листови од настава, но тоа е премногу обемна работа и прашање е дали сите професори ги чуваат

Прилог 5.3.Г. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установаима јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Практиката на установата кореспондира со утврдените | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој сеприменува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); <br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години). <br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број настраница. |

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети

| | |
|---|---|
| критериуми. | |

Универзитетот Гоце Делчев има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Од прегледот на ангажираност на наставниците во образовниот процес може да се забележи дека наставниците кои се во редовен работен однос и избрани во наставно-научни звања на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип се максимално ангажирани по семестар. Ова донекаде може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, факултетот максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека на сите Конкурси се пријавил само по еден кандидат (Прилог 5.4.Б) кој ги исполнувал условите согласно Правилникот (Прилог 5.4.А). Прилог 5.4.В дава преглед на ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница.

**Прилози:**

Прилог 5.4.А.Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години

Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови, како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветниработни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема воустановата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев" има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој, покрај другото, се регулира и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кампус 2 на Факултетите за природни, технички и биотехнички науки располага со простор од вкупно 14.220 m$^2$, 4 амфитеатри со вкупен капацитет од 576 места за седење, 15 предавални со вкупен капацитет од 630 места за седење, 54 кабинети за академскиот кадар, 15 компјутерски училници, 9 лаборатории, 1 спортски објект со вкупен капацитет од 400 седишта, 2 објекти за практична настава, книжарници, библиотеки и простори за студентски прашања. Вкупниот капацитет на седишта изнесува 2921 седиште.

На Факултет за природни и технички науки има вкупно 2 компјутерски училници, секоја со површина од 60.2 m$^2$ и 26 m$^2$ расположливи седишта. Наставната програма во Штип се одвива на Кампус 2 во 2 амфитеатра со вкупна површина од 179.1 m$^2$ и 155 расположливи седишта, 4 предавални, секоја со 48 расположиви седишта и вкупна површина на сите четири од 200 m$^2$ (Прилог 5.5.Д). Факултетот располага со 21 кабинети за наставно-научен и соработнички кадар.

Во последните 3 години набавена е нова опрема, пред се за потребите на УГД – Лабараториите на ФПТН, вид на опрема на Факултетот на природни и технички науки е излистана во Прилог 5.5.Б.

Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип има обезбедено пристап до електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation, ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог

5.5.Г).

**Прилози**
Прилог 5.5.А Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема воустановата. Податоците се достапни во претходната самоевалуации и елаборатите за акредитација на студиски програми од соодветниот факулет.
Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање). Табелата се креира доколку ваква опрема е обезбедена во последните 3 години.
Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата. Табелата да се креира на ниво на УГД и да се назначи лице кое ќе ја креира табелата.
Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. Податоците се достапни во претходната самоевалуација на УГД и елаборатите за акредитација на студиски програми од соодветниот факултет.

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој нанаставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и техничкивештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А.
Воопштено, наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење (https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=51), да ги користат платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знаат да креираат квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето.

**Прилози**
Прилог 5.6.А. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;
Прилог 5.6.Б. Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Листата на ангажирани наставници на ФПТН е од Воената академија кој е придружна членка на УГД, листата е дадена во Прилог 5.7.А.

**Прилози**
Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години. Табелата вклучува тип на ангажман, област/предмет и период на ангажман;
Прилог 5.7.Б.Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми во Europass формат. Биографиите на ангажираните лица од странство да бидат на англиски јазик.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Научно-истражувачката работа на Факултет за природни и технички науки опфаќа истражувања од областа на рударството, геологија, компјутерското инженерство, дизајн, како и примена на истите во различни други области. Наставниот кадар на Факултетот за природни и технички науки учествува во повеќе меѓународни и национални проекти. Меѓународните проекти се во рамките на следните програми: Horizon и сл. финансирани од МОН, IAEA, Erasmus+, COST акции, TEMPUS и проекти финансирани од УГД.
Факултетот за природни и технички науки и Универзитетот Гоце Делчев ја поттикнуваат научно-истражувачката

| | |
|---|---|
| работа на наставниот и соработничкиот кадар, како и на студентите од втор и трет циклус, на различни начини. Прво, за сите нив се доделуваат парични годишни награди и признанија за научни активности, регулирани со Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) и други акти од Индикатор 5.11.<br>Студентите од втор и трет циклус дополнително се мотивираат, бидејќи со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Б) студентот е обврзан да публикува најмалку еден научно-истражувачки труд за да се стекне со право за одбрана на магистерски труд. | |
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| Во студиската програма Заштита на животната средина, студентите од прв, втор и трет циклус имаат пристап до иновативни технологи и методологи за семплирање и анализа на ПМ честитки од воздухот. Со помош на овие технологии студентите на животна средина се здобиваат со знаење кое што го надминуваа курикулативните пропишани норми. | |
| **Прилози**<br>/ | |
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип (Прилог 5.10.А). Во правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците / учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД”.
Редовна проверка на учебниците / учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијат: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25%.
Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува”.
Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.В).
Проверката за плагијат КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција.
Секој учебник / учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијатизам, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори (Прилог 5.10.Г).
Проверката за плагијат на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот Плагијати.
Проверката за плагијати на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.
Во рамките на Факултетот за Природни и технички науки се објавуваат две научните списанија: Geologica Macedonica со меѓународен уредувачки одбор, кое се издава еднаш годишно и е со отворен пристап, индексирано во EBSCO базата на податоци и списанието **Природни ресурси и технологии**, кое се издава двапати годишно и е со отворен пристап.
Сите доставени ракописи се предмет на двојна „слепа” рецензија од најмалку двајца рецензенти, непознати за авторите, а за рецензентите авторите на ракописот кој го рецензираат се исто така непознати. Рецензентите се назначуваат од уредувачкиот одбор на доброволна основа.

**Прилози**
Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип
Универзитетски гласник број 60, страница 98-107
Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 108-112

Прилог 5.10.В УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 113-130
Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијати за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научно-истражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има донесено Правилник за за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.1) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.2) за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на тимови од вработените.
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.11.3) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.4) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научноистражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.5) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да може да бидат индексирани во различни бази.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.6).

**Прилози**
Прилог 5.11.А ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.11.Б ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.В ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Г Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024
Прилог 5.11.Д ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.Ѓ ПРОГРАМА за наука, 2024 година
Прилог 5.11.Е SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;Релевантни извештаи или препораки |

Усогласеноста на научноистражувачката работа со локалните, регионалните и националните развојни цели се гледа и од работата на наставнонаучниот кадар во многу меѓународни и национални проекти, од објавените трудови во релевантни научни списанија и конференции, дадени во Индикаторот 5.2. Во рамките на Годишните награди што ги доделува УГД на Денот на науката, може да се издвојат следните добитниците Ванчо Аџиски со Награда за научна продуктивност од областа на технички науки, 2023 година и Признание за научен придонес на Универзитетот „Гоце Делчев" во 2023 година.
Дополнително проф. д-р Тодор Серафимовски се здоби со признание за успешно раководење со Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, доделено од Министерот за образование и наука Јетон Шаќири.

**Прилози**
/

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години<br>Финансиски извештаи од претходните три години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти, исто така, се дел од структурата на буџетот.

Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А), а динамиката на вкупниот буџет на универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.

Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25% од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55% и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.

Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).

Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од МОН е 45% од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2%. **Средства од сопствени приходи**

Средства од сопствените приходи се, исто така, стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.

Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 -2021 година изнесувала 38.71%, додека за период 2021-2024 изнесува 38.25%.

**Средства од научни проекти**

Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД. Зголемувањето и стабилност во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напорите на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учество на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5,5 % од буџетот на УГД.

Според податоците за просечната процентуалната застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4.1% , додека за периодот на евалуација од 2021-2024 година изнесуваат 5,.5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**

За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.
Процентуално просечните приходите во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56%, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17%. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*
Факултетот за природни и технички науки располага со вкупен простор од 1034 $m^2$, 2 амфитеатри со вкупна површина од 179 $m^2$ и капацитет од 191 седишта, кои се во сопственост на универзитетот.
Наставната програма се одвива во 4 предавални кои имаат вкупна површина од 143 $m^2$ и вкупен капацитет од 97 седишта. Факултетот располага со 19 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 203 $m^2$ и капацитет од 11 седишта. Факултетот има вкупно 2 компјутерски училници со површина од 83 $m^2$ и 46 расположливи седишта.
*Лаборатории*
Наставно-научниот процес се одвива во 7 лаборатории со вкупна површина од 294 $m^2$ и 143 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби. Лабораториите за изведување аудио-визуелни самостојни вежби има вкупен капацитет од 164 $m^2$ површина во која се распоредени 85 седишта.
*Видови опсерватори* или други организациони единици
Факултетот има / опсерваторија со површина од / $m^2$.
*Студентски прашања*
Факултетот има студентски прашања со површина од 30 $m^2$.
Списокот на простории со површина со кои располага факултетот е даден во прилог 6.2.1.

*Видови на опрема*
Амфитеатрите на факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Предавални се опремени со неколку специфични опреми за определена студиска програма.
*Библиотечен фонд*
Факултетот има вкупно 341 книги од областите на студиската група од кои 231 се домашни, а 110 се странски книги.
*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://lipovdol-fs.ugd.edu.mk/
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/kalendar-vodic-prv-ciklus-2021.pdf

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот
http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd

- како и настава подржана со Microsoft Teams.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:
- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,

- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење,
- и многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Факултетот за природни и технички науки е прикажан во прилог 6.2.4.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.

Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1086 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 447915 корисници, а од регистрираните корисници направени се 556902 симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 25.12.2024 година).

Вкупниот број на објавени учебници и учебни помагала во е-библиотеката, дадено по години 2021-2024 од факултетот за природни и технички науки прикажан е во прилогот 6.2.5.

Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на факултетот е https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=19&ugd=4b7ae3a61806d404a03ce3acd859a60d

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата. Во прилогот 6.2.6 е прикажан бројот на издадени студентски е-пошти за студенти на прв, втор и трет циклус студии за Факултет за природни и технички науки.

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава, исто така, беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство) Е-распоредот е достапен на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/

**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активноство научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.

Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23247* содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 25.12.2024 година). http://eprints.ugd.edu.mk/

Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18.379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4868 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1620 нови наслови

Факултетот за природни и технички науки има депонирано 2241 наслови во е-репозиториумот достапни на линкот https://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/NTS/

**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:
- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;

- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);
- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на факултетот за природни и технички науки, за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење е прикажано во прилог 6.2.7.

Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб - страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк
Sign In (ugd.edu.mk)

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб-страната на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:
- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf

**Настава подржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со кодид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот Универзитет. При крајот на пандемијата универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за.учење на далечина. Прилог 6.2.8 Креирани тимови во Microsoft Teams на Факултетот за природни и технички науки.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*

Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат во предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите. Обезбедени се посебни места во предавалните за лица со посебни потреби. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби дадени се во прилог 6.2.9.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*

Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научноистражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.

**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементацција за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.

**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот, е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и

| | |
|---|---|
| без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.<br>**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.<br>**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени<br>**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршката на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.<br>Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и<br>Одделение за системска и мрежна администрација;<br>Одделение за средства и техничка поддршка;<br>Одделение за проектирање и одржување;<br>Центар за трансфер на технологии.<br>Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани прикажано на органограмот во прилог 1. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.2.А. Список на простории со површина со кои располага факултетот<br>Прилог 6.2.Б. Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност<br>Прилог 6.2.В. Список на Информатичко – технички ресурси (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност<br>Прилог 6.2.Г. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Факултет за природни и технички науки<br>Прилог 6.2.Д. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека 2021-2024<br>Прилог 6.2.Ѓ. Број на издадени студентски кориснички сметки на Факултет за природни и технички науки<br>Прилог 6.2.Е. Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на факултетот за природни и технички науки, за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење<br>Прилог 6.2.Ж. Креирани тимови во Microsoft Teams на Факултет за природни и технички науки<br>Прилог 6.2.З. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби | |
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Постојат големи можности во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби.
Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На факултетот за природни и технички науки во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 3 лица, од кои 2 лица извршуваат административни работи, а 1 лица извршуваат помошно-техничките работи.
Факултетот за природни и технички науки во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 3 лица за извршување на административните работи, од кои 1 се доктори на науки, 1 се магистри, 1 се со висока стручна спрема и / со средно образование (прилог 6.3.1.). Исто така, има ангажирано и / лица за извршување на помошно-техничките работи, од кои / се со средна стручна спрема и / со ниска стручна спрема (прилог 6.3.1.). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата (/), во Ректоратот (/), а само 3 се распоредени на факултетот.
Листата на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите во прилог 6.3.2.

**Прилози**
Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024
Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите од сите циклуси на студии активно се вклучени во голем број научноистражувачки проекти, како билатерални и меѓународни проекти, така и во домашни интерни и апликативни проекти. Во периодот на самоевалуација до 2019 функционираше и фондот на наука на УГД. Правило за сите проекти од фондот за наука, но и за билатералните проекти од МОН, е да има вклучено барем еден докторанд и еден студент на втор циклус.
Мал е бројот на студенти кои имаат учествувано како коавтори во објавувањето на научно-истражувачки трудови објавени во списание или презентирани на конференции, но сепак имаат учествувано.
Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во периодот на евалуација е прикажана во прилог 6.4.А.
Процентот на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии е прикажан во прилог 6.4.А

**Прилози**
Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии.
Прилог 6.4.Б. Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

7 студенти биле вклучени во изработка на научноистражувачки проекти од обласка на која студирале. На сите студенти им е овозможена практична настава, во зависност од студиската програма на која студирале. На дел од студиските програми на најдобрите студенти им е овозможено користење на стипендии од соодветни приватни компании, а после нивното дипломирање и вработување во истите.
Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на

| | |
|---|---|
| студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб - локација<br>https://ckr.ugd.edu.mk/<br>Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:<br>- договор за реализација на практична настава<br>https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf<br>- упатство за реализација на студентска практика<br>https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf<br>- огласи за вработување и за пракса<br>https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html<br>Услуги на Одделот за кариера при УГД:<br>- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;<br>- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, Релевантно работно искуство од полето на интерес,<br>- Искуство од учење кое што ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите,<br>- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот,<br>- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство кое што го бараат работодавците,<br>- Покомпетитивни на пазарот на трудот;<br>- Зајакнување на сопственото резиме/CV Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на практика по дипломирањето,<br>- Вмрежување и создавање на професионални контакти, Засилување на личниот растеж;<br>- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.<br>Бројот на студенти кои следеле обука/тренинг/практика или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевауацијата е даден во прилогот 6.5.1. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.5.А. Број на студенти кои следеле обука/тренинг/практика или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевалуација | |
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб локацијата на Алумни клубот<br>https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html<br>Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17.000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.<br>Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област може да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.<br>Активности на Алумни клубот:<br>- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на практика наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.<br>- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на | |

клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.
Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител, односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420)
Статутот на УГД е достапен на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf
Учеството на студентите во органите на високообразовната установа е дадено во прилог 6.7.1.
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во прилог 6.7.2 а извештај од последните спроведени избори во прилог 6.7.3.
Одлуката за избор на студентски правобранител односно негов заменик е прикажана во прилог 6.7.4.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени следниве активности:
*Реализација на спортски активности*
- Организација на еднодневни планинарски тури на Водно за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на еднодневни тури на Попова Шапка за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на куглање во куглана во Скопје за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.

*Учество на УГД тим во улични трки*
- Wizz air маратон, октомври 2022 година – 50 учесници од УГД (студенти и вработени), од кои 6 учесници во полумаратонската трка;
- Улична трка во Кавадарци – Кавадаречки полумаратон, 12 март 2023 г. Учество на 28 учесници, студенти и вработени на УГД учествуваа на трките на 5 и 10 км.
- Авицена женска трка – организирана на 9 април 2023 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Авицена женска трка – организирана на 7 април 2024 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Поетска трка во Струга – организирана на 21 мај 2023 година на која на трките на 5 км и 10 км учествуваа 15 вработени на УГД.

*Планинарски тури организирани и поддржани од страна на УГД*
- Планинарска тура во Берово во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ – Штип и Планинарско друштво - Берово, организирана на 30 октомври 2022 година. На турата учествуваа 115 студенти и вработени на УГД.
- Еднодневна тура на Попова Шапка, организирана на 3 март 2023 година. Учествуваа 25 студенти на УГД кои имаа можност да се вклучат во различни зимски спортови.
- Планинарска тура во Михаилово – Кавадарци, организирана на 2 април 2023 година во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ - Штип и планинари од Кавадарци. На турата учествуваа 60 студенти и вработени на УГД.
- Планинарската тура на Плачковица, организирана во рамките на Outdoor festival „Ја сакам Плачковица“ во организација на ПД „Лисец. Турата се реализираше на 9 јули 2023 година и на истата учествуваа повеќе од 20 студенти и вработени на УГД.
- Планинарски тури на Водно – организирани во рамките на наставата по Спорт и рекреација. Во истите учествуваа студенти од сите години од сите факултети на УГД. Истите се организираат еднаш во месецот во текот на летниот и зимскиот семестар.

| | |
|---|---|
| *Универзитетски спортски лиги на УГД*<br>- Традиционално, по тринаесетти пат, во рамките на одбележувањето на патрониот празник на УГД се организираа Универзитетските спортски лиги за студенти на УГД. Во рамките на истите беа организирани натпревари во одбојка (мажи и жени), футсал (мажи) и пинг-понг. Во истите учествуваа повеќе од 150 студенти од сите факултети на УГД. Дополнително, за вторпат беше организирана Планинарска тура која се реализираше во Михаилово - Кавадарци. За најдобрите учесници во сите категории, од страна на УСКЦ беа обезбедени соодветни награди.<br>*Државни универзитетски спортски лиги*<br>- Како член на Универзитетската спортска федерација, во периодот од декември 2021 до мај 2023 година, студенти и екипи на УГД учествуваа во државни универзитетски натпревари во одбојка, футсал, кошарка, ракомет, куглање, стрелање и шах, организирани од Универзитетската спортска федерација на Македонија. Околу 50 студенти на различни факултети на УГД ги претставуваат екипите на УГД во различни спортови. Притоа, екипите на УГД освоија трето место во кошарка (мажи), трето место во ракомет (жени и мажи) и индивидуално трето место мажи во куглање.<br>- По неколку години пауза, УГД беше домаќин на дел од натпреварите во универзитетските државни лиги, како и домаќин на финалните натпревари во одбојка.<br>*Други активности*<br>- Во септември 2022 година, УГД во соработка со ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и ISHSN мрежата беа организатори на Работилница со наслов „Одржливи универзитетски спортски кампуси“.<br>• Како резултат од овој настан, подготвена е книга под наслов „Planning and Managing Sport, Recreation, and Health in Higher Education: Sustainable Practices for a Sustainable Future“, која е во коедиција на ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во истата, професори од УГД се јавуваат како коедитори, автори и рецензенти.<br>*Учество на меѓународни проекти за спорт*<br>- Во рамките на програмата Еразмус+ спорт, претставници на УСКЦ учествуваа во бројни настани и активности организирани во рамките на проектите BeValueR reload, Tennis clubs for dual careers, Meaningfulness in youth sport и Balkans Fit. Во рамките на истите беа вклучени спортисти и тренери од машката и женска одбојкарска екипа, карате екипа, Боречки клуб „Киро Ристов“ – Штип, Тениски клуб „Астибо“ – Штип, Тениски клуб „Нет“ – Струмица, како и студенти и вработени на УГД во рамките на проектот Balkans Fit. Во рамките на меѓународните состаноци, УГД и членовите на УСКЦ беа домаќини на професори, тренери и спортски работници од Норвешка, Канада, Шкотска, Ирска, Бугарија, Словенија, Романија и Грција.<br>- Почнувајќи од август 2023 година, УГД е дел од два нови Еразмус спорт проекти:<br>Champions of Inclusion and Diversity using Meaningful Physical Education in Primary Schools (CHAMS- INC-MPE) и проектот Gem Set Equality (GSE).<br>- Првиот проект CHAMS- INC-MPE се однесува на подобрување на компетенциите на студентите – идни наставници и наставниците во тандем наставата за реализација на физичкото образование во основното образование. Во истиот покрај УГД, како проектни партнери се универзитети од Ирска, Канада, Норвешка, Шпанија, Данска.<br>- Вториот проект Gem Set Equality е билатерален проект меѓу Македонија и Бугарија кој работи на креирање на тренинг програма за подобрување на компетенциите на жени тренери и креирање програми за привлекување на девојчиња во спортот.<br>*Поддршка за настани и студенти*<br>- Поддршка на спортисти – студенти преку стипендии;<br>- Поддршка на студенти – бруцоши преку наградни ваучери;<br>- Учество на Европско универзитетско првенство за боречки спортови (карате). Под организација на EUSA и FISU, УГД учествуваше на Европско универзитетско првенство за боречки спортови, во спорт карате, дисциплина борби.<br>**Факултетот,** исто така, одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти кои се дадени во прилог 6.7.Д. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.7.А. Одлука од ННС за учество на студенти во работата на ННС на единицата<br>Прилог 6.7.Б. Одлука за избор на членови на Студентско собрание<br>Прилог 6.7.В. Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание<br>Прилог 6.7.Г. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик<br>Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на факултетот | |
| 6.8. Студентите се запознати со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб - страница. |

| |
|---|
| **УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентите начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности може да се проследат на веб – локацијата:<br>https://coj.ugd.edu.mk/index.html<br>Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/<br>Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/<br>Во делот за Конкурси од почетната веб страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на<br>https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/<br>Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/<br>Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот<br>https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/<br>За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година, и е транспарентно објавен на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf<br>Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/<br>Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се:<br>- Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/<br>- Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)<br>- Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)<br>студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.<br>**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб - страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани<br>https://fptn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti<br>и во делот за соопштенија достапни на веб - локацијата<br>https://fptn.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija<br>Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб - страницата на факултетот<br>https://fptn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi<br>Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:<br>Информатори за студирање за секоја академска година<br>https://fptn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus<br>Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД (1046 наслови)<br>https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php<br>Е-репозиториум на УГД содржи над 22.320 содржини публикувани трудови, книги, мографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД<br>http://eprints.ugd.edu.mk/ |
| **Прилози:**<br>Прилог 6.8.А. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6 |

## Стандард 7- Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 7.1 Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален |

| | |
|---|---|
| Универзитетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, и тоа на различни начини.<br>Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевауација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер.<br>Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.S – 1.2.Л).<br>Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е се уште во фаза на тестирање.<br>Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.<br>Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитрација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл.<br>За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научно-истражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот. | |
| **Прилози:**<br>**/** | |
| 7.2 Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми, и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот |
| Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ-анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.<br>Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрво Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти. На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.<br>Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година. | |

| | |
|---|---|
| Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание, а и Универзитетскиот Сенат има студенти членови. На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата<br>Прилог 7.2.Б Одлука за избор на студенти членови на ННС<br>Прилог 7.2.В Извештај за структурата на студентите за учебната 2021 – 2024 | |
| 7.3 Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| На универзитетската веб - страница и на факултетската веб-страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.<br>Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб - порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).<br>Факултетот за природни и технички науки секоја година активно учествува во организација и реализација на стручни советувања, предавања, обуки и сл. од областите кои се изучуваат на факултетот. Во Годишниот извештај за работата на деканот се дава краток опис за позначајните настани и активности кои се реализираат во рамките на факултетот. | |
| **Прилози:** | |
| 7.4 Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата<br>Опис на практика за заштита на личните податоци<br>Други релевантни документи или политики на установата |
| Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).<br>Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.<br>Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.<br>Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.<br>За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници. | |

| |
|---|
| Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено онезвозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ-системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.<br>Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ-систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.<br>За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.<br>Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот<br>Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб-сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.<br><br>Во Прилог 7.4.В е прикажана SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 7. |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци<br>Прилог 7.4.Б. Павилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 7.4.В. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

### Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

| | |
|---|---|
| активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | |

Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/
Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/
УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб - страната, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно, и лесно достапни и на следните социјалните мрежи:
https://www.facebook.com/ugdstip
https://www.instagram.com/ugdstip/
https://www.youtube.com/user/UGDSTIP
https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA
Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди практика во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и online на следната веб - локација
https://coj.ugd.edu.mk/eho.html

Сите вести, настани, конкурси и слично на Факултет на информатика се објавуваат на веб-страницата на ФИ на следните линкови:

- Вести и настани – https://fptn.ugd.edu.mk/вести/
- Конкурси – https://fptn.ugd.edu.mk/интерни-конкурси/
- Стипендии - https://fptn.ugd.edu.mk/стипендии/
- Пракса и вработување - https://fptn.ugd.edu.mk/пракса-и-вработување/

Дополнително за информирање на студентите Факултетот за информатика ги користи и своите профили на социјалните мрежи:
https://www.facebook.com/fptn.ugd/
https://www.instagram.com/fptn.ugd/

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на Наставно-научниот, односно Научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
Прв циклус:
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/resenija-za-pocetok-so-rabota/geologija.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/resenija-za-akreditacija/rudarstvo.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/resenija-za-akreditacija/inzenerstvo-zastita-zivotna-sredina.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/resenija-za-akreditacija/industriska-logistika.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/prv-ciklus/resenija-za-akreditacija/dizajn-enterier-mebel.pdf
Втор циклус:
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/vtor-ciklus-2023-24/resenija-za-akreditacija/dizajn-na-enterier-i-mebel.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/vtor-ciklus-2023-24/resenija-za-akreditacija/pejzazna-arhitektura.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/vtor-ciklus-2023-24/resenija-za-akreditacija/inzenerstvo-za-zastita-na-rabotna-sredina.pdf
https://fptn.ugd.edu.mk/documents/vtor-ciklus-2023-24/resenija-za-akreditacija/inzenerstvo-za-zastita-na-zivotna-sredina.pdf
Трет циклус:
https://fptn.ugd.edu.mk/докторски-студии/

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 118
Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 430
Универзитетски гласник број 36, страница 433
Универзитетски гласник број 37, страница 42
Универзитетски гласник број 38, страница 8
Универзитетски гласник број 38, страница 68
Универзитетски гласник број 39, страница 10
Универзитетски гласник број 39, страница 13
Универзитетски гласник број 39, страница 22
Универзитетски гласник број 39, страница 25
Универзитетски гласник број 39, страница 79
Универзитетски гласник број 43, страница 80
Универзитетски гласник број 49, страница 13
Универзитетски гласник број 49, страница 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на наставно-научниот на Факултет за информатика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
https://fi.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/DelovnikFI.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, страница 516-528
Универзитетски гласник број 43, страница 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, страница 20-34
Универзитетски гласник број 48, страница 23-31
Универзитетски гласник број 49, страница 40-42
Универзитетски гласник број 51, страница 9-24
Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со Законот за
изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, страница 71-80

| | |
|---|---|
| Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Колективниот договор за високото образование<br>Универзитетски гласник број 54, страна 25-35<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип<br>Универзитетски гласник број 55, страница 10-11<br>Универзитетски гласник број 58, страница 14-15<br>Универзитетски гласник број 59, страница 82-84<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование<br>Универзитетски гласник број 60, страница 87-98<br>Home - УГД Интранет (sharepoint.com)<br><br>6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот https://fptn.ugd.edu.mk/index.php/mk/52-linkovi-i-odluki-za-posleden-izbor-vo-zvanje-na-sekoj-nastavnik-i-sorabotnik-na-fptn<br><br>7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,<br>https://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd/e-raspored<br>8. Завршна сметка,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf<br>9. Годишен извештај,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf<br>10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br>11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br>12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br>13. Етичкиот кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб - страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб - страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа; Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Преку Школата за докторски студии при УГД ги објавува сите информации кои се однесуваат кои се однесуваат на докторските студии на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>Пред одбрана на секоја докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб - страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштија на веб - локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации може да се проследат на линковите<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/<br><br>Во Прилог 8.3.А е прикажана SWOT - анализата за исполнетоста на Стандард 8. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.3.А SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 8 | |

**Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација**

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1 Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и призната. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алиансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат пракса во некоја европска фирма, и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитетот има и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите може да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата.<br>На Факултетот за природни и технички науки има назначено Еразмус+ координатор и тоа по должност е Продеканот за наука и меѓународна соработка. Негова должност е одобрувањето на избраните предмети и еквиваленцијата на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.Б).<br>Мал број на студенти ја имаат искористено можноста за Еразмус+ мобилност за последните три академски години (Прилог 9.1.А). Во 2022/2023 двајца студенти (од 331 студент) или 0,6% користеле Еразмус+ мобилност.<br>Од Факултетот за природни и технички науки нема студенти кои користеле мобилност за практика во изминатите три академски години за сите циклуси на студии. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс) кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+<br>Прилог 9.1.Б. Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ECTS | |
| 9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка иинтернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација ворамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн) |
| Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот “Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на Англиски јазик.<br>Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција | |

| | |
|---|---|
| на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.<br>На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот “Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година<br>Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+ | |
| 9.3 Установата има на располагањесоодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност и слично, а во иднина и од Алијансата ACE2EU. Дополнително од 2022/23 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 30750 денари годишно (основен услов е публикуван труд). Пет наставници користеле средства од овој фонд во 2022/23 и четири наставници користеле средства во 2023/24. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). | |
| 9.4 Установата соработува со другиинституции во земјата и странство во функција на реализација на студискитепрограми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Прилог 9.4.А. ја прикажува листата на договори за меѓународна соработка, вклучувајќи и за програмата Еразмус+, помеѓу Факултетот за природни и технички науки и други Универзитети и институции.<br>Факултетот за природни и технички науки традиционално е коорганизатор на “Стручно советување од областа на технологијата за подземна и површинска експлоатација на минералните суровини”, со меѓународно учество. Ова советување традиционално се оддржува секоја година во октомври, веќе 15 години по ред.<br>Во Прилог 9.4.Б. е даден приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство.<br>Во Прилог 9.4.В. е прикажан број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години).<br>На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Г).<br>Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+<br>Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми) | |

| | |
|---|---|
| Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)<br>Прилог 9.4.Г Правилник за условите  постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми | |
| 9.5 Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата,ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.5.А. Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа)<br>Прилог 9.5.Б Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови<br>Прилог 9.5.В. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години.<br>Прилог 9.5.Г. SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 9 | |

**Комисија за самоевалуација на Факултет за природни и технички науки**

проф. д-р Васка Сандева, член
проф. д-р Стојанче Мијалковски, член
проф. д-р Виолета Стојанова, член
Теодора Јованова - студент;
Мичо Шопов - студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| **Податоци за високообразовната установа** | |
|---|---|
| **Назив** | **Факултет за медицински науки** |
| **Седиште** | ул. „Крсте Мисирков“ бр 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| **Контакт информации** | **https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/kontakti** |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Милка Здравковска, декан<br>milka.zdravkovska@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум: М. П. Овластено лице на установата:
(потпис)

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет за медицински науки |
| Седиште | ул. „Крсте Мисирков“ бр 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| Веб-страница | https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/ |
| Мисија и визија на установата | Мисијата на Факултетот за медицински науки е преку пренесување на знаења, организирање на студии, развој и промоција на образованието и науката, да им обезбеди на студентите врвно образование во областа на здравствените науки, поттикнувајќи ја нивната креативност и одговорност. Во текот на своето образование ги подготвуваме студентите за занимање за што е потребна примена на стекнати стручни знаења и нови научни откритија. Факултетот за медицински науки ги охрабрува студентите да зачекорат кон иднината во улога на високо квалификувани кадри, оспособени за сите предизвици што ги носи медицинската пракса. Со својата научноистражувачка работа Факултетот за медицински науки ја има обврската да биде и носител на постојан напредок и севкупен развој во областите на медицинските науки и здравството во нашата земја.<br>Визијата на Факултетот за медицински науки е да биде препознатлива високообразовна установа во областа на медицинските науки во земјата, но и пошироко во регионот, спроведувајќи ги највисоките стандарди во наставата, науката и применетите истражувања. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Факултетот за медицински науки ја започнува својата работа со Законот за основање на Државниот универзитет „Гоце Делчев“, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 40 од 30.03.2007 година.<br><br>**Прв циклус**:<br>• https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus<br>**Втор циклус**:<br>• https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus<br><br>**Трет циклус**:<br>• https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/studiski-programi-mentori/ |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања кои вршат високообразовна дејност | 83 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус - 763<br>II циклус - 66<br>III циклус - 114 |

*Развој на единицата*

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е основан во 2007 година врз основа на идеалите за инклузивност, различност и соработка. Уште од почетокот, целта на Универзитетот е да придонесе за развој на Југоисточниот Регион и на државата воопшто, обезбедувајќи квалитетно образование и развој на интелектуалниот потенцијал. При основањето Универзитетот започна да функционира со 7 факултети и една висока школа: Правен факултет, Економски факултет, Педагошки факултет, Факултет за рударство, геологија и политехника, Земјоделски факултет, Факултет за информатика, Факултет за музичка уметност и Висока здравствена школа. Високата здравствена школа започнува со работа спроведувајќи настава на три тригодишни студиски програми (медицински сестри, лаборанти и физиотерапевти).

Во 2008 година Високата здравствена школа се преименува во Факултет за медицински науки и покрај тригодишните стручни студии, започнува со спроведување на шестгодишни академски студии по општа медицина. Веќе од наредните години се воведуваат и нови академски студиски програми, како што се интегрираните студии од прв и втор циклус по фармација и стоматологија. Се зголемува и бројот на студиските програми за тригодишни стручни студии и тоа воведени се студиски програми (освен трите горенаведени) и за

акушерки, протетичари и оптометристи. На Факултетот за медицински науки денес функционираат следниве катедри:

1. Катедра за применета фармација
2. Катедра по аналитика на лекови и фармацевтска хемија
3. Катедра по фармацевтска технологија и социјална фармација
4. Катедра за физикална медицина и кинезитерапија
5. Катедра за орална хирургија, пародонтологија, имплантологија и стоматолошка протетика
6. Катедра за реставративна, превентивна и корективна стоматологија
7. Катедра по радиологија
8. Катедра по анестезиологија со ургентна медицина и интензивно лекување
9. Катедра по интерна медицина
10. Катедра по микробиологија со паразитологија
11. Катедра по офталмологија
12. Катедра по урологија
13. Катедра за невропсихијатрија и клиничка психологија
14. Катедра по хирургија

Факултетот за медицински науки постојано расте и се развива, при што главниот фокус низ годините е насочен кон зголемување и подобрување на квалитетот на образованието и научноистражувачката дејност, воведување нови и актуелни студиски програми од прв, втор и трет циклус, како и примена на нови иновативни техники и методи и воспоставување интензивна соработка со локални и меѓународни академски институции, но и со бизнис-заедницата.

*Клучни институционални капацитети*

Факултетот за медицински науки ги има прифатено законските акти од клучните министерства: Закон за високо образование; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност и ги следи правилата според Статутот и правилниците на Универзитетот.

Универзитетот „Гоце Делчев“, вклучително и Факултетот за медицински науки, е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се: заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар.

Квалитетот на наставата и учењето одговара на дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се: училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простории за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес. Во однос на просторните услови и истражувачките капацитети, Факултетот за медицински науки располага со вкупен простор од 7639 $m^2$, 4 амфитеатри со вкупна површина од 2356 $m^2$ и капацитет од 610 седишта, кои се во сопственост на Универзитетот. Наставата се одвива и во 12 предавални кои имаат вкупна површина од 2565 $m^2$ и вкупен капацитет од 540 седишта. Факултетот располага и со 14 кабинети за наставничкиот кадар со вкупна површина од 1246 $m^2$ и капацитет за 44 наставници. Факултетот има и една компјутерска училница со површина од 230 $m^2$ и 90 расположливи седишта. Наставно-научниот процес се одвива и во 14 лаборатории со вкупна површина од 2500 $m^2$ и 250 места за студенти за изведување експериментални и самостојни лабораториски вежби. Амфитеатрите се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Во предавалните постојат специфични опреми за определена студиска програма и електронски табли.

Структурата на научно-наставничкиот кадар на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за соодветно вреднување на научноистражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Токму наставничкиот кадар е еден од клучните капацитети со кои располага Факултетот за медицински науки, имајќи ја предвид посветеноста, вклученоста во бројни меѓународни проектни и други активности, научноистражувачката активност и објавувањето на резултатите од истата во реномирани меѓународни научни списанија.

Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Информации за значајни настани и активности на Факултетот редовно се објавуваат на веб-страницата на Факултетот и Универзитетот, а на истите може да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси. Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб-порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).

*Области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години*

Основен пристап во работата на Факултетот за медицински науки е континуираниот развој, напредокот во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар од сите здравствени струки, способен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на трудот.

Студиските програми се истакнуваат со нивната релевантност и добрата осмисленост со цел за постигнување резултати од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештините што можат да се применат во нивните идни кариери и личниот развој.

Студиските програми на Факултетот за медицински науки во поставениот период за самоевалуација се ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, кои подразбираат тековни подобрувања и адаптирања на студиската програма во зависност од новите технолошки достигнувања кои ја пратат медицинската наука. Информација за сите новоакредитирани и реакредитирани студиски програми е дадена во индикатор 2.8.

На Факултетот за медицински науки постојат развиени облици на меѓународна соработка и мрежа за студентска размена преку најразлични механизми: проекти, билатерални договори, Еразмус и CEEPUS програма и сл. Голем е бројот на студенти од странство кои поминуваат еден или два семестри на студентска размена, додека исто така голем е бројот на странски студенти запишани на студии од прв циклус како и студии од трет циклус.

Наставничкиот и соработничкиот кадар на Факултетот за медицински науки активно учествува и организира научни конференции и објавува трудови во референтни научни публикации, со што придонесува во развојот на квалитетни студии, давајќи позитивен импакт и на соодветната научна област. Од достапните информации на е-репозиториумот, како податок можеме да издвоиме дека наставниот и соработничкиот кадар од Факултетот, во периодот за самоевалуацијата има реализирано 1303 активности и тоа во 2021 година - 278, во 2022 година - 330, во 2023 година - 394 и во 2024 година - 301. Овие активности ги опфаќаат и учествата на научни и стручни конференции, проекти, како и објавените трудови во референтни научни публикации и учебни помагала.

*Најголеми предизвици и недостатоци*

Најголемиот предизвик за Факултетот на медицински науки е обезбедувањето на соработнички кадар избран во систентско звање. Загрижува трендот на намалување на бројот на кадарот избран во соработнички звања што се должи на недоволниот број на нови вработувања и напредувањето во повисоко звање на постоечките асистенти.

Високиот процент на ангажираност на наставно-научниот кадар за одржување активна настава во текот на работната седмица е резултат на недостатокот од соработнички кадар што се одразува на дополнително ангажирање на наставниците во изведување вежби за студентите на прв, втор и трет циклус студии. Ова од своја страна може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес.

Од друга страна, исто така еден од најголемите предизвици е обезбедувањето на инфраструктура каде што наставната база на Факултетот (амфитеатри, предавални, лаборатории) би била лоцирана во еден објект за разлика од сега кога истата е распространета на повеќе кампуси на УГД, што би се одразило позитивно и на начинот на организирање на наставата и дневниот распоред на активности на студентите.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 1.1. Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк од објава на веб-страница. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т. е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на:

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научноистражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз кој е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб-страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одрживото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи (акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ – Штип (2022 – 2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на Стратегијата за работа на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за 2022 – 2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

**Прилози:** Прилог 1.1.А Организационата поставеност на Универзитетот, а со тоа и припадноста на Факултетот во организационата структура е дадена во органограмот од 31.11.2023.

| | |
|---|---|
| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб-страницата на Универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши Комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на Комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година.

Во последната спроведена самоевалуација од 2019 до 2021 година е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период 16.9.2021 до 15.10.2021.

Во тековната самоевалуација исто така е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период од 14.11.2024 до 30.11.2024 и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж),
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З).

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на Универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, Прилог 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)

Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)

Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација

Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од I циклус
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од II циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од III циклус
Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставно-научен и соработнички кадар
Прилог 1.2.З. Анкета за административен и помошно-технички персонал
Прилог 1.2.Ѕ. Резултати од анкети на студенти од прв циклус на ФМН
Прилог 1.2.И. Резултати од анкети на студенти од втор циклус на Кампус 3
Прилог 1.2.Ј. Резултати од анкети на студенти од трет циклус на Кампус 3
Прилог 1.2.К. Резултати од анкети на наставнички и соработнички кадар на ФМН
Прилог 1.2.Л. Резултати од анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД
Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување квалитет

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување квалитет. |

Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија, како и од севкупната работа на Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб-страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.
Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:

- Научноистражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научноистражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред сè со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.
Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување квалитет.

**Прилози:**
Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД

| Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани и се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.6.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка - преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.В). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитување на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл. (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поддржана од ректор, проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високообразовниот процес на УГД“. Со работната група раководи координаторот на Одделението за обезбедување квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научноистражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа на целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно-техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е, 1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец, кој е директно посочен од страна на Одборот

за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA). Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk) и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година, и Наставно-научниот совет на Факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на Одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 Преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј. Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата.. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација;<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така што покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од Стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма,
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување знаење и компетенции со кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес,
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладиниот сектор и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на

Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во Извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиски програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.

Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на Извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страната на Универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**

Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со Извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес;<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на Годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен Извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен Извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултета и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.

**Прилози:**

| |
|---|
| Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)<br>Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1 |

## Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето. |
| Факултетот за медицински науки преку својата посветеност на високообразовната и научноистражувачката дејност во областа на медицинските науки и здравството подготвува високо квалификувани кадри, оспособени за справување со сите предизвици од медицинската пракса. Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност (Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22). Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои можат да бидат преносливи, што значи дека можат да влијаат врз нивниот личен развој и можат да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Факултетот за медицински науки нуди студии на сите три циклуси: шестгодишни и петгодишни интегрирани студии од прв и втор циклус на македонски јазик и една на англиски јазик, како и тригодишни стручни студии од прв циклус, едногодишни стручни специјалистички студии и едногодишни академски специјалистички студии од втор циклус и тригодишни докторски студии од трет циклус. Во рамки на Факултетот за медицински науки се реализираат и специјализации и супспецијализации на здравствени работници со високо образование од областа на медицина, стоматологија и фармација.<br>Студиските програми се истакнуваат со нивната релевантност и добра осмисленост со цел за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештините што можат да се применат во нивните идни кариери и личен развој. Предметните програми меѓу другото јасно ги дефинираат целите и содржината на предметните програми, методите на учење, формите на | |

наставни активности, начинот и критериумите на оценување, методот на следење на квалитетот на наставата, како и основната и дополнителната литература.

Линкови од студиски и предметни програми за сите студиски програми на Факултетот за медицински науки:
Прв циклус на студии:

- Општа медицина - Студиска програма и предметна програма
- General medicine - Студиска програма и предметна програма
- Дентална медицина - Студиска програма и предметна програма
- Дентална медицина - Студиска програма акредитирана во 2022 и предметна програма
- Фармација - Студиска програма и предметна програма
- Фармација - Студиска програма акредитирана во 2023 и предметна програма
- Медицински сестри/медицински техничар - стручни студии - Студиска програма и предметна програма
- Акушерки - стручни студии - Студиска програма и предметна програма
- Медицински лаборанти - стручни студии - Студиска програма и предметна програма
- Физиотерапевти - стручни студии - Студиска програма и предметна програма
- Забен техничар-протетичар - стручни студии - Студиска програма и предметна програма
- Оптометрија и очна оптика - стручни студии - Студиска програма и предметна програма

Втор циклус на студии:

- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за интензивна нега - Студиска и предметна програма
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за инструментарка - Студиска и предметна програма
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за семејна и патронажна сестра - Студиска и предметна програма
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за превенција на инфективни и неинфективни заболувања - Студиска и предметна програма
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за анестетичар - Студиска и предметна програма
- Специјалистички стручни студии по трансфузиологија - Студиска и предметна програма
- Специјалистички стручни студии по оптометрија - Студиска и предметна програма
- Специјалистички стручни студии по неврорехабилитација - Студиска и предметна програма
- Специјалистички стручни студии по традиционална кинеска медицина - Студиска и предметна програма
- Специјалистички стручни студии за микробиолошка лабораторија - Студиска и предметна програма
- Специјалистички стручни студии за забен техничар-протетичар - Студиска и предметна програма
- Специјалистички стручни студии за хемиско-биохемиска лабораторија - Студиска и предметна програма
- Специјалистички стручни студии за санитарно-хемиска лабораторија - Студиска и предметна програма
- Специјалистички стручни студии по физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија - Студиска и предметна програма
- Радиофармација на англиски јазик (Radiopharmacy in English) - Студиска и предметна програма
- Фитотерапија и суплементација - Студиска и предметна програма

Трет циклус на студии:

- Базични и клинички истражувања во дентална медицина - Студиска и предметна програма
- Базични и клинички истражувања во медицината - Студиска и предметна програма
- Фармација - Студиска и предметна програма
- Биомедицина – Студиска и предметна програма

Здравствени специјализации:

- Правилник за специјализации
- Правилник за специјализации и супспецијализации за Општа медицина
- Правилник за специјализации и супспецијализации за Стоматологија и Фармација

Утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми:

- На Факултетот за медицински науки постојат три (3) академски и шест (6) стручни студиски програми на прв циклус на студии на македонски јазик и една (1) академска студиска програма на англиски јазик, четиринаесет (14) специјалистички стручни студии, две (2) академски специјалистички студиски програми

| | |
|---|---|
| од областа на фармацијата и три (3) студиски програми од трет циклус на студии. Дополнително се реализираат и специјализации и супспецијализации на здравствени работници со високо образование според јавен оглас, врз основа на Законот за здравствена заштита. Основната цел на сите е создавање на високообразовен кадар препознатлив по деталната и целокупната посветеност во обликувањето на соодветните здравствени профили кои одговараат и ги исполнуваат сите критериуми за регулираните професии, а се неопходни да бидат исполнети за непреченото нивно вклучување во и одговарање на потребите на здравствениот систем, но и потребите на општеството, земајќи го предвид и идниот развој на пазарот на трудот и во Република Северна Македонија, но и пошироко.<br>Подолу се издвоени неколку успешни приказни на студентите како конкретни примери на постигнати резултати:<br>1. Стефан Мишовски, линк<br>2. Стефан Коцев, линк<br>3. Александар Лонгуров, линк<br>4. Бојана Кацарова, линк<br>5. Маја Дејаноска Алчевска, линк | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.2.А._Дескриптори за прв, втор и трет циклус на студии | |
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештини кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество. Сите студиски програми на Факултетот за медицински науки продуцираат јасно дефинирани профили засновани на барањата утврдени со потребите на општеството, земајќи го предвид идниот пазар на трудот за дипломираните студенти. Во РС Македонија дипломираните студенти од Факултетот за медицински науки можат својата професионална кариера да ја реализираат во доменот кој го опфаќа јавното и приватното здравство на примарно, секундарно и терциерно ниво, со цел унапредување на здравствениот систем и здравствената заштита на населението. Во периодот 2021 – 2024, на Факултетот за медицински науки на прв циклус студии реакредитирани се вкупно 8 студиски програми, на втор циклус се реакредитирани 16 студиски програми и три (3) на трет циклус. Линкови од овие студиски програми се дадени во Индикатор 2.2. Во конципирањето на студиските програми се земени предвид регулираните професии и звањата утврдени во постојната Фраскатиева класификација и Националната класификација на занимања, според кои во студиските програми се опфатени квалификациите кои се групираат според секторите на коишто им припаѓаат. Во реализацијата на студиските програми се користи добро воспоставена комбинација на современи методи на настава и учење и методи на оценување, наставниот кадар континуирано ја следи работата на студентите, теоретската настава, практичната настава и истражувачката работа која студентите ја спроведуваат во текот на своите специјалистички или докторски студии е усогласена со целите на студиската програма.<br>Конкретни примери од дипломирани и успешни студенти:<br>1. https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/stefan-mishovski-diplomiran-student-na-fakultetot-za-medicinski-nauki/<br>2. https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-stefan-kocev/<br>3. https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-aleksandar-longurov/<br>4. https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-bojana-kacarova/<br>5. https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-maja-dejanoska-alcevska/ | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |

Организацијата на студиските програми на Факултетот за медицински науки со цел да ги одрази општествените потреби и промени, вклучува систем во кој се инкорпорирани општествените социо-економски и политички промени преку активностите и соработката со Одборот за доверба и соработка со јавноста, со коешто се обезбедува јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес и соработка со деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани. Овој одбор го сочинуваат 2 професори од Факултетот, еден претставник на студентите, 1 претставник на Општина Штип и 1 претставник на Стопанската комора на РС Македонија. Изборот на членовите на овој одбор може да се види во Прилог 2.4.А. На одржаните состаноци се водат записници, пример за дел од нив се дадени во Прилог 2.4.Б.
Кон соодветното организирање на студиските програми придонесува и постоењето на национални квоти при запишувањето на студенти, ослободување од партиципација на студенти без двајца родители, стипендии на најдобро рангирани студенти и др. Се врши следење на повратните информации од вработените и студентите за квалитетот на студиската програма во однос на практичната примена на исходите од истата, за која цел студентите имаат свои претставници во Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки и во Универзитетскиот сенат.
Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на Факултетот. Во наставно-научниот совет свои претставници избира и Факултетското студентско собрание. Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10 % (десет проценти) од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет и се избираат за мандатен период од 2 (две) години (Прилог 2.4.В).
Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган на Универзитетот  кој го сочинуваат по два претставника од единиците на Универзитетот од редот на наставо-начните работници, еден претставник од придружите членки на Универзитетот, а 10 % од бројот на членовите на Сенатот се студенти, избрани од Универзитетското студентско собрание (Прилог 2.4.Г).

**Прилози**

Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма
Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС
Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години;<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Линковите до предметните програми за сите студиски програми со прикажана основна и дополнителна литература се дадени во Индикатор 2.2.

Студиските програми на Факултетот за медицински науки се направени според примерот на студиските програми од соодветната област на реномирани европски и светски универзитети, при што е водена сметка истите да бидат во согласност со нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за додипломско и постдипломско образование, така што овозможуваат споредливост со програмите на високообразовните установи на тој простор. Во креирањето на студиските програми се запазени содржините што ги предвидува Законот за регулирани професии и одредбите на Директивата 2005/36/ЕС од Европската комисија.
Содржината на студиските програми всушност има двојна цел: да се воспостави подеднакво висок стандард во медицинските професии и пракса што е од јавен интерес, промовирање на подеднакво висок стандард на здравствените професионалци како во Европа и поттикнување на свеста за образовните стандарди за исполнување на очекувањата на студентите за соодветно зголемување на нивната компетентност при идното практикување на професијата.
При изготвување на содржината на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Џио Тонг Универзитетот од Шангај и споредбата е прикажана во соодветните елаборати дадени во Индикатор 2.2. Како пример, можеме да ја наведеме студиската програма фармација, која е усогласена и компатибилна со студиските програми по:

- Фармацевтски науки на Ludwig-Maximilians Universität München, Fakultät für Chemie und Pharmazie, рангиран на 57. место на Шангајската листа.
  https://www.cup.uni-muenchen.de/en/study-programs/pharmaceutical-sciences/
  https://www.shanghairanking.com/institution/university-of-munich

- Фармација на Универзитетот во Болоња, Италија, кој е рангиран на 201-300. место на Шангајската листа.
https://corsi.unibo.it/magistralecu/Farmacia-Bologna/insegnamenti/piano/2022/9219/000/000/2022
https://www.shanghairanking.com/institution/university-of-bologna
- Фармација, Универзитетот во Белград, Факултет за фармација, кој е на 401-500. место на Шангајската листа.
http://www.pharmacy.bg.ac.rs/studije/integrisane-akademske-studije/17/studijski-program-farmacija/
https://www.shanghairanking.com/institution/university-of-belgrade
- Фармација на Универзитетот Загреб, Фармацевтско-биохемиски факултет, кој е на 401-500. место на Шангајската листа.
http://www.pharma.unizg.hr/hr/studij-i-studiranje/diplomski[1]studij/https://www.shanghairanking.com/institution/university-of-zagreb
- Фармација на Универзитетот Љубљана, Фармацевтски факултет, кој е на 401-500. место на Шангајската листа.
https://www.ffa.uni-lj.si/studij/info-za-studente/predmetnik
https://www.shanghairanking.com/institution/university-of-ljubljana

Истиот пример го следи и студиската програма по Медицински сестри - стручни студии, која е усогласена и компатибилна со студиските програми по:

- Медицински сестри/медицински техничари на University of Queensland, Australia, рангиран на 51. место на Шангајската листа.
https://www.uq.edu.au/study/program_list.html?acad_prog=2241
https://www.shanghairanking.com/institution/the-university-of-queensland

Студиска програма за Оптометрија и очна оптика е усогласена со студиската програма од:

- Оптометрија на Каролинска институтот во Шведска, кој е на 35. место на Шангајската листа.
https://cwur.org/2021-22/Karolinska-Institute.php
https://education.ki.se/programme-syllabus/1OP13

На Факултетот за медицински науки во периодот на самоевалуација во наставата учествувале 6 визитинг професори (Прилог 2.5.А) и гостувале повеќе наставници преку Еразмус+ мобилност, главно од Бугарија и Турција. Во 2023 и 2024 година на краток Еразмус престој биле вкупно 21 наставник, при што 18 во 2023 и 3 во 2024 година. Наставниците доаѓаат од институции и универзитети со кои имаме склучено договори, при што во конкретниов случај, на Факултетот за медицински науки најмногу наставници преку Еразмус+ програмата имало од Бугарија (вкупно 12) и тоа од Medical University Sofia и SWU Neofit Rilski. Во последниве две години, од Турција имало вкупно 9 наставници кои се дел од наставниот кадар од следниве универзитети: Istanbul Atlas University, Suleyman Demirel University, Ondokus Mayis University, Bayar University, Polytechnic of Pozega, Afyon Health Science University, Topkapi university, Giresun University Tekirdağ и Namık Kemal University. Истите одржале најмалку по едно предавање на студентите од прв циклус на студии, поретко вклучувајќи ги и студентите од трет циклус или специјализантите.

**Прилози:**

Прилог 2.5.А._Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Информациите потребни за очекуваното оптоварување на студентите, за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекуваното оптоварување на студентите се дадени во прилозите од сите акредитирани студиски програми во индикаторот 2.2, како и во Прилог 2.6.Б.

Студентите во текот на студирањето изведуваат и теренска и практична настава (дел од која е формулирана и како летна пракса) што опфаќа нивна задолжителна ангажираност од определен временски период (различен за

различни студиски програми, но во минимум од 2 седмици) на крајот на летниот семестар со најмногу 8 часа на ден. Практичната настава се изведува во организациите од областа на студиската програма по претходно склучен договор (дел од договорите се дадени како пример во Прилог 2.6.В). Во текот на практичната работа студентите добиваат одредени конкретни работни задачи и истите ги извршуваат под менторство и постојана контрола од одговорното лице на установата или специјалисти од соодветната област на практичната настава и на тој начин стекнуваат практични знаења и вештини за коишто веќе имаат теоретска основа. Во текот на реализацијата на практичната настава студентот е должен да води дневник за секојдневните активности, во кој добива потпис за реализираната дневна активност од екстерниот ментор од организацијата каде студентот ја изведува практичната настава.
Секоја академска година се избираат одговорни наставници за практичната настава, чија обврска е менторство на студентите за практичната настава и реализација на предметот во е-индекс.

**Прилози:**
Прилог 2.6.А. Извештај за реализирана практична настава
Прилог 2.6.Б. Приказ на очекувано оптоварување на студентите за сите студиски програми
Прилог 2.6.В. Договори со институции со кои ФМН има склучено договорна соработка

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страница каде се објавени наведените информации.[1] |

Информациите за студиските програми се објавени на веб-страницата на ФМН - https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/,
Прв циклус на студии - https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus,
Втор циклус на студии - https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus
Трет циклус на студии - https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/studiski-programi-mentori/
Специјализации - https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/specijalizacii

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената, причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Според Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми на сите три циклуси се врши на секои пет години. Студиските програми на Факултетот за медицински науки во поставениот период од пет години се ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, кои подразбираат тековни подобрувања и адаптирања на студиската програма во зависност од новите технолошки достигнувања кои ја пратат медицинската наука, при што промените не надминуваат 30 % од претходната акредитација.

Во периодот на самоевалуација беа реакредитирани следниве студиски програми:
Прв циклус на студии:

- Дентална медицина (интегрирани студии прв и втор циклус) бр. 08 – 566/6 од 21.09.2022 г.
- Фармација (интегрирани студии прв и втор циклус) бр. 08 – 260/6 од 14.09.2023 г.
- Забен техничар – протетичар (тригодишни стручни студии) бр. 08 – 380/7 од 21.10.2022 г.
- Медицински лаборант (тригодишни стручни студии) бр. 08 – 384/7 од 21.10.2022 г.
- Оптометрија и очна оптика (тригодишни стручни студии) бр. 08 – 382/7 од 09.11.2022 г.
- Физиотерапевти (тригодишни стручни студии) бр. 08 – 379/6 од 16.09.2022 г.
- Медицински сестри/медицински техничари (тригодишни стручни студии) бр. 08 – 383/6 од 31.10.2022 г.
- Акушерки бр. 08 – 381/7 од 21.10.2022 г.

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

Втор циклус на студии:
- Радиофармација (едногодишни) бр. 08 – 386/4 од 28.05.2021 г.
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за инфективни и неинфективни заболувања (едногодишни) бр. 08 – 610/6 од 16.09.2022 г.
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за интензивна нега (едногодишни) бр. 08 – 555/6 од 16.09.2022 г.
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за семејна и патронажна нега (едногодишни) бр. 08 – 560/6 од 16.09.2022 г.
- Специјалистички стручни студии за микробиолошка лабораторија (едногодишни) бр. 08 – 561/6 од 07.10.2022 г.
- Специјалистички стручни студии по неврорехабилитација (едногодишни) бр. 08 – 567/6 од 16.09.2022 г.
- Специјалистички стручни студии за традиционална кинеска медицина (едногодишни) бр. 08 – 557/6 од 21.10.2022 г.
- Специјалистички стручни студии по оптометрија (едногодишни) бр. 08 – 565/6 од 31.10.2022 г.
- Специјалистички стручни студии по забен техничар - протетичар (едногодишни) бр. 08 – 559/6 од 31.10.2022 г.
- Специјалистички стручни студии по трансфузиологија (едногодишни) бр. 08 – 558/6 од 31.10.2022 г.
- Специјалистички стручни студии по анестетичар (едногодишни) бр. 08 – 556/6 од 31.10.2022 г.
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за инструментарка (едногодишни) бр. 08 – 568/6 од 31.10.2022 г.
- Специјалистички стручни студии по физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија (едногодишни) бр. 08 – 569/7 од 03.08.2023 г.
- Специјалистички стручни студии за санитарно-хемиска лабораторија (едногодишни) бр. 08 – 563/6 од 20.02.2023 г.
- Специјалистички стручни студии за хемиско-биохемиска лабораторија (едногодишни) бр. 08 – 564/6 од 20.02.2023 г.
- Фитотерапија и суплементација (едногодишни) бр. 08 – 562/6 од 26.03.2024 г.

Трет циклус на студии:
- Базични и клинички истражувања во дентална медицина бр. 08-400/6 од 12.7.2021 г.
- Фармацевтски науки бр.08-402/80 од 12.7.2021 г.
- Базични и клинички истражувања во медицината бр. 08-389/9 од 17.8.2021 г.

Наставникот и соработникот по секој предмет користат евидентни листови во кои се содржат информации за тоа кои студенти ја посетувале наставата во одредените денови за тоа. Секој присутен студент го евидентира своето присуство со потпис на евидентниот лист во колоната предвидена за даденото предавање/вежби. Пример на бланко евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

**Прилози**

Прилог 2.8.А Пример на евидентен лист од еден предмет

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

**Е-индекс** електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни потсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие потсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.

Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени на положување по предмети, број на студенти кои ги напуштиле студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 се дадени во Прилозите 2.9.А, 2.9.Б1, 2.9.Б2 и 2.9.В.

Прилог 2.9.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2.

**Прилози**

Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето

| |
|---|
| Прилог 2.9.Б1/2. Листа на предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за секој циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет<br>Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени студенти, број на положени студенти, како и просечна оценка на положување<br>Прилог 2.9.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2 |

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно со Законот за високо образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.

На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот (Прилог 1.4.А), како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет, како и со Статутот на Факултетот за медицински науки (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf).

Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи, испитни сесии и друго. На веб-страницата, во делот на Соопштенија, студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.

Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините кои истите ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на студентите, проверка на резултатите од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се: училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.

Понатаму, Универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус-програмата.

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува современ начин на студирање за студентите и олеснети административни процедури (како на пример, електронско пријавување на испити). Факултетот им овозможува на студентите да учествуваат и во дополнителни наставни активности, како посетување предавања, различни работилници, како и наставни посети на здравствени институции вклучени како наставна база на Факултетот каде што се изведува и практична настава.

Формите за спроведување на наставно-образовниот процес на Факултетот за медицински науки се стандардна настава, со организирана теоретска и практична настава, со исклучок на периодот од март 2020 година, па сè до крајот на ковид-пандемијата, кога наставата беше организирана електронски и во хибриден модел, како последица на пандемијата.

Како класични форми на настава се користат и проектни активности и работа во мали групи, со последователна презентација на сработени студентски проекти. Воедно постојат и развиени облици на меѓународна соработка и мрежа

| | |
|---|---|
| за студентска размена преку најразлични механизми: проекти, билатерални договори, Еразмус и CEEPUS програма и сл. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс за упис на студенти, а има обезбедено и пристапност за лицата со посебни потреби.
Во рамките на наставата, онаму каде што е потребно се изведува и хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап за сите студенти до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и лабораториски практикуми од страна на вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата и канал на Microsoft Teams, каде што се поставуваат различни материјали за учење, се комуницира со студентите, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи. Како дополнителна можност стои и УГД Е-учење, инстанца на Moodle LMS платформата (https://moodle2.ugd.edu.mk), каде може да се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност и за тестирање на студентите, имплементирање на квизови, како и задавање на домашни задачи. Дополнително, оваа платформа за секој предмет нуди форуми за дискусија, испраќање на соопштенија, автоматско оценување на квизовите, анкетирање на студентите и сл. Од секој аспект, Moodle платформата е корисна алатка која помага во комуникацијата студенти-професор, но и во инклузивноста и почитувањето на различноста на студентите.
Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според процедури за изготвување, предлагање и усвојување на сите студиски програми, кои вклучуваат искуство и знаења на предметните наставници, но и барањата на пазарот на труд, соодветни стручни здруженија и граѓански здруженија, како и студентите, и се во согласност со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Резултатите од учењето на студентите се соодветно наведени во студиските програми и јасно ги дефинираат знаењата и вештините со коишто истите ќе ги стекнат по завршување на студиите. ЕКТС кредитите се распределени според реалните оптоварувања и во согласност со очекуваните резултати. За изведување на наставата е ангажиран соодветен наставен и соработнички кадар кој Универзитетот го следи во спроведувањето на наставата и го оценува со соодветни критериуми за оцена на квалитет. Паралелно се оценуваат и студентите преку фер, транспарентно и конзистентно оценување кое е дефинирано во формален акт. Наставниците користат развиени методи за оценување на студентите, прават проверка согласно со утврдените резултати од учењето и водат евиденција за активностите на студентите во текот на семестарот како начин за одржување на квалитетот на наставата. Универзитетот, односно единиците обезбедуваат и соодветни ресурси (училници, лаборатории и опрема, библиотечни ресурси, компјутери, поединечни и групни простори за учење и сл.) сè со цел да се овозможи нормално одвивање на образовниот процес.
На сите студиски програми се одржува наставата преку предавања, аудиториски, лабораториски и клинички вежби. Предавањата се изведуваат во предавални опремени со современи телевизори кои се користат за изложување на презентациите на наставникот. Секоја предавална е опремена и со елекронски табли и/или класични зелени табли поради специфичноста на некои предмети. Аудиториските вежби најчесто се изведуваат хибридно во предавална или онлајн. Лабораториските вежби се изведуваат во лаборатории, хемиски, биохемиски, заботехнички и слично, во зависност од студиската програма. Клиничките вежби се реализираат во клинички и општи болници, приватни ординации и аптеки, со кои Универзитетот има склучено договори. Пример за распоред на часови на Факултетот за медицински науки за сите студиски програми е даден во Прилог 3.2.А., Прилог 3.2.Б и Прилог 3.2.В. Поради обемност на распоредот за вежби за Општа медицина, доставен е само распоред за предавања.

**Прилози:**
Прилог 3.2.А. Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно преку распоред на часови за стручни студии
Прилог 3.2.Б. Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно преку распоред на часови за Општа медицина
Прилог 3.2.В. Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно преку распоред на часови за Дентална медицина, Фармација и Забни техничари.

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

| | |
|---|---|
| study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | |

Факултетот за медицински науки редовно ги адаптира начините на изведување на наставата според тековните барања и потреби, главно темелејќи ги кон интерактивно учење кое во фокусот го има самиот студент. Во самиот процес, студентот и неговиот академски развој заземаат приоритет, преку развивање на неговите вештини и компетенции, според студиската програма, за со завршување на студиите активно да се вклучи во здравствениот систем. Таков пример беше и периодот на пандемијата со ковид-19, која се рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво. Истата директно влијаеше и на начинот на одржување настава, со што наставата и на нашиот факултет беше целосно стопирана, но само за многу краток период од 2 до 3 седмици. Исклучително брзо беше преминато кон одржување на наставата електронски од далечина. Факултетот за медицински науки многу бргу се адаптираше на настанатата промена користејќи ги алатките на Microsoft Teams. Електронските платформи кои нашиот Универзитет ги имаше претходно развиено, како што се: е-индекс, е-библиотека, е-репозиториум, е-распоред и други, само ја олесниja реализацијата на онлајн наставата, која во услови на пандемијата се реализираше во целост, без прекинување и со многу брз и ефикасен премин од настава со физичко присуство во онлајн реализација, усогласувајќи ги барањата на студентите во еден современ дигитализиран свет. Ова го направи Универзитетот „Гоце Делчев“ да биде првиот универзитет во Македонија кој беспрекорно се префрли на далечинско учење и продолжи да ги користи придобивките на овој современ начин на предавање и во постпандемиски услови.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.) се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.4.А) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување“ (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и изработката на индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели и поени за дополнителна активност која студентот ја остварил (максимум до 7 поени) и ако студентот освои минимум 42 поени од предиспитните активности, има право да го пријави испитот во соодветната сесија и да полага завршен испит.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

- 10 (A) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот ги внесува поените и оценките во студентското досие во Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.

Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно. Табела со методи за испитување и оценување на студентите за прв, втор и трет циклус на студии се прикажани во Прилог 3.4.Б.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии
Прилог 3.4.Б. Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;

- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, Прилог 3.5.А-3.5.Г).
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Д)
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѓ)
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Е)
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.Ж)
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски трудна Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.З)
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.
Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб-страницата на Универзитетот.

**Прилози:**
Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти
Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Г. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Д. Процедура за затворање на пријави во е-индекс
Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Е. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд
Прилог 3.5.Ж. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело
Прилог 3.5.З. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Студирањето на Факултетот за медицински науки на сите три циклуси на студии се одвива согласно усвоени правилници:

- Правилник за студирање на прв циклус на студии (Прилог 3.4.А)
- Правилник за студирање на втор циклус на студии (Прилог 3.5.Б)
- Правилник за студирање на трет циклус на студии (Прилог 3.5.В)

Облиците за проверка на знаењето (испитите) можат да бидат теоретски и практични, а се полагаат само писмено, само усно или и писмено и усно. Писмената проверка, по правило, се изведува по пат на тест или писмена работа. Начинот на испитување го одредува наставникот. Завршното оценување, по правило, е усно. Сите потребни информации се лесно видливи во е-индекс и постои можност за доставување на повратни информации, а по потреба и можност да се реагира за техничка грешка при внесувањето на оценката. Воведени се и иновативни пристапи во оценувањето кои го вклучуваат полагањето на колоквиуми и испити на платформата за е-учење или Microsoft Teams. Платформата за Е-учење постојано се употребува во наставата и нуди опции за креирање на курсеви, додавање на активности и ресурси во истите курсеви, како и можности за спроведување на електронски колоквиуми и испити и нивно автоматско оценување. Од пандемијата со ковид-19 значително е зголемена и употребата на Microsoft Teams опфаќајќи ги сите потреби на студентите. Испитите се спроведуваат со физичко присуство, освен во академската 2021/2022, кога поради пандемијата со ковид-19, испитите се реализираа електронски, на платформата на Microsoft Teams.

Информацијата за оценувањето на студентите е достапна и видлива преку е-индекс и студентот може да реагира по оценката. Дополнително, при полагање на завршен испит и внесување на оценката, Е-индекс испраќа електронско известување до студентот и професорот за резултатот од полагање. Електронското известувањето вклучува податоци за: студент, предмет, сесија, професор, поени од завршен испит и оцена.

Доколку студентот не е задоволен од завршното оценување, во рок од 24 часа може да поднесе приговор до деканот на единицата и студентот испитот го полага пред трichлена комисија составена од наставници од исто или сродно

наставно-научно подрачје, во наредните 24 часа наредниот работен ден. Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата. Во случај студентот три пати да не го положи испитот, четвртиот пат испитот се спроведува пред комисија, составена од три члена, меѓу кои е и предметниот професор.
Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:
- Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94;
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34;
- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А);
- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б).

Исто така, Универзитетот има дефинирано:
- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15);
- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20);
- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/ 20).

Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.
На ниво на Факултетот за медицински науки во академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 година нема пријави за корупција (Прилог 3.7.В).
Надворешни фактори
Во бараните академски години има поднесувано жалби и приговори од студенти во врска со поништување на оценка од испит или барања за повторно полагање на испит со формирање на комисија од која се иззема предметниот професор. Истите детално се наведени во прилог 3.7.Г. и тоа по учебни години, вид на поднесено барање, како и пресметан процент на позитивно решени жалби од студенти.
Прилог 3.7.Д дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3.

**Прилози:**
Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22
Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22
Прилог 3.7.В. Извештај за пријави на корупција
Прилог 3.7.Г. Листа и број на поднесени жалби на студентите по учебни години
Прилог 3.7.Д. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т. е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |
| Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, 3.5.А-3.5.Г). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие правилници. | |

| | |
|---|---|
| Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)<br>• Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/). | |
| **Прилози:** дадени преку линковите погоре | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| **Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на кој било факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) можат сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за пријави за дипломски трудови, магистерски трудови и докторски трудови; следење на електронска огласна табла и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д)), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модул за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/ и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).<br>Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.<br>Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти<br>Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар<br>Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА<br>Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)<br>Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)<br>Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018 | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење на студентите за време на студиите, | Акт со кој се регулира ова прашање;<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години. |

| | |
|---|---|
| вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | |

На Универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.
Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).
По завршување на размената, продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот, подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е-индекс за реализација на активностите на студентот во системот за е-индекс.
На Факултетот за медицински науки, во периодот на самоевалуација, 56 студенти имаат заминато на мобилност за студии во изминатите три години, а 45 студенти имаат заминато на мобилност за пракса во изминатите три години (од сите 3 циклуси на студии). Вкупно 101 студент искористиле Еразмус+ мобилност (Табела 4.3.Г).
Исто така, во периодот на самоевалуација, 100 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Д.).

**Прилози:**
Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во Универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмски партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи
Прилог 4.3.Г. Листа на студенти кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години
Прилог 4.3.Д. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома. |

Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).
Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус (стручни студии) или интегриран прв и втор циклус (општа медицина, дентална медицина и фармација) ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.
Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.
Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности,(dr.sc,PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.
Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА"; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ја издава

дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ги реализира студиите доколку е различен од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во РСМ: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на РСМ.
Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).
Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).
Стандард 4 е речиси целосно исполнет. Прилог 4.4.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4.

**Прилози:**
Прилог 4.4.А Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018
Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома
Прилог 4.4.В Транскрипт на оценки
Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4

## Стандард 5 - Наставен кадар

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Структурата на наставниот кадар на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Во моментов на спроведување на самоевалуацијата, на Факултетот за медицински науки во редовен работен однос се **20 редовни професори**, **31 вонреден професор** и **24 доценти** или вкупно 75 наставници. Дополнително, во наставата се вклучени и **24 насловни вонредни професори** и **36 насловни доценти**. Биографиите на наставниот кадар се дадени во Прилог 5.1.А, за најголем дел од наставниот кадар во Europass формат, на англиски и македонски јазик, додека одлуките за нивниот последен избор во звање, во Прилог 5.1.Б. Дополнително на Факултетот за медицински науки во редовен работен однос се и **11 асистенти** и **7 лаборанти**. Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научноистражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. Загрижувачки е трендот на намалување на кадарот избран | |

| | |
|---|---|
| во соработнички звања што се должи на недоволниот број на нови вработувања, а истиот е од есенцијално значење за спроведување на практични и клинички вежби со студентите.<br>Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научната област од Фраскатиевата класификација на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања. Прилог 5.1.В дава преглед на предмети кои кадарот ги предавал во периодот на самоевалуација. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Прилог 4 (со информации за последните три години)<br>Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет<br>Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице (според ЗВО: Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети) | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните<br>5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот за медицински науки активно учествува на научни конференции и објавува трудови во референтни научни публикации, со што придонесува во развојот на квалитетни студии, давајќи позитивен импакт и на соодветната научна област. Реално е невозможно да имаме точен увид во вкупниот број на објавени трудови, бидејќи не сите наставници редовно ги поставуваат своите трудови на е-репозиториум. Од достапните информации на е-репозиториумот, како податок можеме да издвоиме дека наставниот и соработничкиот кадар од Факултетот, во периодот за самоевалуацијата има реализирано 1303 активности, и тоа во 2021 година - 278, во 2022 година - 330, во 2023 година - 394 и во 2024 година - 301. Овие активности ги опфаќаат и учествата на научни и стручни конференции, проекти, како и објавените трудови во референтни научни публикации и учебни помагала. Табела со број на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години групиран по категории предвидени во член. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО е даден во Прилог 5.2.А. Иако реалниот број сигурно е многу повисок, апроксимативна бројка на објавените трудови во периодот на самоевалуација 2021-2024 година на Факултетот за медицински науки изнесува околу 640, од кои најмалку 42 се публикувани во списанија со фактор на влијание.<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот е прикажана во Прилог 5.2.Б. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО<br>Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот | |
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Факултетот за медицински науки до моментот на изработка на Извештајот за самоевалуација брои вкупно 75 наставници, од кои 38 се ангажирани во редовен работен однос и 37 се со двојно вработување. Дополнително во наставата се ангажирани и 60 насловни наставници, како и наставници и соработници од други единици на | |

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како на пример, на предметите за изучување на странски јазици, информатика, математика, спорт и слично. На Факултетот за медицински науки во редовен работен однос од соработнички кадар се ангажирани 11 асистенти, како и 7 лаборанти, што е недоволно за реализација на практичната настава, па Факултетот на годишно ниво ангажира и демонстратори од прв циклус на студии, докторанди, како и стручњаци од пракса кои најчесто се клинички доктори од установите со кои Факултетот има склучено договори.

Оптоварувањето на наставниот кадар е согласно законските одредби. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии) е даден во Прилог 5.3.А. Притоа може да се види дека е водено сметка за членот 161 од страна 9 и 10 од ЗВО и бројот на часовите на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.

Одлуките за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години се прикажани преку анексите на договорите за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар (Прилог 5.3.Б1), додека за наставниците избрани во наставни звања, поради доверливост на податоци, прикажани се во посебна табела со прикажан ангажман за последни три години и наведен број на одлука (Прилог 5.3.Б2).

Извештаите за спроведена настава се во вид на евидентни листови по предмет, каде студентите со потпис ја потврдуваат својата присутност и истите не се задолжителни да се чуваат од страна на наставниците и соработниците. Еден бланко примерок на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.В) и истата се однесува за зголемен ангажман во администрирањето на даден предмет и тоа во случај кога еден предмет го слушаат голем број студенти.

**Прилози:**

Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии

Прилог 5.3.Б1/2. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар) (5.3.Б1 за редовно и двојно вработени наставници; 5.3. Б2 за наставници избрани во насловно звање)

Прилог 5.3.В. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно-научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години);<br>Линк до Билтен во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Од прегледот на ангажираност на наставниците во образовниот процес може да се забележи дека наставниците кои се во редовен работен однос и избрани во наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се максимално ангажирани по семестар коешто може и негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, пак, Факултетот максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при презентација на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека во најголем број случаи на Конкурсите се пријавувал само по еден кандидат (Прилог 5.4.Б) кој ги исполнувал условите согласно Правилникот (Прилог 5.4.А). Сепак, постојат ситуации и кога се пријавувале двајца кандидати за едно место и бил избран само еден, како пример има три такви ситуации за избор на вонреден професор, осум за избор на доцент, една за избор на асистент и три за избор на насловен доцент. Како изолиран случај е еден избор на насловен доцент кога се имаат пријавено дури пет кандидати.

Прилог 5.4.В дава преглед на ангажираниот наставен и соработнички кадар со број на страници и линкови до Билтен на УГД во коишто се објавени рецензиите за избор на наставничкиот кадар.

**Прилози:**

Прилог 5.4.А. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и

соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години
Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Наставно-образовниот процес и истражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип се остварува во новоизградени, но и во објекти коишто се реновирани и приспособени кон реалните потреби и имаат вкупна површина од 41 053 m². Во вкупниот простор со кој располага Универзитетот влегуваат 4 Кампуси, Ректорат, дел од објект на библиотека, спортска сала, објект на Плачковица, како и објекти кои Универзитетот ги користи под наем во повеќе градови во државата, со кои има склучено договори за времено користење на истите, сè со цел непречено одвивање на процесот на студирање на сите студенти кои студираат во овие места. Вкупната површина на четирите кампуси е 37 152 m². Бидејќи Универзитетот е интегриран, не постои ограничување на користење на просторот потребен за тековната реализација на наставата од страна на кој било од Факултетите според потребите.
Факултетот за медицински науки припаѓа на Кампус 3, но голем дел од наставата се одвива и во зградата на Кампус 2 на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
За реализација на теоретската и практичната настава по општообразовните предмети, предметите од областа на базичните природни науки, предметите од областа на базичните (предклинички) медицински науки, предметите од областа на здравствен менаџмент, здравствено законодавство и сродни предмети, како и теоретската настава по предметите од областа на клиничките медицински науки се користат просториите што му припаѓаат на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во вкупниот простор на површина од околу 350 m², се вклучени 16 канцеларии со 50 места наменети за наставниот и административниот кадар. Во нив не е вклучена студентската служба која како посебна се наоѓа во друг објект. Воглавно, наставната програма на првиот циклус на студии на Факултетот за медицински науки се одвива во 4 амфитеатри со вкупен капацитет од 650 седишта, 12 предавални кои имаат вкупен капацитет од 605 седишта, 14 кабинети/лаборатории. По потреба, во зависност од бројот на студентите, во просторната организација на наставата се вклучуваат и дополнителни простории лоцирани во другите Кампуси на Универзитетот. Во склоп на Факултетот за медицински науки постои и физикален рекреативен центар на површина од 130 m², во кој функционираат кабинетите за Физикална медицина и кабинетот за Кинезитерапија. во кој се реализираат практичните вежби на студентите од стручните студии за физиотерапевти. За реализација на наставата на студиската програма по Дентална медицина, Факултетот располага со целосно опремен Стоматолошки центар од 509 m² со 10 стоматолошки столчиња и 10 фантоми.
Клиничките вежби по клиничките стручни предмети на студиската програма Општа медицина, воедно и задолжителната практична настава за специфичните студиски програми, се одвиваат главно во Клиничката болница во Штип, но и во други државни и приватни институции/установи со кои Факултетот има склучено договор.
Клиничките вежби на студиската програма Општа медицина се обавуваат главно во Клиничката болница во Штип, но и во други јавни и приватни здравствени институции низ државата со коишто Факултетот за медицински науки има склучено Договори за соработка. Задолжителна стручна пракса на студентите се одвива во заботехнички лаборатории, стоматолошки ординации, приватни и јавни аптеки, биохемиски лаборатории или други приватни и јавни здравствени установи (во зависност од студиската програма) со кои Факултетот за медицински науки исто има склучено Договори за соработка. (Информации во прилозите 5.5. А, Б, В, Д).
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип има обезбедено пристап до повеќе електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation, ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог 5.5.Г).

**Прилози**

Прилог 5.5.А. Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
П илог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата. Податоците се достапни во претходната самоевалуации и елаборатите за акредитација на студиски програми од соодветниот факултет.
Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање). Табелата се креира доколку ваква опрема е обезбедена во последните 3 години.
Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата.
Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

<table>
<tr><td>5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар.</td><td>Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Универзитетот досега нема донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на техничките вештини на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А. Сепак во рамките на Факултетот за медицински науки се организираа бројни работилници во функција на употреба и развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини. На одржаните работилници наставниот кадар ги подобри дигиталните вештини и се стекна со знаења за методите на активно учење кои се практикуваат во хибридна настава онлајн и во училница. Дополнително, наставниците научија како дигиталните алатки да ги применат во наставата и учењето на студентите. На работилниците особено се нагласуваше размената на добрите практики во примената на методите на активно учење и објективно вреднување на постигнувањата на студентите во применетите научни дисциплини од подрачјето на медицинските науки во услови на комбинирана настава (онлајн и со физичко присуство).<br>Воопштено, наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење (https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=51), да ги користат платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знаат да креираат квизови, групни дискусии и различни форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>/</td></tr>
<tr><td>5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.</td><td>Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Политиката за обезбедување на квалитет на Факултетот за медицински науки е во согласност со мисијата, визијата и вредностите на институцијата, тесно поврзана со стратешкото управување со наставните и научните планирања. Една од целите е вмрежување со високообразовни институции од земјата и странство за вклучување во научноистражувачки активности и црпење на неопходните човечки и материјални ресурси и создавање услови за професионално усовршување на наставно-научниот кадар на признати институции високо рангирани на светските листи за значајни достигнувања во образовниот процес и науката. Заради подобрување на квалитетот и унапредување на наставниот процес, Факултетот за медицински науки постојано врши ангажирање на визитинг професори во соодветната научна област и истакнати стручњаци од практиката (Прилог 5.7.А; Прилог 5.7.Б). За потребите на акредитираните студиски програми, во текот на периодот на самоевалуација 2021-2024 година, Факултетот за медицински науки ангажирал шест визитинг професори за покривање на наставата по предметните програми: Општа медицина, Дентална медицина, Забен техничар - протетичар и Физиотерапевти (Прилог 5.7.А). Преку спроведување на обуки за стручњаците од практиката, Факултетот за медицински науки се труди да ги подигне нивните компетенции и со тоа да дадат подобри резултати во подобрување на практичните вештини на студентите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години. Табелата вклучува тип на ангажман, област/предмет и период на ангажман;<br>Прилог 5.7.Б. Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми во Europass формат.</td></tr>
<tr><td>5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен.</td><td>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
</table>

Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип едуцира кадри на академски додипломски студии од прв циклус, стручни специјалистички и академски специјалистички студии од втор циклус и докторски студии од трет циклус. Квалитетот на наставата се обезбедува преку интерактивност и вклучување на студентите во истражувачки и апликативни проекти. Студентите секојдневно се вклучени во работата на научноистражувачките лаборатории, во кои постојат оддели за светлосна микроскопија, биохемија, електрохемија, применета фармација, радиофармација, протетика, дентална пракса, нега на болен, анестезија и реанимација и др. Голем дел од наставата, но и научните истражувања на Факултетот за медицински науки се одвиваат и во здравствените установи со кои Факултетот има склучено договор за соработка. Студентите во текот на научната работа добиваат персонализирана поддршка од страна на наставниците. Наставниците од соодветните научни области како дел од вкупната евалуација на достигнувањето на студентите ги оценуваат и нивните лабораториски вештини и управувањето со добиените резултати од направените истражувања. Преку практична имплементација на стекнатите теоретски знаења студентите се поттикнуваат на учење со разбирање и критично размислување. Соочувајќи се со реални проблеми студентите успешно ги применуваат теоретските знаења во пракса.

Научноистражувачката работа на Факултетот за медицински науки опфаќа истражувања од областа на медицинските науки, фармацијата и стоматологијата, како и примена на истите во различни други интердисциплинарни области. Наставниот кадар на Факултетот за медицински науки учествува во повеќе меѓународни и национални проекти и нивната листа може да се види на следниот линк (https://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/FM/). Меѓународните проекти се во рамките на следните програми: NATO SPS, проекти финансирани од IAEA, Erasmus+, COST акции, и др. Националните проекти се финансирани од МОН и УГД. Факултетот за медицински науки и Универзитетот „Гоце Делчев“ ја поттикнуваат научноистражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар, како и на студентите од втор и трет циклус, на различни начини. Прво, за сите нив се доделуваат парични годишни награди и признанија за научни активности, регулирани со Правилникот за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) и други акти од Индикатор 5.11. Студентите од втор и трет циклус дополнително се мотивираат. Со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Б) студентот е обврзан да публикува најмалку еден научноистражувачки труд или соопштение на научен собир за да се стекне со право за одбрана на трудот. Студентите на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/) во своите студиски програми имаат предвидено реализација на докторски семинар и Пилот истражувачки проект. ЕКТС кредитите во текот на докторските студии се стекнуваат и преку дополнителни истражувачки активности кои студентот може да ги реализира на неколку начини: Објавување на труд во списание со фактор на влијание (индексирани во Web of Science и SCOPUS; Објавување на труд во реномирано научно списание, индексирано во Ebsco, Emerald, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank; Објавување на труд во зборник на меѓународна научна конференција во земјата и странство; Учество со усна или постер презентација на научна конференција; Меѓународна мобилност најмалку еднонеделен престој (задолжителна) и сл.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Основна цел на студиските програми кои ги реализира Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е стекнување на функционални знаења и вештини во подрачјето на медицинските науки и продукција на високо квалификуван медицински кадар (лекари по општа медицина, стоматолози, фармацевти, медицински сестри, лаборанти, физиотерапевти ...) преку примена на методите на активно учење, поттикнување на креативно размислување и критичко мислење кај студентите што ќе им овозможи активно вклучување во медицинските области по дипломирањето. Основни цели на студиските програми се реализација на образовни, стручни и истражувачки задачи и пренесување на научните знаења за стекнување на практични вештини од сите области на медицината. Квалитетот на наставниот процес се обезбедува преку воведување интерактивност во наставата, професионалниот пристап на наставниците, асистентите и демонстраторите, редовна комуникација наставник – студент и континуирано унапредување на наставните курикулуми и согледаните недостатоци во образовниот процес. Факултетот за медицински науки ги поттикнува наставниците да користат современа методологија на презентирање, практично реализирање на експерименти и задолжителни теренски активности, со цел да се направи мост меѓу теоријата и праксата. Честопати се ангажираат и гости-предавачи на актуелни теми (пример: https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/190-profesor-od-izrael-kje-odrzhi-predavanje-na-fakultetot-za-medicinski-nauki; https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/143-pred-m). Посебно внимание се посветува на користење на дигиталната технологија во образовниот процес. Е-системот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се покажа како многу корисна

| | |
|---|---|
| алатка и помош на студентите при нивното студирање. Ажурирањето на материјалите од предавањата и вежбите, како и списоците на препорачана литературата, со цел збогатување и осовременување на наставната содржина, се активности кои во континуитет ги спроведуваат предметните наставници. Апликацијата Microsoft Teams и Office 365 е основа на која Факултетот го базира онлајн наставниот процес при изведување хибридна настава. Многу често наставниците ги користат дигиталните алатки да креираат виртуелни лаборатории и симулации преку користење на различни медицински софтвери. Наставниците ги користат дигиталните платформи за креирање на квизови, групни дискусии од форматот на „world caffe“, а со единствена цел поттикнување на групната соработка меѓу студентите. Пандемијата со ковид-19 ја забрза употребата на дигиталните алатки во наставата, а наставниците и студентите ја подобрија сопствената дигитална писменост.<br>Конкретен пример за реализација на пракса на Факултетот за медицински науки се организираните вежби и посети во современите приватни здравствени установи како Болница Аџибадем Систина, Клиника Жан Митрев каде студентите добиваат увид во новите технологии и модерните начини на давање на здравствени услуги. Многу добар пример е и организираната практична настава која се одржува секоја учебна година во УИ ПЕТ центар - здравствена институција со најсовремена опрема за ПЕТ/КТ во регионот. Студентите на студиската програма по Фармација посетуваат и пракса во тренинг центрите на Алкалоид АД и Реплек АД кои се водечки фармацевтски компании во нашата земја (https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/192-studenti-od-farmacija-na-praktichna-nastava-vo-trening-centarot-na-alkaloid), организирана е и некулкудневна практична теренска настава во Нежилово - Велес по предметите Фармацевтска ботаника и Фармакогнозија (https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/153-terenska-nastava), организирани се посети и пракса во медицинските хидро-рехабилитациони центри во државата за студентите од студиската програма Физиотерапевти. Еразмус студентите кои ја посетуваат наставата исто така се вклучени во овие посети и пракси.<br>Наставниците континуирано работат на унапредување на истражувачките компетенции на студентите и начинот на презентирање на научните резултати. Во перидот на самоевалуација, на Факултетот за медицински науки се организирани неколку студентски научни симпозиуми и конгреси (https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/202-300-13; https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/195-objavena-knigata-na-apstrakti-od-tretiot-studentski-kongres-na-opshta-medicina, https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/177-studentite-zaedno-so-svoite-profesori-organiziraa-simpozium-za-retki-bolesti), како и симпозиум од областа на фармацијата со интернационално учество (https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/162-farmacija-simpozium) . Студентите ги презентираа своите научни трудови, а во исто време имаа можност да се поврзат и со компаниите од медицинскиот сектор со цел подобро решавање на актуелните предизвици во медицината. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5 % од објавените публикации во последните три години). |
| УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 5.10.А). Во Правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат/автоплагијат на учебниците/ учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД“.<br>Редовна проверка на учебниците/учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијаризмот: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25 %.<br>Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува“.<br>Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.В)<br>Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција<br>Секој учебник/учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијаризам, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори (Прилог 5.10.Г)..<br>Проверката за плагијаризам на дипломски, магистерски и докторски трудови се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување на текст во други трудови, на линкот: | |

Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk)

Проверката за плагијаризам на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.

**Прилози**

Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип Универзитетски гласник број 60, страна 98-107

Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страна 108-112

Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страна 113-130

Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има донесено Правилник за за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите на Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.

Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на тимови од вработените.

Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Проилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научноистражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да може да бидат индексирани во различни бази.

Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**

Прилог 5.11.А. ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Прилог 5.11.Б. ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 5.11.В. ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со важност од 29.02.2024

Прилог 5.11.Г. Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024

Прилог 5.11.Д. ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Прилог 5.11.Ѓ. ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Усогласеноста на научноистражувачката работа на Факултетот за медицински науки со локалните, регионалните и националните развојни цели се гледа и од работата на наставно-научниот кадар во многу меѓународни и национални проекти, од објавените трудови во релевантни научни списанија и конференции, дадени во Индикаторот 5.2.

Во рамките на Годишните награди што ги доделува УГД на Денот на науката, редовно најголем дел од добитниците на истите се научно-наставниот кадар, но и студенти од Факултетот за медицински науки. Како конкретен пример

| |
|---|
| можат да се издвојат следните добитници на награди и признанија за научна активност во 2023 година, доделени на Денот на науката на 11.11.2024 година (https://www.ugd.edu.mk/blog/vesti-mk/ugd-gi-dodeli-priznanijata-i-nagradite-na-najdobrite-nauchnici-za-2023-g/):<br>Награда за најдобар научник на Универзитет „Гоце Делчев“ за 2023 година – проф. д-р Татјана Рушковска и проф. д-р Рубин Гулабоски;<br>Награда за коавторство на труд објавен во најпрестижно списание, 2023 година – проф. д-р Татјана Рушковска;<br>Награда за авторство на труд објавен во најпрестижно списание, 2023 година – проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова;<br>Награда за научна продуктивност од областа на природни науки, 2023 година – проф. д-р Рубин Гулабоски;<br>Награда за научна продуктивност од областа на медицински науки, 2023 година – насл. доц. Маја Чочевска;<br>Награда за научна цитираност од областа на природни науки, 2023 година – проф. д-р Татјана Рушковска;<br>Награда за научна цитираност од областа на медицински науки, 2023 година – проф. д-р Сотирија Дувлис;<br>Награда за труд на докторанд од областа на природни науки за 2023 година – ас. м-р Павлинка Кокошкарова;<br>Награда за труд на докторанд од областа на медицински науки за 2023 година – насл. доц. д-р Маја Чочевска.<br>Признанија за научен придонес на Универзитетот „Гоце Делчев“ во 2023 година имаат добиено голем број од вработените на ФМН (истите се достапни на линкот погоре).<br>Во рамки на прославување на Светскиот ден на науката оддадени се признанија на најдобрите научници за 2022 година, за нивната напорна и посветена работа која резултира со голем број на трудови објавени во меѓународни списанија, што го става УГД како мал универзитет, сепак еден важен дел од вкупната научна продукција.(https://www.ugd.edu.mk/blog/nauka-mk/den-na-naukata-2023/)<br>Добитници на награди и признанија за 2022 година се голем број од вработените на ФМН (истите се достапни на линкот погоре).<br>Прилог 5.12.А. дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5. |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.12.А. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5. |

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој е сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години;<br>Финансиски извештаи од претходните три години;<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа). |
| Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.<br>Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (прилог 6.1.А.), а динамиката на вкупниот буџет на Универзитетот е прикажан во прилог 6.1.Б.<br>Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25 % од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55 % и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.<br>**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**<br>Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН. | |

Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).
Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од Министерството за образование е 45 % од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2 %. Кај процентот на средствата од МОН има намалување од 1,2 % во споредба со претходната самоевалуација 2019-2021.

**Средства од сопствени приходи**

Средства од сопствените приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.
Просечната процентуалната застапеност на буџетот распределена по извор на средствата за периодот 2021-2024 е следниот: 45 % потекнуваат од Министерството за образование и наука, 38,25 % се од уплата на студенти, 5,5 % од научни проекти и 11,17 % од апликативни проекти. Кај процентот на средствата од сопствени приходи има намалување од 0,5 % во споредба со претходната самоевалуација 2019-2021.

**Средства од научни проекти**

Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средства кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.
Зголемувањето и стабилноста во средствата добиени од научни проекти се должи на зголемените напори на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учеството на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5.55 % од буџетот на УГД.
Просечната процентуална застапеност на буџетот распределена по извор на средствата за периодот 2021-2024 е следнава: 45 % потекнуваат од Министерство за образование и наука, 38,25 % се од уплата на студенти, 5,5 % од научни проекти и 11,17 % од апликативни проекти. Кај процентот на средствата од научни проекти нема промена во споредба со претходната самоевалуација 2019-2021.

**Средства од апликативни проекти**

За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.
Просечната процентуална застапеност на буџетот распределена по извор на средствата за периодот 2021-2024 е следнава: 45 % потекнуваат од Министерство за образование и наука, 38,25 % се од уплата на студенти, 5,5 % од научни проекти и 11,17 % од апликативни проекти. Кај процентот на средствата од апликативни проекти има зголемување од 1,6 % во споредба со претходната самоевалуација 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

Факултетот за медицински науки располага со вкупен простор од 7639 m$^2$, 4 амфитеатри со вкупна површина од 2356 m$^2$ и капацитет од 610 седишта, кои се во сопственост на Универзитетот.
Наставната програма се одвива во 12 предавални кои имаат вкупна површина од 2565 m$^2$ и вкупен капацитет од 540 седишта. Факултетот располага и со 14 кабинети за наставничкиот кадар со вкупна површина од 1246 m$^2$ и капацитет за 44 наставници. Факултетот има вкупно 1 компјутерска училница со површина од 230 m$^2$ и 90 расположливи седишта.

*Лаборатории*

Наставно-научниот процес се одвива во 14 лаборатории со вкупна површина од 2500 m$^2$ и 250 места за студенти за изведување експериментални и самостојни вежби.

*Студентски прашања*

Факултетот има студентски прашања со површина од 60 m$^2$.

*Видови на опрема*

Амфитеатрите на Факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Предавалните се опремени со аудио-визуелна техника и потребна специфична опрема за определена студиска програма (Прилог 5.5.Б; Прилог 5.5.В).

*Библиотечен фонд*

Во просториите на Факултетот за медицински науки, постои и просторија - библиотека која располага со околу 300 наслови на книги од областите на медицинските науки. Дополнително на располагање е библиотечниот фонд на Универзитетската библиотека „Гоце Делчев".

*Информатички ресурси за учење на далечина*

Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://lipovdol-fs.ugd.edu.mk/
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/kalendar-vodic-prv-ciklus-2021.pdf

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd

- како и настава поддржана со Microsoft Teams.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење,
- и многу други активности и функционалности кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Факултетот за медицински науки е 10868 и е прикажан во прилог 6.2.А.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.

Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1081 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 444260 корисници, а од регистрираните корисници направени се 551 880 симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 28.11. 2024 година).

Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на Факултетот е https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=8&ugd=f4c9016be486400cd2eff7e4138bf97e

Објавените материјали од наставничкиот кадар на Факултетот за медицински науки можат да се најдат на линкот: https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=8&ugd=0e04de052c62c57c02b58e33057d5738

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата. Бројот на издадени студентски е-пошти за студенти на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за медицински науки кореспондира со бројот на запишаните студенти.

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава,

во случај кога наставата се организира со физичко присуство) Е-распоредот е достапен на следниов линк: https://fmn.ugd.edu.mk/images/2024/FMN-raspored-neparen-2024-25.pdf

**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД и е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на Универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.

Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23 090* содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 28.11.2024 година) http://eprints.ugd.edu.mk/.

Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18 379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4711 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1100 нови наслови.

Факултетот за медицински науки има депонирано 5438 наслови во е-репозиториумот достапни на линкот http://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/FM/

**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:

- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;
- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);
- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Факултетот за медицински науки за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење: https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=23

Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб-страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк
Sign In (ugd.edu.mk)

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб-страницата на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:

- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf

**Настава поддржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со ковид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот Универзитет. При крајот на пандемијата Универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за.учење на далечина.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*

Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со

посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите. Обезбедени се посебни места во предавалните за лица со посебни потреби. Обезбедени се и посебни места на паркингот на Кампус 2.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (стандард 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научноистражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.

**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.

**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев" располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.

**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев" во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени.

**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршка на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис-заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.

Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и:
- Одделение за системска и мрежна администрација;
- Одделение за средства и техничка поддршка;
- Одделение за проектирање и одржување;
- Центар за трансфер на технологии.

Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани и е прикажано на органограмот во стандард 1.

**Ресурси достапни на лицата со посебни потреби**
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите, но главно само до просториите

на приземјето. Обезбедени се посебни места на паркингот на Кампус 2 до просториите кои се користат од страна на Факултетот за медицински науки.

**Прилози**
Прилог 6.2.А. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Факултет за медицински науки

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Факултетот за медицински науки во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 11 лица, од кои 3 лица извршуваат административни работи, а 8 лица извршуваат помошно-технички работи. Факултетот за медицински науки во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 3 лица за извршување на административните работи, од кои сите се магистри (прилог 6.3.А.). Исто така, има ангажирано и 8 лица за извршување на помошно-технички работи, од кои 8 се со средна стручна спрема (прилог 6.3.А.). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата (100), во Ректоратот (32), а само 11 се распоредени на Факултетот.

Во прилог 6.3.Б е прикажана листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции.

**Прилози**
Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024
Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите од сите циклуси на студии активно се вклучени во голем број научноистражувачки проекти домашни финансирани од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во периодот на евалуација е прикажана во прилог 6.4.А.
Процентот на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии е прикажан во Прилог 6.4.Б.

**Прилози**
Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии
Прилог 6.4.Б. Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците

во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку Е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб-локација
https://ckr.ugd.edu.mk/
Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:
- Кариерно истражување и олеснување при донесување одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација; Релевантно работно искуство од полето на интерес;
- Искуство од учење коешто ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите;
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот;
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство коешто го бараат работодавците;
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV; Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на пракса по дипломирањето;
- Вмрежување и создавање на професионални контакти; Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.
178 студенти од цел универзитет добиле поддршка од Центарот за кариера.
Неколку примери за поттикнување на кариерниот развој и спроведени активности од страна на студентите на ФМН, а со поддршка на установата, се дадени на следните линкови:
https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/179-studentite-na-ugd-se-vkluchija-vo-odbelezhuvanje-na-nedelata-na-borba-protiv-glaukom-besplatno-merea-ochen-pritisok-i-dioptrija
https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/171-otvoren-den-na-zegin-za-studenite-na-farmacija
https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/152-molekularna-ishrana
https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/109-fmn-studenti-vakcinacija

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб-локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17 000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои можат да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област можат да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:

- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.
Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.
Факултетот за медицински науки организира редовни настани и иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. Сите овие информации се лесно достапни на социјалните мрежи на Факултетот:

https://www.facebook.com/fmnugd

https://www.instagram.com/fmn.ugd/

https://www.linkedin.com/company/university-goce-delcev-at-stip

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420)
Статутот на УГД е достапен на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf
Учеството на студентите во органите на високообразовната установа е дадено во прилог 6.7.А.
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во прилог 6.7.Б, а извештај од последните спроведени избори во прилог 6.7.В.
Одлуката за избор на студентски правобранител односно негов заменик е прикажана во прилог 6.7.Г.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени следниве активности:
*Реализација на спортски активности*
- Организација на еднодневни планинарски тури на Водно за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на еднодневни тури на Попова Шапка за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на куглање во куглана во Скопје за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
*Учество на УГД тим во улични трки*
- Wizz air маратон, октомври 2022 година – 50 учесници од УГД (студенти и вработени), од кои 6 учесници во полумаратонската трка;
- Улична трка во Кавадарци – Кавадаречки полумаратон, 12 март 2023 г. Учество на 28 учесници, студенти и вработени на УГД учествуваа на трките на 5 и 10 км.
- Авицена женска трка – организирана на 9 април 2023 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Авицена женска трка – организирана на 7 април 2024 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Поетска трка во Струга – организирана на 21 мај 2023 година на која на трките на 5 км и 10 км учествуваа 15 вработени на УГД.
*Планинарски тури организирани и поддржани од страна на УГД*

- Планинарска тура во Берово во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ – Штип и Планинарско друштво - Берово, организирана на 30 октомври 2022 година. На турата учествуваа 115 студенти и вработени на УГД.
- Еднодневна тура на Попова Шапка, организирана на 3 март 2023 година. Учествуваа 25 студенти на УГД кои имаа можност да се вклучат во различни зимски спортови.
- Планинарска тура во Михаилово – Кавадарци, организирана на 2 април 2023 година во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ - Штип и планинари од Кавадарци. На турата учествуваа 60 студенти и вработени на УГД.
- Планинарската тура на Плачковица, организирана во рамките на Outdoor festival „Ја сакам Плачковица“ во организација на ПД „Лисец“. Турата се реализираше на 9 јули 2023 година и на истата учествуваа повеќе од 20 студенти и вработени на УГД.
- Планинарски тури на Водно – организирани во рамките на наставата по Спорт и рекреација. Во истите учествуваа студенти од сите години од сите факултети на УГД. Истите се организираат еднаш во месецот во текот на летниот и зимскиот семестар.

*Универзитетски спортски лиги на УГД*

- Традиционално, по тринаесетти пат, во рамките на одбележувањето на патрониот празник на УГД се организираа Универзитетските спортски лиги за студенти на УГД. Во рамките на истите беа организирани натпревари во одбојка (мажи и жени), футсал (мажи) и пинг-понг. Во истите учествуваа повеќе од 150 студенти од сите факултети на УГД. Дополнително, за вторпат беше организирана планинарска тура која се реализираше во Михаилово - Кавадарци. За најдобрите учесници во сите категории, од страна на УСКЦ, беа обезбедени соодветни награди.

*Државни универзитетски спортски лиги*

- Како член на Универзитетската спортска федерација, во периодот од декември 2021 до мај 2023 година, студенти и екипи на УГД учествуваа во државни универзитетски натпревари во одбојка, футсал, кошарка, ракомет, куглање, стрелање и шах, организирани од Универзитетската спортска федерација на Македонија. Околу 50 студенти на различни факултети на УГД ги претставуваат екипите на УГД во различни спортови. Притоа, екипите на УГД освоија трето место во кошарка (мажи), трето место во ракомет (жени и мажи) и индивидуално трето место мажи во куглање.
- По неколку години пауза, УГД беше домаќин на дел од натпреварите во универзитетските државни лиги, како и домаќин на финалните натпревари во одбојка.

*Други активности*

- Во септември 2022 година, УГД во соработка со ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и ISHSN мрежата беа организатори на Работилница со наслов „Одржливи универзитетски спортски кампуси“.
• Како резултат од овој настан, подготвена е книга под наслов „Planning and Managing Sport, Recreation, and Health in Higher Education: Sustainable Practices for a Sustainable Future“, која е во коедиција на ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во истата, професори од УГД се јавуваат како коедитори, автори и рецензенти.

*Учество на меѓународни проекти за спорт*

- Во рамките на програмата Еразмус+ спорт, претставници на УСКЦ учествуваа во бројни настани и активности организирани во рамките на проектите BeValueR reload, Tennis clubs for dual careers, Meaningfulness in youth sport и Balkans Fit. Во рамките на истите беа вклучени спортисти и тренери од машката и женска одбојкарска екипа, карате екипа, Боречки клуб „Киро Ристов“ – Штип, Тениски клуб „Астибо“ – Штип, Тениски клуб „Нет“ – Струмица, како и студенти и вработени на УГД во рамките на проектот Balkans Fit. Во рамките на меѓународните состаноци, УГД и членовите на УСКЦ беа домаќини на професори, тренери и спортски работници од Норвешка, Канада, Шкотска, Ирска, Бугарија, Словенија, Романија и Грција.
- Почнувајќи од август 2023 година, УГД е дел од два нови Еразмус спорт проекти:
Champions of Inclusion and Diversity using Meaningful Physical Education in Primary Schools (CHAMS- INC-MPE) и проектот Gem Set Equality (GSE).
- Првиот проект CHAMS- INC-MPE се однесува на подобрување на компетенциите на студентите – идни наставници и наставниците во тандем наставата за реализација на физичкото образование во основното образование. Во истиот покрај УГД, како проектни партнери се универзитети од Ирска, Канада, Норвешка, Шпанија и Данска.
- Вториот проект Gem Set Equality е билатерален проект меѓу Македонија и Бугарија кој работи на креирање на тренинг програма за подобрување на компетенциите на жени тренери и креирање програми за привлекување на девојчиња во спортот.

*Поддршка за настани и студенти*

- Поддршка на спортисти – студенти преку стипендии;
- Поддршка на студенти – бруцоши преку наградни ваучери;
- Учество на Европско универзитетско првенство за боречки спортови (карате). Под организација на EUSA и FISU, УГД учествуваше на Европско универзитетско првенство за боречки спортови, во спорт карате, дисциплина борби.

**Факултетот** исто така одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти кои се дадени во прилог 6.7.Д.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| Прилог 6.7.А. Одлука од ННС за учество на студенти во работата на ННС на единицата<br>Прилог 6.7.Б. Одлука за избор на членови на Студентско собрание<br>Прилог 6.7.В. Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание<br>Прилог 6.7.Г. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик<br>Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на Факултетот | |
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страна. |
| **УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентите начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности можат да се проследат на веб-локацијата<br>https://coj.ugd.edu.mk/index.html<br>Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/<br>Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/<br>Во делот за Конкурси од почетната веб-страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од Универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на<br>https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/<br>Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/<br>Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот<br>https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/<br>За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година и е транспарентно објавен на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf<br>Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/<br>Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се:<br>- Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/<br>- Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)<br>- Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)<br>студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.<br>**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб-страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани<br>https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>и во делот за соопштенија достапни на веб-локацијата<br>https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija<br>Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб-страната на Факултетот<br>https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi<br>Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:<br>Информатори за студирање за секоја академска година<br>https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi<br>Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД<br>https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php<br>Е-репозиториум на УГД содржи над 22 320 содржини публикувани трудови, книги, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД<br>http://eprints.ugd.edu.mk/<br>Прилог 6.8.А. дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 6.8.А. СВОТ анализа на Стандард 6 | |

## Стандард 7 - Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските | Опис и приказ на системот за прибирање на информации;<br>Акт за регулирање (доколку е применливо);<br>Доказ дека системот е функционален. |

| | |
|---|---|
| програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | |

Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевалуација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер.

Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.Ѕ – 1.2.Л).

Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.

Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитрација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл.

За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научноистражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и ги вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот. |

Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.

Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрвин Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.

Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.

| | |
|---|---|
| Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и Универзитетскиот сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.<br>Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В.<br>Во периодот на самоевалуација на Факултетот за медицински науки се запишани најголем број на студенти (во однос на другите факултетети на Универзитет „Гоце Делчев“) за сите три циклуси на студии како и на здравствените специјализации. Во овој период на Факултетот за медицински науки се промовирани и 23 Доктори на науки од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.2.А. Одлука за избор на Комисија за самоевалуација на единицата<br>Прилог 7.2.Б. Одлука за избор на студенти членови на ННС од Факултетското студентско собрание<br>Прилог 7.2.В. Извештај за структурата на студентите за учебната 2021 – 2024 | |
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| На универзитетската веб-страница и на факултетската веб-страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат и сл.), а на истите можат и да се најдат и архива на претходни настани, активности и процеси.<br>Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).<br>Во периодот 2021-2024, Факултетот за медицински науки беше домаќин на повеќе одржани конгреси, симпозиуми, работилници и предавања, со голем број меѓународни предавачи и учесници (Прилог 7.3.А). Еднаш годишно се одржуваат симпозиуми од областа на медицината  и стоматологијата, а на секои две години и симпозиум од областа фармација, со меѓународно учество и акредитирани од соодветните комори. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.3.А. Листа на значајни настани и активности | |
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практика за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |
| Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).<br>Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред посветен за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.<br>Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.<br>Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.<br>За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението | |

| |
|---|
| за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.<br>Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.<br>Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.<br>За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.<br>Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.<br>Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика прави повремени скенирања на мрежата и веб-сервисите на Универзитетот и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.<br>Прилог 7.4.В. дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7 |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци<br>Прилог 7.4.Б. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

**Стандард 8 - Информирање на јавноста**

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

| | |
|---|---|
| потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | |

Главните вести секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/
Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/
УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно и лесно достапни и на следните социјални мрежи:
https://www.facebook.com/ugdstip
https://www.instagram.com/ugdstip/
https://www.youtube.com/user/UGDSTIP
https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA
Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и онлајн на следната веб-локација
https://coj.ugd.edu.mk/eho.html
Сите вести, соопштенија, студиски програми и слично на Факултет за медицински науки се објавуваат на веб-страната на следните линкови:

- Вести – https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti
- Соопштенија – https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija
- Студиски програми - https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi
- Специјализации - https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/specijalizacii

Факултетот за медицински науки активно и функционално информира и споделува преку своите web платформи:
https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/
https://www.facebook.com/fmnugd
https://www.instagram.com/fmn.ugd/
https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=23

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот; 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година; 8. Завршна сметка; 9. Годишен извештај; 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf
2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
Прв циклус на студии:

- Општа медицина – решение за акредитација и решение за почеток со работа
- General medicine – Студиска програма и предметна програма
- Дентална медицина - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Фармација - решение за акредитација и решение за почеток со работа

- Медицински сестри/медицински техничар-стручни студии - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Акушерки-стручни студии - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Медицински лаборанти-стручни студии - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Физиотерапевти-стручни студии - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Забен техничар-протетичар-стручни студии - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Оптометрија и очна оптика-стручни студии - решение за акредитација и решение за почеток со работа

Втор циклус на студии:
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за интензивна нега - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за инструментарка - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за семејна и патронажна сестра - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за превенција на инфективни и неинфективни заболувања - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за анестетичар - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Специјалистички стручни студии по трансфузиологија - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Специјалистички стручни студии по оптометрија - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Специјалистички стручни студии по неврорехабилитација - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Специјалистички стручни студии по традиционална кинеска медицина - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Специјалистички стручни студии за микробиолошка лабораторија - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Специјалистички стручни студии за забен техничар-протетичар - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Специјалистички стручни студии за хемиско-биохемиска лабораторија - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Специјалистички стручни студии за санитарно-хемиска лабораторија - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Специјалистички стручни студии по физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Радиофармација на англиски јазик (Radiopharmacy in English) - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Фитотерапија и суплементација - решение за акредитација и решение за почеток со работа

Трет циклус на студии:
- Базични и клинички истражувања во дентална медицина - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Базични и клинички истражувања во медицината - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Фармација - решение за акредитација и решение за почеток со работа
- Биомедицина - решение за акредитација и решение за почеток со работа

3. Акт за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 118
Изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 430
Универзитетски гласник број 36, страна 433
Универзитетски гласник број 37, страна 42

Универзитетски гласник број 38, страна 8
Универзитетски гласник број 38, страна 68
Универзитетски гласник број 39, страна 10
Универзитетски гласник број 39, страна 13
Универзитетски гласник број 39, страна 22
Универзитетски гласник број 39, страна 25
Универзитетски гласник број 39, страна 79
Универзитетски гласник број 43, страна 80
Универзитетски гласник број 49, страна 13
Универзитетски гласник број 49, страна 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловник за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Универзитетски гласник број 42, страна 516-528
Универзитетски гласник број 43, страна 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Универзитетски гласник број 47, страна 20-34
Универзитетски гласник број 48, страна 23-31
Универзитетски гласник број 49, страна 40-42
Универзитетски гласник број 51, страна 9-24
Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за усогласување со Законот за
изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, страна 71-80
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование
Универзитетски гласник број 54, страна 25-35
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип
Универзитетски гласник број 55, страна 10-11
Универзитетски гласник број 58, страна 14-15
Универзитетски гласник број 59, страна 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, страна 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештајот од Рецензентската комисија за избор (објавени во Универзитетскиот билтен https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/25-28/2025/ и Одлуката за последен избор во звање за секој наставник и соработник се достапни во Прилог 5.1.Б;

7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година;
https://fmn.ugd.edu.mk/images/2024/FMN-raspored-neparen-2024-25.pdf

8. Завршна сметка;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf

9. Годишен извештај;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf

10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

| |
|---|
| 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони;<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br><br>13. Етички кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf |
| **Прилози:**<br>/ |

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб-страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб-страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

| |
|---|
| Преку Школата за докторски студии при УГД се објавуваат сите информации кои се однесуваат на докторските студии на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>Пред одбрана на секоја докторска дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за Соопштенија на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации можат да се проследат на линковите:<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/<br>Во делот за соопштенија јавно се достапни информации за јавни одбрани на специјалистички трудови.<br>https://fmn.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija<br>Резултатите од научноистражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.<br>Известување за одбрана на докторска дисертација (примери)<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/<br><br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-11/<br><br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-4/<br><br>Прилог 8.3.А. дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8. |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.3.А. СВОТ анализа за исполнетоста на Стандард 8 |

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и призната. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алијансата на универзитети | |

ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат пракса во некоја европска фирма, и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Во рамки на Универзитетот функционира и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб-страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите можат да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата. На Факултетот за медицински науки има назначено Еразмус+ координатор и тоа по должност е продеканот за наука и меѓународна соработка. Негова должност е одобрување на избраните предмети и еквиваленција на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.Б).

Еразмус+ мобилноста е особено популарна меѓу студентите на Факултетот за медицински науки и секоја година тие поднесуваат голем број на апликации. Педесет и шест студенти на прв циклус на Факултетот за медицински науки користеле Еразмус+ мобилност за последните три академски години (Прилог 9.1.А). Во 2021/2022 20 студенти (од 386 студенти) или 5,18 %, 20 студенти (од 373) во 2022/2023 или 5,36 % користеле Еразмус+ мобилност и 16 студенти во учебната 2023/2024 година. Студентите од втор циклус не користеле мобилност во овој период. Од Факултетот за медицински науки има и 45 студенти кои користеле мобилност за пракса во изминатите три академски години за сите циклуси на студии, и тоа во 2022/2023, 26 студенти ја искористиле оваа можност, а во 2023/2024 на пракса заминале 19 студенти, од овие студенти 4 студенти се на трет циклус на ФМН. Информација за практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите со конкретен пример е дадена во прилог 9.1.В.

**Прилози:**
Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс) кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+
Прилог 9.1.Б. Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ECTS
Прилог 9.1.В. Пример од записник за признавање на мобилност на студент

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн.) |

Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ - Штип (2022-2025) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик.

Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.

На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.

**Прилози:**
Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година
Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност и слично, а во иднина и од Алијансата ACE2EU. Дополнително од 2023 година Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на котизации за регистрација на конференции или трошоци за објавување на трудови во научни списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противредност. Вкупно 29 наставници и соработници користеле средства од овој фонд во 2022/2023, а 20 наставници и соработници ги искористиле овие средства во 2023/2024. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години е прикажан во Прилог 9.3.А.

Наставниот кадар на Факултетот за медицински науки во периодот на самоевалуација бил вклучен во повеќе меѓународни проекти и COST Акции, како и Еразмус + проекти, а вработените имаат и активно учество во активностите на голем број работни групи. Поради постоењето на двојно вработени професори дел имаа учество и во значајни проекти и работилници преку нивните матични установи. Во прилог 9.3.Б се прикажани проектите и меѓународната соработка на дел од професорите на Факултетот за медицински науки. Подолу се прикажани неколку примери:

Факултетот за медицински науки е дел од Еразмус + проектот: The project „Digital Education in Nursing“, DEN, Erasmus+ Strategic Partnerships: Key Action 2Sector: Strategic Partnerships PROJECT NUMBER – 2020-1-SE01-KA226-HE-092537

Во Меѓународната агенција за атомска енергија има 2 проекти во кои се вклучени наставници од Факултетот за медицински науки:

1. Development of potential 177Lu radiopharmaceuticals: design, radiolabelling and nonclinical evaluation Меѓународна Агенција за Атомска Енергија (12.09.2023 – 01.11.2028)
2. Develop new Technetium-99m Radiopharmaceuticals for Disease Diagnosis Меѓународна Агенција за Атомска Енергија (21.05.2024 – 30.06.2029)

Кадарот на ФМН учествува и во проекти со асоцијации како Macedonian American Alumni Association, насловен „Alumni encouraging community services and extracurricular activities" и поддржан од Амбасадата на САД во Скопје (2023) - Scientific club in molecular nutrition.

Наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот за медицински науки е вклучен и во голем број на COST проекти и активно учествувал во активностите на работните групи:

- COST project, Pan-European Network in Lipidomics and EpiLipidomics.
- COST project, Management Committee, Member CA22114, Maternal Perinatal Stress and Adverse Outcomes in the Offspring: Maximizing infants ‘development (TREASURE) 2023- ongoing
- COST Action CA19114, Network for Optimized Astatine labelled Radiopharmaceuticals
- COST Action CA19132- European Network to Advance Best practices &technoLogy on medication adherencE. 2020-2024https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28614
- COST Action CA21115, COST Association; Iron-Sulphur (FeS) clusters: from chemistry to immunology (FeSImmChemNet), 2022- …. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30899
- COST Action CA23156 - European Network for Sigma-1 Receptor as a Therapeutic Opportunity (SIGMA-1EUROPE), 2024-2028
- COST Project 21111; Modelling of binding affinity of siderophores with redox $Fe^{3+}/Fe^{2+}$ system as a potential new class of anti-parasitic drugs.Tartu University, Estonia, 15.08.2024 – 01.09.2024, STSM,
- COST Action CA23119 - SENESCENCE2030: Targeting Cell Senescence to Prevent Age-Related Diseases
- COST Action: CA20121 - Bench to bedside transition for pharmacological regulation of NRF2 in noncommunicable diseases, 2021-2025

- COSTAction: CA19116 Trace metal metabolism in plants, 2020-2024

**Прилози:**
Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.)
Прилог 9.3.Б. Проекти и меѓународна соработка на дел од професорите на Факултетот за медицински науки

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Прилог 9.4.А ја прикажува листата на потпишани договори за меѓународна соработка помеѓу Факултетот за медицински науки и други универзитети и институции, со вкупно 112 договори за Еразмус размена. Факултетот исто така има меѓународна соработка со Универзитет во Ниш, Србија, Универзитет во Букурешт, Романија, Универзитет во Осло, Норвешка, Спортска академија во Софија, Бугарија, од каде се ангажирани визитинг професори (Прилог 2.5.А ).
Факултетот за медицински науки е традиционален организатор на меѓународни симпозиуми и конгреси од обласга на медицинските науки, денталната медицина и фармацијата со интернационално учество каде како предавачи се повикани голем број професори од странските универзитети со кои Факултетот има соработка (прилог 7.3.А).
Наставничкиот и соработничкиот кадар на Факултетот за медицински науки земаат активно учество во конференции, мобилност и соработки со други институции во земјата и во странство (Прилог 9.4.Б).
Во перидот 2021-2024, Факултетот за медицински науки зема активно учество на полето на мобилност и размена на наставници/соработници преку ERASMUS+ програмата (Прилог 9.4.В). Вкупно шест наставници и административен кадар од Факултетот за медицински науки реализирале мобилност преку програмата ERASMUS+ на друг европски универзитет во Бугарија, Словачка и Италија (Прилог 9.4.В), а Факултетот беше домаќин на вкупно деветнаесет наставници од странство (Прилог 9.4.В).
На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Г).

Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат.

**Прилози:**
Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+ (chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://cmus.ugd.edu.mk/partner_universities.pdf)
Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)
Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)
Прилог 9.4.Г. Правилник за условите постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |

Во периодот на самоевалуација на Факултетот за медицински науки има шест наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (Прилог 2.5.А, Прилог 9.5.А), имаат дојдено 19 професори со Еразмус+ мобилност (Прилог 9.4.В), а има и седум наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на докторски трудови (Прилог 9.5.Б). Нема наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оценка/одбрана на магистерски трудови.
На Факултетот за медицински науки во периодот на самоевалуацијата се акредитирше и студиска програма General medicine на англиски јазик, па со тоа се зголеми и бројот на запишани странски студенти на ФМН.
На прв циклус на студии на ФМН во периодот 2021-2024 биле запишани 693 странски студенти, од кои 89 на програмата на англиски јазик, а останатите на програмите на македонски јазик (Прилог 9.5.В). На втор циклус има 9 запишани странски студенти. На трет циклус има 64 запишани странски студенти.

Прилог 9.5.Г. дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9.

**Прилози:**

Прилог 9.5.А. Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа)

Прилог 9.5.Б. Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови

Прилог 9.5.В. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години.

Прилог 9.5.Г. дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9.

**Факултетска комисија за самоевалуација**

1. Вонр. проф. д-р Мире Спасов
2. Вонр. проф. д-р Билјана Ефтимова
3. Вонр. проф. д-р Катерина Златановска
4. Иван Андоновски – студент
5. Фросина Петреска - студент

**КАМПУС 4**

**Извештај од самоевалуација на Економски факултет**

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
бул. Гоце Делчев б.б.
(Македонска радиотелевизија - МРТВ, 10-ти кат)
1000 Скопје

| ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА |
| --- |
| |

| Податоци за високообразовната установа | |
| --- | --- |
| **Назив** | **Економски факултет** |
| **Седиште** | ул. „Крсте Мисирков“ бр 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| **Контакт информации** | contact-ef@ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, декан<br>olivera.trajkovska@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум: М. П. Овластено лице на установата:
(потпис)

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

<table>
<tr><td>Назив на високообразовната установа</td><td>Економски факултет</td></tr>
<tr><td>Седиште</td><td>ул. „Крсте Мисирков“ бр 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија</td></tr>
<tr><td>Веб-страница</td><td>https://ef.ugd.edu.mk/</td></tr>
<tr><td>Мисија и визија на установата</td><td>Мисијата на Економски факултет е да обезбеди високо квалитетно образование кое ќе ги подготви студентите за успешна професионална кариера во областите на сметководството и ревизијата, менаџментот, финансиите, маркетингот и економијата воопшто.<br>Факултетот е сместен во реновиран и модерно опремен објект со целокупната потребна инфраструктура: предавални, лаборатории за експериментални и практични вежби, компјутерска лабораторија, библиотека, конференциска сала и сл. Во стратегискиот развој на Факултетот е планирано формирање на технолошко јадро за поддршка на малите и средни бизниси и развивање на нови лаборатории за научноистражувачка работа на Факултетот.<br>Главната цел на Економски факултет е да обезбеди висок квалитет на образование кое ќе може да се поистовети со образованието кое го нудат најдобрите високообразовни институции во Европа, па и во светот. На студентите им е овозможена силна академска основа со пристап до различни знаења (од областа на сметководственото и финансиското работење, бизнис-менаџментот и маркетинг техники) и тие се подготвуваат да бидат продуктивни, компетентни професионалци и одговорни граѓани во разновидната и динамична глобална средина.<br>Факултетот ги поддржува студентите особено во Еразмус+ програмата за мобилност како и обезбедување на стипендии за најдобрите студенти преку соодветна поддршка од домашната индустрија. Нивото на вработливост на нашите студенти е на многу високо ниво, студентите по своето завршување на факултетот се вработуваат во земјава или надвор од неа.<br>Визија на Економски факултет е да биде препознатлива високообразовна установа во образованието во научните подрачја на економските науки и бизнисот во земјата и пошироко во регионот, спроведувајќи ги највисоките стандарди во наставата, науката и применетите истражувања.</td></tr>
<tr><td>Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа)</td><td>Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Јавна установа</td></tr>
<tr><td>Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии</td><td>Акредитација на установата<br>Економскиот факултет ја започнува својата работа со Законот за основање на Државниот универзитет „Гоце Делчев“, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.40 од 30.03.2007 година.<br><br>Прв циклус:<br>• Финансии<br>• Бизнис економија<br>• Менаџмент и маректинг<br>• Сметководство и ревизија<br>• Меѓународна економија и бизнис<br>• Business Economics<br><br>Втор циклус:<br>• Финансии<br>• Маркетинг менаџмент<br>• Бизнис економија<br>• Сметководство и ревизија<br>• МБА – Менаџмент<br>• МБА – Менаџмент (двегодишни студии)<br><br>Трет циклус:<br>• Економски науки</td></tr>
<tr><td>Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања кои вршат високообразовна дејност</td><td></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус - **343**<br>II циклус - **8**<br>III циклус - **8** |

Економскиот факултетот е основан со Закон за основање на Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Службен весник бр. 40 од 30.3.2007 година), како високообразовна установа. Економскиот факултет со својата работа започнува во 2007 година, во градот Штип, акредитиран е од Министерството за образование и наука на РС Македонија и е ценет и признат како реномирана високообразовна институција во земјава. Економскиот факултет е сместен во еден од најубаво средените делови на централното подрачје на градот Штип и располага со задоволителен и бесплатен простор за паркирање.
Точната локација на Факултетот е на крајот на ул. Генерал Михајло Апостолски, на левиот брег на реката Отиња, веднаш под паркот Суитлак, во простор опкружен со зеленило.

Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во периодот 2021–2024 година направи значителни чекори во развојот и унапредувањето на своите активности и капацитети. Клучен аспект на развојот беше усогласувањето на студиските програми со современите потреби на пазарот на трудот и интернационалните стандарди. Имплементирани се нови студиски програми кои вклучуваат практична настава и соработка со индустрискиот сектор.

Преку дигитализација и примена на алатки како е-индекс, е-учење и Microsoft Teams, значително се подобри пристапноста и квалитетот на наставата. Дополнително, Факултетот ги интензивираше своите научноистражувачки активности преку одржувањето на конференција, зголемено учество во меѓународни проекти, како и членства во научни одбори и рецензирање трудови за меѓународни списанија и конференции.

Соработката со странски универзитети, како дел од програмите за мобилност, ги отвори можностите за студентите и наставниот кадар да стекнат нови искуства и вештини, со што се зголеми глобалната видливост на Факултетот.

Воспоставувањето на систем за континуирана самоевалуација и унапредување на квалитетот, заснован на европските стандарди (ENQA), дополнително придонесе за постигнување на одржливост и подобрување на сите аспекти од функционирањето на факултетот.

Економскиот факултет располага со солидна основа за обезбедување квалитет, која е поддржана од следниве капацитети:

1. **Одделение за обезбедување квалитет:** Клучно тело кое го следи и анализира квалитетот на наставата, научните активности и административните процеси. Ова одделение редовно спроведува самоевалуации на секои три години, користејќи алатки за анкетирање и анализирање на податоци.
2. **Сертификација според ISO 9001:2015:** Универзитетот имплементираше стандард за управување со квалитет, кој обезбедува процесна ефикасност и транспарентност.
3. **Дигитални платформи:** Е-индексот и платформите за е-учење овозможуваат поефикасна комуникација и следење на активностите на студентите и наставниот кадар.
4. **Интернационална соработка:** Преку Еразмус+ и партнерства со универзитети, се овозможуваат нови можности за размена на знаење и искуства.

Во изминатиот тригодишен период Економскиот факултет направи значителен напредок во следниве области:

1. **Модернизација на наставните програми:** Студиските програми се ревидирани и усогласени со современите стандарди, вклучувајќи практична настава, развој на аналитички способности и дигитални компетенции кај студентите.
2. **Научноистражувачка дејност:** Зголемен е бројот на научни трудови и проекти, особено преку соработката со локални и меѓународни партнери.
3. **Интернационализација:** Програмите за мобилност овозможија студентите и наставниците да учествуваат во академски разменувања, конференции и заеднички истражувачки активности.
4. **Дигитализација:** Со примената на Microsoft Teams и другите дигитални алатки, наставата стана пофлексибилна и достапна, особено за време на пандемијата.
5. **Подобрување на студентското искуство:** Анкетите и редовните евалуации овозможија навремено препознавање на потребите на студентите и преземање на соодветни мерки.

И покрај постигнатиот напредок, Факултетот се соочува со неколку значајни предизвици:

1. **Недостаток на наставнички и соработнички кадар:** Економскиот факултет се соочува со недостаток во однос на бројот на вработени како од наставниот, исто така и од соработничкиот кадар, што го намалува и ограничува капацитетот за имплементација на сите активности.
2. **Финансиски ограничувања:** Ограничените буџетски средства влијаат врз можностите за унапредување на инфраструктурата и спроведување на препораките од надворешните и внатрешните евалуации.
3. **Недоволна имплементација на препораките:** Дел од препораките од претходните евалуации сè уште не се целосно спроведени.

4. **Недоволна анализа на резултатите:** Резултатите од самоевалуациите не се целосно искористени за долгорочно планирање и подобрување на студиските програми и наставниот процес.

Препознавањето на овие предизвици е основа за дефинирање на идните стратешки приоритети, кои ќе вклучуваат посветеност на кадровското и инфраструктурното зајакнување, како и на доследна имплементација на стандардите за квалитет.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб-страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т. е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на:

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научноистражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз кој е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб-страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи (акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (2022 – 2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на Стратегијата за работа на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за 2022 – 2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)

- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организационата поставеност на Универзитетот е прикажана во органограмот даден во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**
Прилог 1.1.А. Органограм на УГД

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање, Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб-страницата на Универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши Комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на Комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во периодот од 14.11.2024 до 30.11.2024 и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж),
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З).

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на Универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**
Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)<br>Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација<br>Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација<br>Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус<br>Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус<br>Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус<br>Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.З. Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.Ѕ. Резултати од анкети на студенти од прв циклус на ЕФ<br>Прилог 1.2.И. Резултати од анкети на студенти од втор циклус на Кампус 4<br>Прилог 1.2.Ј. Резултати од анкети на студенти од трет циклус на Кампус 4<br>Прилог 1.2.К. Резултати од анкети на наставнички и соработнички кадар на ЕФ<br>Прилог 1.2.Л. Резултати од анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување квалитет | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развој и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување квалитет. |
| Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија, како и од севкупната работа на Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб-страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.<br>Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:<br>• Научноистражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;<br>• Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;<br>• Студентски конференции;<br>• Научноистражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;<br>• Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;<br>• Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;<br>• Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;<br>• Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.<br>Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред сè со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.<br>Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување квалитет. | |

**Прилози:**
Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работата на декан

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани и се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитување на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл. (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поддржана од ректор, проректори, Ректорска управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високообразовниот процес на УГД“. Со работната група раководи координаторот на Одделението за обезбедување квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научноистражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа на целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е - 1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување квалитет и Правилник за спроведување анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста

самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA).
Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk) и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година и Наставно-научниот совет на Факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на Одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 Преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј. Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација;<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така што покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од Стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма,
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување знаење и компетенции со кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес,
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето практични вештини во соработка со стопанството и индустријата, владиниот и невладиниот сектор и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во

високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во Извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиски програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.
Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на Извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страната на Универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со Извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес;<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на Годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултета и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Прилог 1.6.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1.

| |
|---|
| |
| **Прилози:**<br>Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)<br>Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1 |

## Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето. |
| Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.А. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои можат да бидат преносливи, што значи дека можат да влијаат врз нивниот личен развој и можат да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Економски факултет нуди студии на сите три циклуси: четиригодишни додипломски студии на прв циклус со 5 програми на македонски јазик и една на англиски јазик, 5 програми едногодишни магистерски студии и 1 програма двегодишни студии на втор циклус и тригодишни докторски студии на трет циклус.<br>Студиските програми ги истакнува нивната релевантност и добро структурираност и осмисленост за остварување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и личен развој. Предметните програми меѓудругото јасно ги дефинираат целите и содржината на предметните програми, методите на учење, формите на наставни активности, начинот и критериумите на оценување, методот на следење на квалитетот на наставата, како и основната и дополнителната литература.<br>На линковите на студиските програми од прв и втор циклус можат да се најдат содржините на студиските програми, предметните програми и општите и специфичните дескриптори како исходи на образовниот процес.<br><br>**Прв циклус на студии (2021/2022 – 2025/2026)**<br><br>1. Финансии, 4 години, 240 ЕКТС<br>2. Бизнис економија, 4 години, 240 ЕКТС<br>3. Менаџмент и маркетинг, 4 години, 240 ЕКТС<br>4. Сметководство и ревизија, 4 години, 240 ЕКТС | |

5. Меѓународна економија и бизнис, 4 години, 240 ЕКТС

**Прв циклус на студии на англиски јазик (2023/2024 – 2027/2028)**

1. Business Economics, 4 years, 240 ECTS

**Втор циклус на студии (2023/2024 – 2027/2028)**

1. Финансии, 1 година, 60 ECTS
2. Маркетинг менаџмент, 1 година, 60 ECTS
3. Бизнис економија, 1 година, 60 ECTS
4. Сметководство и ревизија, 1 година, 60 ECTS
5. МБА - Менаџмент, 1 година, 60 ECTS
6. МБА – Менаџмент, 2 години, 120 ECTS

**Трет циклус на студии (2021/2022 – 2025/2026)**

1. Економски науки

Економскиот факултет во текот на наставниот процес вклучува најдобри практики, како соработка со индустријата преку меморандуми и поканети предавања на успешни стручњаци од практиката, предавања на Еразмус+ визитинг професори, учество на дел од студентите во изработка на проекти и дипломски работи кои се користат во праксата, и сл. На пример, од наши студенти се изработени старата и новата веб-страница на Факултетот (https://ef.ugd.edu.mk/), системот за анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците (https://anketi.ugd.edu.mk), веб-страницата на УГД Makerspace која сè уште не е хостирана и сл.

Подолу се издвоени 3 успешни приказни на студентите како конкретни примери на постигнати резултати:

1. Давид Арсов
   https://ef.ugd.edu.mk/blog-mk/david-arsov-ekonomski-fakultet/
2. Марија Лонгурова
   https://ef.ugd.edu.mk/blog-mk/marija-longurova-ekonomski-fakultet/
3. Теодора Димоска
   https://ef.ugd.edu.mk/blog-mk/teodora-dimoska-nasoka-finansii-ekonomski-fakultet/

**Прилози:**
/

| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |
|---|---|

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештини кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество.
Студиските програми се дизајнирани да поттикнат критичко размислување и иновативност, што се клучни за решавање на сложените проблеми на денешницата. Преку изработката на проектните задачи, студентите добиваат можност да развијат широк спектар на компетенции кои се применливи во различни индустриски и општествени контексти. Студиските програми активно промовираат лидерски способности и професионална етика, што им помага на студентите да станат одговорни и продуктивни граѓани. Преку презентацијата на изработените проектни задачи, студентите не само што стекнуваат знаења од својата област, туку и ги развиваат своите презентациски вештини, што е од голема важност за градење на нивната кариера. Водејќи се од проекциите и стратегиите за индустриско-технолошки развој на државата, Економскиот факултет ги усогласи содржините на сите студиски програми со реалните потреби и побарувања на пазарот на труд, за примена во реални сектори во општеството.
Во тој контекст можеме да наведеме успешни приказни на дипломирани студенти:

1. Димитри Ѓорѓиев
   https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/mojot-pat-kon-uspehot-so-ugd-dimitri-gorgiev/

2. Ангела Димиткова
   https://www.ugd.edu.mk/blog/nasi-studenti-mk/angela-dimitkova-ekonomski-fakultet/

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |

Студиските програми се изработуваат и ревидираат во соработка со студентите и со други релевантни носители на интереси, бидејќи секоја студиска програма мора да се одобри и од факултетски Одбор за доверба со јавноста. Овој одбор го сочинуваат 2 професори од Факултетот, 1 претставник на студентите, 1 претставник на Општина Штип и 1 претставник на Стопанската комора на РС Македонија. Изборот на членовите на овој одбор може да се види во Прилог 2.4.А. Од одржаните состаноци постојат и записници кои се дадени во Прилог 2.4.Б. Програмите законски се реакредитираат на секои 5 години, меѓудругото и со цел да се избегне нивно застарување.
Економскиот факултет во изработката на последните акредитации се потпираше и на идентификуваните потреби на бизнис-заедницата и најновите трендови во ИТ светот, врз база на неформални разговори со различни компании, како и врз база на студентски коментари од претходните анкети.
За Економскиот факултет, студентите се битен дел во неговото функционирање и истите се вклучени со свои претставници и во работата на ННС (Прилог 2.4.В).
Студентите имаат свои претставници и во Универзитетскиот сенат (Прилог 2.4.Г).

**Прилози**
Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма
Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС
Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години;<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Линковите до предметните програми за сите студиски програми со прикажана основна и дополнителна литература се дадени во Индикатор 2.2.

Студиските програми на Економски факултет се целосно усогласени со меѓународно признати стандарди и при креирање на истите се следени најдобрите странски практики. Преку споредба и прилагодување на програмите со реномирани универзитети, обезбедуваме висококвалитетно образование кое ги подготвува студентите за глобалниот пазар на труд. Овој пристап гарантира стекнување на знаења и вештини што се применливи во меѓународен контекст и поддржува мобилност и конкурентност на нашите дипломирани студенти.

Линкови од странски студиски програми:

Студиска програма по Сметководство на Columbia Business School, Columbia University, кој е на 8. место на Шангајската листа
https://business.columbia.edu/faculty/divisions/accounting

Студиска програма по Менаџмент и Маркетинг на Columbia Business School, Columbia University кој е на 8. место на Шангајската листа
https://www8.gsb.columbia.edu/faculty-research/divisions

Студиска програма по Бизнис економија на University of Groningen, кој е на 65. место на Шангајската листа
https://www.rug.nl/bachelors/economics-and-business-economics/?lang=en&gclid=Cj0KCQjw9tbzBRDVARIsAMBplx8MXcAJ1_r2HhjNTp4NWEk7RGzsVzBmVftFj4q_sLtKsW7-JPBtSmgaAsXyEALw_wcB#!programme

Студиска програма по Финансии на University of Manchester
http://www.shanghairanking.com/World-University-Rankings/The-University-of-Manchester.html

При изготвувањето на студиските програми исто така беа анализирани и водечки универзитети и институции од регионот.

Студиска програма по Сметководство и ревизија на Универзитетот во Љубљана, Економски факултет
http://www.ef.uni-lj.si/dodiplomsko/upes_racunovodstvo_in_revizija

Студиска програма по Менаџмент и Маркетинг на Универзитет во Љубљана, Економски факултет
http://www.ef.uni-lj.si/dodiplomsko/upes

Студиска програма по Економска анализа и политика на Универзитетот во Белград, кој е на 401-500. место на Шангајската листа
http://www.ekof.bg.ac.rs/wp-content/uploads/2015/09/Curriculum3.pdf

Студиска програма по Финансии на Универзитетот во Љубљана, Економски факултет
http://www.shanghairanking.com/World-University-Rankings/University-of-Ljubljana.html

На Економскиот факултет само 1 насловен вонреден професор бил ангажиран во периодот на самоевалуација (Прилог 2.5.А).

**Прилози:**
Прилог 2.5.А. Листа на странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Сите студиски програми од прв циклус на Економски факултет планираат и очекуваат оптоварување на студентите од 30 ЕКТС по семестар со вкупно 8 семестри. Во секој семестар најчесто очекуваното оптоварување на студентот е по 6 ЕКТС за задолжителен предмет, но во непарни семестри можат да се видат и задолжителни предмети со очекувано оптоварување од 8 ЕКТС. Изборните предмети се застапени со очекувано оптоварување од 4 ЕКТС, а практичната настава во парен семестар е со очекувано оптоварување на студентот од 2 ЕКТС. За овој дел можат да се погледнат последните акредитации на нашата веб-страница на следниот ЛИНК.
Студиските програми од втор циклус на Економски факултет планираат и очекуваат оптоварување на студентите од 60 ЕКТС во едногодишни студии (два семестра). Во секој семестар најчесто очекуваното оптоварување на студентот е по 8 ЕКТС од предмет, но можат да се видат и предмети со очекувано оптоварување од 6 ЕКТС за академските 2021/22 и 2022/23. Во академските 2021/22 и 2022/23 имавме акредитирано и двогодишни студии (четири семестри) со очекувано оптоварување од 120 ЕКТС, каде наставните предмети беа најчесто со 6 ЕКТС, но имаше наставни предмети со 8 ЕКТС. За овој дел може да се погледнат последните акредитации на нашата веб-страница на следниот ЛИНК.
Студиската програма од трет циклус со акредитација од академската 2021/22 година има очекувано оптоварување на студентите од 30 ЕКТС по семестар со вкупно 6 семестри (три години). Во првиот семестар двата задолжителни предмети се со очекувано оптоварување за студентите по 5 ЕКТС, додека изборните се по 10 ЕКТС. Во вториот семестар предметите се изборни со очекувано оптоварување по 10 ЕКТС, а во третиот семестар е застапен само пилот истражувачкиот проект со 30 ЕКТС. Последните три семестри се посветени на изработка на докторскиот труд со соодветни очекувани оптоварувања за студентите од 30 ЕКТС по семестар. За овој дел може да се погледнат последните акредитации на нашата веб-страница на следниот ЛИНК.

Реализираната практична настава на студентите на ЕФ може да се види во Прилог 2.6.А. Законското барање за реализирана практична настава на студентите е вклучено во сите студиски програми на прв циклус, на следниот начин:

- Во вториот, четвртиот и шестиот семестар во рамките на студиските програми е предвидена Практична настава која носи 2 ECTS и истата студентите ја реализираат во фирми, организации, основни и средни школи со кои ЕФ има склучено меморандуми за соработка (Прилог 2.6.Б), како и во Одделенијата на УГД и на самиот Економски факултет.
- Во осми семестар студентите на сите програми имаат Интердисциплинарен проект кој носи 4 ECTS.

Пред да започне со практичната настава, студентот добива документ за упатување на пракса кој студентот го доставува во компанијата каде ќе ја реализира праксата и пополнува дневник за пракса. Секоја катедра си има свој ментор за пракса. Ментор за пракса од Катедрата за сметководство и ревизија е проф. д-р Благица Колева. Ментор за пракса од Катедрата за финансии е проф. д-р Стеван Габер. Ментори за пракса од Катедрата за економија се проф. д-р Дарко Лазаров и проф. д-р Емилија Митева-Кацарски. Ментор за пракса од Катедрата за менаџмент и маркетинг е проф. д-р Златко Бежовски.

**Прилози:**
Прилог 2.6.А. Извештај за реализирана практична настава
Прилог 2.6.Б. Листа на фирми, организации и школи со кои ЕФ има потпишано меморандум за соработка

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страница каде се објавени наведените информации.[1] |

Информациите за студиските програми се објавени на веб-страницата на ЕФ - https://ef.ugd.edu.mk/, на Студии -> Додипломски студии (https://ef.ugd.edu.mk/studiranje/studiski-programi/dodiplomski-studii-prv-ciklus/), Студии -> Магистерски студии (https://ef.ugd.edu.mk/studiranje/studiski-programi/postdiplomski-studii-vtor-ciklus/) и Студии -> Докторски студии (https://ef.ugd.edu.mk/studiranje/studiski-programi/doktorski-studii-ekonomski-nauki/).

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Според Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми на сите три циклуси се врши на секои пет години. Студиските програми на Економски факултет во поставениот период од пет години се ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, но и да се биде во тек со најновите технологии, како и да се задоволат потребите на студентите и бизнис-заедницата.
Наставникот и соработникот по секој предмет користи евидентни листови во кои се содржат информации за тоа кои студенти ја посетувале наставата во одредените денови за тоа. Секој присутен студент го евидентира своето присуство со потпис на евидентниот лист во колоната предвидена за даденото предавање/вежби. Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

**Прилози**
Прилог 2.8.А. Пример на евидентен лист од еден предмет

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

**Е-индекс** електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни потсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие потсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.
Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 се дадени во Прилозите 2.9.А, 2.9.Б. и 2.9.В.

Прилог 2.9.4 дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2.

**Прилози**
Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето
Прилог 2.9.Б. Листа на предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри, заедно со број на запишани студенти на тој предмет
Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени и положени студенти, како и просечна оценка на положување

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| Прилог 2.9.4. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2 |
|---|

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување квалитет во наставниот процес.

На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот, како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет.

Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот на Соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.

Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.

Понатаму, Универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20 % од финалната евалуација на студентите.

Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Економски факултет, со исклучок за преодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се вежби, проектни активности и работа во групи, истражувачка работа, работа со меѓународни проекти, студии на случај, симулации и практична настава, користење на дигитални алатки и платформи, консултации и менторство, како и учество на семинари, работилници и конференции.

**Прилози:**

/

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата, каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.
Формите на спроведување на наставно-образовниот процес опфаќаат различни активности како:

- **Вежби**: Практични часови за примена на теоретските знаења.
- **Проектни активности и работа во групи**: Студентите работат заедно на реални или симулирани проекти за решавање на проблеми.
- **Истражувачка работа**: Вклучува анализа и обработка на податоци за различни теми.
- **Работа со меѓународни проекти**: Учество во проекти со глобален карактер, каде студентите се запознаваат со меѓународни стандарди и практики.
- **Студии на случај**: Анализа на реални бизнис или економски сценарија за развој на критичко размислување.
- **Симулации и практична настава**: Реплицирање на реални процеси во контролирана средина за подобро разбирање на материјалот.
- **Користење на дигитални алатки и платформи**: Примена на современи технологии за онлајн учење и интерактивност.
- **Консултации и менторство**: Индивидуална поддршка за студентите од страна на наставниците.
- **Учество на семинари, работилници и конференции**: Вклучување во академски и професионални настани за размена на знаења и искуства.

**Прилози:**
Прилог 3.2.А. Распоред за сите студиски програми објавен на интернет линк

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Поради ковид-19, наставата во академската 2021/2022 се изведуваше хибридно – предавањата онлајн преку Microsoft Teams, а вежбите, колоквиумите и испитите со физичко присуство, почитувајќи ги безбедносните мерки. Оваа платформа овозможи интерактивна настава, снимање предавања и задавање проектни активности, но се јавија технички проблеми како слаб интернет и пад на системот.Во академските 2022/2023 и 2023/2024 година, наставата се одвиваше со физичко присуство. Со цел подобро поврзување на високото образование со приватниот сектор, студиските програми на Економскиот факултет комбинираат теоретска и практична настава, при што практичната настава треба да се реализира во компании. Иако постои иницијатива за регулирање на овој процес, потребна е поголема едукација на компаниите кои примаат студенти.

**Примери со онлајн настава за време на пандемијата:**

- **Користење на платформи за учење на далечина**: Преку платформата Microsoft Teams, предавањата и вежбите беа организирани виртуелно. Студентите учествуваа во дискусии, добиваа материјали за учење и поднесуваа задачи онлајн.
- **Интерактивни вежби преку дигитални алатки**: Алатки како Mentimeter, Kahoot и Padlet беа користени за квизови, брзи анкети и интерактивна дискусија за подобрување на ангажираноста на студентите.
- **Симулации преку специјализирани софтвери**: За економски и финансиски предмети, беа користени симулациски алатки како Bloomberg Terminal или MATLAB за практична работа.

- **Онлајн работилници и вебинари**: Студентите имаа можност да присуствуваат на тематски вебинари и работилници кои вклучуваа учество на професионалци од индустријата.
- **Виртуелна работа во групи**: Групните проекти беа спроведувани преку платформи за соработка како Google Drive.

**Поврзување на настава со проекти:**

- **Меѓународни проекти**: Студентите од Економски факултет беа вклучени во проекти како **Erasmus+**, каде работеа на истражувања за одржлив развој и економски стратегии.
- **Локални студии на случај**: Во рамките на наставата, студентите работеа на проекти поврзани со економски развој на одредени региони во Македонија, анализирајќи ги економските индикатори и предлагајќи решенија.
- **Пракса во реални компании**: Во рамките на наставните програми, се спроведуваше практична настава со вклучување на студентите во тековни бизнис-проекти на соработнички компании.
- **Креативни проекти**: Студентите добиваа задача да развијат маркетинг кампањи или деловни стратегии за виртуелни или реални бизниси, што беа оценувани како дел од завршните активности.

Овие активности помогнаа за да се одржи континуитетот на наставата и да се поврзат теоретските концепти со практични искуства, дури и за време на ограничувањата поради пандемијата.

**Прилози:**

Прилог 3.3.А. Вест за отворање на лабораторија за квантитативни истражувања - линк
Прилог 3.3.Б. Вест за одбележување на ден на сметководство - линк
Прилог 3.3.В. Вест за работилница за студенти на тема „Светот го вртат парите“ - линк
Прилог 3.3.Г. Настан организиран за студенти и средношколци „Биди економист“ - линк
Прилог 3.3.Д. Вест за „Глобална недела на претприемништво“ - линк

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.5.А) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување“ (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит (Прилог 3.5.Б). Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум 7 поени и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

- 10 (А) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (В) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (С) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (Е) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот ги внесува поените и оценките во студентското досие на Е-индекс, кој е дигитален систем за управување со студентските податоци. Самиот систем автоматски проверува и не дозволува внесување на оценка која не соодветствува со претходно дефинираните поени за одредена оценка.

Секој студент, преку својот профил во Е-индекс, има целосен увид во деталите за своето академско досие. Ова вклучува:

- Поени од колоквиуми, испити, проектни задачи и активности по секој предмет.
- Вкупниот број на освоени поени по предмет.
- Крајната оценка за секој предмет, во согласност со освоените поени.

Овој транспарентен пристап им овозможува на студентите да ја следат сопствената академска состојба и да имаат јасен увид во напредокот во текот на студиите.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А. Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми
Прилог 3.4.Б. ОНС.ПРВ.01 Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии

| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
|---|---|

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:
- Законот за високо образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.Б, Прилог 3.5.А-3.5.Г);
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Д);
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѓ);
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Е);
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.Ж);
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.З);
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.
Информациите се објавени во информаторите, а и на веб-страницата на Универзитетот.

**Прилози:**
Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти
Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Г. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Д. Процедура за затворање на пријави во е-индекс
Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Е. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд
Прилог 3.5.Ж. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело
Прилог 3.5.З. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
|---|---|

| | |
|---|---|
| возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | |

**Систем за оценување и иновативни пристапи во наставата на Економскиот факултет**

Процесот на оценување е дигитализиран и транспарентен преку платформата Е-индекс, каде студентите можат да ги следат освоените поени и конечните оценки, како и да реагираат во согласност со процедурите.

Во согласност со правилникот за студирање, студентите кои трипати не успеале да положат предмет полагаат пред комисија од повеќе испитувачи, со што се осигурува правичност и објективност.

**Иновативни пристапи во наставата и оценувањето:**

- **Е-учење:** Преку Moodle и Microsoft Teams, студентите полагаат колоквиуми и испити онлајн, а проектните задачи се реализираат дигитално.
- **Microsoft Teams за полагање:** Оваа платформа се користеше за испити во време на пандемијата, со вклучена камера и споделен екран за следење на процесот.
- **Комбинација на тестирања:** Електронски испити вклучуваат прашања со повеќе понудени одговори и отворени прашања за покомплетно оценување.

Во академската 2021/2022, наставата се изведуваше хибридно – предавањата онлајн, а испитите со физичко присуство. Од академската 2022/2023, наставата е целосно со физичко присуство.

Со цел поврзување на високото образование со приватниот сектор, студиските програми комбинираат теоретска и практична настава, при што практичната работа треба да се одвива во компании. Иако постои иницијатива за системско регулирање, потребна е поголема едукација на компаниите кои примаат студенти на пракса.

Економскиот факултет, во соработка со Центарот за стручно образование и компании од регионот, пилотира активности за подобрување на практичната настава. Дел од компаниите веќе имаат сертифицирани ментори, што претставува основа за натамошно усовршување на процесот.

Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:
- Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94;
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34;
- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А);
- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б).

Исто така, Универзитетот има дефинирано:
- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15);
- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20);
- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/ 20).

Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.

Економскиот факултет е посветен на одржување на највисоките етички стандарди во своето работење. Во процесот на подготовка на тековната **самоевалуација**, евидентирано е дека до овој период **не се регистрирани никакви пријави за корупција**.

Факултетот постојано работи на зајакнување на транспарентноста и довербата преку воспоставени механизми за превенција, како што се:

- **Јасно дефинирани процедури** за спроведување на испити и оценување.
- **Дигитални платформи** како Е-индекс за следење на оценувањето и резултатите.
- **Можност за пријавување нерегуларности** преку доверливи канали за комуникација.

**Прилози:**
Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22
Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22
Прилог 3.7.В.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>4.1. Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.5.1-3.5.5). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)<br>• Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>/</td></tr>
<tr><td>4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Електронскиот индекс на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на кој било факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) можат сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи електронскиот индекс за администрација на</td></tr>
</table>

податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г) или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д)), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).
Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.
Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**
Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти
Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар
Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА
Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)
Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)
Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање;<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години. |

На Универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.
Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).
По завршување на размената, продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е – индекс за реализација на активностите на студентот во системот за е – индекс.
На Единицата, во периодот на самоевалуација, двајца искористиле Еразмус+ мобилност (Прилог 4.3.Г).
Исто така, во периодот на самоевалуација, девет се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Прилог 4.3.Д).

**Прилози:**
Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во Универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмскои партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установа
Прилог 4.3.Г Листа на студенти кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години
Прилог 4.3.Д. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома. |

Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).
Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручен (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.
Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.
Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности, (dr.sc, PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.
Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ги реализира студиите доколку е различен од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.
Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите е регулиран со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).
Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).
Прилог 4.4.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4.

**Прилози:**
Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018
Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома
Прилог 4.4.В. Транскрипт на оценки
Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4

## Стандард 5 - Наставен кадар

**СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР**

| **Индикатор** | **Документација** |
|---|---|
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Високообразовната установа обезбедува стручен и висококвалитетен наставен кадар во согласност со потребите на Факултетот и релевантното законодавство во државата. Потребата за нов наставен кадар се утврдува од страна на Катедрата, која ги дефинира областите и предметите каде е потребен ангажман. Квалификациите на наставниците се целосно усогласени со профилот и концептот на студиите, како и со предметните програми. Биографиите на наставниот кадар ги вклучуваат нивните академски звања, завршени студии на сите три циклуси, како и нивната научноистражувачка работа, што ја потврдува нивната компетентност и подготвеност за предавање на сите нивоа на студии.

Прегледот на наставните предмети од Прилог 5.1.В го потврдува континуираниот ангажман на наставниците во реализацијата на студиските програми на сите циклуси. Податоците покажуваат дека секој наставник предава предмети кои се целосно усогласени со нивните академски квалификации и експертиза.

Табелата ги содржи податоците за изведбата на наставата во последните три академски години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024), со детални информации за предметите, бројот на ЕКТС кредити и структурата на часовите (предавања, вежби и менторска работа). Предметите се прикажани по азбучен ред на презимињата на наставниците, обезбедувајќи транспарентност и лесен пристап до информациите.

Загрижува трендот на намалување односно воопшто непостоење на кадар во соработнички звања што се должи на недоволниот број нови вработувања. Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип систематски и континуирано ја прати, оценува и поттикнува педагошката и истражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар (Прилог 5.11.А; Прилог 5.11.Б; Прилог 5.11.В; Прилог 5.11.Г; Прилог 5.11.Д). Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми е соодветен на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 5.1.В).

На Економскиот факултет има вкупно 15 редовни професори, 2 вонредни професори, 1 доцент и 1 асистент. Биографиите на наставниот кадар во Europass формат на англиски и македонски јазик се дадени во Прилог 5.1.А, а одлуките за нивниот последен избор во звање во Прилог 5.1.Б.

**Прилози:**
Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми
Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет
Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Високообразовната установа активно го поддржува и развива научноистражувачкиот процес, што е потврдено преку објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни списанија и платформи во изминатите пет години. Овие трудови, категоризирани според законските одредби (чл. 2 т. 21 од Законот за високото образование), претставуваат значителен придонес за развојот на студиските програми и релевантните научни области.

Прегледот на објавените трудови за последните пет години покажува:

- **Континуитет и квалитет** во научноистражувачката активност на наставниот кадар.

- **Релевантност на трудовите** за наставните предмети што ги предаваат наставниците.
- **Интегритет и транспарентност**, бидејќи сите трудови се објавени во признати научни списанија и платформи.

Листата на објавени трудови е организирана по азбучен ред на презимињата на наставниците, при што се наведени насловите на трудовите, категориите на публикации и линкови до трудовите, со цел да се обезбеди максимална транспарентност (Прилог 5.2.А). Вкупниот број на објавени трудови укажува на високото ниво на истражувачки ангажман на институцијата (Прилог 5.2.Б).

Научната продукција не само што го подобрува квалитетот на студиите, туку и ја зголемува видливоста и академскиот углед на институцијата, како на национално, така и на меѓународно ниво. Оваа активност директно придонесува за иновативен пристап во наставата, обезбедувајќи современи и релевантни содржини за студентите. Дополнително, меѓународната соработка во дел од објавените трудови ја нагласува посветеноста на установата кон глобалниот развој на науката и образованието.

Анализата на научноистражувачката продукција открива значителни разлики во активноста меѓу наставниот кадар. Додека дел од професорите редовно објавуваат трудови во високо рангирани научни списанија, кај други се забележува намалена продуктивност, сведена на минимално учество во истражувачката работа. Оваа состојба укажува на потребата за дополнителни мерки за поттикнување и поддршка на сите членови на наставниот кадар, со цел зголемување на нивната вклученост во научноистражувачките активности.

**Прилози:**
Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО.
Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]; <br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години; <br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо); <br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Економскиот факултет континуирано обезбедува квалитетна настава со компетентен наставен кадар. Бројот на редовно вработени професори одговара на потребите на акредитираните студиски програми, а дополнително се ангажираат наставници од други единици на Универзитетот за предмети како странски јазици и информатичка технологија.

Ангажманот на наставниците изнесува просечно:

- **11 часа неделно** за прв циклус,
- **9-10 часа** за втор циклус,
- **7-8 часа** за трет циклус.

Факултетот доследно ги почитува законските регулативи при носењето одлуки за покривање на наставата за сите три циклуси на студии. Преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии) е даден во Прилог 5.3.А. Како што е наведено во приложената документација, распределбата на работните обврски и наставните активности е извршена согласно релевантните одредби од Законот за високото образование, при што е обезбедена рамномерна распределба на оптоварувањето на наставниот кадар (Прилог 5.3.Б).

Особено важно е да се истакне дека одредени предмети се изборни, што значи дека нивната реализација зависи од изборот на студентите. Во случаите кога студентите не го избираат дадениот модул или предмет, наставниот кадар обезбедува

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

консултации, додека наставата не се изведува во целост. Овој пристап покажува флексибилност и ефикасно управување со ресурсите, прилагодувајќи се на потребите на студентите.

Со ваквата организација, Факултетот обезбедува квалитетна и континуирана реализација на наставата на сите три циклуси, истовремено почитувајќи ги законските и академските стандарди.

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.В) и истата се однесува за зголемен ангажман во наставата.

**Прилози:**
Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии
Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)
Прилог 5.3.В. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно-научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години).<br>Линк до Билтен во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати.

Високообразовната установа се придржува до јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, при што наставната работа се вреднува како клучен елемент во академскиот развој. Постапките за вработување и избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања се регулирани преку законски акти и интерни правилници. Овие процеси се спроведуваат врз основа на академските квалификации, заслуги и обезбедување на еднакви можности за сите кандидати.

Од приложените податоци може да се заклучи следново:

1. **Избор на наставен кадар** – Наставниот кадар е избран согласно критериумите утврдени со релевантните закони, правилници и универзитетски одлуки.
2. **Транспарентност на процесите** – Сите процеси на вработување и избор се јавно објавени преку официјални канали, како што се универзитетските билтени, со што е овозможена јавна проверка на донесените одлуки.
3. **Почитување на академските стандарди** – Податоците покажуваат дека за предметите и модулите каде што било потребно вработување или избор, одлуките се донесени во согласност со академските стандарди.

Дополнително, анализата на конкурсите покажува дека во сите случаи се пријавил само еден кандидат, кој бил избран (Прилог 5.4.Б). Не се евидентирани одбиени кандидати или противкандидати.

Прилог 5.4.В дава преглед на ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.

**Прилози:**
Прилог 5.4.А. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години
Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој се регулира покрај другото и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар. Факултетот применува систематски пристап во создавањето и одржувањето на квалитетни работни услови за наставниците. Наставниот кадар располага со **современа информатичка опрема**, вклучувајќи 21 персонален компјутер, 17 преносни компјутери, како и принтери и фотокопири (Прилог 5.5.Б). Покрај тоа, на располагање се специјализирани софтверски решенија за аудиовизуелно снимање, тонско снимање, заштита на сведоци и автоматско распределување на предмети (АКМИС). Оваа технологија овозможува подобра поддршка на студиските програми, со посебен акцент на поврзување на наставата со практиката, што е од суштинско значење за одржување висок квалитет на едукацијата.

Покрај техничката опрема, установата обезбедува и **адекватни просторни услови** за изведување настава (Прилог 5.5.Г). Овие услови вклучуваат предавални, амфитеатри и специјализирани простории, како што се кабинети за менторска и индивидуална настава, судници и читални, со вкупна површина од 948 $m^2$. Просториите се дизајнирани за да овозможат ефикасна, флексибилна и интерактивна настава, поддржувајќи активности како симулирани судења и други практични задачи.

Овие ресурси не само што обезбедуваат модерни и функционални услови за наставниот кадар, туку истовремено придонесуваат кон подобрување на студентското искуство и подготвеноста за практична примена на знаењата.

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има обезбедено пристап до електронски бази на податоци, како ARDI Research for Inovation, ARDI Research for Inovation, EBSCO, Emerald, EIFL, SAGE, SCOPUS, AGORA (Прилог 5.5.В).

**Прилози**

Прилог 5.5.А. Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност
Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата
Прилог 5.5.В. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата.
Прилог 5.5.Г. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини. Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар;<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.6.А.

### Мотивирање на наставниот кадар

1. **Организирање обуки и тренинзи:**

a. Листа на обуки и тренинзи реализирани во последните три години, финансирани од установата или други институции. Овие активности се насочени кон развој на проактивни и иновативни методи на настава.

2. **Финансиска поддршка и награди:**
   a. Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено правилник за доделување годишни награди и признанија за научни активности. Критериумите за награди се дефинирани, а комисијата прави евалуација на активностите преку профили на Scopus и Web of Science.
3. **Развој на технички вештини:**
   a. Се следат техничките вештини на наставниот кадар и се спроведуваат обуки за нивно подобрување, со акцент на педагошките и техничките способности.
4. **Подобрување на условите за работа:**
   a. Обезбедување современа опрема и ресурси, како и финансиска поддршка за научноистражувачки проекти преку фондови.
5. **Ангажман на визитинг наставници и соработка со меѓународни експерти:**
   a. Установата редовно ангажира афирмирани научници и стручњаци од странство, со што наставниците добиваат пристап до нови методологии и практики.

Наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење (https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=51), да ги користат платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знаат да креираат квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето.

**Прилози**

Прилог 5.6.А. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи дополнителна вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Во периодот на самоевалуација, Економскиот факултет регистрира вкупно 35 одржани предавања од визитинг професори, научници и стручњаци од земјата и странство. Оваа практика на ангажирање гости предавачи има за цел да ја збогати реализацијата на студиските програми, внесувајќи нови знаења и перспективи. Гостите учествуваат во различни активности како што се гостински предавања, работилници, конференции и тематски дебати. Иако ангажманот не е постојан, тој значително придонесува за академската и практичната вредност на наставата.
Ангажираните предавачи се истакнати професионалци и научници со релевантна експертиза во својата област, кои преку своето искуство и знаење обезбедуваат додадена вредност за студентите. Нивниот придонес овозможува актуелни информации, меѓународна перспектива и практични вештини, што е од особено значење за подготовката на студентите како идни професионалци.
Темите на предавањата и афилијациите на предавачите се внимателно избрани за да ги задоволат потребите на студиските програми. Постигнат е баланс меѓу научните и практичните профили на предавачите, што дополнително ја засилува вредноста на програмите. Гостинските предавања се вклучуваат во наставните програми, пред сè за студентите кои го слушаат соодветниот предмет во тековниот семестар. Дополнително, предавањата се отворени и за останатите заинтересирани, со транспарентно објавување на информациите преку официјални канали.
Во текот на последните три години, Економскиот факултет не ангажирал наставници, научници или стручњаци на редовна основа за конкретни предмети. Причина за тоа е ограниченоста на финансиските ресурси. Сепак, воспоставената практика на покана за гости предавачи е ефикасна и целосно го задоволува стандардот, истовремено обезбедувајќи значителна вредност за студентите и наставните програми.

**Прилози**

/

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

На Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, наставата и науката се тесно поврзани преку повеќе активности и иницијативи кои овозможуваат практична примена на теоретските знаења и академски развој на студентите.

***Примери за интеграција на наставата и науката:***

1. **Студентско учество во истражувања:**
    a. Во рамките на предметите како „Макроекономија“ и „Финансиски пазари“, студентите се вклучени во истражувања за тековните економски трендови, инфлацијата и пазарните предизвици.
    b. Резултатите од овие истражувања се користат за подготовка на научни трудови и презентации на студентски конференции.
2. **Научноистражувачки проекти:**
    a. Наставниците редовно аплицираат за национални и меѓународни грантови, кои вклучуваат и студенти како истражувачи.
    b. На пример, проектите за анализа на економски политики во Западен Балкан резултираа со препораки кои се дискутирани во наставата.
3. **Објавување на трудови:**
    a. Наставниците објавуваат трудови во реномирани списанија како дел од наставните активности, а овие трудови често се користат како дополнителни наставни материјали.
4. **Организирање конференции и работилници:**
    a. Економскиот факултет е организатор на меѓународни конференции каде студентите имаат можност да презентираат свои трудови.
    b. Пример: Конференцијата „Економски предизвици во глобализираниот свет“ ги вклучува студентите во подготовка и презентација на теми.
5. **Поврзување со стопанството:**
    a. Факултетот организира практична настава во соработка со локални и национални компании, каде што студентите применуваат теоретски концепти во реални деловни сценарија.

***Резултати и влијание:***

- Зголемен број на објавени трудови од наставниците и студентите.
- Подобрена подготвеност на студентите за реалниот пазар на труд.
- Зајакнување на релацијата помеѓу академската заедница и економскиот сектор.

Со овие активности, Економскиот факултет успешно ја интегрира науката во наставата, обезбедувајќи современо образование и релевантни научни придонеси.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

На Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, иновациите во наставата и употребата на нови технологии се клучни за модернизирање на наставниот процес и подготвување на студентите за реалниот пазар на труд.

***Иновации во наставните методи:***

1. **Симулации и студии на случај:**
    a. Во предметите како „Финансиски пазари“ и „Економска анализа“, се користат симулирани сценарија за пазарни движења, што им овозможува на студентите да донесуваат стратешки одлуки врз основа на реални податоци.
    b. Студиите на случај им помагаат на студентите да анализираат реални економски и финансиски проблеми.
2. **Применета групна работа:**
    a. Во предмети како „Менаџмент“ и „Стратешко планирање“, студентите работат во тимови за креирање на бизнис-планови, развој на маркетинг стратегии или анализа на конкурентноста на компании.

***Користење на нови технологии:***

1. **Специјализиран софтвер:**
   a. **Bloomberg Terminal:** Студентите имаат пристап до оваа алатка за анализа на финансиски податоци, следење на пазарни трендови и симулации за инвестициски стратегии.
   b. **SPSS и Excel:** Се користат за статистички анализи и обработка на податоци во предмети како „Квантитативни методи“ и „Финансиска анализа“.
2. **Е-учење:**
   a. Платформата **Microsoft Teams** се користи за организирање на онлајн предавања, споделување на материјали и интеракција со студентите.
   b. **M**e.
3. **Дигитални алатки за презентации:**
   a. Во предметите како „Маркетинг“ и „Претприемништво“, студентите користат алатки како Canva да креираат иновативни презентации.

Економскиот факултет активно функционира преку своите веб-платформи:
**ef.ugd.edu.mk**
**ekonomskistip**
**ekonomskiugd**

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |

Универзитетот „Гоце Делчев“ (УГД) има воспоставен систем за академски интегритет и превенција од плагијаризам, кој се спроведува преку Универзитетската комисија за издавачка дејност (КИД). Оваа комисија управува со издавачката дејност за сите единици на УГД како интегриран универзитет, согласно **Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.**

Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција

Во член 19 од Правилникот за издавачка дејност е наведено дека КИД врши проверка на плагијат/автоплагијат за учебници и учебни помагала кои се во процес на објавување во е-библиотеката на УГД. Оваа проверка се спроведува според **Процедурите за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма**, каде што во точка 5.13 е утврдена следната процедура:

- Ако процентот на сличност со споредуваните извори е поголем од 25 %, учебникот или учебното помагало се смета за неприфатливо за објавување и процесот се повторува.

Проверката за плагијаризам се спроведува преку платформата **Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција**, каде сите учебници/учебни помагала се депонираат пред објавување. Платформата генерира извештај со детектиран процент на сличност, кој се користи како основа за одлука.

Проверка на магистерски, докторски и научни трудови

- **Магистерски и докторски тези** се проверуваат преку платформата **Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати**, кој генерира извештај за процентот на повторувања со други трудови.
- **Научни и стручни трудови** кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД се проверуваат од страна на уредувачките одбори на соодветните научни списанија.

Издавачка дејност на Економскиот факултет

Економскиот факултет на УГД објавува меѓународно научно списание **Journal of Economics** индексирано во релевантни научни бази. Проверката на плагијаризам е задолжителна за сите поднесени трудови и се спроведува преку бесплатни платформи за проверка, како:

- **Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција**
- **Duplichecker – Plagiarism Checker**
- **Free Online Plagiarism Checker**

Уредниците, врз основа на извештаите од проверките, носат одлуки за понатамошна обработка на поднесените трудови. Трудови со процент на сличност над 20 % обично се одбиваат, со цел одржување на висок академски интегритет.

Постапност и транспарентност

Овие мерки за спречување на плагијаризам ја потврдуваат посветеноста на УГД кон зачувување на академскиот интегритет и квалитет, овозможувајќи транспарентен и сигурен процес во издавачката дејност и научната продукција.

Проверката за плагијатизам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови на линкот Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk).

**Прилози**

Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип Универзитетски гласник број 60, страна 98-107

Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма, Универзитетски гласник број 60, 108-112

Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма, Универзитетски гласник број 60, 113-130

Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.

Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на тимови од вработените.

Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научноистражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да можат да бидат индексирани во различни бази.

Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**

Прилог 5.11.А. ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

Прилог 5.11.Б. ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

Прилог 5.11.В. ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, со важност од 29.02.2024

| |
|---|
| Прилог 5.11.Г. Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024<br>Прилог 5.11.Д ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 5.11.Ѓ. ПРОГРАМА за наука, 2024 година |

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Во контекст на исполнувањето на индикаторот 5.12, **Економскиот факултет** активно се насочува кон спроведување истражувања кои се релевантни за локалните, регионалните и националните економски и развојни цели, како и за социо-економскиот и културниот контекст. Истражувањата кои се спроведуваат на Факултетот се фокусирани на решавање на актуелни проблеми во економскиот систем, зголемување на економската ефикасност, поддршка на претприемништвото и подобрување на животниот стандард.

Истражувачките активности вклучуваат анализи на теми како што се: финансиски реформи, одржлив економски развој, управување со јавни ресурси и влијанието на економските политики врз социоекономските прашања. Овие истражувања директно придонесуваат кон постигнување цели како економска стабилност, зголемување на конкурентноста на пазарот, социјална инклузија и одржлив развој. Тие се внимателно прилагодени на потребите на локалните, регионалните и националните заедници, истовремено поддржувајќи ја креацијата на економски и социјални политики.

И покрај тоа што Економскиот факултет спроведува значајни истражувања кои се поврзани со развојните цели, моментално нема формализиран систем за мониторинг на ефектите од овие истражувања врз локалните, регионалните или националните развојни процеси. Воспоставувањето на таков систем би обезбедило појасна слика за импактот на истражувањата и би помогнало во понатамошното подобрување на нивната релевантност и ефективност.

**Прилози**

Прилог 5.12.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој е сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години;<br>Финансиски извештаи од претходните три години;<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа). |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.

Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А), а динамиката на вкупниот буџет на Универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.

Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година

од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25 % од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55 % и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.

Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).

Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од МОН е 45 % од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2 %.

**Средства од сопствени приходи**

Средства од сопствените приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.

Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 до 2021 година изнесувала 38,71 %, додека за период 2021-2024 изнесува 38,25 %.

**Средства од научни проекти**

Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средства кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.

Зголемувањето и стабилноста во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напори на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учеството на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек е 5,5 % од буџетот на УГД.

Според податоците за просечната процентуална застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесува 4,1 %, додека за периодот на евалуација 2021-2024 година изнесува 5,5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**

За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.

Процентуално просечните приходи во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувале 9,56 %, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17 %. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**

Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024

Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*

Економски факултет располага со вкупен простор од 2705 m$^2$, еден амфитеатар со вкупна површина од 295 m$^2$ и капацитет од 331 седиште, кои се во сопственост на Универзитетот.

Наставната програма се одвива во 7 предавални кои имаат вкупна површина од 850 $m^2$ и вкупен капацитет од 510 седишта. Факултетот располага со 13 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 265 $m^2$ и капацитет од 32 седишта.

*Лаборатории*
Наставно-научниот процес се одвива во една лабораторија со вкупна површина од 50 $m^2$ и 30 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби.

*Студентски прашања*
Факултетот има студентски прашања со површина од 20 $m^2$.
Списокот на простории со површина со кои располага Факултетот е даден во прилог 6.2.А.

*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта, Е-репозиториум, Е-библиотека, Е-распоред, Академски календар и др.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи: електронски упис на семестар, електронска заверка на семестар, електронско пријавување на испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, перманентна електронска комуникација, електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар, електронско учење и многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.
**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во Е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1081 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 450 416 корисници, а од регистрираните корисници направени се 559 844 симнувања на насловите кои се наоѓаат во Е-библиотеката (прочитано на 22.01.2025 година). Факултетот има вкупно 100 наслови од кои дел се книги, а дел учебни помагала како скрипти и збирки со задачи.

**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата.
**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство).
**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД и е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на Универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.
Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23 393 содржини, достапни на линкот (*прочитано на ден 22.01.2025 година). Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18 379 содржини во Е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 5014 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатил со над 1100 нови наслови. Економски факултет има депонирано 1716 наслови во е-репозиториумот достапни на линкот
http://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/ECO/ .
**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за: постојана употреба на ИКТ во наставата; креирање на курсеви; додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк,

итн.); спроведување на електронски колоквиум и испит; автоматско оценување; правење анкета, работилница; календар на активности; преземање, преглед и оценување на семинарски задачи; следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето; менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања; снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии; ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки); онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.
**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (Прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научноистражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.
**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.

**Сектор за ИКТ**, Секторот за информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.
**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите, но главно само до просториите на приземјето.

**Прилози**
Прилог 6.2.А. Список на простории со површина со кои располага факултетот
Прилог 6.2.Б. Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандарди

Прилог 6.2.В. Список на информатичко-технички ресурси (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Факултетот за информатика во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 3 лица, од кои сите извршуваат административни работи. Помошно-техничкиот персонал на Факултетот се води под Универзитетот.

На Економски факултет во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 4 лица, од кои 4 лица извршуваат административни работи.(Прилог 6.3.А). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата, во Ректоратот, а само 3 се распоредени на Факултетот.

Административниот кадар на ЕФ во својата работа ги земаат предвид потребите на различната студентска популација (вонредни и вработени студенти, студенти од странство, студенти со посебни потреби и сл.) и најчесто комуникацијата со нив се одвива преку електронска пошта, телефон или апликации како Microsoft Teams, Messenger или Viber.

Листата на вработени во административниот кадар на ЕФ кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите во Прилог 6.3.Б и нивниот број е 1 во периодот на самоевалуација.

**Прилози**

Прилог 6.3.А Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните административни служби за периодот 2021-2024 за ЕФ

Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Економски факултет активно ги вклучува студентите од сите циклуси на студии во работата како и научноистражувачките проекти. Исто така, вклученоста на студентите е забележана во меѓународни како и билатерални проекти, проекти од интерен карактер и од апликативен.

Во периодот на самоевалуација на Економски факултет не се реализирани проекти во кои учество имаат земено студенти од кој било циклус на студии.

**Прилози**

/

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното

дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку Е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб-локација
https://ckr.ugd.edu.mk/
Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:

- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација; Релевантно работно искуство од полето на интерес;
- Искуство од учење коешто ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите;
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот;
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство коешто го бараат работодавците;
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на пракса по дипломирањето;
- Вмрежување и создавање на професионални контакти, Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

178 студенти од цел универзитет добиле поддршка од Центарот за кариера.

Економски факултет има потпишано меморандуми за соработка со 14 фирми, организации и школи, каде студентите реализираат пракса (2.6.Б). Во овие фирми во период 2021/2022 година пракса имаат реализирано 42 студенти, во период од 2022/2023 година реализирале 159 студенти, а 87 студенти реализирале пракса во 2023/2024 год. (Прилог 2.6.А).

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб-локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17 000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои можат да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област можат да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:

- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.

Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

Економски факултет е присутен на социјалните мрежи Facebook и Instagram.
https://www.facebook.com/ekonomskistip - Facebook Page на Економски факултет го следат 2400 следбеници
https://www.instagram.com/ekonomskiugd/ - Instagram профилот има 156 следбеници

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира Студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420) (Прилог 1.4.А).

Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во Прилог 6.7.2, а извештај од последните спроведени избори во Прилог 6.7.3. Одлуката за избор на студентски правобранител односно негов заменик е прикажана во Прилог 6.7.4.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените.

**Прилози**
Прилог 6.7.А. Одлука за избор на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.Б. Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.В. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страница. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентните начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности можат да се проследат на веб-локацијата https://coj.ugd.edu.mk/index.html.
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб-страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од Универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година и е транспарентно објавен на веб-локацијата

https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб-локацијата https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта и сл. студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.

**Економскиот факултет** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб-страница на следните линкови:

- Веб-страница – https://ef.ugd.edu.mk/
- Водич за прв циклус на студии – https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
- Водич за втор циклус на студии - https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/
- Школа за докторски студии - https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
- Вести и настани - https://ef.ugd.edu.mk/c/blog-mk/vesti-mk/
- Стипендии - https://mon.gov.mk/category/?id=2077
- Пракса и вработување - https://ckr.ugd.edu.mk/about.html

Дополнително за информирање на студентите на Економски факултет може да се користат профилите на социјалните мрежи Facebook и Instagram (претходно споделени линкови)

Публикации од учебници и учебни помагала достапни се на УГД Е-библиотека (**1046 наслови**).
Е-репозиториум на УГД содржи над 22 320 содржини публикувани трудови, книги, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД.

Прилог 6.8.1 SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6.

**Прилози:**
Прилог 6.8.1. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6

## Стандард 7- Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации;<br>Акт за регулирање (доколку е применливо);<br>Доказ дека системот е функционален. |

Универзитетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности и тоа на различни начини.
Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевалуација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер.
Во рамките на секоја самоевалуација се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.Ѕ – 1.2.Л).
Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е сè уште во фаза на тестирање.
Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот

| |
|---|
| или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.<br>Податоците од електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл.<br>За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научноистражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот. |
| **Прилози:**<br>/ |

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и ги вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот. |

Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.

Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрвин Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, така и за Економски факултет ( Прилог 7.2.А) На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.

Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на Комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.

Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и Универзитетскиот сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.

Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В.

**Прилози:**
Прилог 7.2.А. Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата
Прилог 7.2.Б. Одлука за избор на студенти членови на ННС
Прилог 7.2.В. Извештај за структурата на студентите за учебната 2021–2024

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

На универзитетската веб-страница и на факултетската веб-страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.

Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб-порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).

Во периодот 2021-2024 има организирано повеќе значајни настани како што се:

- одбележување на ден на сметководителите со присуство на повеќе гости од оваа област;
- одржано предавање од страна на гувернерката на НБРСМ;
- реализација на настан за средношколците од државата наречен „Биди економист“.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 7.4, Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практика за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).
Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.
Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.
Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.
За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.
Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробија, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.
Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.
За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап.

| |
|---|
| Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.<br>Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.<br>Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб-сервисите на Универзитетот и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.<br>Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7. |
| **Прилози:**<br>Прилог7.4.А СИКТ.ПР.04 Процедура за чување и заштита на податоци<br>Прилог7.4.Б ОЧР.ПРВ.05 Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци<br>Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/<br>Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/<br>УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно и лесно достапни и на следните социјални мрежи:<br>https://www.facebook.com/ugdstip<br>https://www.instagram.com/ugdstip/<br>https://www.youtube.com/user/UGDSTIP<br>https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA<br>Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и онлајн на следната веб-локација | |

https://coj.ugd.edu.mk/eho.html

Главните настани кои се реализираат од страна на Економски факултет се објавуваат на веб-страницата во делот Настани:
https://ef.ugd.edu.mk/c/blog-mk/vesti-mk/nastani/

Исто така, Економски факултет има свои страни на социјалните мрежи Facebook и Instagram:
https://www.facebook.com/ekonomskistip
https://www.instagram.com/ekonomskiugd/

На социјалните мрежи се споделуваат различни содржини, како од промотивен карактер така и од едукативен. Секојдневните настани како што се посета на компанија, реализација на настава од гости од пракса и сл. се споделуваат. На пример, објавите линк 1 и линк 2.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот; 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година; 8. Завршна сметка; 9. Годишен извештај; 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf#page=182

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно за сите три циклуси на студии:
https://ef.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/12/resenia-za-akreditacija-ef.pdf

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 118
Изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 430
Универзитетски гласник број 36, страна 433
Универзитетски гласник број 37, страна 42
Универзитетски гласник број 38, страна 8
Универзитетски гласник број 38, страна 68
Универзитетски гласник број 39, страна 10
Универзитетски гласник број 39, страна 13
Универзитетски гласник број 39, страна 22
Универзитетски гласник број 39, страна 25
Универзитетски гласник број 39, страна 79
Универзитетски гласник број 43, страна 80
Универзитетски гласник број 49, страна 13
Универзитетски гласник број 49, страна 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;

| |
|---|
| Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Универзитетски гласник број 42, страна 516-528<br>Универзитетски гласник број 43, страна 15-25<br>Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Универзитетски гласник број 47, страна 20-34<br>Универзитетски гласник број 48, страна 23-31<br>Универзитетски гласник број 49, страна 40-42<br>Универзитетски гласник број 51, страна 9-24<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со Законот за изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија<br>Универзитетски гласник број 53, страна 71-80<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование<br>Универзитетски гласник број 54, страна 25-35<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип<br>Универзитетски гласник број 55, страна 10-11<br>Универзитетски гласник број 58, страна 14-15<br>Универзитетски гласник број 59, страна 82-84<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование<br>Универзитетски гласник број 60, страна 87-98<br>Home - УГД Интранет (sharepoint.com)<br><br>6. Завршна сметка;<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf<br><br>7. Годишен извештај;<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf<br><br>8. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>9. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>10. Акти кои ги носи единицата согласно други закони;<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br><br>11. Етички кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf |
| **Прилози:**<br>/ |

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб-страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб-страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Преку Школата за докторски студии при УГД се објавуваат сите информации кои се однесуваат на докторските студии на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>Пред одбрана на секоја докторска дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштенија на веб-локацијата | |

https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации можат да се проследат на линковите
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/

Резултатите од научно-истражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

Известување за одбрана на докторска дисертација на Лавдим Бекири - https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/230303-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/
Работен состанок за проектот „Роботика и инклузија на ученици со попреченост во специјалното образование“ - https://fi.ugd.edu.mk/роботиката-во-функција-на-инклузија-н/
Подигање на свеста за сајбербезбедност на новозапишаните студенти на Факултет за информатика - https://fi.ugd.edu.mk/подигање-на-свеста-за-сајбер-безбедно/
Ден на диференцијалните равенки - https://arhiva.ugd.edu.mk/index.php/nauka-life/item/1702-den-na-diferencijalnite-ravenki

Прилог 8.3.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8.

**Прилози:**
Прилог 8.3.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и призната. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алиансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и Алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат пракса во некоја европска фирма и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитетот има и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб-страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите можат да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата.

На Економски факултет има назначено Еразмус+ координатор и тоа по должност е продеканот за наука и меѓународна соработка. Негова должност е одобрувањето на избраните предмети и еквиваленцијата на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка.

На Економскиот факултет во последните три години од сите циклуси на студии само еден студент има користено мобилност. (Прилог 9.1.А).

**Прилози:**
Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс) кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн.). |

Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ - Штип (2022-2025) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на прввиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик.
Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.
На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.

**Прилози:**
Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на УГД за 2023-2025 година
Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот
Прилог 9.2.В. Записник и мислење - од комисија за Еразмус

| | |
|---|---|
| 9.3 Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност и слично, а во иднина и од Алијансата ACE2EU. Дополнително од 2023/24 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противредност (Прилог 9.3.А).

Наставниот кадар на Економски факултет во 2023 год. има учествувано во еден меѓународен проект:

- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system-Be In.* [Project]

**Прилози:**
Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години); |

| | |
|---|---|
| | Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Прилог 9.4.А ја прикажува листата на универзитети со кои Економскиот факултет има потпишано договор и нивниот број е 84.
На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.В).

Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат.

**Прилози:**
Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+
Прилог 9.4.Б. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка
Прилог 9.4.В. Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |

Во периодот на самоевалуација на Економскиот факултет нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата, ниту пак има наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови.

Во периодот 2021-2023 год. на Економски факултет биле запишани 12 странски студенти на прв циклус студии на различни студиски програми. Истите се претставени по студиска програма и по години во Прилог 9.5.А.

Прилог 9.5.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9.

**Прилози:**
Прилог 9.5.А. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години
Прилог 9.5.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9

**Факултетска комисија за самоевалуација:**

1. Проф. д-р Весна Георгиева Свртинов
2. Проф. д-р Благица Колева
3. Доц. д-р Моника Арсова
4. Марија Грмбозова – студент
5. Стефанија Лазарова – студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Универзитет „Гоце Делчев” – Штип<br>Правен факултет<br>(кратенка ПФ, УГД) |
| **Седиште** | Ул. „Гоце Делчев“ бр. 89, П. фах 201, 2000 Штип<br>Република Северна Македонија |
| **Контакт информации** | Тел: +389 32 550 450<br>Интернет адреса:<br>УГД – Правен факултет<br>Е-пошта: margareta.alcinova@ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Олга Кошевалиска, декан<br>olga.kosevaliska@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум: М. П. Овластено лице на установата:
(потпис)

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Правен факултет |
| Седиште | Адреса: ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А 2000 Штип, РС Македонија |
| Веб-страница | https://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/ |
| Мисија и визија на установата | Главната мисија на Правен факултет е да ги едуцира студентите од областа на правото, политичките науки и новинарството, запознавајќи ги со основните постулати на коишто почиваат и се развиваат овие науки, надградувајќи го нивното знаење чекор по чекор, во сите три циклуси на образование.<br>Основната визија е ефектуализација на апликативната вредност на студентите, преку континуиран наставно-образовен процес, што се реализира преку модерни, применливи наставни содржини што може да се стават во функција на потребите на стопанството, владиниот и невладиниот сектор и потрошувачкиот сектор.<br>Дел од визијата на единицата е да продуцира кадри од овие области кои ќе придонесат кон целокупен прогрес на општеството. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br><br>Правниот факултет ја започнува својата работа со Законот за основање на Државниот универзитет „Гоце Делчев“, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 40 од 30.03.2007 година<br>(Во прилог линк https://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi)<br>**Прв циклус**<br>• Правни студии<br>• Медиумски студии и односи со јавноста<br>• International Law and International Relations<br><br>**Втор циклус**<br>• **https://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus**<br><br>**Трет циклус**<br>• Казнено право<br>• Деловно право<br>• Граѓанско право<br>• Европско право и европски интеграции<br>• Меѓународно право и меѓународни односи<br>• Политичките науки од областа на политичките системи<br><br>(Во прилог линк https://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/tret-ciklus) |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања кои вршат високообразовна дејност | - **Редовно вработени** - 18 професори<br>- **Асистенти -** 2<br>**Вкупно - 20** |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>**I циклус** - 44 студенти<br>**Странска студиска програма - International Law and International Relations** - 44<br>**Вкупно**: 88<br>**II циклус** - **35**<br>**III циклус** - **20** |

**Развој на единицата**

Правен факултет како единица во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од основањето до денес бележи континуиран и константен прогрес во сите полиња на научноистражувачката работа. Историјата на постоење и функционирање покажува дека единицата низ годините успеа да се етаблира како високо реномирана научноистражувачка установа и тоа како во делот на науката, така и во делот на наставата,

апликативната и стручната работа.

Почитувајќи го релевантното законодавство и подзаконски акти на надлежните тела и во рамки на Универзитетот, Правен факултет акредитира програми од сите три циклуси на образование, нудејќи релеватна содржина, практична настава, соодветно и на високо ниво вмрежување на студентите, клиничка настава, учество на проекти и проектни активности. Инфраструктурно и кадровски институцијата зајакнува и се надградува од семестар во семестар. Во 17 години активно спроведување на научноистражувачка дејност, кадровски, инфраструктурно и административно-технички, единицата има искуство и знаење да придонесе кон прогрес на студентите во сите три циклуси на образование.

Наставно-соработничкиот кадар на Факултетот со својата научноистражувачка, стручно-апликативна работа покажува дека развојот е секојдневен и тоа преку соодветна методологија, согласно најмодерните трендови во високото образование во Европа и светот. Кадарот е дел од бројни обуки, работилници, научни и стручни конференции, проектни со домашни и странски импликации. Факултетот е дел од повеќе мрежи како единица на Универзитетот и преку бројни трудови објавени во релеватни стручни и научни списанија, учество во конференции со висока репутација. Мобилноста на наставно-научниот кадар е на високо ниво, како модус за напредување, усовршување на наставно-научните компетенции на кадарот, а дополнително и како модус за зајакнување и проширување на помеѓу универзитетската соработка на Балканот, во Европа и светот. Заслужува да се евидентира фактот дека токму индивидуалните прогреси на кадарот се ставаат во функција на потребите на Факултетот и неговиот раст и развој како компетентна високо образовна установа.

Прогресот на Факултетот може да се забележи и преку зголемувањето на квантитетот и квалитетот на издадени учебници, достапни во е-библиотеката на Универзитетот, по претходно спроведена постапка за објавување согласно важечките правилници за објавување на изданија и согласно политиката и правилата на издавачката дејност на Универзитетот.

Како потврда за развојот на установата е забележаниот успех на студентите кои го продолжиле своето образование надвор од земјата на реномирани високообразовани установи и престижни работни места. Како додадена вредност, на развојот на Правен факултет, заслужува внимание и соработката што единицата ја остварува со бројни и хетерогени стејхолдери кои имаат големо општествено значење. Попрецизно, преку научноистражувачки, стручно-апликативни проекти, Правниот факултет соработува со локалните власти, бизнис-секторот, владиниот и невладиниот сектор, домашни и странски партнери.

Факултетот го има проширено својот корпус на студиски програми на прв, втор и трет циклус на студии. Единицата се развива и во делот на креирањето на странски студиски програми, кои се акредитирани за потребите на странски и домашни студенти, во духот на целокупната интернационализација на единицата, а согласно Универзитетската политика за позиционирање на Универзитетот во меѓународен контекст.

**Клучни институционални капацитети**

Кадровските, административно-техничките и оперативните капацитети, логистиката во е-услугите што ги нуди Универзитетот, а се во функција и на потребите на Факултетот, се еден суштествен сегмент од институционалната логистика што ја нуди единицата на своите студенти во рамки на трите циклуси на образование.

Битен сегмент од институционалниот капацитет на единицата е релевантниот корпус на книги, учебници, трудови, прирачници, прикачени на е-библиотека и на е-репозиториум, од каде што студентите ги црпат основите за својата научноистражувачка работа. Преку овој концепт на системска поддршка на студентите од сите три циклуси, студентите ја чувствуваат институционалната поддршка, оттука го развиваат чувството за припадност на установата. Овој корпус на активности кои го сочинуваат институционалниот капацитет на установата, ја манифестира континуираната развојна димензија на единицата, што е само уште една одлика на раст и развој за истата.

Инфраструктурно, Правниот факултет ги задоволува потребите на студентите во делот на обезбедување на соодветни просторни услови, преку реализирање на предавања и вежби во соодветни предавални, работилници и останати простории. Студентите имаат на располагање соодветно опремена судница што се користи за симулирање на судски процеси од областа граѓанско, деловно и кривично право. Судницата нуди услови за реализирање на останати активности, со оглед на фактот што е технички опремена во повеќе сегменти на работни активности.

Факултетот располага и со просторија - Тренинг центар и Правна клиника, каде што се спроведуваат повеќе програми од областа на правните, политичките науки и новинарството. Во рамките на овој центар и Правната клиника, студентите имаат можност да реализираат клиничка настава и практика, каде ја изучуваат практичната димензија на правото и ефектуализацијата на нивните теоретски знаења.

**Области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години**

Во последните три години Правен факултет покажува прогрес во повеќе стандарди за обезбедување на квалитет, што се огледува преку повеќе индикатори коишто ја одразуваат состојбата на единицата. Во прв план најмногу внимание заслужува поврзување на теоретската настава со практична, клиничка настава. Правен факултет располага со капацитет за реализирање на повеќе клинички програми, учество на практичари и експерти од различни области, во рамки на којашто студентите практицираат и го студираат правото од аспект на практиката. Имплементацијата на практичната димензија на наставата се обезбедува и преку учество на експерти од практиката во наставно-образовниот процес: судии, обвинители, адвокати, нотари, извршители како гости предавачи во наставата.

Во практичната димензија на студирањето се вклучуваат и други аспекти и тоа во делот на имплементацијата на знаењето на студентите во функција на реализирање на научноистражувачки работи. Во рамки на предвидените фондови на часови и работни обврски во ЕКТС системот, студентите изработуваат семинарски работи кои многу често се поврзани со решавање на конкретни општествено-економски, правно политички и друг вид на проблеми.

Научноистражувачкото ниво на работа на наставно-соработничкиот кадар е зголемено што се огледа преку зголемувањето на бројот на научноистражувачки проекти, објавени книги, учебници, практикуми, склучени договори за соработка со други универзитети, вмрежување и соработка во рамки на ЕУ универзитетите и пошироко во светот.

Еден од најсилните индикатори за прогрес на единицата е менаџирањето со податоци и информации кои се однесуваат на статусот на студентите и работата на единицата. Информациите се достапни до студентите од сите три циклуси на студирање, преку повеќе платформи кои се користат од страна на Факултетот со поддршка од Универзитетот.

Индикатор во којшто се бележи прогрес е меѓународната соработка и интернационализацијата на Факултетот, што е во склоп на политиките за интернационализација на Универзитетот како правно лице со правен субјективитет. Во рамки на Факултетот се реализирани неколку престои на странски студенти преку Еразмус програмата, предавачи преку Еразмус и Фулбрајт програмите. Вмрежувањето во последните 3 години е силна страна и тоа преку склучувањето на меморандуми за соработка со повеќе универзитети во ЕУ и светот. Интернационализацијата се обезбедува и преку акредитирање на странски студиски програми, што обезбедува мобилност, размена на искуство, знаење, вештини, компетенции за странски и домашни студенти. После 17 години спроведување на програми во делот на правото, политиката и новинарството, бројот на студенти на странските програми се зголемува, што е потврда за соодветната програма и релевантноста на содржините кои се изучуваат во рамки на овие програми.

**Најголеми предизвици и недостатоци**

Најголемите предизвици со кои се соочува Правен факултет е дел од предизвиците со кои се соочуваат генерално општествените науки, правните, политичките, педагошките науки итн., како универзитетите во Република Северна Македонија и пошироко на Балканот. Имено, миграцијата на младите, процесот на либерализација на пазарот и воопшто глобализацијата, развојот на техничко-технолошките и информатичките науки, придонесува кон намалување на интересот на младите во делот на општествените науки. Дополнително, експанзијата и доминацијата на техничките и информатичките науки, како и потребите на бизнис-секторот во овој сегмент, придонесоа да се намали бројот на студентите во делот на општествените науки, како помалку просперитетни науки во смисла на обезбедување егзистенција. Ова е клучниот предизвик за Правниот факултет во последните неколку академски години. Единицата има капацитет и инфраструктура да понуди образовни услуги на поголем број студенти, особено од прв циклус, па во оваа насока единицата работи на нивелирање на разликите помеѓу бројката на студенти и капацитетот што го нуди.

Во делот на недостатоците, единицата има простор да размислува за докомплетирање на кадарот во одредени области, особено на позицијата соработници, во функција на зголемување и зајакнување на квалитетот на институцијата, особено во делот на реализацијата на студиските програми, понуда на релеватна содржина и продуцирање на високо квалитетен кадар којшто ќе даде придонес во различните сегменти од општеството, каде што правото, политиката или новинарството се потреба за развој. Преку надополнување на тој недостаток, би се создале услови за едуцирање и мониторирање на соработниците, како би напредувале и обезбедиле нова понуда на интелектуални услуги од страна на Правен факултет. Во делот на другите сегменти, а на база на анализата на евидентираните податоци, собраните извештаи, направените swot анализи, единицата бележи прогрес во повеќето сегменти.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 1.1. Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб-страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т. е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на :

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научноистражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз кој е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот од 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси, првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб-страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи (акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на Стратегија за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организационата поставеност на Универзитетот е прикажана во органограмот даден во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**
Прилог 1.1.А. Органограм на УГД

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб-страницата на Универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена, од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши Комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на Комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период од 14.11.2024 до 30.11.2024 и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж),
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З).

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на Универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)

Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)

Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација

Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација

Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус

Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус

Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.З. Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.Ѕ. Резултати од анкети на студенти од прв циклус на ПФ<br>Прилог 1.2.И. Резултати од анкети на студенти од втор циклус на Кампус 4<br>Прилог 1.2.Ј. Резултати од анкети на студенти од трет циклус на Кампус 4<br>Прилог 1.2.К. Резултати од анкети на наставнички и соработнички кадар на ПФ<br>Прилог 1.2.Л. Резултати од анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување квалитет | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување квалитет. |

Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб-страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.

Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:

- Научноистражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научноистражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред сè со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.

Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување квалитет.

**Прилози:**

Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

| | |
|---|---|
| имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани и се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.6.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка - преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитување на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл. (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.Ѕ).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поддржана од ректор, проректори, Ректорска управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД“. Со работната група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на обезбедување квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научноистражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа на целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно-техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е -1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување квалитет и Правилник за спроведување анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA).

Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години

2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk) и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година и Наставно-научниот совет на Факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на Одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 Преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј. Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација;<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така што покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од Стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма,
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување знаење и компетенции со кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес,
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладиниот сектор и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во Извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиски програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на

труд на глобално ниво.
Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на Извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страната на Универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со Извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес;<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на Годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен Извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен Извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД 2017 е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултета и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Прилог 1.6.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1.

**Прилози:**
Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)
Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1

## Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 245/22). Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои можат да бидат преносливи, што значи дека можат да влијаат врз нивниот личен развој и можат да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми ги истакнува нивната релевантност, конципираност, структура, а со целта за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и лични развој.<br>Цели на студиската програма Правни студии од Првиот циклус на студии на Правниот факултет:<br>- Студиите ќе овозможат стекнување на знаења за правото и правните придобивки, со почитување на вредностите и владењеето на правото;<br>- Студентите ќе се оспособат за примена на научните и стручните знаења во пракса од областа на правото;<br>- Студентите ќе бидат оспособени да учествуваат во решавање на практични правни проблеми, толкување и соодветна примена на различни форми на правото и правната наука;<br>- Студентите ќе бидат оспособени за организирање и раководење во процесот на одлучување и донесување праведна одлука, воспоставување ефикасни мерки кон корисниците на услугите во насока на подобрување на нивото на транспарентност и владеење на правото;<br>- Студентите ќе развијат посебни аналитички и истражувачки вештини, со цел да ги задоволат потребите за квалитетно решавање на најразлични форми со примена на правото;<br>- Студиите даваат единствена можност, теоретско и практично знаење и можност за примена во актуелни услови. Студентите се оспособуваат за идните професии во областа на правото со цел да ги задоволат новите правни трендови во целина. Во исто време изучувањето на правото, анализата и примената на теоретските принципи ќе се применуваат во контекстот на современата реалност на македонското општество, но и во пошироки европски и</td></tr>
</table>

светски рамки. Ова е особено значјано за правосудниот систем, неговата трансформација и приближување кон европскиот правосуден систем;
- Студиите овозможуваат изучување на современи правни феномени, состојби и односи. Студентите имаат можност за постојано научно и истражувачко истражување во оваа област, во квалитетни образовни услови, приспособени кон барањата, процесите, потребите и тенденциите на модерното право.

**Цели на студиската програма Медиумски студии и односи со јавност на првиот степен на студии на Правниот факултет:**

- Студиите ќе овозможат стекнување на знаења за управувањето со медиумите, комуникацијата, комуникациските процеси и односите со јавноста во рамките на една организација, како и стекнување на вештини за систематското планирање, спроведување, следење и ревизија на сите канали на комуникација во рамките на една организација и помеѓу организации, развој на комуникациски стратегии, стратегии за односи со јавноста, дизајнирање на внатрешни и надворешни комуникациски правила и контролирање на информациските текови, вклучувајќи ја и онлајн комуникацијата.
- Студентите ќе се оспособат за примена на научните и стручните знаења во пракса од областа на комуникацискиот менаџмент и односи со јавноста;
- Студентите ќе бидат оспособени да учествуваат во решавање на практични проблеми во рамките на организацијата/институцијата;
- Студентите ќе бидат оспособени за организирање и раководење на комуникацискиот процес; за воспоставување ефикасни канали на комуникација во организацијата и надвор од неа - кон корисниците на услугите во насока на подобрување на нивото на транспарентност на организацијата; за професионално извршување на работни обврски и задачи во областа на комуникацискиот менаџмент и односите со јавноста како во јавниот, така и во комерцијалниот и непрофитен сектор;
- Студентите ќе развијат посебни истражувачки вештини, со цел да ги задоволат потребите на своите работни места;
- Студиите даваат единствена можност, теоретското знаење да се примени во актуелни услови и ги подготвуваат студентите за идни предизвици и трендови во европската и светската практика. Анализата и примената на теоретските принципи се применуваат во контекстот на современата реалност на македонското општество, но и во пошироки европски и светски рамки;
- Студиите овозможуваат изучување на современите комуникациски феномени и школување на стручните лица во оваа област во квалитетни образовни услови, приспособени кон барањата, процесите и тенденциите на новата комуникациска ера.

**Цели на студиската програма International law and international relations (Меѓународно право и меѓународни односи)**:

Стекнување на знаења и разбирање - Програмата овозможува студентите да стекнат напредни знаења и длабоко разбирање на правните и политичките концепти, како и способност за примена на научни методологии за креативно решавање на комплексни проблеми во областа на меѓународното право и меѓународните односи.

Развој на аналитички и аргументациски способности - Студентите ќе се оспособат за идентификување, аргументирање и поддржување ставови во областа на правото и меѓународните односи, со акцент на критичко и независно размислување.

Примена на теоретско знаење во пракса - Програмата ги подготвува студентите за примена на теоретските концепти и практични техники за решавање правни и политички предизвици во меѓународен контекст.
Професионална компетентност и експертиза - Програмата обезбедува стекнување високо ниво на професионална квалификација во специјализирани научни области, поткрепена со квалитетни истражувања и релевантност во глобален и локален контекст.

Критичка процена и мултидисциплинарен пристап - Студентите ќе се стекнат со способност за критичка и креативна процена на сложени прашања, вклучувајќи социјални и етички аспекти, во нови и мултидисциплинарни средини.

Комуникациски вештини и тимска работа - Програмата ги развива способностите за јасно и недвосмислено презентирање, дебатирање и комуницирање на професионални и научни достигнувања пред експертска и пошироко публика, вклучувајќи и публикации според академски стандарди.

Доживотно учење и професионален развој - Студентите ќе бидат оспособени за препознавање на сопствените потреби за континуирано учење, професионален развој и следење на новите научни и практични достигнувања во областа на меѓународното право и меѓународните односи.

Интердисциплинарна примена и истражување - Програмата подготвува студенти за примена на интердисциплинарни истражувачки методи и теории за решавање правни и политички прашања, со акцент на автономност и оригиналност.

**Цели на студиските програми за втор циклус на студии на Правниот факултет:**
- Надградување на стекнатите теоретски и практични знаења од правото и сродните правни дисциплини;
- Студиите ќе овозможат натамошно зголемување на знаења за правото и правните придобивки, со почитување на вредностите и владењеето на правото;
- Студентите ќе се оспособат за соодветна примена на научните и стручните знаења во пракса од областа на правото;
- Студентите ќе бидат соодветно оспособени да учествуваат во решавање на практични правни проблеми, толкување и соодветна примена на различни форми на правото и правната наука;
- Студентите ќе бидат оспособени за организирање и раководење во процесот на одлучување и донесување праведна одлука, воспоставување ефикасни мерки кон корисниците на услугите во насока на подобрување на нивото на транспарентост и владеење на правото;
- Студентите ќе развијат посебни аналитички и истражувачки вештини, со цел да ги задоволат потребите за квалитетно решавање на најразлични форми со примена на правото;
- Студиите даваат единствена можност, теоретско и практично знаење и можност за примена во актуелни услови. Во исто време изучувањето на правото, анализата и примената на теоретските принципи ќе се применуваат во контекстот на современата реалност на македонското општество, но и во пошироки европски и светски рамки. Ова е особено значајно за правосудниот систем, неговата трансформација и приближување кон европскиот правосуден систем;
- Студиите овозможуваат специјализирано изучување на современи правни феномени, состојби и односи. Студентите имаат можност за постојано научно и истражувачко истражување во оваа област, во квалитетни образовни услови, приспособени кон барањата, процесите, потребите и тенденциите на модерното право.

**Основни цели и очекувани исходи на трет циклус студии (докторски студии)**

Научен придонес

Програмите имаат за цел да ги подготват студентите да спроведуваат оригинални научни истражувања со висок степен на научен интегритет, кои ќе водат кон развивање на нови знаења и ќе ги поместуваат границите на постојното разбирање на правните науки. Овие резултати се валоризирани преку публикации во национални и меѓународни рецензирани списанија.

Критичка анализа и синтеза

Студентите ќе развијат способности за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи во областа на правото. Ова опфаќа компетенции за проценка на релевантноста и применливоста на различни правни концепти и решенија.

Професионален и академски развој

Програмите ги подготвуваат студентите да се промовираат во академски и професионални рамки, овозможувајќи им активно учество во технолошкиот, социјалниот и културниот развој на општеството базирано на знаење.

Етички и иновативен пристап

Студентите се оспособени да применуваат научни методологии, почитувајќи ги етичките стандарди. Нивниот придонес е насочен кон идентификување и решавање на спорни правни прашања преку иновативни и применливи решенија.

Мултидисциплинарност и интернационализација

Докторските студии ги подготвуваат студентите за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научна важност, притоа интегрирајќи мултидисциплинарни пристапи.

Примена на знаењето

Студентите ќе стекнат вештини за примена на напредно знаење од конкретната област во правото, како што се казненото право, граѓанското право, европското право или меѓународното право, во насока на придонес кон развојот на правосудниот систем и општествените потреби.

Комуникациски и истражувачки компетенции

Програмите поттикнуваат вештини за јасна и аргументирана презентација на научни сознанија, како и за активно учество во научни дискусии и објавување на истражувачките резултати според академските стандарди.

Содржината на студиските програми на Правниот факултет е внимателно осмислена и детално опишана, со цел да одговори на академските потреби и очекувањата на студентите. Секој предмет во рамките на програмите има јасно дефинирани цели и е усогласен со посакуваните резултати од учењето, што обезбедува академски и професионален развој на студентите. Програмите се структурирани така што им овозможуваат на студентите да развијат клучни академски вештини, како и преносливи вештини кои ќе го поддржат нивниот личен и професионален развој.

Во потврда на квалитетот и релевантноста на нашите програми, прикажуваме примери од рубриката „Мојот пат до успехот со УГД“, каде што наши студенти кои завршиле прв и втор циклус студии кај нас, успешно се вработени во државата, но и во земји како САД и држави од Европската Унија. Овие примери покажуваат дека стекнатото знаење и вештини се применливи и ценети и надвор од националните граници, што дополнително ја потврдува релевантноста на нашите студиски програми за глобалниот пазар на труд.
Мојот пат кон успехот со УГД - Никола Велков - Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Мартин Алексов - Правен факултет, насока Правни студии - Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Мојот пат кон успехот со УГД – Дејан Михајлов - UGD Life

**Серија успешни приказни на Фејсбук страницата на Правен факултет, објави од 16 мај 2021 година, линк до страница Facebook и линк до промотивно видео (Facebook)**

- Адвокат Симеон Рибарев
- стручен соработник во адвокатска канцеларија м-р Кристијан Јованов
- Лидија Давкова - истражител во истражниот центар на ОЈО во Скопје, инспектор за перење пари и други приноси од казниво дело
- Иван Буралиев - стручен соработник во адвокатска канцеларија во Струмица
- Анастазија Коцева - соработник за правни работи во ЈЗУ Центар за јавно здравје - Штип
- Петар Караџулески - адвокат во своја адвокатска канцеларија во Прилеп и студент на трет циклус студии по Граѓанско право на Правен факултет при УГД Штип
- Катица Шкариќ - адвокат во своја адвокатска канцеларија во Кочани
- Влатко Стојановски - помлад соработник во Управа за јавни приходи
- Маријана Рогожарска Поповска - стручен соработник и раководител на Централен регистар во Штип
- Горан Ѓорески - Соработник во Општина Битола - локална самоуправа
- Сања Саздова - референт во Шпаркасе банка АД Филијала Штип
- Наташа Донева - доцент на Правен факултет при УГД Штип
- Кристијан Панев - асистент на Правен факултет при УГД Штип
- Ана Панева - асистент на Правен факултет при УГД Штип
- Даниела Белиќ - Советник за управни работи во Министерство за внатрешни работи - Штип
- Илија Петров - судски соработник во Основен суд Кавадарци
- Катерина Русоманова - Стручен соработник во Министерство за финансии, Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Струмица

**Прилози:**
Прилог 2.2.А. Студиска програма „Правни студии“ (прв циклус на четиригодишни студии, 240 кредити ) pravni-studii.pdf
Прилог 2.2.Б. Студиска програма „Медиумски студии и односи со јавноста“ (прв циклус на тригодишни студии, 180 кредити) mediumski-studii.pdf
Прилог 2.2.В. Студиска програма „International law and international relations“ (first cycle three years studies, 180 credits) International-Law.pdf
Прилог 2.2.Г. Студиска програма „Јавна администрација“ (втор циклус на академски студии - постдипломски студии со 60 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2023/24) СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА - Јавна администрација, едногодишни.pdf
Прилог 2.2.Д. Студиска програма „Казнено право“ (втор циклус на академски студии - постдипломски студии со 60 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2023/24) СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА - Казнено право, едногодишни.pdf
Прилог 2.2.Ѓ. Студиска програма „Демократски институции и човекови права“ (втор циклус на академски студии - постдипломски студии со 60 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2023/24) СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА - Демократски институции и човекови права, едногодишни.pdf
Прилог 2.2.Е. Студиска програма „Деловно право“ (втор циклус на академски студии - постдипломски студии со 60 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2023/24) СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА - Деловно право, едногодишни.pdf
Прилог 2.2.Ж. Студиска програма „Граѓанско право“ (втор циклус на академски студии - постдипломски студии со 60 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2023/24) СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА - Граѓанско право, едногодишни.pdf
Прилог 2.2.З. Студиска програма „Меѓународно и европско право“ (втор циклус на академски студии - постдипломски студии со 60 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2023/24) СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА - Меѓународно и европско право, едногодишни.pdf
Прилог 2.2.S. Студиска програма „Граѓанско право“ (втор циклус на академски студии - постдипломски студии со 120 ЕКТС) gragansko_pravo_dvogodisni_studii.pdf
Прилог 2.2.И. Студиска програма на Правен факултет (втор циклус на академски студии - постдипломски студии со 120 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2017/18) pra_studiska_programa_2017_18-2-god.pdf
Прилог 2.2.Ј. Студиска програма на Правен факултет (втор циклус на академски студии - постдипломски студии со 60 ЕКТС,

| | |
|---|---|
| почнувајќи од студиската 2017/18) pra_studiska_programa_2017_18-1-god.pdf<br>Прилог 2.2.К. Студиска програма „Казнено право“ (трет циклус на академски студии - докторски студии со 180 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2022/23) КАЗНЕНО ПРАВО СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ.pdf<br>Прилог 2.2.Л. Студиска програма „Деловно право“ (трет циклус на академски студии - докторски студии со 180 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2022/23) Деловно право СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ.pdf<br>Прилог 2.2.Љ. Студиска програма „Граѓанско право“ (трет циклус на академски студии - докторски студии со 180 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2022/23) Граѓанско право СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ.pdf<br>Прилог 2.2.М. Студиска програма „Европско право и европски интеграции“ (трет циклус на академски студии - докторски студии со 180 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2022/23) Европско право и европски интеграции СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ.pdf<br>Прилог 2.2.Н. Студиска програма „Меѓународно право и меѓународни односи“ (трет циклус на академски студии - докторски студии со 180 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2022/23 СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА ТРЕТ ЦИКЛУС - Меѓународно право и меѓународни односи.pdf<br>Прилог 2.2.Њ. Студиска програма „Политички науки од областа на политички системи“ (трет циклус на академски студии - докторски студии со 180 ЕКТС, почнувајќи од студиската 2024/25 Политичките науки од областа на политичките системи.pdf | |
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештини кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество. Во рамките на индикаторот 2.2. веќе се посочени успешни приказни на нашите студенти. Во суштина најдобрите резултати се манифестираат преку вработувањето на дипломираните студенти на реномирани позиции во стопанството, јавниот и приватниот сектор. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |
| Студиските програми се изработуваат и ревидираат во согласност со препораките и придонесот на студентите и релевантните носители на интереси, со цел да се обезбеди нивна актуелност и применливост. Во овој процес активно учествуваат Одборот за доверба со јавност (Прилог 2.4.А, 2.4.Б), составен од претставници на деловната заедница, државни органи и други организации, како и студентите преку нивното членство во Наставно-научниот совет (ННС) (Прилог 2.4.В) и Сенатот на факултетот (Прилог 2.4.Г). Прибраните информации и препораки се систематски анализираат, а програмите се прилагодуваат согласно потребите на современото образование и професионалниот пазар. Овој пристап обезбедува ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност<br>Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма<br>Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС<br>Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат | |
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години;<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Во рамките на елаборатите за студиските програми за сите три циклуси на студии е содржан Прилог 3 кој претставува предметна програма дадена посебно за секој предвиден предмет во студиската програма (Прилог 2.5.А-2.5.Н). Во рамките на Прилог 3 се содржи точка 22 под наслов Литература. Во истата е наведена задолжителната и дополнителната литература за предметната програма. При реализирањето на предметната програма наставничкиот и соработничкиот кадар се придржува до литературата според елаборатите.
За студентите се обезбедени електронски учебници, достапни бесплатно во е-библиотека на УГД, каде автори се предметните наставници, линк Библиотека.
Исто така достапни им се и печатени учебници и книги од библиотеката на Правниот факултет, меѓу кои се наоѓаат и преводи на најпозната правна литература од реномирани светски универзитети.
Во најголем дел предметните програми од елаборатите се усогласени со предметните програми по кои се работи во наставниот процес.

**Прилози:**
Прилог 2.5.А. Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)
Прилог 2.5.Б. Предметни програми за студиска програма Правни студии, прв циклус студии
Прилог 2.5.В. Предметни програми за студиска програма Медиумски студии и односи со јавноста, прв циклус студии
Прилог 2.5.Г. Предметни програми за студиска програма International law and international relations, прв циклус
Прилог 2.5.Д. Предметни програми за студиска програма Граѓанско право, 120 ЕКТС, втор циклус студии
Прилог 2.5.Ѓ. Предметни програми за студиска програма Граѓанско право, 60 ЕКТС, втор циклус студии
Прилог 2.5.Е. Предметни програми за студиска програма Казнено право, 60 ЕКТС, втор циклус студии
Прилог 2.5.Ж. Предметни програми за студиска програма Деловно право, 60 ЕКТС, втор циклус студии
Прилог 2.5.З. Предметни програми за студиска програма Демократски институции и човекови права, 60 ЕКТС, втор циклус на студии
Прилог 2.5.Ѕ. Предметни програми за студиска програма Меѓународно и европско право, 60 ЕКТС, втор циклус на студии
Прилог 2.5.И. Предметни програми за студиска програма Јавна администрација, 60 ЕКТС, втор циклус на студии
Прилог 2.5.Ј. Предметна програма за студиска програма Граѓанско право, трет циклус на студии
Прилог 2.5.К. Предметна програма за студиска програма Казнено право, трет циклус на студии
Прилог 2.5.Л. Предметна програма за студиска програма Деловно право, трет циклус на студии
Прилог 2.5.Љ. Предметна програма за студиска програма Европско право и европски интеграции, трет циклус на студии
Прилог 2.5.М. Предметна програма за студиска програма Меѓународно право и меѓународни односи, трет циклус на студии
Прилог 2.5.Н. Предметна програма за студиска програма Политички системи, трет циклус на студии

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

**Студиската програма Правни студии прв циклус** е внимателно структурирана, така што обезбедува соодветно оптоварување на студентите, во согласност со европските стандарди за студиски програми. Вкупниот работен ангажман на студентите е распределен по различни компоненти, кои вклучуваат предавања, вежби, самостојна работа и практична настава. Студентите имаат предмети кои се различно вреднувани со кредити, вклучувајќи предмети со 4, 6 и 8 ЕКТС кредити. За предметите со 8 ЕКТС кредити, студентите се очекува да вложат околу 240-300 часа вкупно, што вклучува предавања, вежби и самостојна работа. Предметите со 6 ЕКТС кредити бараат околу 180-225 часа, додека за предметите со 4 ЕКТС кредити, студентите работат околу 120-150 часа. Овие бројки одговараат на вкупниот ангажман за совладување на материјалот, вклучувајќи ги сите видови активности и часови.
Практичната настава е клучен дел од студиската програма и е вклучена во сите семестри. Студентите учествуваат во судски посети, симулации на судски процеси, правни консултации и проекти кои се реализираат со правни институции и фирми. Овие практични активности им овозможуваат на студентите да ги применат теоретските знаења во реални ситуации и да стекнат искуства кои се неопходни за нивната иднина како

правници. Практичната настава не е само дополнителна компонента, туку е интегриран дел од програмата кој претставува 10 % од вкупното оптоварување на студентите.
**Медиумски студии и односи со јавноста**
Студиската програма е тригодишна, со вкупно 6 семестри и 180 ЕКТС. Во секој семестар студентите се оптоварени со вкупно 30 ECTS кредити, распоредени во 6 предмети, што е во согласност со стандардите на Болоњската декларација. Вкупното оптеретување изнесува 900 часа, со просечни 75 часа неделно, што вклучува предавања, вежби и самостојна работа. Часовите се распределени на теоретски предавања и практични вежби, кои заедно со домашните задачи ја поставуваат основата за понатамошниот развој на студентите. Во овој период, студентите се изложени на основни теоретски концепти и основни вештини, што бара висока концентрација и време за разбирање на основите на предметите. Практичната настава е клучен дел од програмата, со кредити кои се интегрирани во предметите со цел студентите да го применат стекнатото знаење во реални ситуации. Ова вклучува практични вежби, проектни активности и обуки, кои придонесуваат за околу 10–15 % од вкупниот број часови.
**International law and international relations (Меѓународно право и меѓународни односи)**
Вкупно кредити по година: Програмата носи 60 ЕКТС (европски кредити) годишно, што значи дека студентите завршуваат вкупно 180 ЕКТС по завршување на три години.
Вкупно часови по година: Секоја година вклучува 1800 часа, од кои 900 часа по семестар. Вкупно, за три години, студентите имаат 5400 часа.
Неделно оптеретување: Бидејќи секој семестар трае 12 недели, студентите имаат приближно 75 часа неделно (900 ÷ 12). Ова оптеретување вклучува предавања, вежби, лабораториски активности, индивидуална подготовка, практична работа и пишување на дипломска работа.
Практична настава и дипломска работа: Во шестиот семестар, студентите имаат 60 часа предвидени за практична настава (2 ЕКТС) и 180 часа за изработка на дипломска работа (6 ЕКТС).
**Студиски програми за втор циклус на студии, едногодишни (60 ЕКТС)**
Вкупно часови: 1800 часа (900 часа по семестар)
Процентуална застапеност: Задолжителните предмети се доминантни со 60 %, факултетските изборни покриваат 30 %, а универзитетските изборни предмети 10 %.
Изборноста е регулирана согласно член 99 од Законот за високо образование.
Магистерскиот труд носи од 10 до 12 ЕКТС зависно од студиската програма.
Студиски програми за втор циклус на студии, двогодишни (120 ЕКТС)
Вкупно часови: 3600 часа (900 часа по семестар)
Процентуална застапеност: Задолжителните предмети се доминантни со 60 %, факултетските изборни покриваат 30 %, а универзитетските изборни предмети 10 %.
Просечен број на предмети по семестар: 4 (освен IV семестар, кој е резервиран за магистерски труд)
Магистерскиот труд е во последниот семестар и носи 30 ЕКТС (900 часа).

**Студиски програми за трет циклус на студии (докторски студии)**
Програмата за трет циклус на студии - докторски студии е дизајнирана како шестсеместарска програма со вкупно **180 ЕКТС кредити**. Секој семестар носи **30 ЕКТС кредити**, што е во согласност со европскиот стандард за оптеретување од 60 кредити годишно. Првиот и вториот семестар содржи 2 задолжителни предмета (по 10 ЕКТС секој) и 2 изборни предмета (по 5 ЕКТС секој). Во третиот и четвртиот семестар акцентот е ставен на подготовка и реализација на истражувачки проекти (25 ЕКТС во третиот семестар), учество во образовен процес, меѓународна мобилност и објавување на трудови. Петтиот и шестиот семестар се фокусираат на изработка на докторскиот труд (20 ЕКТС) и јавна одбрана (10 ЕКТС). Се вклучуваат и обврски како учество на меѓународни собири и објавување на трудови.

**Прилози:**
Прилог 2.6.А. Извештај за реализирана практична настава – од е-индекс за реализирана пракса.

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страница каде се објавени наведените информации.[1] |

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| |
|---|
| На официјалната веб-страница на Правен факултет се објавени студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии. За секоја студиска програма објавено е и решението за почеток со работа и решението за акредитација добиено од Одбор за акредитација на РС Македонија.<br>Сите програми се објавени на македонски јазик, како јазик на изведување на програмата. Правен факултет има и една англиска програма за прв циклус студии која е објавена на англиски јазик.<br>Линк за прв циклус [Прв циклус]<br>Линк за втор циклус [Втор циклус]<br>Линк за трет циклус [Трет циклус] |
| **Прилози:**<br>/ |

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената, причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Во текот на 2022 година Правниот факултет отпочна постапка за реакредитација на дел од студиските програми за втор циклус на студии, едногодишни (60 ЕКТС) кои беа во примена претходните 5 години (од 2018 година до 2022). Реакредитација на претходните програми беше предложена со мали измени, повеќе од технички карактер, како што е промена на семестар во кој се наоѓа одреден предмет. Структурата на програмите не се промени во овој процес и остана воглавно истиот сооднос на предмети и кредити. Промена имаше во постојната листа на универзитетски предмети која во реакредитираните програми се замени со листа на факултетски предмети. На овој начин беа реакредитирани следниве студиски програми поради истек на рок за примена утврден со решение за акредитација:

1. Реакредитација на студиска програма Казнено право, едногодишни студии, втор циклус поднесена до ОА во 2022 година, акредитирана во 2023 година;
2. Реакредитација на студиска програма Граѓанско право, едногодишни студии, втор циклус поднесена до ОА во 2022 година, акредитирана во 2023 година;
3. Реакредитација на студиска програма Деловно право, едногодишни студии, втор циклус поднесена до ОА во 2022 година, акредитирана во 2023 година.

Во периодот од 2018 до 2022 година се применуваше студиска програма Европско право која во 2022 година претрпе измени во називот и во структурата и содржината на програмите, на начин што програмата не беше реакредитирана, туку се работеше за акредитација на нова студиска програма Меѓународно и европско право со 60 ЕКТС, со почеток на примена од учебната 2023/24.

Предмет на реакредитација не беа двогодишните студии (со 120 ЕКТС) за студиски програми кои беа акредитирани во периодот од 2018 до 2022, освен студиската програма Граѓанско право, двогодишни студии. Со тоа настана промена во понудата на Правниот факултет, со значително намалување на бројот на понудени студиски програми кои се двогодишни (со 120 ЕКТС). Причина за ова е промената и на самите студиски програми на прв циклус на студии, каде веќе подолг период за Правни студии се применува програма која е четиригодишна (со 240 ЕКТС). Тригодишните програми веќе подолг период не се активни и поради тоа не постои реална потреба за двогодишни студии на втор циклус со кои се заокружуваше (дооформување) образованието на студентите на правни студии.

**Прилози**
Прилог 2.8.А. Пример на евидентен лист од еден предмет

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

Во периодот од 2021 до 2024 година, на Правниот факултет се забележани вкупно 23 испишувања на студенти од

| |
|---|
| различни семестри на студии. Анализата на податоците покажува дека најголем дел од испишаните студенти (16) се од вториот семестар, што укажува на потенцијални предизвици во раната фаза од студиската програма. Дополнително, забележано е испишување на студенти и во подоцнежните семестри (трети, петти и шести), но со помал интензитет. Причините за испишување не се познати.<br>Во 2021/22 година се реализирале вкупно 177 предмети на сите студиски програми на прв циклус студии.<br>Во 2022/23 година се реализирале вкупно 132 предмети на сите студиски програми на прв циклус студии.<br>Во 2023/24 година се реализирале вкупно 131 предмет на сите студиски програми на прв циклус студии.<br>Во овие бројки се вклучени и дипломските трудови кои во 2021/22 се 35, во 2022/23 се 17 и во 2023/24 се 18. |
| **Прилози**<br>Прилог 2.9.А. Листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс) кои го напуштиле студирањето заедно со причината за напуштање на студиите<br>Прилог 2.9.Б. Листа на предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за секој циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет за прв циклус студии<br>Прилог 2.9.В. Листа на предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за секој циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет за втор и трет циклус студии<br>Прилог 2.9.Г. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени студенти, број на положени студенти, како и просечна оценка на положување за прв циклус студии<br>Прилог 2.9.Д. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени студенти, број на положени студенти, како и просечна оценка на положување за втор циклус<br>Прилог 2.9.Ѓ. дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2 |

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| **СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ** | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица.<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување квалитет во наставниот процес.<br>На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Правен факултет, како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет.<br>Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот Соопштенија, студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.<br>Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување | |

дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.
Понатаму, Универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.
Универзитетот Гоце Делчев - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20 % од финалната евалуација на студентите.
Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Факултетот, со исклучок за периодот по март 2020 година, како последица на пандемијата.

**Имено, класични форми на настава се**:

1. Предавања, вежби, практична настава, менторска настава, проектни активности, работа во групи, работа со меѓународни проекти кои се спроведуваат во предавална 1, свечената сала, судницата и тренинг центарот, опремени со ТВ за презентации.

Работата со проекти во кои многу често се вклучени и студенти во соработка со наставниот кадар, се одвиваат во тренинг центарот или Правната клиника во зависност од потребите на проектот.

**Прилози:**
/

| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
|---|---|

Универзитетот ја почитува различноста на студентите и нивните потреби и истото се гледа од различни нешта. Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со попреченост. Во случаи кога имаме запишано студенти со попреченост (студентот е во инвалидска количка, студентот е со слаба моторика или не е во можност писмено да се изразува, студентот има специфична здравствена состојба и слично), деканската управа ги известува наставниците и соработниците со цел да се прилагодат методите на наставата и процесот на проверка на знаењата спрема потребите на студентите.
Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на УГД Е-учење, инстанца на Moodle LMS платформата (https://moodle2.ugd.edu.mk), каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, имплементирање на квизови, како и задавање на домашни задачи. Дополнително, оваа платформа за секој предмет нуди форуми за дискусија, испраќање на соопштенија, автоматско оценување на квизовите, анкетирање на студентите и сл. Од секој аспект, Moodle платформата е корисна алатка која помага во комуникацијата студенти-професор, но и во инклузивноста и почитувањето на различноста на студентите.
На сите студиски програми се одржува наставата преку предавања. Предавањата се изведуваат во предавални опремени со современи телевизори кои се користат за изложување на презентациите на наставникот. Практичната настава се изведува преку активности кои ги организираат предметните професори во зависност од потребите на програмата.
Доколку на одредена студиска програма има мал број на запишани студенти (помалку од 5), наставата не се реализира со распоред на часови т. е. таа се реализира менторски. Така секој наставник, наставната програма од својот предмет ја изведува преку договор со студентот/студентите. Но, сепак и тогаш се користат предавалните, судницата, просториите на Правната клиника и тренинг центарот во зависност од специфичностите и потребите на наставниот предмет.
**3.2.1. Правни студии**

Изведувањето на наставата се врши генерално преку употреба на класичните методи и техники на реализирање на наставата, а за потребите на модерните трендови во образованието се користат и одредени иновативни методи кои се во функција на полесно осознавање на материјата. Зависно од специфичноста на секоја програма, во правните студии се користи концептот на „интерактивни лекции“, комбинирано учење (мешање на теоријата и практиката во осознавање на конкретна проблематика).
Правната клиника за бесплатна правна помош и Правната клиника по казнено право им овозможува на студентите преку клиничко образование да се стекнат со практични вештини. Преку клиничкото образование студентите имаат можност да остварат соработка со: судии, обвинители, адвокати, нотари, извршители и други чинители од пракса.

**3.2.2.Новинарство и односи со јавноста**

Користење на инфраструктура во радио, телевизија, објавување на статии од страна на студентите во соодветни печатени и електронски медиуми.

**3.2.3. Медиумски студии и односи со јавност**

Користење на инфраструктура во радио, телевизија, објавување на статии од страна на студентите во соодветни печатени и електронски медиуми.

**3.2.4. International Law and International Relations**

Комбинирано учење и работа во групи помеѓу домашни и странски студенти, практикување на меѓународното право на база на анализа на случаи од соодветните меѓународни судови.

**Прилози:**
Прилог 3.2.А. Распоред за сите студиски програми објавен на интернет линк pf-raspored-neparen-sem-2024-25.pdf

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Наставата на Правниот факултет е базирана на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот, со цел стекнување на нови знаења, но и развој на практични вештини и компетенции на студентите.
Во наставата се вклучени и предавачи-стручњаци од практиката, кои исто така ги запознаваат студентите со примената на теоријата во практиката вклучувајќи и нови методи на учење. Дополнително, надвор од редовната настава, наши студенти учествуваа во интерни проекти како и платена пракса.
Заради ковид-19 пандемијата и ублажување на последиците од истата, воедно и придржувајќи се и постапувајќи по препораките издадени од Министерството за здравство и Министерството за образование, во учебната 2021/2022 година, наставата се одвиваше во целост, преку апликацијата на Microsoft Teams. Со комбиниран начин на одржување на наставата (онлајн + физичко присуство), Правниот факултет започна во непарен семестар, во учебната 2022/2023. Започнувајќи од парниот семестар во учебната 2022/2023, наставата на Правниот факултет започна да се изведува во целост со физичко присуство.
Апликацијата Microsoft Teams беше користена како примарен ресурс во одржувањето на наставата во текот на ковид-19 пандемијата. Истата овозможува интерактивен пристап во одржувањето на наставата и снимање на одржаните предавања и задавање на проектни активности. Дополнително, дел од наставниците ги искористија погодностите на е-учење платформата (УГД Е-учење) и снимија, односно прикачија voice over PowerPoint презентации. Како технички проблеми при одржувањето на онлајн наставата можеме да ги наведеме проблемите со конекцијата, брзината на интернетот и пад на системот во случај на поголем број вклучени хостови, односно студенти.
На сите наставни програми од прв и втор циклус на студии наставата за време на пандемијата се реализираше онлајн, преку користење на Microsoft Teams, секоја насока имаше група преку која следеше предавање и вежби.
Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип постојано се стреми кон адаптација на методите за изведување на наставата, обезбедувајќи интерактивен и студентски ориентиран пристап. Овој пристап има за цел да ги развие вештините и компетенциите на студентите, додека истовремено се користат современи методи

како интердисциплинарен пристап, студии на случај (case study) и учење базирано на проекти, соодветно приспособени на циклусот на студии.
Покрај редовната настава, Универзитетот обезбедува дополнителни активности кои го поддржуваат овој индикатор:
Организирање на практична настава од областа на граѓанското, кривичното, деловното право, меѓународното право, политичките студии, новинарство и односи со јавноста (предавачи: судии, обвинители, адвокати, нотари, извршители, новинари, професори надвор од државата) каде студентите се запознаваат со актуелни теми преку интеракција со реномирани експерти од областа. Студентите учествуваат и во други наставни и воннаставни активности, преку коишто го следат наставно-образовниот процес и стекнуваат соодветни знаења.
Организирање на семинари и циклуси на предавања, кои се одржуваат во рамки на проектни активности предводени од професорите.
**Меѓууниверзитетска соработка**, која овозможува гостувачки предавачи и вклучување на студентите во меѓународни академски дискусии.
Овие активности ја збогатуваат студиската програма, обезбедувајќи практична примена на стекнатите знаења и развој на критичкото размислување на студентите. На овој начин, Универзитетот создава поддржувачка академска средина, насочена кон подготвување на студентите за професионални предизвици.

**Прилози:**
Прилог 3.3.А. Линк до вест за организирање мастер клас по антикорупциско право Мастер клас по антикорупциско право
Прилог 3.3.Б. Линк до вест за циклус онлајн предавања со меѓународна соработка Циклус на онлајн предавања по одржливост и право
Прилог 3.3.В. Линк до вест за вклучени експерти Студентите на Правен факултет се запознаа со пресуди од областа на договорното право
Прилог 3.3.Г. Линк до вест за одржување на семинар за студентите на УГД во рамки на проект Жан Моне Seminar EU e-Health Law
Прилог 3.3.Д. Линк до вест за одржување обука на студентите од Правните клиники на УГД - Јакнење на знаењата на идните правници во Северна Македонија за обезбедување бесплатна правна помош (организиран од Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје во рамките на проектот „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош (БПП) во Северна Македонија“ којшто е дел од заедничката програма на ЕУ и Совет на Европа „Хоризонталниот инструмент III за Западен Балкан и Турција“ , Правен факултет, УГД, 16 декември 2024.

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.5.А) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување“ (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум 7 поени и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

| | |
|---|---|
| Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:<br>- 10 (A) - изнесува 91 - 100 бода,<br>- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,<br>- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,<br>- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,<br>- 6 (E) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.<br>Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.<br>Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.<br>Студентите се оценуваат вербално, усно, писмено преку претходно креирана скала на успех прифатена и имплементирана на сите наставни програми. Успехот на студентите се оценува и преку структурирано и континуирано набљудување на развојот на студентот. Вреднувањето се пресметува генерално согласно системот на оценување прифатен на УГД и тука да се внесат поените до 51 оценка 5, од 51 до 61 оцена 6, од 61 до 70 оцена 7 од 71 до 80 оцена 8 од 81 до 90 оцена 9 и од 91 до 100 оцена 10. Услов за потпис и полагање на завршен испит, 60 % успех од сите форми на наставни и други активности. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.4.А. Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми (од елаборатите (точка 18 и 19) во прилог 3). | |
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:<br>Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;<br>Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;<br>Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.5.А-3.5.Д);<br>Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Ѓ);<br>Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Е);<br>Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Ж);<br>Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.З);<br>Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѕ);<br>Во предметните програми на секој предмет.<br>Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб-страницата на Универзитетот. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии<br>Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти<br>Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Г. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Д. Правилник за специјализации и суспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за затворање на пријави во е-индекс<br>Прилог 3.5.Е. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Ж. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд<br>Прилог 3.5.З. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело<br>Прилог 3.5.Ѕ. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години |

| | |
|---|---|
| студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Испитите се спроведуваат усно или писмено во зависност од начинот кој го избрал професорот. По одржување на испитот (ако е спроведен усно) студентот се известува за оцената. Ако студентот полага писмено преку иновативниот пристап на е-индекс, добива информации за испитот. Доколку студентот не е задоволен може да преполага за повисока оцена.
На барање на студентот (со образложение) може да се формира комисија за полагање на испитот. Комисиско полагање на испит постои и кога предметот го спроведуваат повеќе професори.
Преку Тимс, професорот може да направи брз тест, да ги тестира студентите за предадениот материјал пред да започне со ново предавање.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:
Законот за високото образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94;
Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34;
Етички кодекс на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.А);
План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б).

Исто така, Универзитетот има дефинирано:
За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)
Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20).
Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/ 20).
Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.

Факултетот нема ниту една пријава за корупција и ниту една жалба од студенти во периодот за кој се врши самоевалуацијата.

**Прилози:**
Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22
Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22
Прилог 3.7.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |

Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, 3.5.А-3.5.Г). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.
Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:

- Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)
- Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)
- Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)
- Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).

Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:

- Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)
- Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)
- Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/).

**Прилози**
/

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите;<br>Доказ дека системот е функционален. |

**Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на кој било факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) можат сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г) или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д)), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).
Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.
Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и

| | |
|---|---|
| датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти<br>Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар<br>Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА<br>Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)<br>Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)<br>Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018 | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање;<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години. |
| На Универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.<br>Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).<br>По завршување на размената, продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за Е-индекс за реализација на активностите на студентот во системот за Е-индекс.<br>На Единицата, во периодот на самоевалуација, двајца студенти искористиле Еразмус+ мобилност (Прилог 4.3.Г). Исто така, во периодот на самоевалуација, седум студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Прилог 4.3.Д). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во Универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмски партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи<br>Прилог 4.3.Г. Листа на студенти кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години<br>Прилог 4.3.Д. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнататa квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома. |
| Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).<br>Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на | |

дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.
Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.
Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности,(dr.sc,PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.
Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на диплomата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ги реализира студиите доколку е различен од установата кој ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.
Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).
Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).
Прилог 4.4.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4.

**Прилози:**

Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018

Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома

Прилог 4.4.В. Транскрипт на оценки

Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4

## Стандард 5 - Наставен кадар

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Високообразовната установа обезбедува компетентен и висококвалитетен наставен кадар согласно потребите на Факултетот и согласно законските и подзаконските прописи во државата. Потребата за нов наставен кадар потекнува од катедрата, со назначување на областите и предметите каде ќе се ангажира наставниот кадар. Квалификациите на наставниот кадар соодветствуваат на профилот и концептот на студиите како и со предвидените предметни програми. Биографиите на наставниот кадар ги опфаќаат нивните академски звања, завршени студии на трите циклуси и нивната научноистражувачка работа, што ја потврдува нивната компетентност и подготвеност за предавање на сите циклуси на студии (Прилог 5.1.А). Прегледот на наставните предмети од Прилог 5.1.В ја потврдува континуираната ангажираност на наставниот кадар во реализација на студиските програми на сите циклуси на студии. Податоците покажуваат дека секој наставник изведувал настава на предмети кои се целосно усогласени со нивните академски квалификации и експертиза.
Табелата ја опфаќа изведбата на наставата во последните три академски години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024), со детални информации за предметите, кредитираните ЕКТС единици, како и структурата на часовите (предавања, вежби, и менторска работа). Предметите се систематски прикажани по азбучен ред на презимињата на наставниот кадар, овозможувајќи транспарентност во анализата.
Во периодот на самоевалуацијата на Правниот факултет се ангажирани 18 наставници и 2 асистенти. Пред завршувањето на Извештајот за самоевалуација, крајот на 2024 година, на Правен факултет се вработува уште еден вонреден професор. Дополнително, во периодот на самоевалуација Правен факултет има ангажирано 5 наставници во насловни звања.
Од постојано вработените наставници во моментот на завршување на Извештајот за самоевалуација како доценти се вработени 1 професор, како вонредни професори се вработени 4 професори и како редовни професори се вработени 14 професори.

**Прилози:**
Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Прилог 4 (со информации за последните три години
Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет (во прилог линк од одлуките за избор во звање https://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/359-linkovi-i-odluki-za-posleden-izbor-vo-zvanje )
Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Високообразовната установа демонстрира активна научноистражувачка работа преку објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните пет години. Овие трудови, групирани по категории согласно законските одредби (чл. 2 т. 21 од Законот за високото образование), претставуваат значителен придонес во развојот на студиските програми и соодветните научни области.

Прегледот на бројот на објавени трудови за последните пет години покажува:
- Доследност и квалитет во научноистражувачката продукција на наставниот кадар;

- Релевантност на трудовите за наставните предмети што кадарот ги изведува;
- Интегритет во научната работа бидејќи сите трудови се објавени во референтни научни списанија и платформи.

Листата на објавени трудови е претставена по азбучен ред на презимињата на наставниците, вклучувајќи наслови на трудовите, категории на публикациите, како и линкови до трудовите за поголема транспарентност. Севкупниот број трудови укажува на високо ниво на научноистражувачки ангажман на институцијата.

Оваа научна продукција не само што го унапредува квалитетот на студиите, туку и ја зголемува видливоста и угледот на институцијата во академската заедница на национално и меѓународно ниво. Научноистражувачката активност е директно поврзана со иновативниот пристап во наставата, обезбедувајќи современи и релевантни содржини за студентите. Дополнително, меѓународната соработка во дел од објавените трудови ја истакнува посветеноста на установата кон глобалниот развој на науката и образованието. Од анализата може да се заклучи дека најголем број трудови се објавуваат во областите на граѓанското право, кривичното право, уставното право и човековите права. Темите поврзани со дигитализацијата и нејзиното влијание врз правото се сè повеќе застапени, што укажува на зголемен интерес кај истражувачите за модернизација на правниот систем. Дополнително, европската интеграција и хармонизацијата на домашното законодавство со правото на Европската Унија остануваат значајна истражувачка тема.

Анализата на објавените научни трудови на наставниот кадар покажува дека постои значителна разлика во нивото на истражувачка продуктивност меѓу професорите. Додека дел од наставниот кадар демонстрира високо ниво на активност со редовно објавување на трудови во референтни научни публикации, кај други се забележува намалена продуктивност, сведена на минимално учество во научноистражувачката работа. Оваа состојба укажува на можност за дополнителни мерки со цел поттикнување и поддршка на сите членови на наставниот кадар во нивните истражувачки активности.

**Прилози:**

Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО
Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]; <br> Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години; <br> Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо); <br> Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Факултетот доследно ги почитува законските одредби при донесувањето на одлуките за покриеност на наставата на сите три циклуси на студии. Согласно приложените документи, распоредот на работни задачи и наставни активности е утврден согласно релевантните одредби од Законот за високо образование, при што се обезбедува балансираност на оптоварувањето на наставниот кадар.

Важно е да се истакне дека одредени предмети се изборни, што значи дека нивната реализација зависи од изборот на студентите. Во случаите кога студентите не го избираат модулот или предметот, наставниот кадар обезбедува консултации, а наставата не се изведува во целост. Ова укажува на флексибилност и ефикасно користење на ресурсите, истовремено почитувајќи ги потребите на студентите.

Со ваквиот пристап, Факултетот обезбедува квалитетна реализација на наставата на сите три циклуси и ги исполнува законските и академските стандарди.

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Дополнително, Универзитетот има донесено Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.Г) и истата се однесува за зголемен ангажман во наставата.

**Прилози:**
Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии)
Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)
Прилог 5.3.В. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години. На УГД овој прилог треба да се покрие со евидентните листови од настава, но тоа е премногу обемна работа и прашање е дали сите професори ги чуваат
Прилог 5.3.Г. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно-научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години);<br>Линк до Билтен во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.1.Г) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати.

Од приложените податоци се гледа дека:
1. Наставниот кадар е избран во согласност со критериумите утврдени во релевантните документи, како што се законите, правилниците и универзитетските одлуки.
2. Сите процеси на вработување и избор се транспарентно објавени преку официјални канали, како што се универзитетските билтени, овозможувајќи јавна проверка на одлуките.
3. Објавените податоци укажуваат на тоа дека кај предметите и модулите за кои било потребно вработување или избор, одлуките се донесени со почитување на академските стандарди.

Според приложените податоци, во сите конкурси се пријавил по еден кандидат, кој бил избран. Нема одбиени кандидати, ниту противкандидати.

**Прилози:**
Прилог 5.4.А.Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години
Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/ студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој се регулира покрај другото и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар.

Факултетот има развиено систематски пристап кон обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Наставниот кадар располага со современа информатичка опрема која вклучува персонални компјутери (21 број), преносни компјутери (17 броја), принтери и фотокопири, како и различни софтверски решенија за аудиовизуелно и тонско снимање, заштита на сведоци и автоматско распределување на предмети (АКМИС). Оваа опрема овозможува поддршка на студиските програми и нивно доближување до практиката, што е од клучно значење за квалитетот на наставата.

Покрај соодветната опрема, установата обезбедува и просторни услови кои вклучуваат предавални, амфитеатри и специјализирани простории како што се кабинети за менторска и индивидуална настава, судници и читални. Просторот е дизајниран за ефикасна и флексибилна настава, со заедничка вкупна површина од 948 m². Ова овозможува наставниот кадар да има пристап до модерни и функционални услови за својата работа, но овозможува и подготовка на студентски активности од типот на симулирани судења и слично.

**Прилози**

Прилог 5.5.А. Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата
Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање). Табелата се креира доколку ваква опрема е обезбедена во последните 3 години
Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата
Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини. Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар;<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А. Правниот факултет нема финансирано обуки за наставниот кадар за периодот на самоевалуација. Мал дел од наставниот кадар имаат учествувано на обуки кои се финансирани од други учесници. Но, најголемиот дел од наставниот кадар, повеќе од 80 %, немале ниту една обука или тренинг во периодот на самоевалуацијата.

**Прилози**

Прилог 5.6.А. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма
Прилог 5.6.Б. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Во периодот на самоевалуација Правен факултет бележи одржани предавања на вкупно 51 предавач кој претставува професор од друг универзитет, надвор од државата или афирмиран научник или стручњак од земјата и странство. Факултетот воспостави практика на ангажирање визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство, со цел да ја збогати реализацијата на студиските програми. Овие ангажмани се ад-хок и се изведуваат во рамките на одредени активности како што се гостински предавања, работилници, конференции и тематски дебати. Иако ваквиот ангажман не е континуиран, тој претставува значаен придонес за академската и практичната вредност на студиските програми.
Ангажираните гости се еминентни професионалци со релевантен профил за областа што ја покриваат,

обезбедувајќи додадена вредност преку нивното искуство и експертиза. Нивниот придонес помага во обезбедувањето актуелни знаења, меѓународна перспектива и практични вештини за студентите, што е особено значајно за нивната иднина како професионалци.
Одржаните предавања се во рамките на потребите на студиските програми, што произлегува и од насловите на предавањата и од афилијациите на предавачите. Истите се од големо значење за остварување додадена вредност на студиската програма. Од афилијациите на предавачите воочлив е баланс меѓу научните профили и практиката, што само придонесува кон остварувањето на овој индикатор. Практиката која Правен факултет ја има воспоставено е овие предавања да се инкорпорираат во реализацијата на наставните програми преку наставните професори, со вклучување пред сѐ на студентите кои го слушаат тој наставен предмет во тековниот семестар. Но, додадена вредност е и отвореноста на предавањата и за сите останати заинтересирани, што се согледува од начинот на кој се споделуваат известувањата за предавањата.
Во текот на последните три години Правниот факултет нема ангажирано наставници, научници и стручњаци во форма на редовен ангажман, преку распределба на конкретни предмети за вакви предавачи кои доаѓаат надвор од институцијата. Во принцип установата не располага со средства за ваков ангажман, па воспоставената практика за гости предавачи е оправдана и го задоволува овој стандард.

**Прилози**
Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години. Табелата вклучува тип на ангажман, област/предмет и период на ангажман;
Прилог 5.7.Б. Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми во Europass формат. Биографиите на ангажираните лица од странство да бидат на англиски јазик.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

На универзитетско ниво, воспоставен е фонд за научноистражувачка работа кој обезбедува финансиска поддршка за наставниот кадар и соработниците. Овој фонд овозможува покривање на трошоци за учество на релевантни научни конференции и објавување трудови во престижни бази на податоци, со што се поттикнува научната продуктивност и се обезбедува висока видливост на истражувањата. Дополнително, на универзитетско ниво воспоставен е систем на наградување (доделување награди и признанија и одреден паричен износ) со цел стимулирање на наставниците за објавување научни трудови во релевантни научни списанија и бази на податоци (Scopus и Web of Science).
На ниво на факултет, наставниците и соработниците се активно вклучени во научноистражувачки проекти, како координатори или како учесници. Во рамките на овие проекти, посебен акцент се става на интернационализацијата, преку соработка со институции и истражувачи од странство. Резултатите од истражувањата се интегрираат во наставата и се споделуваат со студентите преку организирање на семинари, тркалезни маси, циклуси предавања и други активности, со цел да се обезбеди постојана поврзаност помеѓу наставата и најновите научни сознанија.
Студентите, исто така, се активно вклучени во научноистражувачкиот процес. Тие учествуваат како дел од проектните тимови и се вклучени во различни истражувачки активности, како што се дебати, симулации на судски процеси (мут кортови), изработка на истражувачки трудови и сл. Овие активности придонесуваат за развој на нивните аналитички и истражувачки вештини и овозможуваат практична примена на стекнатите знаења.
Оваа поврзаност помеѓу наставата и науката обезбедува квалитетно образование и создава платформа за континуиран професионален и академски развој.

**Прилози:**
Прилог 5.8.1 Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците
Прилог 5.8.2 Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на УГД
Прилог 5.8.3 Листа на проекти во кои учествуваат наставници, соработници и студенти на Правен факултет

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Во контекст на високообразовната установа која поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии, Правниот факултет има значителен напредок во примена на современи технологии и наставни методи. Користењето на платформи како што се Microsoft Teams и Moodle за е-учење значително го олеснува процесот на настава и учење, овозможувајќи достапност до материјали и интеракција помеѓу наставниците и студентите, како и организација на онлајн предавања и дискусии.

Симулативните судења се важен дел од процесот на практично учење, што овозможува студентите да ги развијат своите вештини во реални услови, што е важен аспект на иновациите во наставата. Ова ги поттикнува студентите да ги применат теоретските знаења во практични ситуации, што е клучно за развојот на нивните професионални способности.

Иако Факултетот не нуди систематски обуки за наставниот кадар, важен елемент на иновацијата е тоа што наставниците сами се мотивирани да го надградуваат своето знаење и вештини преку самостојно учество на обуки и семинари кои се релевантни за нивната наставна работа. Ова укажува на желба за напредок и усогласување со најновите трендови во образованието.

Во делот на истражувањата, се поврзуваат новите образовни методи со образованието на Правниот факултет, иако не во најголем обем. Сепак, со оглед на специфичноста на правните студии, истражувањата се фокусираат на развој на методологии кои можат да се применат во наставата и учењето на правни дисциплини.

Опремените училници и судницата претставуваат значајни ресурси кои ја поддржуваат имплементацијата на иновации во наставниот процес и обезбедуваат соодветна инфраструктура за успешна примена на новите наставни методи.

Со оглед на овие аспекти, Правниот факултет покажува дека активно се поттикнуваат иновации во наставните методи и во користењето на нови технологии, со потенцијал за дополнителен напредок во систематизација на обуките за наставниот кадар и проширување на истражувањата поврзани со иновациите во образованието.

**Прилози:**
/

| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5 % од објавените публикации во последните три години). |
|---|---|

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во Правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците / учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД”.

Редовна проверка на учебниците / учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма, каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијаризмот: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25 %.

Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува“.

Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма.

Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција

Секој учебник/учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијатизам, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори.

Проверката за плагијатизам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот
Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk)

Проверката за плагијатизам на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.

Правниот факултет објавува меѓународно научно списание Balkan Social Science Review кое е индексирано во релевантни бази. Проверката на плагијатизам е задолжителна за секој примен труд. Истата се врши преку бази кои им се достапни на уредниците за бесплатна проверка. Списанието ги користи следниве бази
Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција
Plagiarism Checker | 100% Free and Accurate - Duplichecker

| | |
|---|---|
| Free Online Plagiarism Checker - Check Plagiarism<br>Уредниците на основ на извештајот од проверката на плагијатизам донесуваат одлука за понатамошно постапување со предложениот труд. Практиката е да се одбиваат трудови со процент на сличност од над 20 %. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип Универзитетски гласник број 60, 98-107<br>Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, 108-112<br>Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, 113-130<br>Прилог 5.10.4. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД | |
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа;<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.<br>Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на тимови од вработените.<br>Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.2.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.2.2024, со цел подигање на нивото на научноистражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да можат да бидат индексирани во различни бази.<br>Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.11.А. ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип<br>Прилог 5.11.Б. ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 5.11.В. ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, со важност од 29.2.2024<br>Прилог 5.11.Г. Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.2.2024<br>Прилог 5.11.Д. ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 5.11.Ѓ. ПРОГРАМА за наука, 2024 година | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

| |
|---|
| Во контекст на исполнувањето на индикаторот 5.12, Правниот факултет активно се фокусира на истражувања кои се релевантни за локалните, регионалните и националните развојни цели, како и за социо-економскиот и културниот контекст. Истражувањата кои се спроведуваат на Факултетот се насочени кон решавање на актуелни проблеми во правниот систем и општеството, како и кон подобрување на правосудството и правата на човекот.<br>Истражувањата на Факултетот, како што се правните студии на актуелни правни проблеми, реформи во правниот систем или правните аспекти на економски и социјални прашања, се насочени кон постигнување на развојни цели како што се правична правда, економска стабилност и одржлив развој. Овие истражувања имаат директна врска со потребите на локалните и националните заедници и играат важна улога во развојот на правните и социјалните политики.<br>Иако Факултетот спроведува значајни истражувања поврзани со развојните цели, моментално не постои формален систем за мониторинг на ефектите од овие истражувања врз локалните, регионалните или националните развојни цели. |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.12.А. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5 |

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години;<br>Финансиски извештаи од претходните три години;<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа). |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.

Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А), а динамиката на вкупниот буџет на Универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.

Процентуалната застапеност на различните извори на финансирање во буџетот на УГД за периодот 2021-2024, согласно податоците од Прилог 6.1.А, ја покажува следната динамика во структурата на буџетот.

***1. Средства од МОН***

- **2021 година**: Средствата од Министерството за образование и наука (МОН) сочинуваат 45,63 % од вкупниот буџет, што го прави најголемиот извор на финансирање.
- **2022 година**: Овој процент благо опаѓа на 45,35 %, но сѐ уште останува доминантен.
- **2023 година**: Делот од МОН изнесува 44,03 %, што е најнискиот удел во текот на анализираниот период.
- **2024 година**: Средствата од МОН се зголемуваат на 47,04 %, што е највисока застапеност во периодот.

***2. Сопствени приходи (уплати од студенти)***

- **2021 година**: Средствата од студентски уплати учествуваат со 39,14 % во буџетот.
- **2022 година**: Процентот се намалува на 37,59 %.
- **2023 година**: Забележано е благо зголемување на 38,03 %.
- **2024 година**: Делот на студентски уплати повторно опаѓа на 36,90 %.

***3. Научни проекти***

- **2021 година**: Научните проекти имаат удел од 4,50 % во вкупниот буџет.
- **2022 година**: Овој процент расте на 6,03 %.
- **2023 година**: Уделот се зголемува на 6,13 %, што е највисоко ниво за овој период.
- **2024 година**: Процентот паѓа на 5,33 %.

***4. Апликативни проекти***

- **2021 година**: Средствата од апликативни проекти изнесуваат 10,70 % од буџетот.
- **2022 година**: Процентот се зголемува на 11,02 %.
- **2023 година**: Делот од апликативните проекти расте на 11,79 %, што е највисока застапеност.
- **2024 година**: Процентуалната застапеност благо опаѓа на 10,71 %.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.

Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).

Во периодот 2021-2024 година, процентуалната застапеност на средствата од Министерството за образование и наука (МОН) во вкупниот буџет на УГД покажува релативна стабилност, со минимални варијации. Ова може да се спореди со претходниот период (2019-2021) за да се утврди дали има раст или намалување.

1. **2021 година**: Средствата од МОН изнесуваат 45,63 % од вкупниот буџет.
2. **2022 година**: Процентуалната застапеност благо опаѓа на 45,35 %.
3. **2023 година**: Средствата од МОН дополнително се намалуваат на 44,03 %.
4. **2024 година** (до октомври): Процентот се зголемува на 47,04 %, што претставува највисок удел за овој период.

Во периодот на претходната самоевалуација (2019-2021), процентуалната застапеност на средствата од МОН е:

- **2019 година**: 46,00 %
- **2020 година**: 47,00 %
- **2021 година**: 45,63 %

Ова покажува дека во 2021 година процентот е во благ пад во споредба со 2019 и 2020 година.Во периодот 2019-2021, процентуалната застапеност на средствата од МОН е стабилна, со мало намалување од 47 % во 2020 година на 45,63 % во 2021 година.

Во периодот 2021-2024, средствата од МОН покажуваат варијации. Иако во 2022 и 2023 година процентот благо опаѓа, во 2024 година има значителен раст на 47,04 %, со што се враќаат на ниво блиску до 2020 година.

При споредба со претходниот период (2019-2021), средствата од МОН како процент од буџетот **покажуваат стабилност со минимални варијации**. Додека има благо намалување во 2021-2023 година, растот во 2024 година ја надоместува оваа промена, што укажува на генерално задржување на нивото на финансирање од МОН.

**Средства од сопствени приходи**

Средствата од сопствени приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.

Во периодот 2021-2024 година, процентуалната застапеност на средствата од сопствени приходи (уплати од студенти) во буџетот на УГД покажува благо опаѓање, што може да се согледа при споредба со претходниот период (2019-2021).

1. **2021 година**: Средствата од сопствени приходи учествуваат со 39,14 % во вкупниот буџет.
2. **2022 година**: Процентуалната застапеност опаѓа на 37,59 %.
3. **2023 година**: Средствата од сопствени приходи изнесуваат 38,03 %, што претставува благо зголемување во споредба со 2022 година.
4. **2024 година** (до октомври): Процентот дополнително опаѓа на 36,90 %.

Во претходната самоевалуација (2019-2021), процентуалната застапеност на сопствени приходи е:

- **2019 година**: 39,00 %
- **2020 година**: 38,00 %
- **2021 година**: 39,14 %

Во периодот 2019-2021, процентот на сопствени приходи е релативно стабилен, со мали варијации околу 38-39 %. Во периодот 2021-2024, започнува со 39,14 % во 2021 година, што е во линија со претходниот просек, но потоа бележи опаѓање во 2022 и 2024 година, со само мало зголемување во 2023 година. Во споредба со претходниот период (2019-2021), средствата од сопствени приходи како процент од буџетот **се намалуваат** во периодот 2021-2024. Ова опаѓање е особено изразено во 2022 и 2024 година. Трендот може да укажува на намалување на бројот на уплати од студенти или на промени во структурата на буџетот, при што други извори на финансирање имаат поголемо учество.

**Средства од научни проекти**

Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средства кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.

Зголемувањето и стабилноста во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напори на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа.

Во периодот 2021-2024 година, процентуалната застапеност на средствата од научни проекти во буџетот на УГД покажува варијации, при што се забележува следново:

1. **2021 година**: Средствата од научни проекти изнесуваат 4,50 % од вкупниот буџет.
2. **2022 година**: Процентот се зголемува на 6,03 %, што претставува раст во делот на финансирање научни проекти.
3. **2023 година**: Средствата се зголемуваат на 6,13 %, што е благо подобрување.
4. **2024 година** (до октомври): Се забележува пад на процентот на 5,33 %.

За трите целосни години (2021-2023), просекот на средства од научни проекти е 5,55 %, што покажува тренд на умерен раст во споредба со почетната година (2021).

Во периодот 2019-2021 процентот на средства од научни проекти е следен:

- **2019 година**: 6,00 %
- **2020 година**: 6,00 %
- **2021 година**: 4,50 %

Ова покажува дека процентот на средства за научни проекти е значително повисок во 2019 и 2020 година, но опаѓа во 2021. Во периодот 2021-2024 има умерено стабилизирање и раст во 2022 и 2023, но и пад во 2024 година. Во периодот 2021-2024, средствата за научни проекти се зголемувале во споредба со 2021 година, но не го достигнале нивото на 2019 и 2020 година. Севкупно, во споредба со претходната самоевалуација (2019-2021), има тренд на раст во делот на научни проекти, но истиот не е конзистентен, особено со падот во 2024 година.

**Средства од апликативни проекти**

За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.

Во периодот 2021-2024 година, процентуалната застапеност на средствата од апликативни проекти во буџетот на УГД покажува варијации и динамика што може да се анализираат во контекст на претходниот период (2019-2021).

1. **2021 година**: Средствата од апликативни проекти изнесуваат 10,70 % од вкупниот буџет.
2. **2022 година**: Овој процент се зголемува на 11,02 %, што укажува на раст.
3. **2023 година**: Процентуалната застапеност дополнително расте на 11,79 %, што претставува највисок удел за овој период.
4. **2024 година** (до октомври): Забележан е пад на процентот на 10,71 %, што е речиси идентично со 2021 година.

Во претходниот период (2019-2021), процентуалната застапеност на средствата од апликативни проекти е:

- **2019 година**: 9,00 %
- **2020 година**: 9,00 %
- **2021 година**: 10,70 %

Ова покажува дека во 2021 година веќе има раст во споредба со 2019 и 2020 година. Во периодот 2022 и 2023, средствата за апликативни проекти продолжуваат да растат, достигнувајќи врв во 2023 година, по што следи благо опаѓање во 2024 година. Средствата од апликативни проекти во периодот 2021-2024 покажуваат генерално **позитивен тренд на раст** во споредба со претходниот период (2019-2021). Од 9 % во 2019 и 2020 година, процентот значително расте во 2021 година и достигнува највисока точка во 2023 година. Сепак, податоците за 2024 година (до октомври) покажуваат благо намалување, што може да се објасни со недовршени финансиски циклуси. Ова укажува на стабилен и зголемен фокус на апликативните проекти во буџетските приоритети на УГД.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен |

| | |
|---|---|
| вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*

Факултетот располага со вкупен простор од 948 $m^2$, 2 амфитеатри со вкупна површина од 288 $m^2$ и капацитет од 175 седишта, кои се во сопственост на Универзитетот. Наставната програма се одвива во 1 предавална која има вкупна површина од 70 $m^2$ и вкупен капацитет од 56 седишта. Факултетот располага со 9 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 200 $m^2$ и капацитет од 30 седишта.

*Судница*

Наставно-научниот процес се одвива во 1 судница со вкупна површина од 120 $m^2$ и 70 седишта за изведување симулирани судења, предавања и вежби.

*Студентски прашања*

Факултетот има студентски прашања со површина од вкупно 20 $m^2$.

Списокот на простории со површина со кои располага Факултетот е даден во прилог 6.2.1.

*Видови на опрема*

Факултетот располага со разновидна и современа опрема и наставни средства што овозможуваат квалитетна реализација на наставно-образовниот процес, поддршка на административните активности и организација на симулирани судења и други активности.

Техничка опрема:

ЛЦД телевизори: Факултетот располага со 3 LG 42" телевизори, користени за презентации и наставни активности.

Принтери: Вкупно 5 принтери од различни производители се достапни за наставниот кадар и администрацијата.

Персонални компјутери: 21 компјутер FSC ESPRIMO P5720 е во употреба за наставниот кадар и административните потреби.

Преносни компјутери (лаптопи): Факултетот има 17 HP/FS лаптопи за поддршка на мобилноста на наставниот кадар и администрацијата.

Циско ИП телефони: За комуникација, Факултетот користи 21 уред модел 7911G.

Сервер: IBM System x3400 M3 се користи за управување со административни и наставни процеси.

Опрема за настава:

LCD проектори: Два проектора, OPTOMA EP 727 и подвижен LCD проектор, се користат за презентации и аудиовизуелна настава.

Звучници и аудиовизуелна опрема: Факултетот располага со звучници SKAJTRONIK, камера DJI OSMO, DJI Pocket 2 Creator Combo и Ipad за интерактивна и аудиовизуелна настава.

Видеоконференциски уред: Polycom HDX 7000 со камера и звучници за реализација на онлајн настава и конференции.

Софтверска поддршка: Факултетот располага со софтвер за аудиовизуелно и тонско снимање со 5 камери и 12 микрофони, софтвер за заштита на сведоци и АКМИС систем за автоматско распределување на предмети.

Останата опрема:

Фотокопири и печатачи: Два фотокопира и три печатачи се достапни за потребите на наставниот кадар, администрацијата и студентите.

Скенери: Три скенери за администрација и наставни цели.

Оваа опрема го поддржува наставниот и административниот процес, обезбедувајќи современи технички услови за квалитетна реализација на сите активности.

*Библиотечен фонд*

Предвидената задолжителна и дополнителна литература дадена во предметните програми (Прилог бр. 3) е обезбедена од страна на предметните наставници и соодветствува со член 8 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.103/2010). Оваа литература се наоѓа во:

- Библиотеката на Факултетот и
- Електронската платформа, Е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Дел од литературата која се користи е и стручната литература преведена и дистрибуирана од страна на Владата на Република Северна Македонија за предметните програми каде истата постои. Освен ова, како дополнителна литература е предложена и литература на странски јазик од реномирани универзитети.

УГД располага со книжен фонд од над 120 000 книги распоредени низ библиотеките по Кампусите на Универзитетот. Освен во печатена форма студентите можат да ги користат и електронските изданија на универзитетски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) кои се депонирани во електронската библиотека на УГД. За секој

факултет има посебен пристап кон е-библиотеката на УГД, а во моментот на поднесување на овој елаборат за акредитација има вкупно 848 наслови издадени од академскиот персонал на Универзитетот.
Универзитетската библиотека ги собира на едно место изданијата на сите факултети и придружни институти кои функционираат во состав на Универзитетот. Сите важни изданија, учебници, учебни помагала и стручни прирачници се достапни за оние кои имаат најголема потреба од нив, студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“. Универзитетската библиотека во моментов располага со повеќе од 120 000 книги од областа на природните, општествените и техничките науки, интересни наслови од областите математика, астрономија, геодезија, физика, хемија, геологија, палеонтологија, биологија, ботаника, зоологија, голем број на речници, енциклопедии и магистерски трудови. Во секој Кампус на УГД постои библиотека која е во склопот на Универзитетската библиотека. Одделението за библиотечно работење се состои од 9 вработени, 8 библиотекари и еден библиотекар раководител на Универзитетската библиотека.
Е-библиотката на УГД е студентски сервис за брзо точно, мултимедијално и бесплатно користење на задолжителна и дополнителна литература. Започнувајќи од 2012 година е-библиотеката на УГД во континуитет се збогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите факултети на Универзитетот. Од неодамна УГД за своите студенти овозможи многу поедноставна и интерактивна апликација, преку која со лесна навигација се пристапува до електронски библиотечен фонд, неопходен за квалитетно студирање. Најавувањето во е-библиотеката на УГД, освен од системот на УГД, може да се оствари исто така и со корисничко име од социјалните мрежи на Facebook и Google. Link: https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
УГД обзбедува слободен пристап за корисници од мрежата на Универзитетот со најава во заштитениот дел на ИНТРАНЕТ УГД, до неколку познати научни бази на податоци како што се: Adri, Agora, Emerald, EbscoHost, Hinary, Cengage Learning, Intech, Eifl, Teel, Spie Digital Library, како и до неколку познати е-библиотеки сите достапни со регистрација со корисничко име и лозинка од Универзитетот на линкот
https://e-lib.ugd.edu.mk/link1.php

*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://lipovdol-fs.ugd.edu.mk/
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/kalendar-vodic-prv-ciklus-2021.pdf

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот
http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd

- како и настава поддржана со Microsoft Teams.

**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење и
- многу други активности и функционалности кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Факултетот е прикажан во прилог 6.2.4.

**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1084 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 445 810 корисници, а од регистрираните корисници направени се 554 492

симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 12.12.2024 година).
Вкупниот број на објавени учебници и учебни помагала во е-библиотеката, дадено по години 2021-2024 прикажан е во прилогот 6.2.5.
Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на Факултетот е
Библиотека
**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата. Во прилогот 6.2.6 е прикажан бројот на издадени студентски е-пошти за студенти на прв, втор и трет циклус студии за Факултетот.

**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство). Е-распоредот е достапен на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
pf-raspored-neparen-sem-2024-25.pdf е линкот за пристап до распоредот за Правен факултет.
**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД и е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможија на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на Универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.
Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23 181* содржина, достапни на линкот (* прочитано на ден 12.12.2024 година).
http://eprints.ugd.edu.mk/
Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18 379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4802 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1000 нови наслови.
Правен факултет има депонирано 1497 наслови во е-репозиториумот достапни на линкот Browse by Year where Division is "Faculty of Law" - UGD Academic Repository

**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:
- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;
- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);
- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Факултетот, вкупно 54 за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење се прикажани во прилог 6.2.7.
Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб-страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк

Sign In (ugd.edu.mk)

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб-страната на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:
- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf

**Настава подржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со ковид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот универзитет. При крајот на пандемијата Универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за.учење на далечина. Прилог 6.2.8 Креирани тимови во Microsoft Teams.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*

Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби не е обезбеден пристап до објектите. Не се обезбедени посебни места во предавалните за лица со посебни потреби. Услови кои Факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби дадени се во прилог 6.2.9.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*

Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (Прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научноистражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.

**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.

**Сектор за ИКТ**, Секторот за информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот, е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т. е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.

**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено

користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени.

**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршка на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис-заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.

Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и:
Одделение за системска и мрежна администрација;
Одделение за средства и техничка поддршка;
Одделение за проектирање и одржување;
Центар за трансфер на технологии.
Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани прикажано на органограмот во прилог 1.

**Прилози**
Прилог 6.2.А. Список на простории со површина со кои располага факултетот
Прилог 6.2.Б. Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност
Прилог 6.2.В. Список на информатичко-технички ресурси (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност
Прилог 6.2.Г. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Правен факултет
Прилог 6.2.Д. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека 2021-2024
Прилог 6.2.Ѓ. Број на издадени студентски кориснички сметки
Прилог 6.2.Е. Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Правен факултет на прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење
Прилог 6.2.Ж. Креирани тимови во Microsoft Teams
Прилог 6.2.З. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/ административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Факултетот во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 7 лица, од кои 5 лица извршуваат административни работи, а 2 лица извршуваат помошно-технички работи.

Факултетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 5 лица за извршување на административните работи, од кои 3 се магистри, 2 се со висока стручна спрема. Исто така, има ангажирано и 2 лица за извршување на помошно-техничките работи, од кои 1 е со високо образование и 1 е со средна стручна

спрема (Прилог 6.3.А). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата во Ректоратот, а само 5 се распоредени на Факултетот.

Листата на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите во Прилог 6.3.Б.

**Прилози**

Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024

Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите од сите циклуси на студии активно се вклучени во голем број научноистражувачки проекти домашни од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии во периодот на евалуација е прикажана во прилог 6.4.А.

Процентот на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии е прикажан во прилог 6.4.Б.

**Прилози:**

Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проекти од сите циклуси на студии

Прилог 6.4.Б. Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб-локација
https://ckr.ugd.edu.mk/

Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:

- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html

Услуги на Одделот за кариера при УГД:

- Кариерно истражување и олеснување при донесување одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, Релевантно работно искуство од полето на интерес;
- Искуство од учење коешто ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите;
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот;
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство коешто го бараат работодавците;
- Поконкурентни на пазарот на трудот;

- Зајакнување на сопственото резиме/CV; Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на пракса по дипломирањето;
- Вмрежување и создавање на професионални контакти; Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

Бројот на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевауацијата е даден во прилогот 6.5.А.

**Прилози:**
Прилог 6.5.А. Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевалуација

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб-локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17 000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област можат да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:
- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.
Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420).
Статутот на УГД е достапен на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf
Учеството на студентите во органите на високообразовната установа е дадено во прилог 6.7.А.
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во прилог 6.7.Б, а извештај од последните

спроведени избори во прилог 6.7.В.
Одлуката за избор на студентски правобранител односно негов заменик е прикажана во прилог 6.7.Г.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени следниве активности:
*Реализација на спортски активности*
- Организација на еднодневни планинарски тури на Водно за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на еднодневни тури на Попова Шапка за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на куглање во куглана во Скопје за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
*Учество на УГД тим во улични трки*
- Wizz air маратон, октомври 2022 година – 50 учесници од УГД (студенти и вработени), од кои 6 учесници во полумаратонската трка.
- Улична трка во Кавадарци – Кавадаречки полумаратон, 12 март 2023 г. при што 28 учесници, студенти и вработени на УГД учествуваа на трките на 5 км и 10 км.
- Авицена женска трка – организирана на 9 април 2023 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Авицена женска трка – организирана на 7 април 2024 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Поетска трка во Струга – организирана на 21 мај 2023 година на која на трките на 5 км и 10 км учествуваа 15 вработени на УГД.
*Планинарски тури организирани и поддржани од страна на УГД*
- Планинарска тура во Берово во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ – Штип и Планинарско друштво - Берово, организирана на 30 октомври 2022 година. На турата учествуваа 115 студенти и вработени на УГД.
- Еднодневна тура на Попова Шапка, организирана на 3 март 2023 година. Учествуваа 25 студенти на УГД кои имаа можност да се вклучат во различни зимски спортови.
- Планинарска тура во Михаилово – Кавадарци, организирана на 2 април 2023 година во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ - Штип и планинари од Кавадарци. На турата учествуваа 60 студенти и вработени на УГД.
- Планинарската тура на Плачковица, организирана во рамките на Outdoor festival „Ја сакам Плачковица“ во организација на ПД „Лисец“. Турата се реализираше на 9 јули 2023 година и на истата учествуваа повеќе од 20 студенти и вработени на УГД.
- Планинарски тури на Водно – организирани во рамките на наставата по Спорт и рекреација. Во истите учествуваа студенти од сите години од сите факултети на УГД. Истите се организираат еднаш во месецот во текот на летниот и зимскиот семестар.
*Универзитетски спортски лиги на УГД*
- Традиционално, по тринаесетти пат, во рамките на одбележувањето на патрониот празник на УГД се организираа Универзитетските спортски лиги за студенти на УГД. Во рамките на истите беа организирани натпревари во одбојка (мажи и жени), футсал (мажи) и пинг-понг. Во истите учествуваа повеќе од 150 студенти од сите факултети на УГД.
Дополнително, за вторпат беше организирана Планинарска тура која се реализираше во Михаилово - Кавадарци.
За најдобрите учесници во сите категории, од страна на УСКЦ беа обезбедени соодветни награди.
*Државни универзитетски спортски лиги*
- Како член на Универзитетската спортска федерација, во периодот од декември 2021 до мај 2023 година, студенти и екипи на УГД учествуваа во државни универзитетски натпревари во одбојка, футсал, кошарка, ракомет, куглање, стрелање и шах, организирани од Универзитетската спортска федерација на Македонија. Околу 50 студенти на различни факултети на УГД ги претставуваат екипите на УГД во различни спортови. Притоа, екипите на УГД освоија трето место во кошарка (мажи), трето место во ракомет (жени и мажи) и индивидуално трето место мажи во куглање.
- По неколку години пауза, УГД беше домаќин на дел од натпреварите во универзитетските државни лиги, како и домаќин на финалните натпревари во одбојка.
*Други активности*
- Во септември 2022 година, УГД во соработка со ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и ISHSN мрежата беа организатори на Работилница со наслов „Одржливи универзитетски спортски кампуси“.
• Како резултат од овој настан, подготвена е книга под наслов „Planning and Managing Sport, Recreation and Health in Higher Education: Sustainable Practices for a Sustainable Future“, која е во коедиција на ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во истата, професори од УГД се јавуваат како коедитори, автори и рецензенти.

*Учество на меѓународни проекти за спорт*
- Во рамките на програмата Еразмус+ спорт, претставници на УСКЦ учествуваа во бројни настани и активности организирани во рамките на проектите BeValueR reload, Tennis clubs for dual careers, Meaningfulness in youth sport и Balkans Fit. Во рамките на истите беа вклучени спортисти и тренери од машката и женска одбојкарска екипа, карате екипа, Боречки клуб „Киро Ристов“ – Штип, Тениски клуб „Астибо“ – Штип, Тениски клуб „Нет“ – Струмица, како и студенти и вработени на УГД во рамките на проектот Balkans Fit. Во рамките на меѓународните состаноци, УГД и членовите на УСКЦ беа домаќини на професори, тренери и спортски работници од Норвешка, Канада, Шкотска, Ирска, Бугарија, Словенија, Романија и Грција.
- Почнувајќи од август 2023 година, УГД е дел од два нови Еразмус спорт проекти:
Champions of Inclusion and Diversity using Meaningful Physical Education in Primary Schools (CHAMS- INC-MPE) и проектот Gem Set Equality (GSE).
- Првиот проект CHAMS- INC-MPE се однесува на подобрување на компетенциите на студентите – идни наставници и наставниците во тандем наставата за реализација на физичкото образование во основното образование. Во истиот покрај УГД, како проектни партнери се универзитети од Ирска, Канада, Норвешка, Шпанија и Данска.
- Вториот проект Gem Set Equality е билатерален проект меѓу Македонија и Бугарија кој работи на креирање на тренинг програма за подобрување на компетенциите на жени тренери и креирање програми за привлекување на девојчиња во спортот.
*Поддршка за настани и студенти*
- Поддршка на спортисти – студенти преку стипендии;
- Поддршка на студенти – бруцоши преку наградни ваучери;
- Учество на Европско универзитетско првенство за боречки спортови (карате). Под организација на EUSA и FISU, УГД учествуваше на Европско универзитетско првенство за боречки спортови, во спорт карате, дисциплина борби.
**Факултетот** исто така одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти кои се дадени во прилог 6.7.Д.

**Прилози**
Прилог 6.7.А. Одлука од ННС за учество на студенти во работата на ННС на единицата
Прилог 6.7.Б. Одлука за избор на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.В. Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.Г. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик
Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на факултетот

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страница. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентните начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности можат да се проследат на веб-локацијата
https://coj.ugd.edu.mk/index.html
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб-страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година и е транспарентно објавен на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб-локацијата
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се:
- Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/
- Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)
- Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)
студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.
**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб-страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани Правен факултет - вести

и во делот за соопштенија достапни на веб-локацијата Соопштенија
Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб-страницата на Факултетот
Студиски програми
Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:
Информатори за студирање за секоја академска година се споделуваат со студентите во печатена форма.
Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД (1046 наслови)
https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
Е-репозиториум на УГД содржи над 22 320 содржини публикувани трудови, книги, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД
http://eprints.ugd.edu.mk/

**Прилози:**
Прилог 6.8.А. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6

## Стандард 7- Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации;<br>Акт за регулирање (доколку е применливо);<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевалуација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/** во Листа на информации од јавен карактер.<br>Во рамките на секоја самоевалуација се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма.<br>Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.<br>Податоците од електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и ги вклучуваат: клучните показатели на успехот, профилот на студентската популација, напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите, степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите, ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот. |

| | |
|---|---|
| податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | |

Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.
Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрвин Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.
Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на Комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.
Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и Универзитетскиот сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.
Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во прилог 7.2.В.

**7.2. Информациите кои се прибираат и нивната анализа**

Успехот на студентите од прв циклус во академската 2023/24 година може да се смета за задоволителен, со просечна оценка од 8.59, што покажува солидна академска подготовка и посветеност. Сепак, податоците за отпишувањето на студентите се особено значајни за дополнителна анализа.

Отпишувањето на студентите во истиот период изнесува речиси 1 %, што е релативно ниско и укажува на стабилност во задржувањето на студентите. Ова може да се толкува како резултат на ефективни образовни практики, академска поддршка, како и релативно добра социјална и економска средина за студентите.

**За втор циклус (магистерски студии):**

- Средниот успех на магистрираните студенти изнесува околу **8,8**, со забелешка дека постои можност за статистичка грешка поради недовршено усогласување на системот.
- Бројот на запишани студенти изнесува **687**, додека бројот на магистрирани студенти е **254**.

**За трет циклус (докторски студии):**

- Вкупно запишани студенти на трет циклус се 23 и тоа, 3 запишани во 2015/16 год., 13 запишани 2023/24 и 7 запишани 2023/24 год.
- Во однос на полот, 13 студенти се од машки пол, додека 10 се од женски пол.
- Досега на Правниот факултет **нема регистрирани случаи на отпишување** на студентите од трет циклус.
- Степенот на задоволство од студиските програми и наставниот кадар се мери преку **анонимни евалуации од студентите**, каде што секој професор и предмет добива оценка базирана на студентските перцепции.

***Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот***

1. **Евалуации од студентите:**

Студентите редовно пополнуваат тајни анкети на крајот од секој семестар за оценување на професорите и предметите. Овие анкети се користат како основа за подобрување на квалитетот на наставата.

2. **Учеството на вработените:**

Наставниот кадар е директно вклучен во анализа на резултатите од евалуациите и во планирање активности за подобрување на наставниот процес. На пример, врз основа на повратни информации се организираат работилници за професионален развој.

3. **Информативни сесии:**

Се организираат сесии за студентите каде што ги споделуваат своите искуства и предлози за подобрување на студиските програми, како дел од процесот за постојано унапредување на квалитетот.

***Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот***

1. **Подобрување на програми:**

Резултатите од евалуациите и анализите на успесите и отпишувањата доведоа до ажурирање на некои предмети, како и воведување нови наставни методи за одредени студиски програми.

2. **Планирање на ресурси:**

Податоците за бројот на запишани и магистрирани студенти се користат за подобро распределување на ресурсите, како што се библиотеките и дигиталните алатки.

3. **Кариера на дипломираните студенти:**

Следењето на успехот на дипломираните студенти помогна при формирање нови партнерства со правни канцеларии и институции за вработување.

**Вклучување на странски студенти:**

- Правниот факултет активно работи на привлекување на студенти од странство, пред сè од Турција, преку обезбедување достапност на информации за студиските програми на повеќе јазици.

**Превод на веб-страницата:**

- Официјалната веб-страница на Факултетот е преведена на **англиски** и **турски јазик**, со цел да обезбеди лесен пристап до информации за студиските програми, критериумите за запишување и активностите на факултетот за потенцијалните странски студенти.
- Оваа иницијатива значително придонесе за зголемување на бројот на студенти од Турција и други држави, со што се збогатува културната и академската разноликост на Факултетот.

Со ваквиот пристап, Правниот факултет ги исполнува барањата за собирање и анализа на податоците, вклучувајќи ги студентите и вработените како активни учесници во процесот за подобрување на квалитетот на образованието.

Извор: податоци добиени од референтите на студентски прашања за прв, втор и трет циклус на студии на Правен факултет - Штип.

**Прилози:**
Прилог 7.2.А. Одлука за избор на Комисија за самоевалуација на единицата
Прилог 7.2.Б. Одлука за избор на студенти членови на ННС
Прилог 7.2.В. Извештај за структурата на студентите за учебната 2021-2024

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

| | |
|---|---|
| се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | |

На универзитетската веб-страница и на факултетската веб-страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат и сл.), а на истите може да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.
Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб-порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).
Факултетот да напише за свои значајни настани и активности – дел се покриени во Годишниот извештај за работата на деканот. Веб-страница на Правен факултет: https://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/
Дополнително настаните редовно се објавуваат на социјалните медиуми кои се особено следени од помлада публика (пред сѐ студенти). Пр. ФБ профил на Правен факултет https://www.facebook.com/pravenfaxugd
Проекти и иницијативи

- Координација на проектот „Strengthening the Criminal Justice Sector in the Republic of North Macedonia through Improved Legal Education“ (2023-2024):
- - Проект поддржан од IDLO, насочен кон зајакнување на кривично-правниот сектор преку клиничка правна едукација во соработка со пет правни факултети.
- Strengthening the Rule of Law and Human Rights in North Macedonia III“:

Проект на ОБСЕ Мисијата во Скопје, насочен кон промоција на владеењето на правото и заштита на човековите права.

- COST Action CA22128 „ImpleMendez“:
- Создавање мрежи за имплементација на принципите за ефективно интервјуирање при истраги.
- COST Action CA23103 „BlueRights“: Учество во акцијата „Life, Liberty and Health“, насочена кон заштита на човековите права на морските простори.
- COST Innovators Grant „Протокол за квалитет на услуги за поддршка на семејства во Европа“: Учество како претставник во Националната работна група на Северна Македонија. Проектот трае од 1 ноември 2023 до 31 октомври 2024 година и е насочен кон културно информиран модел за професионална пракса.
- Учество во меѓународниот проект „Overview and Comparative Study of the State of Play of Anti-Racism Policies and Measures in the EU Acceding Beneficiaries“:

Поддржан од Европската Унија и Советот на Европа, дел од акцијата „Promoting Equality and Combating Racism and Intolerance in the Western Balkans“.

- Евалуатор за проект „Hungary and the Western Balkans“:

Евалуација за Националната канцеларија за истражување, развој и иновации на Унгарија (ID 146585).

- Академски координатор и учесник во проект Project-2023-1-MK01-KA171-HED-0000135620 (2023-2025): Проект во рамките на Еразмус+ програмата за мобилност на професори помеѓу програмски и партнерски земји, со акцент на соработката со Босна и Херцеговина.
- Истражувач во проект PICTURES (Project: 101140185 — ERASMUS-EDU-2023-PI-ALL-INNO): Фокус на иновации и дигитализација во високото образование.

Членства и иницијативи за меѓународна соработка

Членство во COST Actions:

- CA23114 „Regaining Linkage?“ – Ко-лидер на работната група за истражувачки методи и член на Управувачкиот комитет.
- CA22165 „Redressing Radical Polarisation“ – Член на Управувачкиот комитет за справување со дигиталната радикализација и поларизација.

Иницијативи за зачленување во меѓународни асоцијации:

- Ректорски форум на земјите од Југоисточна Европа и Западен Балкан (септември 2024 г.). Асоцијација на Универзитетите од Јонско-Јадранскиот Регион „УНИАДРИОН“ (мај 2023 г.).
- Приклучување во Европската универзитетска алијанса „ACE2_EU“: Активности насочени кон интегрирање на УГД во оваа значајна академска мрежа.

Еразмус спогодби

Иницирани и потпишани Еразмус спогодби со:

- Правен факултет, Универзитет у Источно Сарајево, Република Српска, БиХ.
- Faculty of Law, University of Vienna, Австрија.
- Faculty of Law, within the West University of Timişoara, Романија.
- American University of Ras Al Khaimah, OAE.

Образовни и советодавни активности

- Факултетски академски координатор за Еразмус+ мобилност:

Координација на мобилноста на студенти и наставен кадар во рамките на Еразмус+ програмата.

| |
|---|
| - Членство во Советодавниот одбор на Шилеровиот меѓународен универзитет, Хајделберг<br>Натпревари и образовни активности<br>- Менторство на тим за Moot Court натпревар „Branko Marinkovic“ (април 2024):<br>Ментор на студентите кои учествуваа во симулирано судење според постапката на ЕСЧП и Европската конвенција за човекови права, организиран од Правниот факултет во Ниш. Тимот освои второ место на натпреварот.<br><br>Извор - Извештај на декан за работа на Правен факултет |
| **Прилози:**<br>Прилог 7.3.А. Листа на значајни настани и активности |

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практика за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).

Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.

Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.

Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.

За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.

Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.

Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво

(Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.

Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.

Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб-сервисите на Универзитетот и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.

Прилог 7.4.В дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7.

**Прилози:**

Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци

Прилог 7.4.Б. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести

https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/

Главните настани кои се случуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести

https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/

УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно и лесно достапни и на следните социјални мрежи:

https://www.facebook.com/ugdstip
https://www.instagram.com/ugdstip/
https://www.youtube.com/user/UGDSTIP
https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA
Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весникот „Студентско ехо“ се публикуваат и онлајн на следната веб-локација
https://coj.ugd.edu.mk/eho.html
Главните настани кои се одржуваат на Правен факултет се достапни на веб-страница на Правен факултет на локација за вести
https://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti
Правен факултет редовно објавува податоци за своите активности, освен објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно и лесно достапни и на следните социјални мрежи:
https://www.facebook.com/share/HC9Z7a7J4mbSKUrM/?mibextid=wwXIfr
https://www.instagram.com/faculty_of_law_ugd?igsh=MXJlZzA0YjhndGV4cw==

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти, како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот; 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година; 8. Завршна сметка; 9. Годишен извештај; 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
statuti-fakulteti.pdf

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
Прв циклус на студии - Прв циклус на студии
Втор циклус на студии - Втор циклус на студии
Трет циклус на студии - Трет циклус на студии

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 118
Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 430
Универзитетски гласник број 36, страна 433
Универзитетски гласник број 37, страна 42
Универзитетски гласник број 38, страна 8
Универзитетски гласник број 38, страна 68

Универзитетски гласник број 39, страна 10
Универзитетски гласник број 39, страна 13
Универзитетски гласник број 39, страна 22
Универзитетски гласник број 39, страна 25
Универзитетски гласник број 39, страна 79
Универзитетски гласник број 43, страна 80
Универзитетски гласник број 49, страна 13
Универзитетски гласник број 49, страна 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf.

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, 516-528
Универзитетски гласник број 43, 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, 20-34
Универзитетски гласник број 48, 23-31
Универзитетски гласник број 49, 40-42
Универзитетски гласник број 51, 9-24
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со Законот за изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, 71-80
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование
Универзитетски гласник број 54, 25-35
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 55, 10-11
Универзитетски гласник број 58, 14-15
Универзитетски гласник број 59, 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, стр 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
https://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/359-linkovi-i-odluki-za-posleden-izbor-vo-zvanje

7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година;
pf-raspored-neparen-sem-2024-25.pdf

8. Завршна сметка;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf

9. Годишен извештај;
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf

10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

| |
|---|
| 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br><br>13. Етичкиот кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf/ |
| **Прилози:**<br>/ |

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб-страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб-страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Преку Школата за докторски студии при УГД се објавуваат сите информации кои се однесуваат на докторските студии на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>Пред одбрана на секоја докторска дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштенија на веб-локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации можат да се проследат на линковите<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/<br>https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/<br>Резултатите од научноистражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.3.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8 | |

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и призната. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Тројца студенти од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип учествувале во програми за академска мобилност. Еден од нив, со број на индекс 072484, реализирал мобилност на Универзитетот во Сплит во периодот од 28 февруари 2022 до 5 јули 2022 година.<br>Во академската 2024/2025 година, двајца студенти со броеви на индекси 072730 и 072773 учествуваат во мобилност на Universitat de Valencia во Шпанија во периодот од 09.2024 до 02.2025<br>Сите се студенти на прв циклус на студии - правни студии.<br>Процентот на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти изнесува 0.3 % (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или | |

| | |
|---|---|
| конкретни примери).<br>Вреднувањето и признавањето на мобилноста на студентите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се врши согласно Правилникот за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити (ECTS) на Универзитетот.<br>Студентите кои учествуваат во програми за академска мобилност поднесуваат Договор за учење пред почетокот на мобилноста. На овој начин се обезбедува компатибилност на предметите што студентот ќе ги следи на партнерската институција со студиската програма на УГД.<br>По завршување на мобилноста, Факултетот врши вреднување на постигнатите резултати преку анализа на Transcript of Records (Транскрипт на оценки) издаден од странската институција. Оцените и кредитите се пренесуваат согласно стандардите на ECTS системот и се евидентираат во досието на студентот, обезбедувајќи признавање на стекнатите академски обврски.<br>Оваа практика гарантира фер и транспарентно вреднување на мобилноста, овозможувајќи студентите непречено да продолжат со студиите по враќањето на УГД.<br>Студентите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ имаат можности за учество во програми за академска мобилност, што им овозможува да престојуваат на партнерски универзитети во странство. Студенти имаат можности за мобилност на универзитети во странство, што е дел од нивната академска и професионална експанзија. Мобилноста на студентите е соодветно вреднувана и призната согласно Европскиот систем за пренос и акумулација на кредити (ECTS), што гарантира признание на постигнатите резултати и непречено продолжување на студиите по враќањето на Универзитетот. Конкретните досегашни искуства го потврдуваат тоа. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+<br>Прилог 9.1.Б. Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ECTS | |
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн.). |
| Во Стратегијата за работа на „Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.9.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик.<br>Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.<br><br>На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2023-2025 година<br>Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+ | |
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски | Преглед на планирани и искористени финансиски средства |

| | |
|---|---|
| ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

| Број и наслов на проект, програма | Период | Улога (COO, BEN, AE, OTHER) | Сума (вкупно) | Учесници од Правен факултет |
|---|---|---|---|---|
| NewWaves<br>EACEA.B Creativity, Citizens EU values and joint operations | 09.03.2023- | BEN | 733.053€ | Проф. д-р Страшко Стојановски<br>Вонр. проф. д-р Јорданка Галева |
| 785-CS" Strengthening quality news and independent journalism in the Western Balkans and Turkey II | 01.01.2023-30.01.2026 | BEN | 30.660 | Проф. д-р Страшко Стојановски<br>Вонр. проф. д-р Јорданка Галева<br>Ас. Кристијан Панев |
| New European Borderlands Network<br>611891-EPP-1-2019-1-HU-EPPJMO-NETWORK | 14.09.2019<br>13.09.2022 | BEN | 372.163 | Проф. д-р Олга Кошевалиска<br>Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска |
| Migration and Asylum policies systems<br>599856-EPP-1-2028-1-IT-EPPJMO-Network | 01.09.2018<br>31.08.2021 | BEN | 300.000 | Проф. д-р Олга Кошевалиска<br>Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска |
| 2024-1-MK01-KA171-HED-000215055<br>Еразмус +2021-2027,Клучна акција KA171HED – Меѓународна кредитна мобилност во високото образование | 31.07.2024<br>31.07.2026 | BEN | 15.410 € | проф. д-р Марија Амповска академски координатор<br>проф. д-р Кристина Мишева – учесник<br>проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска – учесник |
| Breaking Barriers: Portraits of Women in Investigative Journalism | 20.05.2024<br>20.12.2024 | BEN | 9.600 GBP | Асистент Кристијан Панев |
| EU E-Health Law and North Macedonia: From Current practice to implementation<br>621268-EPP-1-2020-1-MK-EPPJMO-PROJECT | 01.09.2020-31.08.2022 | COO | 74.600€ | Проф. д-р Кристина Мишева - проектен и академски координатор;<br>Проф. д-р Марија Амповска - член на тимот;<br>Асистент Кристијан Панев |
| KA171-HED - Mobility of higher education students and staff supported by external policy funds, 2023-1-MK01-KA171-HED-000135620 | 01 август 2023 - 31 јули 2025 | BE | 3600 EUR | Проф. д-р Марија Амповска, академски координатор и учесник |

Дополнително од 2023/24 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противредност. Така за учебната 2022/23 год. 20 наставници и соработници користеле средства од овој фонд. Биле одобрени вкупно 615 000 ден. од кои 504 084 ден. биле искористени. Во 2023/2024 год. 7 наставници и соработници користеле средства од овој фонд. Биле одобрени вкупно 215 250 ден. од кои 130 364 ден. биле искористени.

Во изминатите три години, Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" активно учествуваше во меѓународни проекти, демонстрирајќи силна посветеност на интернационализацијата и академската соработка. Финансирањето

главно беше обезбедено преку разни програми на Европската Унија и независни фондации, што овозможи реализација на значајни истражувачки и образовни иницијативи.
Овие проекти го зајакнаа капацитетот на Факултетот за академска размена, подобрување на наставните програми и зголемување на видливоста на установата на меѓународната сцена. Покрај тоа, активностите ја покажаа важноста на мултидисциплинарниот пристап и поттикнаа соработка со други европски и глобални институции, дополнително унапредувајќи го квалитетот на образованието и истражувањата.

**Прилози:**
Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

**Листа на договори за  соработка**
- Државен универзитет „Шота Руставели“, Батум, Грузија и Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- Технички универзитет во Рига, Латвија и Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- Меѓународна школа за економија и администрација (IESA), Париз, Франција и Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- Универзитет во Печ, Унгарија и Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- Батумски државен универзитет „Шота Руставели“, Факултет за право, Грузија и Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- Универзитет во Дебрецин, Унгарија и Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- Политехнички институт во Беја, Португалија и Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- Универзитет за економија во Краков, Полска и Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
- Меморандум за соработка помеѓу Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип и Здружение за културен и едукативен развој „Младински Борд“, Штип.
- Меморандум за соработка помеѓу Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип и Пословниот и Правниот факултет, Универзитет „МБ“, Белград, Р Србија.
- Меморандум за соработка помеѓу Општина Штип и Правната клиника на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев “, Штип.
- Меморандум за соработка помеѓу Општина Струмица и Правната клиника на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.
- Меморандум за соработка помеѓу Општина Валандово и Правната клиника на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.
- Меморандум за соработка помеѓу Општина Богданци и Правната клиника на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип
- Меморандум за соработка помеѓу СОС Детско село и Правната клиника на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип

**Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)**;
- Ана Никодиновска Крстевска, 28.3.2022 - 1.4.2022, Универзитет во Салерно
- Андон Мајхошев, 25.4.2022 - 29.4.2022, Универзитет во Трнава
- Кристина Мишева, 22.5.2023 - 26.5.2023, Универзитет во Пула
- Елена Максимова, 17.7.2023 - 21.7.2023, Политехнички универзитет во Анкона
- Марија Амповска, 16.1.2024 - 23.1.2024, Универзитет во Виена

Вкупно 5 професори во 4 различни држави.

**Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство**

Во изминатите години, Универзитетот и неговиот Правен факултет активно учествуваа во бројни академски,

истражувачки и образовни иницијативи во соработка со домашни и меѓународни партнери.

Во областа на меѓународната академска соработка, беа остварени значајни партнерства со различни универзитети, истражувачки институти и меѓународни организации. Овие соработки вклучуваа размена на академски кадар, гостувачки предавања, заеднички истражувачки проекти и членство во меѓународни академски мрежи.

Правниот факултет беше дел од мултилатерални проекти со поддршка на меѓународни организации. Овие иницијативи се фокусираа на унапредување на владеењето на правото, човековите права, заштитата на животната средина, борбата против корупцијата и подобрувањето на системот на бесплатна правна помош. Како дел од овие проекти, организирани беа конференции, работилници и обуки за студенти и академски кадар.

Во рамките на соработката со дипломатски мисии и меѓународни институции, студентите и професорите имаа можност да учествуваат во дебати, натпревари, интерактивни предавања и истражувачки активности поврзани со актуелни глобални предизвици, вклучително и теми како меѓународната безбедност, демократијата и изборните процеси, миграционите политики и заштитата на човековите права.

Во домашниот контекст, Правниот факултет одржуваше блиски релации со адвокатските здруженија, граѓански организации и национални институции. Соработката вклучуваше заеднички иницијативи за правна клиничка обука, застапување на ранливи категории граѓани, работилници за антидискриминација и правна заштита, како и активности насочени кон подигнување на свеста за владеењето на правото.

Универзитетот исто така беше дел од академски конференции и научни собири, каде што беа презентирани истражувања од правната наука, политичките студии и човековите права. Овие конференции вклучуваа учество на домашни и странски експерти, обезбедувајќи платформа за размена на искуства и нови перспективи во правната теорија и пракса.

Покрај тоа, Факултетот активно учествуваше во иницијативи за развој на младински активизам, вклучувајќи програми насочени кон младинска правна едукација, екологија, демократија и човекови права. Овие активности беа поддржани од различни меѓународни фондации и програми за млади, обезбедувајќи можности за студентите да се вклучат во практични проекти и истражувања.

Со овие активности, Универзитетот и Правниот факултет ја зајакнаа својата позиција како релевантен академски и истражувачки центар, создавајќи услови за понатамошна интернационализација и развој на високообразовниот процес во соработка со реномирани национални и меѓународни институции.

Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат.

На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.4).

**Прилози:**
Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+
Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)
Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)
Прилог 9.4.Г. Број и информации за студенти од странство кои реализирале Еразмус+ мобилност на ФИ
Прилог 9.4.Д. Број на наставници кои искористиле Еразмус+ мобилност
Прилог 9.4.Ѓ. Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |

Во последниве три години немало наставници од странство кои биле вклучени како ментори или членови на комисии за оценување/одбрана на магистерски и докторски трудови.

**Наставници од странство кои биле вклучени во настава**

Во изминатите години, Универзитетот активно соработуваше со професори и експерти од различни странски високообразовни институции, овозможувајќи интернационализација на наставниот процес. Гостинските предавачи доаѓаа од универзитети во Литванија, Полска, САД, Велика Британија, Франција, Хрватска, Бугарија, Русија, Летонија, Босна и Херцеговина, Грузија и Холандија. Нивното учество опфати предавања, работилници и академски дискусии во различни правни и општествени области.

Во 2021 година, предавања одржаа професори од Литванија, Полска и САД, обработувајќи теми како правните предизвици на бракот во историјата, суверенитетот на државите и меѓународното кривично право. Во 2022 година, наставата беше збогатена со учество на професори од Бугарија, Хрватска, Велика Британија и Русија. Главните области на дискусија вклучуваа корпоративно оданочување, владеење на правото, меѓународни правни стандарди и системи за бесплатна правна помош. Некои од предавањата беа организирани во соработка со меѓународни институции и дипломатски мисии. Во 2023 година, продолжи соработката со професори од Полска, Франција, Хрватска, САД, Летонија и Босна и Херцеговина. Тие одржаа предавања и работилници за спортско право, човекови права, правни рамки за бесплатна правна помош, ЕУ даночна политика, како и предизвиците на азилот и миграцијата. Во 2024 година, наставниот процес беше дополнително интернационализиран со учество на експерти од Холандија, Полска и САД. Темите што беа обработени ги опфатија политиките за проширување на ЕУ, изборните процеси во САД, механизмите за борба против расизмот, како и правните аспекти на заштитата на животната средина.

Овие активности значително придонесоа за академскиот развој на студентите и ја збогатија наставната програма со глобална перспектива. Учеството на меѓународни експерти овозможи интерактивна соработка, размена на искуства и дискусија за современи правни и општествени прашања во меѓународен контекст.

**Број на запишани странски студенти по студиска програма за сите циклуси на студии во изминатите три години.**

- Правен факултет/2021/2022/International Law and international relations 1
- Правен факултет/2022/2023/International Law and international relations 11
- Правен факултет/2023/2024/International Law and international relations 28
- Правен факултет/2021/2022/Правни студии - Штип 1

Прилог 9.5.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9.

**Прилози:**

Прилог 9.5.А. Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа)

Прилог 9.5.Б. Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови

Прилог 9.5.В. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години

Прилог 9.5.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9

**Факултетска комисија за самоевалуација:**

1. Проф. д-р Марија Амповска
2. Проф. д-р Дејан Маролов
3. Вонр. проф. д-р Милица Шутова
4. Мартин Зарков – студент
5. Ева Ѓоргиева – студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј „Димитар Влахов“ бр. 4,
II-Кат, Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | **Факултет за образовни науки** |
| **Седиште** | ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А<br>Поштенски фах 201<br>2000 Штип, РС Македонија |
| **Контакт информации** | **Тел: +389 32 550 500** |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, декан<br>emilija.petrova@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на Министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум М.П. Овластено лице на установата
(потпис)

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет за образовни науки |
| Седиште | Штип |
| Веб - страница | https://fon.ugd.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Мисијата на факултетот е стекнување и одржување на знаењето како цивилизациска придобивка и одржување на високо ниво на научност во образовниот процес, но и соодветно кај човечките ресурси на факултетот. Секако дека знаењето без етичката и културната димензија во научниот и образовниот процес би било незамисливо и оттука, мисијата на факултетот е образование засновано на етички и културни вредности. Како резултат на квалитетно образование стекнато врз основа на овие принципи, факултетот ќе генерира млади кадри – квалификувани и компетентни професионалци, конкурентни како на националниот, така и на меѓународниот пазар, кои од своја страна ќе генерираат млади компетентни и стручни лица кои ќе бидат активни чинители во општеството.<br>Од ваква мисија произлегува и визијата:<br>• Академска заедница на слободни поединци: наставници, истражувачи, студенти;<br>• Факултет конкурентен во националнен и меѓународен контекст;<br>• Факултет со висок степен на внатрешна соработка и координација;<br>• Видливост на факултетот во домашното и меѓународното опкружување;<br>• Факултет со успешно имплементирани европски и меѓународни научно-истражувачки и наставни стандарди;<br>• Факултет со постигната флексибилност и динамичност во процесот на учење и степените на образование;<br>• Факултет со инвентивни, модерни студиски програми академски и професионално признати.<br>Вака креираната мисија и визија на факултетот се во можност да му обезбедат непрекинат развој како во научно-истражувачкиот процес, така и во наставниот и да му обезбедат соодветно валоризирана улога и позиција во општеството |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев" – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Акредитација на установата**<br>Факултетот за образовни науки својата работа ја започнува во рамките на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ - Скопје под името Педагошки факултет „Гоце Делчев“, како одговор на потребата од создавање високообразовен и високостручен воспитувачки и наставнички кадар во 1995 година.<br><br>Во 2007 година со основањето на Универзитетот „Гоце Делчев“, тогашниот Педагошки факултет се припојува во рамките на новоформираниот универзитет, а патронот на Факултетот станува патрон на новоформираниот Универзитет.<br><br>Во 2011 година Педагошкиот Факултет се преименува во Факултет за образовни науки во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.<br>(подетални информации се наоѓаат на следниот линк):<br>Акредитација на ФОН<br><br>*Студиски програми на прв циклус студии акредитирани од Одборот за акредитација на високото образование:*<br>• Одделенска настава<br>• Предучилишно воспитување<br>• Педагогија<br>• Историја и археологија<br>resenija-za-akreditacija-fon-1-ciklus.pdf<br><br>*Студиски програми на втор циклус студии акредитирани од Одборот за акредитација на високото образование:*<br>• Методика<br>• Образование на наставници и професионален развој<br>• Педагогија<br>• Образовна политика и образовен менаџмент<br>• Историја, митови, идентитети |

| | |
|---|---|
| | • Специјалистички студии за стекнување на наставнички компетенции<br>Акредитации-втор циклус<br><br>*Студиски програми на трет циклус студии акредитирани од Одборот за акредитација на високото образование:*<br>• Училишна педагогија<br>• Воспитанието и образованието во раниот детски развој<br>Решение за акредитација - Училишна педагогија.pdf<br>Решение за акредитација -Воспитанието и образованието во раниот детски развој-трет циклус(архивирано)<br>Решение за почеток со работа-Воспитанието и образованието во раниот детски развој.pdf<br>Решение за почеток со работа-Училишна педагогија.pdf |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | На Факултетот за образовни науки во моментот на поднесување на извештајот се вработени вкупно 21 лице, избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност и тоа:<br>Редовни професори: 16<br>Вонредни професори: 3<br>Доценти: нема<br>Насловен вонреден професор 1<br>Насловен доцент 1<br>Асистенти: нема<br>Вкупно: 21 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус 320<br>II циклус 11<br>III циклус / |

*Развој на единицата*

Факултетот за образовни науки е јавна високообразовна установа од областа на педагошките науки која врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка високостручна дејност во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.

Факултетот своите корени ги влече од далечната 1946/47 год. со отворањето на Учителската школа „Гоце Делчев“ во Штип. 1959 година, со зголемената потреба за учителски кадар, Учителската школа се трансформира во Виша педагошка школа. Со одлука на Извршниот совет (Владата) на Народна Република Македонија, Вишата педагошка школа во 1961 година со работа продолжила како Педагошка академија, каде школувањето траело четири семестри, односно две години.

Започнувајќи ги студиите на новоформираниот Педагошки факултет во учебната 1995/96 година, 129 нови студенти, од кои 112 редовни и 17 вонредни, први ја следат наставата според современ модел на четиригодишен наставен план, на отсекот за одделенска настава и отсекот за предучилишно воспитување.

Педагошки факултет „Гоце Делчев“ работи како самостоен правен субјект во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје до 2007 година.

Со основањето на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во март 2007 година, Педагошкиот факултет пристапува кон новоформираниот интегриран универзитет како еден од темелите (заедно со тогашниот Рударско-геолошки факултет) на Универзитетот. Патронот на Педагошкиот факултет го презема новоформираниот Универзитет во кој како составна единица и продолжува со работа.

Во 2011 година, Универзитетскиот сенат на седницата одржана на 12 мај донесе статутарна одлука за изменување на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев”, каде зборовите Педагошки факултет се заменуваат со зборовите Факултет за образовни науки. Оваа одлука беше одобрена од страна на Собранието на Република Македонија, по што Педагошкиот факултет на 30 декември 2011 година официјално го промени името Факултет за образовни науки.

Во рамките на Факултетот продолжуваат да работат двата отсека, отсек за одделенска настава и отсек за предучилишно воспитување како четиригодишни студии. Факултетот во организациска смисла ја следи развојната линија, се формираат катедри и институти. Денес, во состав на Факултетот за образовни науки дејствуваат: Катедра за педагогија, Катедра за дидактика и методика, Катедра за општествени и хуманистички науки, Катедра за историја и археологија како и двата института и тоа: Институт за историја и археологија и Институт за применета философија и етика. Имено, Институтот за историја и археологија (ИНИСА) е формиран во 2008 година како самостојна единица на Универзитетот а веќе од октомври 2013 година овој Институт административно преоѓа под Факултетот за образовни науки.

Факултетот како виокообразовна институција чијашто основна дејност е наставно-научната работа, ја следи во континуитет развојната димензија. Имено, во учебната 2004/2005 година во насока на следење на современите

општествени случувања, Педагошкиот факултет своите оддели за предучилишно воспитување и одделенска настава ги збогати со дополнителен модул за рано учење на англиски јазик, модул со кој студентите дополнително се стекнуваат со додаток на диплома со што се оспособуваат за настава по англиски јазик во градинките и почетните одделенија од основното училиште.

Факултетот за образовни науки 2012 година ги акредитира и работи по следниве студиски програми: Одделенска настава; Предучилишно воспитување; Историја со археологија – наставна насока; Историја и археологија.

Факултетот за образовни науки денес има неколку студиски програми, а во согласност со потребите на пазарот на труд, покрај студиските програми за одделенска настава и предучилишно воспитување, се воведува и студиската програма: Педагогија, во траење од четири години. Во периодот од 2007 до 2017 година, Факултетот имаше свои дисперзирани студии и во Струмица на одделите за одделенска настава и предучилишно воспитување. Потребите на образовниот систем за педагошко-психолошка и методска подготовка на студенти од ненаставнички факултети, се задоволени со реализација на посебна програма. Имено, на Факултетот се реализира Програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка, наменета за студентите кои завршиле дипломски студии (240 ЕКТС) на други (ненаставнички) факултети, а се вработиле како наставници или сакаат да се вработат како наставници во основните и средни училишта.

0д учебната 2017/18 година на факултетот се акредитирани следниве студиски програми: предучилишно воспитување, одделенска настава, педагогија, историја, историја-наставна насока и археологија.

Со последната акредитација од 2021/22 година, на Факултетот за образовни науки, наставата се реализира преку следниве студиски програми: Одделенска настава, Предучилишно воспитување, Педагогија и Историја и археологија.

*Наведете ги клучните институционални капацитети:*

- јасна визија и мисија;
- солидни просторни и материјално-технички услови;
- поседување на дигитални алатки на ниво на Универзитет;
- постоење на добро организирана веб-страница;
- студентите од сите циклуси на студии активно се вклучени во голем број научноистражувачки проекти, домашни, од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти;
- студентите редовно се вклучени во работата на органите, комисиите и работните тела на Универзитетот, избрани преку Универзитетското студентско собрание, но и на факултетот преку преку свои претставници, избрани на Факултетското студентско собрание;
- современ пристап во високото образование со развивање на платформите за е-индекс, е-учење, е-репозиториум, е-библиотека, е-журнали, е-календар, е-распоред, интранет, а во периодот на пандемијата за реализација на онлајн наставата беше вклучена и платформата на Microsoft Teams;
- професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата;
- развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата;
- транспарентност при запишувањето на студенти на сите циклуси на студирање;
- развиени процедури и механизми за грижа на квалитетотна секој аспект на функционирање на установата
- акредитирани програми на прв, втор и трет циклус;
- доволен број на акредитирани ментори на втор и трет циклус;
- редовна самоевалвација во согласност со правните акти;
- постојана анализа во насока на подобрување на студиските програми и редовна реакредитација на програмите, различни проекти, ЕРАЗМУС можности, билатерални договори и заеднички програми;
- одлично структурирани елаборати за секоја студиска програма со сите потребни компоненти кои ги одразуваат сите последни промени и дополнувања на Законот за високо образование;
- развиена стручна и научна дејност (задоволителен број на објавени научни и стручни трудови од страна на професорите и студентите);
- почитување на соодветните процедури за избор на наставници и соработници во звања;
- одлично планирана и реализирана педагошка/ методичка практика и практична настава во институции и установи соодветни на студиската програма;
- навремено планирање и организирање на настава за кандидатите запишани на Програмата на педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација);
- развиена издавачка дејност на факултетот, издавање на меѓународно научно списание „Воспитание“ и Годишниот зборник на факултетот, достапно за академскиот кадар, студентите и пошироко;
- соработка со пошироката општествена заедница и општествена одговорност;

| |
|---|
| • задоволителен број на договори за соработка со факултети од земји во Европа и надвор од Европа. |
| *Најголеми предизвици и недостатоци:*<br>• списанието *Воспитание* да се индексира во референтни бази на податоци;<br>• континуитет во организирањето на Меѓународната научна конференција на Факултетот за образовни науки;<br>• незадоволително ниво на вклученост во научни проекти;<br>• развивање поблиска соработка со образовните институции, како партнерски институции во реализација на научно-апликативни проекти;<br>• зголемување на мобилноста на студентите во партнерски универзитети/ факултети во Европа и пошироко;<br>• интензивирање на соработката на наставниот кадар со колеги од сродни факултети од странство (организирање семинари, визитинг професори и сл.) врз основа на веќе постоечки договори за соработка<br>• поголема искористеност на можностите на Еразмус+ ;<br>• зголемена можност за размена на наставниот кадар во рамките на Еразмус+ програмата;<br>• ограничување на вработувањето кај буџетските корисници, вклучувајќи ги и работните места на професори на кои по природен пат (со пензионирање) им престанал работниот однос;<br>• недостиг од соработнички кадар. |

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 1.1 Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб - страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т.е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на:

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научно-истражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз која е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот од 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.
Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој

| | |
|---|---|
| стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси, првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб - страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.<br>Овие три документи(акти) се јавно достапни документи на следните линкови:<br>• Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)<br>• Акционен план за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)<br>• Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 1.1.А. Органограм на УГД | |
| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/ студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, при што активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |
| Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб - страницата на универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година.<br>Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период 14.11.2024 до 30.11.2024, и тоа посебно:<br>• Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),<br>• Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),<br>• Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),<br>• Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж).<br>• Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З) | |

| | |
|---|---|
| Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на универзитетот. По комплетното документирање, Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).<br>Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)<br>Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)<br>Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација<br>Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација<br>Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус<br>Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус<br>Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус<br>Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.З Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.Ѕ. Резултати анкети на студенти од прв циклус на ФОН<br>Прилог 1.2.И Резултати анкети на студенти од втор циклус на Кампус 4<br>Прилог 1.2.Ј Резултати анкети на студенти од трет циклус на Кампус 4<br>Прилог 1.2.К Резултати анкети на наставнички и соработнички кадар на ФОН<br>Прилог 1.2.Л Резултати анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД<br>Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет | |
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на, Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб - страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.<br>Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот, и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:<br>• Научно-истражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;<br>• Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;<br>• Студентски конференции;<br>• Научно-истражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;<br>• Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;<br>• Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;<br>• Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;<br>• Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.<br>Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати | |

експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред се со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.
Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет.

**Прилози:**
Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан

| | |
|---|---|
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување на квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување на квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В) :

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување на квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така, од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитувањето на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.S).
Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група подржана од Ректор, Проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД “. Со работна група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување на квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со Универзитети од Балканот на кои се разменија повеќе искуства и практики на

обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научноистражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е -1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување на квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација, работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување на квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).

Со почетокот на новата студиска година во периодот што следува, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, ќе биде отпочната шестата самоевалуација која најверојатно ќе се одвива ноември/декември 2024 година и ќе ги опфати студиските години од 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024.
Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk), и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа, посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година, и Наставно-научниот совет на факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**

Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев"-Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5 Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб - страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација.<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование, и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така да покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научноистражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладин сектор, и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиските програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.
Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на веб-страницата на универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е:
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот Гоце Делчев во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. Весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6 Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес,<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб - страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб - страницата на Универзитетот на следниов линк:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултети и тоа Економски факултет и Филолошки

| |
|---|
| факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економскиот и Филолошкиот факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.<br>Прилог 1.6.Б дава SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 1. |
| **Прилози:**<br>Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)<br>Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1 |

## Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми ги истакнува нивната релевантност и добро осмисленост со целта за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и лични развој.<br>На Факултетот за образовни науки се реализира настава на три циклуса. За сите програми според кои се реализира наставата на факултетот постои архивиран примерок од елаборатите во кои се наоѓаат детални описи за реализацијата на студиската програма.<br>На прв циклус се акредитирани студиските програми:<br>1. Педагогија<br>2. Предучилишно воспитување</td></tr>
</table>

3. Одделенска настава
4. Историја и археологија

Сите се четиригодишни студии со стекнување на 240 ЕКТС.

На **втор циклус едногодишни студии** се акредитирани програмите:

1. Образовни политики и образовен менаџмент
2. Педагогија
3. Методика
4. Образование на наставници и професионален развој
5. Историја, митови, идентитети
6. Втор циклус специјалистички студии за стекнување на наставнички компетенции.

На факултетот на **Трет циклус на тригодишни студии** се реализираат следниве студиски програми:

1. Училишна педагогија
2. Воспитанието и образованието во раниот детски развој.

На Факултетот за образовни науки се запишуваат и студенти **на Програмата за педагошко-психолошка и методичка подготовка.** Право на запишување за педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) имаат кандидатите кои се стекнале со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно студии кои немаат наставна насока. Педагошко-психолошката и методска подготовка се организира во траење од еден семестар (30 ЕКТС).

**Студиски програми акредитирани во 2017/18**

Студиски и предметни програми на прв циклус на студии
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus/11-studiski-programi/69-prv-ciklus-na-studii-stara-2017-2018

Студиски и предметни програми на втор циклус на студии во 2012
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus

**Подолу е издвоена успешна приказна на студентите како конкретен пример на постигнати резултати**
Данче Николова Тричковски

**Прилози:**
Прилог 2.2.А. Студиски програми (прв, втор и трет циклус на студии)
Прилог 2.2.Б. Дескриптори (прв, втор и трет циклус на студии)

| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |
| --- | --- |

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештините кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество.

**Прв циклус на студии:**

Студиската програма по **Педагогија** има цел да создаде профил на педагози – стручни соработници кои ќе бидат компетентни да се вклучат во креирање, развој и реализирање на педагошката дејност во предучилишните установи, основните и средните училишта, ученичките домови, институции од сферата на социјалната превенција и заштита во насока на едукација, превенција и интервенција во сите аспекти на животот на децата (академски и социјално-емоционални), а согласно позитивните прописи и регулативи во Р. Македонија. Понудениот концепт на застапеност на општообразовни, стручни, теориско–методолошки и апликативни предмети во студиската програма обезбедува интегриран теоретско-практичен пристап кој нуди можност да се профилираат стручни работници - педагози компетентни да ја остваруваат својата работа како лидери, советници и истражувачи, но и како учесници во развојот на образованието воопшто.

При изготвувањето на студиска програма Педагогија беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Џио Тонг Универзитететот од Шангај. Особено внимание беше посветено на анализа на студиските програми од: Универзитетот во Гронинген, кој е на 65. место на Шангајска листа; Универзитетот во Белград, кој е на место 343 на Шангајска листа; Универзитетот во Загреб, кој е на 463. место на Шангајска листа и Универзитетот во Љубљана, кој е на 403-510 место на Шангајска листа.

Студиската програма за **одделенска настава** (прв и дел од вториот циклус на основното деветгодишно образование) е така конципирана да им се овозможи на студентите стекнување на професионални компетенции препознатливи со компетенциите на нивните колеги во европскиот високообразовен простор. Целта на студиската

програма за одделенска настава е да се образуваат и професионално оспособат наставници, професионалци со доволно општи и стручни знаења за успешна реализација на активности насочени кон поддршка и помош во развојот на учениците, поттикнување на нивниот саморазвој што секако подразбира познавање на современата организација и реализација на наставата, како и широк дијапазон на знаења од областа на образовните науки.

При концилирањето на студиската програма за одделенска настава посебно внимание се посвети на застапеноста и соодносот на задолжителните и факултетските изборни предмети, како и на интеграцијата на општообразовните, научните, уметничките, стручните предмети и имплементацијата на практичната настава на студентите.

Студиската програма по одделенска настава е препознатлива согласно целите и содржините со студиските програми на факултетите за образование на одделенски наставници од Балканот и југоисточна Европа.

Студиската програма е направена според примерот на студиските програми од соодветната област на реномирани европски и светски универзитети, при што е водена сметка таа да биде во склад со нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование така што овозможуваат споредливост со програмите на високообразовните установи на тој простор.

При изготвувањето на студиска програма на одделенска настава беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Џио Тонг Универзитететот од Шангај.

Студиската програма по **предучилишно воспитување** е структурирана како високо интердисциплинарна и мултидисциплинарна студиска програма. Нејзе ја сочинуваат темелни педагошки предмети, природно-математички предмети, стручно-уметнички предмети, македонски јазик и книжевност, рано учење на англиски јазик. Реализацијата на програмата поаѓа од темелните педагошки дисциплини: педагогија, психологија, социологија, филозофија; природно-математичките дисциплини: основи на природните науки, еколошко воспитание; хуманистички дисциплини: кинезиологија, историја; стручно-уметничките дисциплини: кукларство и сценографија, детското ликовно, литературно и музичко творештво; македонскиот јазик и книжевност, култура на јазичното изразување и сл; методиките од одделните предметни подрачја, како и соодветната педагошко-дидактичка и методичка практика од истите; како и раното учење на странски јазик: англиската граматика, фонологија, детската странска литература и сл. Во оваа нова студиска програма по предучилишно воспитување, направени се одредени промени во насока на иновирање на пристапот во воспитно – образованата работа, адаптација на современите образовни текови и потреби на новото време, во согласност со препораките од научната и стручната јавност.

Студиската програма е направена според примерот на студиските програми од соодветната област на реномирани европски и светски универзитети, при што е водена сметка таа да биде во склад со нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование така што овозможуваат споредливост со програмите на високообразовните установи на тој простор. Во таа насока, како основни постулати на кои ја градевме студиската програма по Предучилишно воспитување се следниве:

- Студиската програма е втемелена на резултатите (исходите) од учењето. Тоа значи, образованието кое се однесува на научните спознавања треба секогаш да биде во комбинација со знаењата и вештините кои се специфични за предметно подрачје во склад со „Зелениот документ за образование на наставникот во Европа“ (Green Paper on Teacher Education in Europe, Buchberger, 2000) и со предлогот на Европската комисија за „Заеднички европски принципи за способности и квалификации на наставникот“ (Common European Principles for Teacher Competences and Qualifications, European Commission, 2005).
- Како репер за застапеноста на практиката во целокупната студиска програма ги земаме земјите во ЕУ и препораките на сите важни документи и истражувања направени во последните десет години во Европа, каде се препорачува најмалку 50% од вкупната настава - акцентот и фокусот на студентот да биде ставен на практичните активности, а во последната година од студиите и 70% е практиката во земјите во ЕУ.
- Факултетот за образовни науки заедно со работни групи од сите факултети во Македонија, врз основа на добиени резултати од сопствени истражувања (користена методологија на TUNING проектот) и искуствата добиени од проектот за модернизација на програмите за иницијална подготовка на наставници/воспитувачи во согласност со Болоњскиот процес – Креативна настава и учење, подржан од УСАИД и Фондацијата – Институт отворено општество - Македонија, работеа на изготвување на листа на компетенции и обновување на студиските програми за предучилишно воспитание и образование.

Во тој контекст посебно значајни се искуствата кои ги добивме од Педагошкиот факултет при Универзитетот во Љубљана (од каде се добија и позитивни рецензии за студиските програми на факултетот), заклучоците што во европски рамки се претставени како „нови компетенции“ (“new competences now expected of teachers“, Eurydice).

При изготвувањето на студиска програма по Предучилишно воспитување беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Џио Тонг Универзитететот од Шангај.

Студиската програма **Историја и археологија** има за цел подготвување на кадри како професори по историја во основни и средни училишта, археолози, членови на стручен тим во архивите, библиотеките, за стручни служби во различни установи, во дипломатијата, во дипломатијата, музеите, центри на културата, воените училишта, во многубројни научно истражувачки институции и сл. Да им се овозможи на студентите различни техники за работа со историските текстови, археолошки материјал и илустративен материјал, да прават самостојна анализа; да толкуваат историски документи и да ги вреднуваат различните интерпретации.
Програмата се темели на историски настани, културни процеси и појави од општата, светската и националната историја, кои претставуваат основни вредности за разбирање на културниот и цивилизацискиот развој на човештвото. Програмата им овозможува на студентите да ги осознаат основните карактеристики на секој историски период, социјалните, културните, религиозните и етничките специфичности, врз основа на научно фундирани содржини, применети на адекватна научно заснована периодизација и терминологија.
Студиската програма има за цел да придонесе за критичкото мислење и будење на историска и културна свест, изградување на вредносен систем на однесување спрема човекот и неговото место во светото, спрема својот народ и држава, спрема другите народи и држави кон она што претставува цивилизациско достигнување во светот, како и да го продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси. Стекнување на темелни знаења за минатото преку изучување на културното и историско наследство и формирање естетски, морални и работни вредности и способност да се користи богатото искуство од минатото како поука и истото да се користи како цврста основа за создавање на иднината.

__**Втор циклус на студии:**__
Студиска програма по **Образовни политики и образовен менаџмент** е креирана следејќи ги глобалните тенденции во образованието на воспитно-образовни кадри, современите тенденции во креирањето на образовните политики во Европа и во светот, респектирајќи ги научно и искуствено дијагностицираните воспитни предизвици кои се појавија како резултат на се поизразени вредносни парадокси во нашето општество и глобализациските тенденции (научни, образовни, техничко-технолошки, економски). Истата е креирана согласно организациско – педагошки стандарди за квалитет, согласно принципите на Болоњската декларација и Европскиот кредит-трансфер систем со високо ниво на препознатливост во Европскиот високообразовен простор и со надеж дека магистрите на науки од областа на образовните политики и образовен менаџмент ќе бидат препознаени на пазарот на трудот како експерти и научно-истражувачки работници кои ќе придонесат во развојот и унапредување на општествената и образовната политика. На мислење сме дека овие студии даваат солидно продолжение на посдипломските студии од областа на образовните политики и образовниот менаџмент и претствуваат солидна основа за продолжување на студиите на трет циклус. Образованието како феномен и посебно институционалното образование на глобално ниво се наоѓа во постојана криза. Од тие причини развојот на интелектуален капитал во сферата на образованието е исклучително значајна задача на секое општество.
Идните магистри од областа на образовните политики и образовниот менаџмент со својата експертиза би придонеле во зајакнување, унапредување и полесно менаџирање со интелектуалните/човечките капацитети во институции кои во својата дејност имаат педагошка компонента.
Програмата е општествено оправдана имајќи ја предвид целосната соработка и консултација со воспитно-образовни установи (детски градинки, основни и средни училишта, јавни ученички домови, центри за ран детски развој) и другите институции, како и со локални и општински тела кои ја допираат сферата на образованието и соодветните установи на национално и европско ниво.

Студиска програма по **Педагогија** нуди можност студентите да се оспособат за истражување и работа во областа на педагошката (училишна, предучилишна, социјална) дејност која се остварува на институционално и вонинституционално ниво. Во тој контекст, студиската програма по Педагогија, преку интегрирани научни сознанија од областа на образовното подрачје нуди можност за создавање на стручни и научно-истражувачки кадри кои холистички би го познавале функционирањето на образовниот систем што подразбира одлично познавање на законитостите во педагошката дејност, а особено во воспитно-образовниот процес, како и на процесите на планирање, моделирање и контролирање на/во него. Преку понудената изборност на предмети во студиската програма тие можат да се специјализираат за работа и истражување во училишните, предучилишните институции како и во институции кои имаат воспитно – образовен и згрижувачки карактер.
Студиската програма за втор циклус на академски студии по Педагогија има поширока општествено-економска оправданост заради:

- Потребата од кадри кои системски ќе се вклучат во перманентното формално и неформално образование на воспитно-образовниот кадар во образовните институции (државни и приватни);

- Одржливоста на иновациите, но и критички однос кон нив, кои интензивно навлегоа во последните десеттина години во сферата на образованието;
- Зајакнување на човечките капацитети во секторите за образовна дејност на локално ниво;
- Подигнување на професионалното ниво на советодавните служби во централната и регионалните единици на Бирото за развој на образованието;
- Утврдената потреба од образување на научно-истражувачки и воспитно-образовен кадар кој ќе биде способен да ги исполни улогите на соработник, советник, организатор, ментор и водач во организацијата во која работи;
- Утврдената потреба од професионалци кои ќе можат квалификувано да менаџираат со педагошката дејност (институционално и вонинституционално);
- Достапност на континуираното образование;
- Креатори на воспитно-образовниот процес кој ги следат принципите на холистички пристап, еднаквост во образованието, инклузивност во процесот како и стуимулативна средина за учење;
- Конкурентност во сферата на образовната понуда.

На мислење и со надеж сме дека магистрите на науки од областа на педагогијата ќе бидат препознаени на пазарот на трудот како експерти и научно-истражувачки работници кои ќе придонесат во развојот на инклузивно општество.

Студиската програма по **Методика** нуди содржини преку кои има за цел: да му овозможи на студентот да се запознае со современите тенденции во, дидактичката и методичката наука, актуелните проблеми во науката и нивните рефлексии во методичката наука како нејзина сродна и блиска научна област; да ја зголеми дидактичко-методичката подготвеност на наставниот кадар особено во делот на ефективно и ефикасно учење со што ќе даде свој придонес во зголемување на квалитетот во образованието. Во исто време, содржинската концепција на оваа студиска програма има за цел да го оспособи студентот за нови истражувања кои ќе бидат своевиден придонес кон натамошно усовршување и иновирање на наставната теорија и практика.

При конципирањето на оваа студиска програма во вид се имаше и Каталогот за клучни компетенции на наставникот како програмски документ, како и измените на Законските легислативи по однос на професионализацијата на наставничката професија.

Студиската програма за втор циклус на академски студии по Методика има многу широка оправданост од научна, општествено-економска и апликативна перспектива заради:

- Утврдената потреба од образување на научно-истражувачки и воспитно-образовен кадар кој ќе биде способен да ги исполни улогите на соработник, советник, организатор, ментор и водач во организацијата во која работи.
- Креатори на воспитно-образовниот процес кој ги следат принципите на холистички пристап, еднаквост во образованието, инклузивност во процесот како и стимулативна средина за учење;
- Операционализација и промоција на синтагмата „доживотно учење“
- Потребата од кадри кои системски ќе се вклучат во перманентното формално и неформално образование на воспитно-образовниот кадар во образовните институции (државни и приватни);
- Одржливоста на иновациите, но и критички однос кон нив, кои интензивно навлегоа во последните десеттина години во сферата на образованието;
- Зајакнување на човечките капацитети во секторите за образовна дејност на локално ниво;
- Подигнување на професионалното ниво на воспитно-образовниот кадар во централната и регионалните единици на Бирото за развој на образованието.

Студиската програма **Стекнување на наставнички компетенции** има поширока општествено-економска оправданост и потреба за дадениот профил заради:

- утврдената потреба од образување на научно-истражувачки и воспитно-образовен кадар кој ќе биде способен да ги исполни улогите на соработник, советник, организатор, ментор и водач во организацијата во која работи;
- креатори на воспитнообразовниот процес кои ги следат принципите на холистички пристап, еднаквост во образованието, инклузивност во процесот како и стуимулативна средина за учење;
- операционализација и промоција на синтагмата „доживотно учење“ - достапност на континуираното образование;
- одржливоста на иновациите, но и критички однос кон нив, кои интензивно навлегоа во последните десеттина години во сферата на образованието;
- подигнување на професионалното ниво на воспитно-образовниот кадар - утврдената потреба од професионалци кои ќе можат квалификувано да менаџираат со педагошката дејност (институционално и вонинституционално).

Програмата е општествено оправдана имајќи ја предвид целосната соработка и консултација со воспитно-образовни установи (детски градинки, основни и средни училишта, јавни ученички домови, центри за ран детски развој) и другите институции, како и со локални и општински тела кои ја допираат сферата на образованието и соодветните установи на национално и европско ниво.

Студиската програма **Образование на наставници и професионален развој-** преку интегрирани научни сознанија од областа на образовното подрачје нуди можност за создавање на стручни и научноистражувачки кадри кои холистички би го познавале функционирањето на образовниот систем што подразбира одлично познавање на законитостите во педагошката дејност, како и на процесите на планирање, моделирање и контролирање на/во него. Преку понудената изборност на предмети во студиската програма тие можат да се специјализираат за работа и истражување во училишните, предучилишните институции, како и во институции кои имаат воспитно –образовен и згрижувачки карактер.
Образованието како феномен и посебно институционалното образование на глобално ниво се наоѓа во постојана криза. Од тие причини развојот на интелектуален капитал во сферата на образованието е исклучително значајна задача на секое општество. Идните магистри од областа на образованието на наставниците и професионалниот развој со својата експертиза би придонеле во зајакнување на интелектуалните/човечките капацитети во институции кои во својата дејност имаат педагошка компонента.

Програмата по студиите од **Историја, митови, идентитети** опфаќа напредни знаења од областите на идентитетските и етничките студии и историјата.
Мултидисциплинарно изучување на теоријата и апликативните аспекти во рамките на оваа студиска програма ќе овозможат запознавање со современите школи и сфаќања од оваа област, добивање на способности да ги поврзуваат идентитетските форми и промените во нив со конкретни политички, културни и економски процеси и ќе помогнат во изнаоѓање решенија за современите предизвици пред идентитетските проблеми и историјата како наука, на генерално (теоретско ниво), глобално и регионално ниво. Студентите ќе се здобијат општи знаења и разбирања од областа на ова комплицирана и актуелна проблематика од повеќе аспекти – географски (европско, балканско, македонско), и хронолошки (од антиката до денес). Студиската програма овозможува континуитет во проучувањето на клучната улога во осознавањето на поединецот и заедниците во времето преку нивните интерпретации на историјата, создавањето на клучни митови и дефинирање на своето место во светот;
Цел на оваа студиска програма, е образовно и воспитно да влијае на работното оспособување на научници од овие подрачја на современото општество каде што има потреба од ваков профил.
Оваа студиска насока има за цел подготвување на кадри како членови на стручниот тим во училиштата, архивите, библиотеките, за стручни служби во различни установи, во дипломатијата, музеите, центри на културата, воените училишта, и во многубројни научноистражувачки институции.
Програмата го развива критичкото мислење, како основа за научно толкување на човековото општество, формирање на работно воспитување како најголеми човечки вредности. Формирање естетски, патриотски и морални вредности и развивање на чувство за својата држава. Мноштвото историски настани во кое е содржано богатото искуство од минатото преставува цврста основа и неопходен услов за создавање на иднината.

**<u>Трет циклус на студии</u>**
Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на образовни науки од областа на **училишна педагогија**, пред сѐ е фокусирана на подготовка на научни кадри со посебен акцент во областа на училишната педагогија. Во студиската програма посебниот акцент е ставен на мултидисциплинарниот пристап и проучување на области од образованието. Проблемите и предизвиците кои секојдневно се појавуваат во образовниот систем, покажуваат на сѐ поголемата потреба од надградување на познавањата кои се токму од воспитно-образовните и педагошки аспекти на останатите дисциплини, за што недостасува стручен кадар и се потребни вакви студии и ваков специфичен пристап во областа на образованието.
Постојат научни докази дека наставниците, соработници во воспитно образовните институции и во институциите за поддршка и развој на образованието, имаат значајна улога во поттикнувањето и поддржувањето на учењето кај децата, кај младите и кај возрасните, во градењето на позитивни ставови кон потребата од доживотно учење, како и во сензибилизирање на знаењето како капитал со највисока оплодувачка моќ.
Студиската програма има јасно дефиниран профил, заснован на барањата утврдени од академскиот степен, а од друга страна ги задоволува потребите на општеството, земајќи го предвид пазарот на трудот за овој профил. Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии на образовни науки - училишна педагогија, има за цел да профилира кадри, кои, во согласност со концептот на модерното академско образование за непосредно поврзување на теоријата и практиката, се стекнуваат со знаења и вештини за научно истражување. Согласно со тоа, се појави потребата за акредитација на оваа студиската програма, со цел да им се овозможи на докторантите да се доусовршат во своите практични знаења, за да бидат успешни во реализирање на своите работни задачи, и да си го најдат своето место на пазарот на трудот.

Образованието како феномен и посебно институционалното образование на глобално ниво се наоѓа во постојана криза. Од тие причини развојот на интелектуален капитал во сферата на образованието е исклучително значајна задача на секое општество. Идните доктори на образовни науки – Училишна педагогија со својата експертиза би придонеле во зајакнување на интелектуалните/човечките капацитети во институции кои во својата дејност имаат педагошка компонента.

Програмата за докторски студии **Воспитание и образование во раниот детски развој** на Факултет за образовни науки при УГД, Штип е концепирана како флексибилен сегмент на континуираното учење и усовршување во подрачјето на образовните науки. Студиската програма: Воспитанието и образованието во раниот детски развој се јави како резултат на потребата од креирање на современ систем на едукација на кадар за предучилишно воспитување, раниот детски развој. Квалитетни наставни програми, следење и примена на педагошки иновации, воведување на нови наставни методи, интензивирање на практичната студентска работа, следење на иновативните проекти се некои од основните поставки на кои и се заснова процесот на образование и стручна подготовка на воспитувачкиот кадар, во согласност со новите педагошки парадигми, хуманистички отворениот концепт на образование, индивидуализацијата и социјализацијата, демократската партиципација и кооперативното учење, интеркултуралноста, интердисциплинарниот дискурс, алтернативните педагошки теории правци како и инклузивноста (Хрватич, Пиршл, 2004). Во таа насока е и програмата за докторски студии во областа воспитанието и образованието во раниот детски развој. Студиската програма е иницирана од трендовите кои водат до доближување до земјите од Европската унија, а се однесуваат на:

1. Максимално подобрување и приближување на квалитетот на предучилишното воспитание и образование;
2. Зголемување на квалитетот на иницијалната обука на воспитувачите и стручните соработници;
3. Воспоставување систем за постојано професионално усовршување на кадарот;
4. Воспоставување европски и светски стандарди.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

При изработката на студиските програми голем удел има Одборот за соработка и доверба со јавност на Факултетот за образовни науки во кој членуваат претставници од Наставно-научниот совет на факултетот, претставник од Собранието на Република Македонија, претставник од Стопанска комора на Република Македонија и претставник од локалната заедница кои имаат директна поврзаност со пазарот на трудот и кои учествуваат во давање мислење и одобрување на студиските програми. Одборот е формиран врз основа на Законот за високо образование, Статутот на Универзитот „Гоце Делчев“ и статутот на единицата. Изборот на членовите на овој одбор може да се види во Прилог 2.4.А. Во него се вклучени и членови од редот на студентите, со мандат од една година. Истиот работи на седници од кои има архивирано записници.

Во прилог се дадени одлуки кои се однесуваат на работата на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за образовни науки. Од одржаните состаноци постојат и записници, кои се дадени во Прилог 2.4.Б

Студентите редовно се вклучени во работата на органите, комисиите и работните тела на Универзитетот, избрани преку Универзитетското студентско собрание.

Согласно статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“, студентите преку свои претставници, избрани на Факултетското студентско собрание, се вклучени и во наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки (Прилог 2.4.В). Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10% од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет и се избираат за мандатен период од 2 (две) години. Согласно оваа уредба во работата на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки се вклучени 2 (двајца) студенти.

Студентите имаат свои претставници и во Универзитетскиот Сенат (Прилог 2.4.Г).

**Прилози**

Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма
Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС

| | |
|---|---|
| Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат | |
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Линковите до предметните програми за сите студиски програми со прикажана основна и дополнителна литература се дадени во Индикатор 2.2.

Студиските програми на Факултетот за образовни науки се усогласени со најдобрите странски практики и искуства. Програмите за додипломски студии од областа на образованието (одделенска настава, предучилишно воспитување, педагогија) се изготвени согласно: Националната рамка за квалификации; Болоњската декларација; професионалните компетенции на наставникот; програмите на сродни наставнички факултети од земјата и странство; програмите за основно образование; специфичностите и карактеристиките на учениците од конкретната возраст, можностите за хоризонтална и вертикална мобилност на студентите.

На пример: Студиската програма по одделенска настава е направена според примерот на студиските програми од соодветната област на реномирани европски и светски универзитети, при што е водена сметка таа да биде во склад со нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование така што овозможуваат споредливост со програмите на високообразовните установи на тој простор.

При изготвувањето на студиска програма на одделенска настава беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Цио Тонг Универзитетот од Шангај. Особено внимание беше посветено на анализа на студиските програми од:

1. Студиската програма по одделенска настава на Универзитетот во Гронинген, кој е на 65. место на Шангајска листа:
    - линк: http://www.rug.nl
    - http://www.shanghairanking.com/World-University-Rankings/University-of-Groningen.html *
2. Студиската програма по одделенска настава на Универзитетот во Белград, кој е на место 343 на Шангајска листа:
    - линк: http://www.bg.ac.rs
    - https://cwur.org/2018-19/University-of-Belgrade.php
3. Студиската програма по одделенска настава на Универзитетот во Загреб, кој е на 463. место на Шангајска листа:
    - линк: http://www.unizg.hr/homepage/

При изготвувањето на студиска програма на одделенска настава исто така беа анализирани и водечки универзитети и институции од регионот:

Студиската програма по одделенска настава на Универзитетот во Љубљана место 403-510

- линк: http://www.uni-lj.si/
- http://www.shanghairanking.com/World-University-Rankings/University-of-Ljubljana.html *

(* **напомена**: наведената студиска програма е работена во периодот 2020 година, и истата е акредитирана од учебата 2021/2022 затоа дел од линковите кои се горе наведени постои можност да не се активни, поради нивно тековно ажурирање (Шангајска листа));

Студиските програми се втемелени на резултатите (исходите) од учењето. Тоа значи, образованието кое се однесува на научните спознавања треба секогаш да биде во комбинација со знаењата и вештините кои се специфични за предметното подрачје во склад со „Зелениот документ за образование на наставникот во Европа“ (Green Paper on Teacher Education in Europe, Buchberger, 2000) и со предлогот на Европската комисија за „Заеднички европски принципи за способности и квалификации на наставникот“ (Common European Principles for Teacher Competences and Qualifications, European Commission, 2005).

Како репер за застапеноста на практиката во целокупната студиска програма ги земаме земјите во ЕУ и препораките на сите важни документи и истражувања направени во последните десет години во Европа, каде се препорачува најмалку 50% од вкупната настава - акцентот и фокусот на студентот да биде ставен на практичните активности, а во последната година од студиите и 70% е практиката во земјите во ЕУ.

Факултетот за образовни науки заедно со работни групи од сите факултети во Македонија, врз основа на добиени резултати од сопствени истражувања (користена методологија на TUNING проектот) и искуствата добиени од проектот за модернизација на програмите за иницијална подготовка на наставници/воспитувачи во согласност со

Болоњскиот процес – Креативна настава и учење, подржан од УСАИД и Фондацијата – Институт отворено општество - Македонија, работеа на изготвување на листа на компетенции и обновување на студиските програми за предучилишно воспитание и образование.
Во тој контекст посебно значајни се искуствата кои ги добивме од Педагошкиот факултет при Универзитетот во Љубљана (од каде се добија и позитивни рецензии за студиските програми на факултетот), заклучоците што во европски рамки се претставени како „нови компетенции“ (“new competences now expected of teachers“, Eurydice,) и препораките за образование на наставниците изнесени во Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование – Р Македонија (2007).

Во прилог се линкови од Предметни програми (силабуси), од студиските програми на прв циклус, со прикажана основна и дополнителна литература
https://fon.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/preducilisna-predmetna.pdf
https://fon.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/odelenska-predmetna.pdf
https://fon.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/pedagogija-predmetna.pdf
https://fon.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/istorija-predmetna.pdf
во реализацијата на наставата по одделните студиски програми во последните години вклучени се повеќе наставници, кои може да се видат во Прилог 2.5.А.

**Прилози:**
Прилог 2.5.А. Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните, односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Студиските програми на прв циклус на студии се организираат како редовни четири годишни (осум семестрални) студии, со **240 ЕКТС**, со вкупно 40 предмети, плус завршен дипломски труд.
Вкупно задолжителни предмети се 28, а изборни предмети 12.
Вкупен број на ЕКТС од наставните предмети (Задолжителни + изборни наставни) (176+ 48) = **224**
Вкупен број на ЕКТС од практична настава (втор + четврти + шести + осми семестар) (2 + 2 + 2 + 4) = **10**
Во студиската програма: одделенска настава, предучилишно воспитување, педагогија и историја и археологија, предметот Практична настава се предвидува како задолжителен предмет и тоа во прва, втора и трета студиска година, во летните семестри со практична настава на студентите во соодветни институции (градинка, училиште, студентски/ училишен дом, музеи, библиотека, архив и сл.).
Практичната настава се изведува под надзор на ментор од високообразовната установа кој одговара за успешно реализираната практична настава, а студентот води дневник за истата.
По завршувањето на обврските во рамките на практичната настава студентот се стекнува со **2 ЕКТС.**
Во осми семестар студентите како задолжителен предмет реализираат практична настава - Педагошки стаж (на студиските програми одделенска настава, предучилишно воспитување и Педагогија) и Практична настава-интердисциплинарен проект (на насоката Историја и археологија). По завршувањето на педагошкиот стаж студентите добиваат потпис и **4 ЕКТС.**
Последниот семестар студентите изработуваат дипломски труд кој носи **6 ЕКТС.**
Реализацијата на практичната настава е документирана, односно студентите во зависност од насоката на која студираат и во рамките на специфичноста на студиската програма активностите за време на реализацијата на практичната настава ја евидентираат во дневници кои се доставуваат на увид од предметниот наставник на Факултетот. Од прегледот може да се заклучи дека студиските програми на прв циклус на студии нудат доволен број часови за практична настава и предвидени активности за изградување на потребните компетенции.

Студиите на втор циклус се едногодишни, односно носат 60 ЕКТС распоредени по 30 ЕКТС во 2 семестри.

На студиските програми **Образовни политики и образовен менаџмент, Образование на наставници и професионален развој, Педагогија, Методика** и **Историја, митови, идентитети** има по вкупно 7 предмети од кои 5 се задолжителни, а 2 се изборни предмети кои студентите ги избираат од листата на понудени предмети. Последниот семестар студентите изработуваат магистерски труд кој носи 12 ЕКТС.
Согласно законските одредби студиите на наведените студиски програми се структурирани низ задолжителни предмети (71.43%), факултетски изборни предмети (28.57%) и магистерски труд.
Оптовареноста за задолжителни предмети изразена преку ЕКТС е 36, а за изборните предмети е 12.
На студиската програма **Втор циклус специјалистички студии за стекнување на наставнички компетенции**, студиите се едногодишни, односно носат 60 ЕКТС распоредени по 30 ЕКТС во 2 семестри. Програмата има вкупно 8 предмети, од кои 6 се задолжителни и 2 изборни. Вториот семестар студентот изработува специјалистички труд, кој носи 12 ЕКТС.
Оптовареноста за задолжителни предмети изразена преку ЕКТС е 36, а за изборните предмети е 12.

Студиите на трет циклус на студии се тригодишни, а се остваруваат 180 ЕКТС распоредени по 30 ЕКТС во 6 семестри.
Во студиските програми: Училишна педагогија и Воспитанието и образованието во раниот детски развој предвидени се вкупно 17, од кои 14 се задолжителни предмети, и 3 изборни предмети.
Оптовареноста за задолжителни предмети изразена преку ЕКТС е 40, а за изборните предмети е 15. Исто така, студентот има обврска да изработи и јавно да брани докторски труд, којшто се вреднува со 30 кредити. Оценувањето на трудот се врши со две описни оценки: „го одбранил"/„не го одбранил" докторскиот труд. Дополнителните активности предвидени со ЗВО се:
- втори семестар: Подготовка на пилот истражувачки труд- 5 ЕКТС,
- трети семестар: Презентација на пилот истражувачки труд- 30 ЕКТС,
- четврти семестар: Подготовка и поднесување на пријава за тема на докторски труд и истражување- 10 ЕКТС, Учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со сертификати за учество - 10 ЕКТС, Објавувањето на труд во референтна научна публикација- 10 ЕКТС,
- петти семестар: Меѓународна мобилност најмалку еднонеделен престој – 10 ЕКТС, Учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со сертификати за учество- 10 ЕКТС, Објавување на труд во референтна научна публикација- 10 ЕКТС.
- Шести семестар: Јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект- 30 ЕКТС.

Наставата е организирана преку циклуси на предавања, вежби, индивидуална работа на студентите, изработка на самостојни научни и стручни трудови и нивна презентација, преку самостојна истражувачка и преку менторско-консултативна работа.

На Факултетот за образовни науки се остварува и акредитирана програма: **Програма за педагошко-психолошка и методичка подготовка.** Право на запишување за педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) имаат кандидатите кои се стекнале со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно студии кои немаат наставна насока. Педагошко-психолошката и методска подготовка се организира во траење од еден семестар (30 ЕКТС). Програмата е составена од:
- 3 (три) задолжителни предмети: Педагогија, Психологија и Методика, кои носат по 5 ЕКТС, вкупно 15 ЕКТС.
- 2 (два) изборни предмети, кои се избираат од следната листа на изборни предмети: Училишна докимологија, Училишна организација, Етика во образованието, Методика на воспитна работа, Педагошка комуникација, Инклузивно образование и Интеркултурно и мултикултурно образование, кои носат по 4 ЕКТС, вкупно 8 ЕКТС
- 45 - дневна задолжителна практична настава која слушателот ја изведува во основните или средните училишта, по чие завршување студентите се здобиваат со 7 ЕКТС.

Обврските на кандидатите кои ја следат наставата согласно оваа програма се различни и содржински богати. Заеднички обврски за сите предмети (задолжителни и изборни) предвидени со оваа Програма се: предавања, вежби, изработка на проектни задачи, есеи, проектни активности, изработка на домашни работи и сл., во обем утврден со предметната програма, согласно со акредитираната Програма за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка. Обврските кои се однесуваат на практичната настава се документираат и евидентираат во дневник кој понатаму се процесуира до одговорниот наставник на Факултетот.

Во рамките на одделни предмети во наведените студиски програми на Факултетот за образовни науки, студентите реализираат практична настава, методичка практика, хоспитации во поголем број на институции / установи со кои факултетот има склучено договори за соработка. Имено во рамките на студиските програми: одделенска настава, предучилишно воспитување и педагогија, студентите во текот на годината континуирано реализираат практична настава и методичка практика во детските градинки ЈОУДГ „Вера Циривири Трена" и ЈОУДГ „Астибо", основните и

| | |
|---|---|
| средни училишта во општина Штип, Центарот за социјална работа и ученичкиот и студентски дом кои се лоцирани во општина Штип.<br>Студентите од студиската програма историја и археологија својата практична настава ја реализираат во основните и средни училишта, Национална установа -Музеј.<br>Дополнително, соработка во рамките на овие активности студентите остваруваат во останатите установи во рамки на општината, но и пошироко: археолошки локалитети, Национална установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ Штип, Општина Штип, ОМЦ „Киро Глигоров“ и сл.<br>Подетални информации за установите со кои Факултетот има склучено меморандум за соработка може да се најдат во точка 9.4.<br>За опфатените години во овој извештај од самоевалуација, Факултетот за образовни науки нема извршено избор на ментор на генерација на факултетот. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.6.А Извештај за реализирана практична настава – од е-индекс за реализирана практика. | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[1] |
| Информациите за студиските програми се објавени на веб - страницата на ФОН:<br>https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus<br>https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus<br>https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/dokvalifikacija<br>https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/tret-ciklus | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Според Законот за високо образование, акредитацијата на студиските програми на сите три циклуси се врши на секои пет години. Студиските програми на Факултетот за образовни науки во поставениот период од пет години се ревидираат и подобруваат за да се постигнат поставените цели, но и да се биде во тек со најновите технологии, како и да се задоволат потребите на студентите и бизнис заедницата. Заради специфичноста на природата на студии во насока на интердисциплинарност од една страна како и карактеристиките на наставничката професија и иновациите во воспитно-образовните институции, студиските програми на сите три циклуси, како и секоја предметна програма ги следи промените и потребите во заедницата и истите ги надоградува во континуитет, паралелно и во чекор со промените, барањата и потребите на останатите образовни институции на сите нивоа што упатува на следење на синтагмата доживотно учење и континуиран прогрес. Впрочем тоа се чекори препознатливи за Факултетот во деценискотo работење и силната рефлексија на оспособеноста на студентите за активна партиципација и солидна подготвеност за професијата во широката заедница.<br>Во периодот на самоевалуација, акредитирани беа сите **студиски програми од прв циклус**: Предучилишно воспитување, Одделенска настава, Педагогија и Историја и археологија, **студиските програми од втор циклус**: Образовни политики и образовен менаџмент, Историја, митови, идентитет; Образование на наставници и професионален развој; Методика; Педагогија и Специјалистички студии за стекнување на наставнички компетенции, и **студиските програми од трет циклус**: Воспитание и образование во раниот детски развој и Училишна педагогија.<br>Наставникот и соработникот по секој предмет користи евидентни листови во кои се содржат информации за тоа кои студенти ја посетувале наставата во одредените денови за тоа. Секој присутен студент го евидентира своето присуство со потпис на евидентниот лист во колоната предвидена за даденото предавање/вежби. Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.8.А Пример на евидентен лист од еден предмет | |

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

**Е-индекс** електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни подсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии, и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие подсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации, и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.
Статистичките податоци со бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оценки на положување по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 дадени во Прилозите 2.9.А, 2.9.Б. и 2.9.В.
Прилог 2.9.Г дава SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 2.

**Прилози**
Прилог 2.9.А. Листа на студенти кои го напуштиле студирањето заедно со причината за напуштање на студиите
Прилог 2.9.Б. Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за секој циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет
Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени студенти, број на положени студенти, како и просечна оценка на положување
Прилог 2.9.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица.<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.
На Универзитетот „Гоце Делчев", квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот, како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет.
Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб страницата, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.
Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни

и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.
Понатаму, универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.
Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20% од финалната евалуација на студентите.

Формите за реализирање на воспитно-образовниот процес се типични за Факултет за образовни науки, со исклучок за периодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, застапени се формите на настава од типот на предавања и вежби во предавални, практична настава со студентите во соодветни образовни институции (детска градинка, основно и средно училиште, студентски и ученички домови, центри за социјална работа, музеи, библиотеки и археолошки локалитети), проектни активности и работа во групи, работа со меѓународни проекти, воннаставни активности (активна партиципација во научни собири организирани од факултетот, новогодишни претстави за деца, ликовни изложби, музички работилници, учество во воннаставни активности во и надвор од институцијата. Во рамките на наставата по одделни предмети се применуваат и други методи, форми и стратегии на наставна работа како метод на симулација, метод на играње на улоги, текст-метода, тандемска форма, индивидуална форма на работа, индивидуализиран пристап во наставата, проблемско учење со цел да се обезбедат услови за активна партиципација на студентите во процесот на настава и стимулативна средина за учење. Активното вклучување на студентите во наставата не е само во етапата на реализација туку и во препаративната и верификативна етапа од наставата од аспект на подготовка и планирање како и евалуација, меѓусебна евалуација и самоевалуација на реализираните активности. На тој начин студентот има статус на субјект, партнер и соработник во наставата. Овие стратегии на работа се функционални во делот на поттикнување на креативноста и иновативноста кај идните воспитувачи, педагози и наставници.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата, каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.
На Факултетот за образовни науки наставата се изведува генерално во форма на предавања – теоретска настава и/или вежби (лабораториски, аудиториски), проектни задачи и тимска работа во зависност од циклусот на студии. На трите циклуси на студии предвидени се и други форми на активности, како на пример, некои предметни програми вклучуваат и проектна задача, самостојна задача и домашни задачи. Во зависност од предметната програма се користат и повеќе методи на учење, како на пример, дискусија, анализа на случај, бура на идеи, следење на настава, индивидуално учење, презентација (подетални информации за секој наставен предмет може да се види во елаборатите).
Различните методи и форми на изведување на наставата кои се спроведуваат во образовниот процес, на студентот му овозможуваат да се стекне со различни вештини: писмено и усмено комуницирање, работа со компјутер и лабораторија, работа во група, подготовка на проекти, разрешување на проблеми, менаџерство и анализа на стручна и научна литература.
Во студиските и предметните програми на Факултетот за образовни науки посебно внимание се посветува и на реализација на педагошка и методичка практика, која подразбира посета и детално запознавање со организациската поставеност и работата на предучилишните установи, основните и средните училишта во градот со кои факултетот има потпишано меморандум за соработка. Практичната настава на студентите во рамките на

| |
|---|
| наведените институции се реализира преку посета и набљудување, но и преку реализирање на часови во менторските училишта и градинки под менторство на нивните предметни наставници и менторите од училиштата. Доколку на одредена студиска програма има мал број на запишани студенти (помалку од 5), наставата не се реализира според постојниот распоред на часови т.е. таа се реализира менторски. Така секој наставник, наставната програма од својот предмет ја изведува преку договор со студентот/студентите. Но, сепак и тогаш се користат предавалните зависност од специфичностите и потребите на наставниот предмет. Најчесто менторската настава е застапена на студиската програма Историја и археологија од прв циклус и на изборните предмети од втор и трет циклус, со препорака да се реализираат барем 6 менторски средби од консултативен карактер.<br>Карактеристично за Факултетот е тоа што наставата се изведува и надвор од објектот, во други институции од општествен карактер согласно барањата, содржините и целите на одделни предметни програми. Особено треба да се истакне дека студентите во тие наставни ситуации учат и стекнуваат компетенции од „скриениот курикулум“ (планирање, организација, реализација и евалуација) на наставата во други објекти што говори за активно партиципирање и креирање на сопствениот корпус на знаења и умеења. |
| **Прилози:**<br>/ |

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

| |
|---|
| Примери за вклученост на студентите во проекти:<br>Наставата на Факултетот за образовни науки е базирана на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот, со цел стекнување на нови знаења, но и развој на вештини и компетенции на студентите. За таа цел студентите од нашиот факултет континуирано се вклучуваат во разновидни активности кои им нудат можност да ги имплементираат своите претходно стекнати теоретски знаења, кои се од исклучителна важност за понатамошен влез во професијата. Во прилог се дадени линкови од неколку активности во кои студентите активно беа вклучени.<br>Новогодишна претстава (2023) Факултетот за образовани науки при УГД во соработка со Технолошко-техничкиот факултет подготвува новогодишна претстава за деца насловена „Девојчето и дванаесетте месеци“.Претставата е наменета за најмладите од 3 до 10 години, а станува збор за продукт на студентите од Факултетот за образовни науки, во соработка со студенти од Технолошко-техничкиот факултет и Филолошкиот факултет. Линк: https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/145-novogodishna-pretstava-za-deca-na-ugd<br><br>Практични активности на студентите од Факултетот за образовни науки, во рамките на соработката со НВО Лоја од Тетово, каде работат на дополнителна теоретска и практична едукација на своите знења и вештини. Станува збор за активности во рамките на проектот „Втемелување на мултиетничката младинска работа во наставната програма на универзитетите за идните наставници" . Линк: https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/139-studentite-od-fon-pokraj-teoretska-nastava-posetuvaat-i-obrazovni-institucii-i-vo-stranstvo<br><br>2022 год. Студентите од Факултетот за образовни науки, во рамките на соработката со НВО Лоја од Тетово, работат на дополнителна теоретска и практична едукација на своите студенти. Станува збор за активности во рамките на проектот „Втемелување на мултиетничката младинска работа во наставната програма на универзитетите за идните наставници".Во рамките на овој проект кој започна од 2008 година, секоја година студентите имаат теоретска обука од проф. д-р Даниела Коцева, проф. д-р Снежана Мирасчиева и проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева. Покрај теоретските предавања селектираните студенти одат на дополнителни обуки кои се реализираат од страна на НВО „ЛОЈА“ во траење од 5 дена во Охрид. Имаат основен курс и напреден курс на обуки.Линк: https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/139-studentite-od-fon-pokraj-teoretska-nastava-posetuvaat-i-obrazovni-institucii-i-vo-stranstvo<br><br>Во рамките на проектот за медиумска писменост на УСАИД, „Младите размислуваат“, ИКС и ИРЕКС, Факултетот за образовни науки започна со реализација на активностите на проектот за медиумска писменост. Цел е подобрување на предметната програма „Образованието и медиумската култура“, подигање на свеста за значењето на медиумите кај младите луѓе. Предложените активности имаат за цел развивање компетенции и вештини кај студентите за пристап до различни форми на медиумски содржини, способност за критичка анализа на медиумска содржина, како и вештини за продукција на медиумски содржини. Пристапот е интердисциплинарен |

и вклучува повеќе предметни програми во кои ќе се креираат теми од областа на медиумската писменост. Линк: https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/135-fon-med

Студенти на програмата по историја на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип учествуваа на семинар насловен „Градење на капацитетите на младите историчари за справување со блиското минато“, организиран од Асоцијацијата на наставници по историја на Македонија (АНИМ), кој се одржа од 25 до 27 ноември 2022 год. во Охрид. Од нашиот факултет учествуваа тројца студенти, како и еден студент по историја (IV година) од Универзитетот во Бартин, Турција, кој е на размена на Универзитетот во Штип преку програмата Еразмус. Линк: https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/103-gradenje-istorija

17 ноември 2022 год. Факултет за образовни науки, УГД - Штип и здружението „Пријатели на Образованието“ организираа работилница на тема: „Интердисциплинарно учење базирано на игра и роботика“. Во работилницата беа вклучени и студенти од Факултетот за информатика при УГД, Штип. Покрај примената на роботиката врз основа на интердисциплинарно учење базирано на игра во одделенската настава, се промовираа и успешни примери од современите методолошки пристапи од модерната педагогија во процесот на креирање на квалитетни дигитални образовни игри, апликации наменети за ученици од одделенска настава. Линк: https://www.facebook.com/photo/?fbid=580726694055215&set=a.527728242688394

Во периодот од 21-27 април, 2023 година, студенти на студиската програма историја со археологија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, заедно со НУ - Завод за заштита на спомениците на култура и Музеј – Струмица, учествуваа на проектот „Културно наследство и дигитална иднина“, организиран и финансиски поддржан од програмата Еразмус + на Европската Унија и проектот "DIGI heritage NOW - Digital Heritage - New opportunities for the growth of the cultural sector", како и нивните партнери The Association " Vola Open Mind" – Bulgaria и SC IPA SA – Romania. Проектот се одржа во Бугарија, а од нашиот факултет учествуваа 4 студенти. Линк: https://www.facebook.com/photo/?fbid=729737572487459&set=pcb.729744339153449

Учество на тројца студенти од студиската програма Историја и археологија на проектот „Резиденцијални објекти“ на археолошки локалитет Стоби, 2022/2023 година.
Учество на студенти од студиската програма Историја и археологија во проектот „Римски театар“ на археолошки локалитет Стоби, конзервација и реставрација, 2022-2023 година.

Факултетот за образовни науки во соработка со НВО„ЛОЈА“ го имплементираа проектот „Втемелување на Мулти-етничка младинска работа во наставната програма на Универзитетите за идните наставници“. Имено, самиот проект беше спроведен преку теоретска обука од страна на стручни лица со интерактивни методи и техники, кои придонесоа студентите врз основа на теоретски сознанија и практични искуства да изградат поинаков поглед кон светот. Линк: https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/102-informacija-nvo-loja

Студентите од Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ одржаа практична настава во Универзитетските медиуми. Студентите имаа можност да се запознаат како функционираат медиумите, да го видат процесот на креирање и дистрибуција на вести и да поразговараат со новинарите и медиумските работници на темите поврзани со медиумска писменост, медиумската етика и лажните вести во интернет просторот. Посетата се одвиваше во рамките на предметот Образованието и медиумската култура.
Линк: https://www.facebook.com/photo/?fbid=686441934834648&set=pcb.686444363483447

14 Мај 2024 год. Факултетот за образовни науки е организатор на музичко-ликовен проект со наслов „МУЗИКАТА ВО МОИТЕ ЛИКОВНИ ТВОРБИ“, како израз на моите емоции. Учесници во проектот се студенти од Факултетот за образовни науки и Музичката академија при УГД - Штип. Проектот се состои од три дела од кои во првиот дел се цртаат ликовни творби на зададена музика и самостојно одбрана музика (т.н. семејна музика) од учесниците во проектот. Вториот дел е замислен како музичко ликовна работилница која ќе се состои од два дела и тоа сликање во ликовна техника по избор на учесниците, но на зададена музика. Соработник на овој проект е Детскиот центар за уметничко изразување и музикотерапија ЏУНЏУЛЕ од Скопје, а ментори на проектот се проф. д-р Томислав Таневски и проф. д-р Никола Смилков.
Линк: https://www.facebook.com/photo?fbid=998865228908024&set=pcb.998865705574643

На 13.05.2024 во просториите на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се одржа работилница со студенти на тема: „Медиумска писменост во ерата на вештачка интелигенција”. Работилницата се реализираше во рамки на истоимениот проект кој е подржан од Амбасадата на САД и Центарот за иновации и дигитална едукација Диг-Ед. Поддршка за реализација на работилницата дадоа професорките д-р Соња Петровска и д-р Деспина Сивевска.
https://www.facebook.com/photo?fbid=999925162135364&set=pcb.999925232135357

16-20 септември 2024 год. Студенти од Факултетот за образовни науки беа во посета и престојуваа во Шведска, во Стокхолм и во Упсала. Оваа студиска посета им овозможи на студентите да видат, посетат и разменат искуства со други институции како што се педагошките факултети, музеи, невладини организации кои работат во областа на решавање конфликти и човекови права, инклузивност, мултикултурализам, деца со попреченост и сл. Студиската посета е во рамките на проектот:
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/184-shvedska-preku-prizmata-na-studiskata-poseta-na-studentite-od-fon

Специфичноста на студиските програми на ФОН се однесува и на „скриениот курикулум". Како вовед во професијата *учител* студентите во текот на студиите активно се вклучуваат и во разновидни настани кои се реализраат во рамките на Факултетот за образовни науки, настани од типот: активно учество во организиционен одбор на конференција, бројни работилници од страна на наставниот кадар на ФОН и сл.
Вклученоста на активности од ваков тип им овозможуваат на идните учители да стекнат искуства од организациски карактер, јавен настап кои активно може да ги пренесат во усовршување на својата педагошка практика: организирање на активности во промоција на јавната и културна дејност на училиштето/ градинката, организирање на воннаставни активности (екскурзии, излети, посети, водење секции и сл), посети со ученици на установи и институции во рамките на наставно-предметните активности и сл.
Пример на активности во кои студентите имаат земено свое активно учество: Денови на инклузија; Научно-стручна трибина по повод денот на учителот 5-ти октомври, Отворање на историско катче; Промоција на книги; Отворени денови на факултетот, Ликовно-музичка работилница на тема: Музиката во моите творби; Собир: Списанијата-сведоци на состојбите во науката.
Подетални информации за сите наведени, а и останати активности во кои се вклучени студентите, може да се најдат на следниве линкови:

https://www.facebook.com/profile.php?id=100063536680630
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti

Во периодот од 2020 до 2022 година поради воведувањето на посебни мерки поради Ковид пандемијата наставата на Факултетот за образовни науки, и воопшто на Универзитетот „Гоце Делчев", се одвиваше онлајн. Како резултат на пандемијата од страна на Светската здравствена организација, Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/2020, 116/2020, 134/2020 и 149/2020).
Согласно Уредбата, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев" донесе Правилник за начинот на реализација на дејноста на Универзитетот и единиците во неговиот состав. Во периодот на пандемијата наставата на сите единици, вклучувајќи го и Факултетот за образовни науки се реализираше онлајн преку платформата на Microsoft Teams. Како технички проблеми при одржувањето на онлајн наставата можеме да ги наведеме проблемите со конекцијата, брзината на интернетот и пад на системот во случај на поголем број на вклучени хостови, односно студенти.

При крајот на пандемијата Универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознати со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.5.1) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување" (Член 34-39) и „Завршно оценување" (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на сумативно оценување со кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиуми носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум од 7 поени, и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитни активности и

дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:
- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:
- 10 (А) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (В) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (С) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (Е) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.
Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.

Дополнително, оценувањето кај предметот **Практична настава** кој се слуша втори, четврти и шести семестар, на студиските програми од прв циклус се изведува описно (реализирал/не реализирал) во е-индекс.
Кај предметот **Практична настава-интердисциплинарен проект**, кој се слуша во осми семестар, за сите студиски програми од прв циклус, оценувањето во е-индекс се спроведува описно (реализирал/не реализирал).
Практичната настава која се реализира од областа на студиската програма е усогласена со:
- Правилник за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите („Службен весник на Република Македонија" бр.71/09 и 120/10), и
- Правилник за реализирање на практична настава за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 28/13).

Практичната настава се изведува под надзор на ментор од високообразовната установа кој одговара за успешно реализираната практична настава, а студентот води дневник за истата.
Специфичноста на професијата учител бара и поинакви пристапи во рамки на оценување на студентите, а паралено на тоа активности преку кои се овозможува проширување и примена на знаењата и вештините на студентите во однос на оценување/ евалуирање на активностите поврзани со подготовка, планирање и реализирање на воспитно-образовни и наставни активности, како и самоевалуација на својата воспитна практика со цел нејзино континуирано подобрување. Така во делот на реализација на методиките – студентите реализраат методичка практика, хоспитации; самостојна домашна работа во рамки на соодветната предметна програма, континуирано самостојно и со помош на предметните наставници креираат активности кои се видливи (подготовка за час/ воспитно-образовна активност, изработка на индивидуален образовен план (ИОП), изработка на нагледни средства соодветни на возраста на детето/ученикот и предметот во чии рамки се остварува активноста, диференцирана групна работна задача и сл.). Повеќе од потребно е да се напомене дека активностите на студентите и нивната ангажираност ги следи во чекор промените и во наставните програми во училиштата каде реализираат практична настава.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А Табела со методи за испитување и оценување на студентите по предмети и студиски програми (од елаборатите (точка 18 и 19) во прилог 3).

| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
|---|---|

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:
- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.5.А-3.5.Д).
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Ѓ)

- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Е)
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Ж)
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.З)
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.S)
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи..
Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб - страницата на Универзитетот.

**Прилози:**
Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии
Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти
Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во ШтипПрилог 3.5.Г. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски
студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Д. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за затворање на пријави во е-индекс
Прилог 3.5.Е. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Ж. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд
Прилог 3.5.З. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело
Прилог 3.5.S. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

На Факултетот за образовни науки, како дел од интегрираниот Универзитет „Гоце Делчев“ има изготвено детална регулатива (акти) каде се наведени информации, детални објаснувања за оценување, вреднување и различни пристапи кои се користат за секоја студиска програма.
Согласно вака поставена правна рамка постои одредена можност студентите да добијат повратна информација за остварените резултати која се гледа во е-индекс, а истовремено студентот добива и известување на студентската е-пошта. Соодветно на ова студентот има можност навремено да реагира за оценката.
Кај студентите кои повеќе од 3 (три) пати несупешно го полагат пријавениот испит, системски е решено/регулирано да се формира комисија од тројца професори (соодветна на предметното подрачје од кое полага студентот).
Конечната оценка се евидентира во електронски индекс.
Во периодот на пандемијата, како и во исклучителни случаи по барања на студенти кои по некој основ се спречени лично да се јават на испит (болест, работа, странство и сл.), а истите се одобрени од членовите на ННС (се донесува одлука на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот), полагањето на испитите се реализира на платформата Теамс. Истата нуди можност за електронско снимање на полагањето, кое може да се користи како увид за реализираната активност.
Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за поседлните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.
Она што е специфично во работата на Факултетот а е во контекст на евалуацијата, интересно е да се спомене и дека студентите се поттикнуваат на критичко размислување, самокритичност, самовреднување како и меѓусебно вреднување низ разни активности за време на наставата, најчесто во рамките на одделни предметни програми и наставата реализирана од предметниот наставник.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; |

| | |
|---|---|
| жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.1) во член 31 - 32 и член 94.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.1) во член 297 и член 34.
- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А)
- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б)

Исто така, универзитетот има дефинирано:

- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)
- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите. („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)
- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (“ Универзитетски весник“ бр. 46/ 20)

Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.

Факултетот за информатика во академските 2021/22, 2022/23 и 2023/24 година нема пријави за корупција.

Прилог 3.7.В дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3.

**Прилози:**

Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22

Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22

Прилог 3.7.В: SWOT - анализа за исполнетост на стандард 3

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 4.1 Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |

Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.5.А-3.5.Д). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.

Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:

- Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)
- Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)
- Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)
- Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).

Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:

- Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)
- Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)
- Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/).

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите.<br>Доказ дека системот е функционален. |

**Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на било кој факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) може сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма, и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д)), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси, и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).

Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.

Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| Прилог 4.2.1. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти<br>Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар<br>Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА<br>Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)<br>Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)<br>Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018 | |
| 4.3 Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години |
| На универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но, и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.<br>Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).<br>По завршување на размената, продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е – индекс за реализација на активностите на студентот во системот за е – индекс.<br>На Единицата, во периодот на самоевалуација, нема студенти кои искористиле Еразмус+ мобилност (Табела 4.3.Г).<br>Исто така, во периодот на самоевалуација, 17 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Д). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип<br>Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмскои партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип<br>Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи<br>Прилог 4.3.Г. Листа на студенти кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години<br>Прилог 4.3.Д. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години | |
| 4.4 По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |
| Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).<br>Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.<br>Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.<br>Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, | |

| |
|---|
| просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности,(dr.sc,PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии<br>Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страница содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страница ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.<br>Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).<br>Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).<br>Прилог 4.4.Г дава SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 4. |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018<br>Прилог 4.4.Б Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома<br>Прилог 4.4.В Транскрипт на оценки<br>Прилог 4.4.Г. SWOT- анализа за исполнетот на стандард 4 |

## Стандард 5 - Наставен кадар

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презиметона вработеното/ангажираното лице). |
| На Факултетот за образовни науки (2023/2024) има 21 наставник, од кои 16 редовни професори, 3 вонредни професори, еден насловен вонреден професор и еден насловен доцент. За реализацијата на студиските програми на Факултетот за образовни науки во периодот на самоевалуација ангажирани се 13 наставници од другите единици на Универзитетот , еден визитинг професор како и 4 истакнати стручни лица од практика. Биографиите на наставниот кадар во Europass формат на англиски и македонски јазик се дадени во Прилог 5.1.А, а одлуките за нивниот последен избор во звање во Прилог 5.1.Б. | |

Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците. Постои тренд на намалување на наставниот кадар поради заминување во пензија, но, уште позагрижувачки е состојбата на непостоење на кадар во соработнички звања што се должи на недоволниот број нови вработувања. Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научна област од Фраскатиевата класификација на научно -истражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 91 од 19.4.2024 година) во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања. Прилог 5.1.В дава преглед на предмети кои кадарот ги предавал во периодот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Прилог 4 (со информации за последните три години
Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет
Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии, односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице, како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата /трудот. |

Наставниот кадар на Факултетот има публикации во референтни научни изданија во последните пет години кои се во функција на развојот на квалитетни студии, ефективна настава и научната област на која припаѓаат со објавени 173 трудови кои се во индексирани списанија и списанија кои подлежат на меѓународна рецензија во периодот на самоевалуација. Во категорија а) од чл.2.т.24 која се однесува на публикации објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование се публикувани 55 трудови, во втората категорија која се однесува на научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови се публикувани 62 трудови. Третата категорија се однесува на публикации објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД каде во одредениот период се публикиувани 10 трудови, а во четвратата категорија д има објавено 7 трудови. Категоријата која се однесува на публикации објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји во одредениот период има публикувано 39 трудови.

**Прилози:**
Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години
Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[2];*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети

Факултетот за образовни науки има **19 наставници ангажирани во редовен работен однос,** еден насловен доцент и еден насловен вонреден професор. Дополнително, за квалитетна реализација на студиските програми од прв циклус академски студии, вклучени се и наставници и соработници од други единици на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како на пример, на предметите за изучување на странски јазици, предметите од економија, од природни и технички науки и сл. Поради немање на соработнички кадар, најголем дел од наставниците сами ги одржуваат вежбите по нивните предмети. Дополнително, за потребите на квалитетно одржување на наставата се ангажирани истакнати лица од практика.

Оптоварувањето на наставниот кадар е согласно законските одредби. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии) е даден во Прилог 5.3.А. Притоа може да се види дека е водено сметка за членот 161 од страна 9 и 10 од ЗВО и бројот на часовите на наставниот кадар на годишно ниво е соодветно за реализација на квалитетна настава.

Одлуките за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години се прикажани преку анексите на договорите за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар (Прилог 5.3.Б). Извештаите за спроведена настава се во вид на евидентни листови по предмет, каде студентите со потпис ја потврдуваат својата присутност, и истите не се задолжителни да се чуваат од страна на наставниците и соработниците. Еден примерок на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.В), и истата се однесува за зголемен ангажман во администрирањето на даден предмет, и тоа во случај кога еден предмет го слушаат голем број на студенти

Наставниот кадар на Факултетот има балансирана оптовареност согласно законските одредби и е соодветен за реализација на квалитетна настава (Прилози 5.3.А, 5.3.Б и 5.3.В).

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.В), и истата се однесува за зголемен ангажман во наставата.

**Прилози:**

Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии

Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)

Прилог 5.3.В. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Практиката на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој сеприменува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години).<br>Линк до Билтенот во кој се објавени рецензиите за избор на наставниот кадар со број настраница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Од прегледот на ангажираност на наставниците во наставниот процес може да се забележи дека наставниците кои се во редовен работен однос и избрани во наставно-научни звања на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се максимално ангажирани по семестар. Ова донекаде може негативно да се одрази на квалитетот на наставниот процес. Од друга страна, факултетот максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која наставникот е избран. На тој начин се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека на сите Конкурси се пријавил само по еден кандидат (Прилог 5.4.Б) кој ги исполнувал условите согласно Правилникот (Прилог 5.4.А ).

Факултетот за образовни науки согласно Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-

стручни, научни, наставни и соработнички звања, изборот го врши согласно академските квалификации во кореcподенција со утврдените критериуми (Прилози 5.4.Б и 5.4.В).

**Прилози:**
Прилог 5.4.А.Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години
Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтенот на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветниработни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема воустановата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев" има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој се регулира покрај другото и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар.
Факултетот како составна и организациона единица на Универзитетот има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. Факултетот располага со 1300 м$^2$ со 6 предавални, 7 кабинети за наставниот кадар, 3 канцеларии за ненаставен кадар и 2 простории за работа на органите и телата на високообразовната установа и една сала за состаноци која всушност е просторија со мултифункционална употреба како промоции, научно-стручни средби, јавни одбрани на дипломски, специјалистички, магистерски и докторски трудови и сл. Исто така, Факултетот располага со две простории во кои се сместени библиотечниот фонд и едната е работна просторија за библиотекар. Што се однесува до информатичко-техничката опременоста на Факултетот, една од просториите е опремена со 30 компјутери, ТВ приемници 3, ЛЦД проектори 6, статични и подвижни, фотокопер апарати 3, две видеокамери, еден клавир и два скенери и една дидактичко опремена училница за потребите на наставата по дидактичко-методичката група на предмети. (Прилози: 5.5.Б, 5.5.Г, 5.5.Д). Факултетот не располага со лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години.

**Прилози**
Прилог 5.5.А. Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема воустановата.
Прилог 5.5.В. Табела со попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање). Табелата се креира доколку ваква опрема е обезбедена во последните 3 години.Не е обезбедена.
Прилог 5.5.Г. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата. Табелата да се креира на ниво на УГД.
Прилог 5.5.Д. Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. Податоците се достапни во претходната самоевалуација на УГД и елаборатите за акредитација на студиски програми од соодветниот факултет.

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој нанаставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А. Воопштено, наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење (https://moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=51), а ги користат платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знаат да креираат квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето. Впрочем, наставниците од Факултетот за образовни науки реализираат обуки и работилници надвор од институцијата во рамките на други воспитно-образовни институции по нивна покана, што е сосема релевантно за специфичноста и компетентноста на наставниот кадар на Факултетот.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи дополнителна вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

За потребите на наставата и за целосна реализација на студиските програми, Факултетот ангажира визитинг наставници, афирмирани уметници и стручњаци од практика од земјата. Ангажирањето е поради недостиг на наставен кадар од областа на општа психологија, социјална психологија и развојна психологија, Методика на наставата по уметности, Музички уметности и науки, и за реализирање на студиската програма археологија, стручно лице од пракса од областите латински јазик и старогрчки јазик. Поради специфичноста на студиските програми од перспектива на практичната настава и поттикнување и развивање на вештини и компетенции ангажира и наставници ментори од воспитно-образовните институции, училишта и детски установи, како и други соодветни институции. За потребите на организацијата и реализацијата на студиските програми и обезбедување на квалитет во наставата, се ангажирани пет наставници од кои еден визитинг професор и четири истакнати стручњаци од практиката од земјата (Прилог 5.7.А и 5.7.Б).

**Прилози**
Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години. Табелата вклучува тип на ангажман, област/предмет и период на ангажман;
Прилог 5.7.Б.Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми во Europass формат.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Научната работа од аспект на јакнење на поврзаноста меѓу наставата и науката на Факултетот за образовни науки се поттикнува преку научно-апликативни истражувања во рамките на проектните активности и задачи како и самостојни диплимски трудови со студентите на прв циклус на студии во институции кои се соработници или членки на Универзитетот. Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев “ ја поттикнува научноистражувачката работа на наставниот кадар, како и на студентите од втор и трет циклус, на различни начини. Прво, за сите нив се доделуваат парични годишни награди и признанија за научни активности, регулирани со Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) и други акти од Индикатор 5.11.

Студентите од втор и трет циклус дополнително се мотивираат, бидејќи со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Б) студентот е обврзан да публикува најмалку два научноистражувачки труда за да се стекне со право за одбрана на магистерски труд.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и вокористењето нови технологии. |

Факултетот дава свој придонес и во делот на иновирање на наставните методи и во користењето на нови технологии на различни начини  Имено, една од основните цели на студиските програми на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“  Штип е стекнување на функционални знаења и умеења и поттикнување и развој на вештини неопходни за наставничката професија  преку примена на методите на активно учење, поттикнување на креативно размислување и критично мислење кај студентите што ќе им овозможи активно вклучување во животот и работата на образовните и други институции и во заедницата воопшто.  Квалитетот на наставниот процес се обезбедува преку воведување интерактивност во наставата, професионален пристап на наставниците, редовна комуникација наставник – студент и континуирано унапредување на наставните курикулуми и согледаните недостатоци во образовниот процес. Факултетот за образовни науки во својата долга традиција како високообразовна институција за подготовка на идни наставници и воспитувачи е типичен репрезент на институција во која низ долгогодишното искуство се поврзуваат теоријата и практиката. Внимание се посветува  и на користење на дигиталната технологија во образовниот процес. Е-системот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се покажа како многу корисна алатка и помош на студентите при нивното студирање. Ажурирањето на материјалите од предавањата и вежбите, како и списоците на препорачана литературата, со цел збогатување и осовременување на наставтна содржина, се активности кои во континуитет ги спроведуваат предметните наставници. Достапните дигитални платформи се трансформираат во практични алатки за унапредување на процесот на настава и учење. Наставниците практикуваат индивидуализирана настава за студенти со посебни образовни потреби, како талентирани и надарени студенти со цел нивна поголема мотивација за поголеми достигнувања и вклучување во истражувачки проекти. Апликацијата Microsoft Teams и Office 365 е основа на која Факултетот го базира он-лајн наставниот процес при изведување хибридна настава.  Студентите во текот на наставата по предметите предвидени со студиските програми се стекнуваат со специфични компетенции и вештини како планирање на време, организација на простор за учење, креирање стимулативна средина прилагодена на возраста на учениците, изработка на дидактички средства за работа. Наставниците ги користат дигиталните платформи за креирање на квизови, групни дискусии од форматот на “world caffe”, а со единствена цел поттикнување на групната соработка меѓу студентите. Пандемијата со КОВИД-19 ја забрза употребата на дигиталните алатки во наставата, а наставниците и студентите ја подобрија сопствената дигитална писменост. Конкретни примери на Факултетот има во континуитет во делот на реализација на практичната настава во другите воспитно-образовни институции во рамките на одредени предметни програми.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |

Универзитетот „Гоце Делчев“ има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Во правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците / учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД”.

Редовна проверка на учебниците / учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма, каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијат: „ Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25%.

Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува”.

Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма.

Проверката за плагијат КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција

Секој учебник / учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијат, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори.
Проверката за плагијатизам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот:
Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk)
Проверката за плагијат на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на Универзитет „Гоце Делчев" ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата. На Факултетот за образовни науки се објавува списанието Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice кое е индексирано во следната база CEEOL: https://www.ceeol.com/search/journal-detail?id=2982 каде трудот се рецензира од двајца анонимни рецензенти од странство.

**Прилози**

Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Универзитетски гласник број 60, страна 98 -107
Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страна 108 -112
Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страна 113 -130
Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научно-истражувачка работа. Индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на тимови од вработените.
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научноистражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да може да бидат индексирани во различни бази.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**

Прилог 5.11.А ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.11.Б ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.В ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Г Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024
Прилог 5.11.Д ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за

| | |
|---|---|
| финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 5.11.Ѓ ПРОГРАМА за наука, 2024 година | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;Релевантни извештаи или препораки |

Усогласеноста на научно-истражувачката работа со локалните, регионалните и националните развојни цели се гледа и од работата на наставно-научниот кадар во многу меѓународни и национални проекти, од објавените трудови во релевантни научни списанија и конференции, како и вклучување и активна паритиципација во меѓународни програмски и организациони одбори на меѓународни научно-стручни собири дадени во индикаторот 5.2. индикатор 3.3. кои се општествено препознатливи и соодветно наградени во земјата и странство.

Факултетот за образовни науки во континуитет ја промовира научноистражувачката работа која кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо- економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. Работата на наставнците е препознатлива и наградувана од заедницата:

- 2022 год. проф. д-р Снежана Мирасчиева, „19 Декември - Св.Никола“ -Признание од Општина Штип, за посебен придонес за унапредување на образованието и науката.
- 2022 год. проф. д-р Трајче Стојанов – спомен-медал од Министерството за култура на Русија „Големиот руски писател Фјодор Михајлович Достоевски 1821–2021 година“, за особен придонес за промоција на руската литература и култура.
- 2022 год. проф. д-р Никола Смилков, „8 Ноември„ награда од Општина Штип за афирмација на културата.
- 2023 год. проф. д-р Кирил Барбареев, Признание и Плакета „Св. Кирил и Методиј“ од Општина Струмица за неговиот личен придонес во унапредувањето на предучилишното и училишното образование.

Прилог 5.12.А дава SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 5.

**Прилози:**

Прилог 5.12.А. SWOT анализа за исполнетост на стандард 5

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години<br>Финансиски извештаи од претходните три години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот. Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А), а динамиката на вкупниот буџет на универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.

Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25% од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55% и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**
Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН. Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго). Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од МОН е 45% од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2%.
**Средства од сопствени приходи**
Средства од сопствените приходи се, исто така, стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава. Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 -2021 година изнесувала 38.71%, додека за период 2021-2024 изнесува 38.25%.
**Средства од научни проекти**
Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти.
Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД. Зголемувањето и стабилност во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напорите на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учество на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5,5 % од буџетот на УГД. Според податоците за просечната процентуалната застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4.1% , додека за периодот на евалуација од 2021-2024 година изнесуваат 5,.5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.
**Средства од апликативни проекти**
За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.
Процентуално просечните приходите во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56%, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17%. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата, како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор –*
Факултетот за образовни науки располага со вкупен простор од 1300 $m^2$, кои се во сопственост на универзитетот.
Наставната програма се одвива во 6 предавални кои имаат вкупна површина од 625 $m^2$ и вкупен капацитет од 251 седишта. Факултетот располага со 7 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 200 $m^2$ и капацитет од 20 седишта. Во една од предавалните на Факултетот има адаптиран простор за работа со компјутер со површина од 150 $m^2$ и 52 расположливи седишта и 30 компјутерски единици.
Наставно-научниот процес се одвива во дидактичка работилница (една од предавалните) со вкупна површина од 170$m^2$ и 60 седишта за изведување интерактивни и самостојни вежби. Во еден дел од дидактичката работилница се поместени дидактички ресурси со цел да се адаптира просторот со што се создадени можности за амбиентална настава.
*Студентски прашања*
Факултетот има студентски прашања со површина од 12 $m^2$.
Списокот на простории со површина со кои располага факултетот е даден во прилог 6.2.А.

*Видови на опрема*
Предавалните на факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Предавални се опремени со 6 специфични опреми за определена студиска програма.
*Библиотечен фонд*
Факултетот има вкупно 19856 книги од областите на студиската група од кои 13823 се домашни, а 6033 се странски книги. Библиотечниот фонд е компатибилен и релевантен за сите студиски програми. Поради компатибилноста на студиските програми и нивната меѓусебна тесна поврзаност, а во интерес на веродостојноста на информациите во извештајот, значителен дел од библиотечните единици е идентичен за повеќе студиски програми.
*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта, Е-репозиториум, Е-библиотека, Е-распоред, Академски календар и др..
**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење,
- и многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Факултетот за образовни науки е прикажан во прилог 6.2.Г.
**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1086 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 557760 корисници, а од регистрираните корисници направени се 448493 симнувања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 30.12.2024 година).
Вкупниот број на објавени учебници и учебни помагала во е-библиотеката, дадено по години 2021-2024 од факултетот се 16_, прикажан е во прилогот 6.2.Д.
Линк за преземање на содржините од е-библиотеката на факултетот е
https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=6&ugd=a91faf6691122f9c81408935c1af82af
**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата. Во прилогот 6.2.Ѓ е прикажан бројот на издадени студентски е-пошти за студенти на прв, втор и трет циклус студии за Факултет за образовни науки.
**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава, исто така, беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство) Е-распоредот е достапен на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/fon-raspored-zimski-2024-25.pdf
**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела, како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката

содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет.
Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23136* содржини, достапни на линкот: (* прочитано на ден 09.12.2024 година).
http://eprints.ugd.edu.mk/
Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18.379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4757 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1100 нови наслови.
Факултетот за образовни науки има депонирано вкупно 1816 наслови во е-репозиториумот достапни на линкот
https://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/FE/
**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:
- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;
- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);
- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Факултетот за образовни науки, за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење е прикажано во прилог 6.2.Е.
Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб - страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк:
Sign In (ugd.edu.mk)
**Е-календар** е прозорче (дел) од веб - страницата на УГД каде со еден прилагоден приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:
- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
**Настава подржана со Microsoft Teams**. Пандемијата со кодид-19 рефлектираше во секоја сфера на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше исклучена и наставата на нашиот Универзитет. При крајот на пандемијата универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за учење на далечина. Прилог 6.2.Ж Креирани тимови во Microsoft Teams на Факултетот за образовни науки.
*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат во предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби се планира обезбедување на пристап до објектите. А, во однос на достапност на изворите на знаење, достапност е обезбедена преку е-ресурсите на единицата и Универзитетот во целост. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби дадени се во прилог 6.2.З
*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани

заради поттикнување и имплементирање на наставата и научно-истражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.
**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.
**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот, е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедијска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.
**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.
**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени
**Центарот за кариера и алумни клуб** им пружа поддршката на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им се помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во професионална кариера која одговара за нив, но и во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.

Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и:
Одделение за системска и мрежна администрација;
Одделение за средства и техничка поддршка;
Одделение за проектирање и одржување;
Центар за трансфер на технологии.
Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани прикажано на органограмот во прилог 1.

**Прилози**
Прилог 6.2.А. Список на простории со површина со кои располага факултетот
Прилог 6.2.Б. Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност
Прилог 6.2.В. Список на Информатичко – технички ресурси (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност
Прилог 6.2.Г. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Факултет за образовни науки
Прилог 6.2.Д. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека 2021-2024
Прилог 6.2.Ѓ. Број на издадени студентски кориснички сметки на Факултет за образовни науки
Прилог 6.2.Е. Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Факултетот за образовни науки, за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење
Прилог 6.2.Ж. Креирани тимови во Microsoft Teams на Факултет за образовни науки
Прилог 6.2.З. Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на |

| | |
|---|---|
| обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Факултетот за образовни науки во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се 4 лица кои извршуваат административни работи, а 4 лица извршуваат помошно-техничките работи. Исто така, има ангажирано и 4 лица за извршување на помошно-техничките работи, од кои 4 се со средна стручна спрема. (прилог 6.3.А.). Помошно-техничкиот персонал на Факултетот се води под Универзитетот.

Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата, во Ректоратот (а само 4 се распоредени на факултетот).

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Факултетот за образовни науки во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 4 лица за извршување на административните работи, од кои 1 е магистер, а 3 се со висока стручна спрема (прилог 6.3.А.).

Административниот кадар на Факултетот за образовни науки во својата работа ги земаат предвид потребите на различната студентска популација (вонредни и вработени студенти, студенти од странство, студенти со посебни потреби и сл.), и најчесто комуникацијата со нив се одвива преку електронска пошта, телефон или апликации како Microsoft Teams, Messenger или Viber. За студентите со посебни потреби Универзитетот ( на локации каде што постои можност за адаптација) има обезбедено посебни паркинг места и делумна пристапност до просториите за учење, лабораториите и службите лоцирани на приземјето на Кампус 2.

Листата на вработени во административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилог 6.3.Б. и нивниот број е 1 во периодот на самоевалуација.

**Прилози**

Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024

Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Карактеристично за работата на Факултетот за образовни науки, како и за сите останати при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип е студентите од сите циклуси на студии активно да се вклучуваат во научноистражувачки проекти, како меѓународни и билатерални, но и во интерни и апликативни проекти. Во периодот на самоевалуација до 2019 функционираше и фондот на наука на УГД. Впрочем, правило е за сите проекти од фондот за наука, но и за билатералните проекти од МОН, да има вклучено барем еден докторант и еден студент на втор циклус. Студентите од сите циклуси на студии активно се вклучуваат во голем број научноистражувачки проекти домашни од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти.

На Факултетот за образовни науки се реализира проектот „Универзитетски курикулум за интеркултурна работа со млади“ во соработка со НВО„Лоја“ од Тетово финансиран од KURWE од Германија каде студентите од прв циклус на студии следат лекции (теоретски предавања) реализирани од наставниците: проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, проф.д-р Снежана Мирасчиева и проф.д-р Даниела Коцева, како и обуки/тренинзи како и студиски посети на воспитно-образовни институции во странство. Проектот се реализира веќе 10 години, како и во посочениот период на самоевалуација.

На Факултетот за образовни науки студентите од сите циклуси на студии активно се вклучени во голем број научноистражувачки проекти, како меѓународни и билатерални, но и во интерни и апликативни проекти.

Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во периодот на евалуација е прикажана во Прилог 6.4.А.

Процентот на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии е прикажан во Прилог 6.4.Б.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии.<br>Прилог 6.4.Б. Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. | |
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/практика или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб локација
https://ckr.ugd.edu.mk/
Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:
- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:
- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, Релевантно работно искуство од полето на интерес,
- Искуство од учење коешто ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите,
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот,
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство коешто го бараат работодавците,
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на практика по дипломирањето,
- Вмрежување и создавање на професионални контакти, Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

Студентите на Факултет за образовни науки практиката ја реализираат согласно договорите за соработка со училиштата, градинките и другите институции специфични за студиската програма а во рамките на самата студиска програма. Реализираната практична настава се документира и евидентира во системот на евиденција на Факултетот.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб - локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html

Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17.000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите едници на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот" кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот" ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот" кои имаат стручно знаење од одредена област може да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:
- Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа" на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.
Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.
Факултетот за образовни науки има социјални профили кои се активни и во континуитет се ажурираат.
https://www.facebook.com/profile.php?id=100063536680630 кој го следат 2129 и
профилот на инстаграм https://www.instagram.com/fon.ugd?igsh=bWlpZW0zc3Rpamky кој го следат 1628.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка, како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител, односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420)
Статутот на УГД е достапен на веб – локацијата:
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf
Учеството на студентите во органите на високообразовната установа е дадено во прилог 6.7.1.
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во прилог 6.7.2, а извештај од последните спроведени избори во прилог 6.7.3.
Одлуката за избор на студентски правобранител односно негов заменик е прикажана во прилог 6.7.4.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени следниве активности:
*Реализација на спортски активности*
- Организација на еднодневни планинарски тури на Водно за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на еднодневни тури на Попова Шапка за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
- Организација на куглање во куглана во Скопје за студентите кои имаат наставата по предметот Спорт и рекреација.
*Учество на УГД тим во улични трки*
- Wizz air маратон, октомври 2022 година – 50 учесници од УГД (студенти и вработени), од кои 6 учесници во полумаратонската трка;
- Улична трка во Кавадарци – Кавадаречки полумаратон, 12 март 2023 г. Учество на 28 учесници, студенти и вработени на УГД учествуваа на трките на 5 и 10 км.

- Авицена женска трка – организирана на 9 април 2023 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Авицена женска трка – организирана на 7 април 2024 година во Скопје, учествуваа 35 учеснички од понежниот пол, студентки и вработени на УГД.
- Поетска трка во Струга – организирана на 21 мај 2023 година на која на трките на 5 км и 10 км учествуваа 15 вработени на УГД.

*Планинарски тури организирани и поддржани од страна на УГД*

- Планинарска тура во Берово во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ – Штип и Планинарско друштво - Берово, организирана на 30 октомври 2022 година. На турата учествуваа 115 студенти и вработени на УГД.
- Еднодневна тура на Попова Шапка, организирана на 3 март 2023 година. Учествуваа 25 студенти на УГД кои имаа можност да се вклучат во различни зимски спортови.
- Планинарска тура во Михаилово – Кавадарци, организирана на 2 април 2023 година во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ - Штип и планинари од Кавадарци. На турата учествуваа 60 студенти и вработени на УГД.
- Планинарската тура на Плачковица, организирана во рамките на Outdoor festival „Ја сакам Плачковица“ во организација на ПД „Лисец. Турата се реализираше на 9 јули 2023 година и на истата учествуваа повеќе од 20 студенти и вработени на УГД.
- Планинарски тури на Водно – организирани во рамките на наставата по Спорт и рекреација. Во истите учествуваа студенти од сите години од сите факултети на УГД. Истите се организираат еднаш во месецот во текот на летниот и зимскиот семестар.

*Универзитетски спортски лиги на УГД*

- Традиционално, по тринаесетти пат, во рамките на одбележувањето на патрониот празник на УГД се организираа Универзитетските спортски лиги за студенти на УГД. Во рамките на истите беа организирани натпревари во одбојка (мажи и жени), футсал (мажи) и пинг-понг. Во истите учествуваа повеќе од 150 студенти од сите факултети на УГД. Дополнително, за вторпат беше организирана Планинарска тура која се реализираше во Михаилово - Кавадарци. За најдобрите учесници во сите категории, од страна на УСКЦ беа обезбедени соодветни награди.

*Државни универзитетски спортски лиги*

- Како член на Универзитетската спортска федерација, во периодот од декември 2021 до мај 2023 година, студенти и екипи на УГД учествуваа во државни универзитетски натпревари во одбојка, футсал, кошарка, ракомет, куглање, стрелање и шах, организирани од Универзитетската спортска федерација на Македонија. Околу 50 студенти на различни факултети на УГД ги претставуваат екипите на УГД во различни спортови. Притоа, екипите на УГД освоија трето место во кошарка (мажи), трето место во ракомет (жени и мажи) и индивидуално трето место мажи во куглање.
- По неколку години пауза, УГД беше домаќин на дел од натпреварите во универзитетските државни лиги, како и домаќин на финалните натпревари во одбојка.

*Други активности*

- Во септември 2022 година, УГД во соработка со ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и ISHSN мрежата беа организатори на Работилница со наслов „Одржливи универзитетски спортски кампуси“.
• Како резултат од овој настан, подготвена е книга под наслов „Planning and Managing Sport, Recreation, and Health in Higher Education: Sustainable Practices for a Sustainable Future“, која е во коедиција на ЕЛТЕ Универзитетот во Будимпешта – Унгарија, Факултетот за спорт и физичко образование на Универзитетот во Ниш – Србија и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во истата, професори од УГД се јавуваат како коедитори, автори и рецензенти.

*Учество на меѓународни проекти за спорт*

- Во рамките на програмата Еразмус+ спорт, претставници на УСКЦ учествуваа во бројни настани и активности организирани во рамките на проектите BeValueR reload, Tennis clubs for dual careers, Meaningfulness in youth sport и Balkans Fit. Во рамките на истите беа вклучени спортисти и тренери од машката и женска одбојкарска екипа, карате екипа, Боречки клуб „Киро Ристов“ – Штип, Тениски клуб „Астибо“ – Штип, Тениски клуб „Нет“ – Струмица, како и студенти и вработени на УГД во рамките на проектот Balkans Fit. Во рамките на меѓународните состаноци, УГД и членовите на УСКЦ беа домаќини на професори, тренери и спортски работници од Норвешка, Канада, Шкотска, Ирска, Бугарија, Словенија, Романија и Грција.
- Почнувајќи од август 2023 година, УГД е дел од два нови Еразмус спорт проекти:
Champions of Inclusion and Diversity using Meaningful Physical Education in Primary Schools (CHAMS- INC-MPE) и проектот Gem Set Equality (GSE).
- Првиот проект CHAMS- INC-MPE се однесува на подобрување на компетенциите на студентите – идни наставници и наставниците во тандем наставата за реализација на физичкото образование во основното образование. Во истиот покрај УГД, како проектни партнери се универзитети од Ирска, Канада, Норвешка, Шпанија, Данска.
- Вториот проект Gem Set Equality е билатерален проект меѓу Македонија и Бугарија кој работи на креирање на тренинг програма за подобрување на компетенциите на жени тренери и креирање програми за привлекување на девојчиња во спортот.

*Поддршка за настани и студенти*

- Поддршка на спортисти – студенти преку стипендии;
- Поддршка на студенти – бруцоши преку наградни ваучери;
- Учество на Европско универзитетско првенство за боречки спортови (карате). Под организација на EUSA и FISU, УГД учествуваше на Европско универзитетско првенство за боречки спортови, во спорт карате, дисциплина борби.

Факултетот за образовни науки се приклучува како составна единица во поддршката на општествени, културни и спортски активности на студентите во рамките на Универзитет „Гоце Делчев“ .

**Прилози**

Прилог 6.7.А. Одлука од ННС за учество на студенти во работата на ННС на единицата
Прилог 6.7.Б. Одлука за избор на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.В. Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.Г. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страница. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентните начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности може да се проследат на веб - локацијата
https://coj.ugd.edu.mk/index.html
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година, и е транспарентно објавен на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се:
- Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/
- Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)
- Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)

студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.
**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб - страница каде во делот за вести се споделуваат секојдневните настани
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti
и во делот за соопштенија достапни на веб - локацијата
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija
Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб - страницата на факултетот
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi
Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:
Информатори за студирање за секоја академска година
https://fon.ugd.edu.mk/images/Informator_2024_FON.pdf
Публикации од учебници и учебни помагала достапни на е-библиотека УГД (1046 наслови)
https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
Е-репозиториум на УГД содржи над 22.320 содржини публикувани трудови, книги, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД
http://eprints.ugd.edu.mk/

Дополнително за информирање на студентите Факултетот за образовни науки ги користи и своите профили на социјалните мрежи:

https://www.facebook.com/profile.php?id=100063536680630
https://www.instagram.com/fon.ugd?igsh=bWlpZW0zc3Rpamky

Прилог 6.8.А дава SWOT- анализа за исполнетоста на Стандард 6.

**Прилози:**
Прилог 6.8.А SWOT анализа за исполнетот на стандард 6

## Стандард 7- Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1 Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален |

Универзитетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, и тоа на различни начини.
Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевауација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/ , во Листа на информации од јавен карактер.
Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.S – 1.2.Л).Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е сè уште во фаза на тестирање.
Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.
Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитрација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл.
За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научно-истражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот .

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 7.2 Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата, односно студиските програми, и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците, како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот |

Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.

Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрво Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти. На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.

Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.

Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание, а и Универзитетскиот сенат има студенти членови. На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.

**Прилози:**
Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата
Прилог 7.2.Б Одлука за членови на Комисија за самоевалуација -студенти
Прилог 7.2.В Одлука за избор на студенти членови на ННС
Прилог 7.2.Г Извештај за структурата на студентите за учебната 2021 – 2024

| | |
|---|---|
| 7.3 Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

На универзитетската веб - страница и на факултетската веб - страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.

Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб - порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).

Информации за значајни настани и активности, Факултетот објавува на социјалните мрежи и се достапни за широката јавност.
https://www.facebook.com/profile.php?id=100063536680630
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/

Во периодот 2021-2024, Факултетот за образовни науки беше домаќин на повеќе одржани состаноци, средби и семинари (Прилог 7.3.А).

**Прилози:**
Прилог 7.3.А Листа на активности на Факултетот за образовни науки

| | |
|---|---|
| 7.4 Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата<br>Опис на практика за заштита на личните податоци<br>Други релевантни документи или политики на установата |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).

Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци, како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со

редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.
Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.
Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.
За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.
Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.
Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.
За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.
Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.
Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот
Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.

Прилог 7.4.В дава SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 7.

**Прилози:**
Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци
Прилог 7.4.Б. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип
Прилог 7.4.В.SWOT анализа за исполнетот на стандард 7

**Стандард 8 - Информирање на јавноста**

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/
Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести
https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/
УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно, и лесно достапни и на следните социјалните мрежи:
https://www.facebook.com/ugdstip
https://www.instagram.com/ugdstip/
https://www.youtube.com/user/UGDSTIP
https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA
Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди практика во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и online на следната веб - локација
https://coj.ugd.edu.mk/eho.html

Сите вести, настани, конкурси и слично на Факултет на образовни науки се објавуваат на веб- страницата на ФОН на следните линкови:

- Вести и настани - https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti
- Соопштенија - https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija

Факултетот за образовни науки активно функционира преку своите web - платформи:
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/
https://moodle2.ugd.edu.mk/
https://www.facebook.com/profile.php?id=100063536680630
https://www.instagram.com/fon.ugd?igsh=bWlpZW0zc3Rpamky

Отворени денови е саем кој Факултетот го организира секоја година за средношколците-матуранти на кои се запознаваат со можностите за студирање и студиските програми на Факултетот. Овој настан е достапен на профилот на Факултетот. Исто така учествува и на саемот под наслов Отворен ден на Универзитетот. Сите овие настани се медиумски покриени.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на Наставно-научниот, односно Научниот совет; 5. |

| | |
|---|---|
| предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf
2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
Прв циклус на студии

- Предучилишно воспитување, решение за акредитација, решение за почеток со работа
- Одделенска настава, решение за акредитација, решение за почеток со работа
- Педагогија, решение за акредитација, решение за почеток со работа
- Историја и Археологија, решение за акредитација, решение за почеток со работа

Втор циклус на студии

- Образовни политики и образовен менаџмент, решение за акредитација, решение за почеток со работа
- Историја, митови, идентитети, решение за акредитација, решение за почеток со работа
- Образование на наставници и професионален развој, решение за акредитација, решение за почеток со работа
- Методика, решение за акредитација, решение за почеток со работа
- Педагогија, решение за акредитација, решение за почеток со работа
- Специјалистички студии за стекнување наставнички компетенции, решение за акредитација, решение за почеток со работа

Трет циклус на студии

- Воспитанието и образованието во раниот детски развој, решение за акредитација, решение за почеток со работа
- Училишна педагогија, решение за акредитација, решение за почеток со работа

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 118
Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 430
Универзитетски гласник број 36, страница 433
Универзитетски гласник број 37, страница 42
Универзитетски гласник број 38, страница 8
Универзитетски гласник број 38, страница 68
Универзитетски гласник број 39, страница 10
Универзитетски гласник број 39, страница 13
Универзитетски гласник број 39, страница 22
Универзитетски гласник број 39, страница 25
Универзитетски гласник број 39, страница 79
Универзитетски гласник број 43, страница 80
Универзитетски гласник број 49, страница 13
Универзитетски гласник број 49, страница 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на Наставно-научниот, односно Научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, страница 516-528

Универзитетски гласник број 43, страница 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, страница 20-34
Универзитетски гласник број 48, страница 23-31
Универзитетски гласник број 49, страница 40-42
Универзитетски гласник број 51, страница 9-24
Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со Законот за
изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија,
Универзитетски гласник број 53, страница 71-80.
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование.
Универзитетски гласник број 54, страница 25-35
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 55, страница 10-11
Универзитетски гласник број 58, страница 14-15
Универзитетски гласник број 59, страница 82-84
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование
Универзитетски гласник број 60, страница 87-98
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,
https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/za-fakultetot/nastaven-kadar/odluki-za-izbor-vo-zvanje

7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/09/fon-raspored-zimski-2024-25.pdf

8. Завршна сметка,
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf

9. Годишен извештај,
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf

10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;
https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/

12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и
https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/
13. Етичкиот кодекс.
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб - страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб - страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Преку Школата за докторски студии при УГД ги објавува сите информации кои се однесуваат на докторските студии на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/

Пред одбрана на секоја докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб - страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштија на веб - локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации може да се проследат на линковите
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/

Резултатите од научно-истражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

Факултетот за образовни науки за исходите од учење информира преку социјалните мрежи.

- 11. Октомври 2022 год. презентација на проектот '„Втемелување на Мулти-етничката младинска работа во наставната програма на Универзитетите за идните наставници" од страна на претставници на НВО „ЛОЈА".

https://www.facebook.com/photo?fbid=546569460804272&set=pcb.546583607469524

- 17 ноември 2022 год. Факултет за образовни науки, УГД - Штип и здружението „Пријатели на образованието" организираа работилница на тема: „Интердисциплинарно учење базирано на игра и роботика".

https://www.facebook.com/photo?fbid=582849320509619&set=pcb.582849610509590

- 30-31 Октоври 2023 год. на Факултетот за образовни науки на УГД се одржа состанок на уредници на списанија од областа на воспитанието и образованието. На состанокот ќе присуствуваат уредници на списанија од Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина и од Македонија. Во рамки на овој собир уредниците ги промовираат списанијата и ќе се одржи работен состанок за заедничка соработка и унапредување на состојбата на списанијата од регионот.

https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/134-fon-domakin-spisanie

- 23 ноември 2023 година. Во просториите на Факултетот за образовни науки во Штип се одржа Првата меѓународна научна конференција на Институтот за историја и археологија, насловена: „Македонија-крстопат на епохи, цивилизации и култури".

https://www.facebook.com/photo/?fbid=879499500844598&set=pcb.879499820844566

- Успешна одбрана на докторска дисертација

https://www.facebook.com/photo/?fbid=563507735777111&set=pcb.563509252443626

Прилог 8.4.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8.

**Прилози:**
Прилог 8.4.А. SWOT - анализа за исполнетот на стандард 8

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>9.1 Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и призната.</td><td>Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алијансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат практика во некоја европска фирма, и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитетот има и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб-страница<br>( https://cmus.ugd.edu.mk/index.html ) студентите може да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+програмата.<br>На Факултетот за образовни науки делокругот на работење на Еразмус+ координаторот го реализира продеканот за настава во координација со предметниот наставник. Негова должност е одобрувањето на избраните предмети и еквиваленцијата на избраните предмети кои студентите ќе ги слушаат на европските универзитети. Останатите административни аспекти од студентската мобилност ја покриваат вработени во Одделението за меѓународна соработка. Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.Б).<br>Од Факултетот за образовни науки нема студенти кои користеле Еразмус+ мобилност за последните три академски години, ниту пак студенти кои користеле мобилност за пракса во изминатите три академски години за сите циклуси на студии (Прилог 9.1.А).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+<br>Прилог 9.1.Б Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити – ECTS</td></tr>
<tr><td>9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата.</td><td>Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215-та седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на Англиски јазик.<br>Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.<br>На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип за 2023-2025 година<br>Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип<br>Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+ | |
| 9.3 Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност и слично, а во иднина и од Алијансата ACE2EU. Дополнително од 2023/24 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противредност.<br>Вкупно 7 наставници од Факултетот за образовни науки користеле средства од овој фонд во 2023/2024 (Прилог 9.3.Б).<br>Наставниот кадар заедно со студентите на Факултетот за образовни науки е вклучен повеќе проекти како:<br>1. „Универзитетски курикулум за интеркултурна работа со млади" во соработка со НВО„Лоја" од Тетово финансиран од KURWE од Германија;<br>2. (2023) Magic Mirror.<br>3. (2024) Media literacy.<br>4. 2019-2024 Social Services Improvement Project (SSIP)"National Coordinator for Measurement of Development and Early Learning (MODEL)"<br>5. 2021-2023 Проект АРИСЕ: Акција за намалување на нееднаквостите во образованието ПАТОКАЗ ЗА ПОЛИТИКИ. Arise Action for Reducing Ineualities in Education.<br>6. 2021-2023 Erasmus+ Sport, Collaborative Partnerships, Tennis Club for Dual Carriers TC4DC.<br>7. 2024 Сценарио за учење „Истражување на претставувањата во дигиталниот свет". ИКС . Креативност преку критичка медиумска писменост.<br>8. 2024-Скриеното лице на насилството<br>9. Записи од едно време 2015 – 2022 – дигитална хронологијата на настаните на УГД во периодот од 2015 – 2022 година | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).<br>Прилог 9.3.Б. Преглед на наставници и соработници од Факултетот за образовни науки користеле средства од сопствен фонд во 2023/2024 | |
| 9.4 Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Прилог 9.4.А ја прикажува листата на потпишани договори за меѓународна соработка помеѓу Факултетот за образовни науки и други универзитети и институции, со вкупно 80 договори.<br>Факултетот за образовни науки има потпишани договори и меморандуми за соработка со бројни институции во земјата и во странство (Прилог 9.4.Б). | |

Во прилог се прикажани дел од соработките кои факултетот ги има реализирани во наведениот период (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);

- Меморандум за соработка помеѓу Факултет за образовни науки-УГД-Штип и Македонски центар за граѓанско образование(МЦГО) проект „Скриеното лице на насилството“ во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, 2024-2026.
- Меморандум за соработка помеѓу Факултет за образовни науки и Основно училиште „Хинко Смрекар“ во Љубљана, Р Словенија.
- Договор за соработка помеѓу Универзитет „Гоце Делчев“-Штип и Институт за педагошки истражувања-Белград, Р Србија
- Меморандум за соработка помеѓу Здружение за развој и афирмација на културата, уметноста, науката и спортот ВИТОРИЈА-МКДМ, Скопје и Факултет за образовни науки, УГД-Штип
- Меморандум за соработка помеѓу Факултет за образовни науки, УГД-Штип и Сојуз на просветни работници на Република Северна Македонија заедно со Просветно дело промоција на прирачници
- Договор за соработка помеѓу Факултет за образовни науки и ОЈУДГ „Астибо“, Штип
- Договор за соработка помеѓу Факултет за образовни науки и ЈУДГ „Вера Циривири Трена“ , Штип
- Факултет за образовни науки, УГД-Штип и Општинско основно училиште „Гоце Делчев“, Штип
- Факултет за образовни науки, УГД-Штип и Општинско основно училиште „Ванчо Прке“, Штип
- Факултет за образовни науки, УГД-Штип и Општинско основно училиште „Димитар Влахов“, Штип
- Факултет за образовни науки, УГД-Штип и Средно општинско училиште „Славчо Стојменски“, Штип
- Институтот за применета философија и етика при Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на 20 декември 2021 година потпиша Меморандум за соработка со истражувачката лабораторија за апликативна философија од Националниот и каподистриски универзитет во Атина, Република Грција.

Дополнително во рамките на тековните активности на Факултетот за образовни науки, во насока на остварување и продлабочување на соработка со останати институции, како и унапредување на наставно-научната работа на факултетот беа реализирани следниве активности:

- Факултетот за образовни науки на УГД одржа состанок на уредници на списанија од областа на воспитанието и образованието. На состанокот присуствуваа уредници на списанија од Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина и од Македонија (октомври 2023),
- Стручен собир „Денови на инклузијата - Со љубов и поддршка да создадеме свет без бариери“. Собирот траеше три дена, каде на повеќе панели, на темата инклузија во образованието говореа професори и стручни лица од земјава и од странство. училиштата, детските градинки, родителите, децата, родителите на децата со попреченост. Во текот на овие три дена беа организирани неколку работилници, предавања и посебни активности за студенти, преку кои се направи обид да се актуализираат прашања важни за инклузијата во образованието, како што е музикотерапијата, користењето на различни стратегии во работата со деца со попреченост,
- Во рамките на проектот за медиумска писменост на УСАИД, „Младите размислуваат“, ИКС и ИРЕКС, Факултетот за образовни науки започна со реализација на активности на проектот за медиумска писменост.
- Во октомври 2023 година по повод денот на учителот Факултетот за образовни науки организира научно-стручен собир на кој активно учество зедоа претставници од основните и средни општински и државни училишта, претставници од Одделението за образование и општествени дејности при Општина Штип, студенти и наставници.

Во периодот 2021-2024, Факултетот за образовни науки зема активно учество на полето на мобилност и размена на наставници преку ERASMUS+ програмата со вкупно 5 наставника од Факултетот (Прилог 9.4.В), и Факултетот беше домаќин на вкупно 9 наставници од странство (Прилог 9.4.Д).

На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Г).

На Факултетот за образовни науки тековно нема заеднички програми со странски универзитети.

**Прилози:**

Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+

Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)

Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)

Прилог 9.4.Г Правилник за условите постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми

Прилог 9.4.Д Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години од странство

| | |
|---|---|
| 9.5 Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
| Во периодот на самоевалуација назначен во овој извештај нема вклучено наставници од странство ниту во наставата ниту како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови.<br>На Факултетот за образовни науки во изминативе три години нема запишано студенти по студиски програми за сите три циклуси.<br>Прилог 9.5.А дава SWOT - анализа за исполнетоста на Стандард 9. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.5.А SWOT анализа за исполнетот на стандард 9 | |

**Комисија за самоевалуација на Факултетот за образовни науки:**

Снежана Мирасчиева, член
Верица Јосимовска, член
Деспина Сивевска, член
Верица Димитрова, студент
Маријана Илиевска, студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј „Димитар Влахов“ бр. 4,
II-Кат, Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | **Факултет за туризам и бизнис логистика** |
| **Седиште** | **ул. „7ми Ноември“ бб.**<br>**Гевгелија - 2000, Р.Македонија** |
| **Контакт информации** | **contact-ftbl@ugd.edu.mk** |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт - информации)** | Проф. д-р Татјана Бошков, декан<br>tatjana.boskov@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт - информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | • Годишен план<br>• Барање на високообразовната установа<br>• Барање на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>• Барање на Министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021-2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет за туризам и бизнис логистика |
| Седиште | ул. „7ми Ноември“ бб.<br>Гевгелија - 2000, Р.Македонија |
| Веб-страница | https://ftbl.ugd.edu.mk/index.php/mk/ |
| Мисија и визија на установата | Факултетот за туризам и бизнис логистика е високообразовна институција од областа на туризам и угостителство, бизнис логистика и бизнис администрација, која го застапува јавниот интерес, иновациите, отвореноста и извонредноста во услови на социјална чувствителност и инклузивно образование. ФТБЛ е посветен на принципите на правичност и еднакви можности, научен интегритет, академска слобода, промовирајќи партнерства со национални и меѓународни образовни и истражувачки институции за постигнување на цели од заеднички интерес.<br><br>Факултетот еволуира во смела институција, давајќи приоритет на наставата и истражувањето врз основа на јасни и транспарентни критериуми за квалитет. Покрај академските програми, развивање на истражувачки соработки, организирање научни конференции и културно-образовни размени, факултетот остварува блиска соработка со бизнис секторот и индустријата на тој начин што се воспоставува рамка преку која Факултетот/студентите, пазарот и општетсвото се ангажирани во постојана комунијација и интеракција.<br><br>Целта на ФТБЛ се високо мотивирани и задоволни студенти и вработени, фокусирани на развивање на личните компетенции и следење на кариерниот развој на своите студенти. Обезбедувањето на образовни услуги на прв, втор и трет циклус студии со највисок квалитет овозможува продукција на квалификувани професионалци за регрутирање на бизниси од секаков вид и големина кои работат во приватниот или јавниот сектор во рамките општествено-економскиот и финансиски систем на локално, национално или мултинационално ниво. Во оваа насока, ФТБЛ обезбедува вработување на своите дипломци во приватниот и јавниот сектор и стекнува соодветни информации за адаптирање и збогатување на својата студиска програма за да ги одразува и задоволува реалните потреби на бизнисите и јавните/приватните организации.<br><br>ФТБЛ носи свој идентитет на успех (success) постигнат преку континуирано применување на основните вредности:<br>S – science - НАУКА<br>U – utility - КОРИСНОСТ<br>C – credibility - КРЕДИБИЛИТЕТ<br>C – creation - СОЗДАВАЊЕ<br>E – excellency - ИЗВОНРЕДНОСТ<br>S – support - ПОДДРШКА<br>S – synergy - СИНЕРГИЈА |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев" – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Факултетот е основан со Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на државен Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип („Службен весник“ бр. 81/2008) од 7.7.2008 година, донесен од Собранието на Република Македонија на седницата одржана на |

<table>
<tr><td></td><td>30.6.2008 година, како единица во состав на Универзитетот со седиште во Гевгелија.<br>https://ftbl.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija-ftbl.pdf<br><br>Последните акредитации за студиските програми се:<br>Прв циклус на студии:<br>Туризам и угостителство - д.бр. 08-151/6 од 21.1.2022<br>Хотелски и ресторански менаџмент - д.бр. 08-150/6 од 09.11.2021<br>Бизнис администрација - д.бр. 08-86/6 од 11.12.2020<br>Бизнис логистика - д.бр. 08-86/7 од 11.12.2020<br><br>Втор циклус на студии:<br>Меѓународен туризам (60 ЕКТС) – д.бр. 08-625/4 од 02.12.2021<br>Меѓународен туризам (120 ЕКТС) – д.бр. 08-624/4 од 02.12.2021<br>Бизнис администрација (60 ЕКТС) – д.бр. 08-628/6 од 20.01.2022<br>Бизнис администрација (120 ЕКТС) – д.бр. 08-629/6 од 20.01.2022<br>Бизнис логистика (60 ЕКТС) – д.бр. 08-626/6 од 20.01.2022<br>Бизнис логистика (120 ЕКТС) – д.бр. 08-627/6 од 20.01.2022<br><br>Трет циклус на студии:<br>Туризам и угостителство – д.бр. 1409-118/2 од 17.08.2017</td></tr>
<tr><td>Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност</td><td>22</td></tr>
<tr><td>Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии</td><td>За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус - 201<br>II циклус - 10<br>III циклус - 0</td></tr>
</table>

**Развој на единицата (не подолго од 1 страница)** Верни на својата улога како образовна и научна институција, ФТБЛ се гледа себеси како важен центар за меѓународна размена и соработка со странски факултети, универзитети и други научни институции, во и надвор од земјата, но и како место каде што студентите и професорите работат заедно. Факултетот за туризам и бизнис логистика е посветен на принципите на правичност и еднакви можности, научен интегритет, академска слобода и особено плуралноста во темите и методологијата.

Факултетот за туризам и бизнис логистика се основа на наставен кадар кој има силни компетенции за да се движи напред придонесувајќи за општеството на значајни начини. Познати по интелектуалната широчина и длабочина што им ја нудиме на студентите во нашиот Факултет, со идентификување на јасни цели и задачи, ФТБЛ покажа постоење на систем, почитување на разноликоста, еднаквоста и чувството на припадност кои се особено важни за прогрес и просперитет за што сведочат заедничките резултати.

ФТБЛ преку своите атрактивни студиски програми е доследен во тоа студентите да развијат чувство за општествена одговорност, како и силни и преносливи интелектуални и практични вештини како што се комуникација, аналитика и вештини за решавање проблеми, како и способност за примена на тие знаења и вештини во реални услови. Промовирањето и спроведувањето на овие основни цели на нашето образование е она што ја дефинира нашата сила и извонредност како Факултет.

На Факултетот работи наставен кадар кој создава комплетен систем на наставно-научна и истражувачка работа. Впрочем, не би постоел развој на овие дејности ако не се инвестира во човечките ресурси на квалификуван кадар кој преку истражување и апликативна работа ќе ги следи светските трендови и ќе иницира нивна имплементација и афирмација на истата во националната економија и бизнис, афирмација на македонскиот туризам, гастрономија и воопшто бизнисот во странство. Научно - истражувачка дејност на Факултетот станува мотив повеќе за усовршување на професорите не само во државата туку и странство, од каде се стекнуваат со нови искуства кои ги применуваат во правец на унапредување и развој на своите кариери како и вложување на нивните знаења и експертиза во нашата економија како целина.

Последователно на погорните покажани амбиции од страна на Факултетот за туризам и бизнис логистика, истиот бележи многу настани, меѓународни научни и национални конференции, успешно спроведени вебинари со еминентни гости од нашата земја и странство, панел сесии во рамките на меѓународните конференции на ФТБЛ, панел сесии, организирање настани со хуманитарен карактер, публикување на меѓународно списание на ФТБЛ, Годишен зборник на ФТБЛ, потпишани меморандуми за соработка, реализирани планинарски активности, гастрономска изложба, соработка со локална самоуправа, бизнис сектор како и јавни институции, аплицирани и добиени проекти, промоција на дигитални алатки во туризмот, активности на ниво на Универзитет и многу други активности, кои се доказ за посветеноста на Факултетот за туризам и бизнис логистика во остварувањето на својата мисија, визија и цел.

Голем дел од своите активности Факултетот веќе ги препознава како традиционални,но истовремено ги следи новите трендови, актуелни теми/проблематики и успешно се прилагодува на динамиката на новото време. На овој начин, вклучувајќи ги студентите, успешно се организираа научно-стручни собири кои обработуваа теми од областа на културното наследство, туризмот, образованието, дигитализацијата, циркуларната економија и зелената агенда, гастрономијата и еногатсрономскиот туризам каде учествуваат креаторите на политики во земјата, експерти, бизнис сектор создавајќи терен за успешно вмрежување. Факултетот заедно со своите студенти голем број пати ја покажа својата хуманост преку разни акции, донации, гастрономски изложби со хуманитарен карактер, како и хуманитарни акции/настани во пресрет на празнични денови за социјално загрозени семејства. Вмрежувањето на студентите како една од главните цели успешно се практикува преку потпишување на многубројни меморандуми со институциите во нашата земја, бизнис секторот, а успешната приказна завршува со вработување на студентите, ангажирање на младата сила во нашата земја, како основен императив кој е од суштинско значење. На најдобрите студенти, освен стипендии, им се овозможи и понатамошна пракса во банките, тренинг од областа на банкарското работење и можност за вработување. Во оваа насока, Факултетот за туризам и бизнис логистика посветено работи на унапредување на компетенциите и вештините на своите студенти во согласност со потребите на бизнисот, на нивното вмрежување на пазарот на труд, потврдувајќи безброј успешни приказни токму преку нив.

**Наведете ги клучните институционални капацитети (не подолго од 1 страница)** Важен капацитет на Факултетот за туризам и бизнис логистика е и професионалниот развој, кој се имплементира преку понуда на обуки, конференции, вебинари и работилници. Факултетот издава меѓународен годишник, организира меѓународна конференција и меѓународен студентски симпозиум секоја година, како и меѓународно списание кое се објавува два пати годишно. Овие публикации се структурирани така што студентите од сите циклуси на студии и професорите можат да ги споделуваат своите истражувања и да останат во тек со најновите трендови во индустријата. Со тоа, факултетот промовира размена на знаења и мислења, поттикнувајќи дебати и проток на нови идеи, а со тоа и одржливост и одговорни деловни практики во релевантните области. Важно е да се спомене континуираното истражување и публикации на академскиот кадар. Од 2017 до 2021 година има вкупно 26 публикации на наставен материјал од професорите на факултетот, кои се достапни бесплатно за студентите во е-библиотеката. На ниво на универзитет, академскиот кадар од ФТБЛ е втор најактивен во објавување. За периодот од 2017 до 2021 година, објавени се 254 трудови, од кои 8 со импакт-фактор. Дополнително, ФТБЛ има најголем број учества на домашни настани – вкупно 44, што претставува 14%.

Вкупниот просторен капацитет на Факултетот за туризам и бизнис логистика изнесува 3.602 м2 со вкупно 487 седишта. Во Кампус 4 има околу 1300 м2 простор достапен за теоретска и практична настава. Факултетот во Гевгелија располага со соодветен простор од 602 м2 и капацитет од 480 седишта. Факултетот има амфитеатар со површина од 340 м2 и вкупен капацитет од 280 седишта. Наставата се одвива во 4 предавални со вкупна површина од 182 м2 и капацитет од 200 седишта. Постојат вкупно 2 канцеларии за наставно-научниот кадар со површина од 48 м2 и 5 седишта, како и два други вида дидактички простори со вкупна површина од 12 м2 и 2 достапни седишта.

Студискиот центар во Скопје располага со соодветен простор од 1700 м2 и 400 седишта. Важно е да се напомене дека предавалните се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Во студискиот центар во Скопје има 25 компјутери, 22 телефони, 3 фиксни проектори, една мултимедијална табла, 4 мрежни принтери, 8 преносни компјутери, 3 оптички проектори, една камера, 3 ЛЦД проектори и 4 ЛЦД телевизори. Во Гевгелија, објектот располага со компјутерска опрема која вклучува 6 персонални компјутери, еден мултифункционален уред, еден мрежен принтер, активна мрежна опрема и сервери, како и 3 телефонски уреди. Во Кампус 4, Факултетот за туризам и бизнис логистика располага со 12 компјутери, 12 интернет порти, 5 ЛЦД проектори, 2 скенери и 3 принтери.

**Наведете области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години (не подолго од 1 страница)** Во последните три години, Факултетот за туризам и бизнис логистика значително се развиваше во многу области.

Преку организација на различни конференции, настани и потпишување меморандуми за соработка, факултетот успеа да го зголеми својот капацитет за комуникација со студентите, како и комуникацијата помеѓу администрацијата и студентите. Во последните години, факултетот ја прошири мрежата на партнери за соработка од јавниот и приватниот сектор, како во земјата, така и во странство. Се зголеми фокусот на проектни активности со релевантни домашни и странски институции, вклучувајќи ги студентите и нудејќи им работни можности.

Научниот кадар на факултетот го зајакна и интензивираше учеството на студентите во различни работилници, вебинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми итн. Зголемената желба на студентите за знаење, вештини, способности и учество во активности го мотивира факултетот да продолжи со вклучување на надворешни професори во наставата и наставните програми. Затоа, секој семестар се одржуваат предавања од гости-професори преку програмата Erasmus, професори од други институции, истакнати личности од општеството итн. Факултетотза туризам и бизнис логистика постојано ги анализираше промените што го обликуваат општеството и пазарот, а врз основа на добиените податоци, студиските програми од сите три циклуси беа прилагодени. Длабинско истражување беше спроведено од професорите на факултетот, а понудените студиски програми беа базирани на анализираните податоци и според потребите на јавниот и приватниот сектор. Целта на последно акредитираните програми е да им се обезбедат на студентите знаења и вештини

неопходни за успех во нивната избрана област. Дополнително, целта беше да се понудат студиски програми што ќе им помогнат на студентите да развијат специфични вештини релевантни за материјата и да се подготват за нивната иднина. Фокусот беше ставен на подготовка на студентите за ангажман во заедницата, промовирање љубов кон учењето и развивање вештини неопходни за учење во текот на целиот живот. Практикантските можности што им се нудат на студентите, платените пракси, работните места и можностите за соработка покажуваат дека факултетот ги постигнува своите цели преку студиските програми и ќе продолжи да ги следи потребите на јавниот и приватниот сектор. Преку своите наставно-научна дејност и апликативна дејност, Факултетот за туризам и бизнис логистика успешно ги промовира своите резултати, својата мисија, визија и цел каде активно се третираат теми и проблематики од денешницата преку форми на меѓународни конференции, научно-стручни собири, тркалезни маси, хуманирани акции, размена на наставен кадар преку разни програми, студентски размени, и сето ова беше поддржано од страна на бизнис секторот и институциите што резултираше со раст на бројот на студентите кои покажуваат интерес да се запишат и бидат дел од ФТБЛ кој стана синоним за посветеност во својата дејност. Фактите даваат простор да се потенцира дека Факултетот за туризам и бизнис логистика ја препознава локалната и глобалната реалност со која се соочуваат нашите студенти во 21-от век, вклучувајќи ги прашањата за еднаквост во образованието и социјалната мобилност, покрај репрезентативните потреби на сè повеќе мултикултурно општество. Повеќе од кога било, студентите сакаат и заслужуваат сеопфатно образование со цел да успеат и да напредуваат на конкурентниот глобален пазар. Токму затоа, Факултетот за туризам и бизнис логистика е модел за истражувачки факултет кој преку надворешните динамични партнерства, во учењето имплементира иновации и трансформативни практики. Ова подразбира препознавање на уникатната вредност, перспективите, силните страни и предизвиците на секој студент кој доаѓа на Факултетот за туризам и бизнис логистика, истовремено остварувајќи ги академските цели преку правична поддршка, квалитетна настава, јасни насоки за опстојување и непоколеблива посветеност за завршување од страна на ФТБЛ.

**Најголеми предизвици и недостатоци (не подолго од 1 страница)** Денес, факултетите и универзитетите како целина се соочуваат со различни предизвици и недостатоци кои зависат од локацијата, ресурсите, големината на институцијата итн. Нашиот факултет е во состојба каде сите академски вработени се професори, а недостатокот на асистенти, демонстратори, лабораториски асистенти го зголемува работниот товар на факултетот. Балансирањето помеѓу наставата, истражувањата и административните одговорности може да биде предизвикувачко за факултетските членови, што доведува до стрес и исцрпеност.

Друг предизвик за факултетот е намалувањето на бројот на средношколци во нашата земја. Бројот се намалува секоја година, а сериозна ситуација е и емиграцијата која треба да биде адресирана од страна на државните власти. Дополнително, постои голем процент на студенти кои заминуваат во странство и се запишуваат на факултети во земји со подобри животни стандарди.

Уште еден предизвик е одржувањето на студентската ангажираност, особено по пандемијата и сите промени кои таа ги донесе. Студентите тешко се мотивираат, се задржува нивното внимание и ангажман за време на долги предавања. Потребно е повеќе работа, вештини и енергија за да се мотивираат студентите да работат во тимови, да учествуваат во истражувачки проекти и во активности на факултетот.

Изолацијата од центри со квалитетно високо образование во регионот и во Европа исто така претставува предизвик за факултетот. Потребна е поголема отворена комуникација со надлежните органи/институции во сектор образование и наука, можности за соработка, мобилност на кадарот и студентите, како и можности за обука и пренос на знаења, како и обуки и примена на дигитализацијата и трендовите кои ги налага новото време на техничко-технолошкиот развој со цел да бидеме компетитивни на пазарот.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 1.1 Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб - страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели во периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование каде во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната дејност на Универзитетот т.е. „да образува студенти, да ја развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи за да го усогласи нивното дејствување и остварување на единствениот стратегиски развој“. Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на:

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научно-истражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз која е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот од 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет уште во 2012 година, извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб страница, каде во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи(акти) се јавно достапни документи на следните линкови:

- Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Организационата поставеност на универзитетот е прикажана во органограмот даден во Прилог 1.1.А.

**Прилози:**
Прилог 1.1.А. Органограм на УГД

| | |
|---|---|
| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација кои се јавно достапни на веб-страницата на универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за процена на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс од каде ги добива статистички податоците за наставни програми, предмети и сл. и алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена од кои 6 (шест) члена од редот на наставниците и 3 (три) члена од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши Комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/ уметничкиот совет со тајно гласање и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на Комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година.

Во тековната самоевалуација е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период 14.11.2024 до 30.11.2024, и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за студентите од трет циклус на студии (Прилог 1.2.Е),
- Анкета за наставнички и соработнички кадар (Прилог 1.2.Ж).
- Анкета за административен и помошно-технички персонал (Прилог 1.2.З)

Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа на истите и истата се вклучува во финалниот Извештај за самоевалуација, и тоа, во минатото како посебно поглавје, а во тековната самоевалуација како прилози во овој индикатор (Прилог 1.2.Ѕ - Прилог 1.2.Л). Резултатите од анкетите за студентите од прв циклус и наставничкиот и соработничкиот кадар се прикажани по факултети, за студентите од втор и трет циклус по кампуси, а за административниот и помошно-техничкиот персонал на ниво на УГД, поради интегрираноста на универзитетот. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваат, посочуваат и преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Љ.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б. Правилник за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В. ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г. ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д. Анкета за студентите од прв циклус
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета за студентите од втор циклус
Прилог 1.2.Е. Анкета за студентите од трет циклус
Прилог 1.2.Ж. Анкета за наставнички и соработнички кадар
Прилог 1.2.З Анкета за административен и помошно-технички персонал

Прилог 1.2.Ѕ. Резултати анкети на студенти од прв циклус на ФТБЛ
Прилог 1.2.И Резултати анкети на студенти од втор циклус на Кампус 4
Прилог 1.2.Ј Резултати анкети на студенти од трет циклус на Кампус 4
Прилог 1.2.К Резултати анкети на наставнички и соработнички кадар на ФТБЛ
Прилог 1.2.Л Резултати анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД
Прилог 1.2.Љ. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет

| | |
|---|---|
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување квалитет. |

Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитет во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија, како и од севкупната работа на, Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб - страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.
Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работа на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот, и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња и тоа:

- Научно-истражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научно-истражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветна област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето на практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред се со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.
Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет.

**Прилози:**
Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан

| | |
|---|---|
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работни места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување на квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување на квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В) :

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедување на квалитет, Универзитетот го разви и имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани се извршуваат и контролираат согласно препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008 кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот каде секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.З). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитувањето на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.S).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група подржана од Ректор, Проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД ". Со работна група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување на квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со Универзитети од Балканот на кои се размениja повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научно- истражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот на уште повисоко ниво. Работната група врз основа целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е -1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување на квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување на квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).

Со почетокот на новата студиска година, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, отпочна шестата самоевалуација која се одвиваше од ноември 2024 година до март 2025 година и која ги опфати студиските години 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Од 17 декември 2024 до 17 јануари 2025 се спроведе и тест анкетирање на студентите за педагошката работа на наставничкиот и соработничкиот кадар за тековниот семестар со новиот софтвер (https://anketi.ugd.edu.mk), и истото се планира да се спроведува на крајот од секој семестар. Анкетата за вреднувањето на педагошката работа на наставниците и соработниците е дадена во Прилог 1.4.Ј. Во претходните самоевалуации, Извештајот од самоевалуацијата се презентираше на Ректорска управа и Универзитетски сенат, од каде понатаму се развиваа,

посочуваа и преземаа корективни мерки и се вршеа подобрувања во однос на добиениот извештај. Од оваа година, и Наставно-научниот совет на факултетот е вклучен како инстанца во процесот на самоевалуација.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А. Статут на Универзитет „Гоце Делчев"-Штип
Прилог 1.4.Б. ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В. СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г. Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д. План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ. Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е. Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж. СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З. Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ. Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И. Пример записник од одржан состанок
Прилог 1.4.Ј Образец1 Анкета за вреднување на педагошката работа

| | |
|---|---|
| 1.5 Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб- страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и / или препораките од самоевалуација.<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование, и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така да покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции кои се очекуваат да се стекнат студентите во образовниот процес
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научно-истражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизирано степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладин сектор, и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиските програми со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.
Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страницата на универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е
Извештајот за самоевалуација на Универзитетот Гоце Делчев во Штип за периодот 2019-2021.

**Прилози:**
Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. Весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6 Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој завршува со извештајот од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес,<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб - страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а истите се усогласени и прифатени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното негово постоење. Процесот на надворешна евалуација прв пат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб - страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

- https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултети и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што истите ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирање на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со работа, се надеваме дека истиот ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на останатите факултети и академии.
Прилог 1.6.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1.

**Прилози:**
Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)
Прилог 1.6.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1

**Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми**

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22).Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми ги истакнува нивната релевантност и добро осмисленост со целта за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што можат да се применат во нивните идни кариери и лични развој.<br>**Прв циклус**<br>• Бизнис администрација (предметна програма, дескриптори – Прилог 2.2.А)<br>• Бизнис логистика (предметна програма, дескриптори – Прилог 2.2.Б)<br>• Туризам и угостителство (предметна програма, дескриптори – Прилог 2.2.В)<br>• Хотелско - ресторански менаџмент (предметна програма, дескриптори – Прилог 2.2.Г)<br>**Втор циклус**<br>• Бизнис администрација 60 ЕКТС (предметни програми и дескриптори во Прилог 2.2.Д)<br>• Бизнис администрација 120 ЕКТС (предметни програми и дескриптори во Прилог 2.2.Ѓ)<br>• Бизнис логистика 60 ЕКТС (предметни програми и дескриптори во Прилог 2.2.Е)<br>• Бизнис логистика 120 ЕКТС (предметни програми и дескриптори во Прилог 2.2.Ж)<br>• Меѓународен туризам 60 ЕКТС (предметни програми и дескриптори во Прилог 2.2.З)<br>• Меѓународен туризам 120 ЕКТС (предметни програми и дескриптори во Прилог 2.2.Ѕ)<br>По завршување на студиите студентите треба да покажат знаење и разбирање во научното поле на студирање. Ова вклучува познавања во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија. Притоа, стекнатите знаења треба да бидат | |

практично применливи и да се демонстрира професионален пристап во работата или професијата. Стекнатите компетенции вклучуваат идентификација, анализа и решавање проблеми, како и способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање. Ова упатува на развиена способност да се комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија од соодветната област, како и независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интередисциплинарни дискусии. На линковите подолу се дадени три успешни приказни на студентите како конкретни примери и резултати:

- https://www.facebook.com/share/p/15eFrrPd32/
- https://www.facebook.com/share/1ExdNithG7/
- https://life.ugd.edu.mk/index.php/studenti/studentski-tekstovi/beba-bajramovska

**Прилози:**
Прилог 2.2.А Елаборат за бизнис администрација прв циклус
Прилог 2.2.Б Елаборат за бизнис логистика прв циклус
Прилог 2.2.В Елаборат за туризам и угостителство прв циклус
Прилог 2.2.Г Елаборат за хотелско ресторански менаџмент прв циклус
Прилог 2.2.Д Елаборат за бизнис администрација 60 ЕКТС втор циклус
Прилог 2.2.Ѓ Елаборат за бизнис администрација 120 ЕКТС втор циклус
Прилог 2.2 Е Елаборат за бизнис логистика 60 ЕКТС втор циклус
Прилог 2.2.Ж Елаборат за бизнис логистика 120 ЕКТС втор циклус
Прилог 2.2.З Елаборат за меѓународен туризам 60 ЕКТС втор циклус
Прилог 2.2.Ѕ Елаборат за меѓународен туризам 120 ЕКТС втор циклус

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата. Со добро осмислените цели на предметите и релевантната содржина, програмите ги подготвуваат студентите со актуелни вештини и знаења што се потребни во современиот работен свет и обезбедуваат вештините кои се потребни за успешно справување со предизвиците и можности што ги носи современото општество.
Содржините на општите и специфичните дескриптори на студиските програми на Факултетот за туризам и бизнис логистика кореспондираат со занимања кои се содржани со Националната класификација на занимања. Спроведени се анкети преку кои е идентификувана општествената потреба за програмата на регионално / национално / европско ниво. Ова е направено во консултација со партнерите на засегнатите страни: работодавачи, експерти и стручни тела. При изготвување на програмите користени се релевантни документи како на пр., Националната класификација на занимања, Законот за високо образование, Анкетата за потребата од вештини на пазарот на трудот и други статистички податоци од Државниот завод за статистика.

Успешни приказни на студенти:

1. https://www.facebook.com/share/p/1GT84Rcxiu/

2. https://www.facebook.com/share/v/12GPhuZpwfJ/

3. https://www.facebook.com/share/r/14zoksYWPH/

4. https://www.facebook.com/share/r/1AzYjKbmnG/

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Факултетот за туризам и бизнис логистика ги креира своите студиски програми согласно потребите на стопанството и тежнее кон усогласеност со состојбите на пазарот на труд. За таа цел Факултетот има формирано Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој освен претставници на факултетот учествуваат и претставници од студентите, стопанството и локалната самоуправа (Прилог 2.4.А, Прилог 2.4.Б).
Законот за високото образование, член 27 (став, точка 2) и член 36, на студентите им го гарантира правото да делегираат свои претставници и да учествуваат во работата на универзитетските органи и тела. Согласно ова Факултетот за туризам и бизнис логистика во редот на членовите на ННС вклучува студенти (Прилог 2.4.В).
Исто така, Универзитетскиот сенат во своите редови брои тројца членови, претставници на универзитетското студентското собрание, со мандат од по една година (Прилог 2.4.Г). Во периодот 2021-2024 Факултетот за туризам и бизнис логистика нема свои делегирани претставници во Универзитетскиот сенат.

**Прилози**
Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност
Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма
Прилог 2.4.В. Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС
Прилог 2.4.Г. Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Предвидената задолжителна и дополнителна литература, дадена во предметните програми е обезбедена од страна на предметните наставници и соодветствува со член 8 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.103/2010). Оваа литература се наоѓа во:

- Библиотеката на факултетот, и
- Електронската платформа, Е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип: https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=20&ugd=0b1a2a07e8672aab2430d7291579aa64

Дел од литература која се користи е и стручната литература преведена и дистрибуирана од страна на Владата на Република С. Македонија за предметните програми каде истата постои. Освен ова, како дополнителна литература е предложена и литература на странски јазик од реномирани универзитети што може да се види во предметните програми на линковите во продолжение:
https://ftbl.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2017-2018/biznis-administracija-predmetna.pdf
https://ftbl.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2017-2018/biznis-logistika-predmetna.pdf
https://ftbl.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2022-2023/Predmetna-programa-Turizam-i-ugostitelstvo.pdf
https://ftbl.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2022-2023/Predmetna-programa-hotelsko-restoranski-menadzment.pdf
Предметните програми за втор циклус се вклучени во Елаборатите кои се дадени како прилози во Индикаторот 2.2.
Што се однесува до усогласеноста на студиските програми со странските практики и искуства, поопширни податоци се содржани во точка 16 од Елаборатите за акредитација кои се прилози во Индикатор 2.2, а во продолжение се дадени само неколку линкови кои одат во прилог на ова тврдење

- Студиската програма по Business administration на University of California, Berkeley, USA, кој е на 5-то место на Шангајска листа, линк: https://guide.berkeley.edu/undergraduate/degree-programs/business-administration/
- Студиската програма по Business administration на University of Washington, USA, којe на 14-то место на Шангајска листа, линк: https://foster.uw.edu/academics/degree-programs/undergraduate-programs/curriculum/options/
- Студиската програма по Bachelor of Business Administration на University ofMichigan-Ann Arbor, USA , кој е на место 20to на Шангајска листа, линк: https://michiganross.umich.edu/undergraduate/bba/curriculum/curriculum-by-year
- Студиската програма по Business administration на National and Kapodistrian University of Athens, Greece  кој е 301-400 на Шангајската листа во 2019, линк: https://ba.uoa.gr/el/proptychiaka_programmata_spoydon/
- Студиската програма по Business administration  на Athens University of Economics and Business Greece кој е 301-400 на Шангајската листа во 2019, линк: https://www.dept.aueb.gr/en/ode/content/study-guide

- Студиската програма по Business administration на Istanbul University, Turkey кој е од 401-500 место на Шангајската листа, Линк: http://www.istanbul.edu.tr

На ФТБЛ во периодот на самоевалуација гостувале 3 наставници со Еразмус+ мобилност (Прилог 2.5.А) и истите одржале најмалку едно предавање на студентите од прв циклус.

**Прилози:**
Прилог 2.5.А Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години (Еразмус професор, визитинг професор, насловни...)

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |

Во согласност со студиските и предметните програми, очекуваното оптоварување на студентите е дизајнирано да одговара на Европскиот систем за трансфер и акумулација на кредити (ЕКТС). За секој академски семестар, вкупното оптоварување на студентите е 900 часа за семестар.
Студентите на ФТБЛ секој летен семестар реализираат практична настава во одредена фирма со која Универзитетот „Гоце Делчев“ има склучено договор за соработка. Практичната настава трае 7 дена и носи 2 ЕКТС кредити. Во текот на оваа пракса, студентите стекнуваат практични знаења и искуства, применувајќи ги теоретските концепти во реални деловни ситуации.
Покрај оваа практика, студентите во осмиот (последниот) семестар реализираат семестрална пракса, која претставува подолготраен и подлабок ангажман во соодветна институција или компанија. За цело време на практичната настава, студентите имаат поддршка од ментор – професор од факултетот, кој го следи нивниот напредок, дава насоки и ги евалуира нивните постигнувања.
Оваа практика е значаен дел од наставниот процес, овозможувајќи им на студентите да стекнат драгоцени практични вештини и да се подготват за своите идни работни места.

Реализираната практична настава на студентите на ФТБЛ може да се види во Прилог 2.6.А.

**Прилози:**
Прилог 2.6.А Извештај за реализирана практична настава – од е-индекс за реализирана практика.
Прилог 2.6.Б Листа на фирми со кои ФТБЛ има склучено договор за соработка за реализација на практика на студенти

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[1] |

https://ftbl.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus
https://ftbl.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци; |

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Нема ревидирани студиски програми во периодот на самоевалуација.<br>Пример на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.8.А. Пример на евидентен лист од еден предмет | |
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |
| Е-индекс електронскиот систем на УГД заедно со дополнителни подсистеми овозможува добивање на статистички податоци од најразличен вид, како број на запишани студенти, број на активни/неактивни студенти, број на дипломирани/магистрирани/докторирани студенти, број на испишани студенти, просечни оценки по предмети во сесии, и сл. Овие системи се динамични и постојано се надградуваат. Сите податоци поврзани со студентите од овој извештај се добиени преку овие подсистеми. Податоците се анализираат, особено по направените самоевалуации, и се гледа да се надминат утврдените недостатоци и проблеми, но и да се утврдат позитивните страни. Овие системи се динамични и постојано се имплементираат нови функционалности кај нив.<br><br>Во рамките на Факултетот за туризам и бизнис логистика, статистичките податоци поврзани со наставниот процес и студентите се анализираат и користат за подобрување на квалитетот на образованието. Дел од статистичките податоци се дадени во Прилозите 2.9.А-В.<br><br>Прилог 2.9.Г дава приказ на Свот анализата за исполнетоста на стандард 2. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.9.А. Листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс) кои го напуштиле студирањето заедно со причината за напуштање на студиите<br>Прилог 2.9.Б. Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за секој циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет<br>Прилог 2.9.В. Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени студенти, број на положени студенти, како и просечна оценка на положување<br>Прилог 2.9.Г Свот анализа за исполнетоста на стандард 2 | |

**Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот**

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.</td><td>Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица.<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.<br>На Универзитетот „Гоце Делчев“, квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225 - 227, член 252, член 255 дефинирани во Статутот на Универзитетот, како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа дефинирани на ниво на универзитет.<br>Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб страната, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД кои треба да информираат поголема група студенти.<br>Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење за да го олесни образовниот процес.<br>Понатаму, универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.<br>Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20% од финалната евалуација на студентите.<br>Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за Факултетот за туризам и бизнис логистика, со исклучок за преодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се предавања, вежби, изготвување и презентирање на проектни задачи.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>/</td></tr>
<tr><td>3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.</td><td>Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.</td></tr>
</table>

Универзитетот ја почитува различноста на студентите и нивните потреби и истото се гледа од различни нешта. Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите до сега објавени учебници, скрипти и сл., од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата, каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.

Наставата на нашиот факултет се одвива преку предавања и вежби, кои овозможуваат комбиниран пристап на теоретско и практично знаење. Ова може да се види од распоредите на часови, кои се прават на факултетот секој семестар дадени во Прилог 3.2.А. Предавањата се интерактивни и вклучуваат размена на идеи, при што професорите често споделуваат практични примери од реалниот свет, со цел студентите подобро да ја разберат примената на теоријата. Дополнително, се применуваат креативни вежби кои ги поттикнуваат студентите критички да размислуваат, решаваат проблеми и развиваат свои идеи. Преку овој пристап, професорите охрабруваат индивидуално истражување и анализа, со што студентите се мотивираат активно да се вклучат во процесот на учење.

**Прилози:** Прилог 3.2.А Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно преку распоред на часови

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Во рамките на предавањата по предметот „Основи на логистика“, студентите работеа на студија на случај поврзана со анализа на синџирот на снабдување за FMCG индустријата. Главната задача беше оптимизација на логистичкиот синџир на снабдување на голема компанија за прехранбени производи. Во рамките на анализата, студентите ги идентификуваа предизвиците како што се транспортните трошоци, складиштата и времињата на испорака, а потоа предложија подобрувања со примена на современи логистички концепти.
Дополнително, студентите изработија студија на случај за логистика во услови на криза, каде што се анализираше како глобалната пандемија COVID-19 влијаеше врз логистичките процеси, со посебен акцент на секторот за медицински материјали. Главниот фокус беше ставен на стратешките прилагодувања на компаниите со цел избегнување на прекини во синџирот на снабдување, при што беа предложени конкретни решенија за подобрување на логистичката флексибилност и отпорност во идни кризни ситуации.
Во текот на пандемијата, наставата успешно се трансформираше во онлајн формат, користејќи ја платформата Microsoft Teams. Предавањата и вежбите се организираа на далечина, со што студентите имаа можност да учествуваат во виртуелни дискусии, да следат презентации во живо и да соработуваат преку онлајн алатки. Оваа практика овозможи континуитет на образовниот процес и адаптација на студентите кон дигиталната ера.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (Прилог 3.4.А) има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување” (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување на бодови за секој

облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавања и вежби и индивидуална работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни максимум од 7 поени, и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето, се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

- 10 (А) - изнесува 91 - 100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81 - 90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71 - 80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61 - 70 бода,
- 6 (Е) - изнесува 51 - 60 бода, 5 (F, FX) - со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа.
Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет поодделно.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии
Прилог 3.4.Б Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб - страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, Прилог 3.5.А-3.5.Г).
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Д)
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Ѓ)
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Е)
- Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело (Прилог 3.5.Ж)
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски трудна Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.З)
- Во предметните програми на секој предмет.

Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи..
Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб страната на Универзитетот.

**Прилози:**
Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти
Прилог 3.5.Б. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог
3.5.В. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Г. Правилник за специјализации и супспецијализации на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Д. Процедура за затворање на пријави во е-индекс

| | |
|---|---|
| Прилог 3.5.Ѓ. Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 3.5.Е. Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд<br>Прилог 3.5.Ж. Процедура за постапката за оцена и одбрана на докторски труд и-или изведба на уметничко дело<br>Прилог 3.5.З. Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Факултетот применува транспарентен и структуриран пристап во процесот на оценување, кој се регулира според Правилникот за студирање. Студентите имаат можност за доставување на повратни информации преку е-индекс, каде што оцените се јасно видливи и достапни. Ова овозможува навремена реакција од страна на студентите доколку има потреба за појаснување или корекција на оценката.

При оценувањето, особено внимание се посветува на фер и објективен процес. За студентите кои полагаат ист предмет повеќе од три пати, оценувањето се спроведува од страна на комисија составена од повеќе испитувачи, со цел да се обезбеди дополнителна објективност и транспарентност. Иновативни пристапи во оценувањето Факултетот применува модерни технологии за унапредување на процесот на оценување. Преку платформата за е-учење, студентите имаат можност да полагаат колоквиуми и испити, што ја зголемува флексибилноста и ја олеснува организацијата на наставата. Дополнително, изработката и презентирањето на проектни задачи исто така се одвива преку алатки за е-учење, овозможувајќи студентите да ги покажат своите знаења и вештини на креативен и иновативен начин. Во текот на пандемијата, оценувањето беше успешно адаптирано на онлајн формат преку платформата Microsoft Teams, која се користеше за организирање на испити, колоквиуми и презентации. Овој пристап не само што го осигура континуитетот на процесот, туку и ги подготви студентите за работа во дигитална средина. Факултетот и понатаму се стреми кон подобрување на методите на оценување, комбинирајќи традиционални пристапи со современи дигитални алатки, со цел да обезбеди квалитетно и правично оценување на знаењето.

Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за поселдните три години се прикажани во Прилог 3.6.А.

**Прилози:**

Прилог 3.6.А. Листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:

- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34.
- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Прилог 3.7.А)
- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б)

Исто така, универзитетот има дефинирано:

- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е определено овластено лице, согласно Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15)
- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)

| |
|---|
| - Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (“ Универзитетски весник“ бр. 46/ 20)<br>Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.<br>Во периодот на Самоевалуација од учебна година 2021/2022 до 2023/2024 на Факултетот за туризам и бизнис логистика нема пријави за корупција. Исто така нема ни жалби од студенти.<br>Прилог 3.7.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3. |
| **Прилози:**<br>Прилог 3.7.А. Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22<br>Прилог 3.7.Б. План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22<br>Прилог 3.7.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 3 |

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1 Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |
| Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус (Прилог 3.4.А, 3.5.А-3.5.Г). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.<br>Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:<br>• Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)<br>• Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)<br>• Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)<br>• Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).<br>Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:<br>• Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)<br>• Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)<br>• Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/). | |
| **Прилози**<br>/ | |
| 4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите<br>Доказ дека системот е функционален |
| **Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на било кој факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) може сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит | |

/ дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма, и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д)), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем, гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси, и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).

Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.

Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**
Прилог 4.2.А. Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти
Прилог 4.2.Б. Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар
Прилог 4.2.В. Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА
Прилог 4.2.Г. Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)
Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)
Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018

| | |
|---|---|
| 4.3 Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт со кој се регулира ова прашање<br>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години |

На универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но, и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање на испити од претходно студирање.

Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање на испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).

По завршување на размената, Продеканот на единицата на која што студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и истата ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за Е – индекс за реализација на активностите на студентот во системот за Е – индекс.

На Единицата, во периодот на самоевалуација, 7 студенти искористиле Еразмус+ мобилност (Табела 4.3.Г).

Исто така, во периодот на самоевалуација, 9 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Табела 4.3.Д).

**Прилози:**
Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнер универзитети, програмскои партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот Гоце Делчев во Штип
Прилог 4.3.В. Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи
Прилог 4.3.Г. Листа на студенти кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години

| | |
|---|---|
| Прилог 4.3.Д. Листа на студенти кои се префрлени во последните три години | |
| 4.4 По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома |

Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).

Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.

Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.

Дипломата за завршено високо образование од трет циклус - докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски студии по (назив на студиската програма и насока), ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов и се стекна со научен назив (доктор на науки/доктор по уметности,(dr.sc,PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.

Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.); заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.

Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).

Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В).

Прилог 4.4.Г дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4.

**Прилози:**

Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018

Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома

| |
|---|
| Прилог 4.4.В. Транскрипт на оценки<br>Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4 |

## Стандард 5 - Наставен кадар

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Структурата на наставниот кадар на ФТБЛ при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Во моментот на спроведување на самоевалуацијата, на Факултетот во редовен работен однос се **14 редовни професори, 5 вонредни професори и 3 доценти или вкупно 22 наставници**. Во наставата е вклучен и **1 насловен доцент и 1 насловен вонреден професор**. ФТБЛ обезбедува компетентен кадар кој е одговорен за реализација на студиските програми на сите циклуси на студии. Наставниот кадар е внимателно селектиран врз основа на академски критериуми, професионално искуство и научноистражувачка дејност , со цел да се обезбеди висококвалитетно образование и да се дефинираат техничките карактеристики со академски и индустриски стандарди, што јасно може да се види од прикажаните биографии на професорите во Прилог 5.1.А. Прикажаните биографии покажуваат дека наставниот кадар поседува релевантни знаења и искуства што им овозможува на студентите да ги добијат потребните вештини. Во Прилог 5.1.Б се прикажани одлуките за избор во звање на наставниот кадар и истиот точно укажува на тоа дека процесот на унапредување во академски звања се спроведува според националните и внатрешни критериуми на универзитетот. Секој наставник е избран врз основа на академски заслуги, што има квалитет во наставниот процес.<br>Прилог 5.1.В дава преглед на предмети кои кадарот ги предавал во периодот на самоевалуација. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Europass формат<br>Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звање за секој ангажиран наставник на соодветниот факултет<br>Прилог 5.1.В. Табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл.3 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Вкупниот број објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар на ФТБЛ, во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО изнесува **329** (Прилог 5.2.А) Прегледот е даден и по наставници (Прилог 5.2.Б).<br>Во учебната 2021/2022 објавени се вкупно 174 труда, од кои 41 во списанија индексирани во најмалку една електронска база, 53 во списанија со меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји, 27 книги или поглавја на книги и 53 трудови во зборници од меѓународни академски собири.<br>Во учебната 2022/2023 објавени се вкупно 87 трудови, од кои 25 во списанија индексирани во најмалку една електронска база, 32 во списанија со меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји, 4 книги или поглавја на книги и 26 трудови во зборници од меѓународни академски собири.<br>Во учебната 2023/2024 објавени се вкупно 68 трудови, од кои 15 во списанија индексирани во најмалку една електронска база, 21 во списанија со меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји, 9 книги или поглавја на книги и 22 трудови во зборници од меѓународни академски собири.<br>Листата на сите објавени трудови во периодот на самоевалуација е дадена во Прилог 5.2.В. | |

**Прилози:**
Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО и по учебни години
Прилог 5.2.Б. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО и по наставници
Прилог 5.2.В. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор итрет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Оптоварувањето на наставниот кадар е согласно законските одредби. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии) е даден во Прилог 5.3.А. Притоа може да се види дека е водено сметка за членот 161 од страна 9 и 10 од ЗВО и бројот на часовите на наставниот кадар на годишно ниво е соодветно за реализација на квалитетна настава.
Одлуките за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години се прикажани преку анексите на договорите за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар (Прилог 5.3.Б). Извештаите за спроведена настава се во вид на евидентни листови по предмет каде студентите со потпис ја потврдуваат својата присутност и истите не се задолжителни да се чуваат од страна на професорите. Еден примерок на евидентен лист е даден во прилог 2.8.А.

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.В), и истата се однесува за зголемен ангажман во наставата.

**Прилози:**
Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на работеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии
Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)
Прилог 5.3.В. Одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој сеприменува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница. |

Универзитетот Гоце Делчев има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.4.А) во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати.
Во прилог 5.4.Б е прикажан преглед на лица избрани во наставно научни, наставно стручни, наставни и соработнички звања со преглед на бројот на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за последните 3 години
Во прилог 5.4.В е прикажан преглед на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор.

**Прилози:**

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети

Прилог 5.4.А. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години
Прилог 5.4.В. Табела со име и презиме на секој од ангажираниот наставен и соработнички кадар со линкови до Билтен на УГД во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страница

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветниработни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема воустановата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои еобезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот „Гоце Делчев" има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А) со кој се регулира покрај другото и обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар.

**Прилози**
Прилог 5.5.А. Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.5.Б. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А. Воопштено, наставниците во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата за Е учење, да ги користат платформите за онлајн комуникација со студентите , знаат да креираат квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и постигнатите резултати од учењето.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Табелата со листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години е прикажано во прилог 5.7.А. Нивните биографии се прикажани во прилог 5.7.Б.

**Прилози**
Прилог 5.7.А. Табела со Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и

| | |
|---|---|
| странство во рамките на реализацијата на студиската програма за последните три години.<br>Прилог 5.7.Б.Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми во Europass формат. Биографиите на ангажираните лица од странство да бидат на англиски јазик. | |
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Поврзаноста на наставата и науката на ФТБЛ претставува еден од основните столбови за обезбедување квалитетно образование и професионална подготовка на студентите. Наставните програми на факултетот редовно се ажурираат врз основа на најновите научни истражувања што ги прави релевантни за најновите современи трендови во туризмот, економијата, логистиката и сродните области. Академскиот кадар активно ги интегрира своите истражувања во наставата, преку што студентите добиваат можност да се запознаат со најновите научни достигнувања и нивната примена во практиката. Студентите активно се вклучени во научни истражувања, конференции, симпозиуми каде што имаат можност да ги развијат своите аналитички и креативни способности како и да стекнат практични искуства. Годишниот меѓународен студентски симпозиум кој го организира ФТБЛ претставува платформа за споделување на истражувања и идеи што дополнително ја поттикнува нивната научна работа. Преку практилните активности како што се студии на случај и симулации студентите имаат можност да приманат научни методи за решавање на проблеми со што директно ги поврзуваат теоретските знаења со практична примена. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и вокористењето нови технологии. |
| Уште од основањето на УГД, наставниот и соработничкиот кадар ја користат Moodle LMS платформата во вид на студентски сервис Е-учење, прв за студентите од прв циклус, а потоа и за оние од втор и трет циклус, како што се акредитираа новите програми. Оваа платформа овозможува креирање на курсеви; додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.); спроведување на електронски колоквиум и испит; автоматско оценување; правење анкета, работилница; календар на активности; преземање, преглед и оценување на семинарски задачи; следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето; менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања; снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии; ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки); онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви, и сл.<br>Од Ковид-1 пандемијата, УГД започна да ја користи и Microsoft Teams платформата за спроведување тогаш (заклучно со 2021/2022) на целосна онлајн настава и полагање на колоквиуми и испити, а денес само за хибридна настава и одржување на онлајн состаноци по потреба на наставниот кадар.<br>Друга примена на иновации во последните 3 години на ФТБЛ. | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |
| УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Прилог 5.10.А). Во правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат / автоплагијат на учебниците / учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД". Редовна проверка на учебниците / учебните помагала Комисијата за издавачка дејност ја изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.Б), каде во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијаризмот: „ Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со спoредуваните ресурси е поголем од 25%.<br>Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува". | |

Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (Прилог 5.10.В).
Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција.
Секој учебник / учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијат, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори (Прилог 5.10.Г).
Проверката за плагијатизам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот Плагијати.
Проверката за плагијат на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.

**Прилози**

Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип Универзитетски гласник број 60, страница 98-107
Прилог 5.10.Б. ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 108-112
Прилог 5.10.В. УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, страница 113-130
Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијатизам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научно-истражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев" во Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научно-истражувачки проекти од страна на тимови од вработените.
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научно-истражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи. Донесен е и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија (Прилог 5.11.Д) со кој се мотивираат единиците да објавуваат научни списанија и истите да може да бидат индексирани во различни бази.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Ѓ).

**Прилози**

Прилог 5.11.А ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.11.Б ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.В ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со важност од 29.02.2024
Прилог 5.11.Г Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024
Прилог 5.11.Д ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средствата за финансирање на меѓународни научни списанија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип
Прилог 5.11.Ѓ ПРОГРАМА за наука, 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.12. Научно-истражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо- економскиот и културниот | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки |

| | |
|---|---|
| контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | |

Научно истражувачката работа на ФТБЛ е тесно поврзана со заедницата, регионалните и националните развојни цели при што посебен акцент се става на социо економскиот и културен контекст. Преку научните истражувања факултетот активно придонесува за создавање на одржливи решенија, унапредување на локалните економски параметри и зачувување на културното наследство . Ефектите од овие активности редовно се следат и врз основа на добиените податоци се преземаат соодветни подобрувања. Примерите за успешна интеграција на научноистражувачката работа во практиката се бројни. Истражувањата за развој на алтернативни форми на туризам во регионот на Гевгелија и Источниот плански регион резултираа со конкретни препораки за подобрување на туристичката понуда и креирање на туристички идентитет. Настанот ,,Културното наследство помеѓу туризмот и идентитетот''дополнително ја истакна важноста на промоцијата на локалните културни ресурси што придонесе за зголемување на туристичката атрактивност во регионот. Соработката со Општина Гевгелија и ТИРЗ се само дел од соработките во чии рамки ФТБЛ учествуваше во проекти за развој на одржливи логистички решенија и економски раст а научната работа во областа на бизнис логистиката резултираше со препораки за оптимизација на транспортните и дистрибутивните процеси на локално ниво. Исто така истражувањето за ,,Зелената економија и дигитална трансформација" резултираше со практични препораки за поттикнување одржлив развој и иновации. Со зголемување на финансирањето за научно истражувачки проекти, поттикнување поголема соработка со индустриските партнери и организација на обуки за примена на научните резултати, факултетот ќе продолжи да ги унаоредува своите активности.

Прилог 5.12.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5.

**Прилози:**
Прилог 5.12.А Свот анализа за исполнетоста на стандард 5

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните три години<br>Финансиски извештаи од претходните три години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.
Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (Прилог 6.1.А), а динамиката на вкупниот буџет на универзитетот е прикажан во Прилог 6.1.Б.
Финансирањето на Универзитетот во периодот на самоевалуација 2021-2024 е стабилно и отпаѓа на двата извори, а тоа се буџетот од Владата на Република Северна Македонија и уплатите од студентите. Финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е со просечен дел за 2021-2024 година од 45 % од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 38,25% од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Научните проекти учествувале со 5,55% и за двете години во структурата на буџетот, а апликативните со 11,7 % од вкупниот буџет на УГД.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.
Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).
Просечната застапеност на средствата кои Универзитетот ги добива од МОН е 45% од вкупните средства кои се на располагање за периодот 2021-2024 година, додека за периодот 2019-2021 изнесува 46,2%.

**Средства од сопствени приходи**
Средства од сопствените приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.
Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019 -2021 година изнесувала 38.71%, додека за период 2021-2024 изнесува 38.25%.

**Средства од научни проекти**
Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено после 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.
Зголемувањето и стабилност во средствата добиени од научни проекти, се должи на зголемените напорите на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учество на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек се 5,5 % од буџетот на УГД.
Според податоците за просечната процентуалната застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4.1% , додека за периодот на евалуација од 2021-2024 година изнесуваат 5,.5 %. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**
За истакнување е учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.
Процентуално просечните приходите во периодот на самоевалуација 2019-2021 изнесувал 9,56%, додека за периодот на евалуација 2021-2024 11,17%. Според анализираните податоци забележано е благо зголемување на просечните приходи од апликативни проекти.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*
Вкупната површина на дидактичкиот простор на Факултетот за туризам и бизнис логистика е 3.602,2$m^2$ и вкупен капацитет од 487 седишта. На Кампус 4, расположливи се околу 1300 $m^2$ простор за изведување на теоретска и практична настава на студентите. Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија има соодветен простор со површина од 602 $m^2$ и расаположливи 480 седишта. Факултетот располага со еден амфитеатар со површина од 340$m^2$ и вкупен капацитет од 280 седишта.
Наставната програма се одвива во 4 предавални кои имаат вкупна површина од 182$m^2$ и капацитет од 200 седишта. На Факултет за туризам и бизнис логистика има вкупно 2 кабинети за наставно-научниот кадар со површина од 48$m^2$ и 5 седишта. На располагање се два други видови на дидактички простор со вкупна површина од 12$m^2$ и 2

расположливи седишта. Факултетот за туризам и бизнис логистика има дисперзирани студии во Скопје со соодветен простор од 1700 $m^2$ и расаположливи 400 седишта. Академскиот кадар располага со 3 предавални и вкупен капацитет од 400 седишта, еден кабинет и две седишта. Наставно- научниот кадар располага со уште една просторија и две седишта

*Видови на опрема*
Предавалните се опремени со современа аудио-визуелна опрема. На дисперзираните студии во Скопје, Факултетот располага со 25 компјутери, 22 телефонски апарати, 3 фиксни пероектори, една мултимедијална табла, 4 мрежен печатар, 8 преносливи компјутери, 3 оптоманоподвижни проектори, една камера, 3 ЛЦД проектори и 4 ЛЦД телевизори. Објектот во Гевгелија располага со компјутерска опрема која се состои во 6 персонални компјутери, еден мултифункционален уред, 1 мрежен печатач, активна мрежна опрема и сервери, 3 телефонски апарати Според видот на опремата, Факултетот за туризам и бизнис логистика располага со 12 компјутери, 12 интернет приклучоци, 5 ЛЦД проектори, 2 скенер и 3 печатачи.

*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта, Е-репозиториум, Е-библиотека, Е-распоред, Академски календар и др.
**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање вклучувајќи: електронски упис на семестар, електронска заверка на семестар, електронско пријавување на испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, перманентна електронска комуникација, електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар, електронско учење, и многу други активности и функционалност кои ги нуди овој систем.
**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се обогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во Е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1081 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 444 260 корисници, а од регистрираните корисници направени се 551 880 симнувања на насловите кои се наоѓаат во Е-библиотеката (прочитано на 28.11.2024 година). Факултетот има вкупно 59 наслови од кои дел се книги, а дел учебни помагала како скрипти и збирки со задачи.
**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и користи истата.
**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за секој, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство).
**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активноство научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД е достапно и прегледувано во целиот свет. Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата, има депонирано вкупно 23090* содржини, достапни на линкот (* прочитано на ден 28.11.2024 година). Од претходниот период на самоевалуацијата кога имало депонирано 18.379 содржини во Е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4711 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатил со над 1100 нови наслови.
**Е-учење или Moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви кои се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за: постојана употреба на ИКТ во наставата; креирање на курсеви; додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.); спроведување на електронски колоквиум и испит; автоматско оценување; правење анкета, работилница; календар на активности; преземање, преглед и оценување на семинарски задачи; следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето; менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања; снимање

на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии; ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки); онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.
**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во Р.С. Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*
Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (Прилог 1.1.А). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научно-истражувачката дејност, спроведување и употреба на современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.
**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа е дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.
**Сектор за ИКТ**, Секторот за Информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот, е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Преку овој сектор Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.
**Одделението за е-учење** ја менаџира и сервисира платформата за е-учење. Основната цел на неговото функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*
Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат во предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби обезбеден е пристап до објектите, но главно само до просториите на приземјето. Обезбедени се посебни места на паркингот на Кампус 4.

**Прилози**
Прилог 6.2.А Список на простории со површина со кои располага факултетот
Прилог 6.2.Б Список на опрема и наставни средства
Прилог 6.2.В Список на Информатичко – технички ресурси (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност
Прилог 6.2.Д. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека за периодот 2021-2024
Прилог 6.2.Ѓ. Број на издадени студентски кориснички сметки на УГД по академски години
Прилог 6.2.Е. Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Факултетот за туризам и бизнис логистика за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење
Прилог 6.2.Ж. Креирани тимови во Microsoft Teams на УГД по академски години

| | |
|---|---|
| Прилог 6.2.3 Услови кои факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби | |
| 6.3. Работата на помошните/ административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На факултетот 9 во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 9 лица, од кои 6 лица извршуваат административни работи, а 3 лица извршуваат помошно-техничките работи.
Факултетот за туризам и бизнис логистика во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 6 лица за извршување на административните работи, од кои /се доктори на науки, / се магистри, 6 се со висока стручна спрема и / со средно образование (Прилог 6.3.А). Исто така, има ангажирано и 3 лица за извршување на помошно-техничките работи, од кои 3 се со средна стручна спрема и / со ниска стручна спрема (Прилог 6.3.А). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите :Гевгелија 2,Скопје 3 и Штип 1.

Листата на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите во Прилог 6.3.Б.

**Прилози**
Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024
Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите од сите циклуси на студии активно се вклучени во голем број научноистражувачки проекти домашни од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти. На ФТБЛ нема студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во периодот на евалуација.
Студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ) активно учествуваат во различни активности кои придонесуваат за нивниот професионален и личен развој. Тие редовно се вклучени во проекти, конференции, вебинари, каде што имаат можност да ги претставаат своите истражувања, идеи и трудови.
Покрај академските активности, студентите се ангажирани и во различни хуманитарни акции и проекти, со што го развиваат чувството за општествена одговорност. Тие учествуваат во организацијата на настани, симпозиуми, каде што соработуваат со странски студенти и претставници од академската и деловната заедница.
Студентите на ФТБЛ, исто така, стекнуваат практично искуство преку посетување пракса во компании, институции и организации, што им овозможува директен увид во реалното деловно работење.

| |
|---|
| Овие активности се составен дел од нивното образование, овозможувајќи им да развијат клучни вештини како тимска работа, лидерство, комуникација и претприемачки дух, подготвувајќи ги за успешна професионална кариера.<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на факултетот во прилог 6.7.Д. |
| **Прилози:/** |

| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |
|---|---|

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската практика преку Е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб локација

https://ckr.ugd.edu.mk/

Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:

- договор за реализација на практична настава
https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf
- упатство за реализација на студентска пракса
https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf
- огласи за вработување и за пракса
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html

Услуги на Одделот за кариера при УГД:

- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, Релевантно работно искуство од полето на интерес,
- Искуство од учење кое што ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите,
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот,
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство кое што го бараат работодавците,
- Покомпетитивни на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што бил студентот на практика по дипломирањето,
- Вмрежување и создавање на професионални контакти, Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

178 студенти од цел универзитет добиле поддршка од Центарот за кариера.
ФТБЛ има потпишано меморандуми за соработка со 296 фирми, организации и школи, каде студентите реализираат пракса (2.6.Б). Во овие фирми 87 студенти реализирале пракса vо 2021/2022, 328 во 2022/2023 и 285 во 2023/2024 (Прилог 2.6.А).
Факултетот за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ) активно работи на проширување на својата меѓународна и деловна соработка, што се огледува преку склучувањето на 12 меморандуми за соработка со реномирани институции и бизнис организации. Овие партнерства имаат за цел да овозможат размена на знаење, заеднички научни проекти, организирање конференции и практична едукација за студентите, со што се зголемува нивната конкурентност на глобалниот пазар на трудот. Покрај тоа, преку овие меморандуми, ФТБЛ ги зајакнува своите врски со деловниот сектор, создавајќи нови можности за практикантска работа, истражувања и развој на иновативни пристапи во областа на туризмот, логистиката и бизнисот.

**Прилози**

6.5.А Приказ на склучени меморандуми за соработка ФТБЛ

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html
Алумни клубот при УГД подготовува и ажурира на база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17.000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите едници на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна e-mail адреса за комуникација преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.
Членовите на „Алумни клубот“ кои студираат на втор или на трет циклус на студии преку мрежата на „Алумни клубот“ ќе можат да стапат во контакт со други алумни кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на „Алумни клубот“ кои имаат стручно знаење од одредена област може да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.
Активности на Алумни клубот:

- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и Работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес од процесот на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.

Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години. |

Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420) (Прилог 1.4.А).
Учеството на студентите во ННС на ФТБЛ е прикажано со Прилог 2.4.Б, а во Одборот за соработка и доверба со јавност во Прилог 2.4.А. Студентите учествуваат и во Универзитетскиот сенат (Прилог 2.4.Г).
Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во Прилог 6.7.А, а извештај од последните спроведени избори во Прилог 6.7.Б. Одлуката за избор на студентски правобранител, односно негов заменик е прикажана во прилог 6.7.В.
**Универзитетот** ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Истиот е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени активностите прикажани во Прилог 6.7.Г.
**Факултетот,** исто така, одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти кои се е даден во прилог 6.7.Д.

| |
|---|
| **Прилози**<br>Прилог 6.7.А. Одлука за избор на членови на Факултетско студентско собрание<br>Прилог 6.7.Б. Извештај од последните спроведени избори на членови на Факултетското студентско собрание<br>Прилог 6.7.В. Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик<br>Прилог 6.7.Г. Приказ на поддржани активности на студенти поддржани од Универзитетски културен и спортски центар<br>Прилог 6.7.Д. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на факултетот |

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

**УГД** транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање. Еден од транспарентите начини на информација е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и web, а сите негови активности може да се проследат на веб локацијата https://coj.ugd.edu.mk/index.html.
Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/
Во делот за Конкурси од почетната веб - страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/
Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/
Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот
https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/
За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година, и е транспарентно објавен на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf
Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб локацијата
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
Преку електронските сервиси на Универзитетот како што се: Е-индекс, Е-учење, Е-пошта, и сл. студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.
**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб-страница каде во делот за: вести се споделуваат секојдневните настаниhttps://ftbl.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti и во делот за соопштенија достапни на веб локацијата
https://ftbl.ugd.edu.mk/index.php/mk/soopshtenija

Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб - страницата на факултетот
https://ftbl.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi

Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:
Информатори за студирање за секоја академска година може да се најдат на следниот линк.

Публикации од учебници и учебни помагала достапни се на УГД Е-библиотека (**1046 наслови**).
Е-репозиториум на УГД содржи над 22.320 содржини публикувани трудови, книги, мографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД

**Прилози:**
6.8.А Свот анализа за исполнетоста на стандард 6

## Стандард 7- Управување со информации

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1 Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се | Опис и приказ на системот за прибирање на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален |

| | |
|---|---|
| внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | |

Универзитетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, и тоа на различни начини.
Универзитетот, со почеток од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевауација. Дополнително досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/, во Листа на информации од јавен карактер.
Во рамките на секоја самоевалуација, се собираат и анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините за собирање на податоци за студиските програми е и анкетата на студентите која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма. Покрај анкетирањето на студентите од сите три циклуси, во рамките на самоевалуацијата се собираат и информации и мислење од наставниот и соработничкиот кадар, како и административниот и помошно-техничкиот персонал (Прилог 1.2.Ѕ – 1.2.Л).
Од оваа година започнува да се спроведува и анкетирање на педагошката работа на наставниците и соработниците на УГД, но тековно процесот е се уште во фаза на тестирање.
Електронскиот индекс на Универзитетот како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање на различни извештаи потребни за самоевалуација, надворешна евалуација или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на Единицата. За таа цел се грижи Секторот за Е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.
Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл.
За водење на процесите поврзани со наставата се користи и системот УГД Е-учење, додека резултатите од научно-истражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 7.2 Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми, и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот |

Информациите кои се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација, вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.
Во процесот на самоевалуација до сега, за секоја единица на Универзитетот се одредуваше најпрво Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест

професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.
Според новиот правилник (Прилог 1.2.Б), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се бираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.
Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и Универзитетскиот Сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите кои произлегуваат од направените анализи на различни информации.
Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В.

**Прилози:**
Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на Единицата
Прилог 7.2.Б Одлука за избор на студенти членови на ННС
Прилог 7.2.В Извештај за структурата на студентите за учебната 2021 – 2024

| | |
|---|---|
| 7.3 Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

На универзитетската веб - страница и на факултетската веб - страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на истите може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.
Во рамките на Универзитетот функционира и Одделение за ТВ, радио и веб кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).
ФТБЛ секоја година, 14 по ред, како традиција одржува Туристичко-гастрономската изложба на алтернативни форми за развој на туризмот. Исто така во 2024 година ја одржа седмата по ред Меѓународна научна конференција „Предизвиците на туризмот и бизнис логистиката во 21 век". Во 2024 година го одржа и третиот по ред Меѓународен студентски симпозиум на тема „Предизвици во новиот свет на дигиталната ера - мултидисциплинарен пристап". Како дел од настаните и активностите на ФТБЛ се:

- Вебинар „Финтек секторот, дигиталната трансформација и стратегиите во банкарскиот сектор"
- Меѓународен вебинар на тема ,,Who Does the Thinking? The Future of Higher Education''
- Меѓународен вебинар на тема „The Circularity Challenge: Sustainability and Responsibility towards the European Green Deal" во организација на ФТБЛ
- Конференцијата „Културните и креативните индустрии предизвик за туризмот, културата, културното наследство и економијата"
- Божиќна гастрономска изложба „Храната – симболика на божиќната приказна".
- Меѓународен вебинар на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на тема „Новото време, мојот факултет и јас" (индустриска револуција) 29.10.2021, Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
- Туристичко - планинарски настан „Дојди на Кожуф, запознај го регионот со ФТБЛ".
- ФТБЛ И УГД ПАРТНЕР НА ПРОЕКТ ЖАН МОНЕ: „ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА:БРОЈ ЕДЕН ПРИОРИТЕТ ЗА ЕВРОПСКИОТ ЗЕЛЕН ДОГОВОР"- завршна конференција
- СТУДЕНТИ ОД ФТБЛ ВО ПОСЕТА НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- „КАКО ДО КАРИЕРА БЕЗ БАРИЕРА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР" НАСТАН ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ФТБЛ ВО СОРАБОТКА СО ШПАРКАСЕ БАНКА

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 7.4 Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата<br>Опис на практика за заштита на личните податоци<br>Други релевантни документи или политики на установата |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).
Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста

од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци како и копирање на уред кој се претставува како магнетна лента. Целиот систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.

Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.

Со цел заштита од најразлични вируси на серверите е инсталирана антивирусна заштита којашто автоматски се надградува кога има достапни надградби за истата.

За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Можат да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.

Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила кој бара многу време.

Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за истата намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите, кои содржат лични податоци, физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.

Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.

Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика, прави повремени скенирања на мрежата и веб - сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.

Прилог 7.4.В дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7.

**Прилози:**

| |
|---|
| Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци<br>Прилог 7.4.Б. Павилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип<br>Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

## Стандард 8 - Информирање на јавноста

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.</td><td>Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб- страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/<br>Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб - страница на УГД на локацијата за вести<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/<br>УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми, освен објавите на веб - страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно, и лесно достапни и на следните социјалните мрежи:<br>https://www.facebook.com/ugdstip<br>https://www.instagram.com/ugdstip/<br>https://www.youtube.com/user/UGDSTIP<br>https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA<br>Студентскиот печатен весник „Студентско ехо" е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев", а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди практика во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо". Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо" се публикуваат и online на следната веб-локација<br>https://coj.ugd.edu.mk/eho.html<br>Линк до веб - страната на Факултетот за туризам и бизнис логистика:<br>https://ftbl.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>Во делот за вести редовно се објавуваат сите настани и активности кои факултетот ги спроведува:<br>https://ftbl.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti<br>ФТБЛ паралелно, покрај на веб - страната , ги објавува своите настани и на профилите на Instagram i Facebook:<br>• https://www.facebook.com/FTBL.UGD/about_details<br>• https://www.instagram.com/ftbl_ugd<br>Факултетот за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ) при Универзитетот „Гоце Делчев" активно учествува и организира различни настани со цел промоција на своите активности и унапредување на образовниот процес. ФТБЛ редовно е присутен во медиумите преку организирање и учество на различни настани.<br>- https://youtu.be/SEiHaOMNxVQ</td></tr>
</table>

- https://youtu.be/6TENnW2Y1j8=UpEdd55XoksE4fYt

**Прилози:**
/

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf -стр. 300 до стр. 329

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма;
https://ftbl.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija-ftbl.pdf

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 118
Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страница 430
Универзитетски гласник број 36, страница 433
Универзитетски гласник број 37, страница 42
Универзитетски гласник број 38, страница 8
Универзитетски гласник број 38, страница 68
Универзитетски гласник број 39, страница 10
Универзитетски гласник број 39, страница 13
Универзитетски гласник број 39, страница 22
Универзитетски гласник број 39, страница 25
Универзитетски гласник број 39, страница 79
Универзитетски гласник број 43, страница 80
Универзитетски гласник број 49, страница 13
Универзитетски гласник број 49, страница 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com) -

4. Деловникот за работа на Наставно-научниот, односно Научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf -
5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, страница 516-528
Универзитетски гласник број 43, страница 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, страница 20-34
Универзитетски гласник број 48, страница 23-31
Универзитетски гласник број 49, страница 40-42
Универзитетски гласник број 51, страница 9-24

| | |
|---|---|
| Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со законот за<br>изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија<br>Универзитетски гласник број 53, страница 71-80<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование<br>Универзитетски гласник број 54, страница 25-35<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип<br>Универзитетски гласник број 55, страница 10-11<br>Универзитетски гласник број 58, страница 14-15<br>Универзитетски гласник број 59, страница 82-84<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование<br>Универзитетски гласник број 60, страница 87-98<br>Home - УГД Интранет (sharepoint.com)<br><br>6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,<br>Во блиска иднина одлуките за последен избор во звање за секој наставник и соработник ќе бидат објавени на веб - страницата на ФТБЛ.<br><br>7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,<br>https://ftbl.ugd.edu.mk/images/2024/FTBL-Raspored-zimski-2024-25.pdf<br><br>8. Завршна сметка,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf<br><br>9. Годишен извештај,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf<br><br>10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br><br>13. Етичкиот кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf | |
| **Прилози:**<br>/ | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб - страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб - страницата на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Преку Школата за докторски студии при УГД ги објавува сите информации кои се однесуваат кои се однесуваат на докторските студии на веб локацијата<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/<br>Пред одбрана на секоја докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб - страницата на Школата за докторски студии при УГД во делот за соопштија на веб локацијата | |

https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/
а конкретни објави од неколку соопштенија за одбрана на докторски дисертации може да се проследат на линковите
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-10/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/221212-javna-odbrana-doktorskata-disertacija/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-9/
https://www.ugd.edu.mk/soopstenija/doktorski/soopshtenie-8/

Резултатите од научно-истражувачката работа се сумирани во УГД Е-репозиториумот.

https://ftbl.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/135-promocija-doktori
https://www.facebook.com/FTBL.UGD/posts/10158906413253152/

Прилог 8.3.А дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8.

**Прилози:**
Прилог 8.3.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 8

## Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1 Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и призната. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Универзитетот редовно ги информира сите студенти за можностите за учество во Еразмус+ програмата за размена, како и за можностите на други иницијативи. Од декември 2024, УГД стана дел од Алиансата на универзитети ACE2EU каде почнувајќи од оваа година ќе има многу можности за мобилности на студенти. Овие програми и алијансата им овозможуваат на студентите да студираат еден или два семестри на универзитети во Европа или да реализираат пракса во некоја европска фирма, и со тоа да го збогатат своето знаење, искуство и да ги прошират своите хоризонти. Универзитето има и Одделение за меѓународна соработка, на чија веб-страница (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите може да ги најдат сите потребни информации, особено за Еразмус+ програмата.<br>1% процент на студенти користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти запишани на прв, втор и трет циклус на студии на ФТБЛ (Прилог 9.1.А). Практиката на соодветното вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен правилник (Прилог 9.1.Б).<br>Практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите го прикажуваме преку конкретен пример во прилог 9.1.В за студентка од ФТБЛ на која и се признаени сите положени испити на остварената Еразмус мобилност во Задар, Хрватска. (акт/и или конкретни примери): | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.1.А. Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+<br>Прилог 9.1.Б Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ECTS<br>Прилог 9.1.В Пример за признавање на испити од еразмус мобилност | |
| 9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка; |

<table>
<tr><td>меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата.</td><td>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во Стратегијата за работа на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип (2022-2025) меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на Англиски јазик.<br>Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.<br>На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 9.2.А. Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за 2023-2025 година<br>Прилог 9.2.Б. Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 9.2.В. Записник и мислење од Комисија за Еразмус+</td></tr>
<tr><td>9.3 Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.</td><td>Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Главен извор за финансирање на меѓународната соработка претставуваат програмите на Европската комисија. Наставниот кадар ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите на COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност и слично, а во иднина и од Алијансата ACE2EU. Дополнително од 2022/23 Универзитетот ги поддржува своите вработени со покривање на конференции или котизации на списанија со суми од 30750 денари годишно (основен услов е публикуван труд). Пет наставници користеле средства од овој фонд во 2022/23 и 7 наставници во 2023/24. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години е даден во Прилог 9.3.А.<br>Во периодот на самоевалуација нема наставнички кадар кој учествувал во Еразмус + проекти и COST акции.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 9.3.А. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).</td></tr>
<tr><td>9.4 Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети.</td><td>Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми) е прикажано во прилог 9.4.Б.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Д).<br>Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат.<br>Во периодот на самоевалуација 2 професори искористиле Еразмус мобилност што е прикажано во Прилог 9.4.Г, додека пак, нема наставен кадар кој учествувал во форми на меѓународна соработка.<br>Исто така, во периодот на самоевалуација 17 студенти од странство реализирале Еразмус мобилност на ФТБЛ што е прикажано во Прилог 9.4.В. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+<br>Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)<br>Прилог 9.4.В. Број и информации за студенти од странство кои реализирале Еразмус+ мобилност на ФТБЛ<br>Прилог 9.4.Г. Број на наставници кои искористиле Еразмус+ мобилност<br>Прилог 9.4.Д Правилник за условите постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми | |
| 9.5 Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
| Во периодот на самоевалуација на ФТБЛ нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата, освен професорите со Еразмус+ мобилност и поканети (Прилог 2.5.А), ниту пак има наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови.<br>Прилог 9.5.Б дава SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.5.А. Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите три години.<br>Прилог 9.5.Б. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9 | |

**Факултетска комисија за самоевалуација**

1. Проф. д-р Драшко Атанасоски
2. Проф. д-р Мимоза Серафимова
3. Доц. д-р Христина Серафимовска
4. Марин Ивановски – студент
5. Христијан Усовиќ - студент

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II кат Стара Комерцијална банка 1000
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Филолошки факултет<br>(кратенка ФФ, УГД) |
| **Седиште** | Ул. „Гоце Делчев“ бр.89, П. фах. 201, 2000 Штип<br>Република Северна Македонија |
| **Контакт информации** | Тел: +389 32 550 600<br>Интернет адреса:<br>https://zf.ugd.edu.mk/index.php/mk/<br>Е-пошта: contact@zf.ugd.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, декан<br>lusi.karanikolova@ugd.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **2021/2024 (2021/22, 2022/23, 2023/24)** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум МП овластено лице на установата
(потпис)

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Филолошки Факултет |
| Седиште | Кампус 4, ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А, Пошт. фах 201, Штип – 2000 |
| Веб-страница | https://ff.ugd.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Филолошкиот факултет има особено важна мисија во оспособувањето на студентите за продлабочување на знаењата од областа на македонскиот јазик и литература, како и во изучувањето на странските јазици и, на тој начин, во создавањето љубов кон јазикот и литературата воопшто. Својата образовна и научна дејност Филолошкиот факултет ја организира и ја изведува преку студиски програми засновани на Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС), во согласност со Болоњската декларација. Наставата се организира по студиски групи, и тоа: Македонски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност и Турски јазик и книжевност. Нашата визија е да се подигне нивото на компетенции по однос на усовршувањето на лингвистичките, литературните знаења и знаењата и способностите во наставата по англиски јазик и книжевност. Целта на установата е да ги оспособи идните студенти за примена на научните и стручните знаења во практиката од областа на лингвистиката, методиката и науката за литературата. Студирањето на Филолошкиот факултет овозможува стекнување знаења и вештини за нивна примена во деловниот и професионалниот живот, а особено во сферата на средношколската, високообразовната и научната практика во Република Северна Македонија.<br><br>Дополнителна мисија на Филолошкиот факултет е да подготвува стручњаци од областа на филолошките науки; да организира и да развива научна и истражувачка дејност, да се грижи за издигнување на наставен и научен подмладок и да организира разни форми на научно и стручно образование; да издава учебници и учебни помагала, публикации, да се стреми кон усовршување на постојните кадри во соработка со други установи и институции; да организира и да учествува на домашни и странски конференции; да соработува со сродни наставно-научни институции во земјата и во странство, со цел да се организира и да се унапредува наставната и научната дејност на дисциплините што се изучуваат на Факултетот; да организира и други форми на наставна и научна работа во рамките на Институтот за јазици изведувајќи настава за сите нивоа по македонски јазик за странски студенти, како и настава по англиски јазик. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државен универзитет<br>Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | **Прв циклус студии**<br>**2016 година**<br>Англиски јазик и книжевност – насока преведување и толкување (четиригодишни студии) бр. 17-140/9 од 25.1.2017<br>Германски јазик и книжевност – наставна насока (четиригодишни студии) бр. 17-140/2 од 4.12.2016<br>Германски јазик и книжевност – преведување и толкување (четиригодишни студии) бр. 17-140/3 од 1.12.2016<br>Италијански јазик и книжевност – наставна насока (четиригодишни студии) бр. 17-140/4 од 1.12.2016<br>Италијански јазик и книжевност – преведување и толкување (четиригодишни студии) бр. 17-140/5 од 1.12.2016<br>Македонски јазик и книжевност- наставна насока (четиригодишни студии) бр. 17-140/12 од 12.7.2017<br>Турски јазик и книжевност – наставна насока (четиригодишни студии) бр. 17-140/6 од 1.12.2016<br>Турски јазик и книжевност – преведување и толкување (четиригодишни студии) бр. 17-140/7 од 1.12.2016<br>Француски јазик и книжевност – наставна насока (четиригодишни студии) бр. 17-140/10 од 15.3.2017<br>Француски јазик и книжевност- преведување и толкување (четиригодишни студии) бр. 17-140/11 од 15.3.2017 |

| | |
|---|---|
| | Англиски јазик и книжевност – наставна насока (четиригодишни студии) бр. 1409-140/8 од 13.3.2019<br>**2020 година**<br>Англиски јазик и книжевност (четиригодишни) бр. 08-94/18 од 17.2.2021<br>Турски јазик и книжевност (четиригодишни) бр. 08-94/22 од 5.4.2021<br>Македонски јазик и книжевност (четиригодишни) бр. 08-94/26 од 6.5.2021<br>Германски јазик и книжевност (четиригодишни) бр. 08-94/21 од 5.4.2021<br>Италијански јазик и книжевност (четиригодишни) бр. 08-94/28 од 21.9.2021<br><br>**Втор циклус**<br>**2016 година**<br>Англиска филологија (двегодишни студии) бр. 17-280/4 од 18.10.2017<br>Македонска филологија (двегодишни студии) бр. 1409-280/2 од 28.11.2018<br>Турска филологија (двегодишни студии) бр. 1409-280/3 од 28.11.2018<br>**2020 година**<br>Англиска филологија (едногодишни) бр. 08-436/9 од 27.4.2021<br>Германска филологија (едногодишни) бр. 08-436/20 од 21.9.2021<br>Македонска филологија (едногодишни) бр. 08-436/23 од 21.9.2021<br>Италијанска филологија (едногодишни) бр. 08-436/22 од 21.9.2021<br>Турска филологија (едногодишни) бр. 08-436/21 од 21.9.2021 |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Филолошкиот факултет брои 29 лица избрани во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | За 2023/2024 број на студенти<br>I циклус – 271 студент<br>II циклус – 27 студенти |

**Развој на единицата**

Факултетот е основан со Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на државен Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Службен весник бр. 81 од 7.7.2008 година), како високообразовна установа во негов состав. Од почетокот на своето основање, Филолошкиот факултет е институција која се стреми кон обезбедување на образование во областа на македонскиот јазик и странските јазици, литература и култура, преку кои се подготвуваат студентите за идна професионална кариера како наставници, преведувачи и толкувачи или културни работници.

Уште од самиот почеток, на Филолошкиот факултет се спроведуваат студии од прв циклус на Македонски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност и Турски јазик и книжевност, како и на втор циклус Македонска, Турска, Англиска, Германска и Италијанска филологија.

Наставата на Факултетот се изведува од професионалци, експерти во своите области, кои со студентите го споделуваат целото свое знаење и кои ги поттикнуваат студентите активно да учествуваат во наставата и да споделуваат свои мислења.

Денес Филолошкиот факултет е една од водечките високообразовни институции во земјава, максимално е посветен на продуцирање висококвалитетен кадар, кој ќе биде успешен во воплотувањето на филолошкото знаење во сè поизразените услови на конкуренција и културен натпревар и ќе биде способен да се справи со предизвиците што ги нуди современиот развој на општеството и бизнисот. Факултетот нуди програми за додипломски и постдипломски студии од неколку области на јазиците и книжевностите. Филолошкиот факултет во фокусот ги става студентите и нивните потреби, поради што се градат и се одржуваат партнерства со локални, национални и меѓународни организации и институции, кои обезбедуваат можности за студентите да стекнат практично искуство и изложеност на различни деловни средини. Факултетот ги следи светските трендови и континуирано иновира во поглед на студиските програми на ниво на европските и светските практики, воведува нови наставни методи и техники, со слобода за креативност и изразување на сопствените гледишта на професорите и студентите, во контекст на општествените појави и процеси.

**Клучни институционални капацитети**

Факултетот располага со доволен број амфитеатри – два, како и девет предавални. Исто така, поседува и Фонолошка лабораторија, како и кабинети за наставниот кадар и канцеларии за ненаставниот кадар. На највисокиот кат е салата за состаноци за работа на органите и телата на Факултетот, како и деканатот. Филолошкиот факултет има и своја библиотека, во која може да се најде голем фонд на стручна литература, белетристика на македонски јазик и на други странски јазици. Библиотеката постојано се збогатува од најразлични донации од познати професори и научници од областа на филологијата.

Наставата од прв циклус на Филолошкиот факултет се организира во два кампуси, во Штип и во Струмица. Штип: Македонски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност, Турски јазик и книжевност и Струмица: Англиски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност.

Филолошкиот факултет поседува:

- Компетентен и квалитетен наставно-научен кадар;
- Современи студиски програми на прв и втор циклус, компатибилни со програмите на еминентни светски универзитети;
- Голем број склучени меморандуми и договори за соработка со образовни и сродни институции од земјата и од странство;
- Во организирање на активности и настани поврзани со наставната, научната дејност на факултетот;
- Издавачка дејност, која сè повеќе се развива во склоп на факултетот;
- Институт за јазици, кој обезбедува настава по македонски и англиски јазик на сите нивоа за странските студенти.

**Области/прашања/стандарди/индикатори во кои единицата постигна најголем напредок во последните три години:**

- Филолошкиот факултет може да се пофали со организација и учество на многу настани. Во последните три години на Филолошкиот факултет се одржаа доста значајни настани во форма на предавања, промоции, конференции, работилници, од кои ќе бидат издвоени позначајните. Секоја година се одбележува Неделата на италијанскиот јазик во светот; Европскиот ден на јазиците преку најразлични дебати и организација на настани; Одбележување на годишнината од основањето на Катедрата за турски јазик. Во сите настани активно учество земаат нашите вработени, како и гостински предавачи. Може да се истакне и организирањето на конференцијата за Ацо Шопов. По одржувањето на конференцијата беше промовиран „Зборникот на научни трудови“ од Меѓународната научна конференција посветена на Ацо Шопов. Голем број на промоции на книги, учество на дебати и настани со домашни и странски предавачи од реномирани универзитети.
- Наставниот кадар активно учествува во различни програми за размена на кадар, како што се Еразмус+, CEEPUS, постдокторски студии и студиски престои во странство.
- Научно-истражувачки проект со резултат монографија насловен *Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик.*
- Голем број на кандидати кои се вклучуваат во наставата што се изведува во склоп на Институтот за јазици, т.е. настава по македонски и англиски јазик за странски студенти.

**Најголеми предизвици и недостатоци:**

- Намалениот број студенти на студиските програми на македонски јазик, германски јазик, италијански јазик и турски јазик;
- Заминување на младите во странство, т.е. прекинување на студиите заради престој во странство;
- Зголемен обем на часови и недостаток од наставен кадар;
- Недостиг на книжарница/копирница на Кампус 4 и Кампус Струмица;
- Недостиг на обуки за наставниот кадар за следење на новите трендови во наставата и науката;
- Недоволна комуникација и соработка помеѓу колегите.

## II. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1 Установата има политика на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк од објава на веб-страница. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ врз основа на сопствената мисија, визија, организациски принципи и вредности ја има донесено сопствената Стратегија за работа, која претставува сеопфатен развоен документ во кој јасно се дефинирани стратешките цели за периодот 2022-2025. Усвоената Стратегија е во согласност со Законот за високото образование, каде што во член 19 јасно и прецизно е дефинирана основната **дејност** на Универзитетот, т.е. „да образува студенти, да ги развива науката и уметноста и воедно да врши и функционална интеграција на своите единици преку своите органи, за да го усогласи нивното дејствување и остварувањето на единствениот стратегиски развој.“ Основен пристап на Стратегијата е континуиран развој на Универзитетот, негов напредок во угледна високообразовна институција, која ќе продуцира квалитетен кадар, подобен да одговори на предизвиците на новото време, со соодветни вештини за националниот и глобалниот пазар на труд. Стратегијата за работа на Универзитетот се темели врз основа на :

- **клучните вредности и принципи** (почит и грижа за вработените и студентите, академска автономија, компетентност, континуиран развој и одговорност),
- **основните стратешки столбови** (модернизација на наставниот процес, дигитализација и квалитетна услуга на студентите и вработените, засилена меѓународна соработка, интензивирање на научно-истражувачката работа, значително подобрување и осовременување на условите за работа),
- **стратешките цели** (управување и вредности, извонредност во наставата и учењето, извонредност во науката и истражувањето и глобалната видливост, подобрена инфраструктура, студентска младинска политика и студентска автономија, социјална одговорност).

Стратегијата претставува темел врз која е изготвен Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели за периодот 2022-2025 година. Планираните активности, односно задачи, се дадени според поставените цели во различни сегменти на дејствување со назначување на носителите и одговорните структури на Универзитетот, предвидените активности, корисност од активностите и предвидениот рок на нивна имплементација.

Согласно со имплементираниот Систем за менаџмент со квалитет, уште во 2012 година извршена е стандардизација на севкупната работа на Универзитетот според стандардот ISO 9001:2008, а подоцна со измените на стандардот направено е ресертифицирање според новите барања и измени во ISO 9001:2015. Со имплементирање на овој стандард преку процесниот пристап на документирање на работните процеси првенствено се задоволени барањата и очекувањата на студентите и во крајна инстанца подобрено е севкупното работење на Универзитетот. Со имплементација на стандардот ISO 9001:2015 Универзитетот ја креира својата препознатлива Политика на квалитет, која е соодветна на целта и контекстот на постоење на Универзитетот. Политиката за квалитет е концизен и едноставен документ, кој е воочлив и јавно објавен на видливи места на Универзитетот и неговата веб-страница, каде што во еден процесен пристап реално се прикажува одржливото обезбедување на квалитет. Имплементирањето на системот за менаџмент со квалитет е стратешка одлука на Универзитетот, која придонесе да се подобрат вкупните перформанси и да се обезбеди цврста основа за постојан развој.

Овие три документи (акти) се јавно достапни на следните линкови:

- Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ – Штип (2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf)
- Акционен план за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за 2022-2025) (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/akcionen-plan-2022-2025.pdf)
- Политика за квалитет (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/Politika_za_kvalitet.pdf).

Во прилог 1.1.А прикажана е Организационата поставеност на Универзитетот, а со тоа и припадноста на Факултетот во организационата структура е дадена во органограмот од 31.11.2023.

**Прилози:** Прилог 1.1.А Организациона поставеност на Универзитетот, а со тоа и припадноста на Факултетот во организационата структура, е дадена во органограмот од 31.11.2023.

| | |
|---|---|
| 1.2 Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација, која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото задоволство во текот на студиите, активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедување на квалитет. |

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од своето основање Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот, кои ги постави и на највисоко институционално ниво. Универзитетот редовно од своето постоење спроведува процес на самоевалуација во период од три години и досега се произлезени пет извештаи од самоевалуација, кои се јавно достапни на веб-страницата на Универзитетот https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/. Самоевалуацијата е метод за проценка на квалитетот на високото образование од страна на самата високообразовна установа на начин и според услови определени со Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), во кој се пропишани стандардите и постапките за спроведување на надворешната и самоевалуацијата на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Универзитетот при спроведување на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и досега како алатки за следење на квалитетот ги користи базата на Е-индекс, од каде што ги добива статистичките податоци за наставни програми, предмети и сл. и кој е алатка за анкетирање на студентите и вработените. Процесот на самоевалуацијата го спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) члена, од кои 6 (шест) члена се од редот на наставниците и 3 (три) члена се од редот на студентите кои не се членови на Сенатот. Самоевалуацијата на единиците на Универзитетот ја врши комисијата за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена. Членовите на Комисијата на единицата на Универзитетот ги избира Наставно-научниот/уметничкиот совет со тајно гласање, и тоа 3 (три) члена од редот на наставниците и 2 (два) члена од редот на студентите. Мандатот на членовите на комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а од редот на студентите од 1 (една) година. Во последната самоевалуација од 2019 до 2021 година е спроведена анонимна електронска анкета на платформата Microsoft Forms во период 16.09.2021 до 15.10.2021, и тоа посебно:

- Анкета за студентите од прв циклус (Прилог 1.2.Д),
- Анкета за студентите од втор и трет циклус на студии (Прилог 1.2.Ѓ),
- Анкета за наставно научен и соработнички кадар (Прилог 1.2.Е).

Последно спроведените анкети се состојат од околу 40-45 прашања, поделени во општ и посебен дел, каде што се опфатени околу девет подрачја на испитувања на мислења за настава, студиски програми, следење и оценување на студентите, наставен процес, литература, ИКТ поддршка, сервисни служби, општа оценка и сл. Врз база на добиените резултати од спроведените анкети, направена е анализа и изготвен е Извештај за самоевалуација, во кој е дадена анализа на спроведените анкети, оценки и резултати од статистички обработените податоци и сл. По комплетното документирање Извештајот од самоевалуацијата се презентира пред Ректорската управа и Универзитетскиот сенат, од каде понатаму се развиваат, се посочуваат и се преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиените резултати (Прилог 1.2.В, 1.2.Г).

Годишниот план на активности на Одделението за обезбедување на квалитет е даден во Прилог 1.2.Ж.

Во прилозите 1.2.З, 1.2.S, 1.2.И,1.2.Ј, 1.2.К, 1.2.Л, 1.2.Љ и 1.2.М се дадени најновите анкети на студентите од прв и втор циклус на Филолошкиот факултет, на наставничкиот и соработничкиот кадар од Филолошкиот факултет и на административниот и помошен персонал на УГД заедно со резултатите од нив.

**Прилози:**

Прилог 1.2.А. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/22 од 8 мај 2018)
Прилог 1.2.Б Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/22 од 6 јули 2022)
Прилог 1.2.В ООК.ПР.01 Процедура за спроведување на самоевалуација
Прилог 1.2.Г ООК.ОБ.07. Извештај од самоевалуација
Прилог 1.2.Д Анкета студенти I циклус-2021 од претходна самоевалуација
Прилог 1.2.Ѓ. Анкета студенти II и III циклус-2021 од претходна самоевалуација

| | |
|---|---|
| Прилог 1.2.Е. Анкета за административно-помошен персонал од претходна самоевалуација<br>Прилог 1.2.Ж. План за работа на Одделението за обезбедување на квалитет и Системот за менаџмент на квалитет<br>Прилог 1.2.3 Анкета за студентите од прв циклус<br>Прилог 1.2.S. Анкета за студентите од втор циклус<br>Прилог 1.2.И. Анкета за наставнички и соработнички кадар<br>Прилог 1.2.Ј Анкета за административен и помошно-технички персонал<br>Прилог 1.2.К. Резултати од анкети на студенти од прв циклус на ФФ<br>Прилог 1.2.Л Резултати од анкети на студенти од втор циклус на ФФ<br>Прилог 1.2.Љ Резултати од анкети на наставнички и соработнички кадар на ФФ<br>Прилог 1.2.М Резултати од анкети на административен и помошно-технички персонал на УГД | |
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот, установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и другите релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Во своите 17 години постоење Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има изградено современи принципи на менаџирање и контрола на квалитетот во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивна работа, извештаите од останатите Сектори и Одделенија како и од севкупната работа на, Ректорската управа и Универзитетски сенат се презентира целокупното работење на Универзитетот (Прилог 1.3.А, 1.3.Б, 1.3.В), а се изготвува и Извештај за работа на ректорот во период од една учебна година. Последниот извештај се однесува на изминатата учебна година 2022/2023. Извештајот за работа на ректор се презентира во Комисијата за образование во Собранието на Република Северна Македонија и е објавен на веб-страницата на Универзитетот на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf.

Од Извештајот директно може да се види транспарентноста на работата на Универзитетот и културата на координација и соработка со која Универзитетот ја поттикнува вклученоста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, работодавците, институциите и останатите засегнати страни во развојот, и обезбедувањето на квалитетот во високото образование. Градејќи политика на отвореност од Извештајот за работа на ректор можат да се согледаат остварените соработки на повеќе полиња, и тоа:

- Научно-истражувачки и меѓународни проекти во државата и странство;
- Организирани и поддржани конференции на единиците на Универзитетот;
- Студентски конференции;
- Научно-истражувачката дејност на акредитираните лаборатории од страна на ИАРСМ и нивните партнерства со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие;
- Заедничко учество во програми и мрежи за мобилност на студентите и наставничкиот кадар;
- Членства и активности во меѓународни универзитетски мрежи и ректорски форуми;
- Високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитети во странство, визитинг наставници;
- Соработка со стопанскиот и нестопанскиот сектор.

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес и практичната настава, со компании од соодветната област, вклучувајќи истакнати експерти од индустрискиот сектор, посета на различни индустриски капацитети од различни области кои помагаат во стекнувањето практични вештини кај студентите, владините институции се клучни во развојот на вештините кај општествените науки, соработка со здравствени установи, клинички болници и сл. Овие соработки со стопанскиот и нестопанскиот сектор не се одвиваат само на локално и национално ниво, туку и пошироко со остварувањето на соработка на некои факултети со компании надвор од границата на нашата држава. Од остварените соработки јасно е истакната отворената соработка на Универзитетот, пред сè со студентите, наставниот кадар, работодавците и други релевантни институции/организации кои се отворени за соработка.

Од Прилог 1.2.В. дополнително може да се види вклученоста на студентите и наставниот кадар во комисиите за самоевалуација на Универзитетот и единиците, односно во процесот на обезбедување на квалитет.

**Прилози:**

Прилог 1.3.А. Р.ПР.01. Процедури за изготвување на годишен извештај за работата на УГД
Прилог 1.3.Б. Р.ОБ.05 Годишен извештај за работата на УГД

| Прилог 1.3.В. ЕД.ОБ.08 Годишен извештај за работа на декан | |
|---|---|
| 1.4 Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Уште од самото основање на Универзитетот и во систематизацијата на работните места на Универзитетот во неговите работни тела е основано Одделението за обезбедување на квалитет (Прилог 1.4.А). Одделението за обезбедување на квалитет ги извршува следните работни задачи (Прилог 1.4.Б, 1.4.В):

- развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација;
- методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието;
- поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот, ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност;
- дефинирање на стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот;
- спроведување, анализирање и собирање повратни информации за квалитетот на сите корисници;
- координирање и спроведување анкети за студенти и наставници;
- обработување на резултати;
- истражување на причините за неквалитетно, неефикасно и долго студирање.

Во интерес на обезбедувањето на квалитетот, Универзитетот го разви и ги имплементира и Системот за менаџмент со квалитет преку Стандардот ISO 9001. Сите административни процеси на Универзитетот се стандардизирани, се извршуваат и се контролираат согласно со препораките на стандардот ISO 9001:2015, имплементиран и сертифициран на 1.10.2018 година, како надградба на претходниот систем EN ISO 9001: 2008, кој беше имплементиран и сертифициран од TUV NORD во 2012 година. На 22.06.2022 година е направена последната ресертификација (во прилог е сертификатот од ISO 9001:2015, Прилог 1.4.Г). Во процесот на реализација на Системот за менаџмент со квалитет се вклучени сите вработени на Универзитетот, каде што секој носи свој удел од извршувањето на работните задачи, воедно развивајќи ги особините на планирање, одговорност и работна дисциплина. Сите процеси на Системот за менаџмент со квалитет се покриени со прирачници, правилници, процедури и работни упатства, во кои се имплементирани важечките закони во Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, и барањата на самиот стандард ISO 9001:2015. Системот за менаџмент со квалитет секоја година подлежи на преиспитување од страна на раководството (Прилог 1.4.Ж) и врз основа на извршената внатрешна проверка-преиспитување од страна на одговорните на СМК во месец мај/јуни се изготвува извештај за резултатите од внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет (Прилог 1.4.В). Исто така од страна на сертификациското тело по извршената сертификација следните две години во месец јуни/јули се врши по еден надзорен аудит до следната ресертификација. Како резултат на надворешната проверка или надзорниот аудит, сертификациското тело врз основа на планот за аудит кој го доставува (Прилог 1.4.Д), врши преиспитувањето на стандардот. Од извршениот аудит се доставува извештај со општи заклучоци, се констатираат неусогласености доколку ги има, се даваат препораки за корективни мерки и подобрувања и сл. (Прилог 1.4.Ѓ). Дополнително, Универзитетот во согласност со стандардот, има и регистар на ризици (Прилог 1.4.S).

Во согласност со континуираниот развој, подигнување на свеста за важноста на квалитетот во високообразовниот процес и следејќи ги стандардите и тенденцијата на постојано подобрување, Универзитетот на 211. редовна седница на Универзитетски сенат, одржана на 24.4.2023 година донесе Одлука за именување на координатор за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Со назначување на координатор се оформи работна група поддржана од Ректор, Проректори, Ректорската управа и Универзитетски сенат за „Обезбедување на контрола на квалитетот во високо-образовниот процес на УГД“. Со работната група раководи Координаторот на Одделението за обезбедување на квалитет. Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association) од 2015 година и како резултат на меѓусебна соработка со повеќе универзитети изминатиот период беа одржани повеќе онлајн состаноци со Универзитети од Балканот, на кои се размените повеќе искуства и практики на обезбедување на квалитет, со цел да се подигне квалитетот на Универзитетот, воспитно-образовниот процес, научно-истражувачката работа и сите останати услуги кои ги реализира Универзитетот, на уште повисоко ниво. Работната група врз основа целите поставени во Стратегијата за работа и Акцискиот план на Универзитетот, како и собраните добри практики и искуства, почна да разработува методологија за континуирана и транспарентна евалуација на наставниот и соработничкиот кадар од страна на студентите од сите три циклуси на студии, евалуација на наставниот и соработнички кадар, евалуација на административниот и помошно-техничкиот персонал, развојни документи и софтверски решенија (Прилог 1.4.Е, 1.4.И). Паралелно работната група работи на Стратегија на Одделението за обезбедување на квалитет и Правилник за спроведување на анкети на Универзитетот. За претстојната евалуација работната група изготви анкети кои треба да се усвојат на Сенат и по

донесување на одлука за отпочнување на самоевалуација ќе бидат соодветно поставени на базата на Е-индекс и Microsoft Forms, со што оваа шеста самоевалуација ќе биде работена според новиот образец, кој е директно посочен од страна на Одборот за надворешна евалуација и самоевалуација за период од последните три години. Новиот образец се базира на Европските стандарди и насоки за внатрешно обезбедување на квалитет, обработувајќи девет стандарди посочени од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Со почетокот на новата студиска година во периодот што следува, на иницијатива на Ректорот на Универзитетот, ќе биде отпочната шестата самоевалуација, која најверојатно ќе се одвива во ноември/декември 2024 година и ќе ги опфати студиските години од 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024. Во декември 2024 ќе започне и анкетирање на студентите за педагошката работа на наставниот и соработничкиот кадар за тековниот семестар и тоа ќе се спроведува на крајот од секој семестар. По целосно завршување на Извештајот од самоевалуацијата, Извештајот се презентира пред Ректорската управа и Универзитетскиот сенат, од што понатаму се развиваат, се посочуваат и се преземаат корективни мерки и се вршат подобрувања во однос на добиениот извештај.

**Прилози:**
Прилог 1.4.А Статут на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 1.4.Б ООК.ПРВ.01 Правилник за организација на работата на одделение за обезбедување со квалитет
Прилог 1.4.В СМК.ПК.01 Прирачник за квалитет
Прилог 1.4.Г Сертификат ISO9001:2015
Прилог 1.4.Д План за вршење на надзорен аудит
Прилог 1.4.Ѓ Извештај од надворешен аудит
Прилог 1.4.Е Извештај од работата на работната група.
Прилог 1.4.Ж СМК.ОБ.01 преиспитување од страна на раководството
Прилог 1.4.З Извештај за резултатите од направената внатрешна проверка на Системот за менаџмент со квалитет
Прилог 1.4.Ѕ Регистар на ризици на УГД
Прилог 1.4.И Пример записник од одржан состанок

| | |
|---|---|
| 1.5 Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај за самоевалуација спроведен во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоци и/или препораките од самоевалуација.<br>Линк од извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Со цел на унапредување на студиските програми во согласност со потребите на пазарот на труд и општествените потреби, направени се измени во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование, и Правилникот за содржините на студиските програми (Прилог 1.5.А), така што покрај Наставно-научниот совет на факултетите за одобрување и усогласување на студиските програми според потребите на стопанскиот и нестопанскиот сектор, формиран е Одбор за соработка и доверба со јавноста, во кој членуваат двајца членови од наставниот кадар, еден член од Стопанска комора, еден член од јавниот сектор и еден член од редот на студентите, кои даваат мислења и препораки:

- за акредитација/реакредитација на студиската програма,
- континуирани информации за трендовите и потребите на пазарот на труд и општествената заедница во поглед на стекнување на знаење и компетенции, кои се очекуваат да се стекнат од студентите во образовниот процес,
- даваат поддршка на факултетите во развојот на иновации и резултатите од научно-истражувачката работа и сл.

Студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија, како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа, квалитетот и законитоста на студиските програми. Акредитираните студиски програми на единиците на Универзитетот се содржински и концепциски, по број на ЕКТС кредити, со точно прецизиран степен/ниво на квалификација според Националната рамка на квалификации. Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на практични вештини во соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладиниот сектор, и проширувањето на делокругот на субјекти за надворешна соработка. Врз основа на добиените акредитации за студиски програми од прв, втор и трет циклус на студирање кои се документирани, може да се увиди дека студиските програми ги исполнуваат поставените критериуми на

Агенцијата за квалитет во високото образование. Во Извештајот од самоевалуација се содржат сеопфатни, податоци, прилози и анализи со статистичка обработка на добиените информации во однос на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студиски програми. Анализата на податоци се врши компаративно со добиените вредности од претходната самоевалуација. Во извештајот по извршената анализа се донесуваат и констатации и препораки за понудените студиски програми, со цел да се врши постојано подобрување и создавање на нови студиски програми, кои ќе ги понудат соодветните квалификации и ќе бидат конкурентни на пазарот на труд на глобално ниво.

Извештајот за самоевалуација се доставува на Универзитетски сенат и Ректорска управа, каде што се дискутира и се преземаат соодветни активности по добиените препораки и констатации, со цел за постојано подобрување на студиските програми, следејќи ги трендовите на пазарот на труд на глобално ниво. По усвојувањето на извештајот за самоевалуација тој јавно се објавува на страницата на Универзитетот **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се наоѓаат на овој линк.

Последен во низата извештаи е Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за периодот 2019-2021 (https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/izvestaj_za_samoevaluacija_na_ugd_19_21.pdf).

**Прилози:**

Прилог 1.5.А. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, Сл. Весник бр. 256, 28.11.2022.

| | |
|---|---|
| 1.6 Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес, кој завршува со извештај од надворешната евалуација или натамошно следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешната евалуација од претходниот процес;<br>Акциски план;<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Надворешната евалуација на високообразовните установи се спроведува врз основа на годишен план, кој го донесува Одборот за евалуација. Одборот за евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно со кој секоја високообразовна установа поминува низ надворешна евалуација еднаш на секои пет години. Годишниот план вклучува и прелиминарен распоред на посети на високообразовните установи. Годишниот план се објавува на веб-страницата на АКВО. Надворешната евалуација ја вршат комисии избрани од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). Стандардите и постапката за надворешна евалуација се уредени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.2.Б), а прифатени се и усогласени со стандардите и насоките кои се применуваат од ENQA (Прилог 1.6.А).

Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, процесот за надворешна евалуација го има поминато двапати во досегашното свое постоење. Процесот на надворешна евалуација првпат го иницира во јуни 2013 година, а во јуни 2014 година, како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој е објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2014.pdf

Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е транспарентно објавен на веб-страницата на Универзитетот на линкот:

– https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/UGD_IEP_report_MK_2017.pdf

Во изминатиот период од страна на Одборот за евалуација, на Универзитетот беше најавена надворешна евалуација на пет факултети, а подоцна беа избрани два факултети, и тоа Економски факултет и Филолошки факултет, при што тие два факултети ги сработија извештаите дадени според насоките од страна на Одборот за евалуација. Со оглед на тоа што Одборот има ограничен мандат и во тој период на формирање на стручна комисија за надворешна евалуација дојде до истекување на мандатот на членовите од Одборот за евалуација, постапка за избор на нови членови на Одборот за евалуација, постапка за конститутивна седница на Одборот за евалуација, избор на претседател на Одборот за евалуација и ред други законски процедури, дојде до нецелосно завршување на постапката за надворешна евалуација. По формирањето на новиот Одбор за евалуација и отпочнување со

| |
|---|
| работа, се надеваме дека тој ќе ја продолжи постапката на надворешна евалуација на Економски и Филолошки факултет и ќе отпочне со нови постапки на надворешна евалуација на другите факултети и академии.<br>Прилог 1.6.Б ја прикажува SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 1 |
| **Прилози:**<br>Прилог 1.6.А. ЕСГ 215 (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area)<br>Прилог 1.6.Б SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 1 |

## Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми

| **СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 2.1. Единицата има донесен/и акт/и или правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Факултетот има прифатено законски акти од клучните министерства (Закон за високо образование – Прилог 1.2.А; Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовни установи и за акредитација на студиски програми – Прилог 1.5.А; Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност – Прилог 2.1.А) и ги следи правилата според Статутот (Прилог 1.4.А) и правилниците на Универзитетот (Прилог 2.1.Б). | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.1.А. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност (Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/22). Важи од 01.2023 година.<br>Прилог 2.1.Б. Работно упатство за кодирање на предметите од студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат на единицата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и им овозможуваат на студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните три години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми се истакнуваат со својата релевантност и добра осмисленост во насока на целта за постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со исходите од образовниот процес, што обезбедува континуитет во учењето и развојот на студентите. Овие програми се ориентирани кон студентскиот развој и им овозможуваат на студентите да ги стекнат не само академските знаења и вештини, туку и вештини што може да се применат во нивните идни кариери и личен развој.<br>Знаење и разбирање. - Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување, кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето. - Способност за употреба на проширено и продлабочено знаење. - Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или повеќе специфични научни полиња. - Поседува знаења од една или повеќе предметни области, кои, во дадените научни полиња, се базираат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле. | |

Примена на знаењето и разбирањето, способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на истражување.
Способност за проценка, - Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето.- Способност за справување со сложени прашања, систематски и креативно, за солидно проценување дури и при некомплетни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка. - Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување нови решенија и анализи на научна основа.
Комуникациски вештини. - Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и рационално поткрепување, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено. - Преземање значителна одговорност за заедничките резултати, водење и иницирање активности.
Вештини на учење, - Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки. - Способност за преземање одговорност за натамошен професионален развој и усовршување.
Од областа на англиски јазик и книжевност, германски јазик и книжевност, италијански јазик и книжевност и турски јазик и книжевност се очекува студентот во целост да ги совлада основните јазични вештини. Совладувањето на рецептивните и продуктивни јазични вештини подразбира читање, пишување, слушање и зборување при употребата на англискиот, германскиот, италијанскиот, односно турскиот јазик како странски јазик. Да се оспособи кадар за потребите на образовните установи, кадар кој ќе се занимава со научно-истражувачка дејност на полето на англискиот јазик и книжевност, германскиот јазик и книжевност, италијанскиот јазик и книжевност и турскиот јазик и книжевност.
Од областа на македонскиот јазик и книжевност се очекува студентите во целост да демонстрираат комуникативна компетенција (писмена и усна) на македонски јазик и правилна употреба на различни јазични/граматички структури, форми и конструкции; да бидат оспособени за примена на знаењето од областа на лингвистиката, теоријата и историјата на литературата, како и способност за жанровско препознавање и критичка анализа на различни литературни текстови. Исто така, по дипломирањето се очекува од студентите да комуницираат со учениците на јазично и естетско ниво, да мотивираат, да информираат и да поврзуваат идеи, проблеми и решенија од различни сегменти на наставниот процес, како и да бидат способни за применување на општите законитости на наставниот процес, како и способност за планирање, анализирање и вреднување на наставната работа.
Во периодот 2021-2024 година, на Филолошки факултет на прв циклус студии имаме акредитирано вкупно 5 студиски програми: Англиски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Македонски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност и Турски јазик и книжевност (линковите се дадени во прилози).
Во периодот 2021-2024 година, на Филолошки факултет на втор циклус студии имаме акредитирано вкупно 5 студиски програми: Англиска филологија, Германска филологија, Македонска филологија, Италијанска филологија и Турска филологија. (Линковите се дадени во прилози).
Во периодот 2021-2024 година на Филолошки факултет на трет циклус студии немаме акредитирано студиски програми.
Студиските програми и дескрипторите се јавно објавени на веб-страницата на Филолошки факултет.

Успешни приказни од студенти:
https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/193-prikazni-stud-d ,
https://ff.ugd.edu.mk/index.php/en/12-vesti/192-prikazni-stud-r ,
https://www.facebook.com/watch/?v=360543009576041 ,
https://www.facebook.com/watch/?v=459334186219951,
https://www.facebook.com/801407096674412/videos/831277703687351

| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |
|---|---|

Студиските програми се директно насочени кон развојните потреби на општеството и економијата.
**Прв циклус студии**
Содржината на предметните програми кореспондира со содржината на студиската програма, профилот на кадар што се едуцира, звањето и потребите на пазарот на трудот. Во конципирањето на студиската програма земени се предвид занимањата и звањата утврдени во постојната Националната класификација на занимања.
**Втор циклус студии**
Студиските програми на ФФ од втор циклус на студии, според Националната Класификација на занимања се подготвени и усогласени според начелата на Меѓународната стандардна класификација на занимањата ISCO-08 и

се темелат на Класификацијата, систематизациите на работните места (на надлежните министерства, институции и деловните субјекти во РСМ).
Линковите наведени подолу даваат целосен опис на студиските програми на ФФ за 1 и 2 циклус и дескрипторите, кои се јавно објавени на веб-страницата на ФФ.
**Студиски и предметни програми 1 и 2 циклус.**
**https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/prv-ciklus**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/angliski-jazik-knizevnost-studiska.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/angliski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/germanski-jazik-knizevnost-studiska.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/germanski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/italjanski-jazik-knizevnost-studiska.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/italjanski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/makedonski-jazik-knizevnost-studiska.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/makedonski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/turski-jazik-knizevnost-studiska.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/turski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/angliska-filologija-strukturna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/angliska-filologija-predmetna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/grmanska-filologija-strukturna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/grmanska-filologija-predmetna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/italjanska-filologija-strukturna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/italjanska-filologija-predmetna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/makedonska-filologija-strukturna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/makedonska-filologija-predmetna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/turska-filologija-strukturna.pdf**
**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/turska-filologija-predmetna.pdf**
Дескриптори.
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Angliski-1-ciklus.pdf
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Germanski-1-ciklus.pdf
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Italijanski-1-ciklus.pdf
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Makedonski-1-ciklus.pdf
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Turski-1-ciklus.pdf
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Angliski-2-ciklus.pdf
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Germanski-2-ciklus.pdf
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Italijanski-2-ciklus.pdf
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Makedonski-2-ciklus.pdf
https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/Deskriptori/Deskriptori-Turski-2-ciklus.pdf

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се приспособува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |

Студиските програми на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип се изработуваат во соработка со студентите и поради ова ФФ има основано Одбор за соработка и доверба со јавноста и студентите се дел од ННС и Сенатот, а сè со цел да се оствари јавност и одговорност за вршење на дејноста од јавен интерес. (Прилог 2.4.А; Прилог 2.4.Б).
Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган на Универзитетот кој го сочинуваат по два претставника од единиците на Универзитетот од редот на наставно-научните работници, еден претставник од придружите членки на Универзитетот, а 10% од бројот на членовите на Сенатот се студенти (Прилог 2.4.Г. а, б, в, г), избрани од Универзитетското студентско собрание.
Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на факултетот. Во наставно-научниот совет свои претставници избира и Факултетското студентско собрание. Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10% (десет проценти) од вкупниот број

| | |
|---|---|
| членови на Наставно-научниот совет и се избираат за мандатен период од 2 (две) години. (Прилог 2.4.В.а, б, в, г, д, ѓ). | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.4.А. Одлука на ННС за Одбор за соработка и доверба со јавност<br>Прилог 2.4.Б. Записник од одржан состанок на одбор/Одлука за поддршка на студиска програма<br>Прилог 2.4.В. (а, б, в, г, д, ѓ) Одлука на Факултет за избор на студент член на ННС<br>Прилог 2.4.Г. (а, б, в, г) Одлука на Сенат за избор на студенти членови на Сенат | |
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните три години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| При изготвувањето на студиските програми на Филолошки факултет, беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Цио Тонг Универзитетот од Шангај, при што особено внимание беше посветено на анализа на сите студиски програми од 1 и 2 циклус на усогласеност на студиските програми на ФФ со најдобрите странски практики и искуства.<br>Линкови од Предметни програми (силабуси) каде што има литература.<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/angliski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/germanski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/italjanski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/makedonski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/prv-ciklus/2021-2022/turski-jazik-knizevnost-predmetna.pdf**<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/angliska-filologija-predmetna.pdf**<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/grmanska-filologija-predmetna.pdf**<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/italjanska-filologija-predmetna.pdf**<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/makedonska-filologija-predmetna.pdf**<br>**https://ff.ugd.edu.mk/documents/studiski/vtor-ciklus/2021-2022/turska-filologija-predmetna.pdf**<br>**Втор циклус**<br>При изготвувањето на студиските програми по Англиска филологија, Германска филологија, Италијанска филологија, Македонска филологија и Турска филологија, беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Цио Тонг Универзитетот од Шангај.<br><br>Конкретни примери на усогласеност има од елаборатите и тие се дадени во Прилог 2.5.А.. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 2.5.А. Конкретни примери на усогласеност на студиските програми на ФФ со најдобрите странски практики и искуства. | |
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните, односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните три години за сите студиски програми. |
| РАСПРЕДЕЛБА НА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ЕКТС НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА<br><br>Вкупен број на ЕКТС од наставните предмети (Задолжителни + изборни наставни): (182 + 48) = 230<br>Вкупен број на ЕКТС од практична настава (втор + четврти + шести + осми семестар): (2 + 2 + 2 + 4) = 10<br><br>Практичната настава се изведува под надзор на ментор од високообразовната установа, кој одговара за успешно реализираната практична настава, а студентот води дневник за таа настава. По завршувањето на обврските во рамките на практичната настава студентот се стекнува со 2 ЕКТС. Реализацијата на практичната настава во облик | |

на интердисциплинарен проект подразбира вклучување во реализација на наставата на истакнати стручњаци од практиката. Можностите за избор на наставни предмети на други акредитирани студиски програми на Универзитетот ,,Гоце Делчев“ во Штип е овозможена, но постојат ограничувања поради специфичната работа по кампуси и дисперзирани студиски центри.

Соодветниот однос на теоретските предавања и практичните вежби, посебните форми на практична настава задолжително предвидени на крајот од секој парен семестар (како услов за проодност во следната година на студии), како и практичната настава во основните и средните училишта, во рамките на теоретско/практиколошкиот предмет Методика на наставата, обезбедува доволен фонд часови за практична настава и воведување на студентите во суштината на теоријата и практиката во нивната идна наставничка професија. На овој начин се обезбедува ефикасно поврзување на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма и креирањето на посакуваниот профил на дипломиран професор и дипломиран преведувач и толкувач. (Прилог 2.6.А).

Во Прилог 2.6.Б дадена е листа на институции со кои ФФ има склучено меморандум за соработка за изведување на практичната настава.

Ментори на генерација

Катедра за италијански јазик и книжевност

-2023/2024: проф. Ева Ѓорѓиевска (Штип) и проф. Јована Караникиќ Јосимовска (Струмица),

-2024/2025: проф. Светлана Јакимовска (Штип) и проф. Надица Негриевска (Струмица).

Катедра за германски јазик и книжевност

2022/23- проф. Даринка Маролова

2023/24- проф. Билјана Ивановска

2024/25 – виш лектор Марица Тасевска

Катедра за македонски јазик и книжевност

-2023/2024 - доц. д-р Наташа Сарафова

-2024/2025 – доц. д-р Марија Гркова Беадер

Катедра за англиски јазик и книжевност

-2023/2024 - доц. д-р Наталија Поп Зариева (Штип)

-2023/2024 - доц. д-р Крсте Илиев (Струмица)

Катедра за турски јазик и книжевност

-2023/2024 - проф. д-р Махмут Челик

-2024/2025 – проф. Марија Леонтиќ

**Прилози:**

Прилог 2.6.А Извештај за реализирана практична настава (за реализирана пракса).

Прилог 2.6.Б. Листа на фирми, организации со кои ФФ има потпишано меморандум за соработка

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на веб-страницата на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страницата каде што се објавени наведените информации.[1] |

Сите информации за студиските програми се достапни на веб-страницата на Филолошкиот факултет на Универзитетот ,,Гоце Делчев“ во Штип по акредитацијата на студиската програма, односно по добиено решение за почеток со работа од страна на Министерството за образование и наука.

Веб-страница на Факултетот: https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/

Веб-страница на Универзитетот: https://www.ugd.edu.mk/

Универзитетот на својата веб-страница ги има објавено следните информации:
- студиските програми
- наставните предмети,
- наставниот кадар на Универзитетот,
- распоредите за предавања, вежби, семинари, часови за консултации,
- термините за испити, полагање на тестови и други проверки,
- информации за наставен материјал за наставните предмети за студиските програми.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовната установа ги следи и периодично ги ревидира своите студиски | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; |

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| програми, со цел тие да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните три години со информации за природата на измената и причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Водејќи се од спецификите на студиските програми, наставно-научниот и соработничкиот кадар на единицата константно реализира активности и користи инструменти за развивање и одржување на квалитетот во наставата. Во рамките на овие студиски програми, со цел за развивање, одржување и контрола на квалитетот, се применуваат методи на континуирана евалуација, самоевалуација и на системот за оценување на квалитетот на наставниот кадар во согласност со законските одредби, како и во согласност со веќе воспоставените механизми за евалуација во рамките на Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2013).

Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според процедури за изготвување, предлагање и усвојување на сите студиски програми, кои вклучуваат искуство и знаења на предметните наставници, но и барања на пазарот на труд, на соодветни асоцијации и на студентите, и се во склад со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Резултатите од учењето на студентите се соодветно наведени во студиските програми и јасно ги дефинираат знаењата и вештините кои ќе ги стекнат студентите со завршувањето на студиите. ЕКТС кредитите се распределени според реалните оптоварувања и во склад со очекуваните резултати. За изведување на наставата е ангажиран соодветен наставен и соработнички кадар, кој Универзитетот го следи во спроведувањето на наставата и го оценува со соодветни критериуми за оцена на квалитет. Паралелно се оценуваат и студентите преку фер, транспарентно и конзистентно оценување, кое е дефинирано во формален акт. Наставниците користат развиени методи за оценување на студентите, прават проверка согласно со утврдените резултати од учењето и водат евиденција за активностите на студентите во текот на семестарот, како начин за одржување на квалитетот на наставата. Универзитетот, односно единиците, обезбедуваат и соодветни ресурси (училници, лаборатории и опрема, библиотечни ресурси, компјутери, поединечни и групни простори за учење и сл.) сè со цел да се овозможи нормално одвивање на образовниот процес.

Во Прилог 2.8.А е даден пример на евидентен лист од наставниот предмет Педагогија.

Универзитетот, односно единиците, имаат развиени облици на меѓународна соработка преку најразлични механизми: проекти, билатерални договори, заеднички програми, Еразмус договори и сл.

Во последните три години Филолошки факултет нема ревидирано и реакредитирани студиски програми.

**Прилози**

Прилог 2.8.А. Пример на евидентен лист од еден предмет.

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните три години. |

Податоците поврзани со студентите се добиени од Е-индекс (електронски систем на УГД) и преку дополнителни потсистеми за податоци од најразличен вид. Податоците за бројот на предметите што се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите и сл., за периодот 2021-2024 се дадени во прилозите 2.9.А. 2.9.Б (а,б). и 2.9.В.(а,б,в,г,д).

**Прилози**

Прилог 2.9.А. Листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс), кои го напуштиле студирањето, заедно со причината за напуштање на студиите.

Прилог 2.9.Б. (а,б) Листа предмети кои се реализираат по студиски програми, семестри и посебно за секој циклус на студирање, заедно со број на запишани студенти на тој предмет.

Прилог 2.9.В.(а,б,в,г,д) Листа на предмети по сесии, заедно со број на пријавени студенти, број на положени студенти, како и просечна оценка на положување.

Прилог 2.9.Г SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 2.

## Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на единица. Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно со Законот за високото образование, основана е Агенцијата за квалитет (https://www.akvo.mk/) за обезбедување квалитет во наставниот процес. Универзитетот, односно факултетите, ги следат правилата, прописите и препораките од Агенцијата за квалитет за обезбедување на квалитет во наставниот процес.

На Универзитетот „Гоце Делчев“ квалитетот во наставниот процес се спроведува преку членовите 225-227, член 252, член 255, дефинирани во Статутот на Универзитетот, како и преку разни прописи, процедури и упатства за работа, дефинирани на ниво на универзитет. Статутот на Филолошкиот факултет игра улога во тоа, а е објавен на линкот: https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

Универзитетот е препознатлив по својот модерен пристап кон високото образование, кој вклучува развој на платформи за е-учење, е-репозиториум, е-библиотеки, електронски списанија, е-календар и е-распоред. Академскиот календар ги содржи сите активности поврзани со студиите на студентите од прв, втор и трет циклус на студии, како што се заверка и запишување семестар, пријавување на испити, собирање потписи и друго. На веб-страницата, во делот на соопштенија студентите можат да ги најдат сите информации поврзани со првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и промените во термините прикажани во академскиот календар. Овие информации се од службите за студентски прашања, од професори, од продекани или други вработени во УГД, кои треба да информираат поголема група студенти.

Квалитетот на наставата и учењето се спроведува според дефинирани процедури за подготовка, предлог и усвојување на студиски програми. Овие постапки го земаат предвид искуството и знаењето на предметните наставници, како и барањата на пазарот на трудот, релевантните здруженија и студентите, а истовремено се усогласуваат со стратегијата и мисијата на Универзитетот. Студиските програми јасно ги дефинираат резултатите од учењето за студентите, прецизирајќи ги знаењата и вештините што ќе ги стекнат по завршувањето на студиите. ЕКТС-кредитите се доделуваат врз основа на реалниот обем на работа и очекуваните резултати. Универзитетот има ангажирано соодветен наставен и соработнички кадар, кој го следи за да обезбеди квалитетна настава и го оценува користејќи соодветни критериуми за оценување. Студентите се оценуваат преку правични, транспарентни и доследни методи на оценување, дефинирани во формален акт. Професорите користат развиени методи за оценување на учениците, проверка на утврдените резултати од учењето и водат евиденција за студентските активности во текот на семестарот за да се одржи квалитетот на наставата. Универзитетот обезбедува соодветни ресурси, како што се училници, лаборатории, опрема, библиотечни ресурси, компјутери и простори за индивидуално и групно учење, за да го олесни образовниот процес.

Понатаму, универзитетот и неговите единици имаат развиено различни форми на меѓународна соработка, вклучувајќи проекти, билатерални договори, заеднички програми и договори за Еразмус програмата.

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип постојано ги следи најновите технологии и одржува близок контакт со студентите, вработените и јавноста. Заради тоа, често се прават промени на универзитетскиот портал, за да се обезбедат подобри, побрзи и полесни информации. Електронскиот индекс претставува софтверско решение кое овозможува модерни студии за студентите. Универзитетот ги охрабрува студентите да учествуваат во дополнителни наставни активности, како посетување предавања и студиски посети на институции. Знаењето стекнато за време на овие активности често сочинува 20% од финалната евалуација на студентите.

Формите за спроведување на наставно-образовниот процес се типични за филолошки факултет, со исклучок за периодот по март 2020 година, како последица на пандемијата. Имено, класични форми на настава се предавање, активности во групи, во парови, индивидуална работа, проектни активности, работа со меѓународни проекти итн.

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно; Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

| | |
|---|---|
| флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде што е возможно тоа, како и мноштво на педагошки методи. | |

Универзитетот нуди стипендирање на ранливи категории дефинирани во конкурс, а има обезбедено и пристапност за лица со посебни потреби. Во рамките на наставата, таму каде што е потребно, се изведува хибридна и онлајн настава по потреба, преку алатката Microsoft Teams. Универзитетот обезбедува бесплатен пристап до Е-библиотека со сите досега објавени учебници, скрипти и сл. од вработените, а за секој предмет наставникот има креирано курс на Moodle платформата, каде се поставуваат различни материјали за учење, а има и можност за тестирање на студентите, како и за задавање на домашни задачи.

На Филолошки факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, постојат пет студиски програми, и тоа:

1. Македонски јазик и книжевност (наставна и применета насока);
2. Англиски јазик и книжевност (наставна насока и преведување и толкување);
3. Германски јазик и книжевност (наставна насока и преведување и толкување);
4. Италијански јазик и книжевност (наставна насока и преведување и толкување) и
5. Турски јазик и книжевност (наставна насока и преведување и толкување).

Студентите се определуваат за насока во третата година од студирањето, а дотогаш слушаат предавања заедно со целата група. Предметите кои ги имаат студентите се поврзани со јазикот што го студираат, ја изучуваат неговата граматика, сите нејзини делови, современата употреба на тој јазик, преку предмет организиран во форма на лекторски вежби, како и сите книжевности поврзани со јазикот што го изучуваат. Освен тоа студентите имаат можност да изберат предмет од голем број на изборни предмети кои им стојат на располагање, меѓу кои е и изборот на втор странски јазик. Наставата се изведува главно интерактивно, со дискусија и работа во групи и парови, каде што студентите се активни учесници, а не пасивни набљудувачи. Дел од изборните предмети студентите ги следат на модерните алатки за синхрона настава на далечина. На нашиот Универзитет тоа е алатката Microsoft Teams, која ги нуди сите можности за наставата да наликува на традиционалната настава во училница. По изборот на насока, студентите што се одлучуваат за наставна насока главно следат предмети поврзани со методиката на настава за конкретниот јазик, педагогија и психологија. Паралелно на тоа, следат часови во основно и средно училиште (хоспитации), со цел да се запознаат со тоа како функционира нивната идна работа во пракса, да извлечат поуки кои ќе им помогнат во следниот семестар, кога наместо набљудување тие ќе ги држат часовите и ќе бидат одговорни за подготовка на наставен план, планирање на материјалот, организирање на часот и негова успешна реализација. Со цел за успешна реализација на програмата за наставна насока, ние како факултет имаме потпишано договор со повеќе училишта, како што се ОУ „Ванчо Прке“ – Штип, СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ – Штип, ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ – Штип, ОУ „Видое Подгорец“ – Струмица и СОУ Гимназија „Јане Сандански“ – Струмица. Од друга страна, студентите што ја избираат насоката преведување и толкување, имаат на располагање посебна лабораторија опремена со модерна технологија за толкување, со посебни кабини за симултано и консекутивно толкување, па поголем дел од своите стручни предмети ги следат токму овде. За сите студенти во парен семестар секоја година се спроведува и клиничка пракса, различно организирана за секоја година од студиите (со гостински предавања, посета на компании, училишта, проектни активности итн.).

Линк до распоред на часови за сите студиски програми на Филолошкиот факултет:
https://ff.ugd.edu.mk/images/2024/ff-raspored-neparen-sem-2024-25.pdf

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Накратко за почетоците на наставата на далечина. Откако започна пандемијата во 2020 г., по последното предавање со физичко присуство на 17 март 2020 г., нашиот Универзитет, а со тоа и Филолошкиот факултет се префрли на синхроната настава на далечина преку алатката Microsoft Teams. За таа цел беа креирани 398 тимови на единицата на Филолошки факултет за една академска година. Со цел да не се изгуби цела генерација на студенти, за да не им се запре академскиот напредок, Филолошки факултет многу брзо се префрли на наставата на далечина во нејзината синхрона форма, што ја замени традиционалната училница. Ова беше голем предизвик

за Филолошки факултет, бидејќи знаеме дека јазик се совладува во постојана комуникација и интеракција, па остана прашањето дали наставата на далечина би можела да ја пополни таа празнина, дали би се создале услови за целосна интеракција и спроведување на сите форми на настава. Искуството покажа дека модерните алатки за настава на далечина ги нудат сите опции што ги нуди традиционалната училница, интерактивна табла, работа во групи, во парови, автоматски и рачно формирање на групи, следење на нивната работа, кревање рака за дискусија, следење на изразот на лицето со задолжително вклучување на камерата, список на присутни студенти итн. Како технички проблеми при одржувањето на онлајн наставата можеме да ги наведеме проблемите со конекцијата, брзината на интернетот и пад на системот во случај на поголем број вклучени хостови, односно студенти. Во академските 2022/2023 и 2023/2024 година, целокупната настава се изведуваше со физичко присуство. Сега, по завршувањето на пандемијата, синхроната настава на далечина продолжи за некои предмети каде што има огромен број на студенти, што не може да се соберат во една училница. Главно за Универзитетските изборни предмети, а овде Филолошки факултет ги нуди сите странски јазици како изборни предмети за студентите од другите факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, па наставата се одвива на платформата Microsoft Teams, додека полагањето се врши со физичко присуство на двата колоквиума и завршниот испит. Наставата на далечина исто така овозможува и работа на проекти, бидејќи ги поврзува студентите не само од Филолошки факултет, туку од други факултети во земјата и во странство и нуди можност за заедничка работа и присуство на состаноци што нема географско ограничување.

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програма со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Универзитетот во рамките на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии има посебни поглавја „Испитен режим и начин на оценување” (Член 34-39) и „Завршно оценување“ (Член 40-41) во кои се регулирани начинот на бодување на студентите во текот на семестарот за секој предмет за предиспитните активности и за завршниот испит. Работата на студентот се следи и се оценува континуирано во текот на еден семестар. Оценувањето се изведува со доделување бодови за секој облик на активност, со проверка на знаењето во текот на семестарот и на завршното оценување на кое се утврдува крајната оценка. Редовноста на предавањата и вежбите и индивидуалната работа/проектна задача носат по 10 поени, двата колоквиума носат по 20 поени, додека завршниот испит носи 30 поени. Наставникот може да додели дополнителни поени, максимум 7, и ако студентот освои 42 поени минимум од предиспитните активности и дополнителните поени, има право да го пријави испитот и да полага завршен испит. Како дополнување на завршното оценување можат да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- освоени награди/пофалници и др.

Успехот на студентот на испитот и на преостанатите проверки на знаењето се вреднува и се оценува со систем кој е споредлив со ЕКТС системот како што следи:

- 10 (A) - изнесува 91-100 бода,
- 9 (B) - изнесува 81-90 бода,
- 8 (C) - изнесува 71-80 бода,
- 7 (D) - изнесува 61-70 бода,
- 6 (E) - изнесува 51-60 бода, 5 (F, FX) – со или под 50 бода.

Наставникот поените и оценките ги внесува во студентското досие на Е-индекс. Самиот систем не дозволува да се постави оценка која излегува надвор од предвидените поени за неа. Секој студент во Е-индекс има увид во сите освоени поени, за секој предмет одделно. На Филолошки факултет оценувањето се одвива според правилата за освојување на минимум 42 поени од предиспитни активности, како услов за полагање завршен испит. Предиспитните активности вклучуваат два колоквиума кои носат по 20 поени, присуство на предавања и вежби, што носи секое по 10 поени, и проектна задача што носи исто 10 поени. Од тие 70 поени, студентите треба да освојат миниум 42 поени, како услов да полагаат завршен испит што носи 30 поени. Дополнително, за да добијат потпис за предметот, студентите треба да имаат освоено минимум 6 поени од предавања и 6 поени од вежби. По

успешното положување на предметот, студентот добива одреден број на ЕКТС кредити колку што носи предметот. Прилог 3.4.А дава приказ на методите за испитување и оценување на студентите.

**Прилози:**
Прилог 3.4.А Табела со методи за испитување и оценување на студентите

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати, а се регулирани со:
- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А), ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ во член 152, член 153 и член 154;.
- Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 1.4.А) во член 227 - 251, член 255 - 266, член 294, член 295, член 296, член 297, член 299 и член 300;
- Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус, како и странски студенти (Прилог 3.5.А, Прилог 3.5.Б, Прилог 3.5.В).
- Процедура за затворање на пријави во е-индекс (Прилог 3.5.Г)
- Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Д)
- Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд (Прилог 3.5.Ѓ)
- Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 3.5.Е)
- Во предметните програми на секој предмет. Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.. Информациите се објавени во Информаторите, а и на веб-страницата на Универзитетот.

**Прилози:**
Прилог 3.5.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии
Прилог 3.5.Б Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студенти
Прилог 3.5.В Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Г Процедура за затворање на пријави во е-индекс
Прилог 3.5.Д Процедура за одбрана на дипломски труд и полагање на завршен испит на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 3.5.Ѓ Процедура за реализација на завршен испит/дипломски труд
Прилог 3.5.Е Процедура за јавна одбрана на магистерски-специјалистички-докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации, кои по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е приспособен на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните три години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде што оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

По внесувањето на поените во е-индекс од страна на предметниот професор, секој студент има увид во нив со логирање на студентскиот е-индекс. Доколку на студентот му недостасуваат минимум 7 поени од вкупно 42 поени, како услов за полагање на завршен испит по предметот, може да побара дополнителна задача од предметниот професор, па со успешно сработување на таа задача, може да добие услов за полагање завршен испит и да избегне презапишување на предметот во следната академска година. Според правилникот за студирање, студентот има право да реагира за внесените поени, по што, доколку се утврди пропуст, тие може да се коригираат со дозвола на е-индекс. Доколку студентот има услов за полагање на завршен испит, но не го положи 3 пати последователно, следува комисиско полагање, од тројца испитувачи, за постапката да биде фер и да не биде на штета на студентот. Доколку студентот смета дека сепак формираната комисија е недоследно формирана, може да побара промена на таа комисија. За време на пандемијата исто така се спроведуваше и полагање на испитите со помош на алатките за настава на далечина. Секој професор индивидуално одлучуваше за начинот на испитување, главно завршните испити беа усни, на алатката Microsoft Teams. Двата колоквиуми се спроведуваа со

тестови што беше можно да се изготват на платформата за е-учење Moodle, која нуди разни форми на прашања, есејски, со повеќекратен избор итн. Додека студентите ги решаваа тестовите на платформата за асинхрона настава на Е-учење, во исто време беа вклучени со камера на платформата за синхрона настава Microsoft Teams со поставување на камерите така што се гледаше дел од лицето и тестот што го решаваат студентите. Сега, по продолжувањето на наставата во традиционалната форма, овој начин на испитување може да се користи само во исклучителни случаи, доколку за тоа има потреба. Платформата Е-учење исто така се користи за прикачување и оценување на проектните задачи на студентите, во посебна папка, креирана на курсот за соодветниот предмет, со краен датум на доставување на проектните задачи и нивно оценување.
Прилог 3.6.А претставува листа на предмети по студиски години, заедно со просечна оценка на положување.

**Прилози:**
Прилог 3.6.А Листа на предмети по студиски години, заедно со просечната оценка на положување

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба, вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти, вклучувајќи и пријави на корупција во последните три години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Барањето од овој индикатор е регулирано со:
- Законот за високото образование (Прилог 1.2.А) во член 31 - 32 и член 94.
- Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 1.4.А) во член 297 и член 34.
- Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.А)
- План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Прилог 3.7.Б)

Исто така, Универзитетот има дефинирано:
- За прием и обработка на претставки и предлози на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е определено овластено лице, согласно со Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РСМ“ бр. 82/08 до 193/15);
- Назначено е овластено лице за примање пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, согласно со Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)
- Назначено е овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, согласно со Правилникот за работа на овластено лице за примање пријави за корупција на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип („Универзитетски весник“ бр. 46/20)

Во процесот на самоевалуација на Универзитетот има простор за изразување на жалби. Вакви информации има во 6.1 во последната самоевалуација.

На Филолошки факултет, во конкретниот период на самоевалуација нема поднесени жалби, ниту пријави за корупција.
Во Прилог 3.7.В е прикажана SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 3.

**Прилози:**
Прилог 3.7.А Етички кодекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 54/22
Прилог 3.7.Б План за родова еднаквост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитетски гласник бр. 52/22
Прилог 3.7.В SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 3.

## Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати

| **СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 4.1 Високообразовната институција соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Правилници со кои се регулира прашањето од овој индикатор со линкови до нив. |

Сите фази на студирање се покриени со посебни правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус и странските студенти (Прилог 3.5.А-3.5.В). Високообразовната институција ги спроведува сите прописи утврдени со овие прописи.
Специјално за запишувањето на студентите постојат јавно достапни информации на следните линкови:

- Уписи на прв циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/prv-ciklus-studii/)
- Уписи на втор циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/vtor-ciklus-studii/)
- Уписи на трет циклус (https://www.ugd.edu.mk/upisi/tret-ciklus-studii/)
- Уписи на странски студенти (https://www.ugd.edu.mk/en/admissions-first-cycle/).

Исто така, постојат јавно достапни информации за студирањето на сите три циклуси, на следните линкови:

- Водич за прв циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/)
- Водич за втор циклус на студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/vodic-vtor-ciklus-studii/)
- Школа за докторски студии (https://www.ugd.edu.mk/studiranje/skola-za-doktorski-studii/).

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| 4.2 Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на постигнувањата на студентите<br>Доказ дека системот е функционален |

**Електронскиот индекс** на Универзитетот претставува информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии. Со помош на системот, институцијата има целосен увид во целокупниот тек на студирањето на студентите на кој било факултет/насока/град/циклус на студии. Преку оваа платформа студентите (линк: https://students.ugd.edu.mk) може сами да ги реализираат сите потребни активности во текот на студирањето, како: упис на семестар; заверка на семестар; пријавување на испити; пријавување на проектни задачи; електронско плаќање на сите потребни трошоци за студирање; електронско процесирање на сите типови на барања на студентите до институцијата; автоматизирани постапки за дипломирање, магистрирање и докторирање; следење на електронска огласна табла, и електронски консултации (Прилог 4.2.А), додека наставниот кадар (линк: https://teachers.ugd.edu.mk) реализира активности за кои е надлежен во делот на администрација на студентите, како: електронско оценување; оценување на комисиски пријави (со администрација на комисиите); верификација (во постапка) и оценување на завршен испит / дипломски труд / магистерски труд / докторски труд; увид во состојбата со пријавени студенти по испит во која било форма, и увид во ангажираноста во сите форми, години на ангажман и циклуси на студии (Прилог 4.2.Б). Административниот кадар (линк: http://balvan.ugd.edu.mk) го користи Електронскиот индекс за администрација на податоци, следење на напредокот на студентите, генерирање на потребните документи (на пример, пријави за испити за студентско досие (Прилог 4.2.Г), или потребни уверенија на студентите (Прилог 4.2.Д), како и поддршка на студентите во целост (Прилог 4.2.В). Околу вака поставениот систем гравитираат и модули за упис на студенти (https://upisi.ugd.edu.mk/, http://upisi2-3.ugd.edu.mk и https://eupisi.ugd.edu.mk/), модул за човечки ресурси и модул за поддршка на корисници на електронскиот индекс (интерна употреба).
Високообразовната установа води **Матична книга на запишани студенти** одделно за студиите од прв, втор и трет циклус, и тоа во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.
Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во **Главната книга на дипломирани студенти** за прв, втор и трет циклус на студии, во материјална и електронска форма (Прилог 4.2.Ѓ). Како пример, за дипломирани студенти на прв циклус, се содржат следните податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство; име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата.

**Прилози:**
Прилог 4.2.А Работно упатство за користење на електронски индекс за студенти
Прилог 4.2.Б Работно упатство за користење на електронски индекс за наставен кадар
Прилог 4.2.В Работно упатство за користење на електронски индекс за ОСА
Прилог 4.2.Г Процедура за администрација на пријави (печатење, потпишување и корекција)
Прилог 4.2.Д. Процедура за администрација на барања од студенти (прв циклус на студии)
Прилог 4.2.Ѓ Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти. Службен весник бр. 102, 37-79, 1 јуни 2018

| | |
|---|---|
| 4.3 Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на | Акт со кој се регулира ова прашање |

<table>
<tr><td>периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.</td><td>Листа на студенти кои имаат признато неформално и формално учење, заедно со нивната мобилност во последните три години</td></tr>
<tr><td colspan="2">На Универзитетот е дефинирана соодветна процедура со која се регулира премин на студентите од една на друга единица во рамките на Универзитетот, но и префрлање на студенти од други универзитети на Универзитетот (Прилог 4.3.А). Во рамките на процедурата дефиниран е и процес на признавање испити од претходно студирање. Во врска со Еразмус+ мобилноста на студентите за време на нивното студирање, дефинирана е процедура за размена на студенти со високообразовни и научни установи (Прилог 4.3.В). Критериумите за селекција, како и процесот на признавање испити положени за време на мобилноста се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.3.Б).<br>По завршувањето на размената, Продеканот на единицата на којашто студира студентот врши проверка на договорот за учење и транскриптот со оцени на студентот кој ја реализирал мобилноста и подготвува записник за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност. Еразмус+ координаторот на Универзитетот, врз основа на записникот од продеканот подготвува одлука за признавање на активности/испити од остварена Еразмус+ мобилност и ја проследува до ректорот на потврдување. Одлуката се доставува до Одделението за е – индекс за реализација на активностите на студентот во системот за Е-индекс.<br>На Единицата, во периодот на самоевалуација, 33 искористиле Еразмус+ мобилност (Прилог 4.3.Г).<br>Исто така, во периодот на самоевалуација, 17 студенти се префрлиле од други универзитети или од други единици на Универзитетот (Прилог 4.3.Д).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>Прилог 4.3.А. Процедура за премин на студентите внатре во универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип<br>Прилог 4.3.Б. Правилник за утврдување на критериуми за селекција за учество на студенти, наставен и административен кадар, како и за распределба на средствата, остварени врз основа на договорите за Еразмус+ мобилност на студенти и вработени со европските партнерски универзитети, програмски партнерски земји и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,<br>Прилог 4.3.В Процедура за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи,<br>Прилог 4.3.Г Листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс), кои користеле Еразмус+ мобилност во последните три години,<br>Прилог 4.3.Д. Листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс), кои се префрлени во последните три години.</td></tr>
<tr><td>4.4 По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна.</td><td>Диплома, транскрипт на оценки и додаток на диплома</td></tr>
<tr><td colspan="2">Секој студент по завршувањето на студиите добива диплома и додаток на диплома, чија содржина и форма се регулирани со Правилник (Прилог 4.4.А).<br>Дипломата за стекнато високо образование од прв циклус ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни (вид и назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет) сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии.<br>Дипломата за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус – академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии, ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во (место, општина, држава); завршил/а академски/стручни студии по (назив на студиската програма и насока); ниво на квалификацијата; вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка, и се стекна со назив (академски/стручен назив), (академски/стручен назив за меѓународен промет); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.<br>Дипломата за завршено високо образование од трет циклус – докторски студии ги содржи следните податоци за студентот: име, име на родител и презиме на студентот; роден/а во: место, општина, држава; завршил/а академски студии по: назив на студиската програма и насока, ниво на квалификацијата; со вкупно ЕКТС кредити, просечна оценка и одбрана на докторскиот труд под наслов…, и се стекна со научен назив доктор на науки/доктор по уметности (dr.sc, PhD/dr.art)); сериски број на дипломата; број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии.<br>Додатокот на дипломата содржи: лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив: „ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“; податоци за носителот на дипломата (име, име на родител и презиме, датум,</td></tr>
</table>

| |
|---|
| место и држава на раѓање и матичен број); податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата; име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ја издава дипломата; име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт кој ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата; јазик на наставата; податоци за нивото на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии); ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити); услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни); барања и резултати на студиската програма, кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии; податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити); систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките); просечна оценка во текот на студиите. Втората страна содржи: податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии; професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот; дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.; заверка на додатокот на дипломата: датум и место; име и потпис; функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност; вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми; структура на високообразовните стручни студии; услови за запишување на студиите; систем на оценување. Третата страна ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.<br>Начинот на издавањето на диплома и додаток на диплома и промоцијата на дипломите се регулирани со посебен правилник (Прилог 4.4.Б).<br>Дополнително секој студент кој бил дел од Еразмус+ мобилност на Единицата, се стекнува со Транскрипт на оценки (Прилог 4.4.В)<br>Во Прилог 4.4.Г е прикажана SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 4. |
| **Прилози:**<br>Прилог 4.4.А Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, Службен весник бр. 102, 80-92, 1 јуни 2018.<br>Прилог 4.4.Б. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадена диплома.<br>Прилог 4.4.В Транскрипт на оценки.<br>Прилог 4.4.Г. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 4. |

## Стандард 5 – Наставен кадар

| **СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети. | 1. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните три години, информации за профилот, вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>2. Одлуки за избор во звање;<br>3. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Структурата на наставниот кадар на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип укажува на тренд на континуиран напредок во повисоки наставно-научни звања. Така, во моментот на спроведување на самоевалуацијата, на Факултетот во редовен работен однос се: 12 редовни професори, 5 вонредни професори, 10 доценти и 1 асистент. Во наставата се вклучени и 3 насловни професори. Секако, тој позитивен тренд на напредување е во согласност со зголемените потреби од квалитетен наставно-научен кадар во наставата, научно-истражувачката и стручната работа на Факултетот и Универзитетот. Факултетот при избор на наставниците во повисоки наставно-научни звања строго се придржува до Законот за високо образование (Прилог 1.2.А) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А) за соодветно вреднување на научно-истражувачката и педагошката активност на наставниците и соработниците. | |

Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип систематски и континуирано ја следи, ја оценува и ја поттикнува педагошката и истражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар (Прилог 5.11.А; Прилог 5.11.Б; Прилог 5.11.В; Прилог 5.11.Г; Прилог 5.11.Д). Ангажманот на наставниот кадар за реализација на предметните програми се соодветни на научното потполе и научната област од Фраскатиевата класификација на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) според Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 91 од 19.4.2024 година), во која наставниот кадар е избран во наставно-научни звања на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Прилог 5.1.А. ги содржи биографиите на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Прилог 4 од елаборатите (со информации за последните три години).

Одлуките за избор во звање на Филолошки факултет може да се прегледаат на следниот линк: https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/2-uncategorised/223-odluki-izbor-za-zvanje
https://ff.ugd.edu.mk/documents/odluki/izvestaj-i-odluka-od-bilten.pdf

Во Прилог 5.3.А е дадена табела со преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите три години на сите циклуси на студии на установата, прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице.

**Прилози:**

Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми со Прилог 4 (со информации за последните три години)

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии, односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл. 2 т. 24 од ЗВО) на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице, како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Наставниот кадар на ФФ може да се пофали со бројот и квалитетот на објавени трудови во последните пет години. Објавените трудови придонесуваат во развојот на квалитетни студии и придонесуваат за личен професионален и научен развој на самиот кадар. Имено, наставниот кадар на ФФ има објавено 93 труда во научни списанија, во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се индексирани во најмалку една електронска база на списанија, 129 труда објавени во научни списанија во кои трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор, 18 труда во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 17 книги или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, како и 166 објавени труда во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји. Наставниот кадар на ФФ не е ангажиран во преводи на капитални дела во областа, кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност. Овие податоци поединечно се приложени во прилог 5.2.А и 5.2.Б

**Прилози:**

Прилог 5.2.А. Табела со бројот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар во последните три години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа.

Категории на референтни научни публикации предвидени во чл. 2. т. 24 (А-Ѓ) од ЗВО се:

a) научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование или
b) научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови или
c) научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или
d) книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или
e) зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји или
f) преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно со законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[2]*;* <br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години; <br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните три години (доколку е применливо); <br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Наставниот кадар на ФФ што се ангажира во наставата, согласно со законските одредби и бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво, е соодветен за реализација на квалитетна настава. Филолошки факултет има 26 наставници во редовен работен однос, 10 соработници (3 кореспонденти, 5 виши лектори, 1 лектор и 1 асистент). Дополнително, има ангажирано 3 насловни професори.

Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата не е доволно балансирано поради недостиг од асистенти за изведување на вежби. Поради немање на соработнички кадар, најголем дел од наставниците сами ги одржуваат вежбите по нивните предмети. Ова може да се види во прилог 5.3.А и 5.3.Б.

Извештаите за спроведена настава се во вид на евидентни листови по предмет, каде што студентите со потпис ја потврдуваат својата присутност, и тие евидентни листови не е задолжително да се чуваат од страна на наставниците и соработниците. Еден примерок на евидентен лист е даден во Прилог 2.8.А.

Универзитетот има донесено одлука за утврдување на надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД (Прилог 5.3.В), и таа одлука се однесува на зголемен ангажман во наставата.

**Прилози:**

Прилог 5.3.А. Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите што ги предавале на сите циклуси на студии, по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии.

Прилог 5.3.Б. Табела со одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните три години (Анекс на договор за вработување за ангажман на секој од наставниот кадар)

Прилог 5.3.В. Одлука за утврдување надоместок на наставниците за зголемен обем на работа на УГД.

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно-научни звања кој се применува, или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); <br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на бројот на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години). <br>Линк до Билтен во кој се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број настрана. |

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има донесено Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Прилог 5.4.А), во кој се регулирани постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања. Од Правилникот може да се види дека процесот на избор се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Од прегледот на ангажираност на наставниците во образовниот процес може да се забележи дека наставниците кои се во редовен работен однос и избрани во наставно-научни звања на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се максимално ангажирани по семестар. Факултетот максимално се грижи наставникот да биде ангажиран на предмети кои се блиски или сродни со потесната научна област во која е избран наставникот. На тој начин, се внимава наставникот да даде максимална стручна експертиза при изнесување на наставниот материјал пред студентите и постигнување на целите и резултатите од учењето. Од прегледот на лица избрани во наставно-научни звања за сите конкурси во периодот на самоевалуација 2021-2024 година, може да се забележи дека на сите Конкурси се пријавил само по еден кандидат (Прилог 5.4.Б) кој ги исполнувал условите согласно со Правилникот (Прилог 5.4.А). Пријавата на само еден кандидат по распишан Конкурс за избор на лица во наставно-научни звања за одредена научна област се должи на ограничените ресурси на доктори на наука во нашата држава. Одлуките за избор во звање на Филолошки факултет може да се прегледаат на следниот линк: https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/2-uncategorised/223-odluki-izbor-za-zvanje
https://ff.ugd.edu.mk/documents/odluki/izvestaj-i-odluka-od-bilten.pdf

**Прилози:**

Прилог 5.4.А.Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

[2] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Прилог 5.4.Б. Табела со преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните три години.

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните три години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Универзитетот Гоце Делчев има донесено Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност (Прилог 5.5.А), со кој, покрај другото, се регулира и обезбедувањето соодветни работни услови за наставниот кадар.

Филолошкиот факултет има соодветен простор со површина од 2118 м$^2$. (Кампус 4). Располага со еден амфитеатар со површина од 107,1 м$^2$ и вкупен капацитет од 150 седишта и еден амфитеатар со површина од 72 м$^2$. Наставната програма на Филолошкиот факултет во студиските програми се одвива во 11 предавални, кои имаат вкупна површина од 700 м$^2$. Филолошкиот факултет на Кампус 4 располага и со своја библиотека со наслови на македонски јазик и на странските јазици кои се изучуваат на Факултетот. Две од предавалните на Факултетот се опремени со електронски табли, а во секоја предавална е поставен телевизор. Во Кампусот во Струмица за наставната програма по англиски јазик Филолошкиот факултет користи еден кабинет за наставно-научен кадар и две предавални за настава (предавална 4 и предавална 5). Двете предавални се опремени со компјутер, а едната од нив (П4) и со телевизор.

Двата амфитеатри на Филолошкиот факултет и предавалната се опремени со современа аудиовизуелна опрема, со што се олеснува реализацијата на наставните програми на различните јазични студиски програми.

Филолошкиот факултет има опременост на компјутерските лаборатории со вкупно 21 компјутер и 610 интернет приклучоци. Наставната програма се извршува со помош на 3 ЛЦД проектори и 2 печатачи.

На Филолошкиот факултет има вкупно 14124 книги од областите на студиските групи, од кои 4878 се домашни, а 9246 се странски книги.

Прилог 5.5.А е правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Прилог 5.5.Б. е табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид опрема во установата.

Прилог 5.5.В. е табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата.

Табела со преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми е даден на следниот линк: https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/evaluacija/izvestaj_za_samoevaluacija_na_ugd_19_21.pdf

**Прилози**

Прилог 5.5.А Правилник за стандарди и нормативи за изведување високообразовна дејност на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип

Прилог 5.5.Б. Табела со попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата.

Прилог 5.5.В. Табела со преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата.

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава. Установата редовно ги следи педагошките и техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години, финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните три години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Наставничкиот и соработничкиот кадар на ФФ во голема мера знаат да ги користат дигиталните алатки во наставата и да креираат наставни материјали достапни во електронска форма на платформата Е-учење https://moodle2.ugd.edu.mk/, да ги користат платформите за онлајн комуникација со студентите (Microsoft Teams), знаат да креираат квизови, групни дискусии и форми за евалуација на достигнувањата на студентите и оценување на резултатите од учењето.

Универзитетот нема досега донесено посебен акт со кој би бил регулиран професионалниот развој на наставниот кадар, освен барањата при избор во звања дадени во Прилог 5.4.А. Од наставниот кадар на ФФ само мал број имаат реализирано и учествувано во обуки или тренинзи финансирани од други институции дадени во прилог 5.6.А. ФФ нема

развиено механизам за мотивирање на наставниот кадар за реализација и учество во обуки/тренинзи кои ќе бидат во функција на развој на наставниот кадар и неговите професионални компетенции и нема финансирано обуки или тренинзи за наставен кадар кои се во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава. Нема развиено механизам за следење на техничките вештини на наставниот кадар.

**Прилози**

Прилог 5.6.А. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните три години, финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма.

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните три години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Филолошки факултет нема ангажирано визитинг наставници, афирмирани научници и стручњаци од практиката од земјата и странство во реализација на студиските програми. Во наставата на Катедрата за англиски јазик и книжевност пред пандемијата имаше ангажирано родени говорители на англиски јазик од Мировниот корпус, по предметите Современ англиски јазик од 1 до 8, но по пандемијата немаме таква можност. На Катедрата за италијански јазик и книжевност има вклучено лице вработено во Амбасадата на Р Италија за дел од часовите по Современ италијански јазик во Штип и Струмица.

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

На Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип постојано се прават истражувања и се учествува во домашни и меѓународни конференции каде науката се поврзува со наставата. Професорите и соработниците го користат сопственото искуство и предметите што ги предаваат за продлабочување на своите знаења во одредена тема и учество во конференции и проекти, на кои не само што го презентираат своето знаење, туку стапуваат во контакти битни за понатамошна соработка на нашиот Факултет. Еден таков проект каде што дојде до поврзување на науката и наставата е проектот за „Дополнителна настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошки факултет“. На три катедри се спроведе проект, каде што имаше контролна и експериментална група. На експерименталната група секоја недела се одржуваа по два дополнителни часа по Современ англиски, германски или македонски јазик. Резултатите покажаа дека подобри резултати по наведените предмети имаат експерименталните групни со дополнителните часови. Ова е еден пример кога науката служи во функција на наставата, а позитивни примери има секојдневно.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Кратка анализа со соодветни примери за иновации во наставните методи и користење нови технологии.
Една од иновациите во наставните методи, како и во користењето нови технологии, е воведување на наставата на далечина, со почетокот од пандемијата, која за одредени предмети сè уште постои. Тоа се универзитетските изборни предмети, во кои се вклучени преголем број студенти, па на овој начин наставата е олеснета. Филолошки факултет, како и сите единици на УГД, многу брзо се префрли на синхроната форма на настава на далечина, која беше овозможена преку алатката Microsoft Teams. Иако беше неизвесно каков ќе биде успехот од јазичната обука на далечина, заклучокот е дека новата технологија и сите можности што ги нуди алатката Microsoft Teams дадоа слика на реална традиционална училница, во која преку камера наставникот ги гледаше изразите на студентите, тие имаа опција да креваат рака, да работат во групи, во парови, а наставникот да ја следи нивната работа, да споделува материјали и презентации на интерактивната табла што ја нуди алатката, да води евиденција за присуството на студентите со еден клик, да закажува часови на редовна, неделна база итн. Со тоа не изгубивме генерации на студенти, што е од огромна важност. Исто така оваа алатка овозможува и студентите и професорите да работат на проекти со колеги од странство, заеднички, значи многу опции кои претходно ги немавме, а сега се достапни само со еден клик.
Филолошки факултет активно функционира преку своите веб-платформи:
УГД - Филолошки факултет
Филолошки факултет УГД Штип (@ff_ugd_) • Instagram photos and videos
ffugd

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните три години). |

УГД има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. Издавачката дејност се реализира преку универзитетската Комисија за издавачка дејност (КИД) за сите единици на УГД како интегриран универзитет. Работата на Комисијата за издавачка дејност е регулирана со акт ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во правилникот за издавачка дејност во член 19 во надлежностите на Комисијата за издавачка дејност стои: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка на плагијат/автоплагијат на учебниците/учебните помагала кои се во постапка за објавување во е-библиотеката на УГД“.

Редовна проверка на учебниците/учебните помагала Комисијата за издавачка дејност изведува согласно со ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма, каде што во точката 5.13 е регулирана процедурата за проверка на плагијаризмот: „Комисијата за издавачка дејност врши проверка за плагијат/автоплагијат од расположливите ресурси за проверка на плагијати. КИД ќе утврди постоење на плагијат доколку процентот на сличност со споредуваните ресурси е поголем од 25%. Во тој случај, учебникот/учебното помагало не е прифатливо за објавување и постапката се повторува.“

Сите учебници и учебни помагала се подготвени согласно со УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма.

Проверката за плагијаризам КИД ја реализира преку платформата за проверка на плагијати и детектор за вештачка интелигенција Plag - Проверка на плагијат и вештачка интелигенција

Секој учебник/учебно помагало пред објавување во е-библиотека се депонира на платформата http://www.my.plag.mk за проверка на плагијаризам, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други извори.

Проверката за плагијаризам на магистерски и докторски тези се проверува со платформата Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, а самата платформа генерира Извештај со детектиран процент на повторување со други трудови, на линкот:

Плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk)

Проверката за плагијаризам на научни и стручни трудови кои се објавуваат во периодичните изданија на УГД ја изведуваат членовите на уредувачкиот одбор на научното списание на единицата.

*Палимпсест* е меѓународно научно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања формирано на Филолошкиот факултет во Штип во 2016 година. Меѓународното научно списание *Палимпсест* се објавува во печатена и во електронска форма во два броја годишно и тоа еден број во мај и еден број во ноември. Во списанието се објавуваат трудови од областите лингвистика, наука за литературата, методика на наставата и културологија. Од неодамна списанието е индексирано и во Scopus базата, што претставува голем успех за Филолошкиот факултет. Проверка за плагијаризам се прави со користење на официјални онлајн платформи кои даваат извештај доколку постои повторување со други извори или трудови и подлежат на целосно одбивање за нивно објавување. Списанието е со отворен пристап, а трудовите може да се преземаат бесплатно од неговата веб-страница: https://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL

Прилог 5.10.А. прикажува правилник за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Универзитетски гласник број 60, стр. 98-107
Прилог 5.10.Б ги дава процедурите за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма
Универзитетски гласник број 60, стр. 108-112
Прилог 5.10.В содржи упатство за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма
Универзитетски гласник број 60, стр. 113-130
Прилог 5.10.Г. го содржи извештајот од www.my.plag.mk за процент на плагијаризам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД

**Прилози**

Прилог 5.10.А. ПРАВИЛНИК за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип Универзитетски гласник број 60, стр. 98-107

Прилог 5.10.Б ПРОЦЕДУРИ за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, стр. 108-112

Прилог 5.10.В УПАТСТВО за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма Универзитетски гласник број 60, стр. 113-130

Прилог 5.10.Г. Извештај од www.my.plag.mk за процент на плагијаризам за учебници и учебни помагала на единиците на УГД.

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научно-истражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работаи/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип има донесено Правилник за доделување на годишни награди и признанија за научни активности (Прилог 5.11.А) на лицата со академски звања и студентите од Универзитетот. Во овој правилник се дефинирани критериуми за награди и признанија. Комисијата за наставна и научна дејност прави евалуација на научните

активности на годишно ниво, преку личните Scopus и Web of Science профили на кандидатите, и изготвува извештај со предлози за награди и признанија до Ректорот на Универзитетот.
Универзитетот има донесено и ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа (Прилог 5.11.Б) за финансирање на научно-истражувачки проекти од страна на тимови од вработените.
Дополнително, Универзитетот има донесено ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Прилог 5.11.В) со важност до 29.02.2024, а потоа и Правилник за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците (Прилог 5.11.Г) со важност од 29.02.2024, со цел подигање на нивото на научно-истражувачката работа, зголемување на истражувачките активности на вработените, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети и зголемување на бројот на истражувачи.
Универзитетот усвои и Програма за наука за 2024 година (Прилог 5.11.Д).

**Прилози**
Прилог 5.11.А ПРАВИЛНИК за доделување на годишни награди и признанија за научни активности на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип
Прилог 5.11.Б ПРАВИЛНИК за начинот и условите за користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип;
Прилог 5.11.В ПРАВИЛНИК за индивидуална поддршка за реализација на научните активности на наставниците и соработниците на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со важност од 29.02.2024;
Прилог 5.11.Г Правилник за индивидуална поддршка на научната активност на наставниците и соработниците на единиците на УГД, со важност до 29.02.2024;
Прилог 5.11.Д ПРОГРАМА за наука, 2024 година.

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели, како и со социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи и врз основа на тоа се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки |

Усогласеноста на научно-истражувачката работа со локалните, регионалните и националните развојни цели се гледа и од работата на наставно-научниот кадар во многу меѓународни и национални проекти, од објавените трудови во релевантни научни списанија и конференции, дадени во Индикаторот 5.2. Во рамките на Годишните награди што ги доделува УГД на Денот на науката, може да се издвојат следните добитници:
- проф. Билјана Ивановска – Признание за научен придонес за 2023
- проф. Јована Караникиќ-Јосимовска, проф. Весна Коцева – Признание за научен придонес за 2022.

**Прилози**
5.12.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 5

## Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со сеопфатен и ефикасен систем за финансирање на научноистражувачка дејност. | Финансиски план од претходните три години<br>Финансиски извештаи од претходните три години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите. Научните проекти учествуваат во структурата на буџетот, а апликативните проекти исто така се дел од структурата на буџетот.

Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци (прилог 6.1.А.), а динамиката на вкупниот буџет на Универзитетот е прикажан во прилог 6.1.Б.

**Средствата од буџетот на Република Северна Македонија**
Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука главно се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на МОН.
Останатите трошоци, вклучувајќи и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).

**Средства од сопствени приходи**
Средствата од сопствените приходи се исто така стабилни во периодот на самоевалуацијата. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава.
Застапеноста на средства од сопствени приходи просечно во периодот од 2019-2021 година изнесувал 38,71%, додека за периодот 2021-2024 изнесува 38,25%. Врз основа на добиените податоци констатираме незначително намалување на средствата од сопствени приходи.

**Средства од научни проекти**
Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од МОН за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти. Значајно подобрување е остварено по 2011 година, со зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД.
Зголемувањето и стабилноста во средствата добиени од научни проекти се должи на зголемените напори на наставниот кадар за пристап до проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учеството на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата во просек изнесува 5,5% од буџетот на УГД.
Според податоците за просечната процентуална застапеност на средства кои ги остварува Универзитетот по основ на приходи од научна работа во периодот на евалуација 2019-2021 година изнесуваат 4,1% , додека за периодот на евалуација од 2021-2024 година изнесуваат 5,5%. Анализата на податоците покажа благо зголемување на приходите од научни проекти во периодот на евалуација 2021-2024.

**Средства од апликативни проекти**
Не е за истакнување учеството во приходите од апликативни проекти. Овие средства се остваруваат по основ на соработка со стопанството, а главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар.

**Прилози:**
Прилог 6.1.А. Структура на годишниот буџет на УГД 2021-2024
Прилог 6.1.Б. Структура на буџетот на УГД по години 2007-2024

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби, имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата, како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

*Дидактички простор*
Филолошкиот Факултет располага со вкупен простор од 2118 м$^2$, 2 амфитеатри со вкупна површина од 107,1 м$^2$ и капацитет од 150 седишта и уште еден амфитеатар со површина од 72 м$^2$, кои се во сопственост на Универзитетот. Наставната програма се одвива во 11 предавални, кои имаат вкупна површина од 700 м$^2$ и вкупен капацитет од 838 седишта. Факултетот располага со 17 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 914,5 м$^2$. Факултетот има вкупно две предавални со електронски табли, а во секоја предавална е поставен телевизор.
*Студентски прашања*

Факултетот има Студентски прашања со површина од 15 м$^2$.
Списокот на простории (со површината), со кои располага Факултетот е даден во Прилог 6.2.А.

*Видови на опрема*
Амфитеатрите на Факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема. Предавалните се опремени со 3 специфични опреми за определена студиска програма. Детален приказ на опремата може да се види во Прилог 6.2.Б.
*Библиотечен фонд*
Факултетот има вкупно 14 124 книги од областите на студиската група, од кои 4 878 се домашни, а 9 246 се странски книги.
*Информатички ресурси за учење на далечина*
Во современите информатички алатки кои помагаат за современа настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс, https://students.ugd.edu.mk/
- е-библиотека, https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
- е-пошта студентска,
- е-распоред, https://www.ugd.edu.mk/index.php/e-raspored
- е-репозиториум, http://eprints.ugd.edu.mk/
- е-учење, https://lipovdol-fs.ugd.edu.mk/
- е-календар, https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/kalendar-vodic-prv-ciklus-2021.pdf

сите се достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот:
http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd

- како и настава подржана со Microsoft Teams.

Списокот на информатичко-техничките ресурси за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност е даден во Прилог 6.2.В.
**Електронскиот индекс** на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите. Преку електронскиот индекс се овозможува комплетно електронско студирање, вклучувајќи:

- електронски упис на семестар,
- електронска заверка на семестар,
- електронско пријавување на испити и проектни задачи,
- електронско плаќање,
- електронски резултати,
- електронска огласна табла,
- перманентна електронска комуникација,
- електронски консултации со наставничкиот и соработничкиот кадар,
- електронско учење,
- и многу други активности и функционалност, кои ги нуди овој систем.

Бројот на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Филолошки факултет е 1554 и е прикажан во прилог 6.2.Г по учебни години.
**Е-библиотеката** започнувајќи од 2012 година во континуитет се збогатува со содржини од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература) за студентите на сите единици на Универзитетот.
Досега, во е-библиотеката од сите единици на УГД депонирани се вкупно 1 083 наслови на учебници и учебни помагала, се најавиле и се регистрирале 444 260 корисници, а од регистрираните корисници направени се 551 016 преземања на насловите кои се наоѓаат во е-библиотеката (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php прочитано на 21.11.2024 година).
Вкупниот број објавени учебници и учебни помагала во е-библиотеката, дадено по години 2021-2024 од Филолошки факултет прикажан е во прилогот 6.2.Д.
Линкот за преземање на содржините од е-библиотеката на факултетот е:
https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija=9&ugd=4d858a81ff42ab22dd92d1030521c8b6
**Со студентска е-пошта** се здобива секој студент со самото добивање на број на индекс, по што по автоматизам се добива и студентска е-пошта и насоки како студентот да ја отвори и да ја користи. Во Прилогот 6.2.Ѓ е прикажан бројот на издадени студентски е-пошти за студенти на прв, втор и трет циклус студии за Филолошкиот факултет.
**Е-распоред** овозможува подобра информираност на студентите и вработените за предавањата, вежбите и практичната настава. Предноста на е-распоредот е избегнување на преклопувања и конфликти во предавањата помеѓу професорите, студентите и зафатеноста на предавалните. Исто така, со помош на е-распоредот се има увид во зафатеноста и слободните термини во сите предавални и амфитеатри на УГД. Во периодот на пандемијата со Ковид-19 распоредот за онлајн настава исто така беше објавуван и достапен за студентите и за наставниците, и покрај тоа што студентите беа редовно известувани преку платформата на Microsoft Teams за секој предмет поединечно. Е-распоредот наменет за студентите е објавен на официјалната веб-страница и е транспарентен за

секого, а студентите од различни групи и различни студиски програми на кои припаѓаат можат да го видат распоредот (во која предавална ќе имаат часови, за кој предмет, кои предметни наставници и асистенти реализираат настава, во случај кога наставата се организира со физичко присуство). Е-распоредот е достапен на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/
ff-raspored-neparen-sem-2024-25.pdf

**Е-репозиториум** ја изразува севкупната активност во научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 12 факултети и 3 академии на УГД. На тој начин таа е транспарентна и објавена во е-репозиториумот, во кој имаат пристап студентите, целокупната истражувачка и стручна фела, како и јавноста. Ваквиот отворен пристап на сите научни, стручни, наставни и уметнички содржини му овозможи на УГД транспарентност во крајни граници за сите свои активности, но со тоа и неограничена достапност на студентите од сите циклуси на образование до научно-истражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката содржина депонирана во е-репозиториумот. Тоа покажува дека она што се работи на Универзитетот е отворено, освен за студентите и наставниот кадар на УГД, е достапно и прегледувано во целиот свет.

Во е-репозиториумот, во моментот на евалуацијата (прочитано на ден 21.11.2024 година), има депонирано вкупно 23 062 содржини, достапни на линкот:
http://eprints.ugd.edu.mk/

Од претходниот период на самоевалуацијата, кога имало депонирано 18 379 содржини во е-репозиториум, нивниот број се зголемил за 4683 наслови, со што може да се констатира дека е-репозиториум на годишно ниво се збогатува со над 1000 нови наслови.

Филолошки факултет има депонирано 2 011 наслови во е-репозиториумот и тие се достапни на линкот:
http://eprints.ugd.edu.mk/view/divisions/FP/

**Е-учење или moodle** е платформа во која се наоѓаат курсеви што се однесуваат на предмети од првиот циклус, предмети за постдипломски и за докторски студии. Платформата на е-учење е погодна за:

- Постојана употреба на ИКТ во наставата;
- Креирање на курсеви;
- Додавање на активности и ресурси во курсеви (видео, текст, аудио, линк, итн.);
- Спроведување на електронски колоквиум и испит;
- Автоматско оценување;
- Правење анкета, работилница;
- Календар на активности;
- Преземање, преглед и оценување на семинарски задачи;
- Следење на активностите на студентот и предавачот, односно е-учењето;
- Менаџирање на виртуелни училници за менторски предавања;
- Снимање на видеопредавања за студенти на дисперзирани студии;
- Ефективна комуникација со студентите (соопштенија, резултати, форуми, пораки);
- Онлајн пристап во секое време за студентите и предавачите до соодветните курсеви.

Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Филолошки факултет за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење е прикажано во Прилог 6.2.Е.

Пристапот кон платформата на е-учење е во заштитениот дел на веб-страницата на УГД, на интранет на УГД, за што е потребна најава од студентска е-пошта ime.brojnaindeks@student.ugd.edu.mk или од е-поштата на наставниот кадар ime.prezime@ugd.edu.mk при УГД на следниот линк Sign In (ugd.edu.mk)

**Е-календар** е прозорче (дел) од веб-страницата на УГД, каде што со еден приспособен приказ се прикажани сите термини за една академска година за следните активности:

- Прв академски час;
- Уписи на парен/непарен семестар;
- Заверка на парен/непарен семестар;
- Сесии, регуларни и дополнителни сесии;
- Пријавување на испити за сите сесии;
- Полагање на испити за сите сесии.

Е-календар е јавно достапен за сите студенти и наставници на УГД на линкот:
https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf

**Настава поддржана со Microsoft Teams**. Пандемијата на Ковид-19 се одрази врз сите сфери на нормалното работење и живеење на глобално ниво, а во тој поглед не беше заобиколена ни наставата на нашиот Универзитет. При крајот на пандемијата Универзитетот продолжи со хибридна настава, а по целосното завршување на пандемијата продолжија да се креираат тимови на платформата на Microsoft Teams, како поддршка на наставата и ресурс за учење на далечина. Во периодот на самоевалуација активно е користен и овој ресурс за учење на далечина. Во Прилог 6.2.Ж дадени се креираните тимови во Microsoft Teams на Филолошки Факултет.

*Ресурси достапни на лицата со посебни потреби*

Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма, а студентите и наставниот кадар, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби, имаат пристап до сите ресурси. Сите одделенија и служби во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација, како на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. За лицата со посебни потреби не е обезбеден непречен пристап до објектите. Не се обезбедени посебни места во предавалните за лица со посебни потреби. Условите кои Факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби се дадени во Прилог 6.2.3.

*Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата*

Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг од соодветните одделенија и сектори на Универзитетот (Прилог 1. Органограм на УГД). Како поддршка и дополнување на работата на факултетите и академиите, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ успешно функционираат и центри со различен фокус. Центрите се формирани заради поттикнување и имплементирање на наставата и научно-истражувачката дејност, спроведување и употреба современи методи на работа во образовниот процес, како и изведување на информатички и електронско-административни активности.

**Секторот за е-индекс** функционира со самото етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010, платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставниот кадар, и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти од прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите од втор циклус и трет циклус е започнато од академската 2020/2021. Сите административни услуги на студентите при УГД им се достапни онлајн во секое време преку сервисот Е-индекс. Регистрација и заверка на семестар, пријавување испити и проектни задачи, електронско плаќање, електронски резултати, електронска огласна табла, како и електронска комуникација и консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар – сето тоа се дел од можностите што им се нудат на студентите преку овој електронски сервис.

**Сектор за ИКТ**, Секторот за информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот е опремен со најсовремена информатичка, телекомуникациска и телефонска опрема, која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирањето и имплементирањето на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување, т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИКТ-УГД дава огромна поддршка во наставата, која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиумска компјутерска опрема. Благодарение на овој сектор, Универзитетот „Гоце Делчев“ располага со екстензивна информатичка мрежа и голем број е-сервиси, кои им се достапни на студентите и вработените 24 часа 7 дена во неделата. За сите тие да функционираат постојано и без никакви ограничувања и проблеми, се грижи Секторот за ИКТ при УГД, кој го одржува информатичкиот систем и компјутерската мрежа, и овозможува корисничка поддршка за дигиталните сервиси.

**Одделението за е-учење** ја менаџира и ја сервисира платформата Е-учење. Основната цел на нејзиното функционирање е на студентите и научно-наставниот кадар да им се стави на располагање технологијата, во насока на подобрување на едукацијата и поттикнување на самостојното учење. Ова е постигнато преку овозможено користење на разни современи онлајн алатки и голем број корисни и едукативни содржини, до кои студентите можат да пристапат онлајн и со што имаат можност да учат во секое време и од секое место. Тука се вклучени онлајн курсеви, електронски материјали за учење, виртуелни училници и интерактивни средства за учење.

**Microsoft платформата** се користи за предавање и учење на далечина, а почна да се применува на Универзитетот „Гоце Делчев“ во декември 2019 година. Заклучно со март 2020 година, повеќе од 4 400 студенти и 360 предавачи веќе секојдневно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини, а голем дел од факултетите и денес успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams. На овој начин УГД стана првиот универзитет во РС Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии што се користат активно во наставата и образовниот процес и пример за успешна соработка со Microsoft во оваа област. Овозможени се и бесплатни курсеви за сите студенти и вработени.

**Центарот за кариера и алумни клуб** им укажува поддршка на студентите и во кариерното насочување и барање на вработување. Центарот работи директно со студентите и им помага максимално да го искористат својот потенцијал и интереси во соодветна професионална кариера, во која можат најмногу да придонесат и да се развијат како професионалци. Центарот тесно соработува и со бизнис заедницата и претставува мост што ги спојува идните вработени и работодавачите.

Во мониторингот на техничките ресурси во установата вклучени се и :

Одделение за системска и мрежна администрација;

Одделение за средства и техничка поддршка;

Одделение за проектирање и одржување;

Центар за трансфер на технологии.

Сите одделенија, сектори и центри се функционално поврзани како што е прикажано на органограмот во Прилог 1.

**Прилози**
Прилог 6.2.А. Список на простории (со површина) со кои располага Факултетот;
Прилог 6.2.Б. Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност;
Прилог 6.2.В. Список на информатичко-технички ресурси (по вид, број и намена) за вршење на дејноста, што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност;
Прилог 6.2.Г. Број на корисници во е-индекс за периодот на самоевалуација за Филолошки факултет;
Прилог 6.2.Д. Вкупен број на објавени учебници, учебни помагала и други изданија во е-библиотека 2021-2024;
Прилог 6.2.Ѓ. Број на издадени студентски кориснички сметки на Филолошки факултет;
Прилог 6.2.Е. Достапни курсеви за сите студиски програми со задолжителни и изборни предмети на Филолошки факултет за прв, втор и трет циклус студии на платформата за е-учење;
Прилог 6.2.Ж. Креирани тимови во Microsoft Teams на Филолошки факултет;
Прилог 6.2.З. Услови кои Факултетот ги обезбедува за студентите со посебни потреби.

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите три години (со наведен период). |

Универзитетот, а исто така и Филолошкиот факултет како негов составен дел, е посветен на обезбедување еднакви можности за сите студенти и промовирање на инклузивноста и пристапноста во сите аспекти на академскиот живот. Универзитетот постојано ги надградува новите информатички и комуникациски технологии, како и новите научни техники на истражување, кои им го олеснуваат студирањето на оние категории за кои физичкото присуство во кампусот е отежнато: студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби. Дигитализацијата е еден од начините да се премостат тие бариери. Универзитетот и факултетот се препознатливи по својот модерен пристап кон високото образование преку развивање платформи за е-индекс, е-учење, е-репозиториум, е-библиотека, е-дневници, е-календар, е-распоред, интранет и во периодот на пандемијата за реализација онлајн наставата ја вклучи платформата Мајкрософт Тимс. На Факултетот се организираат онлајн консултации и предавања преку платформата Тимс за вонредни студенти, студенти кои живеат во странство или студенти со посебни потреби.
На студентите им е олеснет и пристапот до потребната литература преку е-библиотека, што ги скратува времето и средствата за набавка на наставни материјали.
Преку Центарот за доживотно учење и Центарот за кариера сите студенти на Филолошки факултет добиваат информации за отворени огласи за вработување и за специјализирани обуки, кои би го олесниле нивното вклучување на пазарот на трудот.
Уписите во учебните 2020/2021 и 2021/2022 година се реализираа и преку електронско пријавување и упис, а преку системот е-индекс се реализира и електронско плаќање - опција која им е достапна на студентите веќе неколку години. Со ваквата техничка поддршка се олеснија процесите на работа, наставно-научниот процес и комуникацијата меѓу вработените и студентите.
Според член 385 од Статутот на УГД, студентите од сите три циклуси на студии, и тоа: без родители, лица со оштетен вид или слух, инвалиди од прв и втор степен, мајки со деца до шестгодишна возраст, како и оние кои се хоспитализирани, имаат право да полагаат во дополнителни испитни рокови.
Исто така, објектот на Филолошкиот факултет на Универзитетот е посветен на обезбедување пристапност за лицата со посебни потреби на приземјето на зградата.
Како дел од својата заложба за поддршка на студентите од ранливите категории и оние со само еден родител кој го остварува родителското право, Универзитетот, а исто така и Филолошкиот факултет, презеде акција за помош. Објавен е интерен оглас со кој на квалификуваните студенти им се нуди можност да платат само половина од партиципацијата за прв циклус на студии во учебната 2022/2023 година.
Универзитетот има за цел да го направи високото образование подостапно за студентите од ранливите категории, а оваа можност беше само еден од начините на кои тие сакаат да ја постигнат таа цел. Огласот беше доказ за посветеноста на Универзитетот и Факултетот во обезбедувањето еднакви можности за сите студенти, без оглед на нивното социјално-економско потекло или семејна ситуација.
Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. На Филолошки факултет во редовен работен однос од помошните и административните кадри вработени се вкупно 5 лица, од кои 4 лица

извршуваат административни работи, а 1 лице ги извршува помошно-техничките работи. 3 лица од помошно-техничкиот кадар на Факултетот се ангажирани преку Агенцијата.

Филолошки факултет во периодот на самоевалуација 2021-2024 година има ангажирано 4 лица за извршување на административните работи, од кои 2 се магистри, 2 се со висока стручна спрема (Прилог 6.3.А.). Исто така, има ангажирано и 4 лица за извршување на помошно-техничките работи, од кои 4 се со средна стручна спрема (прилог 6.3.А.). Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите и одделенијата (42), во Ректоратот (26), а само 4 се распоредени на Факултетот.

Листата на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции е дадена во прилозите, во Прилог 6.3.Б.

**Прилози**

Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби за периодот 2021-2024;

Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции.

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите три години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите од сите циклуси на студии не се вклучени во научноистражувачки проекти, домашни, од фондот за наука на УГД и други домашни апликативни проекти, како и во билатерални и меѓународни проекти, со исклучок на студенти од Катедрата за германски јазик и книжевност, кои се вклучени во проекти од домашен фонд за наука на УГД. Листата на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во периодот на евалуација е прикажана во Прилог 6.4.А.

Процентот на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии е прикажан во Прилог 6.4.Б.

Исто така, наставниот кадар на Катедрата по германски јазик и книжевност со студентите од 2 циклус бележи нивно вклучување во изработка, презентирање и објавување на трудови во Годишни зборници и списание Палимпсест при ФФ (Прилог 6.4.В.).

**Прилози**

Прилог 6.4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект од сите циклуси на студии;

Прилог 6.4.Б. Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии;

Прилог 6.4.В. Листа на објавени заеднички трудови (наставници и студенти од 2 циклус).

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка, вклучувајќи: советник за академски развој, кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните три години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните три години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните три години. |

Студентите на Филолошки факултет не користат специфични форми на поддршка во установата: советник за академски развој, психолошка поддршка, менторски сесии и други академски предизвици.

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб, кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање ефективно партнерство со работодавачите преку помош во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места. Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската пракса преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава. Центарот за кариера транспарентно го прикажува целокупното свое работење преку својата веб локација:

https://ckr.ugd.edu.mk/

Администрацијата на практичната настава е сосема олеснета со достапните линкови:

- договор за реализација на практична настава

https://ckr.ugd.edu.mk/documents/Dogovor_za_realiziranje_na_prakticna_nastava_studenti.pdf

- упатство за реализација на студентска пракса:

https://www.ugd.edu.mk/images/e_index/dokumenti/upatstvo_za_izdavanje_upatnici.pdf

- огласи за вработување и за пракса:
https://ckr.ugd.edu.mk/oglasi.html
Услуги на Одделот за кариера при УГД:
- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Потврдување на интересите во реална работна ситуација, Релевантно работно искуство од полето на интерес,
- Искуство од учење коешто ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите;
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот;
- Учење нови вештини и здобивање со практично искуство, кое го бараат работодавците;
- Компетитивност на пазарот на трудот;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV. Практикантската работа дава можност за можно вработување во компанијата каде што студентот бил на пракса по дипломирањето;
- Вмрежување и создавање на професионални контакти;
- Засилување на личниот растеж;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

Во учебната 2023-2024 студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност беа вклучени како наставници за изучување на македонски јазик на учениците Роми во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, како дел од проект на ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, добиен од МОН за унапредување на основното образование.

Бројот на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевалуацијата е даден во Прилогот 6.5.А, каде што не е даден вкупниот број на студенти кои користеле поддршка. За каков вид на поддршка станува збор (обука или друг вид) нема информација.

**Прилози**

Прилог 6.5.А. Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во периодот на самоевалуација.

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со алумни заедницата во последните три години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни клубот при УГД располага со база на податоци со сите завршени студенти од прв циклус. Објавени се повеќе од десетина билтени на Алумни клубот, каде што се објавуваат прилози и интервјуа, огласи за стипендии за студии, практична работа и вработување за Универзитетот. Сите објавени билтени се достапни на веб локацијата на Алумни клубот
https://ckr.ugd.edu.mk/alumni.html

Алумни клубот при УГД подготвува и ажурира база – АЛУМНИ. Беше ажурирана база на контакти – алумни со околу 17 000 дипломирани студенти од прв, втор и трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот. Во базата се опфатени податоци за: име и презиме на дипломираниот студент, факултет на кој има дипломирано, приватна е-адреса за комуникација, преку која ќе се споделуваат содржините за активностите на Центарот за кариера и развој, или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти.

Членовите на Алумни клубот кои студираат на втор или на трет циклус на студии, преку мрежата на Алумни клубот ќе можат да стапат во контакт со други алумни, кои може да им помогнат во нивните истражувања или да им овозможат поддршка и можност за посетување практична работа во нивните компании или институции. И обратно, членовите на Алумни клубот кои имаат стручно знаење од одредена област, може да им ги понудат своите услуги на другите членови на Клубот.

Активности на Алумни клубот:
- Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип преку Центарот за кариера и развој ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на пракса, наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Беа организирани предавање и работилница на тема „Симулација на интервју за работа“ на 19 мај 2023 година, во Тренинг центарот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студенти на Економски факултет, Правен факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика – Штип, УГД. Цел на настанот беше преку предавање за посочување на клучните поенти при целокупниот процес на потрага по работа, особено со акцент на комплетно изготвување на професионално CV и комуникација при спроведување на интервју за работа.

Алумни клубот при УГД има **LinkedIn** и **Facebook** мрежи.

Прилози

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител, односно негов заменик. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; |

<table>
<tr><td>Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка, како и годишен буџет.</td><td>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител, односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните три години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Статутот на УГД е акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето во глава XVI Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето (Член 416-420)<br>Статутот на УГД е достапен на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf<br>ННС на Филолошки факултет нема донесено одлука за учеството на студентите во органите на високообразовната установа.<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание е дадена во прилог 6.7.А, а извештај од последните спроведени избори во прилог 6.7.Б.<br>Одлуката за избор на студентски правобранител, односно негов заменик, е прикажана во прилог 6.7.В.<br>Универзитетот ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.<br>Универзитетски културен и спортски центар е активен дел од Универзитетот. Тој е одговорен за организација и поддршка на спортски и културни активности за студентите и вработените. За извештајниот период се спроведени активностите кои се дадени во Прилог 6.7.Г.<br>Поддршка за настани и студенти<br>- Поддршка на спортисти студенти преку стипендии;<br>- Поддршка на студенти бруцоши преку наградни ваучери;<br>- Учество на Европско универзитетско првенство за боречки спортови (карате). Под организација на EUSA и FISU, УГД учествуваше на Европско универзитетско првенство за боречки спортови, во спорт карате, дисциплина борби.<br>Факултетот исто така одделува посебно место за поддршка на општествени, културни и спортски активности на студенти, кои се наведени во Прилог 6.7.Г.а</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 6.7.А. Одлука за избор на членови на Студентско собрание;<br>Прилог 6.7.Б. Извештај од последните спроведени избори на членови на Студентско собрание;<br>Прилог 6.7.В. Одлука за избор на студентски правобранител, односно негов заменик;<br>Прилог 6.7.Г. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на Универзитетот;<br>Прилог 6.7.Г.а Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на ФФ.</td></tr>
<tr><td>6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.</td><td>Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страница.</td></tr>
<tr><td colspan="2">УГД транспарентно ги запознава студентите со услугите и можностите што им се на располагање. Еден од транспарентите начини на информирање е функционирањето на Одделението за радио, ТВ и веб, а сите негови активности може да се проследат на веб-локацијата:<br>https://coj.ugd.edu.mk/index.html<br>Сите важни информации при упис на прв циклус се достапни на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/<br>Сите важни информации за запишаните студенти на УГД се достапни на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/studiranje/prv-ciklus-studii-vodic/<br>Во делот за Конкурси од почетната веб-страница на УГД достапни се сите конкурси и соопштенија од Универзитетот од МОН и други релевантни соопштенија и конкурси важни за студентите, достапни на:<br>https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/konkursi/<br>Соопштенијата за докторските студии на УГД се достапни на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/c/soopstenija/doktorski/<br>Информациите кои се однесуваат на странските студенти се достапни на линкот:<br>https://www.ugd.edu.mk/en-admissions/<br>За секоја академска година достапен е академски календар со распоред за сите активности во тековната академска година, и е транспарентно објавен на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2023/11/kalendar-na-aktivnosti-2023-24.pdf<br>Распоредот за предавања и вежби на сите факултети за тековниот семестар е даден на веб-локацијата:<br>https://www.ugd.edu.mk/e-raspored/<br>Преку електронските сервиси на Универзитетот, како што се:</td></tr>
</table>

| |
|---|
| - Е-индекс https://students.ugd.edu.mk/<br>- Е-учење Sign In (ugd.edu.mk)<br>- Е-пошта, студентска Sign In (ugd.edu.mk)<br>студентите секојдневно добиваат информации за реализацијата на наставата.<br>**Факултетот** транспарентно ги запознава студентите со сите настани кои секојдневно се одвиваат на единицата преку својата веб-страница, каде што во делот за вести се споделуваат секојдневните настани:<br>https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti<br>и во делот за соопштенија достапни на веб-локацијата:<br>https://ff.ugd.edu.mk/ndex.php/mk/soopshtenija<br>Студиските програми од сите циклуси се објавени на веб-страницата на Факултетот:<br>https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi<br>Сите промотивни материјали, публикации и објави транспарентно се достапни:<br>Информатори за студирање за секоја академска година<br>https://ff.ugd.edu.mk/documents/informatori/2023-2024-2.pdf<br>Публикации од учебници и учебни помагала достапни на Е-библиотека УГД (1 046 наслови):<br>https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php<br>Е-репозиториум на УГД содржи над 22 320 содржини публикувани трудови, книги, монографии, извештаи од проекти и други содржини од вработените при УГД:<br>http://eprints.ugd.edu.mk/ |
| **Прилози:**<br>Прилог 6.8.А SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 6. |

## Стандард 7- Управување со информации

| **СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 7.1 Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведувањето на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален |
| Универзитетот, почнувајќи од 2007 година, постојано прави самоевалуација на својата работа на секои три години и соодветно генерира јавно достапни Извештаи за самоевалуација. Дополнително, досега двапати имаше и надворешна евалуација на Универзитетот, во 2014 и 2017 година. Сите досегашни извештаи за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот се достапни на линкот: **https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/**, во Листа на информации од јавен карактер.<br>Во рамките на секоја самоевалуација се собираат и се анализираат и податоци за студиските програми на секоја единица посебно, како и други активности. Еден од начините на собирање податоци за студиските програми е и анкетата на студентите, која се прави за секоја самоевалуација, а која вклучува и повеќе прашања за оценување на студиската програма.<br>Електронскиот индекс на Универзитетот, како информационен систем наменет примарно за целосна електронска администрација на студентите од сите три циклуси на студии, се користи и за генерирање различни извештаи потребни за самоевалуацијата, надворешната евалуација, или за потребите на стратешкиот менаџмент на Универзитетот или раководството на единицата. За таа цел се грижи Секторот за е-индекс, во чија надлежност е функционирањето на платформата.<br>Податоците од Електронскиот индекс се користат во изработката на Годишниот извештај за работата на деканот, при акредитрација на нови и реакредитација на стари студиски програми и сл. | |
| **Прилози:** | |
| 7.2 Информациите што се прибираат се релевантни за профилот на установата, односно за студиските програми, и ги вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степенот на исполнетост | Приказ на податоци кои се прибираат и начин на анализа на прибраните податоци<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот<br>Конкретни примери на ползување на информациите добиени во процесот |

| | |
|---|---|
| на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката, кои се достапни за студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците, како и во планирањето на активностите што произлегуваат од нив. | |

Информациите што се прибираат во рамките на процесот на самоевалуација вклучуваат меѓу другото и: анализа на ресурсите за учење и поддршка, достапни на студентите; профил на студентската популација по кампуси, факултети, години на студирање, пол, начин на студирање и сл.; стапката на испишување на студентите, заедно со структурата на испишани студенти по учебни години и по година на испишување; структура и моментен статус на привремено неактивни студенти по учебни години; број на дипломирани, магистрирани/специјализирани и докторирани студенти по единици; видови студентски активности по единици; степенот на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите, добиен од студентските анкети; предлог мерки за подобрување од анкетираните студенти и вработени; и сл. За секој дел од самоевалуацијата се прави СВОТ анализа и се предлагаат конкретни мерки за подобрување, кои понатаму се разгледуваат од менаџментот на Универзитетот и раководството на единицата.

Во процесот на самоевалуација досега за секоја единица на Универзитетот се назначуваше најпрво Комисија за самоевалуација со тројца професори и двајца студенти, како и централна комисија за самоевалуација со шест професори и тројца студенти (Прилог 7.2.А). На овој начин беа вклучени и вработени и студенти во процесот на обезбедување и анализа на податоците.

Според новиот правилник (Прилог 1.2.А), членовите на комисијата за самоевалуација на единицата се избираат со тајно гласање на ННС на единицата од редот на наставниците со мандат од 4 години и од редот на студентите со мандат 1 година.

Дополнително ННС на единицата, покрај вработените наставници и претставници на соработничкиот кадар, има двајца членови од редот на студентите избрани од Факултетското студентско собрание (Прилог 7.2.Б), а и Универзитетскиот Сенат има студенти членови (Прилог 2.4.Г). На овој начин, студентите и вработените се вклучени и во планирањето на активностите што произлегуваат од направените анализи на различни информации.

Структурата на студентите за учебната 2021-2024 е прикажана во Прилог 7.2.В.

**Прилози:**
Прилог 7.2.А Одлука за избор на комисија за самоевалуација на единицата
Прилог 7.2.Б Одлука за избор на студенти членови на ННС (за 2022 и 2024 година)
Прилог 7.2.В Извештај за структурата на студентите за учебната 2021-2024

| | |
|---|---|
| 7.3 Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

На универзитетската веб-страница и на факултетската веб-страница постојано се прикажуваат информации за значајни настани и активности (како прв академски час, доделување на дипломи, патронат, и сл.), а на нив може и да се најде и архива на претходни настани, активности и процеси.

Во рамките на Универзитетот функционира и Одделението за ТВ, радио и веб, кое ги покрива сите настани и активности на вработените и студентите. Истата улога ја имаат и веб-порталите UGD Life (https://life.ugd.edu.mk) и Гоце.мк (https://goce.mk).

Во последните три години на Филолошкиот факултет се одржаа доста значајни настани во форма на предавања, промоции, конференции, работилници, од кои ќе бидат издвоени позначајните во Прилог 7.3.А.

**Прилози:**
Прилог 7.3.А. Листа на позначајни настани и активности на Филолошки факултет

| | |
|---|---|
| 7.4 Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата<br>Опис на практика за заштита на личните податоци<br>Други релевантни документи или политики на установата |

Заштитата и безбедноста на информациите е во надлежност на Секторот за ИКТ при Универзитетот и за таа цел постои посебна процедура (Прилог 7.4.А).

Сите документи од работењето на УГД во електронски облик се безбедни од уништување, губење или менување. Се обезбедуваат со складирање и управување во системот за менаџмент со документи Xerox Docushare. Безбедноста од уништување е реализирана преку автоматизирано архивирање (backup) на документите на уреди за запишување и чување на податоци, како и копирање на уред, кој се претставува како магнетна лента. Целиот

систем за складирање на податоци има редундантност. Притоа, backup се прави секој работен ден. Се користат дискови од уред дедициран за заштита на податоци, сместен на друга оддалечена локација (Кампус 2). Задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација е одговорен за складирање и одржување на Virtual Tape library, кој е овозможен од уредот за заштита на податоци. Враќањето на податоците се врши преку софтвер кој е инсталиран на посебен сервер. Покрај складирањето и одржувањето на Virtual Tape library, безбедноста на хардверско ниво е обезбедена со користење на уред за централно складирање на податоци (data storage) со редундантни контролери и прикачени дискови конфигурирани за работа во RAID1, RAID5, RAID6, RAID10. Во случај некој од дисковите да откаже, системот ќе испрати порака дека некој хард-диск е оштетен, неговата работа ја презема диск кој е дефиниран како слободен (spare), а тоа значи дека е обезбедено да нема застој во работата и сите податоци ќе бидат безбедни. Овој начин на поврзување нуди високо ниво на безбедност и независно функционирање на системот.

Секој од ормарите со системска опрема (сервери, уреди за складирање и слично) содржи уред за непрекинато напојување со електрична енергија што овозможува целосна функционалност на системот дури и по прекинување на доводот на електрична енергија. Дополнителен систем за обезбедување на електрична енергија е агрегатската станица монтирана во близина на систем-салата и врши нејзино опслужување.

Со цел за заштита од најразлични вируси на серверите, инсталирана е антивирусна заштита, која автоматски се надградува кога има достапни надградби.

За SQL и MySQL базите на податоци раководителот и помошник раководителот на СИКТ дефинираат на кои корисници е потребно да им се доделат привилегии во базата. Во согласност со тоа, задолжениот од Одделението за системска и мрежна администрација ги додава или ги брише корисниците и им доделува или им одзема привилегии за пристап. Можно е корисниците да се групираат во групи, да се составуваат групи од групи и сл. Може да се додаваат различни нивоа на привилегии и улоги на групите и на секој корисник поединечно. За секој документ или папка на документи може да се дефинира листа за пристап на корисници.

Личните податоци и документи на вработените се безбедни од неовластен пристап или менување. Ова се остварува со користење на корисничко име и сложена лозинка, најмалку 8 знаци долга, која се менува на 90 дена при најава на системот. Корисниците не можат да користат ниедна од претходните 10 последни лозинки како нова лозинка. Доколку 3 пати се погреши лозинката при најавување, корисничката сметка ќе биде привремено оневозможена. Вработените и студентите можат да ја ресетираат заборавената лозинка преку https://passwordreset.ugd.edu.mk. Безбедноста на лозинките во ИТ системот на Универзитетот е гарантирана од страна на Microsoft Active Directory LDAP. Лозинките во овој систем се чуваат хеширани и не постои начин да се пробијат, освен со пробување или напад со груба сила, кој бара многу време.

Сите вработени како корисници на универзитетскиот ИТ систем имаат пристап до сандачиња за електронска пошта, кои се хостираат на Мајкрософт менаџирани сервери за таа намена. УГД го избра бесплатниот Office 365 хостинг план на електронските сандачиња на своите вработени и студенти. Сите пораки кои поминуваат преку системот за електронски пораки се проверуваат за злонамерен софтвер, а инсталирана е и ефикасна антиспам заштита. Воведена е и двофакторска автентикација на вработените.

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки, класифицирани на основно ниво (Прилог 7.4.Б). За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки, кои се класифицираат на основно и средно ниво. За документите кои се пренесуваат преку електронска комуникациска мрежа, а содржат посебни категории лични податоци и/или матичен број на граѓанинот, задолжително се применуваат технички и организациски мерки, кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво. Универзитетот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до документите и информатичкиот систем и има воспоставено постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Оваа евиденција се чува најмалку 5 (пет) години. Серверите кои содржат лични податоци физички се лоцирани и хостирани во Универзитетот во посебна просторија, до која пристап имаат само вработените лица кои се задолжени за одржување на информатичкиот систем. Лицата кои се вработуваат или се ангажираат на Универзитетот, пред нивното започнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Сите вработени имаат легитимација на вработен (паметна картичка) со дефиниран ПИН, која служи и како медиум за носење електронски сертификат издаден од Универзитетот. Притоа, постои автоматизирано блокирање на паметната картичка по пет неуспешни обиди (внесување погрешен ПИН) и автоматизирано известување на корисникот.

Поставена е хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера („firewall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната мрежа кон надворешната мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.

Дополнително, Лабораторијата за компјутерска безбедност и дигитална форензика прави повремени скенирања на мрежата и веб-сервисите на Универзитетот, и постојано се прават обиди за контрола на откриените ранливости.

Прилог 7.4.В. ја дава SWOT анализата за исполнетоста на Стандард 7.

**Прилози:**

Прилог 7.4.А. Процедура за чување и заштита на податоци

| |
|---|
| Прилог 7.4.Б. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип<br>Прилог 7.4.В. SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 7 |

## Стандард 8 – Информирање на јавноста

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести:<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/vesti/<br>Главните настани кои се збиднуваат секојдневно на Универзитетот се достапни на локацијата за настани на почетната веб-страница на УГД на локацијата за вести:<br>https://www.ugd.edu.mk/c/blog/nastani/<br>УГД редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Покрај објавите на веб-страницата, информациите се споделуваат ажурирани точно, јасно, прецизно, објективно, и се лесно достапни и на следните социјалните мрежи:<br>https://www.facebook.com/ugdstip<br>https://www.instagram.com/ugdstip/<br>https://www.youtube.com/user/UGDSTIP<br>https://www.facebook.com/search/top?q=%D0%B3%D0%BE%D1%86%D0%B5.%D0%BC%D0%BA<br>Студентскиот печатен весник „Студентско ехо“ е проект на студентите по новинарство и односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“, а со поддршка на Центарот за односи со јавноста и Студентскиот парламент при УГД. Весникот има за цел да им понуди пракса во печатен медиум на студентите по новинарство, а воедно да ги информира сите студенти и млади луѓе за актуелните настани што се случуваат во градот и државата. Весникот содржи текстови на студенти по новинарство, но и на студенти од други факултети кои волонтираат во редакцијата на „Студентско ехо“. Весникот излегува четири пати во текот на една студиска година и се дистрибуира во наставните центри на Универзитетот, но изданијата на весник „Студентско ехо“ се публикуваат и онлајн, на следната веб-локација:<br>https://coj.ugd.edu.mk/eho.html<br><br>Главните настани кои се збиднуваат на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се достапни на веб-страницата на Филолошки факултет во рамките на УГД на локација вести:<br>https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti<br>Филолошки факултет објавува податоци за своите активности и настани и на социјалните мрежи:<br>https://www.facebook.com/profile.php?id=100039889496651<br>https://www.instagram.com/ff_ugd_?igsh=ZGswMzlzMzI0dndu<br><br>Филолошки факултет втора година по ред посетува Меѓународен саем на книгата. Во 2023 г. го посети 66-тиот Меѓународен саем на книгата – Белград 2023 г., а оваа година го посети Меѓународниот саем на книгата во Загреб „Интерлибер“. Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип има организирано повеќе настани што се покриени со медиумите на УГД, како и локални медиуми во Штип и Струмица. Некои од настаните се „Предавање за користење на е-твининг програма во образованието“, „Говорот и музиката во македонската чалгија – дел од македонскиот идентитет“, „Фолклорот – наша идентитетска приказна“, „5-мај – ден на македонскиот јазик“, предавања на разни гости професори итн. | |

| **Прилози:** | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти, како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа:
https://ff.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija-ff-1.pdf - на ФФ за I циклус
https://ff.ugd.edu.mk/documents/resenia-za-akreditacija-ff-2.pdf - на ФФ за II циклус

3. Актот за систематизација;
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 118
Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 36, страна 430
Универзитетски гласник број 36, страна 433
Универзитетски гласник број 37, страна 42
Универзитетски гласник број 38, страна 8
Универзитетски гласник број 38, страна 68
Универзитетски гласник број 39, страна 10
Универзитетски гласник број 39, страна 13
Универзитетски гласник број 39, страна 22
Универзитетски гласник број 39, страна 25
Универзитетски гласник број 39, страна 79
Универзитетски гласник број 43, страна 80
Универзитетски гласник број 49, страна 13
Универзитетски гласник број 49, страна 17
Home - УГД Интранет (sharepoint.com)

4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;
https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statuti-fakulteti.pdf

5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 42, стр. 516-528
Универзитетски гласник број 43, стр. 15-25
Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Универзитетски гласник број 47, стр. 20-34
Универзитетски гласник број 48, стр. 23-31
Универзитетски гласник број 49, стр. 40-42
Универзитетски гласник број 51, стр. 9-24
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за усогласување со законот за изменување и дополнување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија
Универзитетски гласник број 53, стр. 71-80

| |
|---|
| Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на колективниот договор за високото образование<br>Универзитетски гласник број 54, стр. 25-35<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип<br>Универзитетски гласник број 55, стр. 10-11<br>Универзитетски гласник број 58, стр. 14-15<br>Универзитетски гласник број 59, стр. 82-84<br>Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование<br>Универзитетски гласник број 60, стр. 87-98<br>Home - УГД Интранет (sharepoint.com)<br><br>6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,<br>https://ff.ugd.edu.mk/documents/odluki/izvestaj-i-odluka-od-bilten.pdf<br><br>7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,<br>https://ff.ugd.edu.mk/images/2024/ff-raspored-neparen-sem-2024-25.pdf<br><br>8. Завршна сметка,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/03/godisna-smetka-2023.pdf<br><br>9. Годишен извештај,<br>https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2024/04/rektor-izvestaj-2023.pdf<br><br>10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2024/<br><br>12. Акти кои ги носи единицата согласно со други закони и<br>https://www.ugd.edu.mk/za-ugd/informacii-javen-karakter/<br><br>13. Етичкиот кодекс.<br>https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/eticki_kodeks.pdf<br><br>Прилог 8.2.А преставува SWOT анализа за исполнетоста на стандард 8. |
| **Прилози:**<br>Прилог 8.2.А -SWOT анализа за исполнетоста на стандард 8. |

### Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1 Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните три академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Од страна на Универзитетот, студентите редовно се информирани за можностите за учество на Еразмус+ програмата за размена, како и за други иницијативи. Од декември 2024 година, УГД стана дел од Алијансата на универзитети ACE2-EU, каде што од оваа година ќе има поголеми можности за мобилност на студентите. На веб-страницата на Одделението за меѓународна соработка при УГД (https://cmus.ugd.edu.mk/index.html) студентите имаат можност да ги најдат сите потребни информации.
Практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите е регулирана со посебен Правилник (Прилог 9.1.А).
На Филолошки факултет од вкупно запишани 250 студенти (во последните три учебни години), само 4 студенти (или 1,6%) ги користеле можностите за мобилност или Еразмус+ програмите. (Прилог 9.1.Б)

**Прилози:**
Прилог 9.1.А Правилник за условите, постапките и критериумите за учество и користење на мобилности од Еразмус+ програми за студенти, наставен и административен кадар на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип
Прилог 9.1.Б. Број и листа на студенти (без име и презиме, со број на индекс) кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми во последните три години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+
Прилог 9.1.В Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити – ECTS

| | |
|---|---|
| 9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработкаи интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн.) |

Во Стратегијата за работа на „Универзитетот Гоце Делчев“ – Штип (2022-2025) https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/strategija-za-rabota-2022-2025.pdf, меѓу другото во стратешките цели е планирана интернационализација на првиот, вториот и третиот циклус на студирање, како и развивање на меѓународна научна соработка. На 27.09.2023 година Универзитетскиот сенат на својата 215. Седница донесе Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2023-2025 година (Прилог 9.2.А), која вклучува и развивање на студиски програми на англиски јазик.
Во рамките на УГД со Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Прилог 9.2.Б) се дефинира формирање на Одделение за меѓународна соработка, кое меѓу другото е задолжено за: организирање и реализирање на високостручна соработка со универзитети од земјата и од странство, евиденција на студенти и вработени вклучени во системот за размена на студенти и вработени со високообразовни установи од странство, организирање и реализирање на соработка, научни собири, Еразмус+ мобилности на студенти и вработени, организирање на презентации за програми за стипендии, известување за тековни конкурси за стипендии, други работи за потребите на секторот и одделението. Универзитетот има и Проректор за меѓународна соработка. Прилог 9.2.В е пример на Записник од одржан состанок на Комисијата за разгледување на апликации за Еразмус+ програмата на УГД, која е во рамките на Одделението за меѓународна соработка.
На Универзитетот нема дефинирано индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација, како и соодветен извештај од следењето на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.

**Прилози:**
Прилог 9.2.А – Одлука за усвојување на Стратегија за интернационализација на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2023-2025 година
Прилог 9.2.Б. – Правилник за внатрешна организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
Прилог 9.2.В - Записник и мислење од Комисија за Еразмус+

| | |
|---|---|
| 9.3 Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата издвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните три години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Наставниот кадар на ФФ малку ги користи можностите за мобилност и вмрежување преку програмите COST Асоцијацијата, CEEPUS мрежата за мобилност, Еразмус+ мобилност. Од 2023/2024 година, Универзитетот ги поддржува сите свои вработени со покривање на трошоци за конференции и котизации за трудови во списанија со суми од 500 до 800 евра годишно, во денарска противвредност. Од ФФ, за учебната 2023 година, 7 наставници и соработници имаат користено од овие средства, а за 2024 година 10 наставници и соработници.

| | |
|---|---|
| Филолошки факултет е вклучен во следниве CEEPUS мрежи:<br>- CEEPUS network: BG-1801-02-2526 "Western Balkans on Crossroads of United Europe"<br>- CEEPUS network: Универзитет во Грац (Австрија) и Универзитет во Жешув (Полска)<br>- CEEPUS network,Универзитет во Сегед (Унгарија)<br>Наставниот кадар на ФФ е вклучен во една COST акција:<br>- CA23137 - Print Culture and Public Spheres in Central Europe 1500–1800 (PCPSce). | |
| **Прилози:** | |
| 9.4 Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка, вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Филолошки факултет во последните три учебни години има организирано Меѓународна научна конференција „100 години од раѓањето на Ацо Шопов“, со Меѓународен научен одбор со професори од: Faculty of Philology UGD Štip, Institute for Macedonian literature “Krste Misirkov“, UKIM, Skopje, Faculty of Philology “Blaže Koneski“, UKIM, Skopje, Russian Center UKIM, Stanford University, USA, University of Osijek, Croatia, University of Zagreb, Croatia, Sofia University, Bulgaria, University of Montenegro, University of Ljubljana, Slovenia, University of Novi Sad, Serbia. Конференцијата се одржа во периодот од 25 до 26 март 2023 година, Прилог 9.4.Б, како и линкот каде што е објавен настанот:<br>Филолошки факултет на УГД одбележува 100 години од раѓањето на Ацо Шопов<br>ФФ има склучено договори за меѓународна соработка со повеќе универзитети од странство, а листата на овие соработки е дадена во Прилог 9.4.А.<br>Во Прилог 9.4.В е дадена листа на професори од ФФ кои учествувале во некоја форма на меѓународна соработка.<br>На Универзитетот има дефинирано Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми од страна на наставниот и административниот кадар (Прилог 9.4.Г).<br>Заеднички програми со странски универзитети тековно не постојат. | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.4.А. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+<br>Прилог 9.4.Б.Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните три години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми)<br>Прилог 9.4.В. Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните три години)<br>Прилог 9.4.Г Правилник за условите, постапките и критериумите за користење на Еразмус+ програми | |
| 9.5 Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програми за сите циклуси на студии во изминатите три години. |
| На Филолошки факултет нема наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата. Исто така, нема наставници од странство кои се вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски трудови.<br>Број на запишани странски студенти по студиски програми за прв циклус на студии во изминатите три години:<br>- во учебната 2021/2022 - запишани 3 студенти<br>- во учебната 2022/2023 - запишани 2 студенти<br>- во учебната 2023/2024 - запишани 2 студенти.<br>Број на запишани странски студенти по студиски програми за втор циклус на студии во изминатите три години:<br>- во учебната 2021/2022 - запишани 1 студент<br>- во учебната 2022/2023 - запишани 1 студент<br>- во учебната 2023/2024 - нема запишано странски студенти (Прилог 9.5.А) | |
| **Прилози:**<br>Прилог 9.5.А. Број на запишани странски студенти по студиски програми за сите циклуси на студии во изминатите три години.<br>Прилог 9.5.Б SWOT анализа за исполнетоста на Стандард 9 | |

Комисија за самоевалуација на Филолошки факултет

проф. д-р Лидија Камчева-Панова – претседател

проф. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска - член

доц. д-р Адријана Хаџи-Николова - член

студент Марија Бигорска

студент Сања Петковска